# МАТИЈА ВЛАСТАР *СИНТАГМА*

## АЗБУЧЕН ЗБОРНИК НА ВИЗАНТИСКИ ЦРКОВНИ И ДРЖАВНИ ЗАКОНИ И ПРАВИЛА

**Издавач**
ТРИМАКС - Скопје

**Главен уредник**
Анита Милевска

**Рецензенти**
Проф. Д-р Јован Белчовски
Проф. Д-р Снежана Филипова

**Редактор**
проф. д-р Александар Атанасовски

**Преведувач**
проф. д-р Александар Атанасовски

**Лектор**
Виолета Н. Јовановска

**Печати**
Веб Принт, Скопје

**Тираж**
500

Оваа книга е подржана и финансирана од министерство за култура како проект за 2016 година

Скопје, 2016

# МАТИЈА ВЛАСТАР *СИНТАГМА*

## АЗБУЧЕН ЗБОРНИК НА ВИЗАНТИСКИ ЦРКОВНИ И ДРЖАВНИ ЗАКОНИ И ПРАВИЛА

/Словенски превод од времето на Душан/

Издао:
Ст. Новаковиќ, Београд 1907.

Превод од старословенски јазик, анализа и коментар: Проф. Д-р Александар Атанасовски

*/Собрани по алфавитен ред сите предмети што се содржат во светите и божествени канони, составени и обработени од покорниот јеромонах Матиј/*

# ВОВЕД

Појавата и добриот прием на Синтагмата на Матија Властар во византискиот свет паѓа токму тогаш кога Стефан Душан како крал водел војни по Македонија. Среќата на тоа војување го извела Душан на Егејското море, го вовела со Јован Кантакузин во граѓанската војна во Византија и предизвикала, по заземањето на Сер - прогласување на српското царство (1345/46 г.).Мислата дека српското племе може да застане на местото на грчкото во водењето на византиското царство, го овладеало Душан. Извршувајќи после таа мисла прогласување на царството, цар Душан отворил голема активност чија главна цел било од Србија, со уредувањето и културата да направи земја каква што била Византија. Други угледи во тогашниот православен свет немало. Србија и дотогаш го имала преведено Номоканонот. Преводот на Синтагмата на Матија Властар не носел кој знае што ново. Но, тоа било нова обработка на стариот и во Србија веќе познат материјал во нова форма. Славата на Синтагмата како најнов и најзгоден зборник во византискиот свет, била причина тоа дело за Душановите земји да се преведе и на словенски јазик. Сето друго што во Србија уште вредело како закон, по старите наредби или обичаи, или што требало да нареди да се изврши царската волја која била насочена во сѐ да ја изедначи Србија со Византиското царство, нашло место во посебен српски законик со името на Стефан Душан.

Познато е дека повеќе списи како посебни од IX век наваму византиските световни и црковни правници се обидувале да состават зборници или прирачни книги за византиско-римското право.Бидејќи уште при примањето на христијанството се утврдило во православните земји мислењето дека византиските правни зборници, посебно црковните, се составен дел на верските црковни книги, затоа надвор од границите на Царството, во православните земји интересирањето за црковно-правните зборници било многу поголемо отколку за чисто правните дела.

XIV век, којшто на Балканскиот полуостров се одбележува со брзиот развој на српската држава, одбележен е во византиската правна книжевност со двајца правни колектори (собирачи), монахот Матија Властар и судијата Константин Арменопул, и двајцата Солунчани.

Монахот Матија Властар изработил зборник од црковни и граѓански закони во регистарска или речничка форма, а судијата Константин Арменопул правен извод од византиските закони во шест книги. Црковните и државните законски наредби се собрани кај Арменопул и распоредени, а понекаде и објаснети во шест книги или оддели: за епископите; за презвитерите, ѓаконите и потѓаконите; за клириците (поповите); за монасите; за световнаците и за жените. Двете дела стекнале голема популарност во доцновизантискиот свет. За Синтагмата на Матија Властар може да се рече дека во својот состав внел многу повеќе граѓански закони, отколку што тоа го правеле другите составувачи на номоканони. Можеби тоа е една од причините за големото распространување на Синтагмата и кај

Византијците и кај православните Словени. Според Крумбахер веќе во 1490 година и Арменопул и Властар биле преведени на народен грчки јазик.

Меѓутоа, за самиот Матија Властар едвај се знае нешто. Во српските преписи на целиот текст на Синтагматот името на Властар се споменува просто, онака како во грчкиот оригинал: иже въ свештеноинокыхъ послѣдныи Мат́ ѳеи. Скратените преписи, секако подоцнежни (Призренски, Ходошк и др.) знаат од негде за Властар повеќе и го бележат Матѳеомь Солоуньскыимь. Истражувачите на грчките ракописи не знаат ништо за тоа. Според тоа би можело да излезе дека Матија Властар бил роден во Солун или неговата дејност се одвивала во тој град. Со сигурност се знае дека во 1355 година Матија Властар бил жив. Според Т. Флорински М. Властар е автор на: Преглед на службите на Великата Црква (т.с. Цариградската црква); Извод од номоканонот на Јован Постник; Одговори на Јован епископ на Китра, на прашањата на Кавасила[1], но најглавно од сите овие дела е Синтагмата на канони. Насловот на тоа дело во грчки оригинал гласи: Σὺνταγμα κατὰ στοιχεῖον τῶν ἐμπεριειλημμένων ἁπασῶν ὑποζέεσεων τοῖς ἱεροις καὶ θείονς κανόσι πονηθὲν καὶ συντεθὶν τῷ ἐν ἱερομονάχοις ἐλαχί στῳ Ματθαίῳ, што словенскиот преведувач го превел вака: Сѫчиненїе по съставѣхъ объетїихъ въсѣхъ винь свештениыхъ и божьстъвныихъ правиль, потрѹжденно же въкоупѣ и сложенно иже въ свештенноинокохъ послѣдныимь Матѳеомь. Од овој превод се гледа дека преведувачот грчкиот текст го превел слепо - збор по збор (т.с. буквално).

Како пак Матија Властар го изработувал својот Синтагмат, најдобро кажува тој самиот во предговорот на Синтагмата. „Ги собрав јас, вели М. Властар, на тоа место, поуките и боголепните правила наменети за утврдување на спасоносното предание, потребно на секој човек и на кратко го преработив нивниот текст, колку што можеше и го опфатив и она што е според богољубивата волја каде било објаснето, и се потрудив од нивното значење колку што се можеше ништо да не изостане, се погрижив уште без себичност да ги употребам и објаснувањата на толкувачите, ако нешто каде бил е сочувано, а мене ми дошло прирака и ми се чинело дека може да биде угодно за читање за богољубивите души, направив по своја можност, прирачен зборник (πρόχειρον σύνταγμα). Силата(Моќта) на сите овие собрани правила ги разделив на 24 отсека (гранки), според бројот на нашите (грчките, б.а.) стихии (состави) или букви, распоредувајќи ги според името на предметот и буквите со кои тие почнуваат, назначувајќи секаде од кого што е пронајдено. Главите на овие отсеци секаде ги обележивме со броеви, правејќи така да се трасира лесен пат за како што мислиме и угоден за секој кој сака да ги запознае, одземајќи им го на таков начин изговорот на оние кои се стегаат да го прочитаат, наведувајќ и дека во составот има многу зборови, дека во нив разбирањето се дави

1 Т. Флоринскога, Памятники законодательной дѣятельности Душана. Кїевъ 1888, 293.

и дека на едно место не се наоѓаат сите правила за еден и ист предмет. Смислив уште дека е потребно и градските (т.с. граѓанските-б.а.) закони скратено или збиени да ги издадам кон поедини глави на каноните кои се занимаваат со ист предмет, бидејќи со нив светите канони се поткрепуваат и објаснуваат и премногу се утврдува нивната веродостојност“.

Така зборува самиот писател за задачата и за составувањето на својот зборник. И за времето кога зборникот е публикуван има во истиот предговор несомнен запис. На крајот на претпоследниот оддел на истиот предговор од којшто е земен горенаведениот цитат се чита и записот: **Боуди же ниже прочитаюштїмь сьписанїе чесого потрѣбныихь, ни же оубо намь вьзмьздїе троудоу погрѣшити, ꙗко оубо да ни же лѣто невѣдомо боудеть почитаюштїмь ѥже подь лоучею сльнца сьчинѥнїе произнесе сїе, по шестосоугоубнѣи** (ἑξαπλῆν) **лѣть тисоуши и осмосоугоубнѣи пакы сьтници, четиридесетноѥ и третїе ноенїе ꙗвьстьвнѣ изьчиташе се врѣмена.** Излегува дека Синтагмата на Властар е публикувана во 6843 година од создавањето на светот (според византиското сметање на времето) или 1335 година според христијанската ера (нашата ера). Всушност тоа истото е кажано уште трипати во втората половина на книгата во примерите за пресметување на месечевите кругови. Така на стр. 436 од изданието на Ст. Новаковиќ има запис: **Да лежить же ѥже на нась шестотысоуштно осмо сьтно .м҃ г҃ . тие**, па потоа пак на страна 437: **нынꙗ шестотысоуштно**, итн.На таблицата по која треба да се пресметува како паѓа Велигден, на стр. 442 има запишано: **Матѳеи позна сїе сьставити**.

Од тие записи знаеме и кога е публикувана Властаровата Синтагма. Но, ниту од неа не знаеме, што за нас денес би било драгоцено, како таа публикација е направена и дали и какви формалности биле во врска со неа. Ако зборникот, ваков каков што е овој Властарев Синтагмат, составен според свое знаење и умеење, на приватно лице, и ако е од духовниот ред, прашањето би можело да се постави: дали таквиот труд некој го прегледал, по потреба го исправал и го одобрувал? Дали после тоа, и од кој престол е издаден некаков акт, во кој би се издало како некое цензурирано одобрување за неговата исправност.

Според уредбите и идеате на XIV век едвај може да се замисли издавање на зборник без таква постапка. Инаку како би можел да се употребува таков зборник како вистински законик и на црковните и на граѓанските и на изборните судови? Може ли да се замисли дека немало никакво внимание за исправноста на публикацијата, кога таков зборник е употребен како вистински законик не само во византиското царство, туку и во останатите православни земји на Истокот?

Синтагмата на Матија Властар е сочувана во две верзии, едната целосна, а другата скратена. Првиот текст го наоѓаме во ракописите секогаш сам, со истите додатоци кои се гледаат и кај грчките ракописи, кои на нашиот преведувач му служеле како оригинал. Скратената верзија не се наоѓа никаде во грчки оригинал. Според досегашните истражувања прво настанал целокупниот превод, а потоа тој текст бил скратен за секојдневните потреби.

Во самиот текст на целосната и на скратената рецензија на Синтагмата на Матија Властар се наоѓаат докази дека најнапред е преведен целосниот текст на Синтагмата, онаков каков што се наоѓа во грчките ракописи, па потоа од тој превод некој со изоставувања направил краток извод.

Се поставува прашањето кога во Србија е преведен целосниот текст на Синтагмата и кога е изработена скратената верзија?

Едно е сигурно, тоа е дека не можело да биде пред 1335 година кога делото е публикувано на грчки јазик. Но, кога после 1335 година е преведено, останува да се нагодува, иако некои податоци укажуваат на 1347-1348 година. Се претпоставува дека преводот на Синтагмата е направен заедно со изработката на самиот Душанов Законик. Според Ст. Новаковиќ на тоа укажува една наредба на царот Стефан  за законодавната работа, во која е назначено дека е издадена во почетокот на царувањето. Според тоа, заклучува Новаковиќ дека сите работи и преводот на Матија Властар и изработката на српскиот Законик се врзуваат за почетокот на Душановото царување. Во споменатата наредба Душан споменува како Бог го благословил и после 16 години кралување му ги дал земјите и градовите на Ромејското царство, па по своја милост на Велигден 1346 година го венчал на царство[2].

Цар Душан очигледно сакал да се угледа на многуте византиски цареви, кои се одликувале како законодавци. Додека цар Душан го опседнувал и освоил Сер, што му дало повод за прогласување на царството, долго време тој останал во тој предел на Македонија. Тоа била најубавата прилика да се запознае со животот во тие краеви и правните норми што биле во употреба. Така и самото дело на Матија Властар можело да му падне во раце. Можеби токму тоа дело, коешто тој наредил да се преведе ја разбудило мислата да изработи свој законик за општа употреба во царството коешто го подигал. Затоа, ако се вратиме на прашањето: кога е преведен Матија Властар на словенски јазик, со многу сигурност може да се забележи годината 1347 или 1348, како година во која е направен тој превод[3]. Индиректно тоа го потврдува самиот преведувач во делот каде што ги преведува таблиците за сончевите и месечевите кругови и за Пасхата. На едно место вели: да ја земеме сегашната (тековната) година 6856, што соодветствува на 1348 година.

Од целосниот текст на Синтагмата нема многу зачувани примероци. Карактеристично е дека најголем број се зачувал во Патријаршиската библиотека во Карловци и во фрушкогорските манастири. Шафарик, споменува во Патријаршиската библиотека пет (5) преписа на Синтагмата, од кои 3 (три) целосни и 2 скратени, потоа во Крушодол, Хопово, Бешеново, Беочин[4]. На истото место Шафарик споменува еден препис од

2 Новаковић Ст., Матија Властара Синтагмат. Београд 1907, XXXII.
3 Исто, XXXIII.
4 Shafarik P. J., Geschichte des Serb. Schriftthums, 216.

Синтагмата на Цетиње. Јеромонахот Сава Хиландарац, споменува еден во Хиландар. Во 1907 година постоел препис во Народната библиотека во Белград (№ 309) од Струга, т.н. Струшки ракопис, заедно со Душановиот Законик[5].

Најзначаен од сите ракописи е Стариот Карловачки ракопис кај П. Ј. Шафарик во споменатата книга наведен и накратко опишан под број 150. Ракописот е на хартија и Шафарик го датира во XIV век. Овој ракопис е обработен и издаден од Ст. Новаковиќ 1907 година во Белград. Според изданието на Новаковиќ е направен преводот што следува, а воедно е консултирано и руското издание: Властарь Матфей. Алфавитная синтагма Матфея Властаря. Москва, 1892. Пер. Н.Ильинского. Репринт (с перенабором): Москва, 1996. Перевод с греческого свящ. Николая Ильинского. Некои од буквите што служат за означување на главите од грчкото писмо што ги нема во нашата азбука се заменети со наши букви.

5 Новаковић Ст., Матија Властара Синтагмат, XLI.

**Съчиненїе по съставѣхъ объетїихъ въсѣхъ винь свештениыхъ и божьстьвныхъ правиль, потрүжденно же въкоупѣ и сложенно иже въ свештенноинокыхъ послѣднымь Матѳеомь**

СОБРАНИ ПО АЛФАВИТЕН РЕД СИТЕ ПРЕДМЕТИ ШТО СЕ СОДРЖАТ ВО СВЕТИТЕ И БОЖЕСТВЕНИ КАНОНИ, СОСТАВЕНИ И ОБРАБОТЕНИ ОД ПОКОРНИОТ ЈЕРОМОНАХ МАТИЈ

## АЗБУЧЕН ПОКАЗАЛЕЦ

За православната вера како основа (фундамент)

СО БОГА, Ова се начелата (одредбите) од А-состав

1. За тие што се одрекле од непорочната христијанска вера и како треба да се прифатат тие од нив што се покајале
2. За еретиците и како треба да се прифатат преобратените од ереста
3. Како треба да се уреди (направи) таканаречената вечер на љубовта или прослава
4. За купувањето и продажбата (Закон-Νόμος)
5. За тие што се смешале со безсловесните животни - да се разделат
6. За четците
7. За анатемата
8. За антеминстите
9. За отсутните епископи и клирици (свештеници)
10. За ослободувачките грамоти (писма)
11. За епископите кои присвојуваат цркви што не им припаѓаат
12. За тие кои разбојнички грабаат туѓо
13. За тие кои грабаат жена за брак
14. За хомосексуалците (мужеложство)
15. За началниците (управниците) и какви треба да бидат тие (Νόμοι)
16. За жените кои се наоѓаат во период на исчистување (40 дена после породување)
17. За малолетните
18. За одлачените (отфрлените) , (Νόμοι)

**НАЧЕЛА (Одредби) од -В- состав**

1. За светото крштевање
2. За сомнителните деца, дали да се крштеваат
3. За крштевање на агаренските деца
4. За крстените од Јудеите (Евреите)
5. За царевите (Νόμοι)- Закон

6. Кога царот влегува во светиот олтар
7. За тоа дека царот не треба да се лути (вознемирува)
8. За брачниот степен (Закон-Νόμοι)
9. За тие што се гнасат од законските бракови, виното, месото и слично
10. За потребата и силувањето (насилството) (Закон)
11. За Божествените книги, автентични и лажни
12. За насилно умрените или самоубијците
13. За високостот (престапната година)

**НАЧЕЛА ( Одредби) од -Г-состав**

1. За брачните степени (Νόμοι)- Закон
2. За дозволените и забранетите бракови (Νόμοι)
3. За оние што се гнасат од законските бракови
4. За двоженците, троженците и многуженците-мажи и жени
5. За жените кои сакаат да стапат во втор брак, кога мажот исчезнал без трага во некое патување или во војна
6. За тоа дека со двоженец не треба да јаде презвитерот што му го благословил бракот
7. За тоа што христијанин кој влегува во брак не треба да прави срамни забави
8. За девиците (девојките) кои без согласност на родителите стапуваат во брак
9. За незаконските бракови на роднини
10. За тие кои грабнуваат (крадат) жена за брак
11. За оние кои грабаат за брак богоугоднички (жени посветени на Бога)
12. Како не доликува да се склучува брак со еретик
13. По кои причини се раскинува брак (Закон-Νόμοι)
14. За жените ѓаконици и вдовици
15. За верените жени, тука и за веридбата
16. За оној што лицемерно ја избркал својата жена под изговор за благочестие или (измама)
17. Епископите треба да се разделат од своите жени
18. За тоа дека посветените треба да се воздржуваат од своите жени кога сакаат да свештенослужат (чиноначалствуваат)
19. За епископите и свештениците кои живеат со жени
20. За тие што се бањаат (мијат) заедно со жените во бања
21. Како жената на презвитерот (презвитерицата) не треба да биде презвитерка
22. За тоа дека жена не треба да влегува во олтарот
23. За тоа, како прилега жена во црква да молчи
24. За тоа како не прилега жена да се облекува во машка облека

25. За тоа како не треба родилка да ги спазува законските пости

26. За тие што имаат бесна жена (обземена од зли духови или умоболна?)

27. За жените што се наоѓаат во исчистување (месечен циклус)

28. За жените кои применуваат билки (магии) за абортирање=очистување

29. За жените кои се немарни за роденото или пометнуваат (спонтан абортус)

30. За оној што силува девица (девојка)

31. За магиите

**НАЧЕЛА (Одредби) од -Д- состав**

1. За бесните или тие што се преправаат дека се бесни ( може да се преведе и: За умоболните и тие што се преправаат за умоболни, или За обземените и тие што се преправаат за обземени)
2. За заемодавачите и земодолжниците и залогот (Закон - Nόμοι)
3. За разводот/распуст/, (Закон-Nόμοι)
4. За завештанието или речено-тестаментот (Закон-Nόμοι)
5. За ѓацоните
6. За двоженците (или за тие што стапуваат во втор брак)
7. Како треба епископите и презвитерите да го учат народот
8. За правдата, (Закон-Nόμοι)
9. За судниците и за свештениците и мирјаните=верниците
10. Како не треба двапати да се казнува за едно дело
11. За тие кои прогонуваат некого за благочестие
12. За ропското ослободување или наследување (Закон-Nόμοι)
13. За даровите (Закон-Nόμοι)

**НАЧЕЛА од -Е- состав**

1. За жирантот /гарантот/, (Закон-Nόμοι)
2. За непишаните црковни обичаи
3. За елинските[6] обичаи
4. За градските обичаи
5. За мировните грамоти[7]
6. За божествените икони
7. За палежите (Закон-Nόμοι)
8. За наследниците!? (арендата) (Закон-Nόμοι)
9. За облеката прикладна за свештениците

6 Терминот „елински“ може да значи грчки, или пагански

7 Може да се преведе и како: повелба, писмо, договор, наредба.

10. За залогот (Закон-Νόμοι)

11. За тие што имаат цркви и епископии во старешинство и старите обичаи[8]

12. За изградените и осветените цркви

13. За тие што прибегнуваат (се засолнуваат) во црквата (Закон-Νόμοι)

14. За тоа дека не треба во црквите на два града да биде еден свештеник

15. Како не доликува внатре во црквата да има љубовни средби или гоштевки[9] или во олтарот крчма да се прави[10] или било што на продажба да се нуди или животни да се воведуваат без потреба, или кој било со жена да легнува[11]

16. Како не треба црковните работи да се разнесуваат и како треба епископите со нив да управуваат[12]

17. За епископите

18. За тоа дека епископот треба да се раздели од својата жена

19. За епископите кои добиваат црква по ургенција на владетелот[13]

20. За ракоположените епископи кои не сакаат да отидат во назначената црква или отидат и не ги прифатат, или не можат да отидат затоа што црквата е заземена од еретици[14]

21. За епископите кои стануваат митрополити и за тоа дека во едно место не треба да има двајца митрополити

22. Како треба епископот да ги воздигнува епископијата и манастирите за да бидат заедничко живеалиште

23. За сопствениот имот на епископот и како треба да управува со црковниот имот

24. Како епископот и економот треба да се грижат за црковниот имот

25. Како епископот не треба да гради манастир на штета на црковниот имот

26. Како епископот треба да им дава на неимотните свештеници од црковните производи

27. Како по смртта на епископот не треба неговиот имот да се разграби од свештениците или митрополитот, туку да се сочува за

8 Може да се протолкува и како: За привилегиите и предимствата што ги имаат црквите и епископите, Сп. Алфавитная синтагма Матфея Властаря.

9 Станува збор за т.н „вечери на љубовта“

10 Да се служи алкохол, да се пијанчи.

11 Да општи со жена или да престојува со жена.

12 Или да ги распоредуваат.

13 Се мисли на управникот на областа, архонт, началник или едноставно само управник.

14 Буквално стои јазичници.

новоракоположениот[15] епископ

28. Како не треба епископ да преминува во презвитерски чин[16]
29. Како епископ потстрижан за монах се лишува од свештеничката должност
30. Како не треба да има епископ во село или во мал град
31. За селските епископи[17]
32. За прекршување на клетвата (Закон-Νόμοι)
33. За управителите и надгледувачите[18] (Закон-Νόμοι)
34. За скопците[19]
35. За побожните молитви
36. За наследниците[20]

**НАЧЕЛА ОД -З- состав**

1. За топлата вода што се става во Божествените тајни
2. За живописувањето на сластите[21] заради душевно повредување
3. За тие што водат животински[22] начин на живот, наречени скотоложници[23]

**НАЧЕЛА ОД -И- состав**

1. За игумените
2. За возраста за поставување на свештеници[24]
3. За должината на денот (Закон-Νόμοι)

**НАЧЕЛА ОД -Θ- (Љ) состав[25]**

1. За театарот и организирањето на различни театарски

15 Може да се преведе и како: новопоставениот или новохиротонисаниот, значењето не се менува

16 Да се деградира, да се симнува во пониско звање.

17 Може да се толкува и како обласни епископи или хорепископи.

18 Може да се толкува и како: За старателот (туторот) и за старателството (туторството)

19 Се мисли на евнусите

20 Може да значи и за надгледувачите; за чуварите, а во рускиот превод е преведено како: За бајачите (бајачките).

21 насладите

22 Лажен живот

23 Развратници или тие што имаат секс со животни

24 Може да се протолкува и како: На која возраст да се ракополагаат свештеници.

25 Бидејќи нема соодветна буква во нашата азбука за „ѳ“, во руското издание ова глава е означена со Q, а јас овде ја означувам условно со Љ.

игри[26]

2. За богословието и православната вера
3. За светото Богојавление
4. За свештениците кои поставуваат Олтар без волјата на своите епископи[27]
5. Како во светиот Олтар е дозволено да влегуваат само свештеници, царевите кога сакаат да оставаат дар на божествената трпеза; за мирјаните[28] и жените влезот е забранет

## НАЧЕЛА ОД -I-(иже)-J- состав[29]

1. За свештените садови и за светотатството[30]
2. Како не треба внатре во светата преграда (Олтарот) да има љубовни средби или крчма или што било на продажба да се нуди, или стока, освен за потреби да се воведува или кој било со жена да легнува[31]
3. За божественото свештенодејство[32]
4. За Јудеите и за тоа што со нив верниците не треба да општат

## НАЧЕЛА ОД -К- состав

1. За расчинетите епископи и свештеници и од колку епископи се расчинува
2. За обновените од Царот цркви или градови
3. За новите градби (Закон-Νόμοι)
4. За календите и за вражањето
5. За црковните правила и колку и кои правила треба да се почитуваат
6. За законот за даноци[33]
7. За тоа дека свештеник[34] не треба да влегува во крчма
8. За плодопринесувањето вобожествениот храм
9. За обвинување на епископ и свештеник и кој може да об-

26 Наместо игри може да се употреби и претстави.

27 Олтар или жртвеник; без волја или без согласност.

28 Мирјани-обични верници.

29 Во старословенскиот текст стои „I“ состав, овде условно главата ја означуваме со буквата Ј.

30 Крадење на свети садови, може да се користат и термините: богохулие и скверлнавење.

31 Истата одредба се наоѓа под бр. 15 од -Е- состав. Спореди и Еклогата, чл. 15.

32 Се мисли на богослужбата.

33 Може да се употреби и терминот: Закон за царина, или даночен закон.

34 Изразот клирик го преведуваме со свештеник, иако можеби би требало да се користи терминот поп.

вини, а кој не може да обвинува

10. За оглашените[35]

11. Кој треба да ја наследи сопственоста на епископот

12. За наследството и лишените од наследство синови или родители (Закон-Νόμοι)

13. За тоа дека свештеник може да биде и оној кој не потекнува од свештенички род, ако биде достоен

14. Како нетреба свештеник да се сменува

15. Како на неимотните свештеници треба да им се дава од црковните продукти

16. За тоа како не треба свештеник да го раипува[36] имотот на починат епископ

17. Како не треба еден свештеник да биде во два града или во еден град во две цркви да служи

18. Како не треба свештеник да прави што било против волјата на епископот[37]

19. Како разрешените свештеници се поставуваат[38]

20. Како свештениците од црквите и манастирите треба да бидат под власта на епископот[39]

21. Како свештеник кој попаднал во грев само се исфрла[40], а не се одлачува од црквата

22. Ако некој од свештениците не се покорува на некој што зазема повисок чин се лишува од тој чин што го поседува[41]

23. За татството[42]

24. Како не треба да се општи[43] со одлачениот[44]

25. За непричестувањето по завршување на светата литургија или причеста се одлага за три недели[45]

---

35 Оглашени или поучени, тоа се луѓе што се подучуваат во христијанската вера и после одредено време стануваат верници

36 Расфрла или троши.

37 Да дејствува против решението на епископот.

38 Двосмислен превод, во една варијанта стои: како не треба да се поставуваат во понизок ранг, а во другата - рускиот превод: Како свештеник не може да ракоположи одречен (оној што се одрекол од чинот).

39 Или потчинети на епископот.

40 Со значење: расчинување, да не биде повеќе свештеник.

41 Овој член може да се преведе и како: Ако некој свештеник се унапреди во повисок чин и не се покорува, се лишува од тој чин што го има.

42 Буквален превод: За кражбата

43 Во смисла да не се комуницира или контактира, а може да значи и да не се причестува.

44 Во смисла изопштен или лице на кое му е забранет пристапот во црква.

45 Во рускиот превод смислата на членот е нешто поинаква: За тие што не општат со верниците при завршувањето на светата литургија или го одлагаат општењето (причеста) за три недели.

26. За тоа да не се дава Причеста на мртви тела
27. Како тој што треба да се причести не треба да пристапува на својата жена
28. Кога се причествува оној што згрешил во сон
29. Како за божествената причест што не треба да се јаде
30. За тие што одбегнуваат да се причестат од оженет презвитер
31. За благочинството во причеста на презвитерот и мирјаните[46]
32. Како граѓанска должност или старателство не треба да прифаќаат ниту свештениците ниту монасите, освен по царска заповед[47]
33. За сиропиталиштата[48]
34. За судниците кај што треба да се судат свештениците и монасите и за изборот на судиите[49]
35. За тие што се оддаваат на игри и пијанство
36. Како во недела епископот треба да ги учи луѓето[50]
37. За кодиците наречени диатаксии[51](Закон-Νόμοι)

## НАЧЕЛА ОД -Л- состав

1. За оние од мирјаните што стануваат епископи[52]
2. За тие од мирјаните што стапуваат во чин епископ, свештеници или монаси
3. Како мирјаните не треба да учат во црква
4. За божествената литургија
5. За разбојниците кои се покајале
6. За тие што убиваат разбојници
7. За оние што разбојнички крадат туѓо
8. Како не треба да се бањаат заедно мажи и жени
9. За раѓањето на Пресвета Богородица[53]
10. За разделувањето на бракот[54](Закон-Νόμοι)

46 Овде мирјани може да се преведе и како верници или паство.

47 Граѓанска должност или цивилна служба: повеление, царска заповед или царска наредба.

48 Домови за малолетници, или установи за одгледување на сираци.

49 Избор на судиите или кој може да се земе за судија.

50 Најверојатно се однесува на верниците

51 Ова е слободен превод, последното може да значи и постапка или литургија.

52 Може да се преведе и: За епископите произлезени од мирјаните

53 Ако се преведува буквално би било немажена Богородица, што соодветствува на Пресвета Богородица.

54 Може да се преведе и како: За разводот.

**НАЧЕЛА ОД -М- состав**

1. За маѓепсниците, за тие што гатаат на бројки, за вражалците, уште за астролозите, бајачите, баењето, мешањето на отрови и амајлиите[55]
2. За малакијата[56](самозадоволувањето)
3. За оние што се опиваат
4. За промената[57] и преместувањето на епископите и свештениците
5. Тие што се покајале не треба да се отфрлаат
6. За местата за покајување
7. Како на покајниците прилега епископот да им ги скрати или продолжи годините на епитимија[58]
8. Како прилега тие што се наоѓаат во период на покајување, доколку смртно се разболат, можат да се причестат, а ако оздрават треба и понатаму да се воздржуваат од светата Причеста
9. Како тие што намислиле да се покајат и решат треба да го изнесат[59] прегрешението пред епископот или со негова дозвола пред презвитерот
10. За тие што јадат сквернавено[60]
11. За мимичарите и имитаторите
12. За наемот (Закон-Νόμοι)
13. За свршувањето[61]
14. За прељубата (Закон-Νόμοι)
15. За манастирите и монасите
16. За светото миро

**НАЧЕЛА ОД -Н- состав**

1. За изградбата и осветувањето на црква[62]
2. Како не доликува внатре во црковната преграда да се прават гозби[63]

55 Математичари е во значење на гледачи на бројки; ѕвездословци во значење на тие што гатаат на ѕвездите; чаровници во смисла на фармакои, односно тие што прават отрови за да наштетат некому или уште познати кај народот како трујачи.

56 Буквалното значење е за тие што се самозадоволуваат со рака или тие што мастурбираат.

57 Или преминувањето.

58 Епитимија значи црковна казна или забрана

59 Во смисла да се исповедаат.

60 Се мисли на нечисти животни, ѓубре или нечистотии.

61 Може да се толкува и како: За веридбата или заручувањето.

62 Или: За црковната зграда и нејзиното осветување.

63 Спореди чл. 11 од -Е- состав.

3. За напуштените деца или сомнителните дали се крстени
4. За постот
5. Во сабота и недела не треба да се пости
6. Тие што постат треба да се воздржуваат од нечиста храна[64]
7. За законите (Закон-Νόμοι)
8. За паството (Закон-Νόμοι)

**НАЧЕЛА ОД - ξ-S- состав[65]**

1. За отстранување на идолите[66]
2. Како прилега туѓите свештеници да се прифатат

**НАЧЕЛА ОД -О- состав**

1. Епископот и игуменот треба да имаат економ
2. За прорекувањето според птиците
3. За тие што во сон згрешиле[67]
4. За клетвите

**НАЧЕЛА ОД -П- состав**

1. За театарските игри[68]
2. За свештениците кои јадат во гостилници (крчми)
3. За епископите што го оставиле епископството (се одрекле)
4. За жените што се определиле за девство (избрале да живеат како девици)
5. За тие што постат во петок
6. За довереното; (за залогот)[69] (Закон-Νόμοι)
7. За светата Пасха
8. За патријархот
9. За егзархот
10. За православната вера
11. За лакомоста и грабежот (кражбата)
12. За тоа како треба духовниот отец да управува (раководи) со тие што се исповедуваат
13. Удавени (задавени) животни не треба да се јадат
14. За казните[70]

---

64 Да не јадат скверналена храна.

65 Во старословенскиот текст е употребена грчката буква ξ , во рускиот превод Х, овде условно ја заменуваме со нашата буква S.

66 Може да се преведе и како: истребување или рушење на идолите.

67 Соблазниле.

68 Може да се толкува и како: Организирање на игри или претстави.

69 Можен е и поинаков превод: за полномошникот; полномоштвото.

70 Има и друго значење: Помирувачка жртва или За измачувањето.

15. За блудот

16. За тие што посакале да направат блуд, но не го направиле

17. За тие што чуваат блудници[71]

18. За старешинството и старите обичаи што ги имаат архиереите и црквите и за нивните парохии

19. За правата што ги имаат презвитерите

20. За миразот (Закон-Νόμοι)

21. За предавниците

**НАЧЕЛА ОД -Р- состав**

1. За тие што по завршувањето на несвестицата стануваат маж и жена[72]

**НАЧЕЛА ОД -С- состав**

1. За тоа дека во сабота не треба да се пости
2. За имитаторите
3. Крст на подот нетреба да се црта, а нацртаниот треба да се избрише
4. За договорите и согласностите[73] (Закон- Νόμοι)
5. За пијанките[74]
6. За тие што се оддалечуваат од светите собори
7. За свештениците што имаат доведено жена
8. За свештеник кој наведува друг свештеник на грев и не го исповедува
9. За годишните собори[75]
10. За препорачувачките писма[76]
11. За тие што под заклетва се собираат за какво било дело или здружување или подготвуваат востание
12. За расколниците

**НАЧЕЛА ОД -Т- состав**

1. За чинот клирик (свештеник)
2. За погребувањето (Закон-Νόμοι)
3. Како умрените не треба да се крштеваат, ниту на нивните

71 Современ термин би бил: подводаџии или макроа.

72 Има и поинакво толкување: За маж и жена што се наоѓаат во бессознание.

73 Се толкува и како последици, услови.

74 Се подразбира гозби, прослави.

75 Се мисли на соборите што се одржуваат секоја година или еднаш годишно.

76 Нешто слично на денешните акредитивни писма; претставнички писма или репрезентативни грамоти.

тела да се дава причеста

4. За децата на свештениците
5. За Светата Четириесетница и за спазувањето на обичаите во неа[77]
6. За тие што постат во среда
7. За тоа дека земањето лихва е забрането за секој свештеник, и за лихвата (Закон-Nόμοι)
8. За Трисветата песна
9. За тоа дека косата на глава не треба да се украсува
10. За тие што раскопуваат гробови[78]
11. Да се тепа свештеник е забрането

## НАЧЕЛА ОД - У- состав

1. За навредата (хулата)
2. За хидропарастатите-еретици
3. За посвоените (посинети)
4. За служителите наречени подѓакони
5. За подметнувањето деца[79] (Закон-Nόμοι)

## НАЧЕЛА ОД -Ф- состав

1. За фалкидиите, или закон за наследниците и легаторите
2. За трујачите и маѓепсниците
3. За обесчестувањето на девици
4. За среброљубието
5. За убиствата-намерни и ненамерни
6. За самоубијците
7. За убиството во војна и за тие што убиваат разбојници
8. За жените што го убиваат плодот во утробата со напивки
9. За тоа дека не треба да се прават амајлии
10. За осудените на затвор (Закон-Nόμοι)

## НАЧЕЛА ОД -Х- состав[80]

1. Како се врши ракополагање (поставување) на избран епископ и за тие што противречат на тоа (се противат на изборот)
2. Како избраниот и ракоположениот, не треба да биде ниту

77 Или: почитување на нејзините обичаи

78 Може да се преведе и како гробари; тие што копаат гробови, но овде станува збор за луѓе што ги раскопуваат гробовите на мртвите и пљачкаат тоа што има во гробот.

79 Оштета; Во руското стои: За дарувањата во случај на брак

80 Во руското оваа глава е означена со буквата Ц

од владетелот ниту од народот

3. За годините (мандатот) за кој треба да се ракополага избраниот епископ

4. Каков треба да биде тој што се ракополага за епископ и што треба пред тоа (однапред) да се знае за него

5. Колу епископи го ракополагаат епископот и останатите свештеници

6. За тоа дека тој што се ракополага за епископ предтоа треба да се разведе (разлачи, раздели) од својата жена

7. За возраста на ракоположениот

8. За тоа дека епископот на умирање не треба да поставува друг на свое место

9. Дека не треба да се поставува за епископ или за презвитер или ѓакон оној кој предтоа не ги направи сите христијани во својот дом

10. Како не треба да се поставува за епископ обичен човек (мирјанин) ниту новопросветен (новопокрстен)

11. Кога се поставува евнух, т.н. скопец за епископ или свештеник или некој телесно повреден

12. За тоа дека не треба да се ракополага епископ во црква чиј што епископ е уште жив

13. За тоа да не се поставува (ракополага) епископ во мал град или село

14. За поставување на селски (хорепископи) епископи

15. За ракоположениот епископ кој не сака да отиде во определената за него црква

16. Како не треба епископот да хиротонисува во енорија која не му е потчинета

17. За тоа дека не треба епископ да поставува свештеник во туѓа енорија

18. На кој епископ му се дозволува да прима туѓ свештеник и да го хиротонисува во неговата потчинета црква

19. За тоа дека може да се постави за свештеник и оној кој не потекнува од свештеничко семејство

20. Кога се хиротонисуваат и робови (потчинети)

21. За поставување на четци

22. Дека не треба да се хиротонисуваат разрешени свештеници

23. Како се поставува и оној кој пред покрстувањето идоложртвувал

24. За тоа дека претпоставени не треба да има

25. За обвинетиот во грев и хиротонисан

26. Како не треба да се поставува оној што се просветлил (покрстил) со крштевање за време на болест

27. Хиротонија не примаат оние што даваат клетва (се закол-

нуваат)

28. За поставените за пари (со поткуп)
29. За жените вдовици
30. За тие што ги исмејуваат немоќните и телесно сакатите
31. За светото помазание и дека само тие од еретиците што пристапуваат на црквата се миросуваат
32. За христијанството
33. За селските епископи

**НАЧЕЛА ОД -Ψ -(Ч)- состав**[81]

1. Како треба да се пее и молитва да се прави (да се моли)
2. За певците и четците
3. За тоа дека кон лажноучителите еретички не треба да се оди
4. За тоа како се врши изборот на тие што имаат хиротонија

**НАЧЕЛА ОД -ω -Ш- состав**[82]

1. Кој треба да носи орар

81 Бидејќи буквата Ψ ја нема во нашата азбука условно ја заменуваме со Ч.
82 Бидејќи буквата ω ја нема во нашата азбука условно ја заменуваме со Ш.

# ЗА ПРАВОСЛАВНАТА ВЕРА

Наоѓајќи за потребно да ги собереме и распоредиме по азбучен ред предметите од светите канони, ние проценивме дека треба да ги скратиме, колку што е можно, за да можат тие што сакаат овде полесно да најдат извесни одредби, но поставувајќи си таква цел ние согледавме за неопходно на прво место да ги поставиме боговдахновените канони што ја утврдуваат православната вера, затоа што тие непоколебливо стојат на нејзината основа; за оние коишто цврсто стојат на овој темел не е бесполезно да ги претставиме и останатите правила. А каква порака ќе добијат тие што се отуѓиле од вистинската вера и се лишиле од тајните на вистинската догма? Затоа и правилата од првостепена важност нетреба да се ставаат по тие кои добиле предност според бројот и редот на буквата. Исто така природниот закон им дава на оние коишто живеат да земаат храна, иако ние знаеме и некои од божјите мажи кои долго време не ја примиле, а мислам дека храната е излишна и непотребна за оние кои што се лишени од животот, бидејќи силата на желбата и примањето исчезнала. Така некои, како што се раскажува и какошто учи историјата на настаните, се спасиле со верата, а од постапките кои што не ги поттикнала верата толку корист ќе добијат, колку и слеп од сончевата светлина.

*Првиот Собор*-слог: Верувам во единствениот Бог

Прво правило на Вториот Собор

Така првото правило на светиот и Вселенски Втор Собор определува да биде единствена и света вера таа вера која ја прогласија во Никеја 318 богоугодни отци, бидејќи е составена од здрави догми, а ерес е сé што мисли поинаку, оној што ја оставил вистинската вера, таа со презир го предава на анатема.

Петтото правило на истиот Собор ги фали и оние што се собрале во Сердика затоа што го утврдиле томосот (Синвол на верата) од Никејските отци.

*Собор Трети, правило 6 и 7*

Светиот и Вселенски Трети собор во шестото и седмото правило (вели): Тие кои доаѓаат до таква дрскост да составуваат друг Символ, покрај светиот Символ составен во Никеја и кон тоа ги допуштаат нечестивите мислења на Несторие и се обидуваат на таков начин да ги учат тие што пристапуваат кон Црквата, свештениците да се изгонат од клерот (свештенството), а мирјаните (верниците) да се предадат на анатема.

*Шести собор, правило 1-во*

Шестиот Свет и Вселенски Собор во првото правило заповеда да се чува неприкосновено новововедената и предадена на нас од светите Апостоли вера; кон тоа да не се престапува учењето утврдено на Првиот Собор, на кој отците го прогласиле единосуштието во трите Ипостаси на Богоначалната природа, а следбениците на богоомразениот Ариј не се согласиле со нивните мислења, совршено (целосно) ги изгонуваат од

црквата.

Наредува исто така дека било утврдено да се почитува и тоа што е определено на Вториот Собор, бидејќи тој Собор го изобличи духоборецот Македониј и ги осуди на анатема истомислениците со него кои проповедале дека Светиот Дух произлегува подеднакво и од Отецот и од Синот и како вистински Бог го прикажуваат.

Уште го осудија и безумниот Аполинариј, кој ја утврдил догмата дека Господ примал плот (тело), умно и одухотворено, исто така го утврди и тоа што го определил Третиот Собор - иако тој утврдил догма дека Христос, Син Божји, по овоплотувањето е еден и исповедал дека бессемено и натприродно го родила Него Приснодева-девојка, е вистинска и навистина е наречена Богородица, а безумниот Нестор, единствениот Христос го разделува на два сина, со неговото лажно учење се предава на вечна анатема. Ја утврдуваат светата догма и отците на Четвртиот Собор, кои ги истераа од црковниот праг обединетите Евтихиј и Диоскор, коишто го утврдиле учење за единствениот Христос, кој се состои од две природи кои и по соединувањето се забележуваат. Оние коишто држат до противканонското Несториево злочестие и што мислат дека великото таинство на икономија се случило привидно, Несторие за злочестното разделување, а Диоскор и Евтихиј за злочестното слевање (обединување), отците справедливо ги замразија, прогонувајќи ги далеку од Бога. Наредуваат исто така да се држи до догматското учење, изложено по вдахновение на божествениот Дух на Петтиот Собор и да се оддалечат осудените пред него, погубниот празнозборец Ориген и неговите привrзаници, исто така и овој Собор, запечатувајќи и утврдувајќи ги одредбите што биле на Соборите пред него, Шестиот собор, во веќе кажаното прво правило ја утврдил догмата за две волји и две природи што дејствуваат во еден Господ наш, ги прогласуваат за отфрлени од црквата соучениците Пир и Сергиј, безрасудно проповедајќи една волја во Господ, благочестиво утврдил дека верата на славните и благочестиви мажи била утврдена цврсто до крајот на векот и ги сметаат за достојни за анатема оние кои додаваат или исфрлаат што било во предадената на нас вистинска и здрава вера.

*Картагински Собор, правило 1 и 2*

Согласно со сето тоа и Картагинскиот Собор во првото и второто правило наредува, особено да се почитува догматското учење за единосушното поклонување и Светата Троица и за нашата вера во неа, утврдениот на Првиот Собор од божествените отци Символ на верата која буквално се изложува.

***Закони***

А граѓанските закони одредуваат буквално така: Христијанин е тој кој верува дека едно е Божество во еднаква власт на отец и Син и Светиот Дух, а кој мисли поинаку од канонот - е еретик.

## НАЧЕЛА (ОДРЕДБИ) ОД -А- СОСТАВ

**ГЛАВА 1**

***За тие што се одрекле од непорочната христијанска вера и како треба да се прифатат оние од нив што се покајале***

Благовременое сега после сé да кажеме како некој еднаш се просветлил, како што рекол великиот Павле, го вкусил дарот небески и се доближил до Светиот Дух и добро го вкусил Божјото Слово и силите на векот што доаѓа и се откажал (отпаднал), О штета! И се оттргнале од верата во Господа, божествените отци од утробата (од внатре) неизречено изобилие пак даваат, (Павле да ми го исполни тоа) додека не се вообличи Христос во нив, затоа што сега многу се покајале во лошата безрасудност, затоа што многу отци во нив виделе (согледале) голема разлика и затоа донесоа различни забрани за исцелување (излекување).

**Григориј Ниски, правило 1-во, за Троделната душа**

И така Великиот Григориј Ниски, знаменит по премудроста и духовното разбирање, го испитува потеклото на сите наши гревови (прегрешенија) веднаш во првото правило вели: Во душата наша се согледуваат три сили, Духовното (Разум, силата на умот), силата на лутината (Гневот) и силата на посакувањето (Страста). Ако ги почитуваме правиме подвизи, кои нé тераат на добродетелство, ако не правиме падови, кои нé тераат на зло.

**Духовното ( Разумноста)**

Доброто пројавување на силите на разумот се состои во благочестивото сфаќање за божественото, така да се каже за Бог и доброто и злото се расудувачка уметност, (во можноста) да се разликува доброто од злото и да се спознае тоа дека страсното посакување на предметите достојно се отфрла и се одвраќа (отклонува). Зло направено со силата на умот е спротивно за Бога-нечестие, впрочем ако некој се откаже од верата во Христа и се приклони кон Јудејство или идолопоклонство или манихејство или отиде (премине) кон маѓесниците и бајачите, бил уловен од нив (измамниците) и од тоа што го ветуваат дека преку демоните прават некакво очистување на дејствата и ги одвратуваат штетните и просто речено кој погрешил во расудувањето на делата (предметите) претварајќи ја светлината во темнината и темнината во светлината-според писанијата (Исаија, 5,20).

**Страста (Страстната желба)**

Доброто пројавување на силите на страстната желба, пак се состои во тоа што се стремат кон добродетелство (доброчинство), т.с. почитувачите (верниците) целата сила на љубовта и целосното расположение на душата да го насочат кон Бога и ништо да не претпочитуваат пред љубовта кон Него, од Него потекнува човековата добродетел и секој совршен дар, како што рекол божествениот Јаков. Воздржувањето од сето тоа, било сластољубие, среброљубие, попусто посакување на слава и осквернување на здрава телесна убавина, којашто ја обзема душата, се

завршува со блуд во срцето или прељуба. Од сите овие, злата намисла определува и навреда кон друг, а блудот единствена желба за искрено исполнување не го поткопува бракот (сопружништвото), како исполнување на една похота (желба). Кон бесмислениот блуд се однесува (се вбројува) и сексуалното општење на маж со маж (педерастија) и со животни (содомија), затоа што овие гревови светите отци ги сметаат како неприродна прељуба, како правење штета (навреда) на друг род и притоа против природно (неприроден блуд).

**Гневот (Силата на лутината)**

За пофалба е на крајот и сообразно со природното дејство на силата на раздразнување кај тие што се подвигнуваат за верата и добродетелството, да негодуваат на злото (се наоѓаат во состојба да го изразат злото), да се борат со страстите, да ја јакнат храброста, неплашејќи се од опасноста на смртта, смирено поднесување на жестоките измачувања и непоколебливост при разделбата од тоа што е пријатно или обично. Но, оддалечувањето и непостојаното насочување на тие сили - е завист, злопамтењето, љубоморни расправии, кавги коишто понекогаш завршуваат со пораз, а понекогаш и со убиства.

За две сили во душата - гневот, т.с. Страста и за гревовите што од нив произлегуваат ќе биде кажано на соодветно место, како што наложува редот на буквите; а гревот произлезен од спротивното движење на силите на умот ќе го разгледаме сега, бидејќи од отците тие се признати како најтешки и бараат поголемо и построго покајание и од нив посебно тие што се одрекле од вистинската вера, за што ние и започнавме да зборуваме.

**Знамение (Да се знае)**

И така за гревот на одречените од верата не се суди само по различните начини, кои го довеле до тоа грешникот, но и по различното време, бидејќи некои отпаднале од верата плашејќи се од една опасност, или биле фатени со ласкателство, или биле надитрени и неможејќи да ги поднесат жестокостите, покрај тоа, едни доброволно пристанале на злочестието плашејќи се дека ќе го изгубат богатството, а други по одрекувањето од верата станале прогонувачи на благочестивите и од нив пак едни ја замениле вистината за заблуда во тоа време кога благочестието било во зародиш и уште не било утврдено, а меѓу тие свирепствувало гонењето и мачителите ги подвргнувале (подложувале) на неподносливи мачења почитувачите на вистината; а други во тоа време кога благочестието се распространило по целата вселена и ги украсувало царевите не помалку отколку дијадемата што ја носеле.

**За свештениците што се одрекле поради страв**

*Апостолско, 62-ро*[83]

За свештениците што отпаднале од верата поради опасност од страв, 62-то правило на Светите Апостоли вели: „Ако некој од клирот поради

83 Апостолски правила се 85 на број.

страв од човек Јудеј, или Елин, или еретик се одрече од името Христово, да биде целосно (совршено) отстранет од црквата. Ако пак се одрече од службата во црквата, да биде исфрлен од клирот. Ако пак се покае - треба да го прими местото на мирјанин.

*Анкирско 1-во и 2-ро правило*

Првото и Второто правило на Анкирскиот собор, заповедаат: ако поради страв од мачење презвитер или ѓакон идоложртвувал, а потоа се вратил (ја возобновил) верата, велејќи дека се покајал и пред мачителот Христа се исповеда нека се крсти од чесната причесна и престол да има-заповеда, но не им се допушта да вршат свештенодејствие.

*Петрово, 10-то*

Свети Петар Александриски во десеттото правило вели: Тој што го оставил сопствениот клир и себе си се предава на опасност од желба за мachенички венец, но не можел да ги поднесе маките и идоложртвувал, треба повторно да пријде (пристапи) кон возобновување на подвигот и сбеси да се исповеда пред Мачителот, по справедливост да се удостои само со едно општење со обичните мирјани. И кон тие што постапуваат неразумно се вбројуваат и оние кои го присвоиле правото за свештенослужење од тие што доброволно испаднале, веќе еднаш одделени од својот клир и со исповедание пред Христа не може од причина на отпаѓање, повторно да го добијат него (свештенослужењето).

*Прв Собор, правило 10*

Правило 10 од Првиот собор вели: ако отпаднатите и одречените од верата бидат произведени (назначени) во клир по незнаење или со знаење на тој што ги назначил, таквите по дознавањето се расчинуваат не добивајќи никаква полза од ракополагањето.

**За мирјаните кои се одрекле од верата,** *Анкирско-6-то правило*

Верниците (мирјаните) кои заради страв од мачење или одземање на имотот или заточение, се оддале на нечестие, шестото правило на Анкирскиот собор ги одлачува од Светите Тајни на шест години.

*Петрово-3-то*

Не противречи на оваа наредба и третото правило на свештеномаченикот Петар Александриски.

1. Првото негово правило (заповеда), тие што идоложртвувале по претрпените жестоки мачења се осудуваат на три години
2. Второто негово правило е: Тие кои паднале по претрпената само затворска казна, се осудуваат на четири година.

*Анкира, 4-то правило*

Исто така на таквите се однесува и четвртото правило на Анкирскиот собор. Кон тоа е и петтото: а тие што и покрај тоа, после идоложртвувањето прославуваат во светла облека, се казнуваат построго, во однос на тие што вечерта на прославата биле во жаловита облека.

Слично така и осмото правило на истиот собор: Тие што двапати и трипати идоложртвувале потребно е седум (7) години да се одлачат од причеста.

*Григориј Ниски, Прво правило*

Великиот Григориј Ниски во првото правило вели: Принудените со жестоки маки што идоложртвувале, се подложуваат на епитимија на определено време-9 години.

*Анкирско 7-мо правило*

Седмото правило на Анкирскиот собор вели: Тие што во идолски храм (жртвеник) со јазичниците=паганите) јадат, макар тие да донеле сопствена храна, затоа што очигледно намислиле да празнуваат заедно со неверниците, може да бидат примени на причеста после две години.

*За пратениците и заробениците*

Оттука, велат некои, пратениците или поклисарите или заробениците, ако јаделе (прославувале) заедно со неверниците треба да се подложат на умерени епитимии, а тие што го прават тоа од небрежност и рамнодушност - по строги забрани.

*Василиј, 81-во*

Василиј Велики во 81-вото правило вели: Тие кои по претрпеното измачување не можеле да ги поднесат страдањата и вкусиле од идоложртвуваната храна и се заколнале со клетва на неверниците, по истекот на 6 години да им се дозволи да пристапат кон свештено општење; за тие што ја предале верата без голема потреба и се придружиле на бесовската (неверничката) трпеза, забраната трае 8 години.

*За тие што се одрекле доброволно. Прв собор, 11 и 12-то правило*

Првиот Вселенски Собор во 11-то и 12-то правило вели: Тие кои без каква било неопходност се одрекле од христијанството во време на прогоните на злочестивиот Лициниј и потоа покажале искрено покајување - им се забранува Причесната Тајна на 12 години. Иако таквите не заслужуваат никакво човекољубие, Отците така определиле сообразно, како што мислам со времето и состојбите, бидејќи тогаш беспоштедно жестоко се прогонувале христијаните.

*Василиј, 73-то правило*

Но така не суди Василиј Велики и согласно со него во мислењето неговиот брат Григориј Ниски. Во 73-то правило Св. Василиј Велики тие што се одрекле од Христа за цел живот ги лишува од светата Причеста, наредувајќи им секогаш со плачење да го исповедаат својот грев; а на крајот од животот им дозволува да ја примат Светата Тајна, надевајќи се и верувајќи во Божјото човекољубие.

*Ниски, Прво правило*

Великиот Григориј Ниски во првото правило вели: Тие што произволно се одрекле од верата во Господ наш Исус Христос и се присоединиле кон Јудејството, паганството или манихејството или кое било друго од многуте оние видови на безбожност, а потоа се покајале, должни се да држат покајание целиот свој живот и на таквите не им се дозволува никогаш во време на извршување на Тајните да се молат со верниците и да се поклонуваат на Бога, но тие се должни да се молат сами и да бидат совршено туѓи на Причесната Света Тајна и само при настапување на

смрт кај некој, должен е да се причести со Божествените Дарови, и ако после очекувањата се случи да оздрави , должен е повторно да се подвргне на тие забрани (епитимии) за целиот живот, без да се удостои со Светата Тајна до својот крај.

*За оние кои по одрекувањето од верата прогонувале други, Анкирски собор, правило 9*

Ако некој, вели деветто правило на Анкирскиот собор, толку се исплашил од тешките маки, што не само што се одрекол од верата, но се кренал против оние што се држеле до верата, принудувајќи ги да принесуваат жртви на идолите или непознати луѓе пријавувале дека се христијани, или ги извлекуваат на виделина тие што се кријат дека се христијани, на таквите во случај на нивно покајување, прошка треба да им биде дадена дури по истекот на десетгодишното каење. Но, тоа правило не се однесува за тие кои сосема отстапиле од верата и се присоединиле кон нечестието и јавно се покажале себе си како гонители на Црквата, тогаш таквите доколку и вистински се покајале, треба задолжително да се подложат, доколку е можно, на построги епитимии отколку што одредуваат претходните две правила. Сепак не сите, но тие православните кои што од страв од мачење се преправаат лицемерно дека сочувствуваат со нечестивите.

*Атанасиј*

Атанасиј Велики во посланието (писмото) до Руфијан свештеникот што се приопштил (што станал едномисленик) на Ариј рече: Кој кон него бил насилно привлечен - се исправа по правило, но од местото кое тој го добил според чинот не се разрешува, а посебно, ако оние кои утврдуваат немале согласност со него, (не се согласувале со неговото мислење), така што претставувајќи се себеси како нивни соученик „по добро набљудување“ (надгледување), од опасност дека по изгонувањето на нивно место со благочестието не би ја разориле црквата со поставување на нечестиви. А тие коишто толку не општеле со нив, но се покажале како заштитници и поборници на нечестието - во случај на покајување се подложуваат не на такви епитимии, туку по лишувањето од свештенството се поставуваат на местото на мирјаните. Обичните луѓе (Мирјаните) прелажени или ако претрпеле насилство им се дава опростување по претходно исправување по правилата-јавно да ги проколнат своите еретички мисли и да ветат дека ќе ја почитуваат Никејската вера. Не јас сам, вели св. Атанасие, но и собраните на помесните собори божествени отци ги направија (изготвија) овие одредби.

*За подучувачите што се одрекле од верата, Прв собор, 14-то правило*

Божествените отци не ги оставиле без казна и тие кои отпаднале јавно, 14-то правило на Првиот Собор заповеда: дека таквите три години да бидат во епитимија - само да слушаат, а потоа да се вратат во претходниот чин и да се молат заедно со тие што се подучуваат.

*Анкирски собор, правило 12*

Анкирскиот собор во правило 12-то, тие што идоложртвувале пред крштевањето (пред да се покрстат) им се дозволува после крштевањето, откако ќе ја измијат нечистотијата, да се назначат за свештеници.

*За тие што им било понудено да се одвратат и не се покориле. Анкирско 3-то правило*

Третото правило на Анкирскиот собор: тие кои биле прогонувани под изговор бегајте ве гонат по заповед, неможејќи да избегаат, биле фатени и насилно принудени или да земат темјан во рака или да вкусат нечиста жртва, но трпејќи не молчеле, но останале непоколебливи во убедувањето (во вистинитоста на христијанството), извикувале дека се христијани, таквите, бидејќи во ништо не згрешиле, да не се оддалечуваат од општењето, туку да им се дозволи без секакво сомневање да бидат назначени и во свештенство, бидејќи беспрекорен бил нивниот претходен живот и затоа што тие не погрешиле против маченичкиот венец.

*Петар, правило 14*

Истото тоа за таквите го предвидува и свештеномаченикот Петар во 14-то правило.

*Закон градски (граѓански)*

Удостоените со светото крштевање ако повторно се обратат во паганство (Елинство), подлежат на потешки казни.

Тие што отстапиле од православната вера и станале еретици или идоложртвувале или наговарале некого да идоложртвува, не можат ниту да завештаат (да остават тестамент), ниту да даруваат, ниту да добијат што било по завештание или без завештание.

## ГЛАВА 2

### ***За еретиците и како треба да се примаат преобратените од ереста***

*Василиј, Прво правило*

Но сега да видиме како божествените отци заповедаат да се примаат оние што се откажале од ереста и пристапиле на Соборната (Православната) црква; но претходно, како да ги разделиме (разликуваме) отстапените од вистинското мислење, треба да се каже за родовите именувања кои тие ги добиле според различните заблуди: бидејќи оние, вели во првото правило Василиј Велики, светите отци ги нарекле ереси, едни се расколници, други се незаконски собори. Еретици ги нарекуваат оние што сосема се отргнале и во самата вера се отуѓиле, како на пример манихеи, валентинијани, маркиони, пепузијани и слични на нив.

Расколниците се разликуваат во мислењата за некои црковни правила и по прашањата што допуштаат исцелување, и посебно се разликуваат од Православната црква во мислењето за начинот на покајување.

Неканонски (Незаконски) собори - сами прават собори, на пример ако некој од епископите или презвитерите бил изобличен во грев и одлачен од свештенослужењето, но (тој) несакајќи да се покори на правилата, сам одржал за себе собор и утврдил служба; со него отстапиле, оставај-

ќи ја Православната (Соборната) црква, некои од мирјаните, да не се накажуваат недолжните луѓе (мирјани). Затоа што, вели светиот Отец првобитно за отците би било угодно крштевањето на еретиците сосема да се отфрла, затоа што кај нив има разлика во самата вера во Бога; Крштевањето на расколниците, се прифаќа, а тие што прават сами собор и покажуваат обратување со прилично (долично) покајување, повторно се присоединуваат кон Црквата, секогаш се воведуваат во претходниот чин во којшто се наоѓале во црковната хиерархија, а отстапиле заедно со непокорните и потоа се покајале.

Чистите (Катарите) коишто се вбројуваат кон расколниците и умерените и хидропарастатите, вели св. Отец, угодно би било за отците што биле со Кипријан и нашиот Формилијан сите одново да се покрстат. Во Картагина, чијшто епископ бил великиот Кипријан, бил собран најстариот од сите собори на отците, на којшто било утврдено по општа определба да се крстат сите коишто се обратиле (што пришле) кон црквата, не само еретиците, но и расколниците, затоа што тие заклучиле дека расколниците и не погрешиле во однос на догмите, туку ја презеле главата на телото на Црковниот Христос. Според божествениот Апостол, Христос, Којшто живеел и од Кого примаат духовно унапредување сите членови, а оние што се оттргнале од телото на Црквата, веќе немаат во нив пребивалиште за благодетта на Светиот Дух, како можат да му го предаваат на друг тоа што самите не го имаат.

Но исто така, вели Овој велики Отец, доколку некои во Азија било угодно, заради надградување на многумина, да прифатат крштевање на Катарите, и тоа да биде прифатливо.

*Знамение за воздржаните*

Воздржаните крштевање да не примаат, бидејќи нивната ерес е очигледно израсната од маркионитите; затоа што согласно со нив и они се гнасат од бракот, прогласувајќи го за сатански, го отфрлаат виното, забрануваат употреба на животни во прослави и Божјите творенија ги нарекуваат скверни (нечисти). Подобро да не зборуваат дека се крстени во Отца и Сина и Светиот Дух, кога тие слично на Маркион го нарекуваат Бог творец на злото. Но, од причини на строгост, да не им направиме полеснотија во обраќањето кон Соборната црква, потребно е, вели (св. Отец), да ги држат обичаите и да ги следат отците, согласно со нивното мислење да се помазат со светото миро и потоа свештениците да се причестат.

*За хидропарастатите (*тие што богослужат со вода)

Хидропарастати се тие кои за свештенодејство принесуваат само една чаша вода, забрануваат таа да се меша со вино и мислат дека законскиот брак по ништо не се разликува од блудот. Истото тоа го определува и 47-то правило на Св. Василиј Велики. Повеќе за хидропарастатите и Ерменците во осмата глава од -К- состав.

*Кои само се помазуваат со миро. Втор собор, правило 7-мо*

Седмото правило од Вториот Вселенски Собор јасно озаконува како

треба да се примаат обратените од ереста; треба сите тие да се разделат на две групи (два дела); правилото определува едни да се помазуваат со миро, а други да се прекрстуваат (повторно да се крштеваат). Така, Аријаните, Македонијаните, Саватјаните и Навитијаните, нарекувајќи се себеси чисти (катари), Аристерите (или леви) и четириесетниците исто и Средните и Аполинарите, бидејќи божественото крштение над нив се врши исто како и над нас, правилото не предвидува потреба од повторно крштевање, но заповеда после писменото анатемисување на својата ерес да се помазат со свето миро на челото, очите, ноздрите, устата и ушите и да се потпечатат: Печат дара Духа Светога.

*Кои повторно се крштеваат* (За евномианите=праведните)

Евномијаните се крштеваат единствено со потопување (нурнување) и Монданијаните наречени Фриги, Савелијани, коишто го подржуваат мислењето (гледиштето) за синоотечество и на нив слични, бидејќи тие не се подолу од некрстените Елини =(пагани), ако тие ја љубат вистината се примаат кон Соборната (Православната) црква, за нив се предвидува неодложно крштевање бидејќи тие или воопшто не се крштевале, или можеби се крстиле, но не според законот и уставот на православната црква, затоа кај божествените отци и се третираат како непросветлени.

*За Аријаните*

Аријани се оние што мислат исто со Арие, кој бил презвитер на Александриската црква, нечестиво учел дека Синот Божји и Светиот Дух се од поинакво (различно) потекло од Отецот и се твари (створенија).

*За Македонијаните и полу Аријаните*

Македонијаните убаво и здраво учат за Синот, хулно (лошо) учат за Светиот Дух, нарекувајќи го него „твар“ (створение; творба) туѓо на Божеството, затоа и се нарекуваат Полуаријани. Самото тоа име го добиле и други од нечестивите ереси. Тие го почитувале Синот и Светиот Дух не како творби (твари) како Арij и не единосушни на Отецот, но по некакво извртување на зборот „подобносуштни на Отецот“, бидејќи се плашеле, како што тврделе дека преку раѓањето не било пропишано (проречено) страдание на Отецот.

*За Наватиј*

Нават, којшто бил презвитер на стариот Рим, ги поставил основите на ереста, така наречена - чисти (Катари), поточно расколник, а не еретик, бидејќи тој се разликувал од правоверните не во однос на мислењата кои се однесувале на вистинските догма, туку што го одрекувал покајувањето на отпаднатите и на тие што идоложртвувале во времето на прогоните и немал општење со двобрачните, а според тоа, впрочем тој и не згрешил во однос на верата, за немилосрдие и за мразење на ближниот бил одлачен и предаден на анатема на римскиот Собор што се одржал за време на царувањето на Дециј во време на папата Корнелиј, како што сведочи Евсевиј Памфилиски.

*За Саватиј*

Саватијани се тие чијшто водач (глава) бил некој презвитер Саватиј,

тој припаѓал на споменатата ерес на Наватиј, но поревносно и полошо почитувал по јудејскиот обичај да пости во сабота и други слични обичаи, како и сегашните Латини.

*За левите (аристери)*

Тие се нарекуваат и леви затоа што се гнасат од левата рака и не се осмелуваат што било да примаат со неа.

*За четириесетниците*

Четириесетници се тие кои ја завршуваат Пасхата не во недела, согласно со светиот устав на црквата, туку во тој ден во кој месечината ќе дојде до четириесеттиот ден, што е својствено за јудејската религија.

*За средниците (тетрадитите)*

Тие се нарекуваат средници (или тетради) затоа што Пасха ја празнуваат, но не дозволуваат да се пости, туку постат како и ние во среда; ги подржуваат Јудеите исто и во тоа што после Пасха употребуваат во прославата пресен леб (азимии) и горчливи треви.

*За Аполинарите*

Аполинаристите (Аполинарите) се тие, на чие чело бил злочестивиот Аполинариј, по Божјо допуштение воведен на престолот во Лаодикеја Сириска. Тој отворено (јавно) хулно учел дека Синот Божји иако примал од Светата Дева одушевено тело (одухотворено тело), но беспрекорно не го замешал умот, така што Божеството го заменувало умот, а за душата Господ мислел, според тоа таа нема Разум; освен тоа учел дека во Господ има една природа.

Сите овие што совршено се одрекле од својата ерес се вбројуваат (примаат) кон воспитаниците на црквата преку помазување само со миро.

*Одовде се покрстуваат:*

Види кои и какви божествените Отци заповедуваат повторно да се крштеваат.

*За Евномијаните*

Евномијаните се еретици на кои главен бил Евномиј Галатјанин, тој бил епископ на Кизик, а проповедал многу пожестоко зло од Ариј, бидејќи учел дека Синот е изопачен и променлив =второстепен (менлив) и затоа не е подобен на Отецот. Присоединувајќи се кон неговата заблуда тој хулно крштевал во едно нурнување (потопување), нурнувајќи ги надолу со главата, а нозете им ги свртувал нагоре. Покрај тоа и за постојните казни тој зборувал неубаво, велејќи дека тоа не е вистина, а е кажано во вид на закана за заплашување.

*За Монтан Фригиски*

Монтанистите го добиле своето име од некој Монтан, а се нарекувале и Фригијци, или затоа што нивниот водач бил Фригиец, или затоа што таа ерес првин се појавила во Фригија. Самиот тој Монтан себеси се нарекувал утешител, а двете жени Прискила и Максимила, коишто ги водел со себе ги нарекувал пророчици.

*За Пепузијаните*

Монтанистите исто така се нарекуваат и Пепузијани, затоа што го

почитувале за свето место Пепуза, населба во Фригија и го именувале како Ерусалим. Тие наредувале да се раскине бракот, учеле да се воздржуваат од некои јадења, ја искривувале Пасхата, Светото Тројство го соединувале и го слевале во едно лице, и крвта од избодено дете ја мешале со брашно и правеле леб, го принесувале и од него се причестувале.

*За Савелијаните*

Савелијаните го добиле името од Савелиј, којшто бил епископ на Птолемаида Пентаполска, проповедал во однос на Света Троица соединување и слевање, собирање и слевање во однос на едно лице на три ипостаси од едно суштество и божество, тој го нарекувал Него троименно-некогаш се јавувал како Отец, некогаш како Син, понекогаш како Свети Дух, во различни времиња се преобразувал и примал различен вид, така необично разделени или соединети, според Григориј Богослов, повеќе докажува не тоа дека сите ипостаси се во едно лице, туку дека секое лице е ништо бидејќи материите (предметите) престануваат да бидат тоа што се, кога тие заемно се мешаат, остануваат само голи имиња.

*За поранешните Павликијани: Прв Собор, правило 19*

19-то правило на Првиот Собор наредува: Поранешните Павликијани, но кои потоа прибегнале кон Соборната црква се прекрштеваат. Но, треба да се обрне внимание, кој го дозволува правилото да се прекрштева, дали станале павликијани од православни, или уште од почетокот припаѓале на нивната ерес. Ако некои од нив, вели правилото, биле вброени кон клирот, а тие што ги хиротонисале не знаеле за тоа, можеби биле ракоположени од нивните нечестии, таквите не добиваат никаква полза од ракополагањето, по дознавањето, задолжително треба да бидат прекрштевани и ако по крштевањето во животот се покажат беспрекорни, тогаш се ракополагаат од епископот на таа Црква, кон која прибегнале, а во спротивен случај се отфрлаат од клирот.

*За Павликијаните*

Павликијаните после биле наречени манихеи од некоји двајца браќа - Павле и Јован, дојдени од Самосата, синови на жена манихејка по име Калиника, доејќи ги своите синови многу повеќе со зло отколку со млекото. Тие проповедале дека има еден Бог и се нарекува Отец, Син и Свети Дух. Затоа велат еден е Бог и Синот негов во Него, како слово во човекот. Тоа Слово доаѓајќи (пристигнувајќи) на земјата се вселило во човекот по име Исус и го исполнило со љубезност, произлегло (преминало) кон Отецот, а тој Исус бил подолу(на земјата), добивајќи го потеклото(почетокот) од Марија. Од овие двајца, Павле и Јован, нивните ученици го добиле името Павликијани, грубо составено, наместо: Павлојовани тие се нарекуваат Павликијани. Таа ерес детално ја изобличува Фотиј, поранешен патријарх во Константинопол.

*Шести собор, 95-то правило*

95-то правило на Шестиот Собор, ги соединува двете погоре кажани правила, 7-то од Вториот Собор и 19-то од Првиот и изразувајќи ја буквално нивната слава, и без никаков исклучок вели дека е потребно

повторно да се крштеваат манихеите, валентинијаните и маркијаните, додека несторијаните треба да дадат рачна изјава, тоест грамота што ја порекнува (негира) нивната ерес и предаваат писмена анатема не само на Несторие, туку и на Евтихије и Диоскор и Севир, бидејќи пронајдоа друго спротивно на Несториевото злочестиво учење. За Несторие веќе нема да зборуваме, а за Евтихиј и Диоскор потребно е да се каже сега.

*За Диоскор и Евтихиј*

Диоскор нечестиво управуваше со свештеното кормило во славниот град Александрија, а Евтихиј бил архимандрит од свештеничката обител во царскиот град (Константинопол). Тие признавале дека Господ наш Исус Христос е единосуштен на Отецот, но богохулеле во однос на вочовечувањето[84] Негово, и одбегнувајќи го разделувањето од Несториј кој воведувал два сина, се стркалале (се фрлиле) во друга спротивна пропаст. Затоа што злочестиво учеле дека има две природи во Господ-божествена и човечка, по соединувањето совршено се слеале во една и направиле една природа, така што оттука и Божеството ги прифатило тие божествени страдања кои Тој ги трпел по отелотворувањето. Покрај тоа, велеле дека Господовиот плот не примал единосушност со нас, не се образувал од згуснувањето на девствената крв, туку измислувале, дека Тој се овоплотил како-некаков неизречен и божествен лик. Нив ги понижил Халкедонскиот Четврти Вселенски Собор од 630 отци.

*За Севир*

Севир бил антиохиски епископ, во нечестието по ништо не отстапувал од Диоскор и Евтихиј и затоа бил протеран од православните од престолот и од градот, тој пристигнал во Александрија, каде што напишал книга полна со секакво злочестие, во која го порекнувал Халкедонскиот IV Вселенски Собор и се обидува да ја заштити ереста којашто ја проповедал, дека во Господ, по соединувањето има една природа. Таа книга особено е ценета од отците на лагата, тој ја потпишал под име мила вистина, и тие Северианите од него го добиле името, почитуваат повеќе Евангелија. Тие се нарекуваат: безглави, не затоа што имале многу родоначалници и водачи на ереста, туку се делеле на различни групи, кои сосема не се согласувале меѓусебе.

*За Манихеите*

Манихеи се нарекуваат оние што го почитуваат Манент. Манент себе си се нарекувал утешител. Христос го нарекувал привидение и призрак; воведувал две начела: Зло и Добро, тоест Бог и предмет (материја), го хулел Стариот Завет, заповедал да се поклонуваат на месечината и на ѕвездите како на Бог, го негирал телесното воскресение, учел за преселување на душата, ги признавал тревите, водата и дрвата за одушевени суштества[85].

84 Буквално значење: отелотворување; преобразување на Христос од Бог во човек.

85 Суштества кои имаат душа.

*За валентинијаните, наречени богомили, Масалијаните-наречени евхити, тоест молитвеници*

Валентинијани, таа ерес се појавила во времето на Валентинијан и Валенс, како богомили, или масалијани; а тоа на грчки јазик значи: молитвеници, затоа што кај нив името молитва е толку важно што за многу они ја прават нејзе неизречена (неискажана), тие според дејството се нарекуваат и ентузијасти, (привиденија) бидејќи примаат демонско дејство, тие го прифаќаат него за дејство на Светиот Дух. Тие коишто совршено подлегнале на таа несреќа, ги отфрлаат рачните работи (рачно изработените предмети), како зло и му придаваат поголемо значење на сонот, мечтаењата во сонот ги нарекуваат вдахновенија, велат дека злото произлегува од природата и дека во секој човек престојува (живее) некој божествен дух и демон, дека новородените деца ги влечат (наследуваат) од праотецот Адам, како природата, така и ропството на демоните и дека секој од нив во себе носи демон природно соединет со него, заедно со нив живее и ги овладува што и со крштевањето не може да го изгонат него, или да ги искорнат корените на гревовите, но дека една толку засилена молитва и демонот го изгонува и гревовите ги очистува, дека на тие кои после победата над страстите станале посовршени, слегува во вид на лик на Светиот Дух и го ослободува телото од влијанието на страстите, така што после сé не треба пост да го измачува телото ниту учење да го запре него и да продолжи да не постапува без ред. Покрај тоа, утврдуваат дека тие чувствуваат општење со небесниот младоженец, како жена кога општи со маж и дека со чувствата на очите ја гледаат Света Троица само како едно и она им се јавува видлива и дека поради тоа тие ја предвидуваат иднината. Озаконуваат дека не треба да се дава милостиња на просјаците, туку на самите себе, самите себе си се нарекуваат ништожен дух, како што ги нарекол блажениот Господ, го раскинуваат бракот, без страв се колнат и ја прекршуваат клетвата и во многу друго постапуваат поинаку и противзаконско, за што не доликува и да се зборува пред благочестивите.

*За Богомилите*

Богомилската ерес се создаде не многу пред нашето поколение, таа е дел од масалијанската ерес и во многу се согласува со нејзиното лажно учење, но покрај тоа измислиле и друго и ја зголемиле заблудата. Богомили самите се нарекле[86]. Тие ги отфрлаат книгите на Стариот и Новиот Завет, заедно со претставите за Бог во нив, како напишани по вдахновение на Сатаната, освен седум од нив во кои се и евангелијата, но и тие книги ги протолкувале криво и хулно со гадни (мрски) измислувања прилагодени на своето мислење, го бесчестат божествениот крст, како убиец на Господ, уште го нарекуваат страшно свештенодејство Господовото тело и крв како жртва на демоните што живеат во храмот, впрочем они велат

86 Во грчкиот текст стои: А богомил на јазикот на Мизите значи тој што ја привлекува милоста божја, во старословенскиот превод тоа е изоставено.

дека во сите свештени храмови живеат демони, нашето крштевање го нарекуваат Јованово, а своето-Спасово, кажуваат само една молитва: „Оче наш“, а останатите ги одрекуваат, нарекувајќи ги празнословие. Богородица ја нарекуваат Онаа што (го достигнува Светиот Дух) се вбројува себеси во жителка на Светиот Дух, како би го родила Словото во време на учењето, велат дека не гледаат само во сон, туку и на јаве, - Отца, како старец со доволно израсната брада, - Син, на кого сега му пораснале мустаќи (му пораснале првите влакна на брадата) и Светиот Дух како момче со совршено голо лице. Така демоните ги прелажуваат нив и ги учат дека овие различни видови не се еднакви на Света Троица. Но, уште повеќе, што се однесува до нивното злочестие и на масалијаните да не се зголемува гласот уште повеќе, ако некој сака да го разбере нивното бунило, нека ја отвори книгата посветена на нив и јасно ќе дознае.

*Лаодикејско, 7-мо и 8-мо правило*

Седмото и осмото правило од Лаодикејскиот Собор обраќајќи се до претходно речените Фриги, ако тие се вбројуваале во клирот и се именувале кај нив како величествени, како некои што имаат предност пред другите и ја вршеле кај нив службата учител, наредува да се прекрштеваат.

*Како сите со едно потопување што се крстиле се прекрштеваат*

Кратко кажано, крстените со едно нурнување (потопување) од инославните се прекрштеваат и пристапуваат кон соборната црква-божествените правила наредуваат повторно да се крштеваат.

*Втор Собор, правило 1*

И погоре реченото, во главата за православната вера, првото правило на Вториот Вселенски Собор, ги подвргнува на анатема ересите евномијани или евдоксијани, полуаријани или духоборци, савелиани, маркелијани, фотијани и аполинаристи.

*За Евдоксијаните*

За евномијаните веќе е кажано. Тие уште се нарекувале и евдоксијани, поради одделувањето од ереста на Евномиј, според некој си Евдоксиј, кој што бил епископ во Константинопол, којшто го поставил Евномиј за архиереј на Кизик.

*За неподобните*

Тие уште се именуваат и како аномии или неподобни, затоа што веleле дека Синот и Светиот Дух немаат никакво подобие (сличност) со Отец.

*За Маркелијаните*

Ереста маркелијани го имала за ересоначалник некој Маркели, кој потекнувал од Анкира галатиска и бил нејзин епископ, а учел исто како гореспоменатиот Савелиј.

*За Фотиј*

Фотијаните го добиле името од Фотиј којшто потекнувал од Сирмиум и таму епископувал, а мислел исто како погореспоменатиот Павле Самосатски.

***Како треба да се примаат Наватијаните***

*Прв Собор-правило 8*

Осмото правило од Првиот Собор заповеда дека Чистите (катарите) или наватијани, за кои ние кажавме погоре, кои приоѓаат на Соборната црква, писмено исповедале дека тие точно ќе ги спазуваат сите Нејзини догми и ако се откажале од Христа, повторно се преобратиле, да се определи за нив време-определено за покајание на отпаднатите и да бидат во црковно општење со двобрачните. Ако се согласат на сè, тие што припаѓале на свештенството-повторно да си го добијат чинот којшто го имале претходно (пред отпаѓањето), ако биле на пр. Презвитери, ѓакони, исто така и тие што биле епископи повторно да управуваат во своите епископии ако во меѓувреме не биле заземени од други.

*Како треба да се примаат Донатистите, Картагински собор 57-мо и 68-мо правило*

57-мото и 68-мото правило на Соборот во Картагина заповедаат: оние што преминуваат кон христијанската вера од ереста на Донатистите обични верници да не се прекрштеваат, а свештениците да го задржат својот свештенички степен за на таков начин поголем број (донатисти) да се присоединат кон Соборната црква.

*За Донате*

Ересоначалник на овие (Донатистите) бил некој по име Донат, кој што учел дека поинаку треба да се причестуваат Божествените тајни, така што некој држи во рака човечка коска, ја бакнува неа првин и на тој начин се причестува.

*За Ангелите. Лаодикејско 35-то правило*

35-то правило на Лаодикејскиот собор вели: Тие што ја оставиле Божјата Црква, именувајќи ги ангелите и повикувајќи ги, правејќи во нивна чест собранија и вршејќи тајно идолослужение „да биде анатема“, не затоа што почитувањето на ангелите било идолослужење, но затоа што тогаш тоа било итрост на Лукавиот (Ѓаволот) којшто внушувал да се обраќаат само кон ангелите и да не се повикува Христа, за да малку помалку и незабележливо да ги турне оние што му се довериле нему во бездната на идолослужениeто, бидејќи Лукавиот природно сака (љуби) да граба од венците; затоа што посветените во тајните на таа заблуда говореле дека нема потреба да се повикува Христа во помош или за наведување кон Бога, туку кон ангелите, затоа што божем дека повикувањето во тие случаи на Христа е над нас (поголемо од нас). За таа ерес, бидејќ и таа била стара, споменува и божествениот Апостол во посланието до Колосјаните (жителите на градот Колос) кога вели: никој вас да не ве (прелаже) занесе со покорна мудрост и служба на Ангелите, бидејќи не може да ви наложи проповед, т.е. никој не е должен да ве искушува Вас, да ве насочува кон победувачката и непорочна вера и живот (кон победа на непорочната вера и живот), и не е должен да ве лиши од награда вовлекувајќи ве во страшни преданија, - односно од вистинската вера во

служење на ангелите, од причина на смиренопаметниот, дека божем над нас било тоа да се повикува Господ и името Негово да се приведува кон Отецот Негов. А Словото овде вели: не на оној што победува да се дава почест (награда), туку на друг, со навреда на победникот (храбрење на другиот). А како свети Епифаниј сведочи во книгата Παρρατιων, постоела друга таканаречена ерес ангелисти, коишто така се нарекувале себеси или затоа што се сметале себеси дека живеат по ангелски или мислеле дека тие научиле од ангелите за божественото.

*За Максим Циник. Втор собор, 4-то правило*

Четвртото правило на Вториот Собор отфрла некој Максим објавувајќи дека тој не бил и не е епископ, затоа што бил незаконски ракоположен, ниту ракоположените од него свештеници. За него споменува и Григориј Богослов во едно од своите Слова што не се читаат во црква. Тој Максим бил Египќанин, филозоф-циник. Циници се нарекувале тие филозофи за нивната надменост (бесрамност) и дрскост. Приоѓајќи кај великиот отец Григориј и бил подучуван, тој се крстил, потоа бил вброен и кон клирот (свештениците) и со сите велики отци и прослави имале заедно. Но, посакувајќи го архиререјскиот престол во царскиот град (Константинопол), тој испратил пари во Александрија и оттаму го повикува епископот којшто бил должен да го ракоположи него со содејство на еден близок до Богослов (веројатно Петар Александриски). Кога тие биле веќе во црквата, верните дознале за тоа и пред да заврши службата ги избркале, но тие не се помириле со тоа, туку оддалечувајќи се во домот на еден музикант, таму го хиротонисале Максим, впрочем тој не извлекол никаква корист од тоа злодело, бидејќи не можел совршено ништо и да заврши, накрај кога се открило дека тој држи до аполинариевото мислење, тој бил предаден на анатема.

*Трет Собор,1-во; 2-ро; 4-то и 5-то правило*

Третиот собор, прво и второ правило, уште и четврто и петто, се лишува од свештенство епископ или свештеник којшто мисли исто со Несторие и неговиот истомисленик Целестие, тој, кој Несторие го лишил од свештенството за несогласување со неговото зловерие, се дозволува повторно да го прими својот степен, а сите разоткриени (разобличени) на Собор, или од сопствените епископи во неприлични дела и биле подвргнати (подложени) на отфрлање, коишто Несторие, покрај црковните правила, ги примал во општење, ги востановил во својот степен,- тие најмалку да бидат отфрлени.

***За Несторие***

Тој Несторие бил патријарх Константинополски, проповедал дека Христос е обичен човек и дека Синот Божји се соединил со него по благонаклонетоста кон него, затоа и Пресветата Дева треба да се нарекува Христородица, а не Богородица. Тој бил отфрлен по одлука на светите отци што се собрале во Ефес под претседателство на светиот Кирил папа Александриски, којшто го заземал и местото на Целестин, папа на древниот Рим, при содејство и на Мемнон, епископ Ефески.

*За расправата што била меѓу св. Кирил и блажениот Теодорит*

По три дена пристигна Јован, патријарх Антиохијски со многу епископи, во чиј број бил и Теодорит епископ Кирски и Ива Едески. Чувствувајќи се себеси понижени за тоа што не било обрнато внимание на нивното отсуство тие изразиле негирање на одделното отфрлање на Несторие и без основа ги подвргнале(подложиле) на отфрлање свети Кирил и Мемнон Ефески. Во тоа време Теодорит, во оспорувањето на 12-те глави, во која великиот Кирил изложил за обликот на зловерието на Несторие и за утврдување на православната вера, видел само други глави, слични на лик, а и со посланието на Ива. После тоа произлегла меѓу нив голема расправија, така што соборот одново определил отфрлање на сите архиереи, како сомнителни дека се во согласност со мислењето на Несторие. И така, кога на таков начин архиереите се разделиле во мислењата и кај нив се појавил раскол, императорот ги повикал сите во Цариград, ги расположил нив кон истомислење и ги помирил двете страин. Теодорит не одрекувајќи се од тоа дека тој по однос на расправата напишал 12 глави, одрекувајќи се од нив и уништувајќи ги се ослободил себе си од вината и ја добил претходната чест и чин и согласувајќи се со дејанијата на светиот Собор, самиот го потврдил отфрлањето на Несторие.

*За Целестин*

Целестин бил ученик на некој си монах Пелагиј, двајцата тие потекнувале од Картагина, како што сведочи Фотиј Константинополски (патријарх) и вовеле во црквата нови лажни учења; затоа што тврделе дека Адам во почетокот бил создаден како смртен, а не дека за престап (прекршок) бил осуден на тоа; дека новороденото дете (момче) нема потреба од крштевање затоа што не го наследил од Адам прародителскиот грев, дека помеѓу Рајот и Пеколот има место во кое блажено живеат децата (младенците) коишто починале непросветлени (некрстени). Тие и уште други 6 слични мислења биле проповедани од следбениците на Пелагиј и Целестин, коишто претстојниот Трети Вселенски Собор, а исто така и Соборот во Картагина ги подвргнале на анатема. Види во Прва глава од составот -В-, 109-то, зборуваат за тоа и по ред уште три други, исто така во 35-та глава од составот-Е- на истиот тој собор-правила:114 и 115; коишто го предаваат на анатема тоа што го учеле следбениците на Пелагиј и Целестин. И великиот Лав-папа, следбениците на Пелагиј и Целестин коишто се враќале во црквата, наредил писмено да го анатемисаат своето лажно учење.

*Апостолско-40-то; 46-то и 64-то правило*

45-то правило на св. Апостоли, епископ или презвитер што се молел заедно со еретици-се одлачува, а тие што дозволиле на кој било од нив да го врши својството на клирик (свештеник)-се исклучуваат.

А 46-то (апостолско правило-б.а.) ги исклучува и тие што примиле крштевање на еретици, т.е. крстени од нив (од еретици) или тоа што тие го принесуваат во жртва.

64-то, тој што влегува во јудејска синагога или еретичка за молитва,

свештеник се исклучува, а мирјанин се одлачува, бидејќи како што вели Апостолот, каква е согласноста Христова со Велиар, или Каа, исто дело е соединувањето на верното со неверното.

*Лаодикејско, 6-то; 32-ро; 33-то; 37-мо; 9-то и 34-то*

И 6-то правило на Лаодикејскиот Собор попаднатите во ерес и ако уште се држат до неа, се оддалечуваат од Црквата и не им се дозволува да влегуваат во домот Божји.

32-то (од истиот собор) не дозволува да примаат благословие или поточно речено суесловие еретиците.

33-то совршено ни забранува нам да се молиме заедно со еретици или расколници.

37-то не дозволува ниту да се примаат празнични дарови, испратени од Јудеи или еретици, ниту да се празнува со нив.

9-то и 34-то правило на истиот Собор-тие, кои ги оставаат (напуштаат) мачениците Христови и заминуваат кон еретичките лажни ученици и во така наречените нивни мachенички места и кладбишта (Гробници) бидејќи се отуѓуваат од Бога, првин на некое време се одлачуваат (оддалечуваат) од црквата, а второ (потоа) се предаваат на анатема. Бидејќи може да има некои од потпаднатите во ерес во време на прогоните кои се спротивставувале до смрт, како истомисленици со нив ги нарекуваме и маченици, а домовите во кои се погребани нивните тела, ги нарекуваат мachенички места.

*Тимотеј, 9-то правило*

9-то правило на Тимотеј Александриски заповеда: еретици да не присуствуваат при вршењето на свештенодејствие, освен ако ветиле дека ќе се покајат, бидејќи тоа не им се дозволи на оглашени (отфрлени), дотолку повеќе тоа се однесува и на еретиците; но и тие што дале ветување за покајување должни се да стојат на тоа место коешто е определено за отпаднатите; а тие кои не сакаат да се покајат, задолжително треба да бидат исфрлени(отстранети) и од тоа место.

*За тоа, дека тие од еретиците кои при крајот на животот се покајале, треба да се примат*

Василиј Велики во 5-то правило наредува да се примаат сите еретици што се покајале при крајот на животот, заедно со проверка дали покажуваат вистинско покајание (дали е вистинско нивното покајание) и дали има плод, од тоа колку покажуваат грижа за спасението.

*Картагински Собор, 22-ро и 81-во правило*

22-то правило на Картагинскиот Собор забранува на епископите и свештениците да воведуваат во наследство на својот имот неверници или еретици па макар тие да биле нивни блиски роднини.

81-то правило вели: епископ, кој при крајот на животот завешта дека неговиот имот го наследува еретик-макар тој и да бил близок кон него по крв, и по смртта задолжително треба да се изрече анатема и неговото име треба да биде избришано од споменот на свештениците.

***Граѓански закони***

И различни царски закони на еретиците не им дозволуваат да добиваат во наследство не само тоа што припаѓа на епископите или свештениците, туку и на обичните луѓе-христијани, макар тие да биле и деца на овие последните; а децата на еретиците, станувајќи христијани, треба да ги принудуваат своите родители да ги хранат и облекуваат и да им даваат во наследство по мерка од својот имот[87].

Кој не ја слави Света Тројца во единствено рамносилно Божество, тој не се нарекува христијанин, туку безумен и еретик и безчесен и подлежи на казна (измачување)[88].

Кој е еретик и подлежи на законите за еретици, кој и малку се отклонува од православната вера, а ние определуваме дека еретиците не треба да служат во ниедна војска или на каква било општествена должност, ни чиновник, ниту да ги учат нив, ниту да прават ракополагање, ниту да вршат црковна процесија, а еретици ние ги нарекуваме сите оние кои не се причестуваат по Светите Тајни од свештеник во светата Божја Црква[89].

Манихеите и Донатистите не треба да имаат предност пред припадниците на православието, туку треба да бидат подложени на потешки маки, исти како за аполинаристите и оние кои не се покоруваат на светите четири Собори, и тие кои се дрзнуваат или зборуваат било што или учат против Четвртиот Собор[90].

Манихеј, ако се пронајде да живее во Римско место, да се обезглави[91].

Монтанистите воглавно не треба да имаат внатре во Константинопол ни еден од таканаречените од нив патријарси, или свештеник; исто така треба да им биде забрането и службата во војска внатре во тој град, или да прават општествена трпеза (гозба), или да купуваат стока (роба=производи)[92].

Еретик не треба да сведочи против православен[93]

Еретичките жени да се лишат од предимството што им се дава на православните жени, било да се однесува на миразот или предбрачните дарови, тие не треба да бидат претпочитани пред должникот на мажот, како православните жени, бидејќи самите се откажуваат од дарот Божји и се отуѓуваат од причесното општење со Соборната црква, тогаш праведливо е и нив да ги направиме туѓи за правото и предимството, дарувани од нас за благочестивите жени, бидејќи ние сме поставени од Бога, благочестиви благодетели и законодавци за благочестивите, а не за тие коишто во ништо немаат здрава вера: со такви кај нас нема ништо општо

87 Nouvella Iustiniana, 115;120; 114-136 .Βασ. λε (35)-8.
88 Βασ. Α΄- 1- .
89 κβ́ (22)Βασ. Α΄- 1.
90 κδ́(24) , κξ(26), Βασ. Α΄, 1
91 κϑ. Βασ., Α΄ . 1.
92 λγ́ (23). Βασ. Α΄. 1.
93 κη (28) Βασ. Α. 1

(заедничко). А да се прави законско погребување на еретици, законите дозволуваат[94].

### ГЛАВА 3

***Како треба да се прават таканаречените вечери на љубовта или гоштевки;***

*Гангарски Собор, 16-то правило;* 16-то правило на Гангарскиот Собор, се однесува на оние кои не сакаат да имаат општење со тие што прават во црквите по вера и благочестие таканаречени „вечери на љубовта“ и примајќи во чест на Господа друштво (компанија) за угостување (јадење и пиење),- бидејќи се гнасат, биваат предадени на анатема; иако можеби следните правила забрануваат организирање вечери на љубовта, но и покрај тоа, оние што го прават тоа со добри намери им се дозволува.

*VI-ти Собор, 74-то и Лаодикејски, 28-мо правило*; VI-тиот Собор, правило 74-то и 28-то правило на Лаодикејскиот собор го распространуваат одлачувањето на тие, кои внатре во црквата, или во место посветено на Господа, вечераат и вкусуваат, можеби т.н. вечери на љубовта и се дрзнуваат да постилаат ложа (да прават кревет). Имало (Постоел) древен обичај, што по причеста по божјата тајна богатите им предлагале на сиромасите општа трпеза. За тој обичај споменува и великиот Апостол Павле во првото послание кон Коринтјаните (11,20-22) иако тој тоа го нарекува вечера на љубовта или затоа што тоа доведува до љубов (зближување, спријателување, сакање) помеѓу тие што вкусуваат од трпезата или затоа што се прави заради љубов. А потоа божествените отци ги забраниле вечерите на љубовта, бидејќи тие биле причина за соблазна =(причинувале соблазна). А зборот „akoumbite“ на латински значи „постела на возвишението“ иако „accumbo“ кај нив е исто што и – „лежи“ (на трпеза=лежи и јаде).

*Картагински собор, 42-ро правило*; Истото го заповеда и 42-то правило на Картагинскиот Собор и сосема забранува да се прават прослави (пијанки) во црквите, освен ако некој по неопходност влезе во црквата, патувајќи во туѓа земја и нема каде да престојува.

### ГЛАВА 4

***За купување и продавање. Закон градски***

Купувањето и продавањето се состои кога двете од договорените страни се согласат во однос на цената, т.е. кога едната страна ја уплатила договорената цена, а другата го предала продаваното. А кога е даден залог (капар) и зделката се растурила, во тој случај ако купувачот се откажал (го растурил) купувањето го губи залогот; ако пак продавачот по земениот залог се откаже се принудува да даде во двоен размер тоа што го примал[95].

94 λδʿ(34) Βασ. Δ. 1.

95 Just. 3.23. Προχ. Νόμος .ά Τιτλος δί. ʿΑρμεν. Βιβλ. Γ́ γ́ , 20.

Тој што има чин во епархијата (Началникот на областа) не може да купува во неа движен и недвижен имот ниту самиот тој, ниту преку друг, освен од општинското, односно од конфискуваното (запленетото) за државата, во спротивно се лишува од имотот и дадената цена не ја добива назад[96].

Приграбен имот (предмет) или насила одземен, ако не се врати и се насели таму (и го задржи тоа) - не може трајно да се продаде[97].

Ако државната благајна за државен долг го продаде имотот на должникот, тогаш ниту самиот должник, ниту заемодавачот не можат да го внесат долгот и да го вратат имотот, бидејќи државната благајна има предност пред сите[98].

Ако даночник (собирач на данок), истезател (мачител) со согласност (по наредба) на кнезот (началникот) продаде нива (поле), неисправно од државната благајна, продажбата не се поништува, ако тоа е направено без дозвола на началникот (кнезот) или во злонамера или е продадено не по вистинската цена, продажбата се поништува[99].

Ако недвижен имот на малолетен се продаде по справедлива цена за сопствен негов долг или за татков долг или за државната благајна, следува јавно да реши судот[100].

Малолетен, ако за себе измолил слобода од старателство не продава недвижен имот без декрет (писмена согласност или судска изјава) и не го заложува, а ако продаде, може не само тој, туку и неговите наследници да си го вратат продаденото во текот на 25 години. Исто така тој може да врати и тоа што лошо купил или заменил добивајќи ја назад дадената сума во текот на кажаниот рок (25 години). А правото припаѓа и на неговите наследници[101].

Ослободување од старателство (туторство) може да бара маж од 20 години, жена од 18, а ти знај дека совршената возраст бидува на 20 години[102].

Старател не може да купи имот од сираче, ниту згрижувач негов или државен обвинител (прокуратор).

Малолетните по законот си враќаат тоа што нивните згрижувачи (старателите) по зла намера лошо го продале (продадено за несоодветна цена)[103].

Договори склучени без злонамера и кои не се спротивни на законите

---

96 62 Πανδ. 18,1. ά Βασ. ιϑ, 13.

97 ς.. Βασ. Α΄ 11.Во руската верзија е дополнето: затоа што во случај ако избеганиот се врати има право да си го земе тоа од тој што го купил без да му ја плати сумата што ја дал

98 άΒασ. ιϑ, 13.

99 γ́ , Bas. Í 19.

100 μβ́Βασ. ιϑ,1.

101 ῾Αρμ. Α΄ νβ́ ις.

102 Βασ. Ί. Во рускиот текст стои 25 години.

103 ῾Αρμ. Αιβ, 13.

да имаат важност.

Ако трговците вршат злоупотреба на приходите за да се купат работи (твари) или се складираат и се чека време на неродност за да ги продадат поскапо, купувачите се лишуваат од правото на трговија и да бидат заточени, а ако се лицата од сиромашко (ниско) потекло се осудуваат на државна (јавна) работа[104].

*За пленетите (заробениците)*

Купен пленик (роб), ако тој е богат, должен е да ја врати дадената цена за него, а сиромавиот е должен три години да работи (служи) на тој што го купил и потоа може (треба) да биде ослободен[105].

Тој што платил било што, што е противзаконско на договорот нема право на враќање на даденото.

## ГЛАВА 5

### *За неразумно спрените со животни*[106]

*Анкирско, 16-то правило*

16-то правило на Анкирскиот собор направило дивно (чудесно) разделување на тие кои се измешале со несловесните животни[107]ако е сторено, -вели- еднаш тоа мизерно дејство уште со ненавршени 20 години и не се венчал (споил) со жена и побарал целосно покајание, во текот на 15 години не треба да излегува од местото припаѓање[108] и потоа да престојува во другото петолетие зедно со тие што се молат, на таков начин треба да биде удостоен со причеста на Божествените Тајни, ако покажат искрено покајување, а тие што се насладувале до преситост на таа страст треба да се подложат на каење во продолжение на 20 години, и потоа во другото петолетие да стојат заедно со тие што се молат, по таков начин треба да се пристапи кон причестување. А тие кои падналe во тој грев откако ја поминале младинската возраст и ја достигнале совршената возраст (меѓу 20-25 год., б.м) и соживеале со жена, времето на покајување треба да биде определено на 25 години и потоа, по изминувањето на уште 5 години, таквите треба да се допуштат до причестување со Божествените Дарови. А ако некој навршил 50 години или склонил кон таа старост и има сопствена жена, го држи тоа зло, тој се лишува од Тајните за сето

---

104 ς’ Βασ. Ξ 22.

105 ιη΄Βασ. ΛΔ, 1

106 Станува збор за зоофилија или скотоложство. Зоофилија (од грчки ζῷον- животно и φιλία- дружба или љубов) или скотоложство-(парафилија), определено како привлекување на човекот, насочување на животните, или признавање дека животните се сексуално привлечни. Терминот бил предложен во 1894 година од германскиот психијатар Рихард Крафт-Ебинг во неговата книга Сексуални психопати. http://ru.wikipedia.org

107 Терминот означува суштества на кои не им е дадено Словото, бидејќи Словото е дадено од Бога само за луѓето, затоа за животните се користи термин несловесни, може да се толкува и како неразумни.

108 Место во црквата на коешто верниците прават метанија.

време на својот живот и должен е да се причести при смрт и толку.

*Анкирско, 17-то правило*

А 17-то правило на тој собор ги нарекува нив прокажани (шугави) бидејќи така ги нарекол Мојсиевиот закон Нечисти и оскрнавени и заповеда да се молат заедно со обземените. А тоа се оние кои со склоноста кон страста завршиле надвор од мирното пристаниште на црквата и ги отвориле вратите на духот на злобата кој ја придвижува душата на безбројни тревоги и бури.

*Василиј, 7-мо и 63-то*

Василиј Велики во 7-то и во 63-то правило, поврзаните со бесловесните животни после исповедувањето на нивниот грев се одлачуваат од општење на 15 години.

*Ниски, 3-то*

А Великиот Григориј Ниски во 3-то правило за неразумната зоофилија забраната ја протега на 18 години.

*Закон*

Граѓанските закони велат: На зоофилите срамните уди (половиот орган) даим се отсече.

## ГЛАВА 6

### *За четците*

*VI Собор, 33-то правило,* 33-то[109] правило на VI собор вели: Никој без пострижување и посветување од својот пастир да не чита во црквата свети книги стоејќи на амвонот, а тие што ќе се дрзнат да постапат против тоа правило да се подвргнат на одлачување.

*VII собор, 14-то,* Седмиот Собор во 14-то правило учи: не е дозволено да се прави тоа уште во невиното детство или облечениот во црно или монашка облека, ако тој не добил ракополагање од архиереј; впрочем и игумените кои се уважени од свештенството, им е дозволено, вели правилото да поставуваат четци во своите манастири, во тој случај, мислам, ако манастирите се наоѓаат во пустина. Тоа е дозволено да го прават и селските епископи.

Види уште 4-та глава од составот Г; 21-ва глава од Х-состав и 10-та глава од Д состав; правило на Василиј Велики 51-во.

*Закон*

Јустинијановата новела предвидува дека никој не може да биде четец, ако тој нема 18 години. Види уште 13-та глава од К состав.

## ГЛАВА 7

### *За анатемата*

Сè што е запишано веќе во Гангрискиот собор кој било по ред друг собор во основа се почитува.

109 По грешка во старословенскиот превод е ставено 36-то; во грчкиот оригинал стои: λγ =33.

## ГЛАВА 8

***За антиминсите***[110]

Антиминсти, се блиски до светите сили, кои заедно (здружено) ги следат осветувањата на новоизградените храмови и седумдневно свештенодејствуваат во нив, распространувајќи се над тамошните олтари слободно, ги праќаат таму каде што има потреба од нив и не се ограничуваат на една или друга област, но ги праќаат и во туѓа земја, слично како светото миро и другите светињи. А се наречени така, затоа што тие би претставувале лице и образ на многу такви престоли minswu, кои ја сочинуваат светата трпеза Господова. Името е земено од италијанскиот збор minswu, затоа што антиминсите се поставуваат на тие трпези кои не се осветени од освет.

## ГЛАВА 9

***За оддалечувањето на епископ и свештеник***

*Прв и Втор Собор (Прво-втор) , 16-то правило*

Отците не го оставиле без внимание и оддалечувањето на епископ или свештеник; затоа 16-то правило на така наречениот Први Втор (Прво-втор) собор вели: епископ кој се наоѓа отцутен од својата црква (отсуствува) повеќе од 6 месеци и живеел во друга земја (област) кога не го држи ни царска ни патријаршиска наредба, ниту тешка болест којашто го приковала за одар и го лишила него од способноста да се движи, треба да биде отстранет од свештенството и на неговата епископија да биде поставен друг наместо него.

*Сардикиско, 7-мо (правило)*

Сардикијското 7-мо правило: Епископ, ако не биде повикан со царска грамота (писмо) да не се дрзнува да оди кај царот, особено заради достоинството, кое повеќе прилега на мирските луѓе отколку на епископот. А ако тој земе заложба да отиде кај царот за помош на јавно навредените, бедните, вдовиците и сирачињата, или со цел да бара праќање во заточение за престапи или за подложување на други казни, тогаш таквиот кај тие што имаат ум заслужува повеќе пофалби отколку критика.

*Истиот собор, 8-мо (правило)*

Осмото правило на истиот собор вели: Ако епископ ја објасни сво-

---

110 Антиминс (грчки αντι=наместо; и латински μενσα=маса, престол=наместо престол), претставува квадратно платно од свилен или ленен материјал. На него се претставени положувањето на Исус Христос во гробницата, средствата со кои Тој бил мачен, символот на четворицата евангелисти во четирите агли, натпис, којшто посочува кога, каде, за која црква и од кој епископ е осветен антиминсот и потписот на епископот којшто го извршил осветувањето на антиминсот.

Без антиминс не може да се случи Литургија. По значењето тој е еднаков на престол врз кој се извршува Литургијата, може да го заменува, како сам ја исполнува улогата на престол. Во самиот антиминс при осветувањето се поставува делче од мошти на светецот. Осветувањето на антиминсот се врши на истиот начин како и осветувањето на престолот.

јата молба за прибегнатите кон црквата и дека имаат потреба од помош преку служителите, тоа не потпаѓа (подлежи) на прекор од страна на многумина и исто така да се избегне непријатноста во воениот логор.

*Истиот, 9-то*

Исто и деветтото (правило): Со дозвола на Соборот, ако епископот испрати писма до царот, треба да ги разгледа митрополитот на тој град во кој престојува во тоа време царот, и ако тоа се покаже нему (на царот) не тешко, тогаш да се даде, а во спротивен случај да се вратат писмата на тој што ги испратил.

*Исто, 20-то*

20-то правило (на истиот собор) вели: За да не биде поради бесрамноста на некои наклеветено свештенството, архиереите, отидените било каде, треба да бидат подложени на испитување (во однос на патувањето) од епископите поставени на тоа место, т.е. од митрополитите, како што јас мислам, на коишто таквите се целосно потчинети: тогаш и само од нив треба да бидат подложени на испрашување и потчинетите ним епископи, а никогаш не и непотчинетите им, туку овие последните во таков случај, кога се стремат да направат што било спротивно на правилата, не само да не содејствуваат, но да ги разобличат (да ги осудат), ако можат и да им забранат. Ако одат кај царот или по негова покана или заради подобро објаснување на благословните предлози, тогаш да им се дозволи патувањето, потпишувајќи им мирни писма, а ако се насочуваат (заминуваат) во туѓ град заради безумна внимателност, мислам да го учат тамошниот народ и да го посрамотат епископот на тој град, или имаат намера да му ги предадат на царот сопствените барања, тогаш да нема општење со нив, како со одлачени врз основа на правилата.

*Антиохиски собор, 11-то правило*

11-то правило на Антиохискиот собор го оддалечува од општење и го лишува од достоинство секој епископ или презвитер или воопшто свештеник, кој се дрзнал без дозвола и грамота (писмо) од обласниот епископ и посебно митрополитот да отиде кај царот, па макар и по неопходна потреба.

*Картагинско, 21-во*

И 21-то правило на Картагинскиот собор не му дозволува на епископ да замине на долго морско патување освен според општа дозвола на епископите од обласа, а претежно по воспоставеното (утврденото) и поткрепено со печат на соборот на патријархот или митрополитот писмо (грамота) кое го претставува него таму, каде што тој се насочил и молејќ и се за него.

*Истиот (собор), 71-во*

71-то правило на истиот Собор не дозволува на епископ да отиде кај друга, потчинета на него, подоходовна црква во својата епархија и долго да престојува таму, напуштајќи ја првопоставената (првоутврдената) црква, занемарувајќи ги дадените на нејзе ветувања и го претпочита спасението на луѓето за сопствена корист.

*Знамение (Валсамон)*: Од сето тоа некои заклучуваат дека не се дозволува ниту на избрканиот (протераниот) од својата епископија од паганите да живее во друга, потчинета на него парохија, ниту постојниот раководител на бедна и мала епископија самоволно да го преместува во друго подобро и понаселено место, макар и да е потчинето на него, ако не дозволи царот и не пресуди ова соборно истражување.

*Сардикиски (собор), 12-то*

Дванаесеттото правило од Сардикискиот (Средечкиот=Софискиот) собор заповеда дека епископ кој оди во недвижнината на своето владение што се наоѓа внатре во пределите на неговата епархија за собирање на плодови, за да има можност да ги задоволи потребите, само во три недел-ни денови да се состане со презвитерот на таа епархија и да се моли заедно со тамошните верници, да учествува во песнопенијата, за да не се сруши на него правилото кое го подложува на одлачување оној кој на три недел-ни денови ја оставил црквата. А 11-то правило на истиот собор предвидува (заповеда) да не оди често во градот на таа област, на тој начин и тој да не претрпи штета, често да ги надгледува своите дела и месниот епископ да не му препише нему бесполезност и гордост, како(божем) сакајќи да го учи потчинетиот нему народ, кон негово посрамување (презирање).

*Валсамон*: Во недвижниот имот на туѓа црква месниот епископ дејствува според архиерејска заповед (грамота)=архиерејско оправдание.

*Како единствено на патријархот на градот Константинопол како ставропигија (како крстов другар) му е дозволено да праќа на суд*

Единствено на патријархот на Константиновиот град врз основа на долговремениот обичај му е дозволено да дава ставропигии и има возвишување и помен на неговото име не само во сопствените населби (села), кои ги има, каде и да се наоѓаат тие села и во недвижните имоти на потчинетите на него манастири, но и насекаде во пределите на неговата митрополија, таму кај што тој ќе биде повикан како создавач на храмот.

*Што е преместување (промена), преминување (премин) и вознесение (искачување=унапредување)*

А тоа што е ново воведено за епископите покрај бескорисно патување, се нарекува или преместување или преминување или вознесување.

Преместување се случува тогаш кога кој било од мала црква во поголема вдовствена (без свештеник) биде воведен од видните (угледните) или кратко речено од мудроста и моќноста го потврди колебливо благочестие, како што бил Великиот Григориј „имењак на богословот", којшто секој добромислител го почитува со достоинство и голема (велика) пофалба.

*Апостолско, 14-то*: Тоа неопходно го почитува и 14=-то правило на Светите Апостоли, велејќи: недозволиво е епископ да ја остави својата епархија и да премине во друга, макар и од многумина да биде убедуван, освен кога ќе има неопходна причина, понудувајќи му на него да го направи тоа како можност да им помогне на тие што живеат таму во благочестие. Но и тоа тој е должен да го избере не сам по себе, туку по

судот на многу епископи и по силно убедување.

*Преминување*: Преминување се случува тогаш кога кој било од епископите, кога црквата го задолжила за паганите (јазичниците), по волја на месниот епископ ќе премине во друга, празна црква, заради неговото здравомислие во однос на православието и знаењето на црковните закони и догми.

*Антиохијско 13-то и 22-ро*

Имајќи секаква безгрешност, како што вели Антиохискиот собор во 13-то и 22-рото правило: Не прилега епископ да оди во друга епархија и да врши ракополагање ако не му биде дозволено од епископот на таа епархија, во спротивен случај ниту хиротонијата ниту воопшто нешто што е направено ќе се смета за неважечко. И самиот тој да подлежи на одлачување, како виновник за соблазната и нередот (вознемирувањето).

*Вознесение (инвазија; искачување; подем; унапредување)*

Инвазија (вознесение) е кога самоволно или со употреба на некои итри средства незаконски стапи во вдовствена црква епископ, кој немал црква или и имал црква, и сето тоа божествените отци на Сардикијскиот собор-остро го негирале (порекувале), што определиле, оној што постапува на таков начин да се лиши од општење со сите христијани и впрочем при последниот здив да се удостои со општење (причеста) како верник (мирјанин).

*Сардикијско, 1-во и 2-ро (правило)*

Веднаш во Првото правило исто така и во второто вели вака: На никој од епископите не му се дозволува да го остави градот во којшто е поставен и да премине во друг; било таквото преминување да служи за отворено докажување на гордост и користољубие или е стремеж кон суетна слава и збогатување или затоа што не се нашол таков кој било кога би преминал од поголем град во помал? Токму затоа е и справедливо таквиот да се отсече од соборите (хорот) на верниците. А ако се покаже, вели правилото, дека подмолни работи користи и привлекува некој со пари да направи бунт во црквата, божем тие побарале негово застапништво, тогаш таквиот и при смртта не треба да биде удостоен со причеста, само како верник. Бидејќи правилото сосема не допушта таквиот да биде вброен кон верниците.

*Втор Собор, 2-ро правило*

Второто правило на Вториот Собор утврдува (наредува) дека епископите неповикани не ја распространуваат својата власт надвор од својата област на цркви надвор од својата епархија, означувајќи го тоа како бесчинско (неуредно) и разбојничко навлегување, и да не одат во друга епархија за ракополагање или какво било друго хиерархиско дејство (свештеничко дејство).

Делата од црковната управа во секоја епархија, избирање, ракополагање и разрешување на недоразбирањата што се појавиле при одлачување, епитимии и др. такви, правилото предвидува да се достават до Соборот на секоја област, а во однос на црквите што се наоѓаат кај вар-

варските народи-да се почитуваат обичаите, така што слободно да се посетуваат и области на други цркви, ако некој се одликува со красноречивост може да ја утврди (верата) на останатите, сето тоа е дозволено затоа што тамошните епископи не биле доволни за целосен (потполн) собор.

*VI Собор, 20-шо йравило*

Шестиот собор, 20-то правило не дозволува епископ да го учи народот во град којшто не му е потчинет; а со личен пример да учи во него-опростено е; исто и јавно со дозвола на месниот епископ, исто така и да прави ракополагање не е забрането; ако кој било биде откриен дека прави поинаку од тоа, вели правилото, да престане да епископува и да заврши за презвитер, при симнувањето во презвитер да понесе и понижување, соодветно на симнувањето, слично и при искачувањето, бидејќи таквиот не згрешил во ништо друго, достојно е направеното симнување.

*Анкирски (собор), 18-шо йравило*

Анкирското 18-то правило вели: Тие што примиле хиротонија во епископ (хиротонисани епископи) и заминале во епархијата во која се назначени, но сретнат препреки (отпор) да влезат во нејзините предели од тамошното население и (потоа)-оттука се дрзнат да навлезат во други епархии и направат насилство над епископите што се наоѓаат во нив и предизвикаат нереди (вознемирување), должно е да бидат одлачени. А ако посакаат да се задоволат со честа и престолот на презвитер, каде што и пред тоа биле презвитери, треба да се оставаат да живеат спокојно. Ако се покаже дека тие предизвикуваат немири против постојните таму епископи, тогаш треба да бидат лишени и од презвитерската чест и од црквата да бидат отстранети.

*Аншиохиски, 16-шо йравило*

Антиохиски собор, правило 16 вели: Целосно изгонет многубожец од својата епископија и како (поразен) слободен навлезе во празна (ослободена) црква и се искачи на нејзиниот престол без дозвола на совршен собор, треба да биде отстранет и од свештенството, доколку него го избрал целиот народ, којшто тој кон себе го придобил. Совршен собор е тој на кој присуствува и митрополит, затоа што тоа не може (не се дозволува) да го прави епископ.

*Исшиош, 21-во йравило*: 21-то правило на истиот собор предвидува: за да не преминува епископ од својата епархија во друга, ниту по самоволно навлегување, ниту по присила од народот, ниту по принуда од епископ, но за да си престојува во таа (епископија) со која се удостоил од Бога уште од почетокот и не се преместувал.

*Сардикијски, 13-шо*

Сардикијското 13-то правило вели: Ако и се собрале во која било област многу епископи, за да направат што било се однесува на Црквата, непоканетите нема потреба да доаѓаат кон нив од друга област, а повиканите не треба да се откажуваат од присуството заради братољубие.

*Исшо шака и 11-шо*: Единаесеттото правило вели: Ако кој било од епископите, доволно искусен во словото, отиде во друг град или во дру-

га област=(епархија) во време кога таму се расправало за нашата вера, т.е. за начинот на богослужбата, тогаш треба да зборува, но не за да се претставува пред народот за да се покаже и заради неразумна суета, игнорирајќи го месниот пастир, го посрамува него и го прави невешт во Словото. Бидејќи тоа предизвикува немир и несакајќи побудува сомнеж дека го прави тоа злонамерно, со желба тој да дојде на престолот на тој град. Должно е вели правилото и нечесно устремениот да се спречи тој што безобѕирно тежнее кон тоа и да се озакони братољубието. Затоа што епископот не треба сосема да го отфрла својот епископ, бидејќи тоа дело е нечовекољубиво и жестоко, итро и зло, но и тој што живее (престојува) таму не треба да ја остава својата црква повеќе од три седмици, бидејќи има непишано правило кое го одлачува од општење тој верник кој престојува во градот и во текот на три седмици не доаѓа воопшто на црковните собранија, тоа уште подобро, конечно, епископот не треба да се оддалечува од својата црква на такво време без тешка потреба и да го остава довереното нему стадо (паство). На крајот самото тоа непишано правило станало 80-то на VI Собор.

*Сардикијски, 17-то*

17-то (правило) на Сардикијскиот собор вели: Епископ, неправедно отргнат од својата епископија, или од еретичко насилство, затоа што се држи до догмата на вистинската вера, или за исповедување на телесни погледи, изгонет од идолослужителите, или ја držел вистината и правдата, како по навика; ако се повинува (покорува) и во маките на изгнанство, а блиските го прогонуваат како виновен, а всушност тој е невин пред судот на вистината, на таков да не му се забранува да престојува во друг град до тој момент додека не се врати во своето место, избегнувајќи го стравот од опасноста и не ги изглади причините за изгнанството и навредата, бидејќи жестоко и нечовекољубиво би било, ако неправедно изгонетиот од својот град не го примат епископите ласкаво и пријателски.

*VI Собор, 18-правило*

Шести собор 18-то правило епископ или свештеник којшто отишол во туѓа област од причина на варварски напади или бесчовечноста на данокособирачите, или поради глад или по каква било друга причина и по престанувањето на причината не сака да се врати, заповеда да се одлачи, доколку не се врати во таа црква од којашто се преселил, исто така се подложува на одлачување и епископот којшто го примал и се обидува уште да го задржи него.

*IV Собор, 23-то правило*

23-то (правило) на IV Собор, клирик (свештеник) и монах којшто се дрзнал да се оддалечи од црквата што ја добил по ждреб, без волја на својот епископ под изговор дека не примиле од него никаква грижа, можеби сметајќи го за неспособен за тоа да суди за сето тоа, ако некогаш биле неприопштени кон него и во царствувачкиот град (Цариград) или во друг град дојдат и на многумина што таму престојуваат со зборови го реметат црковниот ред или на некои им ги вознемируваат домовите со немарниот

живот и неволно одлачуваат, определува, од соборот во тој град да ги изгони и против својата волја за да се вратат во своите места.

*VII Собор, 10-шо*

VII Собор 10-то правило, одлачува не само свештеник кој преминува од град во град, но и тој кој доаѓа во престолнината во молитвените домови на народните началници и врши служба без волја на својот и Константинополскиот епископ.

*IV Собор, 4-шо правило*

Четвртото правило од Четвртиот собор: Не е дозволено свештеници од која било црква да стапуваат во црква на друг град; треба да престојуваат во таа во која од почеток биле удостоени да служат, со исклучок на тие кои по неопходност го напуштиле своето отечество. А епископ кој примал свештеник потчинет на друг епископ да биде надвор од општење до тој момент додека свештеникот не се врати во таа црква којашто ја оставил.

*Неокесариски, 13-шо*

13-то (правило) од соборот во Нова Кесарија, на презвитер кој ќе се најде внатре во кој било град, не му е дозволено да влегува во градот и да дава дарови или да држи на кој било божествена пречиста во присуство на епископот на градот или на презвитер; а ако тие бидат отсутни и тој биде единствен повикан за молитва, тогаш не му се забранува нему да оди и да држи на кој било Свети Тајни, но само во тој краен случај кога и тој припаѓа кон потчинетите епархии на тој град, бидејќи на презвитер од друга епархија не му е дозволено да служи без согласност на месниот епископ, како и епископот од друга епархија без дозвола на месниот епископ, макар тој и да бил повикан од народот на тој град.

*За препорачувачкиште писма, ошпусни, мировни дадени од епископиише на свешшенициише кои си заминуваат*

*Апосшолско, 33-шо (правило):* 33-то правило на светите Апостоли (заповеда) пристигнатиот од туѓа област епископ или друг свештеник да не се прима во општење без препорачувачко писмо (грамота). Но, и ако носат со себе такви и тогаш без истражување да не има општење со нив, бидејќи се случувало некогаш, некои кои се огрешиле во верата, земале од соблазност на многумина препорачувачки писма од некој епископ, кој можеби и не знаел за скриената во нив погубна заблуда во однос на догмите; бидејќи ние знаеме дека многу зла се случуваат, меѓудругото кон многу верници се приклучувала и голема несреќа, а неверниците оградувајќи се го примиле светлото на спасението и ако се покажат несомнено православни, да им се даде општение, а ако не-не, да се испратат давајќ и им го неопходното за да не навлечеме на себе обвинение за скржавост.

На кратко речено за дадените од епископот грамоти на тие што си заминуваат од својот град или област од кои едни се нарекуваат препорачувачки (акредитивни); други отпусни, а други-мирни.

*За препорачувачкиште (акредишивни) писма (грамоши)*

Препорачувачки грамоти (писма) се тие кои се даваат на свештеници

коишто се преместуваат во друг град од епископот кој што ги хиротонисал и ги претставуваат, т.с. известуваат или за свештениот степен или за тоа дека тие (свештениците) ја почитуваат здравата вера или сведочат за тоа дека на нив било покренато обвинување или клевета, но дека тие што ги носат нив (грамотите) се покажале невини. И на верниците подложни на одлачување и коишто заминуваат во туѓа област (земја) се даваат грамоти коишто го известуваат епископот на таа област дека тие веќе се ослободиле од епитимиите.

*За ослободителните грамоти*

Ослободителни грамоти се тие коишто сведочат дека на епископот или свештеникот му се дозволува преместување во согласност со архиерејот, дозволувајќи му таму без пречки да врши свештено служение (да врши богослужба).

*За мирните (грамоти)*

Мирни грамоти се нарекуваат и тие за кои ние веќе кажавме, бидејќи во тој случај кога свештеник донесе такви на епископот, кон кој заминува, не ја раскинува врската што го сврзува со светот на божествената љубов на двата епископа, ниту тој што примал по таков начин туѓ свештеник не станал виновник за соблазна, натажувајќи го својот собрат, ниту тој што го ракоположил на почетокот нема да се разгневи како навреден. Се нарекуваат исто така мирни и тие грамоти, кои го препраќаат епископ кон други епископи преку кои докажуваат дека немаат никаква вина.

Така, свештеник кој сака да премине неопходно е да носи со себе две грамоти, препорачувачка и ослободителна, за да може првата да се искористи за докажување на здравото лице на мислата во однос на вистинската вера и непорочниот живот, а исто така и за постојниот негов свештенички чин, а втората за тоа дека му било дозволено без пречки да свештенодејствува во друга црква или веќе да се вброи кон нејзиниот клир.

*Апостолско, 12-то и 13-то*

12-то, а исто така и 13-то (правило) од светите Апостоли: свештеник, којшто сопствениот епископ не го удостоил со хиротонија, го одлага тоа, можеби по кои било причини, додека тие не се надминат, заповеда оттаму да не оди кај друг епископ, а на епископот не му се дозволува да прима туѓ свештеник без препорачувачка грамота од оној епископ кај кој произлегло истражувањето; а тој што ќе се дрзне да постапи поинаку од ова се подложува на истиот суд за одлачување и на двајцата, т.с. и свештеникот и епископот којшто го примал; доколку се покаже дека свештеникот кој што го примал епископот веќе бил ракоположен и одлачен за каков било грев, тогаш на таквиот му се продолжува одлачувањето, а епископот кој што го примал (исто) се одлачува.

*Апостолско 15-то и 16-то*

15-то, а кон тоа исто и 16-то, забрануваат служба на свештеник којшто преминал од една област во друга без дозвола на епископот којшто го ракоположил (хиротонисал) и посебно, ако, доколку бил повикан,

а не се вратил, впрочем, не му забрануваат нему да има таму општење како верник, а епископот, којшто го примал него, доколку не разбрал за него, го вброил кон клирот и му дозволил нему слободно свештенодејство без ослободителна грамота од сопствениот епископ, би требало, вели правилото, да се подложи на одлачување, како учител на бесчинство и неуредност, а доколку го произнел него на повисок степен (чин), тогаш таквото ракополагање е неважечко, покрај сѐ, свештеник, ако не донесе препорачувачка грамота, не дозволува (правилото) да свештенодејствува во туѓа област.

*Прв собор, 16-шо*

Истото го зборува и 16-то правило на Првиот Собор.

*Аншиохиски, 3-шо*

А третото Антиохиско правило покрај другото заповеда свештеник кој долго време провел во непокорност, наполно (сосема) да се отфрли (исклучи), без надеж дека ќе се врати во чинот.

*IV Собор, 13-шо; Аншиохиско, 7-мо*

13-то (правило) од IV Собор и 7-то на Антиохискиот, забрануваат туѓ и непознат свештеник да служи без препорачувачко писмо (грамота) од сопствениот епископ.

*VI Собор, 17-шо (йравило)*

VI Собор, 17-то правило единствено предвидува осудување на расчинување на пониско (свештеник) кој дошол кон епископот и епископот што го примал без препорачувачко или ослободително писмо, бидејќи го посрамотиле оној од кого примиле хиротонија.

*Лаодикејско, 41-во и 47-мо*

41-вото правило на Соборот во Лаодикеја, уште и 47-то предвидуваат дека клирик (свештеник) нема потреба сосема да патува без дозвола на својот епископ или без канонични негови грамоти.

*Каршагински (собор), 106-шо*

106-то (правило) од Картагинскиот собор, определува дека епископите да одат на дворот, т.с. таму кај што се наоѓа Комесот (Управата), т.с. управникот или кај што се наоѓа царот, со ослободителна грамота од митрополит. А 59-то на истиот собор предвидува дека без такви грамоти никој од епископите не може да патува по море.

*Аншиохиски (собор), 8-мо йравил*о

Антиохискиот (собор) во правило 8-мо само на епископ на кого му припаѓа и правото да вршат хиротонија е дозволено да дава канонични посланија (писма), т.с. препорачувачки и ослободувачки, но не му дозволува и на првите меѓу свештениците, по таа причина што на нив не им се дозволува да ракополагаат; а селскиот (обласниот) епископ, доколку тој биде непорочен, му дозволува да праќа мирни писма (посланија) на соседните епископи, бидејќи правилата им дарувале и други предности.

*IV Собор; 11-шо йравило*

IV Собор (правило) 11-то вели: тие што приоѓаат кон црквата бедни (сиромашни) и што имаат потреба од помош, треба да им се даваат

мировни грамоти, но не и препорачувачки, затоа што тие треба да се даваат на лица коишто се наоѓаат под сомнение, како сведоштво за тоа дека тие се во подозрение (под сомнение) за некаква вина. А тие кои сакаат да свештенослужат во туѓа област, треба да донесат мировни грамоти.

*Истиот собор 5-то; Сардикијски 16-то*

Петтото правило на истиот тој IV Собор и Сардикијскиот 16-то по однос на тие што поминуваат од град во град епископи и свештеници (попови), прво определува да држат положение според правилата на светите Апостоли, а второ во однос на тие што преминале во Солун и долго престојувале таму, наредува да се разгледа тоа што било определено за нив.

*Прв Собор, 15-то (правило)*

Првиот Собор (правилото) 15-то забранува на епископ, презвитер, ѓакон да преминуваат од еден град во друг коишто припаѓаат на иста епархија, бидејќи епископот се обвинува за преместување на катедрата, како што веќе е кажано (многупати), а останатите свештеници, за тоа што тие се оддалечиле од таа црква или од тој манастир, за служење во коишто биле ракоположени; бидејќи и свештениците без откажување го примиле тоа ракополагање по шестото правило на Четвртиот собор, но (со назначување) кон таа црква или кон тој манастир. Поради тоа таквото преминување се смета за неосновано.

*Сардикијско 15-то*

15-то (правило) од Сардикијскиот собор вели: доколку кој било епископ примал служител од друга област, без дозвола од неговиот епископ, го постави него на каков и да било степен во клирот, тогаш таквото поставување треба да биде неважечко и е неодржливо.

*Картагинско, 6-то*

Картагински Собор, шесто правило: кој и само еднаш читал (држел) реч во црква, примил на себе хиротонија, тој не треба да преминува во клирот на друга црква.

*Кој од епископите може да прима туѓи свештеници и да ги хиротонисува во друга под него црква*

Единствено само на епископот на Картагина му е дозволено да вбројува (зачленува) кон својот клир клирици (свештеници) од други области и без ослободителни грамоти од тие што ги ракоположиле. Тоа ти јасно ќе го дознаеш од 55-то правило на Картагинскиот собор, коешто ја потврдува од дамнешни времиња дадената слобода на Картагинскиот епископ, по силата на која тој има право да прима (прифаќа) од секоја црква свештеници, како што сака и да ги ракополага за својата црква, во тоа време предлага, заради братољубие да го прави тоа со знаење на епископот што го имал (под своја власт). На останатите митрополити правилото не дозволува да примаат туѓ свештеник и да го ракополагаат во презвитер или ѓакон, освен ако се покаже полезно (корисно) за управувањето со народот; бидејќи во таков случај е дозволено да се повика туѓ

митрополит, доколку тоа е неопходно и тој и други и да го почестат (удостојат) со епископско достоинство. А тоа е дозволено, вели правилото, затоа што не е толку тешко (отежнувачко) ракополагањето на свештеници и ѓакони, како епископите, и затоа што ретко се наоѓаат такви, кои што можат со словото и делото сами да го водат народот кон подобро, а свештеник кој не примал епископско достоинство, да го присилуваат за да го прими не треба, бидејќи никаде не се наоѓа таков, кој би против својата волја и насилно да се воведе на епископскиот престол (катедра).

На престолот Константинополски му е дарувано правото да прибира од каде и да било од потчинетите на него цркви свештеници, какви што сака и да ги вбројува (зачленува) кон своите, а исто така и „бугарскиот", поточно речено Охридскиот и Кипарскиот, според 130-та Јустинијанова новела, којашто влегла во 11 глава на Е-составот. На истиот начин му е дозволено и на царот да прави преместување на свештениците.

*Граѓански (Градски) закони*

На боголубезниот епископ му се забранува да ја остава својата црква и да заминува во друга епархија; а ако каква било потреба наложува да се направи тоа, тогаш тие се должни да го направат тоа не инаку, туку со грамоти од блажениот свој патријарх или митрополит или според царска наредба.

*Закон:* Но и во царскиот град тие треба да доаѓаат не поинаку, туку така. Но, доколку кој било епископ се одлучи и на таков ред, тогаш тој нетреба да ја остава својата црква подолго од една година. А пак епископите кои пристигаат, како што е речено во Цариград, кон која област тие и да припаѓаат, пред сè треба да пријдат кон блажениот архиепископ Константинополски и патријархот и на тој начин со негово посредство да влезат кај нашата скромност. А во однос на тие, коишто заминуваат и покрај претстојниот наш закон или престојуваат надвор од својата црква повеќе од определеното време од една година, наредувам, во прв ред, на економите (домаќините) на нивните цркви да не им се дава издршка, бидејќи им било напоменато со посредство на грамотите на тие архиереи, коишто ги доставиле за тоа дека ќе се вратат во својата црква, а тие коишто го одложуваат враќањето, пак се повикуваат според свештените правила и ако во продолжение на определеното време не се вратат во својата црква, таквите да се изгонат од епископството (да се расчинат) по одлука на судот и испитувањето од сопствениот архиереј, а на нивно место да се ракоположи друг - подобар, по силата на престојниот закон.

Истото тоа наредуваме да важи и во однос на свештеник од каква било служба, а исто така и кон монах, а тие кои го нарушуваат тоа, се лишуваат од сопствениот чин[111].

*Знамение (Поука)*: Но, ние гледаме дека двете тие наредби не се почитуваат бидејќи архиереите заминуваат за царскиот град не со грамоти на патријархот, туку самоволно пристигнале и влегле низ вратата на

111 Глава 9. Јустинијанова 123 новела; Ст. Новаковић, Синтагмат, 99-100.

градот, со писмо го известуваат патријархот за своето пристигнување и на тој начин без страв влегуваат во великиот град и долго време престојуваат во него без да претрпат некаква непријатност бидејќи приснопаметниот император Мануил не многу пред тоа наредил дека архиереи во величествениот град престојуваат не повеќе време од определеното со благочестивите закони и божествените правила, кога нема никаква неизбежна забрана, а во спротивен случај и против волјата да бидат изгонети од градот. Но, за нивниот престој во тој град да биде сосема по старите обичаи да се разгледа согласно со црковните правила и граѓанските закони.

Наредувам, дека и свештеници, определени во една епархија и без согласност (волја) на сопствениот епископ преминат во друга епархија, таму да не се зачленуваат во црквата, ниту да примаат ракополагање, бидејќи од тоа што тоа не се спазува многу цркви се исполниле со големо безредие и збунетост, а ако кој било се покаже дека ја нарушува престојната наредба, ако ја остави својата епархија и се приклучи кон клирот на друга црква, таквиот не добил никаков степен на хиротонија и да биде изгонет од туѓата црква, должен е против волјата да се врати кон својот епископ. А ако тој примил хиротонија, тогаш во таков случај треба да биде оддалечен од службата на три години, а расчинувањето (симнувањето во понизок ранг) треба да биде оставено на судот на сопствениот негов епископ.

### ГЛАВА 10

***За ослободителните (отпусните) грамоти***

За ослободителните (отпусните) грамоти, давани од архиереите на свештениците кои си заминуваат доволно е кажано во главата за заминувањето.

### ГЛАВА 11

***За епископите кои приграбуваат цркви кои не им припаѓаат***

Исто така во однос на епископите коишто направиле приграбување на цркви кон кои немале никаков однос, расеани правила има во истата таа глава, т.с. за одлачувањето и пак да ги повторуваме нема смисла.

*Картагински Собор, 53-то правило*

За тоа зборува и 53-то правило од Картагинскиот Собор: Има такви коишто надевајќи се на својот народ им го чешаат нивниот слух, односно им ласкаат, и на таков начин ги приграбуваат црквите кои им припаѓаат на други. Но, таквите треба да се одземат од нив со власта на повисоките архиереи-патријарси или митрополити. А изразот „чеша слух“ е земен од Апостолите и означува: заведувачки говор со кој се насладува било чиј слух и е употребено во преносна смисла, од безсловесните животни, кои кога човек ги гали, чеша или ги дразни со своите раце, се смируваат (делуваат питоми) и прифаќаат да бидат држани во рака. Види уште во 24-та глава од Х-состав и правило 40.

## ГЛАВА 12

***За тие кои што разбојнички приграбуваат туѓо; Григориј Чудотворец***

Свети Григориј Чудотворец во 3-то правило што се однесува до разбојникот и користољубиецот кон туѓо заради гнасно придобивање, се одлачува и истерува од Божјата црква, слично на тоа како и синот за неразумна вина што се отстранува и лишува од татковиот имот (наследство). А ако се дрзне некој, рече, во солзи и плач (да каже) дека варварите сѐ разграбиле, се дрзне кој било во тоа време, на сето тоа што му се закануава уништување, го приграби за себе за привремена корист, тоа е својствено за нечесни луѓе и богоомразени, дојдени до краен степен на гнасота, затоа праведно е да признаеме, сите такви да се одлачат од Црквата, за да не падне гневот на сиот народ, и пред сѐ на оние што се надлежни за тоа што не побрзале да ги соберат (повикаат) и не ги исправиле: бидејќи насочувајќи се на имотот на заробените го собираат гневот и на самите себе и на сиот народ; ја зголемуваат вината на тоа користољубие, св. Отец, утврдил дека тоа е многу полошо од користољубието Ахарово; бидејќи и Ахар, вели, еден и чесен лик ја прекршил заклетвата, го навлекол гневот Божји на целиот Израил, а потоа умрел не само тој, туку умреле сите што му припаѓале нему, биле убиени со камења, затоа што впрочем и тие и оној Ахар зеле украден дел од имотот, но тој го зел непријателскиот, а тие тоа што припаѓало на нивните браќа, на таков начин беззаконието на сите е поголем престап, отколку неговото. Се лаже, се заведува себеси тој кој што вели дека тој ја нашол облеката (предметите) фрлена (фрлени) и ја зел, кога таа никому не припаѓала и дека тој не знаел,можеби кој е нејзиниот сопственик, затоа што и тој кој нашол нешто на таков начин, не е дозволено да го користи и да присвојува туѓо за себе, туку, тој е должен да ја зачува за нејзиниот сопственик. Древниот закон предвидува дека ако твој брат или твојот непријател по невнимание ја изгуби својата сопственост и потоа ти во време на мир не го  задржувај, туку врати му го на тој што го загубил, тоа најголема должност е да се зачува оставениот имот од братот, којшто избегал пред непријателот или бил одведен во плен (заробен) и да му се врати на тој што претрпел несреќа? Крајно неразумно би било да се присвојува туѓо во замена за свое-изгубено и да мислите дека во тоа нема ништо ужасно, впрочем во расудувањето на злото таа постапка по ништо не заостанува од тоа што е кажано погоре, бидејќи тие што биле за нив непријатели, овие побрзале да ги направат за свои браќа! Нѐ известил исто така некој (вели  св. Отец) дека некои без сомнение, неверни и нечесни и немале никакво познавање за Бога, насилно приграбиле во неволја некои (предмети од) некои што избегале од варварски раце. Испратете кој било во областа (земјата) за истражување за тоа, за да не падне мољњата на тие што го прават тоа.

*Григориј; Чудотворец, 10-то*

Во 10-то (правило) на овој Велики Григориј: тие што ќе се дрзнат да извршат напад на туѓ дом, ако бидат обвинети за тоа, да бидат осудени, да

не се удостојат ниту со служење и ако доброволно признаат и го вратат тоа што го зеле, наредува да припаднат и да влезат заедно со осудените.

*Закон*: Законот (граѓански) го осудува тој кој приграбува што било од пожар или од бродолом или од паднат дом, на уплата во четворен размер-ако се открие во првата година (во текот на една година), а после една година, само за проста уплата; исто така и тој кој злонамерно го прима тоа.

*Закон*: Крадците и пред осудувањето ако го донесат украденото (украдениот имот), законот не им простува, туку пресудува за плаќање во четврто (четворно)[112].

*Закон*: Ако некој насилно одземе подвижни предмети, тогаш во текот на една година се обврзува да плати четворно, ако биде посведочено количеството и видот на предметите, а по истекот на една година-само нивната вредност. Доколку се докаже дека одземањето било насилно, а сведоците не го познаваат крадецот, во тој случај тој што претрпел за насилен грабеж дава клетва (се заколнува) и ја добива од крадецот вредноста на тоа, колку од него е украдено, според клетвениот доказ[113].

*Закон*: Доколку некој и покрај судската пресуда одземе (украде) било каков предмет, тогаш, ако тој е сопственик на тој предмет, се лишува од негово владение (негова сопственост), а ако предметот биде туѓ, тогаш ја плаќа и вредноста негова. Впрочем и овде, кога истрагата се спроведе во текот на една година, се дава глоба, а доколку по истекот на годината, тогаш само предметот или плодот[114].

*Закон*: Тој што заграбил земја или ја променил (големината) на делот (нивата) да даде двојно количество за заграбеното[115].

*Закон*: Тие што со оружје напаѓаат и разрушуваат домови или села, се казнуваат со смртна казна[116].

## ГЛАВА 13

### *За тие што грабнуваат жена за брак*

*Анкирски, 11-то (правило);* Единаесеттото правило на Анкирскиот собор вели: Девојка, свршена за кој било, потоа грабната од друг, макар овој последниот и противзаконски ја силувал, наредува, повторно да се врати на тој за кого таа била свршена, доколку тој е согласен да ја земе, затоа што против волјата тој не е должен да биде принуден на тоа.

*Василиј, 22-ро*: Василиј Велики во 22-то правило вели: Тој што зел жена со посредство на грабеж не треба да се прима на покајание до тој момент додека не биде разделен од неа. И ако била свршена за кој било, тогаш се враќа кон него, доколку тој посака да ја земе неа, ако таа уште

112 ά Bas. Ξ. k´

113 314. Βασ. Ξ. ιξ.

114 Νε´ Βασ. Ν γ´.

115 Προχ. Ν. λϑ´. μη´.

116 γ´ Βασ. Ξ., 18.

не била свршена со никого, тогаш се враќа кај родителите или кај други нејзини крвни роднини, ако овие последните дозволат-со нејзина согласност, на брак со грабнувачот, бракот да се склучи, а ако не, не треба да биде принудувана.

*Напомена*: А тој што ќе осквернави (обесчести) жена тајно, по нејзина согласност или ќе ја силува, треба да биде подложен на епитимија како блудник и во тек на четири години треба да помине низ четири места на покајание, во првата година да стои плачејќи надвор пред вратата на црквата, втората-во својство на слушателите, во третата метанија да прави, во четвртата да стои заедно со верниците, но да се воздржи од Божествените тајни; по истекот на сето тоа треба да добие совршено општење (да се причести).

*Исто, 30-то*: Триесеттото (правило на истиот Свет Отец): Тој што грабнува жена и тој што содејствува со него, се осудува на стоење во тек на три години, надвор од молитвите, заедно со слушачите. А доколку жената, вели светиот Отец, се предала себе си доброволно, и ако на тоа не претходеле ниту силување (обесчествување), што е кажано лично во однос кон девиците, ниту татба, т.с. тајна врска (тајно мешање), тогаш тој што ја зел жената не подлежи на епитимиите од претстојното правило, бидејќи тука немало насилство, а особено во тој случај ако таа е полновласна (моќна) т.с. вдовица, и од неа зависело дали ќе појде за мажот или не; затоа што ние не треба - вели светиот отец, да расудуваме дали тоа се случило од небрежност (невнимание) или од лицемерие, затоа што се случува обратното, жена од срам да се омажи за почитуваниот или саканиот човек, направила сцена дека таа е грабната, а во суштина доброволно пошла за него. Така, ако грабнувањето било направено привидно, тогаш ниту епитимиите не треба да имаат место, ниту законите поставени за грабнувачите, а само подлежат на побарувањето за оштета од страна на родителите, односно на тие коишто ги зеле во потчинетост нив, затоа што они можат да го растурат бракот којшто е склучен без нивна согласност.

*Четврти Собор 27-мо и Шести Собор 202-ро*: 27-то правило од Четвртиот и 202-то од Шестиот Собор, предвидуваат (заповедуваат): Тој што грабнува жена под изговор за сопружништво, или тој што содејствува или се согласува и тој што помага, ако е свештеник да се расчини, а ако е верник - се предава на анатема. На таков начин овие правила го подложуваат на тие казни и тој што сака да помага на грабнувачот во љубовта и убавината. Тоа е праведно. Бидејќи грабнувачот за да се оправда за грабнувањето изјавува дека тоа го направил од љубов, којашто го поттикнала него на беззаконско дејство, надвладеала над разумот, а кој нормален (со здрав разум) ќе му прости на содејствувачот, којшто немал никаква друга побуда за такво нечесно дејство, освен својата развратност, којашто и покрај другите неубавини, го соборува (урнува) општественото уредување. Соучесник се нарекува тој кој помага да се изврши делото (грабнувањето).

*Закон царски*

Кој грабнува жена, свршена или несвршена или пак вдовица, било да е благородна или робинка или ослободена, а посебно ако таа е посветена (на Бога) или ако својата вереница ја грабне, или изврши грабнување со помош на оружје (меч или стап), таквиот треба да биде казнет со меч, а соучесникот на грабнувачот или тој што знаел или тој што доброволно примал грабнувач, или му укажал каква било помош, после жестока телесна казна (тепање) и острижување, носот да му се отсече, бидејќи со тоа што се одлучил да изврши грабнување, бил готов и да ги убие тие што му се спротиставувале, а доколку грабнувачот го извршил грабнувањето без секакво оружје, тогаш на грабнувачот треба да му се отсечат рацете, а тој што содејствувал на каков било начин, после телесната казна (тепањето) и острижувањето, да се прогони (од обласга), без разлика дали по желба на жената или без желба било извршено грабнувањето, а посебно ако некоја живеела со маж биде грабната. Исто така и родителите на грабнатата жена треба да се испитаат (да се предадат) на достоен суд за нив, во темница да се затворат доколку се обиделе да изнудат отштета од грабнувачот. Доколку и роб биде (се покаже) како соучесник на делото треба да биде изгорен (запален)[117].

*Закон*: Грабнувач или обљубувач или обесчестувач на испосница (калуѓерка), или искушеница или ѓаконица или друг благочестив лик (кој има схима), исто и тие што учествувале, подлежат на погоре кажаната казна по законот, имотот нивен преку епископот и владетелот (световниот началник=кнезот) се претвара во сопственост на таа црква или оној манастир, каде што се наоѓала таа што претрпела штета (навреда), а самата таа со својот имот се фрла во манастир под строга стража, впрочем ако тоа биде ѓаконица којашто има законски деца, тогаш тие последните го добиваат законскиот дел од нејзиниот имот[118].

Тој што грабнал девица или вдовица не може да се ожени за неа, па макар и да се согласил на тоа нејзиниот татко и да и го опростил прегрешението[119].

*Закон*: Грабнатата не треба да стапи во брак со својот грабнувач, но ако се согласат на такво сожителство нејзините родители, тие се казнуваат со затварање во затвор.

Инаку се казнува тој што грабнал девица и тој што обесчестил девица (насилно), затоа што грабнување за бесрамност, грабнувачот не се оправдува; а обесчестувањето ако е направено со насилство, доколку е допуштено од подложениот на обесчестување, се простува и им се дозволува сожителство (да живеат заедно).

*Закон*: Грабнатата го добива во своја полза имотот на грабнувачот доколку не сака законски да живее со него, а доколку го сака тоа, се предава во касата (државната благајна) имотот на грабнувачот и на тие кои содејствувале со тоа зло, без разлика дали тоа биле нивни родители или

117 ά Bas.,ξ. νη΄

118 μγ΄. Новела на Јустинијан, 123.

119 VI. Βασ. 60; 58.

туѓинци (други)[120].

Грабнувањето е прекршок ист со прељубата. Тој што извршил грабеж или посегнал по девица подлежи на тешка казна и во тој случај кога обвинението е покренато од страни лица (лица што не се роднини) па макар и таткото на девицата да бил замолен (спремен) да прости[121].

*Закон*: Доколку роб извести за грабнување на девица да биде слободен или ако разобличи (разоткрие) извршено грабнување кое веќе е простено[122].

Тој што граби или крие туѓа робинка-блудница не подлежи на казни ниту како крадец, ниту како грабнувач на луѓе, затоа што тоа го направил не заради тат (кражба), туку за задоволување на страстите, впрочем подлежи на парична казна од кнезот (управникот на областа) и да се вразуми[123].

17-та Јустинијанова новела забранува на грабнувач на девојка да се спаси во пределите со прибежиште; исто тоа и во 13-глава од Е-состав

Во дните на Светата Пасха грабнувачите на девојки се затвораат и се врзуваат. Види и 7-ма глава од П-состав.

## ГЛАВА 14

### *За мажељубиеѿо[124]; Василиј, 7-мо; 62-ѿо*

Василиј Велики во 7-то правило, а исто така и во 62-то, за тоа безобразие вели: „тој што пројавил нагон (бес) на машки пол“ и да се покае треба да се подложи на соодветни епитимии-каење од 15 години и потоа да биде удостоен со општење.

*Григориј Ниски*: А Григориј Ниски во третото правило го протега покајувањето на 18 години.

*Јован Посѿник*: Ако момче (дете) биде осквернавено =обесчестено од каков било маж, тогаш ако тоа го примило во бедрата истекувањето (спермата), после соодветната епитимија може да стапи во свештенство, а ако ја примал спермата во „дебелото црево“ (анусот), никако да не се удостојува со свештенички чин, макар тој и да не згрешил за време на младоста (младенчеството), но сега со проседена коса и нему се дозволува да свештенодејствува бидејќи се осквернавил.

*Закон*: Осквернавените од машки пол, тој што го направил тоа и тој врз кого е направено тоа, треба да бидат казнети со меч, освен ако тој што го претрпел скврнавењето не е помлад од 12 години, затоа што тогаш малолетноста го ослободува него од таква казна[125].

120 Новела на Јустинијан, 143 и 2; ε΄ Βασ. Ξ. νη΄

121 ε΄ Βασ. Ξ.. ιη΄

122 γ΄Βασ. μη΄, ιη΄.

123 λϑ΄. ΄ Βασ. Ξ..ιβ΄

124 Може да се преведе и како: хомосексуалноста; мужеложство, склоност на маж сексуално да општи со маж.

125 ῾Αρμενοπυλ, .ς. Δ, γ΄.

## ГЛАВА 15

***За началницише*[126] *(архоншише; уйравницише) какви шреба шие да бидаш***

*Закон*: Началникот, доколку е можно, треба да биде (прилега да биде) подржувач на божествениот ред[127], да биде кон секого милосрден, не злопамтен, незлобен, трпелив, негневен, нелицемерен, дарежлив и не брзо и без истражување да верува на клеветите и наговарањата; затоа што кога началникот работи според страстите, тој фактички работи спротивно од горенаброените добродетелни страсти. Многумина често неправедно се подложуваат на страдања[128]. Тие својства (одлики) го карактеризираат вистинскиот началник: смирение во однос на посветените на Бога, едноставен и постојан во трпезата (јадењето), нелицемерен и непроменлив (постојан) во судот и неподмитлив.

Кнезот (архонтот) треба да биде благопријатен со тие што се обраќаат кон него, но без да се понижува себе си, кон потчинетите не треба да се обраќа како кон рамни на него, не треба да покажува на лицето гнев или милост, со расудување треба да се однесува кон соработниците (негови) и не треба да ги прима тие што даваат отпор (спротивно што дејствуваат)[129].

Епарси се нарекуваат тие што управуваат со епархија, а епарх е тој што управува во Константиновиот град[130].

## ГЛАВА 16

***За женише шшо се нечисши*** *(се наоѓаш во йериод на чисшење-или менсшруален циклус); Дионисие 2-ро йравило*:

Свети свештеномаченик Дионисиј Александриски во второто правило (заповеда): Жените што се наоѓаат во очистување да не пристапуваат кон божествената трпеза ниту да примаат пречесна причесна Тајна; затоа што таа што крвари (таа што и тече месечна крв) да не се дрзне да го допре Господ, но само крајот на Неговата риза (кошула), да го спомену-ва Господ и да го моли за помош, што се наоѓа во таква состојба не е забрането, а да пристапува не сосема чиста кон Најсветиот од Светите-е соблазнително и опасно. Жените, вознемирени од месечното течење на крв, (св. Отец ги нарекува: „тие што се наоѓаат во ἐν ἀφέδρο“) се одделуваат од седење со останатите како нечестиви; бидејќи еврејските жени за време на месечното течење молчат, седат во посебни места, додека не поминат седум (7) дена и не прекрати месечното течење. Таквите и во иднина не се допуштаат до олтарот во кој во минатото (древноста) им било

126 Περί ἀρχόντων

127 Или: божественото општество;= уредување.

128 Ἐπιτομ. ΙΔ΄, β΄.

129 νβ΄ Βασ. .ς. α΄.

130 Овде се мисли на епархот на градот; во руското е преведено малку поинаку: независен началник е Константинополскиот.

дозволено да влегуваат, туку се исфрлаат од храмот и исто од припратата на црквата.

*Закон*: 17-тата Новела на царот Лав Мудри, вели: Во однос на родилките (жените што родиле) коишто се наоѓаат во состојба на природно очистување, определуваме дека, кога кај нив нема друга опасна болест, до 40 дена се одложува (се остава)- за некрстено прочистување, а верните се просветлуваат со божествените Тајни, а кога ќе ги фати некаква болест, којашто се заканува да ѝ го прекрати животот да бидат неодложно удостоени; некрстените-со просветлување, а просветлените-со Тајните.

## ГЛАВА 17

***За недораснатите (малолетните)***

*Закон*: Малолетните не ги оправдува во престапот, ако направиле на пример кражба (тат) или извршиле убиство, макар од тоа тие да не добиле за себе никаква полза. Види и Глава 4 од овој состав[131].

## ГЛАВА 18

***За одлачувањето[132] (отфрлањето)***

*Знамение* (Поука): Кој посветува (обрнува) внимание на тоа што се случува може да каже дека не следува да се присоедини кон претходно кажаното и ова- т.с. во однос на оние коишто се оддалечиле од божјата благодет да бидат оддалечени од Бога, но тие што со своите итри самоволија клонат кон зли дела, (алчниот) плод од овде нека биде одлачување од Бога.

*Апостолско, 10-то правило*:

10-то правило на светите Апостоли (вели): Тој што учествува во молитва со одлачените од општење во какво било место, треба и самиот да биде одлачен; затоа што со тоа општење бил присвоен од нив или пренебрегнат, да му се закани со презрение на тој како незаконски неправедно одлачен, а едноставно да се разговара со закана (правилото) не забранува.

*Знамение; Апостолско 11-то*: 11-тото правило на тие свети Апостоли го исклучува (расчинува) свештеникот којшто се молел заедно со свештеник што бил одлачен (расчинет) и после расчинувањето повторно свештенодејствувал.

*Апостолско, 32-ро*; 32-рото (Апостолско правило) вели: Одлачениот од општење од сопствениот негов епископ не треба да биде приман од друг; а ако одлачениот умре, тогаш во таков случај, наследникот на неговата власт (тој што ја примал неговата влст) истражувачот во однос на одлачувањето треба да има слобода да ја ослаби или да ја појача забра-

131 Во рускиот превод стои уште: Види глава 4 на овој состав и 33 глава од состав Е; исто така закон во 8-та глава од состав Б и 4-та глава од состав А

132 Одлачување, отфрлање, екскомуникација или исфрлање од црквата, овде е земен црковно народниот термин „одлачување“.

ната; а друг да го прави тоа му е забрането и за време на животот и по смртта на одлачениот, единствено соборното истражување (да се уважува- б.а.).

*Картагинско, 9-то правило*: Исто така и деветтото (правило) на соборот Картагински суди: дека тој што примал во свештеничко општење свештеник неосновано, туку справедливо за апсурдно одлачениот, треба да подлежи на одлачување (расчинување) и самиот; исто и тој што се молел заедно со исфрлениот треба да се подложи на иста казна како него.

*Антиохијско, 6-то (правило)*: Согласно со тоа е и шестото Антиохиско (правило); дека и попови (свештеници) и мирјани (верници), коишто подлежат на закана за исфрлање од своите епископи не добиваат дозвола од друг, пред да се ослободат од поплаките (обвиненијата) или да расправа за нив општиот собор.

*Сардикиско, 13-то*: Исто така и Сардикиското 13-то (правило): Исфрлениот од свој епископ презвитер или ѓакон или воопшто припадник на клирот, не е дозволено да се прима во општење кај друг епископ, кој што има податоци за него; затоа што тоа причинува навреда на тој што го исфрлил (го одлачил).

*Исто таму; 14-то*: 14-то правило (на истиот собор) вели: Доколку кој било од свештениците од сопствениот негов епископ, затоа што бил нервозен (разгневен) во гнев го подложи на одлачување, што не требало да се случи, во таков случај не треба таквиот од друг да се оддалечува од општење, но, тој може да дојде кај обласниот митрополит, на кого што е потчинет одлачувачот и нему треба да му ја изнесе причината за одлачувањето, а епископот не треба да се огорчува од тоа, затоа што на таков начин или ќе биде утврден неговиот приговор или, ако тој не е справедлив, ќе биде исправен. Пред конечното истражување (расветлување) на одлачувањето не треба бессрамно да пристапуваат кон општење и останатите свештеници, коишто му ја укажуваат соодветната чест на епископот, како и тој од своја страна треба да им ја укажува потребната љубов, треба да се потчинуваат на забраната, да не ги потценува нив, додека истражувањето не донесе должно решение во однос на него. Што се однесува до дополнувањето на правилата, дека при отсуство на сопствениот митрополит делото се доставува на разгледување на соседниот, тоа утврдениот сегашен обичај, не го допушта.

*Картагински (собор), 139-то правило*: Согласно со тоа зборува и 139-то правило на Картагинскиот собор: Ако некој од епископите, поради раздразнетост (нервоза), што не би требало да биде, теран од гневот, било кој од потчинетите нему свештеници го оддалечи од црквата и од општење, треба (доликува) да се употреби заштита, за тој што ги добил забраните неправедно да не биде одлачен, затоа тој треба да има слобода да се обрати кон соседните епископи, од кои треба да се подвргне (подложи) на целосно истражување за причините за одлачувањето, а епископот што го одлачил кротко и благодушно треба да сноси истрага и благосклоно да се подложи на решението на мнозинството, без разлика дали

ќе биде утврдено неговото мислење за валидно или невалидно.

*Прв собор, 5-то*: Петтото (правило) од Првиот собор: Во однос на тие коишто епископите по секоја епархија ги оддалечиле од општењето во црква, без разлика дали припаѓаат они на свештениците или кон редот на верниците, треба да се почитува правилото со кое е утврдено дека одлачените од едни не треба да се примаат од други. Впрочем, треба да се обрне внимание не според малодушноста, или казна или незадоволство или по кое било пристрастие на епископот, луѓето потпаднале во одлачување, пред сè на собори; секоја година што се одржуваат, треба да бидат подложени на истражување делата што се однесуваат на нив и или неосновано одлачените биле подложени на заслужена забрана или неосновано тегобите на одлачувањето благодушно ги примале епитимиите.

*VII Собор, 4-то правило*:

Но и четвртото (правило) од VII Собор (вели): Епископ заради срамна корист изнудува од потчинетите нему епископи или свештеници или монаси, злато, сребро или што било друго, под изговор дека се обвинети за грев (за наводен грев) нешто што не се содржи во божествените правила, и не со задоволство го даваат побараното ги казнува со одлачување или на други пристрасно им забранува служење на кој било од потчинетите нему свештеници или заклучувајќи го чесниот храм, за во него не може да се изврши обична Божја служба-таквиот нечуствителната своја лутина ја насочува и на храмот и навистина е бесчуствителен, вели правилото и треба да подлежи на ваква казна: епископот да биде одлачен од митрополитот, а тој (митрополитот) од патријархот, справедливо да го прими на себе тоа што неосновано го наложил на други.

Затоа апостол Павле, како што заповеда некое правило на Ефескиот презвитер рече: сребро или злато или облека, ништо не посакав и порано и сега и понатаму.

Не треба децата од родителите да земаат ( имот), туку родителите од децата.

Петар, врховниот од Апостолите предвидува: Пасете го во вас стадото Божјо, не по нужда, туку по волја и по Бога не за неправедни придобивки, туку усрдно (ревносно), не како господари на стадото туку бидете пример за стадото, бидејќи правилото заповеда: не ги користете свештениците како робови и слуги, но без страст и принуда да ги пасете нив и да ги исправате.

*Картагинско, 29-то*

29-тото правило на Картагинскиот Собор вели: Одлачениот од општење за небрежност или за грев, епископ или кој било свештеник, макар и да мислел дека страда неправедно, не треба да ги пренебрегнува забраните додека неговото дело не се истражи пред посовршен суд, а ако се покаже дека тој стапил во општење со кој било пред истражувањето (на неговата вина), тогаш ќе го забрза самиот на себе судот (ќе ја забрза самиот на себе пресудата) за совршено одлачување.

*Теодор Валсамон, Како не треба без докажана вина да се одлачува*

*некој*

*Знамение*: Врз основа на тоа правило некои велат дека одлачениот без причина, призната од божествените правила, туку по безрасудната желба на одлачувачот, без опасност може слободно да го пренебрегне (занемари) одлачувањето и поскоро треба да се подложи на казна тој што одлачил; затоа што ако на епископот му биде дадено правото благовремено или неблаговремено да одлачува свештеници и мирјани (верници) ида ги поставува во неопходност забраните-плашејќи се од неблаговремено одлачување и го исполнува тоа-тогаш епископите си присвојуваат за себе самовластие и се исмејуваат и над самото благочестие и на таков начин божествените правила станувaат причина на многу несреќи што е врв на апсурдот (глупоста). Токму затоа и говори правилото со ограничување: ако некој е одлачен за небрежност, односно за грев, кој го забранувaат божествените правила. Тоа истото го вели божествениот Дионисиј Ареопагит во посланијата: бидејќи Божеството не се привлекува на безрасудните стремежи на свештениците.

*Картагинско 105-то (правило)*

Истиот собор 105-то[133] (правило): Свештеник, одлачен од општење во Африка, доколку тој замине во Рим и се дрзне да свештенодејствува пред да биде завршен судот за него, подлежи на совршено одлачување.

И 136 и 137-то[134] правила на истиот собор говорат: Епископот, кој што вели (говори) дека некој му исповедал нему таков грев, за кој што тој го одлачил него, а тој тврди дека ништо такво тој не му поверил нему-на таквиот епископ единствениот сведок против исповеданиот (грев) не треба да му се верува, туку на него треба да му се понуди да има општење со одречените (откажаните), а ако си ја вознемирува совеста соблазнува со нив, тој мисли дека него не треба да го допушта во општење, во таков случај и со него (одлачените) не треба да имаат општење останатите епископи толку време колку што тој немал општење со одлачениот, за епископот подобро да се варди да зборува за кој било нешто што не може да го докаже пред другите. Види уште 9-та глава на овој состав Апостолски правила: 12; 13 и 16[135].

***Закон:***Јустинијановата, пак, новела говори: Забранувам на сите епископи и презвитери да одлачуваат кој било од светата Причеста пред да биде докажана вината, за која црковните правила наредуваат така да биде. Доколку некој и покрај сé, оддалечи некого од светата Причест, тогаш тој којшто неправедно бил оддалечен (отстранет) од Причеста по

133 Во рускиот превод стои 118-то правило. Ние ги земаме нумерирањата според изданието на Ст. Новаковић, Синтагмат.

134 Во грчкиот текст стои: 132 и 133-то, ние ја прифаќаме нумерацијата на Ст. Новаковић.

135 Во рускиот превод е додадено: ив о 12 (читај 16) глава од буквата Р, правило на неокесарискиот собор 9-то и 10-то и Теофил Александриски, 8-мо правило. Тоа го нема во нашиот текст.

разрешувањето на одлачувањето од свештеник со повисок ранг, треба да биде удостоен со света Причест, а тој што се дрзнал неправедно да отстрани кој било од светата Причест треба да биде отстранет од Причеста од тој свештеник на кого што неправедно одлачениот е потчинет, на толку време на колку тој смета за потребно за да би справедливо го претрпи тоа што го направил неправедно.

Епископите или свештениците не треба да принудуваат кој било да им принесува плодови или присилно да работат, или тие што не прават така да ги одлачуваат или анатемисуваат или да не им даваат причест или да не ги крштеваат бидејќи тоа е незаконско.

Крај на А-состав

## НАЧЕЛА СО БОГ - В- СОСТАВ

### ГЛАВА 1

***За светото крштевање***

Доаѓајќи до следната по ред буква (В) сметаме за потребно пред сè да ги изложиме одредбите што се однесуваат на светото крштевање.

*Апостолско 47-мо (правило)*

47-то правило на светите Апостоли (вели): Тој што се удостоил со вистинско крштевање, како што предвидува заповедта на Господа и преданието на Апостолите, не се прекрштева, а тој (кој) злочестиво од нечестивите повеќе бил осквернавен отколку крстен, нема сомнение, се прекрштева; а доколку крстениот веќе добил вистинско крштевање, а потоа од нечестивите бил осквернавен, тој да се помаже само со миро, затоа што и тоа се признава за дел од божественото крштевање, а тој што не прави така, епископ ли бил или презвитер, правилото го осудува на совршено одлачување, како потсмејувач на крстот Господов и се потсмева на Неговата спасителна смрт. Бидејќи божествениот Павле рекол: Свесно (волно) тој што ни згрешил нам по спознавањето на вистината, кон тој за гревовите не се наоѓа жртва, т.с. очистување со посредство на крштевањето, бидејќи смртта Христова е единствена и единствено очистувачко крштевање.

*Картагинско, 50-то (правило)*

Истото го заповеда и 50 правило на соборот во Картагина.

*Апостолско, 49-то;* 49-то правило на светите Апостоли заповеда да се крштева согласно Господовата изрека: во Отецот и Синот и Светиот Дух, а не во три беспочетни, или во три сина или во три утешители; затоа што единствен беспочетен е Отецот, по невиноста и еден Син по неизреченото раѓање и еден свет утешител е Светиот Дух по потекло (исхождение) од неродениот, а епископите и презвитерите што не прават така подлежат на епитимија-одлачување.

*Апостолско 50-то;* 50-то (Апостолско правило) предвидува да се прават три крштевања во едно таинство (една тајна), т.с. три потопувања (нурнувања) во едно крштевање и при секое потопување (нурнување) да се изговара само името на Светите Троица, а не едно крштевање дадено во смртта Господова, т.с. еднаш да се потопи тој што се крштева и со едно потопување да се соопшти смртта Господова како што предава преисполнетата со безумие евномијанска ерес за која споменува и 7-то правило на Вториот Собор: затоа што не рекол Господ во смртта моја крштевајте, туку, одете научете ги сите јазици, крштевајте ги нив во името на Отецот и Синот и Светиот Дух; а епископите и презвитерите кои не работат така правилото ги казнува со одземање на свештенството. Исто и во 2-та глава од А состав, седмото правило од Вториот Собор, од кое ти јасно ќе дознаеш, кој треба да се прекрштева и кој само да се помазе со божествено миро.

*Лаодикејско, 48-мо правило;* 48-то правило од Лаодикејскиот собор

(определува) дека просветлените биле помазани со небеско миро, затоа што тоа било осветлено од молитвите и повикувањето на Светиот Дух, ги осветува помазаните и ги поставува нив за учесници (припадници) во царството Христово, доколку само ние не се направиме себе си туѓи за него од небрежниот живот и злите дела.

*За Светото Миро;* Некои велат дека светото миро личи на тоа миро коешто било полеано од блудницата на Исус, бидејќи и тоа и другото означуваат погребение и воскресение.

*VI Собор, 31-во и 59-то, I и II собор, 12-то;* 31-то правило на VI Собор, уште и 59-то многу добро зборуваат и Првиот и Вториот Собор во 12-то правило, само судот го одлачува оној свештеник, којшто без дозвола на епископот крстел во молитвен дом што се наоѓа внатре во куќата.

*VI Собор,8-мо*[136] *и Лаодикејско 47-мо*[137]*;* Осмото[138] правило на VI Собор и Лаодикејското 46-то заповеда, дека тој што се готви за спасителното крштение претходно да ги изучи тајните на верата и во петтиот ден во секоја седмица епископот или презвитерот на којшто епископ му било порачано да го подучува него, да дава известување дека разговарал во текот на седмицата дека крштевајќи се и се покаже дека недоволно го утврдил учењето на нашето таинство, не бил отргнат од еретички и лоши проповеди.

*Исто, 45-то;* Исто така Лаодикејското 45-то правило, Кој во текот на целата света четириесетница не се прочистил со пост или сличен подвиг, не му се дозволува да се крштева на Велика Сабота; бидејќи во црквата имало закон, поголем дел од подучените да се крштеваат во тој ден, така што крштевањето претставува погребение и воскресение, а Велика Сабота е определена помеѓу погребението и воскресението: Затоа Апостолот вели: Доколку се крштеваме во смртта Христова да се крстиме и трите потопувања го означуваат тродневното Негово погребение и воскресение.

*47-то:* 47-то (Лаодикејско правило) вели: Ако некој заболее и се најде во крајна опасност, да биде удостоен со божественото крштевање пред да биде подучуван за учењето на благочестието, тој по избавувањето од болеста треба да ги изучи таинствата на верата и тоа дека со благодет и дар без секаква заслуга од своја страна, тој се ослободил од гревовите и се удостоил со познанието на вистинскиот Бог со посредство на крштевањето.

*Неокесариско, 12-то*: Неокесарискиот 12-то (правило): Крстениот по причина на болест и потоа оздравел, како добар избраник не произволно, но можеби по неопходност и прогонуван пред тоа од сластољубие (сластостраст) и богат живот, не се дозволува да биде произведен

136 Во фуснота стои 88-мо, Сп. Синтагма, 118.

137 Во грчкиот текст има и 45 и 47-мо.

138 Во грчкиот текст: ὁ δὲ οη´ .= 88.

во свештенство, освен ако биде докажано за верата и за причините по недостатоците на луѓето.

*Картагинско, 45-то*: 45-то Картагинско (правило) забранува да се крштева умно пореметен како последица на болест или други напади ако тој не се оправил многу, своите погледи за верата и надлежните желби не ги изразува гласно. А доколку биде посведочено дека пред болеста барал крштевање, но оддолжувал по какви било причини, тогаш без сомнение треба да биде крстен.

Види уште во Прва глава од А-состав, правило 12 од Анкирскиот собор.

*Неокесариско, 6-то* (правило): Шестото (правило) на Неокесарискиот Собор, не забранува бремени жени по желба да се крштеваат, но не се приопштуваат кон тоа просветлување и децата коишто од природата не примиле слобода за добро и лошо и не може да се истражи тоа дека плодот имал слобода; а децата да дадат согласност преку восприемникот (мајката) и да се просветлат со самото дело, се приопштуваат кон божествената светлина.

*Тимотеј, 6-то*: Шестото правило на Тимотеј Александриски: Подучената жена, ако во тој ден во кој таа продолжила да се крсти, нејзе и „дојде" обичното (циклусот) да се одложи просветлението за друг ден[139].

*Прво*: Првото негово правило вели: Ако дете подучено или исто и маж, при извршување на свештената жртва пристапи без итрина (лукавство), ги причести божествените дарови, тогаш без одлагање треба да биде крстен, затоа што е повикан од Господа.

*Василиј, 20-то*: 20-то правило на Василиј Велики: Жените еретици, кои што уште не добиле божествено крштевање, но престојуваат уште во чинот на подучување (запознавање со вистинската вера), ако они дадат завет за девство, а потоа се омажат не се осудуваат за тоа што го промениле (го прекршиле) ветувањето, доколку за тоа законот кажува; вистината во законот вели: бидејќи крштевајќи се тие добиваат простување на сите гревови што ги направиле до крштевањето; бидејќи и сите што поверувале и се крстиле не подлежат на никаква казна за тоа што згрешиле пред крштевањето, бидејќи во тоа и се состои предноста и посебноста на духовната преродба.

*Теофил, 4-то*: Четвртото правило на Теофило Александриски во однос на некој кој скврнави со внука од сестра (сестричница) вели: дека ако тој пред крштевањето се споил со неа и после тоа се отргнал од неа, треба да остане да биде ѓакон, затоа што светото крштевање ги очистило неговите претходни гревови; а доколку ја имал нејзе после крштевањето, тогаш треба да биде отстранет од клирот, а тој којшто по незнаење го ракоположил (го хиротонисал) него, тој не треба да има никаква штета.

*Кирил, 4-то*: Четвртото правило на светиот Кирил (вели): Доколку

139 Во додатокот стои: Треба да се одложи додека не се очисти! Тоа го нема во нашиот текст.

некои од подучуваните се најдат под епитимија за направен грев, се подложуваат на одлачување и се приближат до смртта, тогаш треба да бидат крстени и не треба да заминат од овој свет без причеста на благодетта.

*Тимотеј, 2-ро: Како треба да се крштеваат бесните*: Второто (правило) на Тимотеј Александриски, бесен што се подучува, пред да се исчисти од нечистиот бес е забрането да се крштева, бидејќи е незаконски тој што се предал себеси на лукавиот демон (бес) во живеалиштето свое склоност кон злото прифатил и светот на Светиот Дух не го ослободил целосно од темниот и лукав дух; а доколку се приближи до нејзината смрт, (правилото) предвидува да се крсти, за да не замине од животот залудно не добивајќи упатства од божествената благодет.

*4-то*: Четвртото негово правило (вели): Подучениот ако тој се измачува не од бес (демон), туку од болест е лишен од здравиот ум[140], така што не може да одговара моќно му се одзел и гласот, доколку успее да покаже дека доброволно ја прима верата, доброволно бил приклучен кон подучуваните, без сомнение треба да биде крстен.

*Картагински (собор), 109 и 110-то*[141]; Картагинскиот собор во правило 109 и 110 на проколнување (анатема) ги осудиле тие коишто велеле дека Адам од почетокот бил создаден смртен и требало да умре, макар и да не ја прекршил наредбата и дека смртта не настанала (не дошла) по причината на гревот, бидејќи Црквата учи дека Тој бил создаден од Бога ни смртен ниту бессмртен, туку во средна состојба меѓу величието и смирението (ништожноста), способен да ги прифати и двете како што рекол (Григориј) Богослов и дарот го примал доброволно (добивајќи во дар и слобода и го избра злото наместо добродетелта) и животот го замени со смрт. И така бидејќи преку единственото прекршување на заповедта смртта во светот влезе како што рекол Апостолот и гревот роди смрт и така смртта влезе во целото човештво, како божем некое татковско наследство, поминувајќи на внуците (на поколенијата) бидејќи во неа сите, вели Апостолот, згрешиле, така и децата не се слободни од гревот Адамов, затоа што нивниот зачеток се случил во беззаконие, бидејќи соединувањето и следува по тој зачеток потекнува од задоволствата и би се сметало за грев доколку законот не го помагал (покровителствувал) бракот, така што сладострастието, очигледно и телесните желби (посакувања) подбудуваат на тоа, впрочем тоа и се случува за создавање на деца. Така, доколку раѓањето на луѓето се случува по причина на телесна желба, тогаш не се ослободени и новороденчињата од прародителскиот грев и треба да се очистат од него со божествено капење да се преродат, бидејќи децата имаат несовршена и нечувствителна природа и немаат разумно сознание, но по вера тие што ги принесуваат примаат (добиваат) просветување од Духот, тоа јасно го покажал Господ, кога заради верата на други многумина лишени од здравиот ум поради болест ги ослободу-

140 Може да се преведе и: го загубил здравиот ум.

141 Во грчкиот текст ги има уште и 111; 112 и 113-то.

вал не само од телесниот недостаток туку и од душевниот. Така и децата треба да се крштеваат за да се ослободат од гревот, а тој што не мисли и прави така, а смета дека начинот на крштевање за ослободување од гревот во однос на децата е лажен, а не вистинит, го осудуваат на анатема.

*Картагинско, 111-то*: Истиот собор 111-то правило вели: Благодетта што ни е дарувана преку крштевањето ни дава не само ослободување од направените гревови, туку и сила кон тоа во иднина да не грешиме, ако само ние по безгрижност доброволно не се предадеме на грев; а тие кои не мислат така, се предаваат на анатема.

*112-то*: 112-то правило на истиот собор вели: Благодатта (дарувана) со посредство на крштевањето, ни го открива нам спознанието на гревовите не само што ни дава помош за тоа за да не грешиме туку и да знаеме што треба да сакаме и што со сета сила треба да избегнуваме, но дава тајна и сила што да љубиме и ревносно да работиме, да правиме тоа што треба да правиме, бидејќи и едното и другото и знаењето и љубовта се дар Божји, а тој што не подржува такво мислење, туку мисли дека благодетта ни дава само знаење за тоа што треба да работиме, но не ни дава заедно со тоа и сила за да се сака тоа што се прави, правилото ги вбројува кон наследниците на анатемата, затоа што само разумот го фалат а љубовта ја создаваат.

113 правило на истиот собор вели: Тие коишто зборуваат дека ние можеме и без благодетта дарувана преку крштевањето да ги исполнуваме заповедите, само со поголема тешкотија, бидејќи само она содејствува за нивно исполнување, јавно се казнуваат со анатема, затоа што сé припаѓа на божествената благодет и без неа ние не можеме да исполниме ништо што треба, бидејќи не рекол, вели правилото, Господ; без Мене не можете да творите лесно, но без Мене не можете да творите ништо. (Јован, 15, 5).

*Како не треба да се крштеваат умрени или да се причестуваат. Картагинско, 18-то*

Истиот тој собор 18-то правило заповеда веќе умрените ниту да се крштеваат ниту да им се даваат Божествени Тајни, бидејќи некои не разбирајќи ја смислата на Апостолското слово во првото послание до Коринтјаните: што да направат заради крштевањето на мртвите; дали мртвите на никаков начин не стануваат? Што и да се крштеваат мртвите? Едни ги крштевале своите мртви, а други, заради мртвите и живите, но правилото забранува да се прави тоа; затоа што Апостолот не заповеда да се крштеваат веќе умрените, ниту други наместо нив, но доколку крстените ја спознале силата на нашето таинство заедно со останатите се разбира да очекуваат и воскресение на мртвите, т.с. телесно; веруваат дека потопувањето (нурнувањето) во купелта и излегувањето од неа означува смрт и воскресение, тогаш кон тие што се сомневаат во однос на тоа и зборува Апостолот што ако нема воскресение, тогаш зошто прават крштевање во надеж на тоа дека мртвите ќе воскреснат, за што залудно се трудат ако се сомневаат во однос на воскресението? Затоа што тоа

што го прават, они го исповедуваат дека очекуваат воскресение, а со тоа што го зборуваат сега тие го негираат него бидејќи крштевањето заради мртвите по природа, веруваат дека и тие ќе се преобразат од телесно во нетелесно, така што душата по природа е бессмртна и бесконечна, а телата подлежат на гниење (на распаѓање) и промена, токму за тоа што исповедува било кое слово и во што верува, тогаш со самото дело покажува свештеникот, ја претставува во водата вистината.

## ГЛАВА 2

### *За сомнителните деца дали се крстени*

*VI собор 84-то, и Картагински, 72-ро;*84-то правило на VI собор, а исто така и 72-то правило од Картагинскиот собор, децата во однос на кои постои сомневање дали тие добиле божествено крштевање кога не знаат ни самите тие, заради малолетноста, ниту има други доверливи сведоци, заповеда, без сомнение да се крстат, бидејќи иако во божествениот симвoл на верата ние сме научиле „да се исповеда едно крштение“, но доколку Господ рекол: ако некој не се роди со вода и дух не може да влезе во Царството небесно (Јован, 35), треба да сеплашиме дека лишувајќи се од божественото просветление и необвиткани во приличните за духовен брак облеки, тие не би биле изринати заедно со ѓаволот од царството, бидејќи во сомнителните случаи несомнено треба да победи човекољубието.

## ГЛАВА 3

### *За крштевањето на агаренските деца*

Може да се види дека блескавиот свет со благодети не е оптоварен и не се гаси од длабокиот мрак на агаренското злочестие, бидејќи кај неверните има белег (знак) воведувајќи ги нив кон божественото познание, кај голем број од агарените има обичај, новородените свои деца да ги обрежуваат не пред христијанските свештеници, под чиешто поданство се наоѓаат, иако и против волјата биваат принудени да ги крстат. Така во однос на ова било разгледувано на соборот во царувачкиот град (Константинопол) кога патријашискиот престол го управувал свештениот Лука, - треба ли таквите пристапувајќи кон вистинската христијанска вера да се прекрштеваат или само да се помазат со миро и било решено: безусловно таквите одново да се крштеваат, затоа што крштението со кое што се измиле тие го користеле не со благочестиви намери, но како магија или маѓепсување или како некое заколнување со цел за да биде безболен и не пушти лош мирис (смрдеа) телесниот состав на обрезанието.

*Уште и за крстените од непосветени (несвештени) лица*

Било разгледувано и ова: (Митрополитот) Ираклијски Мануил прашувал: треба ли да го прифатиме како верник тој што бил крстен од непосветен, лажно тврдејќи дека има свештенство затоа што тоа се случило тогаш во неговата епархија и соборот решил дека треба да се прекрштеваат и таквите, - бидејќи рече, според свештените Апостолски

правила 46-то и 47-то единствено на епископите и свештениците им е доверено[142] да вршат свето крштевање, тоа се гледа (се открива) и од 26-то и 27-то правило на Лаодикејскиот собор, од кои првото заповеда дека тие што не се произведени од епископ да не вршат заколнување,- а второто, дека просветените одговарале за верата пред епископот или презвитерот кон тоа и погоре кажаните правила од VI собор (84-то) и Картагинското (83-то) заповедаат без одлагање да се крштеваат тие за кои постои сомневање дали се крстени, освен тоа би било неблагочестиво и не безопасно-крстениот од некој што не добил власт да крсти и со посредство на крштевањето да дава ослободување од гревовите (затоа што крштевањето ги очистува нив), да се прими во божествениот хор на верниците.

Бидејќи претставува не мала опасност од причини на такво сомнение тој да не биде лишен од очистување со посредство на светото крштение, а ние неприметно за себе да не бидеме во општение со некрстени; а доколку некој се противи дека крштевањето е извршено од непосветен, следува да се признае за вистинито заради направените од мирјаните молитви и заради помазанието со свето миро, таквиот може да каже исто така дека и хиротонисувањето од кој било непосветен и се претставува себе си за епископ треба да биде свештеник и после тоа, откако тоа ќ е биде откриено дека е неубаво и спротивно на 4-то правило на II Собор, којшто за Максим Циник утврдува дека тој не бил и не е епископ ниту хиротонисаните од него немаат повеќе никаква полза, бидејќи сето тоа тој го направил незаконски и е нецврсто, а исто така и 18-то правило на Сардикискиот собор , тие (кои) што ги одлачиле (расчиниле) од свештенство ракоположените од несвештените Муса(Мојсеј) и Ефтихиј и ги симнале нив на чин мирјани, така, како тие последните се признаваат за неракоположени и како агаренските деца крстени за да не им суди исечокот не се признаваат за христијани, така не се признаваат за христијани и помазаните само со Миро од непосветени, бидејќи не им е дозволено на таквите и воопшто да даваат какво било осветување. А кој се спротивставува на направеното од Великиот Атанасие, на тој треба да му се припомни граѓанскиот закон, кој предвидува: дека тоа што не е по правилата, тоа не се наведува во примерите и дека и тоа што се прикажува не е скуден закон на Црквата.

## ГЛАВА 4
### *За крсшенише од Јудеише*

*Собор VII, йравило 8-мо;* За жестокиот и необрезан од срце род Јудејски 8-то правило на VII Собор заповеда вака: Доколку некој од нив со искрено срце ја избере христијанската вера и нам од сето срце ни се исповеда дека свечено се одрекува од сè што природно прави еврејскиот род, за да би подучувал и исправувал други, таков треба да биде примен и треба да биде удостоен со божествено крштевање, а исто така и неговите

142 Може да се преведе и: им е дадено да вршат свето крштевање-б.а.

деца и треба да биде чуван за да се оддалечи од јудејските обичаи; а ако не мисли така, го избрал христијанството не затоа што тоа е добро само по себе, туку привидно пристапува кон верата, или сака да избегне каква било казна, или бил вовлечен од љубов кон привремена слава и човечка благосостојба, таков не се дозволува да се крштева. А доколку се открие дека некои држејќи се до такви мисли по невнимание биле крстени и се преправаат дека божем ги исполнуваат својствените за христијаните, а тајно ги држат јудејските обичаи и обреди, тогаш не треба да влегуваат во црквата, не треба да бидат удостоени со никакво општење и нивните деца не треба да бидат обележени (означени) со божественото крштевање, не треба да им биде дозволено да го добиваат христијанскиот раб, туку тие треба да бидат принудени отворено да живеат според еврејската религија.

*Закон*: Законот вели: Јудеј кој лицемерно изјавил желба да биде христијанин, за во очекување на обвинение против него или побарување на неговиот долг, да прибегне во црквата, нетреба да биде прифатен, ако не го врати долгот или не се ослободи од обвинението[143].

*Закон*: Јудеј да нема христијанин роб, ниту подучуван да обрезува и друг еретик не треба да има роб христијанин[144].

## ГЛАВА 5

***За царевиѿе*** (***Закони-*** Νόμοι)

Царот е законски управник, општо благо на сите поданици (послушници), тој благотвори не по пристрасност и мачи (казнува) не по нерасположение, но за да биде некој посредник во натпреварувањето, справедливо да ги распредели наградите соодветно на потчинетите добродетели и никому да не направи незаслужно благодејание на штета на други[145].

Мислата[146] на царот е постоењето на силите на мислата да ги зачува и утврдува, загубите, со неуморна работа да ги враќа и непознатото (новото) со мудрост, справедливи средства и труд да го придобие.

Целта на царот е да благодејствува, затоа што и се нарекува благодетел и кога од благодејанијата ќе постане немоќен, според мислењата на древните да го ослободи (напушти) царското достоинство.

Царот треба да се одликува во православието и благочестието и ревносно да го прославува Бога[147].

## ГЛАВА 6

143 μη΄ Βασ. Α, α΄.

144 να΄ Βασ. На истото место.

145 Επαναγ. тит. Β, κεφ. α΄

146 Може да се преведе и како: должноста; работата.

147 Επαναγ. Τ. η- Β. κ. γ΄.

***Кога царот влегува во светиот Олтар***

*VI Собор, 69-то правило;* 69-то правило на VI Собор вели: Црковниот устав (закон) го одделил Светиот Олтар единствено само за посветените лица, а старото предание на божествените отци, во награда и почитување на благочестивите цареви, не го затворило влезот во него и за нив бидејќи тие се помазаници Господови и природно ги назначуваат патријарсите со повикувањето на божествената Троица, впрочем, само тогаш кога тие сакаат да ги принесат кон жртвената трпеза законските дарови; на верниците (мирјаните) целосно им е забранет влез во олтарот (со црковниот закон).

*На Латините: Знамение*: А Латините, секоја црковна законитост ја прекршуваат, настапувајќи раскошно и дрско не само машките верници, туку и жените го осквернуваат светиот олтар со влегувањето во него. Тие дошле до такво безумие што мажите не се плашат да седат во олтарот кога пред нив стојат свештениците (што дејствуваат), а жените со бесрамни лица стојат исто во круг околу свештената трпеза кога свештенодејствува свештеникот[148].

**ГЛАВА 7**

***Како царот не треба да се навредува,***

*Апостолско 84-то правило;* 84-то правило на светите Апостоли вели: кој го навредува царот или кнезот неправедно, ако е свештеник да биде расчинет, ако е верник да биде одлачен. И Мојсиевиот закон заповеда: на кнезот твоите луѓе да не му речат зло. И Петар, врховниот од Апостолите вели: „Царот почитувајте го“! И Великиот Павле заповеда да се молите за царот и за сите што се во власта и тоа и за неверните. А додавката: “не по правда“ (неправилно), затоа што тоа е свештено правило коешто го изнесов без измена, правилото забранува незаслужен прекор (незаслужена навреда), а не разоткривање во вистинското дело, кога на кој било се однесува, во тој случај кога работи недолично, макар и разоткривачки слова и тие се сметаат за навреда.

*Закон*: Навредувачот на царот во тој час не подлежи на смртна казна или на друга каква било жестока казна, бидејќи рекол или лекомислено и заслужува презрение, или во збунетост и е достоен за сожалување, или затоа што е навреден и заслужува благонаклоност. Во однос на него Тој се донесува пред царот и тој му суди по природата на лицето, треба ли да му се укаже благонаклонетост или да се подложи на смртна казна.

*Закон*: Кој греши против царското величество т.е. прави заговор

148 Во грчкиот ракопис бр. 135 во Париската библиотека се наоѓа и следниот текст, а го нема во ракописот бр. 340 на Париската библиотека: „Никому од сите што припаѓаат кон редот на верниците да не му биде дозволено да влегува внатре во светиот олтар. Но по некое старо предание, тоа не му се забранува на тие од власта и царското достоинство, кога ќе посакаат да принесат дарови на Творецот“. Тоа го нема и во нашиот текст.

против царот, треба да се казни со меч.

Секој кој ќе најде писмо кое содржи навреди против царот, запечатено или незапечатено и не го изгорел во тој момент, но го прочита во присуство на другите, треба да подлежи на таква казна на каква би подлежел и составувачот на писмото[149].

## ГЛАВА 8

***За брачниѿе сѿейени***

Мислам дека никој од здраворазумните нема да не прекорува за несовременост затоа што ние само сега кажуваме (дискутираме) за така наречените брачни степени, односно за блиското и далечното сродство меѓу нив: со посредство на тоа од дозволените степени јасно се разликуваат и откриваат степените што се забранети. Некои велат дека степените се наречени во преносна смисла од скалилата на лествицата (скалата) бидејќи како што по нив се врши искачување и симнување, така и со посредство на сродството се наоѓаат нагорни и надолни (роднини); а тие што се наоѓаат во меѓусебно родство не по права линија, се разликуваат во однос на роднинската блискост по споредна линија. Степените природно одат по редот на раѓањето, бидејќи е озаконето дека секое раѓање претставува еден степен.

*Сеīа за ширинаѿа на сѿейениѿе*

Од степените некои се простираат во широчина, други во длабочина; тие што се простираат во широчина еден кон друг имаат еден чин; затоа што сите синови (во однос на своите родители-б.а.) заземаат прв степен. Браќата во меѓусебните односи-втор па макар да ги има и повеќе од 10; така што неопходното сврзување меѓусебе по единството на крвта со посредство на брак не бидува помеѓу нив, тоа затоа што разгледувајќ и ги имено само двајца тие од браќата, ние велиме дека тие стојат во втор степен; така што меѓу нив двајцата посредува раѓањето; исто така и внуците (во однос на дедото-б.а.) заземаат трет степен, првите братучеди четврти; вторите братучеди шести; а третите-осми.

*Сеīа за длабочинаѿа* (на степените)

А простирајќи се во длабочина не сите имаат еден и ист степен; Но синовите (во однос на родителите) го заземаат првиот степен; внуците-вториот, правнуците-третиот и така натаму по ред; а овие степени треба да се определуваат не по раѓање како што било прифатено од древнина, туку по својството и близината на родот и по оддалеченоста во однос на родоначалникот, бидејќи меѓу таткото и синот постои некое мало растојание, меѓу дедото и внукот поголемо, кај правнукот во однос на прадедото уште поголемо. Исто така се распоредуваат роднинските степени и по линијата на бабата.

*Разделување на сродсѿвоѿо*

Родство, поимот родство според првата поделба се дели на два вида:

149 Глава .а. Βασ. Ξ. ξγ΄.

I) родство по природа и II) родство по положба. Роднина по природа е на пример, татко, син, мајка, ќерка, брат внук; правнук роден од внук и слични такви. Роднини по положба се: тест (татко на сопругата); зет, шура, посинет син.

Родството по природа, се дели на два вида: 1) на законско родство, што потекнува од брак и 2) родство што потекнало од блуд. Родството по положба од своја страна се дели на: 1) На својство и 2) посвоеност. Својството е родство, потекнува од (прифаќањето на зетот)-посватувањето. (Својството) е исто така роднинска блискост на лица сврзани со него преку посредство на брак, освен крвното родство; а усвојување (посвојување) е посинување, без телесно поврзување на положба на син.

*За побратимството* (збратимување)[150]

Братимењето или побратимството е незаконско: бидејќи посинувањето (усвојувањето) ние го измисливме заради наследство на имотот (брачни другари кои немаат деца-посвојуваат за да го наследи имотот); а за братимењето нема ниту еден благословен предлог, така тоа што има благословна причина, тоа го прифатил и законот, а тоа што не е такво не го прифатил[151].

Натаму во разделувањето на родството од својството составено или од два рода-како на пр. вујко и внук, соединувањето (брак) на тетка и внук, или двајца први братучеди со две први братучетки, и се нарекува второродно својство (роднини од второ колено-б.а.), или кон тие два рода се присоедини трето лице и тогаш таквото родство се нарекува тродно својство. Во такво родство има степени и дозволени и забранети, како

150 Обичајот братимење се состоел во тоа што две лица што не се роднини, давале ветување (завет) еден на друг за братска љубов, заемна пожртвувана помош, тој братски сојуз бил осветен со посебен црковен обред-влегол во составот на требниците и грчки и словенските (на пр. Во Потребнике XVI в. Софијанската библиотека, № 836, л. 244-247) целосниот словенски текст на чинот на братимењето според тој Потребник издаден од Поф. Св. Горчаков во прилог №II кон неговата книга "О тайне сопружества", стр. 4-5. Лицата што стапиле во духовно братство со посредство на црквата се сметале дека се наоѓаат во тесно родство-добивајќи и право на наследство без завештание (тестамент) и побратимството служело како забрана на брак меѓу наследниците и некои споредни нивни роднини. Поради тие правни последици од братимењето е и направено со основа во граѓанските закони на Властаревото знамение, како незаконито братимење. Повеќе детали за братимењето види: А. С. Павлова, в толк. к ст. 165 „Номок. При болшом требнике", Одесса 1872, стр. 150/51 в его же „50 гл. Кормчей", стр. 187-190 и сл. Траги од побратимството сѐ уште се среќаваат во Македонија, посебно во Пијанечко е зачувано и денес. Претежно се случува во случај на болест, ако болниот нема брат или сестра се побратимува со некој верувајќи дека побратимството ќе допринесе за негово оздравување, или ако двајца браќа, две сестри, брат и сестра се родени во ист месец, за да не се пренесуваат болестите од едниот на другиот се фаќа побратим.

151 Трактатот за побратимувањето влегол во 50-та глава на „руската" Кормчей, кн. ч.II, стр. 226; в 50-я гл. Кормч. Кн.". Пр. А. С. Павлова, стр.313, прим 3.

што ќе биде покажано подолу.

*За синоположбата*[152] *и примањето на светото крштевање, и што ќе рече кумот, восприемникот прифаќа*

Усвојувањето бидува или по усвојување заради наследство, или по восприемањето од светото крштевање за утврдување и учење, а исто така и за сведоштво. Но усвојувањето влегува и во наследството, бидејќи за тоа и било допуштено, а восприемањето од светото крштевање (од купелта) добива внимание само во брачните степени. Ете насекаде разделено родство. Понатаму ќе кажам за видовите родство, за секој во поединости и првин за видовите крвно родство.

*За оние од крвното сродство* (за крвното сродство)

И така, еднородното сродство (од иста утроба) или крвно се дели на нагорни (претци), надолни (потомци) и странични (роднини). Нагорни се тие што не́ родиле, како што е татко и мајка, дедо и баба и тие, кои што се пред нив. Надолни се тие што се родиле од нас, како што се: син, ќерка, внук, внука, правнук, правнука и останати. Од страна (странични) се тие кои што не не́ родиле нас, ниту се родени од нас, но коишто потекнуваат заедно со нас од еден и ист почеток и род,-како што се: брат, сестра, вујко, тетка, внук, внука, братучед, братучетка и други од нив подалеку, кои што очигледно се родени (по странична линија).

*За нагорните и надолните (роднини)*

Брак меѓу нагорните (претците) и надолните (потомците), макар тие да потекнувале и од незаконски брак, се забранува безгранично (во сите степени), затоа што е невозможно, дедо да се ожени со своја внука, а словото ние го разбираме во смисла на возможностите, а не во смисла на бесконечност по природа, бидејќи породот не е бесмртен.

*За осмиот*[153] *степен на крвно сродство*

Што се однесува до сродството (сродниците) по странична линија, брак меѓу нив се дозволува во осмиот степен, а во седмиот сосема се забранува, затоа што не може некој да ја земе за своја жена ќерката на својот втор братучед. Впрочем, претходно (порано) во седми степен на крвно сродство, бракот се забранувал во тој случај кога било разгледувано неговото дозволување, но не се растурал, ако по некаков начин таков брак бил веќе направен, но не се оставал без епитимии, од причина на замолчување на законот, којшто забранува (брак) токму до шестиот степен.

*Закон*: Не ми е дозволено да стапам во брак со ќерка на мојот брат или на мојата сестра, ниту нивната внука, коишто се во четврти степен, ниту ќерката на мојот чичко, тоест, прва братучетка, ниту мојот син со негова внука, ниту на мојот син не му е дозволено да стапи во брак со нивните внуки[154], бидејќи тие се нарекуваат втори братучеди.

---

152 Овде станува збор за положбата на посвоениот.

153 Во грчкиот текство насловот стои ἑβδόμου, а подолу ὄγδοος .

154 Овде се мисли на внуки од чичко и тетка.

А доколку некои, од причини на тешки казни тајно склучиле таков брак, за тоа било донесено на собор, кога патријаршискиот престол бил управуван од божествениот Лука, и за секој случај светиот собор определил и утврдил: никако да не се допушта таков брак, но, ако биде побарано дозвола за него, да се забрани, а ако веќе е склучен таков (брак), тогаш бракот да се растури, тие што го склучиле меѓусебно да се разделат, а свештеникот што го благословил бракот, доколку тој од незнаење бил вовлечен во измама, да се расчини. Тоа соборно дејание е утврдено и „определено“ од приснопаметниот император Мануил Порфирородниот[155]. Исто така не се дозволува кој било да ја земе ќерката на својата втора братучетка, која што му доаѓа нему внука, бидејќи законот бара од бракот да биде справедлив по природа, праведен, благоприличен и чесен, тоа го наложил законот на бракот како некои узди.

*За осмиот степен на крвно сродство*

Брак, склучен во осми степен крвно сродство е дозволен (се дозволува). Трети братучеди или внуци од втори братучеди да се оженат немаат никаква забрана.

*За родените од блуд* (вонбрачно)

Родството, произлезено од блуд, има не едно име, туку се поделува: ако (син) детето потекнало од жена којашто живеела заедно со некого отворено и постојано, тоа се нарекува природно и зазема второ место во однос на законите по природа и се претпочита во наследството не само странично, туку и нагорно (по нагорна линија); ако е познато дека детето потекнало од жена која не живеела заедно (отворено, јавно) со маж, тоа се нарекува незаконородно,- а ако е сосема непознато (во однос на потеклото), се нарекува темен, како што рекол Хомер: „Темен пак роди мајка“ и за таков кај нас не станува збор, ниту во брачните сојузи, ниту во наследствените за таквите нема сомнение.

*Закон*: Законот вели: од блуд родена сестра никој не ја зема за сопруга. И уште: тој што блудствувал со некоја жена, ако блудот бил откриен, се забранува да ја земе неа за маќеа, а втора нејзина братучетка не е забрането да ја земе[156].

*За својството (Степенот на својството)*

Тоа е крвно родство. Наоѓањето степени меѓу сродниците по својство е голема тешкотија. Древните (закони) сосема неугодно го одразуваат количеството на степени меѓу нив, но, забраниле склучување на бракови право непристојно и имаат спојување на роднински степени, сé друго тие оставиле без забрана, а новите (закони) размислиле за нивните степени и дозволиле да се заклучува брак кога својството се протега подалеку од шестиот степен, иако отворено наоѓаме дека и во шестиот степен бракот се допушта, кога влече за себе слевање (поврзување) на роднински степени, а во седми се забранува, кога влече по себе слевање на роднински

155 Се мисли на византискиот император Мануил I Комнин (1143-1180).

156 ζ΄Βας. ΚΗ΄. ε΄.

степени, затоа во такви случаи не треба да се обрнува внимание на степените, туку, што законот јасно забранил, да се избегнува, а што не забранил, да се допушти, дотолку повеќе што древниот закон ја ограничувал забраната во блиски и тесни граници.

*Закони*:

Тешта е мајка и баба и прабаба на мојата жена, и ниедна од нив нема да земам (во брак). Жената на синот и на внукот и правнукот се нарекува снаа; ќерката на мојата жена од друг маж, исто така внуката и правнуката нејзина, се нарекуваат паштерки (приќерки) и ниту една од нив нема да земам; ниту мојата маќеа не можам да ја земам, макар татко ми да имал многу, бидејќи тие го застапуваат местото на мајката; ниту маќеата (моја) неможе да стапи во брак со тој кој бил маж на мојата паштерка, не можам да ја земам ниту ќерката на жената што се развела од мене родена после разводот од друг маж[157].

*Сисиниев*: Сисиниевиот свиток (томос) забранува двајца браќа да земат тетка и внука, и обратно, а исто така двајца браќа-две први братучетки, во првиот случај тоа е петти степен, а во вториот-шести.

Така во своиството до петти степен бракот сосема се забранува, ако треба да се смета и во тој степен; а во шестиот степен, -ако нема слевање (спојување, обединување) на роднински степени, бракот не се забранува, а ако се гледа какво било слевање, се забранува.

*Шести степен- незабранет*:

Браковите составени (склучени) од првиот и петтиот степен сите се забрануваат, а Солунскиот (архиепископ) Михаил Хумн во своето приватно решение го објавил за дозволен. На пример, ако татко и син, кои што стојат во првиот степен, се спојат во брак со тетка (второродна)[158] и нејзината внука, меѓусебе стојат во петти степен.

*Шести степен-забранет*:

Ако истражуваниот (разгледуваниот) шести степен на својство е направен од вториот и четвртиот, и ако при тоа има слевање (на роднински степени), бракот во вториот случај се забранува, затоа што не е возможно двајца родени браќа да склучат брак со две први братучетки или обратно, бидејќи се формира (се прави) на едно место братство и баџанаци, и како последица на тоа се меша степенот на родството, а свештениот и Велики Василиј вели: каде се слева (се меша) степенот на родството, таму бракот е незаконски (неприкладен).

*Шести-незабранет*:

А ако нема слевање (на сродството) тогаш и шестиот степен не се забранува, на дедо и внук не им се забранува да склучат брак со тетка од второ колено (голема тетка)[159] и нејзината внука; впрочем и тука родст-

157 β΄ Βασ. ΚΗ; ε΄

158 Се употребува и зборот мала тетка, всушност тоа е втора братучетка на мајката.

159 Станува збор за сестра на дедото или бабата

вото е од шести степен, но нема слевање на родството, бидејќи и после бракот тие и понатаму го задржуваат местото (положбата) на дедо и внук, така што бабата од второ колено и дедо од второ колено, т.е. сестра на дедото и неговиот брат, многумина ги нарекуваат баба и дедо. Токму затоа таквата комбинација не се забранува со законот, ја допушта томосот на Сисиниј, како незабранета, а гореспоменатата како забранета бидејќи има слевање.

*Шести-незабранет*:

Ако шестиот степен се составува од трети и ако нема слевање, не се забранува, на пример ако чичко и внук земат тетка и нејзина внука, никакво слевање нема, тие пак го зачувуваат местото чичко и внук; затоа таков брак не се забранува, а не само затоа што императорските (царските) одредби и соборните дејанија го прогласиле него за сите дозволен.

*Шести- забранет*:

А доколку чичкото првин ја земе внуката, а неговиот внук сака да склучи брак со нејзината тетка, предложениот брак (внукот со тетката), од причини на слевање се забранува, бидејќи како последица ако бракот се склучи - чичкото (тетинот) станува внук, а внукот чичко (тетин-б.а), а тоа е јасно (отворено) слевање на роднинските имиња.

*Седми-забрането*:

Дури разгледувајќи го седмиот степен на својство, - бракот, ако својството се прави од првиот и шестиот (степен) се забранува, бидејќи е невозможно татко и син (од прв степен) да склучат брак со две втори братучетки (од шести степен), затоа што во исто време таткото и синот стануваат баџанаци.

*Седми-незабранет*:

Ако седмиот степен од својството се прави од втор и петти (степен), бракот не се забранува, бидејќи ако дедо и внук (од втор степен), или двајца родени браќа (втор степен) склучат брак со „втора тетка" и нејзината внука (петти степен), бракот се дозволува.

*Седми-незабранет*:

Доколку седмиот степен се состои од трети и четврти, тогаш, пак, ако нема слевање, бракот се дозволува; ако чичко и внук земат две први братучетки не се забранува да го направат тоа.

*Седми степен-забранет*:

Доколку е видливо слевање на роднински имиња, брак од тоа не се дозволува, бидејќи на дедо и правнук им се забранува да земат две први братучетки, за да не станат (не се направат) баџанаци. Но, порано склучениот брак не се растура, а последниот (предложен) се забранува, а доколку веќе е допуштен, се растура. Што се однесува до степените на својство подалеку од седмиот (степен) тогаш, тие се оставаат без разгледување и не се забрануваат, слично како и во крвното родство, степените што одат подалеку од осмиот степен. Но, некои неправилно кажале дека брачните поврзувања во шестиот степен на својство не се забрануваат, кога се прават од еднаков број на степени (ист број), на пр. трети со

трети и сл., т.с. кога на секој дел припаѓа по три степени, и се забранува кога бројот на степените не е ист (еднаков); од горекажаното се открива дека брачното поврзување е дозволено или забрането, не од причини на еднаквост или нееднаквост на степените, туку по причини на слевањето и отсуството на слевањето.

*Како не треба еден две втори братучедки да зема*

Црквата забранила на еден и ист (маж) да зема две втори братучетки, затоа што овде е претставен не седми степен на својство како што мислат некои, туку шести, од таа причина, што мажот и жената се сметаат дека стојат (се наоѓаат) во еден (неразумен) степен. Тоа било разгледувано во деновите на патријархот Никола и било забрането од црквата. Било издадено, исто така и решение од приснопаметниот цар Мануил[160], коешто определувало дека никогаш такво нешто не било (немало).

А по каква причина во својството, т.е. дворoдно родство, бракот се дозволува во седми степен? Единството бидува или по природа или по положба. (Единство) по природа, како еден човек, а по положба, како маж со законита жена, коишто ги соединиле заемните односи и брачната заедница (телесната заедница), како што е речено: и ќе бидат двајца соединети во едно. Така, ако зближувањето се случува меѓу крвни роднини и што припаѓаат на еден род, тогаш тоа е блискост и единство по природа, а ако (зближувањето) е меѓу лица што припаѓаат на два рода, тогаш произлегува единство по положба и близоста меѓу нив не е по крвно родство, а затоа таквото зближување и соединување се разрешува (се дозволува) во понизок степен, имено (во седмиот) пред осмиот, затоа што имајќи поголемо соединение бара и поголемо растојание за решавање (за дозвола), како и помало соединение-помало (растојание).

*За тие од третото родство (тиродство)*

Што се однесува до брачните спојувања во тродното родство, и тие се однесуваат кон својството (роднинството), но, благодарение на присоединувањето на трет род, полесно се дозволуваат отколку спојувањата во дворoдните својства. Бидејќи, како тие последните два степени на пониски брачни спојувања во крвно родство (бидејќи браковите во крвно родство се дозволуваат во осмиот степен, а во дворoдното својство-понекогаш и во шестиот), така пак и брачните спојувања во тродното родство, два степени се снижуваат во однос со браковите во дворoдното својство, почеток на дозволување добиваат во четвртиот степен, впрочем во такви бракови не треба само да се внимава на степените, колку да се гледа дали е забранет со закон. Најдобро незабранетоста во брачните спојувања во тродното својство се покажува во четвртиот степен.

*Четврти степен-не забранет*

За време на патријархот Стипие, на пример била разрешена (дозволена) следната сомнителна комбинација: некој Константин ја зел за жена родената сестра на некој Теодор - Ана, а по нејзината смрт зел за втора

160 Мануил I Комнин, византиски император (1143-1180)

сопруга свеската (балдазка) на Теодор - Ирина така што Константин се направил и зет на Теодор и негов баџанак. Во тој брак се четири степени, бидејќи Тодор и Ана се втор степен, жената на Теодор и Ирина втор степен, и така вкупно четири.

*Закон*: Законот значи само два од тиродноста забранува, кој е само еден степен, а не повеќе. Затоа вели: Јас не можам да ја земам поранешната жена на пасинокот мој, и маќеата не може да се омажи за поранешниот маж на паштерката нејзина[161], затоа што меѓу нив е триродно свиство, но доколку пасинокот и паштерката во однос кон очувот или маќеата заземаат место на син или ќерка, тогаш и жената (на пасинокот) или мажот нејзин (на паштерката) заземаат место на снаа или зет, а затоа таквите бракови се незаконски, бидејќи двата главни рода маж и жена немаат степен ниту во односот еден кон друг, ниту по однос кон средниот род, така што брачното спојување на мажот и жената, кога тоа се разгледува само по себе ние не го воведуваме во степен, но ги почитуваме нив правејќи меѓусебе едно, а потоа и жената на брат ми, соединета по заповед на исто мислење, од причини на тесно спојување со него, стои со мене во втор степен, а кога се отсликуваат степените на родство во однос на друго нејзино роднинско лице, степените се бројат не така: бидејќи сестрата на снаата (на жената на брат ми) во однос кон неа стои во втор степен, а по однос на мене во четврти, и тетката нејзина по однос кон неа стои во трет степен, а по однос кон мене, во петти. На сличен начин (степените се бројат) и по однос кон другите (нејзини роднини), затоа што исто така е неможно, како и мажот, неговиот брат да го смета за едно потомство со снаата и преку измислицата за спојување ја прекршил (изиграл) целосно смислата на законот, бидејќи роднините по странична линија немаат прв степен, туку почнуваат со втори. Така во трородното својство законот забранил брачно спојување само во првиот степен, како што е речено, а применета (прифаќањето) на обичајот, покрај сé, не ги смета за не забранети и тие брачни сојузи во трородното својство коешто е поголемо од првиот степен.

*Четврти незабранет*[162]:

На пример: некој има жена и после некое време таа умре, по нејзината смрт тој ја земе за втор брак жената на вујко му. А друг зел во брак приќерка на својот шура (по првата жена). Во тие бракови се гледаат три степени подеднакво, во сила на обичајот тие се дозволени, точно треба да се истражи, како што ние рековме и во таквите бракови треба да се признае четврти степен, затоа што во трородното своиство не треба многу да се отклонува во странична линија и тогаш бракот ќе биде законит.

*Четврти*: Даречеме: жената на мојот шура во однос на средниот

161 γ΄ Βασ. ΚΗ΄, ε΄.

162 Во грчкиот текст стои : Τρίτος ἀκώλυτος, така е преведено и во руското издание. Новаковиќ се повикува на призренскиот ракопис во којшто стои .г.. (Што е еднакво на 3, не знам зошто го преведува како четири!).

род стои во такво блиско својство, во какво и јас се наоѓам во однос на шурата; исто така мојот брат без порок (осуда) може да ја земе нејзе по смртта на мојот шура, или и нејзината сестра, а само таа мене да ме земе е незаконско.

*Четврти*: Доколку (Пак) за сестра ми јас сум зел зет, а самиот сум зел за жена поранешната (таа што била за неговиот брат) снаа и таквиот брак не е забранет, затоа што се покажува во четврти степен, и затоа што некако се оддалечува од својството на средниот род, бидејќи лицето блиску сврзано со средниот род е мојата сестра, а јас по странична линија не сум многу далеку од средниот род.

*Гледај (види) овде многу забрани и незабрани*:

Ако пак јас имам зет за ќерка, и тој имал снаа за брат, јас да ја земам за жена недоликува (не треба), како лице блиско сврзано со среден род, а да ја земам нејзината сестра не е противзаконски.

Но, и зетот и шурата овдовеле (останале вдовци), тетка и внука никако да не земаат, а на тој што му умрела жената, му е дозволено да ја земе сестрата на својот баџанак.

Се дозволува да се земе ќерката на втора братучетка за негова прва жена, уште и „млада тетка" (братучетка на таткото или мајката)=второродна тетка, за своја прва жена, т.с. прва братучетка на неговата тешта.

Забрането е да се земе ќерка од прва братучетка за прва своја жена.

Шура на едниот брат и свеска (балдаза) на другиот брат може да склучат меѓусебен брак.

Според решението на патријархот Лав Стипес допуштено е зет и шура да земат две сестри, бидејќи тука е петти степен.

Слично на тоа решение (на Лав Стипес), исто така и решението на патријархот Арсение, сметаат за дозволено двајца браќа да земат снаа и золва.

Вујко и зет за негова внука не им е забрането да земат две сестри, впрочем овде е шести (петти) степен.

Но, и зет и шура две први братучетки да земат не е забрането, затоа што тука е седми (шести) степен.

Решението на патријархот Михаил, ќерката на Јован, на пример и внуката на неговата жена им се дозволува да склучат брак со двајца браќа.

Некои ги прогласиле (признале) за незаконски некои од овие бракови, а имено: бракот со сестрата на својот баџанак, бракот на шурата со жената на братот на својот зет.

Исто така и оној брак, којшто го дозволил архиепископот на Солун (Михаил) Хумн, имено брак на татко и син со второродна тетка и нејзина внука.

*Закон*: Законот вели: Во двобрачието, ние го бараме не само дозво-

леното, туку и благопpriличното[163]. И тоа на крај е така од триродноста[164].

*За посвојувањето (За синоположбата)*:

Посвојувањето се прави заради наследство, тоа родство, што произлегува од него, од свештените правила и благочестивите закони ние научивме да го гледаме како крвно родство, во односите, т.с. како брачен степен и наследување на родителите.

***Закон***: Законот вели: Јас не можам да земам за жена тетка по татко или по мајка, макар тие и да биле посвоени, бидејќи имаат чин мајка, таа која што е посвоена од мојот дедо, во однос на мојот татко го зазема местото на сестра, а во однос на мене-тетка, ниту посвоителот не може да ја земе за жена ќерката на посвоениот син, или негова внука, ниту посвоениот син, жената на својот посвојувач или мајка или нејзина сестра или внука од син[165].

Ако старател (тутор) или надгледувач посака да посини маж којшто се наоѓа под негово туторство, или под негова грижа, или неговиот татко, посвојувањето не е валидно (е неважечко), бракот не се раскинува, а се растура тогаш кога некој го посвоил својот зет.

***Новела***: (Νεαρά): 24-та Новела на царот Лав Мудри, забранува посвојувачот да стапува во брачно општење со дете на посвоениот, наведувајќи: Но во древноста посвојувањето било правено без основа, а после, кога тоа се правело според законот долично и справедливо, и со вршење на свештенички обред, кога едни се поставуваат во чин на родители, а други во чин на деца, веќе нема основа за склучување на брак на посвоените деца со природните деца на посвојувачот, ниту за промена на името браќа во сопружници, така што, наместо браќа да се нарекуваат зетовци. /Чинот на посвојување влегол во Голем Требник, глава 66/

***Како посвојуваат и евнусите***

Законот вели дека посвојувањето ја имитира природата и затоа забранува евнусите да посвојуваат кој било и да го имаат него под своја власт, а 26-та новела на тој ист цар (Лав Мудри) укажува дека незабранетото се случува и тоа.

*За тоа дека посвојуваат и девици*

27-та (Новела на Лав Мудри) допушта посвојување и од девици и посвоениот од нив е под нивна власт или слободен-има право на наследство после нив и нема потреба од царски указ, ниту судски акт.

*За тие што од светото крштевање земаат дете*

Посвојувањето што настанало по прифаќањето од светото крштевање не влегува во наследство, но се разгледува како што е кажано, само во брачните степени.

*VI Собор, 53-то правило*

163 ς΄ Βασ. ΚῊ, ε΄.

164 Може да се преведе и како: Нешто за брачните поврзувања во трородното својство.

165 ή Βασ. ΚῊ, ε΄.

53-то правило на Шестиот собор вели: Доколку сродството по дух е поважно од сојузот по тело, тогаш определуваме (наредуваме) дека тие што примиле дете од светото и спасоносно крштевање и после тоа стапиле во брачно сожителство со мајката негова-овдовела, отстапил од таквото сопружниште и потоа бил подложен на многу дејствувачки епитимии, како тој кој со желба го оставил злото и прифаќа покајување, се суди како родоскверник.

*Закон*: Законот вели: Тој што примал која било од светото крштевање неможе потоа да ја земе неа во брак, бидејќи таа станала негова ќерка, ниту нејзината мајка, ниту ќерката; не може да го направи тоа и неговиот син, бидејќи ништо друго не може само да произведе татковско расположение и справедлива забрана за брак, како таков сојуз, преку кој со посредство на Бога се соединуваат нивните души[166].

Некои утврдиле дека според правилата и според законите духовното родство е поважно од телесното тогаш сврзувањето со тоа родство треба да се разгледува како забранет степен до седми, толку колку и во крвното родство, а мнозинството не мислело така, - туку, дека забраната се однесува само на лицата означени во горенаведениот закон.

Во двата вида на посвојување степените се пресметуваат поинаку отколку во крвното родство: бидејќи таму (во крвното родство-б. А.А) таткото во однос на сите родени браќа (негови синови) стои во прв степен, а овде (во родството по посвојување-б. А.А) духовниот татко во однос на синот, којшто го посвоил стои во прв степен, во однос на телесниот татко (својот духовен) син -во втор, затоа што се смета за негов брат, а во однос на родените браќа на духовниот свој син-во трети, бидејќи тој ги нема нив за свои синови; а духовниот син во однос на телесните свои браќа стои во втор степен и во однос на телесниот свој татко-во прв, како и во однос кон духовниот татко.

Покрај сé, дозволено е на тој што ќе посака да ја земе за жена сестрата на својот кум.

А ако синот свој од светото крштевање го земе од својата жена се разведува (разделува).

*За забранетите бракови и покрај сродството*

Понекогаш бракот се забранува и помеѓу родствата кои не се во петте вида погоре кажани. На пример: обвинет за прељуба со каква било жена, макар и да не бил откриен јавно, не може да ја земе неа за жена; и пуштениот на слобода не може да ја земе жената на својот патрон после неговата смрт, бидејќи навлекува сомнеж дека блудствувал со неа и додека тој бил жив.

*За старателите (туторите)*

Ниту туторот не може да земе за жена сираче (кое се наоѓа под негово туторство), ниту неговиот син-пред прекинувањето на туторството, а туторството се прекинува во триесеттата година, бидејќи 25 години е

166 ιδ′ Βασ, ΚΗ`, ε′.

возраст за полнолетство, четири години-рок за воспоставување на правата, а во почетокот на триесеттата година од возраста власта на туторот се прекинува и по тоа време тој има слобода да склучи брак со тој што се наоѓал под негова заштита, пред тоа, не.

Мајката на тој што се наоѓа под заштита може и пред тоа да склучи брак на ќерка си со туторот.

Така што и обичните домашни слуги, иако тие не се и никогаш не биле робови, имаат чин на „отпуштеник“ (ослободен) и тие до смртта на своите господари неможат да ги земат нив за жени, за да не навлечат сомнеж за претходни прељубни дејства.

Ниту глумец, т.н. народен играч, ниту неговиот син не може да ја земе ќерката на големец (чиновник).

***Закон:***

Законот вели: Дека во бракот треба да се бара не само дозволеното, туку и среќното (благо приличното).

Меѓу лицата коишто стојат меѓусебе во родство, крвно или духовно-по примањето од купката на светото крштевање и во родство по посвојување, потребно е да се почитува степенот, и брачните врски за такви лица не се забранети кога родството меѓу нив го надминува седмиот степен; меѓу лицата што стојат во духовно и во трородно својство, треба да се почитува (спазува) степенот на јавна забрана или ако имаат смешување на родствените имиња; а меѓу лицата коишто стојат во однос еден кон друг надвор од родство, благоприлично (т.с) може да склучат брак.

*Закон*: Противзаконски омажена, може да го раскине бракот и потоа да појде за друг (да се омажи за друг).

*Закон*: Деца, родени од забранети бракови, не се удостојуваат со името незаконородени и не го наследуваат имотот на својот татко[167].

Кој има обичај (да општи-А.А) со слободна, која не прави за себе доход од своето тело, тој ја има нејзе повеќе не како љубовница (наложница), туку како сопруга[168].

Старател може да склучи брак меѓу својата ќерка и тој што се наоѓа под негово старателство; а својот син со таа што се наоѓа под негово старателство не може без царски указ; а во спротивен случај, се лишува од граѓанската чест[169].

*Закон*: Ниту таткото на туторот, ниту потчинетиот брат негов не можат да се оженат со сирота[170].

Жени кои ги оплакуваат своите мажи им се забранува да се мажат, освен по царска наредба, а жени кои не ги оплакуваат мажите, т.е. осудени за престап против величеството, не им се забранува (да се омажат-А.А.).

---

167 Ἁρμ. Δ΄. Ζ΄

168 ιγ΄. Βασ. ΚΗ΄. δ΄.

169 Ἁρμ. Δ΄. Ζ΄, 25.

170 α΄ Βασ. ΚΗ, ε΄.

*Знамение (Поука)*: Жени, кои родиле во периодот на жалост по достоен маж, им се забранува да стапат во брак, а тие што родиле во период на жалост по недостоен маж-не им се забранува. Жалосниот рок (рокот на жалење) се утврдува по две причини: затоа што немало семејно мешање и за укажување на мажот должна чест. Една од тие причини преку раѓањето се уништува, а другата „што се состои во укажување на мажот должно уважување и чест", преку раѓањето уште не се уништува, а покрај сé жените недостојни за жалење на мажите, од причини, беспрекорно, можеби, направиле престап против државата, после раѓањето не им се забранува, конечно-стапуваат во брак и во периодот на жалост[171].

*Закон*: Таа што стапува во втор брак до завршувањето на жалосниот рок се лишува од граѓанската чест, ништо не добива во своја полза од првиот брак и се лишува од правото да дава повеќе од трети дел од својот имот на вториот маж, т.е. во тој случај, кога нема деца[172].

*Закон*: Ако жена роди во единаесеттиот месец после смртта на мажот, тогаш очигледно зачнала од блуд и подлежи на истите ограничувања на кои подлежат и тие што стапиле во втор брак во периодот на жалосниот срок, т.е. се лишува како од подареното (придаденото), така и од сето имање на мажот[173].

## ГЛАВА 9

### *За тие што се гнасат од законските бракови, вино, месо и друго*

*Апостолско 51-во правило*

Свето апостолско 51-во правило: Епископ или презвитер или секој свештеник (клирик) не заради подвиг и воздржание, но од причина на гнасење се оддалечува од бракот и месото и виното, заборавил дека Бог го создал човекот, мажот и жената ги создал и нив и сите добри дела, на тој начин хулно го клеветат созданието Божје, или да се исправи (поправи) или да биде исклучен и одлачен од Црквата, како противник на сите вистински догми, ако пак верник така мисли, треба да биде отстранет од Црквата. Бидејќи ништо создаденото од Бога не е зло, но штетно злоупотребено од нив, а ако тоа било причина за зло, тогаш тоа не би било создадено од Бога, на тој начин клеветата на Божјите творенија се простира хулно и на Создавачот.

*Гангарско 1-во*

Првото правило на Гангарскиот (собор) го предава на анатема тој што законитиот брак го смета за нечестив и се гнаси од чесна и благоразумна жена која стои во брак со маж, од причини што нејзиното заедништво со сопругот го толкува како неможност на крај да го достигне Небесното Царство. Бидејќи Апостолот вели: чесен брак и чиста (несквернавена) постела и пак (потоа): во последно време некои отстапу-

171 λβ′ ῾Αρμ. Δ′ ξ′.

172 α′. Βασ. ΚΗ, ιδ′

173 ῾Αρμ. Δ′, ϑ′, 31.

ваат и од верата, во лицемерие и лажни зборови, горејќи си ја совеста, забранувајќи да се женат, оддалечувајќи се од храната (причеста), бидејќи Бог ја создал причеста.

*4-то*-Оваа четврто (правило од истиот собор) осудувањето се простира подеднакво на тој што се гнаси од чесниот брак и на тој кој расудува и држи мислење дека не треба да се причестува од женет презвитер, кој што ја врши светата литургија.

*-12-то-* Исто така, анатема и 12-то (правило од тој собор) заповеда да се подложи жена која се оддалечува од својот маж, како почитувачка што се гнаси од брак. Апостолот вели: не лишувајте се себеси еден од друг, освен според согласност, и потоа (пак): жената со своето тело не владее, туку мажот. Ако избере развод од причини кон стремеж за монашки живот, не подлежи на обвинение.

*-9-то-*: Кон таа казна и 9-то правило на тој ист собор го предава тој што девствува и се оддалечува од световниот живот по причини на гнасење од бракот, а не заради самото девство, добро и чесно.

*53-то (правило) на светите Апостоли*: Не треба, рече во празничен ден, сабота по случај и недела, или кој било друг (ден) да се воздржува од вино и месо како (некој) што се гнаси; а мислејќи и постапувајќи така, како изгорен во својата совест и бил виновен за многу соблазни, ако тој е клирик (свештеник) треба да биде расчинет, а ако е верник, треба да биде одлачен, за исклучок од тој случај е ако некој пости во определен период од времето, се разбира со останатите денови да биде видливо воздржувањето во сабота и во недела.

*Анкирско-14-то*: 14-то правило на Соборот во Анкира, тие што избегнуваат месо заради испосништво (подвиг), заповеда да вкусат (да јадат) само на собранијата (Соборите), а потоа да не јадат, ако сакаат, но да не се откажуваат од употреба на варени овошја со него за да би со тоа уништиле секој предлог за соблазна во нив, на оние коишто мислат дека тие се воздржуваат од тоа од причини на гнасење. Не е помалку долично тие да јадат (вкусуваат) месо и во тие денови кога некои од еретиците постат за да не покажат дека се согласуваат со нивното учење (нивната филозофија), а особено, ако живеат во градови значително заразени од таа болест. Доколку не се покоруваат на правилото, тогаш свештениците се лишуваат од свештенство, а верниците се одлачуваат.

*Знамение за Латините*: Латинските монаси коишто го избегнуваат месото, но рамнодушно јадат маст со зеље (со овоштија) не ми се чини мене дека тие избегнуваат да го исполнуваат правилото, бидејќи, очигледно го прават тоа не затоа да ја уништат соблазната, туку за да го наполнат стомакот.

*Василиј, 28-мо*

Василиј Велики во 28-то правило го смета за достоен за потсмев оној што се заветил дека ќе се воздржува од свинско месо; токму затоа заповеда- заветот да се смета за неважечки и да има рамнодушност кон употребата на месото (бидејќи секое создание обележено од Бога со бла-

годарност се прима) и во идно време (во иднина) воздржувањето од нерасудните завети е достојно за потсмев.

*Василиј*

А во едно од посланијата кон свети Амфилохиј (Св. Василиј) вели: Горделив воздржнику на важното ваше прашање: за што и ние се́ не јадеме, да го одговориме оваа. Ништо не е одушевувачко ако се воздржуваме од некои јадења, доколку и излишноста наша не́ гнаси: Според достоинството месото по ништо не се разликува од зељето, а во расудувањето за користа=(ползата) како што во зељето се одделува штетното од здравото, така и во месото се разликува штетното од корисното. Бидејќи зеље јадат коњите, а месо јастребите, но никој со здрав ум не би јадел отровно билје, ниту пак би се доближил до месото на јастребот, освен по голема потреба, токму затоа тој што јадел не направил незаконие.

*Ганѓарско-2-*

Второто правило на Гангарскиот Собор- тој кој е осуден за употреба на месо со длабока почит и верба без крв, удавено и идоложртвувано, ако го направил тоа за причестување, нема надеж за спасение[174].

*Исѿо, 10-ѿо*: Десеттото правило на истиот тој собор (вели): Маж кој носи сурова горна облека и се гнаси од оние кои употребуваат обична (природна) облека = (кошула) или носат свилени облеки со длабока почит, а не од причини на изнежнетост, блуд или надменост, се предава на анатема.

*Исѿо, 5-ѿо*: Таквата казна ја предвидува и петтото правило на истиот тој собор за оној кој со навреди се однесува кон домот Божји и се гнаси од тие што биле соберени во него; бидејќи впрочем блажениот Павле заповеда да се молите на секое место, но не со тие што ги избегнуваат соборите и не влегуваат во храмовите.

*Исѿо -20-ѿо*: Дваесеттото правило на истиот тој собор (вели): И тие коишто во надмено мудрување се гнасат да прават собори и да служат таму каде што се упокојуваат остатоците од мачениците, се осудуваат на анатема.

## ГЛАВА 10

***За нуждаѿа и насилиеѿо***

Види: 16-то правило на тој собор во 3-та глава од А-состав. Види и 12 глава на А-состав.

## ГЛАВА 11

***За книѓиѿе на Божесѿвеноѿо Писание, искрениѿе (ориѓиналниѿе) и ѿуѓиѿе (фалсификуваниѿе)***

*Аӣосѿолско 85-ѿо*: 85-то свето апостолско правило (вели): Овие книги треба да имаат предимство во почитувањето од сите свештеници

174 Во рускиот превод е додадено: му следува анатема, во нашиот текст тоа го нема.

и верници: Стариот Завет; Пет Мојсиеви, кои се нарекуваат со имињата: Битие; Исход, Левит, Числа (Мерка=Број); Второзаконие; Исус, син Навина-една, Судии-една; Руф-една; Цареви-четири; паралипомен; книга на деновите-две; Ездровја-две; Есфир-една; Макавејски-три, Јов-една; Псалтир-една; Соломонови-три; Притчи (Приказни); Законик; Песна над Песните; Пророк-12; Исаија-една; Јеремија-една; Језекил-една; Данаил-една; Покрај тоа, да се приберат во белешки за младите и мудроста на многу ученииот Сирах. А Новиот Завет: четири Евангелија: Матеј, Марко, Лука и Јован; Павле 14 посланија, како на пр. кон Римјаните-едно, кон Филипијците-едно, кон Колосјаните едно, кон Солунјаните-две; кон Евреите-едно; кон Тимотеј - две, кон Титу-едно; кон Филомон-едно; соборни посланија седум; т.е. Петар-2; Јаков-1; Јован-3; Јуда-1. А се додаваат две посланија преку Климент и тие што биле обработени и утврдени од Апостолите на крајот од VI собор второто правило отпаднало, бидејќи примило многу влијанија од еретиците.

*Лаодикејско, 60-то*: Такво исто набројување на книгите прави и 60-тото правило на Лаодикејскиот Собор, на којшто и Климентовите посланија биле востановени.

*Картагинско-24-то*: Ги набројува овие книги и 24-то правило на соборот во Картагина и вели дека покрај овие канонски книги, ништо во црквата нетреба да се чита. А додава уште и Јудиф, Товиј и Јовановото Откровение.

*Исто,-46 (47)-мо*: 47-то[175] (правило на истиот собор) определува да се чита и споменуваат маченичките страдања еднаш годишно во денот на нивниот спомен; меѓу другото и напишаното од светите отци и исповедници и да се чита и прима задолжително, како нé доведува нас кај вистинската и православна вера.

*Атанасие Велики*:

Атанасие Велики забранил да се читаат (книгите) создадени кај еретиците и така наречените нивни апокрифи, а претходно кажаните свештени книги и според овој свет отец треба да се направи избор. Бидејќи верувам дека овие книги се напишани по божествено вдахновение и дека 22 книги на Стариот Завет-бројот соодветствува на буквите кај Евреите. Четири царства, тој ги смета за две книги и две Паралипоменон-за една, книгите на 12-те пророци за една и четири (пророци) за четири (книги). Кон (книгата) на Еремија го додава плачот на Варуха и послание (негово). А ги набројува и книгите од Новиот Завет, го приложи кон реченото и Откровението (Апокалипсата) на Јован и кон нив прибавување или одземање се смета за неблагочестиво. Надвор од правилните (каноничните книги) се вели: Премудроста на Соломон; Сирах; Есфир; Јудиф и Товит, Пастир и учењето на светите апостоли, а овие последните

175 Во насловот стои: ms=на 46, а во почетокот на текстот стои: четириесет из= на 47, додека пак во рускиот превод стои 56), ние овде го преведуваме буквално како што е во нашиот ракопис.

VI Собор ги отфрла, како што е објаснето.

*Григориј Богослов*: Такво набројување на свештените книги прави во умерените стихови, кои Елините ги именуваат како ероики и Велики Григориј Богослов, којшто вели дека книгите на Стариот Завет бројчано соодветствуваат на 22 букви кај Евреите[176], стихотворбата признава пет (книги): Јов и Давидови 150 псалми и 3 Соломонови и една на 12 пророци, чиишто имиња се: Јосија, Амос, Михеи, Јоил, Јона, Авдиј, Наум, Аввакум, Софонија, Аггеј, Захарија, Малахија. А тие што се наречени неканонски од Атанасие Велики не ги споменува.

*Амфилохие*: Кон нив (овие погоре) следува и свети Амфилохиј, кој што напишал стихотворба во јамб.

*Апостолско-60-то*: Шеесеттото правило на св. Апостоли (вели): духовник или свештеник, којшто чита јавно фалсификувани книги на нечестивите за штета на народот и клирот, се смета достоен за расчинување (исфрлање). Бидејќи тие што се почитувачи на великата лага не само што се обидуваат со свои зборови да направат свое нечестиво мудрување (говор), туку и во благочестивите писанија допишуваат свои, како што тоа фалсификувано го направил во кажаните посланија и завештанија свештеникот Климент. А има и такви кои своите написи ги додале на написите на светите, за да ги измамат простите или неразумните, како би со мед ја намачкале отровната чаша.

*VI Собор, 63-то (правило)*: 63-то (правило) на Шестиот Собор и историјата (повеста) за мачениците, лажно составени од тие, кои ништо здраво не мислат, мислат на своите маченици да им причинат осквернување (сквернавење), а читајќи ги да ги обесчестат, наредува, да се предадат на оган, а тие што внимавале како да е вистина, да се анатемисаат. Бидејќи завидувајќи им на светите маченици во подвизите и славата се дрзнале да направат лажни и неподобни книги, како божем врз основа на направеното или кажаното за светите маченици, со тоа да би во читањето да побудат недоверба или потсмев.

*За Метафраст*

Според тоа на какво блаженство е достоен дивниот (чудесниот) Симеон, превознесен во предимството пред другите со името „Метафраст“, по вдахновение на Светиот Дух, со голем труд и пот ги опишал маченичките подвизи за вистината и со силата на Словото и мудроста ги украсил, за прославување на нашиот Господ Исуса Христа и вечната слава на тие што се подвизуваат за Него свети маченици, не оставил благочестивиот никаков предлог за сомневање.

*Собор VII, 9-то правило*

9-то правило на VII Собор: Тој што го задржува и скрива напишаното од бес (лутина) против светите икони заклучувајќи ги бессмислените нивни мислења, ако е свештеник треба да биде лишен од свештенството,

176 Види: Во стихотворението: О том, какие подобает читат книги Ветхого и Новога Завета.

а верник треба да биде одлачен. Бидејќи, вели тие самите невистинити и неконтролирани глумења со ништо не се разликуваат од детските басни, ги нарекуваат идоли, о безумие! чесните икони. Но тој што ќе ги најде треба да ги испрати во епископијата на великата црква за да бидат предадени на целосно истребување или како што наредуваат граѓанските закони во истиот момент треба да ги изгорат.

*Лаодикејско, 15-то*: Лаодикејското 15-то[177] и 59-то (правило) не дозволува да се читаат во црква покрај канонските книги на Стариот и Новиот (Завет), кои јасно се наведени во 85-то апостолско правило и не дозволуваат да се пее покрај 150-те псалми Давидови, други несвештени кои се именуваат како Соломонови и некои други.

*VI Собор, 19-то правило*: 19-то правило од Шестиот собор заповеда: дека епископите во неделен ден, во кој природно луѓето ослободувајќи се од работа, престојуваат во црквите, да ги напојат со вода и учење, да изберат од наведените книги на Божественото Писание коишто одговараат на времето и состојбата, и тие да ги толкуваат според изјаснувањето на божествените отци, а не според сопственото разбирање и сфаќање и подобро од тоа да се задоволуваат, отколку во себе да измислуваат за опфатени од недоумица во било што, да не помислат дека не се потпираат на мислата на Писанијата.

А од учените божествени отци луѓето ќе дознаат што треба да прават и што да отфрлат, да го насочуваат својот живот кон добродетел под страв од законувачката казна и да не страдаат од непознати болести. А епископ, кој не постапува така, престојното правило не го казнува.

*Апостолско 78-мо*: 78-то Апостолско (правило, вели): епископ или свештеник, којшто не се грижи за сопствениот клир и не учи благочестиво, се одлачува, а тој што останува (живее) во леност се расчинува.

***За тоа дека не треба да се сечат свештените книги***

*VI Собор, 68-мо правило*: 68-то правило од Тој собор заповеда книгите на богодуховното Писание на Стариот и Новиот (Завет) изберени од искусните отци и учители прилежно да се чуваат и да не се сечат (изрежуваат) или да се расипуваат (оштетуваат) и да не се даваат на продавачи на книги или на продавачи на миро за да ги уништат, освен кога се оштетени од црви (мувла) и од вода или на друг начин се направени сосема неугодни за употреба, а тој кој биде откриен дека прави што било такво, да се одлачи на една година.

*Закон*: Делата против христијанинот Порфириј и други еретици треба да бидат изгорени, исто така и Несториј и сите тие коишто не се согласуваат со Соборите во Никеја и Ефес и со Кирил Александриски, од верата кои не треба да отстапуваат. Тие што ги имаат и ги читаат наведените

177 Споменатото 15-то правило од Лаодикејскиот собор по содржината нема никаква сличност со 59-то правило на тој собор, но бидејќи е дадено во текстот го наведуваме.

книги треба да бидат подложени на тешки казни[178].

*Закон*: Гатачите на броеви (математичарите) кои имаат книги, наречени поучни, да не се горат пред епископот нивните книги и да не приоѓаат кон благочестието, да се изгонат од секој град тие што ќе се најдат во градот да се заточат (затворат)=испратат во прогонство[179].

*Закон*: Тие што имаат манихејски книги и не ги предале за да се изгорат, се казнуваат[180].

*Закон*: Тие што имаат дела на Севир и не ги изгорат, на нив им се отсекуваат рацете[181].

## ГЛАВА 12

***За насилно умрените, т.н. самоубијците***

*Тимотеј, 14-то*: Тимотеј Александриски во 14-то правило вели: се лишуваат од обичните за благочестивите принесувања, молитви, псалмопеење и законското поменување насилно умрените, кои, имаат здрав разум и не го повредиле умот од болест, од мака (жалост) или малодушност, туку од страв или каква било напаст самите се убиле (се самоубиле).

*Закон*: Тој што се самоубил или се обидел да се самоубие, од страв за престап, а не по болест, се казнуваат како да убиле друг и неговиот имот се разграбува (се конфискува) за државната благајна[182].

## ГЛАВА 13

***За високостот =(високошната година)***

Високос, е латинско име и значи 26, бидејќи латинската буква наместо Добро ја прифаќа Веда и наместо дисектос грчки, на словенски се вели 26. А се нарекува високос по тоа што за секои 26 дена иноќи се додаваат на деновите во февруари, кои што се случува во 4 години, така што секоја година остануваат по четврт ден и тоа се соединува во еден ден кој се додава на февруари, поради што и се случува, тој да има 29 дена, а годината 366 дена.

Може и поинаку да се објасни тоа име. Деновите во месецот Римјаните ги делат на три: едни ги нарекуваат Календи; други Нони; трети Иди, така ги нарекле според тројца знаменити римски мажи коишто ги нахраниле Римјаните за време на гладот. Календи ги нарекувале деновите коишто Грците ги нарекувале новомесечински (Нумие) во март, мај, јули и октомври од први до седми, следните, непосредно по тие денови до петнаесетти ги нарекуваат Нони, а ноните се сметаат од петтиот ден во месецот, а Идите од 13-от. Од причини на таквата нееднаквост

178 γ′Βασ. Α′, α′

179 κα′. Βασ. Α′α′

180 λβ′. Βασ. Α′. α′

181 Новела на Јустинијан, 42, чл. 1.

182 γ′. Βασ. Ξ. νγ′

Свештеникот (жрецот) во секое новомесечие го свикувал народот и им го објаснувал денот Нон и Ид; токму поради тоа како што мислат некои и се нарекувал првиот ден од месецот Календа, затоа што тогаш свештеникот (жрецот) го свикувал народот. Затоа првиот ден од Февруари се нарекувал како и во другите месеци-календа на Февруари; вториот ден пред се́ трети февруарски Нон; Шестиот пред третиот- четврти канун (квечерина) пред едниот Нон, бидејќи вториот број како непристоен не го споменуваме и затоа секогаш додавале на бројот единица повеќе или помалку, 5-ти ден-Нон февруарски, 13-ти Иди (февруарски), 14-ти шеснаесетти пред мартовската Календа; затоа што кога февруари имал 29 дена тогаш, покрај 24-тиот ден (наречен шести пред мартовските календи и 25-ти ден се нарекувале шести пред мартовските календи, 26-тиот, петти, 27-миот четврти, 28-миот трети и 29-тиот прв пред Кануном (квечерината) на мартовските календи, потоа настапувале мартовските Календи. Така високост е кога февруари имал 29 дена се нарекувал така и од таа причина што во него два дена (24-ти и 25-ти) се нарекувале шести ден пред мартовските календи.

# ОДРЕДБИ ОД -Г-СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За брачниѿе сѿеӣени***

Види осма глава во В-состав

## ГЛАВА 2

***За дозволениѿе и забранеѿиѿе бракови***

*Свеѿи Аӣосѿоли, ӣравило 26-ѿо:* Свето Апостолско 26-то правило и 6-то од VI Собор и Картагинско 16-то дозволуваат да стапат во законски брак тие од приклучените кон клирот, коишто стојат дури во должностите четци и певци; после унапредувањето во степен подѓакони или презвитери, оттука не дозволуваат да стапат во брак, затоа што тие од посветените коишто се оддалечуваат од брак, веднаш се исфрлаат.

*Неокесариско, Прво (ӣравило)*: И првото Неокесариско (правило) го лишува од свештенство презвитерот којшто законски се споил со жена по неговото воспоставување (хиротонисување).

*VI Собор, 13-ѿо ӣравило на Лаѿиниѿе*: Божествените отци на VI собор во 13-то правило го разрушуваат задржаниот во латинската црква обичај, дека при ракополагањето свештениците и ѓаконите претходно давале заклетва (завет) за целосно воздржување од жени после хиротонијата до нивното законско спојување со нив велат: ние благоволиме дека сожителството е достојно удостоено било од свештенството, ненарушено и после ракополагањето, за да нам не ни се понижи бракот, благословен во присуство на Господа и кон тоа искажаното: Тоа што бог споил, човек да не разделува; и Апостолот вели дека бракот е чесен и леглото нескврнавено и пак ако приврзаниот за жена, не бара дозвола. По сѐ да биде исфрлен лишувајќи го ѓаконот или потѓакон или презвитер кои општат со законити жени, покрај определеното некое време, кога имаат намера да свештенодејствуваат, за да пристапат чисти кон чистите непогрешливи во молитвите.

Но и некои од (отците) во Никеја што биле на Првиот собор помислиле да воведат закон, дека епископите и презвитерите, исто така и ѓаконите и потѓаконите сосема да не ја делат постелата (да не спијат) со сопругите, коишто законски ги довеле (зеле) пред посветувањето. Но, Пафнутиј еден епископ од еден од Фивските градови, маж, од детството воспитан во подвижништво и во секоја добродетел исправен и особено се прославил со целомудрие (девственост), кон тоа и со венецот на исповеданијата украсен, бидејќи едно око кај него било извадено за благочестие, противречи на тие коишто подржувале такво мислење, нарекувајќи го бракот чесен и сојузот со своите жени девствен и советувал соборот да не донесува таков закон велејќи дека е неудобно да се носи бреме во светот на живите-затоа што тоа може да послужи на нив и на нивните жени како причина за недевственост-но за да по древното предание на Црквата тие што пристапиле кон свештениот чин неоженети, оттука не стапуваат во брак, а произведените во свештенство после бракот не се разделуваат со

своите жени. Такво е мислењето на Пафнутиј за бракот и кај тој човек, не познавајќи го бракот. Предлогот божествените мажи го прифатиле и Соборот и никаков закон за тоа не предложил, но го оставил тоа дело на волјата на секого, а не принудно[183].

*Анкирско, 10-то*: 10-то правило на Анкирскиот собор, кое вели дека ѓакон може да стапи во брак и после ракополагањето со дозвола на својот епископ-да не му се посветува внимание.

*Закон*: Новела на царот Лав Премудри вели: доколку пак и од непишаниот стар обичај има свештеник внатре во десетте години по хиротонијата да изјави да земе законита жена, сега не, бидејќи од правилото е забрането, не треба да се држи[184].

*Закон*: Тој што ракополага безбрачен (неженет) треба да го праша него може ли без законита жена чесно да живее и ако се согласи, да дозволи да го ракоположат, а тој што дозволил на ѓакон да земе жена после хиротонијата треба да биде исфрлен од епископството било да е презвитер или ѓакон или подѓакон, ако стапи во брак после ракополагањето се исфрла од клирот.

На клирик (свештеник) му е дозволено да има законита жена.

*Закон*: Певците и четците можат законски да се женат, а на подѓакони, ѓакони и презвитери им е забрането за секогаш; тие од нив кои склучиле брак, се лишуваат од свештенството.

*Закон*: Ὅρος γάμου =*Определби за бракот*:

Бракот е сојуз меѓу маж и жена и ждреб (коцка) за цел живот, оппштење на божественото и човечкото право, дали тој се склучува со посредство на благослов или со посредство на венчавање, или со посредство на договор. А сè друго што се случува покрај ова, се смета за неважечко.

*Закон*: Ромеите (Грците) склучуваат меѓусебе законски бракови, при што ги исполнуваат сите објавени закони во однос на бракот. Прилега мажот да биде возрасен, а жената способна за мажење, т.е. мажот да има повеќе од 14 години, а жената повеќе од 12 години. А тие велам да бидат слободни или потчинети (зависни) кога стапуваат во брак[185].

*Закон*: Бракот не може да биде (да се склучи), ако нема согласност за склучување од тие што ги имаат под власт[186].

Бракот не се состои во тоа што маж и жена спијат разделени меѓусебно во постелата, туку во нивната брачна согласност[187].

*Закон*: Самостоен, полнолетен (кој има совршена возраст) стапува

183 Во рускиот превод има уште текст кој гласи: Овој Пафнутиј бил љубезен на Божјиот стол, што од него се случувале и чудесни појави. Императорот Константин сосема го удостојувал овој маж и често го повикувал во царските одаи и го бакнувал неговото извадено око. Во нашиот ракопис тој дел не е преведен!

184 Новела 8 на Лав Мудри,

185 Пр. Νόμος. Т. 4, гл.2 и 3.

186 β′ Βασ. ΚΗ′, δ′.

187 Пр. Νόμος. Т. 4, гл. 17.

во брак и без согласност на таткото[188].

Жалост (Траур) по заминатиот (умрениот) не е пречка за брак на жени кои се наоѓаат во заробеништво.

Тој што живее во девственост не треба да биде принудуван од својот татко да стапи во брак, па макар да биде и потчинет[189].

*Закон*: Никој тајно да не се венчава, туку во присуство на многумина (сведоци), а тој што се одважил на такво нешто да се вразуми со казнување; очигледно и свештеник, како некој кој се довел самиот себе во непријатност се подложува на достојна казна, според одредбите на црковните правила[190].

*Закон*: Глув и нем и слеп, може да се жени и за миразот да се договорат[191].

## ГЛАВА 3

***За тие што се гнасат од законитиот брак***

Види глава 9 од В состав

## ГЛАВА 4

***За двоженци; троженци и повеќеженци, мажи и жени, и за свештеници кои стапуваат во втор брак***

*Апостолско, 17-то:* 17-то правило на св. Апостоли: Кој по крштевањето учествувал во два брака или паднал во блуд, тој не може да биде ниту епископ, ниту презвитер, ниту ѓакон, ниту воопшто во списокот на свештените чинови. Затоа што благодетта на Сесветиот Дух со зборови неизреченото и со умот непостигнатото таинство на крштевањето го измива од секаков грев крстениот и покажувајќи му го блискиот свет не му забранува понатаму да се просветлува со чистиот свет на свештенството, после божественото крштевање веќе нема место жртва за грев, кој што и свештенство дарува.

*За четците*

Тоа што против правилото постапуваат и некои од четците, коишто стапуваат во втор брак, го зачувуваат уште својот чин.

*Василиј, 12-то*: За тоа правило споменува и Василиј Велики во 12-то свое правило, кога вака зборува: На двоженците правилото целосно им забранило да бидат служители на црквата.

*Апостолско, 18-то* (правило): Тој што ќе земе жена вдовица или избркана од својот маж, или блудница или глумица (танчарка), бидејќи неможе да се верува дека ќе живее невин при таква жена, не може да биде ниту епископ, ниту презвитер ниту воопшто во клирот.

*VI Собор, 3-то*: Со овие две правила е согласно и 3-то правило на

188 Пр. Νόμος. Т. 4, гл.12.
189 Пр. Νόμος. Т. 4, глава 22.
190 Пр. Νόμος. Т. 4, гл. 27.
191 ξϑ΄; Βασ. ΚΘ, α.

Шестиот собор.

*Закон*: Никој кој стапил во втор брак да не се хиротонисува во презвитер или ѓакон, ниту оној кој што живее со жена која го оставила својот маж, ниту тој кој има љубовница, туку освен, единствено ако поранешниот маж им бил невин и девствен. А, ако некој од нив доведе жена или љубовница, јавно или тајно, брзо треба да биде лишен од чинот и да си остане прост (обичен) верник.

*Закон (Новела)*: 79-та Новела на царот Лав Мудри заповеда: Тие од свештениците кои стапуваат во втор брак да бидат настрана од одеждата и службата, надвор од олтарот. Бидејќи се вели: ние не ги примаме (прифаќаме) одредбите на древниот закон, кој што сака, за презвитер или ѓакон или подѓакон којшто живее (се споил) со жена после направената над него хиротонија, целосно да ја остави облеката (одеждата) присвоена на таков начин и се враќа во мирскиот живот =(живот на обичен верник), но ја укинуваме (менуваме) таа одредба и наредуваме дека доволна е за нив казната расчинување од чинот, а што се однесува до облеката и другото служење во црквата - прикладно е да се прекине.

*За двоженциūе обични верници*

Сепак божествениот апостол Павле, знаејќи го надвладувањето на природните потреби (сопки кон паѓање), дозволил на младите вдовици да стапуваат во втор брак, ако сакаат. А божествените отци знаејќи го немирот од телесните мудрувања, определиле дека не треба да се забранува да стапат во втор брак и мажите коишто сакаат, впрочем не го дозволуваат без епитимии.

*Лаодикејско, Прво*: Првото правило на Лаодикејскиот собор вели: законски соединетите во втор брак откако ќе помине не многу време и после направените молитви и пост, по благонаклоност треба да бидат примени во општење (во заедницата), ако пред законскиот брак се соединиле тајно во заедница, тогаш задолжително да понесат епитимија како блудници.

*Василие 4-ūо*: Василие Велики во 4-то правило вели: Едни на една година, други на две се исклучуваат второбрачните од свештеното општење.

***За жениūе шūо сūаūувааū во вūор брак***

*Василие, 41-во*: Во 41-вото правило: Вдовица жена, ако е лишена од блиските родители и доброволно стапила во втор брак - не се забранува. Апостолот вели: ако умре мажот, слободна е да појде за кого сака, исто о Господе, да се спои со верен маж. А ако родителите на кои таа е потчинета се живи и не се согласни, тогаш можат да го растурат брачниот сојуз.

*Закон*: Законот вели: Помлада од 25 години-самостојна, ако посака да стапи во втор брак да им се дозволи да стапи во брак со согласност на таткото[192].

Вдовица жена треба да помине една година во жалост од причини на мешање на семејството, што во однос на мажот нема место. А таа што ќе

192 λδ΄. Βασ. ΚΗ΄, δ΄.

стапи во брак пред да помине една година по смртта на мажот, се лишува од граѓанската чест и не може да дава повеќе од третина од имотот на својот втор маж или да го остави во мираз (завештание) кога нема деца и самата ништо неможе да добие ниту по наследство, ниту по завештание, ниту по "mortis causa"- т.с. претсмртниот дар, туку сето добиваат останатите наследници. И ако нешто им оставил првиот маж, го добиваат постепено 10 лица, тоест вертикално и хоризонтално и странични до вториот степен, без завештание, наследуваат и нејзини роднини до третиот степен, покрај тоа, се лишува од секакво достоинство и тоа што го имала од првиот маж или по предбрачниот договор, или по волјата на умрениот[193].

Νόμοι= *Закон*: По наредба на царот може жена во жалост да си доведе за себе второ момче (младенец). А таа што родила во траорниот период може брзо да стапи во брак. Види за тоа и во 8-та глава на В-состав.

Никој што се наоѓа под управа на Ромеите не може во исто време да има две жени[194].

Тој што има во исто време две жени подлежи на телесна казна, а приведената (втората) жена да се избрка со децата родени од неа[195].

*За тробрачните. Василие, 4-то*

Василие Велики во 4-то правило: За троженците =(тие што стапуваат во трет брак) вели: ние го прифативме обичајот да ги одлачуваме на 5 години, да не се растура бракот, а да не се нарекува таквиот сојуз брак, туку многуженство, или поинаку казнет блуд, т.с. не рамнодушен и ограничен на една жена. Затоа и Господ на Самарјаните кои пет мажи смениле рече сега него го имаш, тој не ти е маж, покажувам на тие што ја престапиле границата на вториот брак веќе не се достојни да се нарекуваат со името маж или жена. Впрочем, не треба, вели сосема да им се заградува влезот во црквата, но им определува казна заедно (на едно место) со слушателите и тие заедно што стојат, но оттука не и со тие што плачат.

*Василие, 50-то*: И пак во 50-то (правило) вели: на тробрачните нема закон, т.с. црковен (закон). На таквите дела гледаме како на нечистотии во црквата, но на сенародно осудување тие не подлежат, слично како расплеткана прељуба. Бидејќи ние не го осудуваме тоа дело дотолку за да се растури бракот, но по тоа соединување за кое сега беше кажано и по неговото разграничување и определување, ги прифаќаме таквите (бракови).

*Григориј Богослов*: Богослов, овој наречен Велики Григориј вели: првиот брак-закон; вториот-попуштање, третиот-беззаконие, а што повеќе од тоа-свински живот, тие што имаат многу слични примери на порок.

***За мачните бракови***

193 α΄ Βασ. ΚΗ΄, ιδ΄.
194 λε΄, Βασ. ΚΗ΄, ε.
195 Πр. Νόμος. 39, чл.72.

Веќе старите закони признавале три брака; царот Лав Мудри стапил и во четврти брак и (затоа) бил одлачен од патријархот Никола (Мистик, 896-907; 912-930) царот го молел него за ослободување од тоа (одлачување) но бидејќи патријархот бил неумолив, тогаш царот го исфрлил (го отстранил) од Црквата и Ефимиј Синкел, маж свештен, го поставил за патријарх, којшто кога царот сакал да го озакони тоа дека тој што сака да му биде дозволено да стапи и во четврти брак, на секој начин забранувал, докажувајќи со многу архиереи дека не само четвртиот брак, туку и третиот е противзаконски. Токму поради тоа во црквата се појавил раскол и пречките во црквата продолжиле до царувањето на неговиот син Константин VII Порфирогенит (913-954) и Роман-дедото (тестот) негов. Тогаш бил издаден таканаречениот том на обединувањето (во 6428 година= 920 по Христа) во којшто се објаснува на кого и кога треба да му се дозволи третиот брак, преку што на сластољупците им била ставена цврста узда. Тоа единение секоја година во месец Јули се чита од амвонот на крајот тоа го вели следното: Тој што ќе доживее 40 години и ќе влезе во трет брак, бидејќи таквите се сметаат како нечистотија во црквата, -им се определува да бидат одлачени од причеста (општење) до истекот на 5 години, и по истекот на тоа време, еднаш годишно да пристапува кон причест во чесниот ден на спасоносната Пасха, да се очисти себе си со покајание, доколку е можно претходно со пост да се очисти себе си, а свештеник, ако се дознае дека удостоил кој било од таквите со Божествена Причест, според направената одредба, му се забранува, под опасност да го изгуби свештеничкиот степен (чин).

Но, тоа ние го зборуваме во случај кога кај тој што стапува во трет брак нема деца од претходните бракови, а ако ги има, третиот брак за нив да не биде дозволен, а кој е на 30 години и има свое наследство од претходните бракови, по необузданоста на телесните желби поради младата возраст се соедини со трета жена, таквиот треба да биде оддалечен од причеста на 4 години и потоа (по истекот на забраната) должен е да се причести трипати во годината: во неделниот ден на Пасха; на Успение на Пречиста Богородица и на празникот Рождество Господово (Божиќ), така што постите пред тие денови се признаваат како средство за очистување на поголемиот дел од неговите сквернавења, ако таквиот нема деца, тогаш се удостојува со проштевање, бидејќи како причина се зема желбата за раѓање на деца и затоа тој избрал трет брак и треба да биде вратен на обична епитимија (забрана), да се оддалечи во иднина на три години од причестување.

***За многуженциите***. *Неокесариско, 3-то (правило)*

Третото правило на Неокесарискиот собор вели: времето на покајание определено за тие кои попаднале во многубрачие, така што го поминале тробрачието, иако и самото дело не е познато, бидејќи никој од старите (древните) закони не објаснува; впрочем вели верата и животот во покајание го скратуваат времето на (покајување).

*Василие*: Мудриот во сé Василие во 80-то правило вели: многубрачи-

ето отците го покриле со мрак и молчење како животинско дело туѓо за човечкиот живот. Нам ни се претставува, т.с. се вели по наше мислење и суд подобро да казнуваме, отколку (да дозволиме-дополнето од А.А) блуд. А многубрачноста не се разликува од сврзувањето (мешањето) со многумина, туку соживот со многумина на еден и ист човек, макар и не во исто време. Бидејќи бракот не се состои само во тоа што според простонародниот израз, да се споиш со жена, но тој е сојуз на маж и жена, општ договор за цел живот и општење на правата божествени и човечки, како што определуваат законите, бидејќи тој се познава не само по соединувањето (спојувањето) , туку и по расположениeто на соединетите. А молчењето на отците е затоа што тробрачието (третиот брак) е признат како законит, а многубрачноста и законите и правилата ја отфрлаат. Бидејќи секој сојуз кој ги надминува границите на третиот брак, јасно се нарекува многубрачност и рекол дека тоа веќе е блуд и сосема справедливо: затоа што тој што блудствува си прави лошо самиот на себе, доброволно се турка себе си во незадржлива пропаст, а тој што се спојува себе си во четврти и веќе петти брак ги прекршува сите забрани од божествените правила, и прави навреда на своите родени деца присоединувајќи ги кон нив и незаконородените. Затоа (таквите) по заборавањето на беззаконието и по искреното покајување, заповеда повеќе да се казнат, бидејќи направиле блуд, затоа што ако внимателно проникнеш во одредбите на Светиот, за нив предвидува седум годишна епитимија, а на некои и осум годишна, бидејќи ако споменува само за две места на покајание, предвидел да поминат во нив 4 години, тоа конечно и во другите две, за кои, како што е познато, за кратко замолчел, должно е да ги проведат и другите 4 години, пред да се причестат со св. Тајни.

***Закон*** (Νόμοι): Законот вели: да биде јасно на сите тоа, ако некој би се дрзнал да пристапи кон четврти брак, којшто не е брак, тоа и не е само таков, сметајќи го за брак, во ништо да не се запише, но и родените од него деца да не бидат признати за законити и таквите по претходно разделување еден од друг да се подложат на казни исти како за осквернавените со блуд[196].

## ГЛАВА 5

***За жените кои сакаат да стапат во втор брак, кога мажот исчезнал без вести во патување или во војна***

*Василие, 31-во:* 31-то правило на Василие Велики вели: Ако жена на која мажот исчезнал без вести (без глас) или се најде во неизвесност, не го најави враќањето и не истражи за неговото исчезнување, преку тие што убаво го знаат него, дали навистина умрел, и стапи во брак со друг, подлежи на суд за прељубница.

*Истиот, 36-то*: А 36-то (правило на истиот Василие Велики) вели дека и жената на војник, подолго отсутен, подлежи на истото обвину-

196 Пр. Νόμος. Т. 4, гл. 24.

вање за прељубница, но има извесно помилување, затоа што секогаш може да се претпостави за времето на смртта на војникот, животот што го минува сред битки, опасноста и крвопролевањето.

*VI Собор, 63-то (903)*: Шестиот Вселенски Собор, согласувајќи се со овие две правила го донел своето 903-то правило, употребувајќи ги истите зборови на светиот и додава дека војник кој се вратил од привременото отсуство, ако посака може да ја земе својата жена, а нејзе и законски споениот со неа маж им дава олеснување, бидејќи за незнаење не се казнува. А жена која не го дочекала враќањето на мажот којшто не бил во воена служба, не заслужува помилување. Ако жената не се согласи на сожителство со вратениот војник тогаш да не им биде дозволено да сожителствува со вториот маж, макар таа и да сака, бидејќи ако решително посака по враќањето на првиот маж секако да сожителствува со вториот, макар тој и да не ја допушта (кон себе), таа треба да биде казнета како прељубница и бракот без одлагање да биде раскинат, бидејќи според Словото на отците се дава прошка на тие кои со готовност го оставиле второто сопружништво и го сознале направениот грев, но оттука не и на тие кои се противат и претпочитаат прељуба.

*Закон*: Ако војник се наоѓа на царска работа - во експедиција (народно корисна работа), тогаш колку години и да поминале, жената негова е должна да го чека, макар и да не добивала од него писма. А ако слушне за неговата смрт, не треба веднаш да стапи во брак, ако претходно не го праша хартуларот дали навистина тој умрел, и они (сведоците) пред светото Евангелие со клетва не ја потврдат неговата смрт; после тоа пак треба да чека една година и тогаш може законски да стапи во брак. Ако и покрај оваа одредба стапи во брак, тогаш и она и тој што ја зел нејзе да бидат казнети, како прељубници. Доколку се покаже дека сведоците за смртта излажале, тогаш тие се лишуваат од службата во војската, а вратениот војник има право да ја земе својата жена, ако сака[197].

*Закон*: Во однос на заробените Новелата на Лав Мудри предвидува: дека бракот не може да биде раскинат под изговор за запленување, ниту на слободната половина не им е дозволено да пристапи кон друго сожителство, а ако стапи во брак со друг, тогаш половината кога ќе се врати од заробеништво има право да го повика својот член и вториот брак да се раскине[198].

## ГЛАВА 6

***За тоа дека со двоженци не треба да слави (јаде) презвитерот што го благословил бракот***

*Неокесариско 7-мо:* Седмото правило на Неокесарискиот собор: Презвитерот не треба да прославува за бракот на двоженец, бидејќи како е можно со тој на кого он е должен да му наложи епитимија и да го

197 Јустинијанова Новела, 117, гл. 11; γ′. Βασ. ΚΗ′, ζ′.

198 Новела на Лав Мудри, 33.

оддалечи на една година од божествената причеста, да заме учество на трпезата и потоа да се покаже дека содејствувал на таквото дело? После бракот да се јаде со тој не треба да е забрането.

## ГЛАВА 7

***За тоа што христијаните кои стапуваат во брак не прилега да глумат***

*Лаодикејско 53-то:* 53-то правило на Лаодикејскиот собор заповеда, дека христијанин кој влегува во брак, прилега да се држи до скромноста и да не обрнува внимание на тие што танцуваат и глумат. А потоа заповедта на ова правило да се пренебрегне. Види уште во глава Прва одÕ(п-ја)=Љ состав, правило на тој собор 54 и VI Собор правило 24.

## ГЛАВА 8

***За девиците (девојките) кои без согласност на своите родители стапуваат во брак***

*Василие, 38-мо:* 38-то правило на Василие Велики: потчинета девојка, која без согласност на својот татко се оддала себе си на општење во брак со својот љубовник, се осудува како блудница. Впрочем, вели, ако родителите се помират со неа и се согласат на нивното сожителство со љубовникот и обесчестувачот, тоа дело незаконско на почетокот - по согласноста на родителите ми се чини има цел. Впрочем и заради тоа поради претходното беззаконие, таквата (жена) треба да биде удостоена со општење после 3 години епитимија. Но тогаш бракот бил заклучен според една согласност, а кај нас не може да се случи без свештенословие.

А ако господарот нејзин после тоа, откако таквиот брак стане јавен, или дал согласност за него или им ја дарувал слободата, тогаш бракот треба да се смета за невин, а првиот грев, како блудност, за справедливост треба да биде казнет со епитимија.

А потчинета, која склучила брачен сојуз со слободен, кога господарот знаел и не противречел, не треба да се смета за блудница, бидејќи молчењето негово по неопходност им го дарува нејзиното ослободување и избавување од гревовите.

*Закон*: Потчинета или потчинет не можат да стапат во законски брак ако не биде согласен и тој кој ги има под своја власт, со исклучок од тој случај, ако таткото ја препуштил својата ќерка по доаѓањето на 25 годишна возраст, да се спои со маж, бидејќи тогаш нејзе и самиот не ѝ забранил да стапи во брак со слободен[199].

Види уште и 30-та глава во овој состав.

## ГЛАВА 9

***За противзаконските и дозволените роднински бракови***

Од незаконските бракови едни се нарекуваат беззаконски, како на

199 Βασ. ΚΗ΄, δ΄, Новела - ρει- , гл. 3.

пример брак со роднини, или еретици; други противзаконски, како на пример брак со тој што се наоѓа под заштита (старателство), трети - осудени, како на пример брак со посветена на Бога, божествените правила наредуваат таквите (бракови) само да се растурат, а законите, покрај тоа, го конфискуваат во касата имотот на споените и ги изгонуваат, а обичните (простите) луѓе покрај тоа и ги казнуваат (тепаат). А според латинските, противзаконскиот брак се нарекува „nexarius" (непристоен); осудениот-damnatus, беззаконскиот-incestus (крвосмешан).

***За свештениците кои стапуваат во беззаконски брак***

*Апостолско, 19-то*: За тоа светото апостолско 19-то правило вели: Тој што има во сопружништво две сестри или внука (од сестра=сестричница) не може да биде во свештенство. Затоа што секој беззаконски брак ако е во крвно сродство или својство, се раскинува и откриениот во таков не само што се изгонува од клирот, туку и подлежи на епитимии.

*Василие, 27-мо*: 27-то правило на Василие Велики: Свештеник обврзувајќи се по незнаење во неправилен брак, на пример, стапувајќи во сожителство со крвна роднина, или монахиња, која се одрекла од свештенството, или со некоја што се наоѓа под старателство на неговиот татко, наредува дека тој може да го користи само седењето заедно со презвитерите, од останатите свештенички дејства да се воздржува, и да се кае секогаш со солзи пред Бога и луѓето: пред Бога, како единствениот моќен да ги опрости гревовите; пред луѓето, за да тие измолат за него опростување од Господа. Благословувањето мора да се даде по сопствено исмевање, ниту лично, ниту сенародно - не треба вели; бидејќи благословувањето дава духовна благодет и осветување, а кој од тоа не е удостоен од причини на грев, направен макар и по незнаење, тогаш на кој начин може да го даде онаа на друг? А ако тоа (т.с. нему забрането) тогаш тој да го раздава телото Господово, бидејќи за него е доволно оправданието (покажано од него) од причини на незнаење, ако тој не биде подложен на епитимии и може уште да го користи седиштето.

*VI Собор, 26-то*

Божествените отци на Шестиот Собор го одобриле тоа правило во неговиот прв дел, го направиле него 26-то свое правило, употребувајќи ги истите негови зборови и додале: само по себе станува јасно дека таков неправилен брак се растура и мажот оттука не може да има сожителство со онаа, преку која се лишил од свештенодејствувањето. А ако незаконското сожителство не биде раскинато, тогаш да нема ни седиште, туку треба да биде изгонет и од црквата заедно со неа, којашто противзаконски се споила со него и бракот треба да биде растурен од граѓанските власти.

А тој што живее во тој грев после тоа, како што веќе дознал за сѐ, конечно, треба да биде казнет (тепан) како крвосмесник.

*За верниците кои стапуваат во беззаконски брак*

Посланието на Василие Велики до Диодор, епископ на Тарс, исполнето со секаква мудрост и украсено со красноречива убедливост; послание-

то го разгледува онаа што по благодетта Божја сега не доаѓа и на мисла на човекот-христијанин. Диодор, од некој си бил запрашан, може ли тој по смртта на својата жена да ја зеде за сопруга нејзината сестра, одговорил писмено дека нема пречки. Овој знаменити одговор на Диодор му бил поднесен на  Василие Велики, којшто забранувал таков брак; вознемирен од таквиот одговор светиот отец го направил ова, исполнето со голема корист послание коешто го забранува не само таквиот, но и секој беззаконит брак, впрочем употребувајќи општо име нечистотија, тој на кратко ги отфрлил сите тие (беззаконски бракови).

*Исто, 23*; Во 23-то правило (Василие Велики) зборува: за тоа, како ние судиме  за тие што зеле две сестри во сопружништво, ти сосема убаво ќе дознаеш од објавеното наше послание, список којшто ние го испративме до твоето благочестие, сето ова го вели во посланието кон Диодор. Исто така и кон светиот Амфилохиј. А тој што ја зел жената на својот брат не треба првин да му се даде место за покајание, освен кога ќе се разведе од неа.

*VI Собор, 54*: За тоа послание споменува и 54-то правило на Шестиот Вселенски Собор и вели:  и кога би светиот (отец) ги наброил само малку од забранетите бракови, а сосема многу од нив ги премолчал (поминал молкум преку нив), за да со такво бесрамно именување не го осквернави словото, и  со едно само општо име нечистотии ги покажал сите противзаконски бракови, но ние определуваме: Ако некој се спои во брачно општење со своја братучетка, или пак татко и син со мајка и ќерка, или со две сестри татко и син или два брата со две сестри; да подлежат на правилото за седумгодишна епитимија јавно по нивното разделување од беззаконото сопружништво.

*Василие, 67-мо*:  67-то правило на Василие Велики за родоскврнавење (брак меѓу брат и сестра) ги одлачува од општење на 20 години исто како и за убиство.

*Истиот, 68-мо*: Шеесет и осмото (правило): Кој од реченото, вели, соединетите во брак луѓе, што се наоѓаат во забраната за онаа родство, ако бидат откриени подлежат на епитимија за прељубници, тоест лишување од општење на 15 години, по претходно раскинување на бракот.

*75-то* правило вели: Тој што со својата сестра по мајка или по татко осквернил, да се изгони и од молитвениот дом, додека не отстапи од гнасното и противзаконско мешање (спојување). А кога ќе отстапи и достојно ќе се покае, после 12 години треба да биде удостоен со божествено општење.

*76-то* правило вели: Тоа да биде закон и за тој што се споил со својата снаа.

*78-мото* правило: Тој што ќе земе две сестри во брак, макар да било во различно време, по раскинувањето на незаконскиот брак, подлежи на суд за прељубници.

*79-то*; Тој што безуми со својата маќеа подлежи на истото правило како и тој што со својата сестра скврнави.

*Неокесариско, 2-ро*: Второто правило на Неокесарискиот собор: жена која се омажила за два брата, наредува да биде исфрлена од црквата до смртта, ако се разбира не се согласи да го раскине бракот. Ако, се разболи и ѝ се заканува смрт, да даде ветување дека по оздравувањето ќе го раскине бракот, тогаш да се допушти на покајување. А ако умре жената или мажот во тоа време кога тие го одржувале таквото беззаконие, за тој што ќе остане покајување-тешко, бидејќи јасно се гледа дека не го оставил гревот додека уште било живо умреното лице.

*Анкирско, 25-то*: 25-то Анкирско правило е утврдено за некој човек кој се верил со една девица, пред тоа ја обесчестил нејзината сестра, од што таа останала бремена после тоа, откако тој се оженил со неговата вереница, обесчестената од жал се обесила. Така, на виновникот сите отци му определиле 10 години да не се допушта на причеста. А совиновниците да се сметаат за соучесници, а не тие кои просто имале сознанија и не можеле да го спречат. Бидејќи соучесниците во беззаконските дела се казнуваат не помалку од самите престапници.

*Тимотеј, 11-то*: 11-то правило на Тимотеј Александриски наредува: дека свештениците повикани на брак, ако слушнат за неговата незаконитост не треба да одат за молитва и дарови, а уште повеќе не треба да ги поврзуваат со молитвите тие што се решиле на таков брак, за да не бидат вплеткани во туѓ грев.

*Закон*: При незаконски брак, склучен по незнаење, црквата дава прошка и исправување на гревовите и посебно ако уште никој не обвинил никого.

*Закон*: Родоскверници, родители ли со деца или деца со родители, или браќа со сестри, треба да бидат казнети со меч, а смешаните еден со друг во друго сродство, т.с. татко со жена на синот, или син со жената на таткото, или маќеата, или очувот со приќерката, или брат со жената на братот, или вујко со внука или внук со тетка, или со две сестри, или со туѓа мајка и нејзината ќерка и притоа врската (смешувањето) се открие, да бидат тепани и носовите да им се отсечат[200].

*Закон*: Тие што склучиле брак, или поинаку телесно општеле, братучеди и родените од нив деца, или татко и син со мајка и ќерка, или два брата со две сестри, или два брата со мајка и ќерка, покрај разделувањето треба да бидат тепани[201].

*Закон*: Тој што се смешал со својата кума или во брак, или во поинакво тајно сплеткување, треба да бидат казнети заедно со отсекување на носовите. А ако е мажена, покрај тоа да биде тепана[202].

200 Προχ. Νομ. ξѳ, титулалѳ ( 69, титулар 39).

201 Προχ. Νομ. 69, титулар ов = 72.

202 Исто, титула ξг, 63

**ГЛАВА 10**

***За тие што грабаат жена за брак***

Види 13 глава во А-состав

**ГЛАВА 11**

***За тие што земаат во брак посветена на Бога***

*IV Вселенски Собор, 16-то:*16-то правило на Четвртиот (Вселенски) Собор вели: Девојки (девици) коишто себе си се посветиле на Господ Бог, исто и монахињите, не им се дозволува да стапат во брак, а ако го нарушат заветот, тогаш се одлачуваат од божествената причест, времето на покајание за нив го одредува локалниот (обласниот) епископ во зависност од заветот на секоја, впрочем и богословскиот глас на Григориј вели: ако ветувањата дадени од човек на човек, не се прекршуваат и ги утврдува Бог, повикувајќи го да посредува, тогаш колку голема опасност се покажува од нарушувачите на тие завети коишто ги дале на самиот Бог.

*Четврти Собор, 4-то:*Четвртото правило на Шестиот Собор: кој се сојузил (склучил брак) со жена посветена на Бога, било да е девојка или вдовица, свештеникот се исфрла, а верникот се одлачува. А инаку законот ги казнува нив.

И кога би со менувањето на алиштата се зарекла на мирување (бездејствие) заклучено во правилата коишто понатаму ќе бидат наведени, исто така треба да се кажат.

*VI Собор, 15-то:* 15-то правило на Четвртиот Вселенски Собор вели: За ѓакониса не треба да биде поставувана жена пред да наврши 40 години возраст, а таа која после ракополагањето ја осквернави божествената благодат и влегла во брак, правилото предвидува да се предаде на анатема, а исто и тој кој со неа се смешал (се оженил).

*Василие, 24-то*: Василие Велики во 24-то правило вели: ако за маж вдовец нема поставено никаков закон, којшто му забранува да стапи во брак, покрај епитимиите за второженец, исто и жена, вброена кон чинот на вдовиците и потоа стапи во брак, Апостолот наредува да биде презрена и да остане без грижа и храна од црквата. Ако 60 годишна вдовица стапи во втор брак таа треба да биде одлачена од причеста, да се затвори дотогаш, додека не ја напуштат страстите, согледувајќи ја гнасотијата и нечистотијата на тоа, ако пак пред 60-те години, вели, ја вброиме нејзе во редот на вдовиците, тогаш тоа е наша вина, а не на жената (т.с. во случај да стапи во втор брак).

*Закон*: Кој блудничи со монахиња или со ѓакониса, или со калуѓерка, како осквернувач на невестата христова црквата, треба да биде казнет со отсекување на носот, како самите тие, така и тие со кои се смешале[203].

*Закон*: Хиротонисаните во ѓакониси, ако тие се дрзнат и ја посрамотат хиротонијата стапувајќи во брак или изберат поинаков начин на

203 Проχ. Νόμος, 69, титула, 39.

живот, да бидат виновни до смртта и имотот нивни треба да биде закрепен за нивниот манастир или нивната црква; а тој што ќе се дрзне да се ожени и ги обесчести да се казни со меч и неговиот имот да го добие државната благајна[204].

*За ѓаконисите и вдовиците*

Друг бил некогаш чинот ѓакониса и друг чинот вдовица: бидејќи тие што ја избрале чистотата на девството и макитe во чистотата на животот, во 40-та година отците ги хиротонисувале во ѓакониси; затоа што знаеле дека жените лесно се оддаваат на заведување и лесно се наведуваат на зло, тие претпоставиле дека треба да ги хиротонисуваат на таа возраст, а вброените во чинот на вдовици Апостолите определиле да не бидат помлади од 60 години, и справедливо: затоа што тие, бидејќи не го вкусиле човечкото задоволство, не лесно се оддаваат на страстите на таква возраст, а вдовиците, ја искусиле машката постела, можат да бидат склони кон тие страсти, така што навиката може да предизвика кај нив телесно мудрување, затоа и определиле дека вдовиците треба да бидат над 60 години, бидејќи веќе навлегле во старост кога природно се гаси и пламенот на страсната желба.

Имало и такви коишто не ја достигнале 60 годишната возраст-тоа се тие, коишто претпочитале да ја зачуваат невиноста во верската облека; затоа отците за сите повеќе се позанимавале отколку за овдовелите мажи, и потребното за преживување им го давале од црквата, за под изговор на бедност (сиромаштија) да не бидат принудени да помислат на втор брак, на што вдовците мажи, многу поразлично се здобиваат со потребното за животот, не можат да се повикаат. А од првото послание на великиот Павле до Тимотеј ти јасно ќе дознаеш со каква грижа од црквата се удостојувале вдовиците.

Каква тоа служба во свештенството исполнувале ѓакониците, скоро никому не му е познато. Впрочем, некои велат дека тие ги служеле жените при крштевањето, затоа што на мажите не им е дозволено да гледаат на разголени жени коишто се крштеваат возрасни. Други велат дека им било дозволено да влегуваат и во светиот олтар и да вршат служење слично на служењето на ѓаконите. А било забрането од отците да влегуваат во олтарот и да вршат служба од причини на месечното прочистување. Дека во минатото и на жените им било дозволен пристап во светиот олтар, тоа може да се види од многу други (сведоштва) и особено од надгробното слово, кое што го направил на смртта на својата сестра великиот Григориј Богослов, но за жена да служи при свештената и бескрвна жртва, мене ми изгледа неверојатно, затоа што не е сообразно со здравиот разум, дека тие што добиваат степен ѓакон, кои учат на соборите и чијашто должност е да ги очистуваат со посредство на Словото, оние од неверните жени, коишто пристапуваат кон крштевање.

Во древните книги, во кои детално е опишан чинот на секоја хи-

204 Јустинијанова новела-6, гл.6.

ротонија, се зборува и за возраста, којашто треба да ја има ѓаконисата, дека е 40-годишна и за облеката да е во целосен вид монашка и за животот, дека треба да ги имитираат добродетелствата на високите мажи, и за служењето, дека тоа се состои во тоа што и служењето на ѓаконите, покрај не многу-што тоа се сведува на свештената трпеза и се покриваат, краевите секогаш напред да висат, и дека после зборовите „божествена благодет, болеста излекувај ја", таа не ги превиткува во колената нозете, а само главата, и дека архиерејот ставајќи ја раката на неа, се моли за тоа што таа поминува невин и чесен живот, непорочно го извршува делото на служење и на тој начин престојувала постојано во светиот храм, но оттука нејзе не ѝ е дозволено да служи при пречистите тајни или да зема во раце- (рипиди) својствено за ѓаконите, затоа архиерејот, симнувајќи им го „оморфорот" (прекривката), им става ѓаконски „орар" којшто го носи со двата краја напред, и за време на причестувањето (се вели) дека таа се причестува со божествените тајни после ѓаконот, - дека потоа, примајќи ја чашата од раката на архиерејот, таа никому не ја предава, туку во тој момент ја става на светата трпеза.

## ГЛАВА 12

***За тоа дека не треба да се склучува брак со еретици***

*За црковните служители (клерици); IV Собор, 14-то:*

14-то правило на Четвртиот собор целосно им забранува на свештениците (клериците) да склучуваат брак со еретички жени, а децата од веќе стапените во таков брак, заповеда да се приведат кон Соборната црква и ако се покаже дека тие се крстени од еретиците, крштевањето од тие што здраво мислат да се отфрли, повторно да се крстат, а ако не се, само да се помазат со божественото миро, а ако уште не се познава печатот на крштевањето, во таков случај да не се крштеваат од еретиците ниту да склучуваат брак со еретиците, ниту со Јудеите, ниту со Елините: Под еретици правилото ги подразбира тие кои го прифаќаат нашето таинство, но во некои делови од учењето грешат, поради што и се разликуваат од православните, а под Јудеи се подразбираат христоубијци, и под Елини-сосема неверни и болни идолопоклоници. А доколку еретик или неверен, можеби се завети дека ќе се присоедини кон православната вера, тогаш договорот може да се направи, вели (правилото), но брачното сожителство треба да биде одложено до тој момент додека ветувањето не биде потврдено со самото дело.

*За Латините*: И од Латините се бара тие да го исполнуваат тоа, кога имаат намера да земат православна жена. А тие што нема да се покоруваат на оваа наредба подлежат на епитимии според правилата, бидејќи заедно со раскинувањето на бракот, престапниците подлежат и на епитимии.

*Лаодикејско, 10-то:* 10-то правило на Лаодикејскиот собор вели: Не треба црквата без анализа да ги прибира децата од брачните сојузи со еретиците.

*Картагинско 21-во; VI Собор 72-ро*

Картагинското 21-во правило (вели): Децата на еретичките служители, т.н. неверни, или еретици им се забранува да склучуваат брак.

*72-то* правило на VI Собор буквално предвидува вака: Не е достојно православен маж со жена еретичка да склучува брак, ниту православна жена со маж еретик да се соедини. Ако се открие нешто такво, било како направено, бракот се смета за невалиден и незаконското сожителство се раскинува (растура). Бидејќи не прилега да се меша тоа што не може да се меша, ниту да се собираат овците со волците, и со честа на Христовото наследство-грешинците. Ако некој утврденото од нас го престапи да биде одлачен. Бидејќи според граѓанските закони, бракот се определува како општење и соучество вобожествените и човечките права, та како можат да се соберат меѓусебе оние кои спротивно размислуваат за верата? Затоа (правилото) наредува по раскинувањето на  беззаконскиот брак и одлачувањето на тие кои го прекршиле.

Но, ова зборува само за склучените бракови, кога едната половина се придржува до еретичките догми, а другата ја почитува православната вера. А ако двете половини, вели, во почетокот кога стапиле во брак, биле туѓи за православната чест, а потоа едната ја спознала вистината, а другата останувала уште во таа нечистотија, тогаш поради тоа бракот не треба да се растура како што наредува великиот Павле во првото послание до Коринтјаните, бидејќи вели: ако верничка сака да живее со неверник, или обратно, верник со неверничка, не треба да се раскинува бракот, да се свети неверниот маж на жената и обратно. Впрочем, погледај, дека и божествениот Апостол допушта попустливост велејќи: ако е наклонета верната половина да сожителствува со неверната, на крај, ако не е наклонета, бракот без сомнение треба да биде растурен.

Јас сум убеден дека оваа било на почетокот, при воведувањето на христијанството, што се однесува до претстојното време, тогаш како е можно крстен Јудеј или Агарјанин (Арап) да сожителствува со таа која што уште не е крстена, или крстена-со неверник? Како што било за време на патријархот Теодот: бидејќи царскиот трубач примал крштевање, според патријаршиското писмо (грамота) се развел од жената која не го послушала мажот којшто повеќе пати ја убедувал неа да го прифати благочестието.

*Лаодикејско, 31-во*

Лаодикејското 31-во правило (вели): Не треба (не личи) со секој еретик да се склучува брачен сојуз или да му се дава на таков син или ќерка, од опасност да не би се научиле на лажно учење, но напротив, да се зема од нив, ако ветат дека ќе бидат христијани. А изразот „нетреба со секој еретик“ е употребен наместо „со некој“. Бидејќи тоа е особеност на Писанијата, како на п.р. „не плаши се ако некогаш осиромаши човек, ако некогаш умре тој, не можат да му земат се“, затоа што е невозможно да му се земе што било и на друго место, „храна не за сите си создал ако се сите синови човечки“, бидејќи сите созданија и не се; затоа е нечестиво

да се мисли на тоа.

*Закон*: Не треба да зема ниту Јудеј христијанка, ниту христијанин Јудејка, ниту еретик и од друга вера под каков било предлог (изговор) да склучува брак со христијани.

## ГЛАВА 13

### *По какви причини се раскинува бракот*

*Закон:* За раскинување на бракот граѓанските закони зборуваат на многу места, а најмногу за тоа (зборува) Јустинијановата новела, јасно изложувајќи ги причините по кои мажот или жената можат да дадат писмено барање за развод или ослободување на брачното лице; и миразот да го задржат, зачуван во нивно владеење за децата од таков брак, или, кога нема деца, невиното лице го зема во своја корист и располагање. Затоа што можеби во минатото (древноста) на луѓето им било дозволено и древните закони и долгогодишните обичаи без причина да го раскинат сопружништвото, кога мажот ѝ велел на сопругата: жено, прави што сакаш, и таа нему: прави што сакаш, како и на еврејските мажи во древниот закон било дозволено да испратат писмо за развод (книга за развод) на својата жена, но потоа од христијаните тоа е укинато. А благочестивите цареви поименично ги наброиле причините по кои само може да се раскине бракот, и без ниедна од кои не е дозволен развод.

*Закон*: *Вина на жената*:

Мажот испраќа разводна книга на жената и го остава (задржува) во своја полза нејзиниот мираз, како што е речено по следните причини:

1. Ако жената знае дека кој било има зла намера против царството и не каже на својот маж;
2. Ако се покрене обвинение на жената за прељуба, и според законот таа биде изобличена во тоа;
3. Ако на каков било начин има зла умисла по животот на мажот, или дознала дека други го прават тоа, и не му каже за тоа;
4. Ако со туѓи мажи без дозвола на мажот учествува во гозби или се бања со нив;
5. Ако преспие надвор од домот без дозвола на мажот со исклучок на таков случај, кога се наоѓа кај своите родители, или кога самиот маж, покрај кажаните причини ја изгони неа и таа нема родители, ја помине ноќта надвор од домот;
6. Ако отиде на коњски трки, или на театар, или на лов, или со цел да гледа распуштени ѕверови, без знаење на мажот или покрај неговата забрана[205].

*Наредби на Писанијата*: Не се враќа прељубницата кај нејзиниот маж, се разбира во однос на мажот, кој не сака да ја земе неа; бидејќи ако мажот им го прости престапот, тогаш без пречки може по истекот на 2 години пак да ја прими неа, според новелите на Јустинијан и на Лав

205 Јустинијанова новелла 117, 20; α Θεμ. Α- γ, Βασ. Κη, .ζ.

Мудри.

*Закон: Вина на мажоӣ*:

Жената праќа книга за развод на својот маж и има право да го задржи својот мираз и брачниот дар од мажот, да го зачува него во свое располагање за децата или кога нема деца да го земе во своја корист, по следните причини:

1. Ако било што намисли против државата (царството) сам или дознае дека други имаат таква намера, не соопшти на царството сам или преку кое било друго лице;

2. Ако на каков било начин подготвува зли намери по животот на жената;

3. Ако има зла намера на благоразумноста на жената, почне да ја предава (дава) неа на други да прави прељуба;

4. Ако мажот направи прељуба и не им каже;

5. Ако оди со друга жена, или во својот дом, или во друг град и биде опоменат (предупреден) од својата жена или од нејзините родители или од било кој друг и не посака да остане (да се откаже);

По тие причини мажот не само што се лишува од предбрачниот дар, туку уште и од третиот дел од другиот имот, и подлежи на таква казна, на којашто треба да ја претрпи обвинетата жена.

Покрај ова, не може ниту жена самоволно да се разведе од мажот, ниту мажот со неа, без суд и решение на судиите, како што предвидуваат Јустинијановите новели, бидејќи тој што ќе се ожени со таква што се развела на таков начин-прави прељуба[206].

*Раскинување на бракоӣ без казна и за браковиӣе раскинаӣи ӣоради ӣодвиӣоӣ на воздржување*

1. Без казна се раскинува брак ако по истекот на 3 години мажот се покаже неспособен да се спои (да има секс; да сожителствува) со сопругата, макар тој и да не се согласува на раскинување, му се остава предбрачниот дар во полза на мажот, којшто од ништо свое не се лишува[207].

2. Бракот се раскинува и во тој случај кога едната страна (половина) избирајќи подобар живот реши да се оддаде на испосништво, коешто води кон подобар пат бидејќи наредувам, дека тогаш мажот и жената, стремејќи се кон подобро, имаат право да го раскинат сожителството и да се разделат, при некоја мала утеха којашто останува на оставеното лице, бидејќи тој приход, кој што по согласност, во случај на смрт на едниот од сопружинците, го добива другиот, треба да го има лицето што е оставено од другиот, бидејќи лицето што оставило, во однос на оставениот сожител, кога би умрело, избрало еден животен пат наместо другиот.

Постригот, макар тоа да било и против волјата на еден од сопружинците, бива цврст и ние утврдивме дека раскинувањето на бракот произлегува по Божја благодет и оставеното лице може да стапи во втор

206 ; α Θεμ. Α- γ, Βασ. Κη, .ʒ.;Јустинијанова новелла 117, гл. 9.

207 δ΄. Βασ. ΚΗ, - з-.

брак (второ сопружништво). На жената на хиротонисаниот за епископ не им е дадено тоа право и неговото ракополагање треба да биде во согласност со неа и потоа таа треба неодложно да се потстриже (замонаши).

3. Бракот се раскинува и во случај кога мажот или жената бидат земени во плен и во текот на 5 години биде неизвесно дали се они живи[208].

Ако кој било се осмели да раскине брак надвор од определените од нас причини, тогаш наредуваме (вели) ако они имаат наследници по надолна линија од тој или од другиот брак, нивниот имот да им се даде на оние (на наследниците) самите тие да се испратат во манастир за целиот нивни живот и дел од имотот да се даде на манастирот, ако кај нив нема наследници по надолна линија, а има наследници по нагорна линија, тогаш трети дел од нивниот имот добиваат тие, ако тие не соучествувале во раскинувањето на бракот. Ако, кај нив нема наследници ниту по нагорна, ниту по надолна линија, тогаш наредуваме целиот имот да се даде на тој манастир во кој тие се затворени. Но и тие кои прават такви незаконски зделки, наредуваме да се подложат на телесни казни и да се испратат во прогонство. А ако тие, кои решиле да го раскинат бракот, посакаат пак да се спојат еден со друг, пред да бидат испратени во манастир, тогаш ние им даваме право и ги ослободуваме од погоре кажаните казни и им дозволуваме да си владеат со својот имот. А при желбата на едното лице да го обнови бракот, ако не се согласи другото лице, казните да бидат во сила во однос на лицето што не сака, а наредуваме тоа да биде по разгледувањето од благољубезниот епископ.

А ако бракот биде раскинат по согласност на двете половини, или по љубов кон благоразумноста, секоја половина брзо да пристапи кон монашки живот за да ја зачува својата невиност. А ако некој од нив стапи во брак или падне во блуд, тогаш целото имање на таквиот го добиваат децата, а ако нема деца, тогаш тоа го добива царината (димосија=државната каса).

## ГЛАВА 14

***За жените ѓакониси и вдовиците***

Види 11 глава од овој состав.

## ГЛАВА 15

***За свршените (заветените) жени; овде исто и за свршувачката (заветот)***

*Василие, 69-то:*69-то правило на Василие Велики (вели): ако четец заедно живее со својата вереница пред бракот и со нејзина согласност, тогаш, по одлачувањето од една година, повторно се прима во четци без право да биде унапреден во повисок степен. Ако живее заедно со жена без свршувачка, макар и да имал разговор со неа за тоа дека ќе ја земе

208 δ΄. Βασ. ΚΗ, -з-.

неа за жена, се лишува од служењето и титулата (четец). А ако во втора страст биде откриен служител, т.с. подѓакон, тој целосно се отстранува од службата.

*VI Собор, 96-шо*: 96-то правило на Шестиот собор: подлежи на вина прељубник, тој кој зема за оппштење во брак жена свршена за друг, за време на животот на нејзиниот свршеник. А ако некој се спојува со таков небрачен лик, а блудно, тогаш тој се казнува како прељубник и жената како прељубница. А несомнителните (во таква заедница) прељубници, се казнуваат како блудници.

*За свршувачкаша:*

Законодавците го дефинираат свршувањето како меморија (памет) и ветување за идните бракови[209]. И Мојсиевиот закон го почитувал свршувањето како брак и раскинувачите на свршувачката на друг, се казнува како прељуба[210]. И доколку символот на свршувачката ги соединил нив, затоа е наречена (во законот) свршеницата жена. Бидејќи навреда, вели е за жена искрена, т. е, ја лишил од невиноста свршеницата негова, и светата Дева, на таков начин била нарекувана жена на Јосиф, бидејќи вели: не плаши се да ја земеш Марија за своја жена. Кај нас во древноста на свршувачката им претходело да се бакнат тие што се свршуваат и да си разменат прстени, и било дозволено да се раскине свршувачката со уплата на определена казна, но тој што зел жена, иако свршувачката не е раскината, според справедливоста подлежи на суд како прељубник, како што предвидува кажаното правило (96-то, од VI Вселенски собор). А таму каде што не претходело свршување и немале место ниту бакнежите, ниту вереничките прстени, а само така наречената „договорка", тогаш , макар да зел и друга жена тој не подлежи на обвинение за прељуба, а според издадената после, во 6591 година (1084, н.е.) новела од благочестивиот цар Алексиј Комнин, свршувачката е скоро рамносилна на законскиот брак, бидејќи и тоа се случувало со свештенички молитви и инаку не се раскинува освен на начин, како што се раскинува и законското сожителство.

*Новела за свршувачкаша (веридбаша) од цар Алексиј Комнин (6592, г̄.)*

Новелата на царот Алексиј Комнин издадена во 6592=1084 година вели: Вистинско свршување од нас претставува тоа коешто се прави (извршува) со свештенички благослов и во определено од нас време, а соодветно за свршување и брак време е: за жени 12 години, а за мажи 14 години возраст.

Ние заповедаме дека после свештеното пеење на молитвите и обичната размена на капарот (свршенички прстен) и бакнувањето, откако ќе помине кратко или подолго време, како да им дојде на ум на сврзаните без двоумење да пристапат кон законит брак и дека тоа (стапување во

209 α. Βασ. κη., α,.

210 Мојсеј,V , гл .22, 25.

брак) да не се случи во еден ден и посебно час (со свршувачката). Ако пред настапувањето на определеното од нас време и без оглед накажаното биде заклучена свршувачката и договорите, тогаш таквите свршувања не се вистинити, ниту треба да се нарекуваат (така), дури претстои и уплата на казна, бидејќи свршувачката во сопствена смисла не треба да биде раскината со плаќањето на казната, за што во условите не би требало да биде пишувано, затоа што оттука нема утврдување на свршувањето, туку преку повикувањето на Бога, поради што и остануваат воопшто нераскинати и се раскинуваат само по тие причини по кои и браковите (се раскинуваат).

Бидејќи според древниот закон и обичај (обичаен закон) по достигнувањето на девојката (свршеничката) до седумгодишна возраст неправилно биле заклучувани веридби (свршувачки), бидејќи секој слободно пристапува кон свршувачка, напрегајќи го погледот и слободно обраќајќи се го разгорува пламенот на љубовта, затоа ние го определуваме и тоа дека согласноста, како што под видот на свршувачка се прават кај лицата што се согласиле, во периодот на времето по седумгодишната возраст до 14 или 12 годишна возраст не биле релативни кон чинот на целосна законитост и цврста свршувачка, а се сметале и имале дејство само како прости договори, како и другите согласности, но дека во вид на возвишение на поредокот благоприлично во животот на христијанинот, древниот објавен закон за свршувачката имал сила само за тие лица на кои им било забрането да стапуваат во брак со разведена девојка. Токму затоа, тоа и не е свршувачка во вистинска смисла, но, така тоа е направено со цел свршувачка. И се става во основа за можен брак, тоа би било убаво, кога на тие лица, на кои им е забрането со закон (да стапуваат во брак) повторно им била наложена забрана, и дека никој нема да ја земе за жена онаа, некогашна свршеница на некој човек (маж), на која и по раскинувањето на свршувачката законот не дозволил да стапи во брак со друг.

*За свршувачката на црковните служители (свештениците)*

(Валсамон): Оригинално (заради тоа) не му е дозволено никому од служителите во Олтарот кога тој поради смрт или од друга причина биде разделен од својата свршеница пред бракот, да се спои (соедини) со друга жена, бидејќи откриениот во такво дело се исфрла како да стапил во втор брак, а четец, којшто направил нешто слично не се унапредува во повисок чин.

Ако свршувачката е неважечка и ако лицето што се договорило со тој кој сака да биде посветен, има повеќе од 6 години, тогаш на договорениот не треба да му биде дозволено да се ожени со друга жена и на тој начин да биде посветен, затоа што тој ќе се смета како двоженец, од причини на страсна желба, така што тогаш жената бидува склона кон љубов. А ако лицето што се договорило било помладо од 6 години, кога била направена согласноста, тогаш таквиот по соединувањето со друга жена може непречено да пристапи кон свештенството. Во однос на верниците (мирјаните) ова нема дејство, затоа што само служителите во Олтарот

се должни да бидат мажи на една жена и притоа девица, бидејќи и самите тие до тоа (време) ја зачувале невиноста (го зачувале девството-б.м.).

Кога имало целосна свршувачка, тогаш, ако пред соединувањето со својата свршеница мажот биде разделен од неа поради нејзина смрт, тогаш и верник неможе да ја земе нејзината братучетка или друго лице, забрането е со закон, бидејќи не соединувањето, туку чинот на молитвите ја поставува свршувачката на степен на брак.

*За ӣој шӣо сквернави со својаӣа ӣашӣа (баба=мајка на жена му)*

А пред извршување на таинството за брак, кога имало само свршувачка, младоженецот осквернави со таштата или со друго роднинско лице на својата свршеничка, бракот треба да се забрани, затоа што е недозволиво очигледно да се допушти крвно мешање, ако после законски склучениот брак се случи тоа беззаконие, тогаш бракот не се раскинува, но тие што направиле крвно мешање се подложуваат на епитимии, бидејќи законот вели: Цврстото од почетокот, не ја губи силата од случајните околности[211].

*Од кои ӣричини се раскинува свршувачкаӣа*

Се раскинува свршувачката, како и браковите по следниве добро познати и згодни причини:

1. Ако свршувачката е нефункционална и незаконска, од причини на малолетност на децата[212].
2. Ако се види (забележи) дека жената е бремена од туѓо семе[213]
3. Се раскинува поради претходно незнаење, но потоа откриена припадност на еден од свршениците на друга вероисповед и на различни догми[214].
4. Или од причина на развратна природа (склон кон разврат-б.м)
5. Или чести промени на психичката состојба[215].
6. Или од причини на одлагање на бракот подолго од четири години, дозволено не по оправдани причини, на пример; не поради долга болест, или смрт на родителите, или од причини на кривичен прекршок, или долговремено отсуство, кое се случило од неопходност[216].
7. Уште може да биде раскината свршувачката кога девојката е свршена по принуда на обласниот кнез и кога нејзините родители не се согласиле[217].
8. Или поради пострижување и насочување кон монашки живот[218].
9. Или затоа што свршеникот е заверени к (престапник)[219].

211 Πε., Βασ. Β΄, γ΄.
212 Новела на Лав Мудри, 109 и Алексиј Комнин
213 Новела на Лав Мудри,93 .
214 5. Κωδ. V. I.
215 Αρμ. Δ., α΄, 25.΄
216 ιξ΄, Βασ. κη΄, α΄.
217 κ΄, Βασ. κη΄, β΄.
218 Новела 123, 39.
219 ῾Αρμ. Δ΄, α΄, 25.

10. Или затоа што неговиот имот подлежи на конфискација, или што тој е задолжен со друга служба.

11. Од сето ова наведено, ако ништо не го уништи соединувањето до тоа време кога некој ја земе свршеницата на друг, уште додека е жив свршеникот, тој е прељубник.

*Закони*: Свршувачката е спомен и ветување за идните бракови[220].

Свршувачката се склучува писмено или усна, таа се состои и од проста согласност и меѓу отсутни.

Против волјата на сираче, туторот не ја свршува неа и не ја раскинува свршувачката, што веќе е направена[221].

Лутината (омразата) ѝ пречи на свршувачката, а ако настанала после (свршувањето), тогаш не го раскинува него[222].

Тие кои се согласиле на брак, дадат согласност и за свршувачка, а дадат согласност и тие кои се соединиле и нивните родители, а се согласуваат, се вели тие кои директно не се противречат, да противречат можат само потчинетите (зависните) кога родителите на свршениците со нив се неморални и недостојни, а кога свршениците немаат ништо такво, тогаш, макар децата и да се согласиле да се лишат од родителското наследство, само да би ја реализирале својата, а не родителската волја, определуваме дека волјата на таквите насекаде нема сила, бидејќи законите секогаш го спречуваат стремежот на младите кон сопствено паѓање и пропаст (пропаѓање).

Кога родителите се разликуваат во мислењето по однос на избраникот, тогаш, очигледно има сила мислењето на таткото, а кога несогласното лице е потчинето (зависно), тогаш свршувачката не се склучува од негово име[223].

Таткото може да ја раскине свршувачката (на ќерката) која е потчинета нему, но не тогаш кога е полнолетна[224].

Правилно се свршува таа која знае што прави, т.с. која има не помалку од 7 години[225].

Ако свршувачката е направена во текот на 13 годишна возраст и после тоа кој било се дрзне да направи над свршеникот или така наречен армас, или венчавка, кое претходи на таа свршувачка, така што тие станале престапници на божествените закони, заедно со нив и спојот веднаш да се раскине, доколку тие подлежат на казна за дрскост, дел од казната внесена од едната и другата страна при свршувањето да се внесе во државната благајна (во царина) и свештеникот што се дрзнал да присуствува на такво дело, не останува невиновен, туку подлежи на строгос-

220 α΄, Βασ. κη΄, α΄.

221 Προχ. Νόμος, I, 4.

222 .ς.. Βασ. κη΄, α΄.

223 ια΄, Βασ. κη΄, α΄.

224 η΄, Βασ. κη΄, α΄.

225 .ι. ιβ΄, на истото место.

тите на свештените правила[226].

Тагата (жалоста) по мажот не ѝ забранува на жена да се сврши[227].

Тој што се свршил со возрасна девојка и не ја усвоил при свршувачката за времето кога треба да ја земе неа во брак, ако живее во иста област, во текот на 2 години, а ако е во друга во текот на 3 години, а ако тој го одложи бракот без прифатливи причини, тогаш девојката може да се спои со друг[228].

Началниците (управниците) не треба да се свршуваат (со девојки) од таа област, што им е потчинета, ако тоа го направат, тогаш девојката и нејзините родители или старатели или тутори, имаат право да се откажат од бракот и да ги добијат во своја полза даровите (капарот=предбрачните дарови), тоа истото има сила и во однос на нивните синови и внуци, и роднини и сослужители (колеги, другари) и сите што се наоѓаат во чин, и неговите домашни, ако тие се свршиле со настојување на началникот. А ако девојка сака да се соедини со него, после, откако тој ќе се ослободи од началничката должност, бракот има сила[229].

И така да се знае: дека законот забранува спојување (сочивување) тогаш кога началникот уште ја врши должноста и може да биде закана (заплашување) за родителите на девојката; доколку, ако тој не е опасен за родителите на девојката, макар и да бил началник, свршувачката не е забранета.

**ГЛАВА 16**

***За оние (свештеници) кои ги изгониле своите жени под изговор за благочестие***

*Апостолско, 5-то:*

Петтото правило на Апостлите-епископ, или презвитер или ѓакон кој ја избркал својата жена под изговор за благочестие, се одлачува додека пак не ја прими неа (назад), а тој што останува непокорен, се исфрла бидејќи и Господ во Евангелието утврдил дека на никого не му е дозволено макар врз основа на древен закон да ја изгонува својата жена кога ќе посака, без валидните причини, затоа што од тоа природно се случува укор на бракот, дека постојното законско сожителство е нечисто, иако Писанието го прагласило бракот за чесен и леглото нескверно.

*VI собор, 13-то*: За тоа во самите тие слова споменува и 13-то правило на VI Собор без додавки во однос на епископите; бидејќи тој Собор прв утврдил дека епископите се разделуваат со своите жени (правило 48).

***За верниците што ги изгониле своите жени***

*Апостолско, 48-мо:* 48-то Апостолско правило: верник кој без причини ја изгонил својата жена и со друга зел и се оженил или од друг от-

226 Новела на Алексиј Комнин

227 Προχ. Νόμος, 1, 12.

228 .λς. Βασ. κη΄, α΄.

229 κ΄, Βασ. на истото место.

пуштена, не е по законите и подлежи на одлачување.

*Василие, 9-то*: Што Светиот Дух објаснил на јазикот на отец Василие Велики во 9-то негово правило, сосема би било неразумно да не го изложиме во детали. Бидејќи сообразно би било со Господовата изрека, кога вели: дека подеднакво и за мажот и за жената блудот бил причина за раскинување на бракот. Но не само тоа, во црковниот обичај, за жените наоѓаме многу строги изреки (наредби). Апостолот добро рекол: Прилепувајќи се себе си до блудница - (тоа) едно тело е! Јеремија: ако биде жената со друг маж, не се враќа кај својот маж, но скврнавејќи се осквернила, ако тој маж не сака повторно да ја прими неа[230]. И Соломон во Причите (Приказните=Расказите): тој што држи прељубница е безумен и нечестив[231], т.с. смешувајќи се со мажена жена, којашто се покажува прељубница. На жените им предлага да ги задржат своите мажи, макар тие и да прељубничеле или блудствувале, бидејќи ако некој маж е огорчен од жената и ѝ нанесува рани, таа е должна да трпи, или ако мажот го троши (расфрла) имотот и жената гледа дека нејзиниот дар (мираз) се расфрла, или таа љубоморно се однесува кон мажот од таа причина што мажот се осквернавува со други жени, не им се дозволува заради тоа да се разведе со мажот, бидејќи ако во тој случај кога еден од брачните другари се покаже неверен, не му дава право на другиот да се раздели со него поради неизвесноста што следува, како што вели блажениот Павле: Што е тешко жено, ако го спасиш мажот?[232] тогаш како ќе биде невина таа која по друга каква било причина го растура сопружништвото? Затоа што, ако без причини го оставиш својот маж да сожителствува со друга, тогаш се сметаш за прељубница; а законски споената со оставени мажи не се осудува ниту како прељубница , ниту како блудница. Доколку мажот, кој отстапил (избегал; ја напуштил) жената, отиде кај друга, тогаш и тој самиот е прељубник, бидејќи прави на неа прељуба, а и таа што живее со него е прељубница, бидејќи привлекла кон себе туѓ маж. И тоа е така.

*Закон:* Од издадената на крај Јустинијанова Новела, којашто се содржи во 13-та глава на овој состав, меѓу различните причини по кои им се дава право на жената да го растури бракот (сопружништвото), се споменува и оваа: Имено, ако во еден и ист дом или град мажот скврнави со друга жена, и не се огледа на забранитеи убедувањата од страна на својата жена, не се согласува да се откаже од општењето со неа, затоа, тогаш дозволува (Новелата) да се растури бракот од причини на љубомора (завист).

*Василие, 21-во*: Тој кој сожителствува со жена и заради невоздржување (блуд) со друга жена се осквернави, светиот отец го подложува на суд за блудници и на поголеми епитимии подлежи отколку тој, кој не живее заедно со жена и паднал во таа страст, бидејќи на него му се дава

230 Јеремија, III, 1.
231 Приче, VII, 7.
232 I Коринтјаните, VII, 16.

некакво оправдание, поради природната потреба (нужда), а овој лишен од тоа, затоа што имал законска можност за задоволување на природните потреби и валкајќи се во тињата заради блуд само заради едно невоздржување. Впрочем, вели, немаме правила кои го осудуваат како виновник за прељуба бидејќи гревот е направен со слободен од брак, или го разделуваат него од сожителството со својата жена, затоа што жената е должна да го прими својот маж којшто се враќа од блуд, а мажот жената која се омажила со друг ја изгонува од својот дом и нетреба да биде принудуван да ја прими нејзе против волјата. А причините за тоа, вели, не се даваат лесно, но така е прифатено во обичајот.

*Истиот, 35-то*: Во 35-то правило за раскинување на бракот, вели, треба да се внимава на причините, и ако жената се разведува од мажот без причини, тогаш таа се подложува на епитимии, а тој се смета за достоен за оправдување во односите, т.с. општењето со Црквата, но оттука не и во односите за мешање со друга жена.

*Исто, 77*: Во 77-то, тој што оставил жена, законски сврзана со него и зел друга подлежи на вина како прељубник. А нашите отци, вели, наложиле на таков седумгодишна епитимија и после тоа го удостојуваат со причеста, ако со солзи се покајал.

*VI Собор, 87-мо*: Оваа го потврдуваат и отците на VI Собор, употребувајќи во 87-то правило истите тие зборови на светиот (Василие Велики-б.м) и без причини таа што го оставила својот маж се осудува како прељубница, а него го удостојуваат со оправдување и заповедаат да биде во општење со црквата, а тој што ја оставил законски споената и со друга под изговор на брак се соединил, како подложен на судот за прељубници, по Господова наредба, до 7 години се одлачува од Светите Тајни.

*Василие, 46-то:* И пак царското украсување на црквата (Св. Василие) во 46-то (правило вели): Кој по кратко време откако ја оставил својата жена, по невнимание се соедини со друга од причини можеби на жалост (сожалување) или од малодушност, потоа посегне по невестата исто така вратена прва од друга страна, од друг отпуштена,да се согледа (тоа ) како невнимание, нејзе бракот не им се задржува, бидејќи таа не била отпуштена законски од мажот, кога нејзиниот претходен брак уште не бил раскинат, туку од блудот се ослободува. Но, подобро, вели, ако биде така, затоа што неубаво е таа, која се именувала жена на еден, сожителствува со друг.

*Закон:* Законот вели: Во бракот не го гледаме само тоа што е дозволено, туку и тоа што е прикладно[233].

*Исто, 48-мо:* Во 48-то правило (стои): Оставената без причини од својот маж, по мое мислење, вели (Св. Василие Велики) треба да живее безбрачно, бидејќи Господ рекол: ако некој ја остави својата жена тој ја тера да прави прељуба, им забранил да живее со друг, затоа што неправедно е, доколку мажот бил обвинет како виновник за прељубата, а жена-

233 .s. Βασ. κη΄, .ε΄.

та невиновна, да биде од Господа наречена прељубница за тоа што се прибрала со друг маж. Но како сето тоа се лекува, ти детално ќе дознаеш од граѓанските закони.

*Картагинско, 106-то:* Кон тоа и 106-то, тие кои го растуриле брачното сожителство, заповеда, или да се смират еден со друг, или да останат безбрачни, според Господовата наредба: Тоа што Бог соединил, човек да не разделува; и Апостолот: си зел жена, не барај развод.

Види уште 9-та глава на В-состав за тие што се гнасат од законските бракови.

**ГЛАВА 17**

***За тоа дека епископите се должни да се разделат од своите жени***

*VI Собор, 12-то правило:* Божествените отци на VI Собор во 12-то правило им забрануваат на архиереите да живеат после ракополагањето со жените, коишто со нив склучиле законит брак пред поставувањето (хиротонијата) и вели: Не кон одлагање на тоа што законски е утврдено од светите Апостоли во 5-то правило ова го предвидуваме, но додаваме грижа за преуспевање на црквата на подобро. Божествените Апостоли во почетокот, кога Црквата тонела во јудејското и елинското суеверие заборавала да посака подобро, дозволила да се користат некои татковски обичаи. Бидејќи јудејските и елинските архиереи не се разделуваат со своите жени, а сега, велат, и архиереите кои го поминуваат својот живот во целосна невиност, треба да се воздржуваат од општење не само со туѓи, но и со своите жени, за да тоа не остави ниven помошен повод кон соблазна и ја наведуваат апостолската (изрека) без препрека да бидат Јудеите и Елините и Црквата Божја и останатите, затоа, неуважувајќи ги наредбите на оваа правило како казна одредуваат исфрлање од црквата.

***За тоа дека жените разделени од епископите треба да се потстрижат (замонашат)***

*Истиот VI Собор, 48-мо:* Во 48-то правило (на тој Собор) разведената по општа согласност со тој којшто треба да биде поставен на кормилото на епископството, сосема не им се дозволува да живее со него, туку заповеда да стапи во манастир, којшто се наоѓа не во соседство на епископското место на живеење, бидејќи невозможно е, дека при непрекинатите видувања еден со друг во нив нема да се распламтат љубовните спомени за претходниот живот и таму нејзе им дозволуваат да се користи од воздржување кон епископот, ако има некаква потреба; бидејќи ако на самиот епископ не му е дозволено да троши освен неопходното што припаѓа на епископијата, уште повеќе, не треба да дава од црковните приходи на тој кој кај себе има средства за живот, а ако и нејзиниот живот биде чесен, тогаш таа се воведува во чин ѓакониса. А во манастир стапува заповедаат за тоа што без противење се потстригла (замонашила). Бидејќи нејзе ѝ било можно до ракополагањето да не се разведува со својот маж, како резултат на што и ракополагањето би било отклонето и постригот; а кога се согласила за ракополагањето, тогаш таа е должна

да го утврди разводот со пострижување. А тоа било дискутирано во царувањето на Исак Ангел, при заседанието на тројца патријарси: Вселенскиот, Антиохијскиот и Ерусалимскиот и околу 40 митрополити, коишто и определиле дека жената на ракоположениот во епископ без противење треба да се потстриже, озаконувајќи ја и потврдувајќи ја оваа наредба со синодални грамоти. Оттука се гледа дека е недозволиво да стапува во втор брак и жена на свештеник.

*Исто, 30-то:* Триесеттото правило на истиот Собор божествените отци го искажале специјално во односот на свештениците и ѓаконите, што се нашле во варварските цркви, коишто под изговор на благочестие се согласуваат со своите жени, се воздржуваат од општење еден со друг, и така, велат, заповедуваме да не живеат со оние, за да на тој начин тие нам ни покажат совршен доказ за својот завет и тоа ние им го допуштивме од причини на грубиот и туѓ нивни карактер, а исто така и од причини на слабост и цврстината нивна во верата и за да би живеејќи далеку од претходните жени, подобро се утврдиле во благоразумието, бидејќи животот со нив природно служи за побудување кон општење со нив.

## ГЛАВА 18

***За тоа дека свештениците треба да се воздржуваат од своите жени кога намеравааат да свештенодејствуваат***

*Картагинско, 3-то* (правило вели): Тој што добил свештенство секогаш и во сé треба да го зачува воздржанието и невиноста и секоја друга добродетел, за да би пристапувајќи чист кон чистите го добива бараното, бидејќи е посредник меѓу Бога и луѓето, за да како заштитник пред Бога, го смилува Него, колку е можно, кон луѓето и измолувале мир за светот, а особено кога времето ги повикува нив кон свештено дејство и причест со светите тајни, тие задолжително се јавуваат невини со делото, треба да се воздржуваат од општењето со своите жени.

*Истиот собор, 4-то; 25-то и 70-то:* Четвртото и 25-то од тој собор и 70-то, нејасно кажуваат и заповедуваат пристапувајќи кон свештените тајни посветените (лица) да се воздржуваат од своите сопруги, давајќи го латинскиот предлог, потребата оние од посветените да бидат разделени од своите жени. Така, ако тие правила имаат таква мисла, тогаш би било многу справедливо, да ги исклучиме нив од бројот на свештените правила, т.с. апостолските и соборните, како дел сосема спротивен со нив.

*VI Собор, 13-то правило:* Бидејќи кажаното во втората глава на овој состав, 13-то правило на VI Собор, многу добро ги порекнува, ги подложи на одлачување тие кои така мислат и така прават. А дека во време на свештенодејствувањето на Божествените Тајни вброените кон клирот се воздржуваат од општење со своите жени, тоа го сметаат за дело прилично и свето и тоа правило следејќи го божествениот Павле, којшто вели: не лишувајте се себеси еден од друг, сосема во согласност до времето да живеат (поминуваат) во пост и молитва, и разбирајќи под изразот време, очигледно време на пост, кога некој има намера да се причести со Св.

Тајни, и времето напрегнато со топли солзи и молитви, кон какви конечно, непринудни ние пристапуваме непрекинато; бидејќи вели Апостолот: непрестано молете се! и во древноста Јудеите што го слушнале Божествениот глас на планината им било забрането во продолжение на 3 дена да не пристапуваат кон жените.

*Дионисие, 3-то:* Атретото правило на свештено маченикот Дионисие Александриски, посветените ги смета доволни сами себе си да си судат во однос навоздржувањето од своите жени, кога имаат пристап кон Страшните Тајни, но со општа согласност, според гласот на великиот Павле дека мажот со своето тело владее и слично[234].

*Тимотеј, 5-то; 13-то:* Петтото и 13-то правило на Тимотеј Александриски забрануваат на мажот и жената, телесно да општат ноќта и утрото, при вршењето на свештенослужението, причестувајќи се со Божествените Тајни и навел како познато сведоштво, погоре кажаната изрека на апостолот, а посебно треба да се чува, вели, заемното општење во сабота и денот Господов, бидејќи тогаш се принесува свештена жртва на Господ.

## ГЛАВА 19

### *За епископите или клериците коишто живеат со жените*

*I Собор, 3-то:* Третото правило на Првиот собор не дозволува на епископот или кој било од клерот да живеат со жена, освен мајката или сестрата или тетката или тие само лица кои се туѓи на секаков сомнеж. А заеднички живеат се нарекуваат тие, коишто решиле да живеат со безбрачни свештеници и да им служат нив во неопходни потреби.

*VI Собор, 5-то*: Петтото правило на Шестиот собор, споменува за тоа (правило), сосема им забранило на клерот (свештениците) да земаат жена или робинка, се работи за тоа да не им се даде повод за соблазна, а на престапникот да се навлече изгонување; (правилото) додава, дека целосно неопходно од ова да се чуваат евнусите, така што од тука тие си навлекуваат на себе сомнеж во нечистотија, а ако не сакаат, тогаш свештеникот се изгонува, а верникот се одлачува.

*VII Собор, 18-то*: 18-то правило на VII Собор заповеда свештеницитe да бидат слободни (без пречки) кон Апостолот, не само за верниците, но и за тие кај кои сосема нема старателство за благочестивост и затоа заповеда да се подложи на епитимија тој кој допушта до какво било служење во епископијата или манастирот жена-робинка или слободна, а потонатиот во тоа се изгонува. Правилото сака епископ или игумен, заминувајќи во дом надвор од градот, каде жените спроведуваат служење, да примаат не од жените служење, туку од мажи, а ако жените се наоѓаат во друго место, тогаш епископот или игуменот да не се оддалечуваат оттука, а ако им се случи да се задржат во туѓ дом надвор од градот или во гостилница, тогаш тешко, како што јас мислам, ќе се исполни барањето на ова правило.

---

234 I. Коринтјаните, VII, 4.

*Анкирско, 19-то:* Анкирското 19-то (правило) забранува на жените што дале завет за невиност (девство), а се соединуваат да живеат со некој, освен со братот.

*Василие:*

Великата труба на вистината-Василие Велики праќајќи за тоа послание (писмо) до некој презвитер Григориј, кога тој попаднал во таква страст, се однесува кон тоа многу строго. Бидејќи не сме ние првите, вели, и не сме ние единствените што сме озакониле да не живеат жени и мажи заедно. Прочитај го правилото изложено од светите наши отци на Никејскиот Собор, отворено забранувајќи да има сожителство во домот на жената. Безбрачноста во тоа има свое достоинство за да нема општење со женскиот пол. На тој начин, ако некој, кој себе си се претставува за девствен по име, на дело прави исто што и тој што живее со жени, тој се претставува себе си дека го достигнува достоинството на девство само по име, но безобразието на сладостраста не го оставил. Бидејќи јас не мислам дека седумдесет годишник живее со жена страствен начин, и не така, како што би за случилото се беззаконско дело го определил тоа, но потоа што се научил од Апостолот не мисли да го прекорува за зближување со братот или соблазна. Знаеме дека некои дејства се чисти, за други има повод кон грев. Поради тоа, ги следам одредбите на светите отци, ние ти наредуваме тебе да се разделиш од онаа жена. Така оддалечи ја неа од својот дом и испрати ја во манастир, да биде таа со девиците, а ти имај служител од машкиот пол, да не се хули името Божјо. Додека тоа ти го правиш, илјада оправдувања, коишто ти ги изложуваш во писмото, нема да ти донесат ниту една корист; но ќе умреш во забраните во свештенослужењето и ќе дадеш на Господ одговор за својата забрана. Доколку не се поправиш себе си, се дрзнеш да вршиш свештенослужење, тогаш ќе бидеш анатемисан пред целиот народ и тие што те примиле тебе ќе бидат одлачени од целата Црква.

*Поука (Знамение):* Од оваа послание може да се дознае, дека во тој момент нетреба да се одделува презвитерот од сожителство со туѓа жена, туку ако после препораката не посака да се откаже од неа.

*Закон*: Не е дозволено епископот да има каква и да било жена, или да живее со неа, а ако се открие тоа, тогаш да се изгони од епископството.

*Закон*: Никаков свештеник (клерик) што нема жена, не треба да има доведено (жена) во неговиот дом, освен мајка му, ќерка му и сестрите и воопшто несомнителни лица. Ако не се придржува до тоа и по двократна опомена од епископот или соклерик (колега) не ја изгони неа, или биде обвинет, се покаже дека нечесно живее со неа, тогаш треба да биде изгонет.

Ниту епископот не треба да живее со каква било жена, ниту ѓакониса не треба да живее заедно со мажите[235].

235 .мs. Βασ. Г. Новела 123, 30.

**ГЛАВА 20**

***За тие што се бањаат заедно со жените***

*VI Собор, 77-мо*: 77-то правило од VI Собор забранува (одрекува) мажите да се мијат во бањите заедно со жените, бидејќи тоа дава повод за озборување од страна на јазичниците; и на клериците (свештениците) кои го прават тоаим определува за казна исфрлање, а монасите или верниците-одлачување.

*Лаодикејско, 30-то:* Тоа правило е 30-то на Лаодикејскиот Собор, покрај епитимиите. Бидејќи, ако на тој што ќе се сретне (или ќе поразговара) со жена што поминува му треба голем напор за да не ја осквернави помислата кон нејзино страсно посакување, тогаш уште помалку може да се воздржи од сладострасна помисла тој, кој што гледа на нив разголени во бањата, затоа што нашите полови органи непријателот (ѓаволот) ги користи како стрели против нас.

Покрај сé, нели е самата постапка срамна, да се гледаат едни со други голи мажи и жени и да ја разгоруваат во себе страста и го разгоруваат огнот во телото (љубовта)? Бидејќи доволно е за телото неговото сопствено зло и неговото природно бранување, и зошто храна за очите да дава материја за огин или обилни храни (ако не затоа) да би ја направиле понезадржлива и уште повеќе ја зголемиме помислата? А во спротивен случај ние ќе дадеме повод кон соблазна, ние на коишто ни е заповедано да не ставаме препреки на братот и да бидеме камен на сопнување и за Јудеите и Елините и Црквата Божја. Ниту на еден брачен другар не му е простено да го прави тоа, иако се едно тело и еден на друг се дел од телото, нетреба да прават зло со своите постапки.

**ГЛАВА 21**

***Како жените не треба да бидат презвитерици***

*Лаодикејско, 11-то*: 11-то правило на Лаодикејскиот собор заповеда: дека не треба според древниот обичај, да биде презвитерица и да претседава пред другите жени во Црквата, бидејќи Словото Божјо воопшто на сите жени им наредило да молчат и да се учат, а не да поучуваат.

Од тоа Слово јас ги исклучувам тие, кои во манастирите управуваат над останатите жени, бидејќи соединувањето на различни членови, кои што наликуваат на едно тело преку еднодушието на останатите и заради потчинувањето на Бога, им дава место да бидат глава (раководители).

**ГЛАВА 22**

***За тоа дека жените во црква треба да молчат***

*VI Собор, 70-то:*70-то правило од VI Собор наредува на жените да го чуваат молчењето, според гласот на великиот Павле, не само во време на литургијата туку и при секој собир на верниците, иако можеби навикнале во својот дом да ги прашуваат своите мажи. Тоа и надвор се почитувало како долично, бидејќи некој вели: „Жено! Молчењето им дава на жените украс“!

## ГЛАВА 24

***Жените не треба да се облекуваат во машка облека***

*Гангарско 11-то правило:* 11-то правило на Гангарскиот Собор не ги оставило неказнети тие жени кои заради сопствено подвижништво, наместо сопствените женски облеки се облекуваат во машка облека, туку ги подложува нив на анатема. Секоја рече (Апостол Павле) во кое звање (чин) и да е, во тоа да престојува. А ние знаеме некои (жени) примајќи го тој вид заради вистинско подвижништво, а не лицемерно, кои го издржале подвижничкиот подвиг и достигнале високи доброчинства[236].

Види и во 3-та глава на -Е- состав правило 62-ро од VI Вселенски собор.

## ГЛАВА 25

***За тоа дека родилките не треба да ги спазуваат законските пости***

*Тимотеј, 8-мо*: Осмото правило на Тимотеј Александриски, жените што се породиле во четириесетницата Пасха заповеда да не се држат до законскиот пост, туку да се поткрепуваат себе си колку што е можно, и со употреба на вино и умерена храна, бидејќи постот е измислен за скротување на телото, а кога тоа е слабо, тогаш нема потреба за смирување, туку за помош, за да би оздравело и ја собере претходната сила.

## ГЛАВА 26

***За тоа кој има бесна жена***

*Тимотеј Александриски во 15*-то правило вели: Кој не може благоразумно да живее со жена, до таков степен бесна, што на неа се налагаат (ставаат) железни стеги и посака да се разведе од неа и да земе друга, тој по мое мислење не е ослободен од вината на прељубник. А инаку не умеам да кажам решително во однос на ова и претпочитам за подобро да молчам.

*Закон*: Новелата на царот Лав Мудри, ако му е дадена на мажот жена, која страда од непрекинато беснило, мажот има право да го раскине бракот и да се спои со друга. Впрочем, таа заповеда мажот да чека 3 (три) години и во текот на тие години да не го раскинува бракот со својата бесна жена, а жените не го раскинуваат бракот со своите бесни мажи доколку не поминат 5 (пет) години[237].

Тоа го озаконува и Новелата на царот Никифор Вотанијат, иако законот вели дека беснилото е пречка за бракот, сепак не го раскинува бракот, склучен законски[238].

---

236 Апостол Павле, I-до Коринтјаните, VII, 24- Свето писмо на Стариот и Новиот Завет. Скопје 1990. Нов Завет, 214.

237 Новела на Лав 111 и 112.

238 Валсамон кон новелите 13, 30, т. А лист 331.

**ГЛАВА 27**

***За жените што се наоѓаат во очистување (прочистување)***

Види, 16-та глава од А-состав.

**ГЛАВА 28**

***За жените кои применуваат лекарски билки за исфрлање на зачнатиот плод***

*VI Собор, 91-во правило*: 91-вото правило на VI Вселенски Собор наредува да се подложат на казна како убијци тие од жените кои или применуваат или на други даваат лекарства за исфрлање на плодот (абортирање). Бидејќи жените тајно се состануваат со мажите и зачнуваат, од страв да не бидат откриени во блудноста од родителите, можеби или од господарот (деспотот) со итрина преку отровни напивки го повредуваат плодот или го стегаат стомакот со тежина од што зачнатиот плод умира и не само што плодот мртов излегува од стомакот, туку понекогаш заедно со зародишот се губат и самите себе.

*Анкирско 21-во;* 21-то правило на Анкирскиот собор, можеби порано велат казната за тие што применувале отрови за детеубиство, ги одделувало од причеста до крајот на животот, но ние правиме нешто почовекољубиво, наредуваме дека е доволно за нив покајание од 10 години.

*Василиј, 2-ро*; Второто правило на Василиј Велики определува за таквите (жени б.м) истата таа мерка 10 годишна и наредува дека лекувањето зависи не само од времето, колку од начинот на покајување. Бидејќи Мојсиевиот закон, кога бил исфрлен плодот, ако уште не го добил својот лик, бара откупна цена, а при прекинување на плодот што веќе се оформил, подложи на суд за човекоубиство, наредува, да се усмрти тој што удрил жена, светиот отец споменувајќи за тоа вели: ние не правиме разлика дали добил определен вид исфрлениот плод или не добил, бидејќи ние не бараме откуп, туку го судиме како убиец тој што го направил тоа, од една страна за истребување на плодот, од друга страна за невнимание за себе си, затоа што се случува понекогаш да умре и она (жената) заедно со плодот. Бидејќи семето поставено во утробата од почетокот се претвара во крв, потоа се згуснува во безформен плод, потоа почнува да прима форма и се претвара во делови и состави.

*Исто таму:* На крајот и 8-то правило на Василиј Велики вели: И тие што даваат и тие што примаат детеубиствени отрови се вбројуваат кон свесни убијци. Наредува овде за таквите епитимија од 10 години како за несакано убиство, јас мислам затоа што носеното во утробата уште не постои во природата и затоа што таа се решила на убиство не од бесчовечно расположение, но од причини на срам или неприроден страв пред родителите, можеби или господарот или која било друга закана од опасност.

*Закон*: Таа што намерно го исфрла плодот привремено се праќа во

прогонство[239].

Новелата на царот Лав Мудри му дава право на мажот да го раскине бракот со својата жена, ако таа намерно го исфрли неговото семе[240].

*Закон*: Тој што дава напивка-способна за исфрлање на плодот, ако е од ниско потекло (сиромав-б.м), се осудува на работа во рудник; а ако е познат (богат) се прогонува со привремено лишување од имотот, а крајната казна (смртна казна-б.м) се наложува во случај, ако кој умре било од тоа исфрлање и дејството на средството, макар тој да го дал и без лоша намера.

## ГЛАВА 29

### *За женише шшо не родиле или не можаш да родаш, или йомешнале*

*Василиј 33-шо и 52-ро*: 33-тото правило на Василиј Велики, а исто така и 52-то заповедаат дека тие што родиле при патување, ако при можност да го спаси, таа пренебрегнала да го стори тоа, треба да подлежи на казна за убиство, макар друга и да го зела него, па човекољубиво му го зачувала неговиот живот, меѓутоа, ако она зачнала од блуд или од прељуба, ја следела сосема ѕверска и бесчовечна мисла, се решила на таков начин да го сокрие својот грев. Доколку од причини на недостаток во неопходност или била земена како пленица (заробеничка) или се криела со бегство од непријателите, или се плашела да не биде откриена од плачот на детето, немала сила да се спаси самата себе заедно со роденчето, тогаш мајката е особено достојна за оправдување, под предвид за заканувачката опасност.

*Знамение*: Затоа и за тие кои ги доведуваат своите новороденчиња во влезот во храмот, неколку пати било расудувано во свештениот синод и било решено дека таквите подлежат на казна како убијци, макар некој друг да го зел детето и да го приложил во заштита и му го зачувал животот.

*Закон*: Го убива роденото не само тој кој го задушува, туку и кој го фрла, кој не го дои (храни) и кој го поставува на јавни места, сметајќи на милосрдие, коешто самиот го немал.

## ГЛАВА 30

### *За шие кои силувааш жени девици*

*Айосшолско 67-мо;* 67-то правило на Светите Апостоли -Тој што силува девица несвршена, подлежи на одлачување, ако некој стане и противречи на тоа дека силуваната е свршена, треба да биде казнет како прељубник и да ја задржи неа (за жена), а не да ја изгони, макар таа и да била сиромашна и несоодветна на неговиот род.

*Закон*: Законот вели: Тој што има наложница чесна жена треба да се

239 4. Βασ. 60, 22.

240 Новела на Лав, 31.

принуди да ја земе неа во брак[241].

*Знамение*: Доколку, како што се вели и правилото заповеда за силување, тој што го направил се одлачува, а за спасение на девицата законот го принудува него да се ожени со неа.

А законот за насилство определува поинаку, затоа што вели: тој што силува девица и ја обесчести треба да му се отсече носот и да им се даде нејзе една третина од неговиот имот.

*Закон*: Тој што се соединува со свршена девица со нејзина согласност, но при незнаење за тоа од нејзините родители, кога делото ќе се открие, ако сака да ја земе неа за жена и се согласат родителите, да се дозволи бракот. А ако родителите на едното лице не се согласат со тоа и ако е богат тој што го сторил обесчестувањето, тогаш е должен да даде на обесчестената девица една литра злато, а ако не е богат, тогаш да даде половина од својот имот, а ако тој е сосема сиромав, тогаш по телесната казна и острижување на косата треба да биде испратен во прогонство[242].

*Закон*: Наредбата (Одредбата) за обвинување во прељуба, педгодишен рок нема место во однос на обесчествувањето направено со насилство, бидејќи можеби било побудено во неопределен рок, кога насилството било извршено јавно[243].

## ГЛАВА 31

***За маѓиите***

Види прва глава на -М- состав.

241 Βασ. 60, 37.

242 79 Βασ. на истото место.

243 7, 20, 30 Βασ. на истото место.

## ОДРЕДБИ ОД -Д- СОСТАВ

### ГЛАВА 1
### *За бесниūе или за ūие шūо се ūреūраваат бесни*

*Аūосūолско 79-ūо*: 79-то правило на св. Апостоли на побеснет не му дозволува да биде во клерот (свештеник), ниту да се моли со верниците; а целосно ослободениот од демонот (му се дозволува) да стапи и во свештенство, ако се покаже достоен и со животот; бидејќи тој што страда со растојание (дистанца) да се приклучува кон клирот е безнадежно, за да не би во време на неговото беснеење не го посрами свештенството и не предизвика хула на Бога. Како е можно на чистиот свет на свештенството да му се повери лошата душа што се вселила во себе, од причини склони кон зло, проклетата темна лукава сила? И во гнил сад никој со здрав разум миро не би доверил, бидејќи душата е слободна од нечистите страсти и се радува за своите добри дела, се почитува страшно за лукавите полчишта на демоните. Инаку бесните, лишени од разумот и смислата не правејќи што било лошо и неприлично и испуштаат демонски крикови, ќе го збунат народот и ќе попречуваат на црковното псалмопеење.

*Тимоūеј 3-ūо*: Третото правило на Тимотеј Александриски, тој што не секогаш, туку повремено збеснува, се допушта до причеста на Тајните, ако, се разбира, во тоа време, кога се наоѓа во здрав ум, не го навредува Божественото и не ги порекнува таинствата и не исфрла хула на верата, што направил и Јуда, откривајќи им на Јудеите тоа што го научил, бидејќи не верувал на тоа што било, и на Учителот гледал како на прост човек, а не Бог.

*Исūиоū, 14-ūо*: 14-то негово правило: Ако кој било, вели, навистина нема здрав ум, се убие (себе си), тогаш треба да биде удостоен и со дарови за него и обична молитва, затоа што не треба таков да се лишува од законскиот свештенички обред (погребение).

*VI Сабор, 60-ūо*: 60-то (правило) на VI Собор лицемерно бесните и на таков начин дејствуваат, според злобата на карактерот, со корисна цел преправајќи се на себе го примал, заповеда да се казнува на секаков начин и да се подложуваат таквите на такви сурови казни и работа на какви што се подложуваат и вистински бесните, заради ослободување од демонските дејства.

Бидејќи тој што избрал живот под Бога и ги пренебрегнал човечките дела треба да го избира безопасниот пат, по којшто оделе божествените отци, а не тој којшто служи за многу причини на соблазна. Затоа што таквите имаат потреба од постојано бдеење, како што вели еден од светите отци, за како било да не се најдат во шега (заблуда) не завршат со посрамување на самите себе, макар би го избрале тој пат и со вистинска намера.

Види уште во Прва глава на -В-состав, правило 45, Картагински собор, Тимотеј Александриски второ и четврто, и 12 глава од тој состав, и 12 глава на -Е-состав правило 83 исто во Картагинскиот собор и 12-то во

третата глава на -Г- состав.

## ГЛАВА 2

### ***За заемодавачиѿе, заемоѿ и залоѓоѿ***

*Закон:* Жената треба да биде претпочитана во однос на миразот од претходните заемодавци на мажот, но не се претпочита таа во однос на предбрачниот дар[244].

Жената се претпочита во однос на миразот од народниот долг, т.н. царски, освен кога тој бил поранешен[245].

Законот забранува мажот да отуѓува и да заложува од имотот добиен во мираз, макар што жената и да се согласила на тоа поради слабоста на женската природа за да не ги загуби своите работи, а ако жената, гледа дека мажот ја заложува нејзината сопственост, намерно молчела, како би го излажала тој кој има зделка со нејзиниот маж, тогаш нема помош: бидејќи и законот помага на тие жени кои се воведени (попаднале) во измама, а не на подмолните[246].

Ако за долгот на мажот жената вложила сопствен дел во замена и се направи самата соучесник на зделката, сакајќи да го ослободи мажот од долгот, потоа се поучи, дала ветување, но не го внела, не треба да биде принудена да го внесе, а ако го внела, тогаш неможе да го бара назад даденото, ако се разбира има совршена возраст (ако е полнолетна), освен ако се наоѓа во потчинетост[247].

Ако која било жена во заедничко писмо со согласност на својот маж склучи зделка, или го потпише и својот имот, или даде од себе ветување, тогаш ништо такво нема сила или дејство, макар тоа да се случило еднаш или многупати за еден и ист дел, приватен ли бил долгот или народен (државен), но треба да биде така иако не било напишано, освен кога се покаже јавно дека парите што се земени биле за сопствена потреба на самата жена[248].

Заемодавач, ако се одрече од својата изјава, должен е да му даде на должникот, кога ќе биде откриен двојно количество, од она кое што во доказите се содржи.

Плодовите (приходот) добиени од залог, се засметуваат во уплатата на долгот, и ако бидат доволни за наплата на целиот долг, тогаш зделката се прекратува и залогот се враќа, а ако плодовите бидат повеќе од долгот, тогаш вишокот се враќа[249].

Плодови од лозје или ниви или перивол (полски) се прифаќаат за наплата на долгот, не само тие што ги добил заемодавачот, но и тие кои тој

244 Προχ. Νομ. 9, 15 и 16 - 1 и 3 Βασ. 9- 9.

245 2 Βασ. на истото место, Προχ. Νομ. 9, 17.

246 Προχ. Νομ. 9, 18 и 69 Βασ. 26, 7.

247 Προχ. Νομ. 10, 19 и 68; Βασ. 26,7.

248 Новела н134, 8; Προχ. Νομ. 9, 20.

249 43, Βασ. 24,1.

можел да ги добие, а ако направил штета на нивата (на полето) од невнимание, подлежи на одговорност за тоа[250].

Ако заемодавач не по своја вина го загуби залогот тој не се дава на суд, а се бара тој сам да изјави за тоа што го загубил, бидејќи случајни фактори не предизвикале загуба на заемодавецот, Тој што не случајно ги загубил предметите има право да бара да му се плати долгот нему, а ако меѓу тие што имале зделка имало пријателски услови, дека тој што ќе го изгуби залогот го ослободува должникот од обврската, тогаш тоа да има сила[251].

**ГЛАВА 3**
***За раскинување на бракот (распуст)***
Види 13 глава во -Г- состав

**ГЛАВА 4**
***За завештанијата***

*Апостолско 40-то*: 40-то правило на светите Апостоли заповеда: епископот што ја заложил сопственоста до ракополагањето, го направил тоа отворено (познато) и не ја споил со таа што припаѓа на црквата, за пред смртта да има право да ја остави неа на кого сака и како сака, впрочем, само на православни христијани и под изговор дека е црковно да не биде потрошено имањето на епископот, имајќи тогаш жена и деца или роднини или робови. Праведно е и пред Бога и пред народот за да и црквата не претрпи некаква штета, поради неизвесноста за имањето на епископот и да не би епископот или неговите роднини не претрпеле некоја штета под изговор дека припаѓа на Црквата, од воспоставениот црковен долг и да не би тие попаднале во тешкотија, не се скараат по неговата смрт. А ако не го направи јавен (познат) својот имот, што го имал до ракополагањето, а директно поминал кај него по законски пат после ракополагањето, тогаш ракоположениот после него го задржува целиот имот, прифаќајќи ги и долговите.

*Картагинско, 32-ро*: 32-то правило на Картагинскиот собор (вели): Тие што стапиле во епископство или клирот и пред тоа живееле во сиромаштија и бедотија, а после тоа се збогатиле до таму што си купиле за себе и овоштарник и земја и села (£grouj ka… cwr…a), доколку можат да докажат дека го добиле тоа на црковниот имот, должни се, од опасност за обвинување во светотатство, да го оставаат тоа на Црквата, а не на некој друг, а ако го добиле тоа што го имаат од дар или наследство од роднини, а не по друг каков било начин, како на пр. на откуп од заробеништво или за изградба на храм, тогаш треба да ја направат црквата сосопственик и во тој имот, а во спротивен случај не треба да бидат признаени за достојни на свештеничката чест. Во однос на епископите тоа особено треба

250 45 Βασ. на истото место.
251 47 Βασ. на истото место.

да има сила, затоа што за нив не постои, можеби друг начин според кој они би можеле да го добијат имотот, туку единствен начин, тоа од епископските права.

Види и во втора глава на -А- состав, на истиот собор, правило 22 и 81.

*Закон*: 131-вата Јустинијанова Новела: Забранувам, вели, преподобните епископи да предаваат на каков било начин на своите роднини или на некој друг што поминал кај нив по каков и да било начин после ракополагањето во епископство-подвижен и неподвижен имот или само подвижен, туку да го употребуваат тоа за ослободување на заробеници и за издршка на сиромасите и на други благочестиви дела во корист на црквата, бидејќи имотот што останува после нивната смрт го присвојува нивната Црква. Но, имаат право да го отуѓуваат тоа што, ако се докаже, дека тие го имале пред ракополагањето во епископство, и тоа што по ракополагањето во епископство поминува кај нив од нивните роднини, чии што наследници тие можат да бидат без завештание до четвртиот степен. Тоа има сила и во однос кон другите градители на чесен манастир, а ако епископ или свештеник од каков било степен (чин) умре без завештание (тестамент) и без законски наследници, тогаш целото наследство се утврдува за таа црква кон која биле хиротонисани.

## ГЛАВА 4

### *За завештанието (за тестаментот)*[252]

*Закон*: Завештанието е законско изразување на волјата во однос на тоа што сакаме да го направиме на располагање на кој било после својата смрт[253].

Завештателот треба да биде со здрав ум, но не се бара да биде и со здраво тело[254].

Машкиот пол се заветува по наполнување на 14 години, а женските 12 години[255].

Ако таткото или мајката дадат во брак дете од машки пол или женски, и детето умре, тогаш тоа нема власт (право) да направи завештание на подароците или на предбрачните дарови, кога уште се живи родителите. Ако едната страна од нив умре, тогаш завештанието се однесува на тоа што му следува на делот на умрената половина[256].

Ниту потчинет заветува, ниту малолетен, ниту бесен, ниту блудник, нем и глув секогаш заветуваат[257].

Направеното таксање, т.н. заветување се раскинува според следните

252 Ова во нашиот текс е по втор пат, во грчкиот текст го нема.

253 1. Βασ. 15,1.

254 На истото место.

255 6 на истото место.

256 ʿΑρμ. V, 9,14.

257 16 и 19 Βασ. на истото место.

причини (закони)[258]:

Да не се раскинува завештанието пред истекот на 10 години, освен ако е направена друга законска (одредба), напишана (писмено) или ненапишана, која што ја искажува спротивната намера на завештателот, при 7 или 5 сведоци[259].

Кога завештувачот умира и потврдува со клетва дека ништо друго нема, освен тоа што е наведено во завештанието, никој наследник нема право да истапува и да прави измачување на робовите и да бара клетва од сведоците, што се наоѓаат во тој запис, туку и против волјата треба да се увери во клетвата на умрениот, кога, се разбира, не биде откриено дека заветувачот прави различни клетвени докази за еден и ист предмет[260].

Незапишаното завештание се составува кога завештателот ја искажува својата волја пред 7 (седум) сведоци што се наоѓаат на едно место, а ако во тоа место каде што некој прави незапишано завештание нема 7 сведоци, тогаш може и пред 5 сведоци, но не помалку, да ја направи јавна својата волја[261].

Пишувачот на завештанието законски сведочи за него[262].

Завештанието треба да има 7 сведоци, а кодикелот-5[263].

Ако некој биде ранет во војна и се наоѓа на пат и се приближува до смртта, може да прави завештание не само пред три, туку и пред две лица, од причини на приближувачката сеопасност[264].

Новела на царот Лав Мудри: Наредувам, вели, дека во секое село (населено место) и град завештанието да се утврдува и од неучени, ако само сведоците по својата природа заслужуваат доверба, наредуваме исто така, дека бројот (на сведоците) не мора да е 5, но во тие места во кои како што природно се случува недостиг на мажи, достојни да пристапат кон сведоштво и до 3 (три) да се простира и би било доволно за нивното сведоштво да не биде негирано.

Види и 38-ма глава од -К- состав и 15-та глава на -М-состав-Закон.

## ГЛАВА 5
### *За ѓаконите*

*VI собор, 14-то и 15-то*: 14-то правило на VI собор, а кон него и 15-то, определувајќи ја возраста за хиротонисување, утврдуваат дека за презвитер треба да е 30 години, особено ако се покаже достоинствен и по животот; бидејќи треба да се гледа на прва форма пример-изградба на дом за Спасителот, којшто на 30 години го примал крштението, од тој

258 Προχ. Νομ. 21,13.
259 22. Βασ. 35. в.
260 Προχ. Νομ. 30, 22. Новела на Јустинијан, 48, 1.
261 25 Βασ. 35, 2.
262 Προχ. Νομ. 21, 7; 28 Βασ. на истото место.
263 24 Βασ. 37, 1.
264 Προχ. Νομ. 21,16; 17 Βασ. на истото место.

момент почнал да учи; за ѓакон 25 години, за ѓаконици 40 години, а подѓакон да нема помалку од 20 години. Хиротонисаниот пред тие години без поштедно наредува да се расчини.

*Картагинско, 16-то*: Таа годишна возраст за ѓакони ја утврдува и 16-то правило на Картагинскиот собор; за ѓаконици-15-то правило на IV собор. Види за ѓакониците детално во 11 глава од состав -Г-.

*Неокесариско, 15-то*: Исто така во Неокесарискиот Собор, соодветно на 7-те ѓакони споменати во Дејанијата, утврдило дека повеќе од 7 ѓакони да не бидат, макар градот да имал цркви и да бил вброен во поголемите градови.

*VI Собор, 16-то*: VI Собор 16-то правило го исправа претходното правило и го изнесува кажаното во книгата на Дејанијата и наведува: Златниот по јазик (Св. Јован Златоуст) којшто опстојно ја толкува секоја кажана мисла, покажува дека Божественото Писание подразбира овде не ѓакони коишто служат при божествените Тајни, бидејќи тогаш, освен еден Апостол, немало уште ни епископи ни презвитери ниту ѓакони, а тие кои се загрижиле за тоа, дека биле хранети собререните околу Апостолите и верниците кои и за нас биле пример за грижата за сиромашните и раздавање на потребното.

*Знамение*: Бидејќи тоа правило на Неокесарискиот собор, не е точно кажано, не се почитувало и пред VI Собор; затоа што Јустинијан, којшто живеел пред тој Собор, поставил за Великата црква 60 презвитери, 100 ѓакони и 40 ѓаконици. А Ираклиј, којшто исто така живеел пред VI Собор, го зголемил нивниот број. Така било и во другите цркви до времето на издавањето на неокесариското правило[265].

*I Собор 18-то*: 18-то правило на Првиот Собор забранува на ѓаконите да даваат Евхаристикија на презвитерите, затоа што на ѓаконите не им е дозволено ниту да принесуваат Бескрвна Жртва, ниту што се однесува до Евхаристикијата пред епископите, затоа што тие извршуваат чин служители кај епископите и презвитерите, затоа после нив тие се должни да пристапат кај божествените дарови, така што тие им ги предаваат ним, и не само тоа, ниту да седат не им е дозволено на ѓаконите во Олтарот меѓу презвитерите, а тој кој не се потчинува, заповеда да биде лишен од ѓаконство. Но, ние честопати гледаме дека ѓаконите коишто имаат чин на началник во собранијата надвор од Олтарот, да седат со свештениците, што според мое мислење сосема не им доликува[266].

*За честа Велики Хартофилакс*: Единствено само на Хартофилаксот на Великата Црква врз основа на стариот (долгиот) обичај и писмената

265 За бројот на клерот во Великата црква за време на Ираклиј види во неговата Новела XXII, in Jure Graeco-Romano, Zach. Pars III, бројот на презвитерите бил зголемен во негово време до 80, ѓакони до 150, подѓакони до 70, четци до 16, ѓакониците останувале на истиот број. Спореди: Зонара на 16-пр. VI Собор.

266 Тоа е според правилата од VII Собор, 7-мо правило и 20-то Лаодикејско правило.

одредба донесена од приснопаметниот цар Мануил му е дадено правото во надворешните собранија да седат повеќе и архиереи.

*VI Собор, 7-мо*: 7-то правило na VI Собор: тој од ѓаконите, кој седи со презвитерите надвор од Олтарот, не седи на пониско место, а се воодушевува повеќе пренебрегнувајќи го божествениот глас: како секој што се издига за смирение, заповеда да не се отстранува, туку да се понижи (симне) во честа во неговата началничка должност. Тој што е испратен од својот архиереј во каков било град за да го заземе неговото место, треба да го задржи и неговиот престол. Тоа истото треба да биде во однос кон останатите свештенички чинови, така што никој, гордеејќи се верничкото достоинство или црковната должност да не се издигнува пред мнозинството, и подѓаконот на пример пред ѓаконот или пред подѓаконот-четец. Ако во мирските достоинства не се дозволува на тој што добил помала чест (чин) да се претпочита со честа пред тие коишто имаат повисоко достоинство, тоа многу опасно за нас се јавува, полошо од тие коишто не го почитуваат поредокот во духовните достоинства, кои што многу ги надминуваат, отколку тие.

*Лаодикејско, 20-то*: Тоа истото го определува и 20-то правило од соборот во Лаодикеја, ѓаконот да не седи во присуство на презвитер, освен со негова дозвола, таа иста чест ја има и подѓаконот од пониските служители и останатите служители. Види и во 9-та глава на -Е- состав правило 22 исто во Лаодикејскиот собор.

## ГЛАВА 6

***За двоженците (второбрачните)***

Види 4-та глава во -Г- состав

## ГЛАВА 7

***Како треба епископите и презвитерите да го учат народот***

*Апостолско 58-мо*: 58-то правило на св. Апостоли на епископите и презвитерите им наредува да ги учат нивните потчинети на догмите, приведувајќи ги кон православието и чесниот живот. Бидејќи Бог преку пророкот Језекил апелира до нив: ако не ги известиш, не проговориш, тој безаконик во своето беззаконие ќе умре, неговата крв од твоите раце ќе протече (Језекил, III, 20). А Великиот Павле не само на епископот, туку и на презвитерот му наредува да биде трезвен т.с. бодар и немрзелив, држејќи верно слово по учењето, да биде силен и да ги утешува во здравото учење и противниците да ги открива (разобличува). Бидејќи тој е наречен надгледувач затоа што грижливо гледа како од набљудувачко и возвишено место за народот, затоа во Олтарот, на возвишено место, симболички се поставува за архиереите катедра и на презвитерот му е дадено правото да стои таму заедно со нив и зедно да седат. Затоа кај нив (има) и друго општо дело, да го усовршуваат народот. А тие коишто мрзеливо се однесуваат кон учењето на народот, се одлачуваат, останувајќи во негрижа ги казнува и ги исфрла-заповеда правилото.

*VI Собор 19-то*: Истото го заповеда и 19-то правило од Шестиот Собор, кое што се гледа и во 11-та глава на -В- состав

*Картагинско 121-во*: Картагинското 121-во правило, вели дека епископ кој што се однесува малодушно кон своето стадо и не учи за спасителната вистина, треба да биде советуван од соседните епископи, за да ја остави леноста (мрзливоста) и му доставиле (приложиле) соодветна заложба, по поминатиот шестмесечен рок, ако продолжи да останува во леноста, областа и народот да се присоединат кон блискиот (соседниот) епископ, силен и грижлив за нивно насочување преку учење кон подобро, а ако молчењето било претпочитано по каква било блага претпазливост, вели (правилото) за да на таков начин полесно да привлече некои од еретиците и да не ги заострува нив во упорноста, тогаш треба да се изберат тројца епископи од блиските области на епископот за разгледување на тоа и ако биде докажано дека тоа навистина е така, тогаш областа пак треба да биде вратена кон тој ист епископ.

*Исто, 123-то*: 123-то , по поминувањето на шестмесечниот рок се оддалечува и од општење со останатите, неработниот (епископ), ако тој не го соопштува здраво учењето на другите не само за верниците, туку и за неверниците и секојдневно не сведочи, како тие се однесуваат кон вистината, освен ако е спречен од болест или е зафатен со повисоки црковни дела, или началникот што требало да го помага не бил тука.

*VI собор, 64-то*: 64-то (правило) од VI Собор: Мирјанин кој сенародно ги учи догмите на верата и невнимавајќи отвори по божјо определение училиште во црквата, макар тој и да достигнал висина на секоја мудрост, се казнува со одлачување на 40 дена. А кој на чесен начин одговара на тие што го прашуваат, на таков не треба да му биде забрането.

*Закон:* Ниту еден служител (свештеник), ниту монах, ниту војник, ниту друг кој било не е должен да ја собира толпата народ и јавно да расудува за верата; бидејќи со тоа тој нанесува осквернување на Халкедонскиот собор, којшто сето тоа го озаконил на вообичаен начин, затоа, ако е војник треба да биде исклучен од војската, а останатите треба да бидат казнети секој според својата положба[267].

## ГЛАВА 8

### *За правдата*

*Закон*: Правдата е цврста и постојана волја да го даде секој своето справедливо[268].

Својството на правдата е: чесно да се живее, на друг да не се наштетува, секому да се дава прикладно од своето.

Премудроста на правдата е: секогаш да се заклучува во познавањето на божјите и човечките предмети, за праведното и неправедното[269].

267 4. Βασ. I. 1.

268 10. Βασ. II. 1.

269 На погоре споменатото место.

## ГЛАВА 9

***За судниците и за свештениците и верниците кои имаат тужба***

*Сардикијско 3-то*: Така божествениот Апостол во посланието до Коринтјаните вели: Веќе отсега срам да ви е, ако имате тужба (спор) меѓу себе (1. Кор. VI,7), Истото и третото правило на Сардикијскиот собор го вели: ако двајца епископи имаат тужба (спор) меѓу себе, тогаш треба нив правилно да ги судат епископите на таа област и никој од нив да не се дрзне да повикува епископ од друга област, затоа што може да се покаже дека ги обвинува своите епископи за неуки или несправедливи, а ако осудениот од нив пак има претензии, дека е оштетен (навреден), тогаш обласните епископи се должни да ги испратат двајцата кај папата, да му го опишаат делото, и од него ќе зависи дали повторно ќе се даде делото на суд или ќе го утврди тоа што е решено (одлучено).

*Картагинско 107-мо*: 107-мото Картагинско (правило) не дозволува на еден епископ да му судат двајца епископи коишто имаат меѓусебен спор, исто и клирик (свештеник) кој има спор со епископот.

*IV Собор, 17-то*: 17-то (правило) од IV Собор наредува: дека приходите исклучиво остануваат под управа на епископите, раководени од нив, дали тоа биле планински села т.с. села коишто лежат на периферијата (на епархијата) и малку населени и селски коишто лежат (се наоѓаат) во полињата и селата се многунаселени, а особено, ако во текот на 30 години ги владееле нив и ги уредувале нив, не причинувајќи никому насилство и ни од кого одзеле; а ако до истекот на тој рок, друг епископ биде спорел за каков било приход, тогаш правилото заповеда спорното прашање да се решава на Собор на таа област[270]. Ако некој од епископите смета дека е оштетен од својот митрополит, тогаш му се дозволува нему да се суди или кај егзархот на округот или во престолот Константинополски, ако тој е потчинет нему, затоа што тој не е поставен за судија над сите, бидејќи е озаконето дека Сиријските митрополити се потчинуваат на Антиохискиот престол, Палестинските на Ерусалимскиот и египетските на Александрискиот.

*VI Собор, 25-то*: Истото тоа и во 25-то правило на VI Собор.

*Картагинско, 120-то*: 120-то (правило) на тие од Картагина: Не треба вели, епископ насилно да приграбува земја (територија), којашто уште се наоѓа под управа на друг, како било нему му припаднала, по желба или против желбата на тамошниот народ, туку да го даде тоа на судот на епископите и од него да очекува да го добие своето, а тој што постапува самоволно, според справедливоста, треба да биде лишен од своето право, да го изгуби за казна тоа што го одзел насилно; исто така и ако посегне да ја грабне земјата, не доаѓајќи после почнувањето на судот, крајното решение, макар и да се повикувал (силел) на тоа дека добил грамота (писмо) од митрополитот на областа со која му се дозволува да го владее местото, се лишува од правото, ако не земе грамота од самиот владетел

270 Ова е изложено според 25-то правило на VI Вселенски Собор.

на народот во тоа време, од којашто се гледа дека тој мирно, со негова согласност ја зазел навистина областа што му припаѓа. А судиите треба да ги избере старешинството на епархијата од највидните во областа, или кои ќе ги изберат по согласност на двајцата противници, за да по детаљно истражување ја разрешат наведената вина еден на друг од едната и другата страна. Кога некој епископ погрешно управува со делата (предметите) на црквата и на други им ја отстапил сопствената област, тогаш, макар да претходела и грамота, ракоположениот после него не треба да биде лишен од можноста да ги бара правата на својата црква, макар да поминало и многу време. Види уште и во 32-та глава на -Е- состав, правило 10 на Василиј Велики.

*IV Собор, 9-шо*: Деветтото правило на IV Собор, заповеда дека свештениците и монасите коишто имаат дела и тужби меѓусебе, да се судат кај својот епископ, да не обрнуваат внимание на световните судници, затоа што може да кажат дека прибегнувајќи кон нив го запоставуваат и оштетуваат својот пастир. Секогаш со негово знаење се дозволува да се судат кај кого ќе посакаат двете спротивни страни, а тој кој постапува спротивно на тоа (правилото наредува) подлежи на епитимии според правилата, а ако поп (свештеник) има тужба со својот епископ, тогаш вели (правилото) треба да ги суди епископот на областа. А ако епископ или свештеник имаат спорно дело со митрополитот на истата таа област, тогаш треба да ги суди егзархот на округот или патријархот на Царствувачкиот град, а округот вклучува во себе многу области. *Знамение:* Таа предност на егзарсите секогаш нема сила, бидејќи некои од митрополитите и се нарекуваат егзарси, но тие немаат во целосна потчинетост под себе други митрополити во округот којшто им е потчинет.

*Карѿаѓинско 15-ѿо*: А пак 15-то Картагинско (правило) сите свештеници и монаси, привлечените и тие што се привлекуваат кон судот, отвара црковен суд, без разлика дали барањето е обвинително (кривично) или парично. Ако кој било од нив избере световен суд, го презре тој, тогаш за самото тоа вели (правилото) се лишува од сопствениот чин, макар и да се покажал на тој суд невиновен во престапот или паричното дело.

*Знамение:*Ако епископите донеле судско решение и од оштетените биде побарано мислење од повисок суд, како што природно бидува, и делото биде подложено на разгледување и решението на претходните судии биде изменето, тогаш не треба да има никакво прекорување во однос на претходниот приговор, ако само тие не бидат откриени или во поткуп или во тоа што ја осудиле другата страна од непријателство, или во тоа што пристрасно и пријателски биле расположени кон виновникот.

Ако двете страни ги избрале судиите, тогаш, макар да биле помал број од определените во други случаи, т.е. 12 за епископи, 6 за презвитери и 3 за ѓакони, осудениот од нив не може да бара преразгледување на своето дело; свештениците не треба да избираат световни, туку црковни судии, за да не се подложат на црковни казни.

*Истиот (собор) 28-мо и 125-то*: 28-мото, кон тоа и 125-то: Клерик (свештеник) обвинувајќи го со приговор својот епископ дека неправедно постапува, заповеда да се постави пред судот на соседните епископи со дозвола на епископот, веќе судениот; а ако и после нив осудениот (тужениот) бара право на апелација, тогаш (правилото заповеда) да се обрати кон митрополитот на обласата, а ако отиде во друга област преку морето, тогаш да го одлачат, за да и тој што се наоѓа во Африка да не ги прима нив во општење. Од овде се гледа дека римскиот папа нема право да ги надгледува сите цркви.

*Знамение*: Бидејќи ако правилото не дава (право) за надгледување на црквите во Африка, коишто лежат преку морето во однос на Рим, тогаш уште повеќе тој нема такво право над другите области (земји).

*Исто, 104-то*: 104-тото пак ги изопштува (исфрла) тие посветени, кои го потценуваат (пренебрегнуваат) црковниот суд, обраќајќи се кон царот и молат (просат) за делото да им биде разгледувано од световни судии, впрочем епископи да молат од царот да се судат, не им се забранува според правилото.

*Исто, 30-то*: Триесеттото пак: Ако двајца свештеници, вели, имаат меѓусебе тужба и еден од нив се откаже од истражувањето (разгледувањето) во тоа место каде што се наоѓа судницата, плашејќи се можеби од востание на народот приврзан кон неговиот противник како преовладувачки таму, или не му дозволуваат да ги доведе сведоците, во таков случај му се дозволува на него да избере друго место, за таму да биде одржан суд, но местото да лежи поблизу, за да не биде тешко тука да пристигнат судиите и за противникот и за доведување на сведоците.

*Закон*: 123-та пак Јустинијанова Новела: Ако некој вели, од преподобните епископи од тој собор има какво било спорно дело меѓусебе, било од црковното право или за какви било други дела, во таков случај првин нивниот митрополит со други двајца епископи од истиот Собор треба да го разгледаат делото и ако едната и другата страна не се задоволат со тоа што е определено, тогаш блажениот патријарх на тој округ треба да ги ислуша и да го одреди тоа што е согласно со црковните правила и закони, и тогаш ниту една страна не може да противречи на неговото решение; затоа што решенијата на патријарсите не подлежат на обжалување[271].

*Закон*: Ако некој од судените епископи до истекувањето на 10 дневниот рок приговара против тоа што е решено, тогаш месниот кнез (αρχωντ) е должен да го разгледа делото и треба или да го потврди решението, или да го измени (поништи) и на повторно изгубениот (тој што по втор пат го изгубил делото) нетреба да му се допушти апелација. А кога кнезот решава спротивно од епископот, тогаш решението на кнезот (управникот) подлежи на обжалување и според законот се пренесува во повисока инстанца и се истражува. Ако епископот суди според царска наредба или судска наредба, во таков случај апелацијата се поднесува до тој што

271 Јустинијанова Новела 123, гл .22.

го испратил делото, и ако делото биде црковно, тогаш световните судии не треба да имаат никакво учество во таквото дело, туку преподобните епископи според црковните правила треба да стават крај на делото[272].

Самодржавниот и царскиот суд не подлежат на обжалување и не се испитуваат од други, туку секогаш сами од себе решаваат, како и боговидецот Мојсеј, озаконувајќи рекол: Суди се во својот суд- наредил.

*Закон*: Тоа што е пресудено во Патријаршиски суд не подлежи на обжалување и не се истражува повторно од други, затоа што тој и самиот е начало (основа) на црковните судови, затоа што од него (зависат) сите црковни судови и во него се решаваат и кон него се враќаат, а самиот тој од никој не зависи и кон друг (не се обраќа), бидејќи во тоа се состои одредбата, суди го духовното и самиот себе. Види уште и 8-ма глава од -П- состав.

Ниту еден од тие што имаат црковен чин ни епископ, ни презвитер, ни ѓакон и просто кој било од свештеничкиот список, не дозволувам ниту доброволно, ниту против волјата да се обраќа кон мирските (цивилните) судници (судии). Бидејќи, ако некој одвлече кој било против волјата од црковниот суд, со сила го натера пред мирскиот суд, тој од нашата светлост добива соодветна казна. Ако пак свештено лице доброволно застане пред мирски суд или само на почетокот го претпочита тамошниот суд пред црковниот суд, тој макар и да очекувал да го добие таму должното, се осудува според свештените правила. Бидејќи, каде достоен го добива тоа што го бара, тој што дрско го одбегнува почетокот на процесот со божествени наредби.

И новелите на царевите Ираклиј и Константин наредуваат дека ниту епископ, ниту свештеник (поп), ниту монах, ниту по парично, ниту по криминално дело да не бидат доведени кон световен суд или воен кнез (заповедник), а единствено само пред своите епископи или митрополити или патријарси.

Царот Алексиј пак (вели) ако има поделеност меѓу тие што се судат и се покаже дека едниот е од мирско (световно) потекло, а другиот е припадник на божествениот клер, тогаш странките да се обраќаат во соодветен суд.

Судиите што примаат апелациска жалба, треба да бидат повисоки од тие што суделе во почетокот[273].

Секое дело што припаѓа на чесниот храм, може да се пролонгира (оддолжува) до 40 години, бидејќи наредувам дека за светите цркви и сите други чесни места законот пропишува наместо 10 годишна, 20-годишна и 30-годишна застареност била одредена само 40-годишна застареност, се зачувува тој рок на застареност и во случај на побарување за исполнување на завештание и наследство, оставени на благочестивите дела[274].

272 Јустинијанова Новела, 123, гл. 21.

273 39. Βασ. IX, 1.

274 Новела 123, гл. 21, грчкиот текст упатува и на 8-ма глава од -М- состав.

Монаси или подвижници ниту за никакво дело да не се одвлекуваат од своите манастири[275].

Секое дело, кое не трпи одлагање подлежи не на едно, туку и на две судења (мислења) = разгледувања[276].

Според наредбите кнезот правилно управува, а ако самоволно своето го зема, го губи него.

Лошо пресуденото и утврденото не го прави цврсто ниту времето, ниту законот, ниту обичаите.

Утврдуваме дека на никој не му е дозволено ниту родител на умрениот, ниту жена, ниту наследниците, ниту жирантите (гарантите) пред да заврши деветтиот ден на жалост, ниту да го обвинуваат, ниту да го вознемируваат, ниту да го привлекуваат (повикуваат) во суд, под изговор за долг останат од умрениот, или заради кое било друго дело што се однесува до споменатите лица, а ако кој било до истекот на деветдневниот рок се осмели да земе од него каков било услов или ветување или гаранција, определуваме дека сето тоа не е валидно и покрај тоа, тужителите (побарувачите) сосема се лишуваат и од долгот и процесот. Ако било кој биде откриен дека го наклеветил умрениот, во таков случај колку тој барал од него, толку треба да даде на неговите наследници, по поминувањето на деветтиот ден, ако кој било има против таквите лица какво било дело, може да ги води нив според законот[277].

*За избраните судии, да кажеме сакани од двајцата*

*Картагинско, 96-то*: 96-то правило од Картагинскиот собор: Ако незадоволниот од првото решение избере судија, заедно со него и тој против кој он бара нов суд, тогаш после тоа никој од нив нема дозвола да го пренесува делото во друг суд, затоа што ако тие што имаат тужба меѓусебе по општа согласност изберат судии, тогаш не им се дозволува да го обжалуваат решението донесено од нив (да бараат повторно судење).

*Истиот, 122-ро:* Истото тоа го наредува и 122-рото, и тој што не се покорува, заповеда да се одлачи.

*Закон*: Избраниот судија покрај другото суди по свое видување и преторот не го испитува неговото решение[278].

Претор е чин (службеник), старешина или војвода.

Дали решението на избраниот судија е праведно или неправедно, тоа целосно останува во сила.

Да нема потреба од втор суд (приговор) на избраниот судија.

*Закон*: Избраниот суд личи на врховниот (царскиот) и се воведува за завршување на тужбата. Не доликува не само да се одведува (отпишува) од него, туку и да се бара казна[279].

---

275 41. Βασ. IX, 1.
276 ῾Αρμ. Β. I, 64.
277 2. Βασ. XXIII, 2.
278 19. Βασ. VII, 2.
279 ῾Αρμ. I. 4, 54.

Ако бидат избрани двајца судии и се разминат во мислењата, тие се принудени да изберат кој било трет и да се потпрат на неговото мислење[280].

Не треба избраните судии да се поставуваат со клетвена потврда, но тие што се судат треба да ги изберат нив со условна казна и треба да бидат должни или да останат на нивните решенија (да престојуваат на судот), или да дадат казна во тој размер во којшто се согласиле двете страни[281]. Ако не е наложена казна на избраниот суд, се заколне некој дека ќе престојува на судењето, се води како неуставна, совршено воглавно пак е направена измама.

## ГЛАВА 8

***За епископите и свештениците што се судат за свои престапи***

*Апостолско, 74-то*: 74-то правило на светите Апостоли: Обвинет поранешен епископ од човек доставерен (доверлив) неопходно треба да биде повикан на црковен суд и двајца епископи да се испратат кај него, и ако, послуша, тогаш и дојде (на судењето) и не биде во состојба да се оправда од прекршокот (гревот) со исповест (признание), или биде откриен, му се определува на него соодветна епитимија. А ако во тој момент не дојде, тогаш до трипати бидува повикуван, ако и во тој случај остане упорен, тогаш соборот по свое убедување, сообразно со природата на прекршокот, пресудува против него и тој не добива никаква корист од упорноста.

*Картагинско 12-то*: Картагиското 12-то (правило вели): Епископ подложен на обвинение прилега да биде суден од целиот Собор, кон кој тој припаѓа, а ако биде тешко да се соберат сите (епископи) или мнозинството, тогаш во краен случај треба да бидат не помалку од 12. На таков начин ќе се отстрани секаков сомнеж, тој нема да биде презрен од своите потчинети, а презвитерите ги судат 6 (шест) епископи, и ѓаконите-3 (три). Соборот се занимава и со тоа да бидат цврсти судовите над свештениците и ако истата година подоцна бил од Антиохискиот собор, кој во четвртото правило наредува дека исфрлањето на презвитерите и ѓаконите го прави еден епископ, а исфрлање на епископ-Собор.

*Дејание соборно*: Поради тоа и светлиот патријарх Лука го прогласил за невалидно исфрлањето на Амафунскиот епископ Јован, коешто го направил архиепископ Кипарски, затоа што се присоединил само кон единаесет епископи и заедно со останатите биле само 12.

*Исто, 14-то*: Како и 14-то правило од Картагинскиот собор заповеда: По недостиг, вели, на епископи, понекогаш презвитерот го судат и 5, а ѓаконот 3, под претседателство на својот епископ, покрај овој број, сопствениот нивни епископ, така што епископите на кои е потчинет тужениот, треба да бидат повеќе од утврдениот број, ако треба да се доведат од надвор.

280 17. Βασ. VII, 2.

281 ῾Αρμ. I. 4, 62.

*Антиохиско, 14-то*: Исто така во Антиохиското 14-то (правило) се вели: Кога епископ по каква било вина го судат обласните епископи и тие противречат меѓусебе, имено, кога едни го прогласуваат него за невин, а други за виновен, тогаш треба митрополитот на таа област да повика и други (епископи) од соседните области и со нивно посредство да се реши сомнежот, при утврдување на решението со мнозинство.

*Исто, 15-то*: 15-то пак (од истиот собор): Ако сите епископи дадат на него единствен приговор, на таков други епископи од страна да не судат, но решението на епископите од епархијата да биде цврсто (валидно).

*Сардикијско, 4-то*: Тоа е отповикано од 4-то Сарсикиско (правило), коешто вели: Кога исфрлениот епископ по општо решение на епископите од обласка, не се покорува на решението, но тврди дека тој уште може да го отфрли обвинението, во таков случај на неговиот престол да се ракоположи друг, но, не пред да одлучи римскиот папа, дознавајќ и за деталите на делото, даде свој суд и реши или утврди, или ја промени (ја поништи) осудата на епископот, којшто припаѓа на западната област, која само е и оставена на римскиот папа, каде и што бил собран овој собор; бидејќи на обвинетиот му се дозволува и двапати да приговара (да се жали) во една година.

*Истиот, 5-то*: Петтото (правило на истиот собор) вели: Кога епископ исфрлен со општо решение на епископите од обласка, достави жалба до папата и тој писмено нареди судско истражување од други епископи од соседните градови, тој пак и од нив биде осуден, повторно бара истражување (на делото) во таков случај ако папата го признае пресуденото за доволно, приговорот на епископот да има важност (тврдост), а ако папата пресуди дека епископот треба да биде повторно суден, тогаш осудениот не треба да биде принудуван да оди во Рим, туку папата да даде свое полномошно на презвитерите од блиските до него и да ги испрати тука со месните епископи, треба да нареди да се истражат фактите за делото и на тој начин треба да биде ставено крај на приговорот.

*Картагинско, 20-то*: 20-то Картагинско (вели): Тој што обвинува епископ треба да го достави обвинението до старешината на жупата (обласка), обвинетиот пред завршувањето на приговорот не се лишува од честа. Во случај ако биде повикан со грамота (писмо) на суд, не се јави во текот на еден месец од тоа време кога ја добил грамотата, како казна за непотчинување се одлачува и никаде не му се дозволува нему да учествува во свештенослужење; а ако се покаже дека задржувањето било навистина од неопходни причини, тогаш му се дава одлагање за другиот месец. А ако и по поминувањето на тоа не се јави, тогаш се исфрла од општење со верниците, додека не добие крај тоа што е кажано против него. Тој што нема да се јави ниту кај егзархот на обласка, ниту на годишниот собор, сам на себе си пресудува, подлежи на исфрлање. Обвинетиот пак, ако се јави во судницата не се лишува од општење, а избеганиот под каков било изговор самиот се одлачува, а епископот одлучува за одлачувањето, ако се докаже дека избегнувањето било непромислено, но по

благовидна причина, не му се забранува повторно да го обнови делото. Ако обвинувачот е со порочно поведение, и поднесува на епископот обвинување, што се однесува на свештенството, нему не му се дозволува, а да се покренат против него лични и парични казни не му се забранува.

*Знамение*: Но, врз основа на новелата на приснопаметниот цар Мануил, сите како обвинувачите и обвинетите, со каков чин тие и да биле и од каков вид да било обвинението се повикуваат со посредство на три покани во 30 дена.

*Картагинско. 88-мо*: Но, и 88-то (Картаг. Правило) не дозволува да се лиши епископ од епископијата, ако потпаднал под обвинение или под одлачување, до тој момент додека не биде завршен судот против него.

*Прво-Втор Собор, 16-то*: Исто тоа јасно го определува и 16-то правило од Прво-Вториот Собор, заповеда никој да не ракополага епископ во црква, чиј епископ е уште жив и не е лишен совршено од својата чест, макар да бил обвинет во каков било прекршок, и можеби од малодушност се одрекол од епископијата, бидејќи тоа бидува причина за пречки и бранувања, а црковните (лица) треба на крај да се ослободат од секакво оговарање и канонски да ги истражат произнесените на него обвинувања и ако приговорот бил од уважувачки причини или канонски исфрлен (епископ) за прекршокот, тогаш овие друг за епископ да постават.

Но, ако кој било и законски утврден во својата чест не сака да го води (пасе) својот народ, туку, оддалечувајќи се од своето паство, повеќе од 6 (шест) месеци живее во друго место, не бил задржуван од никаква неопходност, тој справедливо треба да биде лишен и од епископскиот чин и од катедрата.

*Картагинско, 21-во*: 21-то пак од истиот (собор) во Картагина: Презвитери или ѓакони, обвинети во што било, судии им поставува нивниот епископ, заедно со другите од таа иста област-кои ќе ги изберат обвинувачите (тужителите), 6 за обвинувањата на презвитерите и 3 за обвиненијата на ѓаконите, а рокот и казните и оваа правило јасно ги одредува истите, какви што се определени и за епископите во претходното правило; обвинувањата пак на останатите свештеници треба да ги истражува и да ги заврши, вели правилото, само нивниот епископ.

*Исто*, 79-то: 79-то правило (вели) дека свештеник чиешто дело во текот на една година не добие крај (решение) се исклучува од клерот. На други ова не важи.

*Закон*: Обвинет свештеник никој да не суди од цивилните власти, освен кога обвинението се однесува на прекршок против царот (величеството). Види и 16-та глава на -П- состав, правило во Неокесарискиот собор, 9-то, 30-то и Теофилово 5-то.

***За обвинителите во Судот***

*II Собор, 6-то*: Шестото правило на Вториот собор: Обвинувањата кон епископ или свештеник не треба сите без истражување да се допуштат и не сите да се отфрлат: бидејќи ако кој било достави против нив поединечна жалба, се утврдува дали тој претрпел неправедност во

однос на подвижните или неподвижни предмети, или навреден или претрпел каква било штета, во таков случај не треба да се посветува внимание ниту на лицето што обвинува, ниту на верата, туку бара справедливост, за ние никого да не лишиме од своите права, туку за да на сите донесуваме еднакви и непристрасни решенија, поставувајќи ги епископите во специфичност или свештениците слободни од каква и да било неправедност. Ако прекршокот биде црковен, загрозувајќи го епископот со лишување од свештенството, коешто се нарекува јавно и совршено се разликува од приватното, така што природно станува познато на целиот народ, во таков случај не треба да се допуштаат (кон обвинување)=да обвинуваат: ниту еретици, какви и да се, ниту расколници и тие што прават сопствени собранија, ниту тие кои целисно биле одлачени од црквата по различни причини, ниту тие кои на кратко време биле одлачени од црквата, макар тоа да биле и свештеници, или верници (цивили), ако претходно не ја исправиле вината, што била на нив посочена (фрлена) ниту тие коишто се наоѓаат под обвинение, пред тие да ја докажат невиновноста во престапот. Ако обвинителите (обвинувачите) бидат слободни од сето тоа и ако покренат какво било обвинение против епископот, во таков случај, треба да ги испитуваат нив, вели правилото, епископите на таа област, а ако тие не се во состојба да го разрешат тоа, тогаш поголем собор на округот, по истрагата да стави крај на делото. Обвинението кое се однесува до свештеник ќе го истражува неговиот епископ, а кога тој не е во состојба до го разреши (обвинението), тогаш обвиненијата треба да бидат испратени до поголем собор. Но обвинението, вели правилото, не може да биде доставено ако претходно обвинувачите не бидат писмено известени дека подлежат на истата опасност, во случај, ако по истражувањето на делото бидат откриени во клевета на епископот. А ако не сака така да постапи, туку се обрати или кон царот, или кон цивилниот управник (властелин) или до Вселенскиот Собор, тој сосема не треба да биде допуштен до обвинение, како некој што покажал бесчестие на епископите на областа, нанесувајќи навреда на правилата и навредувајќи ја побожноста на црквата.

*IV Собор, 21-во*: Со ова правило е согласно и 21-то од IV Собор, коешто вели: обвинувачи на епископи и свештеници не треба да се допуштаат без истражување, макар тоа да биле свештеници (попови), или верници (цивили), туку откако претходно ќе бидат истражени нивниот живот и поведението.

*Карӣаӣинско, 8-мо*: Но, и 8-то (правило) од Картагина не дозволува епископ да се обвинува од клеветник (оцрнувач).

*Исӣо, 128-мо*: 128-то, Ниту на одлачениот (клирик), ниту на лишениот од општење (верник), додека не бидат ослободени од обвиненијата , не им се дозволува да обвинуваат епископ.

*Исӣо, 129-ӣо*: 129-то не им дава право да обвинуваат ниту робовите, ниту ослободените, кои ги ослободиле свештеници или нивни деца или нивни наследници, но да обвинуваат други дозволува, ниту бесчесните,

како што се: глумците, борците со ѕверови, и самоборци, а од глумците-тие кои играат во свечените и народни собранија, се бесчесни, а тие, кои пред царот покажуваат веселост (шеговитост) за умерено разveselување, се почитувани; борците со ѕверови и самоборците, ако го прават тоа за да ја покажат мажественоста и од љубов кон слава, се почитуваат како храбри, а ако за корист-бесчесни, бидејќи нештедејќи го својот живот и продавајќи се себеси за плата помалку од сé се грижат за доброто мислење, покрај тоа, не дозволува (правилото) да обвинуваат ни Јудеи, ни еретици, освен кога сите прават барање (побарување) по сопствените дела.

*Картагинско, 130-то*: 130-то пак, тој што обвинил епископ или свештеник во многу прекршоци и не докажал ниту еден нема вера (да не му се верува), слично на тоа и во останатите слични (обвинувања).

*Закон*: Подобро да остане неказнет грев, отколку кој било без вина да се мачи (казни)[282].

Не треба да им се верува на уверувањата на обвинувачите, ако доказите не го убедуваат судијата.

За душевните гревови на потчинетите деца во еднаква мерка подлежат на судот татковците, но не за злосторнички престапи, татковците за децата не се казнуваат, бидејќи законот вели: гревовите ја следат главата.

***За сведоците во судот***

*Апостолско, 75-то*: 75-то правило на светите Апостоли, забранува да се допуштаат за сведоци еретици така што и верник само еден не се допушта, на збор (на уста) да бидат двајца или тројца сведоци, за да биде поцврсто секое кажување, и Апостолот (Павле) вели, на презвитер хула (обвинување=навреда) да не се прима, освен при двајца или тројца сведоци[283].

*Картагинско 131-во*: Истото пак во Картагинското 131-во вели: На тој што во почетокот му е забрането да прави обвинително дело, тој нетреба да се допушта и кон сведоци, оној пак и чесен според животот, за да биде доверлив сведок за кого гаранција е неговиот претходен живот, не треба да биде малолетен, т.е. да нема навршено 14 години, бидејќи кај таквите мислењето уште не е цврсто (стабилно). Освен тоа, не треба обвинувачот да доведува домашни сведоци, ниту потчинети на него, ниту приведени, кои во случај на непослушност зборуваат тоа што тој го има на ум, тој може да ги казни. Тие што се одликуваат со чесен живот, потчинети на епископот свештеници, т.с. и ѓакони познати во науката не треба да бидат допуштени кон сведочење.

*Истото, 59-то*: 59-то пак (Картагинско правило) ако свештеници се судат пред црковен суд, како што порачал Апостолот: смее ли кој од вас да има предмет против друг, да се суди од неправедни а не од свети?(I. Коринтјаните, VI, 1), и едната страна е незадоволна од донесеното решение, тогаш не се дозволува на другата страна на второ судење да повикува

282 5. Βασ. 60, 51.

283 I. Тим. V, 19.

(доведува) за сведоци тој што го истражувал претходно делото, или кој присуствувал при пресудувањето, ниту да предлага за сведоци блиски по род.

*Закон*: Сведоците треба да бидат доверливи и верни, и да се доведуваат они (во сведоци) како во парични така и во кривични (злосторнички) дела, освен тој на кого му е забрането со закон или тие коишто се ослободени[284].

*Закон*: Не се допуштаат за сведоци осудените за подготвување на немири (смутови)[285].

*Закони*: Потребно е сведоците пред да почнат да сведочат, да се заколнат, на чесните да им се верува повеќе, а сведочење на еден не се прифаќа во никаков спор, макар тој бил и сенатор[286].

Во тужбеното дело против епископ, ако тоа биде парично и изнесува до една Литра, до двајца чесни и верни сведоци да се заколнат, а ако е до 50 литри-тројца, а ако е повеќе од тоа петмина.

Ако пак обвинението е за кривичен (злосторнички) прекршок, тогаш тоа се докажува со 5 верни и чесни сведоци под заклетва.

Не е достоен да му се верува на оној сведок, на кого може да му се каже како да сведочи[287].

Обвинувачот (тужителот) не може да доведува домашни сведоци[288].

Ако некој по клетва лично го обвини епископот пред судиите дава 30 литри[289].

На три начини се прави клевета и три се казните за тоа: бидејќи или клеветник е кој било, составува лажно обвинение, или правејќи предавање на своето дело ја сокрива вистината за обвинението, или бега од судот, сосема отстапувајќи од обвинението. Но, не секогаш тој кој не го докажал тоа во што обвинувале клеветник, туку од расудувањата на судот зависи, по ослободувањето на обвинетиот, да произлезе за тоа доказ. И ако тој каже: Ти си го наклеветил, тогаш го обвинил него за клевета, затоа што тоа само по себе следува, а ако каже: Ти лекомислено си го покренал делото, т.с. ти не докажа, тогаш не го прави него клеветник и таквиот не подлежи на казна[290].

Жена не извршува машка должност, и не сведочи во завештанија, освен во тие случаи кога мажите не се повикуваат. Покрај тоа, не им се дозволува јавно да заштитуваат, туку се заштитуваат само самите себе, како жена така и слепец, можат да се судат[291].

48-та Новела на царот Лавим забранува на жените да сведочат во

284 I. Βασ. XXI, 1.
285 XX. Βασ. на истото место.
286 XXXIII. Βασ. на истото место.
287 VI. Βασ. XXI, 1.
288 XXIII. Βασ. на истото место.
289 II. Βασ. III, 1.
290 V. Βασ. LX, 1.
291 XVII. Βασ. XXI, 1 и 4. Βασ. VIII, 1.

договор, во раѓањето пак и во тоа на што е дозволено да гледа само женскиот пол, им се дозволува да сведочат.

*Од 123 Јустинијанова Новела*: Страхопочитуваните презвитери и ѓакони, ако се покаже дека тие дале лажни докази за парично дело, но не ја потврдиле лагата со клетва, доволно ќе биде наместо телесна казна, на три години да се одлачат од божественото богослужење и да се предадат во манастир. Ако некој кон лагата придодал и клетва, тогаш таквиот правилото го отсекува од свештенството. А ако дале лажни докази во делото за престап (писмено), тогаш како што е предвидено (одредено) со божествените правила, се лишуваат од клерот и се подложуваат на законските казни.

За доказ доволни се 5 сведоци, кога не е напишан доказот; а ако е напишан (доказот) по законот доволни се само тројца[292].

Сведоците не треба да сведочат по чуено велејќи дека тие слушнале од кој било дека така тој бил должен или дека тој го вратил долгот, макар и табуларij да ги прават тие докази, бидејќи е неопходно, во прекршочните обвинувања да бидат наведени сведоци, а не нивните зборови[293].

На сведоците, а не на сведочењата да им се верува бидејќи само лично тие се испрашуваат од судот за прекршоците и не давајќи докази на предложеното од него (судијата) се повикува[294].

Сиромасите не сведочат; а за сиромаси се сметаат тие (тој) кои немаат имот над 50 златни монети[295].

Не сведочи ослободеник против неговиот поранешен патрон или неговиот син[296].

Не сведочи помлад од 20 години, ниту тој кој бил обвинет во народниот суд, наречен царски (суд) бил осуден и не се оправдал, бил врзан во окови или бил затворен во јавен (народен) затвор, ниту откриениот дека зел пари за тоа (да сведочи) или да не сведочи, ниту обвинет за прељуба[297].

Син на таткото, ниту таткото на син не сведочи, ниту било кој за своето дело[298].

Роб не сведочи, не треба да му се верува на роб кој лекомислено зборува против господарот, затоа што по природа робот е непријател на господарот[299].

Ако некој веќе сведочел против некого, да не сведочи повторно против него[300].

Се забранува да сведочат малолетни, глуви, неми, луди, т.н. бесни,

292 Проχ. Νόμος., глава 2 и 6, и 3 и 4.
293 Глава VI, Проχ. Νόμος., 27.
294 III, IX, II. Βασ. XXI, 1.
295 Проχ. XXVII, 22. -10 Βασ. LX, 34.
296 36. Βασ. на исто место.
297 Проχ. Νόμος., XXVII, 22 и 24.
298 VIII Bas. 21, - IX. Βασ. на истото место.
299 Проχ. Νόμος., XXVII, 28.
300 XXII Βασ. XXI, 1.

блудни, син потчинет во тој случај кога неговиот татко биде запишал други за наследници во завештанието[301].

Исключок по законот има во многу случаи, а според реторот, во четири (случаи): 1) поради исчезнување, кога на пр. таткото блудник исчезне без вести и синот го обвинат за (негово) убиство; 2) врз основа над потребното, на пример 10 млади (момчиња) се заколнат да не се женат и се обвинуваат за порочен живот; не треба да се даваат на суд, или 3) врз основа на тоа што направиле други, - кога на пример, некој што се одликува со храброст, претставата која ја направиле непријателите, се обвинуваат во измама, или 4) по (истекот) на време, кога на пр. син на страшливец татко се одликува со храброст, и (таткото) ја обвини својата жена за прељуба.

***Уште за оние праведно исфрлени***

*Антиохиско, 4-то*: Четвртото правило кое било на Антиохискиот собор (вели): Ако од Соборот е исфрлен епископ, а исто така презвитер или ѓакон, пострадал од својот епископ, се одлучи да прави што било такво, што природно го прават свештениците, тоа не му се дозволува на него, макар тој и да тврдел дека настрадал неправедно, се обратил до Соборот и барал делото што се однесува до него да биде дадено на преиспитување, и не се дозволува да се допушти тој до донесување на оправданието. Тој што знаел за постоењето на приговор против него и се дрзне да има со него општење се отсекува од Црквата.

*Исто, 12-то*: 12-то пак, забранува на презвитер или ѓакон, отфрлен од својот епископ, или епископот (отфрлен) од Соборот да се обраќа до царот и да бара од него преиспитување, туку заповеда да се обраќаат до поголем собор на епископите и да им го изложи тоа во што се смета себеси исправен и од нив да очекуваат преиспитување и ставање крај на пресудата.

Ако пак некој го занемари (пренебрегне) ова, се дрзне да го вознемирува царот, тогаш таквиот нема ниту место за заштита ниту надеж за обновување. Ако на секој осуденик и оној што се смета себеси неправилно осуден, му е дадена црковна помош, но бидејќи решенијата на патријархот не подлежат на апелација, тој што ќе се обиде да даде приговор до царот после тоа, откако бил даден приговор од патријархот, подлежи на казна според правилото[302].

*Апостолско 28-мо*: 28-то правило на св. Апостоли - епископ или презвитер или ѓакон, праведно за јавна вина исфрлен и се дрзне да го допре од

301 Προχ. Νόμος., XXVII, 33.

302 Додадено на крајот на 12-то правило на Антиохискиот Собор, позајмено од толкувањата на Валсамон, но тоа правило има свое утврдување, според кое, по основа (утврдување) на патријархот, допушта апелација до патријархот после епископскиот суд и соборниот и решението на патријархот било признавано за конечно. IV Вселенски Собор, правило 9; Новела на Јустинијан, 123, cap 22 Corp. juris civilis, vol. II, p.253-254; Bas. lib. III, tit. I, cap. 38, tom I, p.104.

него одземеното служење, заповеда сосема да се отсече од црквата поради крајното самоволие и затоа што поинаку не може да се казни канонски тој што веќе е исфрлен.

*Картагинско 62-ро*[303]: 62-то (правило) од Картагинскиот собор (вели): Кога свештеник праведно осуден од својот епископ и кога нема помош од второ судење (апелација), Соборот треба да го замоли царот-тие кои се користат од власта, го спречуваат епископот да го спроведе за извршување определеното против него решение, се подложуваат на парична казна и се лишуваат од службата (должноста), без разлика дали биле црковни или цивилни, и на каква возраст и положба да биле.

*Исто 50-то*: 50-то, тие од епископите, кои не се покоруваат на решенијата од Соборите, заповеда да се предадат на кнежевската власт, впрочем, инаку, незаконски е да се предаваат посветени за казна (мачење) на световните власти, ако не бидат тие претходно отфрлени. Тоа бидува или во тој случај кога Соборот нема можност да го спроведе во исполнување својот приговор, или кога прекршокот е голем и казната за него треба да следува и од црквата и од световниот управник (владетел).

Ако свештеник (посветен) на пример, се покаже дека има зла намера против царот, тој заедно со исфрлањето треба да биде предаден и на световните власти за истражување, за да би го открил и соучесникот, како што заповеда за такви и кажаното во 123 Јустинијанова новела.

*Закони: (*Νόμοι): Епископ, канонски лишен од свештенството и влезе во градот од којшто е изгонет или го напушти местото во кое му е наредено да живее, се испраќа (затвара) во манастир во друга епархија[304].

Епископ, исфрлен од Соборот и направи каков било немир, за повторно да си го врати епископството, треба да живее на 100 милји од тој град од којшто е избркан, и не треба да има достап до царот, а ако се обрати и добие одговор на жалбата, тогаш тој треба да биде некорисен (за него), и тој што го заштитува него заслужува негодување[305].

## ГЛАВА 9

### *Како не треба двапати да се казнува за едно исто дело*

*Апостолско 25-то*: 25-то правило на светите Апостоли: Епископ или презвитер или ѓакон, во блуд или во прекршување на клетвата, или во татба (кражба) биде откриен, да биде исфрлен од свештеничкиот чин, но да не биде оддалечен од црковното општење, затоа што, не се казнува двапати за едно (дело). Бидејќи тој што добил свештенство, ако се исфрла, не се одлачува од општење со верните, какви страсти и да одржувале; а на двете казни се подложи од причини на крајност на злото само ако го добил свештенството за пари, или преку власта на световниот владетел, или преку заложба на народот. Затоа што според 29-то Апостолско

303 Во грчкиот текст стои 65-то!

304 Јустинијанова новелла 123, гл.11.

305 Ι. Βασ. ΙΙΙ, 1.

правило, а кон тоа и 30-то и тие што оопштат со нив подлежат не само на отфрлање, туку и на оддалечување.

*Василие 32-ро*: Василие Велики во 32-то правило, повикувајќи се на првото од соборните посланија на евангелистот Јован и Богослов следејќи го кажаното: разбирам грев кон смртта и разбирам грев не кон смртта, вели (1 Јован, V, 16, 17) свештеник, ако направил смртен грев, постапката биде јавна и се протегне до исполнувањето, се лишува од свештеничкиот степен, но не се оддалечува од општење со верниците во молитвите; покрај се не треба да стојат заедно во местата за покајание, разделувајќи ги на четири дела бидејќи не се казнува двапати за едно (Наум, 1 ,9). А ако смртниот грев води кон смртта на душата(е душевен) се нарекува направен грев, блуд на пример, или убиство или што било такво, тој грев, се доведува до посакување и намера, макар и не се остава без епитимија, но и непричинува конечно душевна смрт, така што би навлекол и исфрлање, по четвртото правило на Неокесарискиот собор, коешто е во 15-та глава од -П- состав, затоа што не може да биде признат за блудник тој кој имал намера да направи блуд, а делото не го направил, така пак треба да се суди и за убиство, како што вели великиот Богослов Григориј: ако го осудуваш за убиство тој кој само сакал да убие, и слично. А некои велат, дека грев кон смртта е тој, кој што го прави на тој којшто греши, симнување на главата и смртта, и дека светиот отец заповеда да не се подложува свештеник на никаква казна поголема од исфрлањето, макар што бил виновник за голем прекршок којшто според законот повлекува и смрт и така наречената злосторничка казна.

*Исто, 51-во*: Во 51-то правило, за сите отпаднати свештеници една казна, - лишување од служење, без разлика дали се во степен на свештенство и се хиротонисани во презвитерско или ѓаконско или подѓаконско ракополагање или се поставени преку благословување во четци, или певци или прислужник, бидејќи не треба посилно да се казнуваат тие кои заземаат повисок чин и не поблаго тие кои (заземаат) понизок чин.

*Знамение за четците*: Како што тие се лишуваат од свештенството, така четците се лишуваат од влез во олтарот или читање од амвонот или унапредување во повисок степен.

*Картагинско, 27-мо*: Со тоа е согласно и 27-то (правило) од Картагинскиот собор, коешто вели: свештеници откриени (фатени) во потешки гревови и за тоа се лишуваат од својот чин, не се оддалечуваат од собранијата на верниците, затоа што, доволно е за нив казната само на исфрлање, но тие не можат да земат учество во служењето внатре во олтарот, ниту да се прекрштеваат за тоа, т.с. за да се измијат од прекршокот како што некои зло мислат и повторно да бидат произведени во чин на свештеник, бидејќи спасителното крштевање е единствено. На крај и тие кои после исфрлањето читаат од амвонот или прават молитви или благословуваат, грешат! Види уште во 9-та глава во следниот состав, правило 50 од Картагинскиот собор. Види исто така и 15-та глава на -П- состав правило 3 на Василиј Велики.

## ГЛАВА 10[306]

### *За тие што гонат некој за благосрдие*

Види во прва глава од -А- состав правило 19 од Анкирскиот собор и исто така кај Руфијан писмото на Великиот Атанасие.

## ГЛАВА 11[307]

### *За ослободените робови примени во клерот*

*VI Собор, 85-то*: 85-то правило на VI Собор, при ослободување на робови заповеда да се прифаќаат не повеќе од тројца сведоци, може и при двајца, како што вели Посланието, или тројца сведоци, секое кажување се утврдува од вас (II Коринтјаните, XIII, 1).

*Гангарско 3-то*: Третото правило на Гангарскиот собор, смета дека е крајно бессмислено (безрасудно) да се убедува роб под изговор за благочестие и подвижништво да го презира господарот и не со усрдие и чесно да му се покорува нему и да му служи. Заради тоа, изразува праведливо негодување, го предава (правилото) на анатема учителот на безумието. А божествениот пак Апостол величејќи го јаремот (ропството) преку Тимотеј решително заповеда достојниот господар да се удостои со секоја чест. Тие што имаат верници господари, да не мрзелуваат за нив, затоа што се браќа, туку да работат, бидејќи благодет ќе примат и пак кон Божествениот Тит: учи го робот да се покорува на својот господар и во се да биде благоугоден, да не противречи, не краде, туку верен секогаш да биде (Тим. II, 9, 10).

*Апостолско 82-ро*: 82-рото (прав.) на св. Апостоли, одрекува секаков повод за соблазна не дозволува да се прима во клерот туѓ роб без волјата на господарот, бидејќи тоа понекогаш предизвикува растројство на целиот дом и бидува причина за ограничување и бесчестие на господарот, затоа што тој го имал него или управник на домот, или началник на работилница (фабрика) или му доверувал пари за трговија. Ако робот се покаже достоен за свештенички степен (чин), тогаш епископот е должен да му соопшти за тоа на неговиот господар и ако и тој е согласен, смее слободно да се ракоположи робот. Затоа што великиот Павле Онисим, роб Филимонов, иако го почитувал него благопотребен за служење кај себе, сепак, не се решил да го задржи без согласност на господарот, туку го испратил него кај Филомон.

*IV Собор 4-то правили*: Четвртото правило од IV Собор заповеда да биде туѓ на општењето (причеста) тој, кој прима во манастир роб во монаштво без волја на неговиот господар.

*Закон*: Законот вели дека за ослободениот роб, потоа, за да биде примен кон клерот, доволно е ако знае за тоа господарот и не противречи[308].

Новелата на премудриот Лав вели: роб, примен во клерот без знаење

306 Во грчкиот текст стои 11, кај Новаковиќ е 10.

307 Грчкиот ракопис има 12, ние ја преземаме нумерацијата од Новаковиќ.

308 Новела, 123, гл. 16.

на господарот, исто така и тој што го примал монаштвото и станал епископ, треба да се врати кон претходниот господар, макар, тоа да е против волјата, така што тој не добива никаква полза од хиротонијата. Но, господарот не безогранично може да го врати него, туку во тек на три години потоа, откако тој добил информации за случајот[309].

Главната поделба на лицата (луѓето) е следна: од луѓето едни се слободни, други ропови; и слободата е природна удобност, дозволувајќи му на секого да прави тоа што сака, ако не го забранува законот или е насилство; а робство е определба од паганскиот закон и измислица на непријателите, од него кој било се подложува под господство на друг, покрај природниот закон, бидејќи природата сите ги прогласила слободни.

Слободните, пак, се делат на два дела: на благородни и ослободени; благороден е тој кој е слободен во тој час на местото на раѓање и не го вкусил уште игото на ропството, а ослободен е тој кој се родил од ослободен роб[310].

Може секој да ослободи роб или во светите цркви, или во присуство на кнезот, или во присуство на 5 другари, за тоа повикани, или дури и тројца што се потпишале или преку писмо или во завештание или во било каква претсмртна волја, и (во тој случај; се ослободува робот) ако својот роб го поврзе (спои) со слободните лица или ако слушне дека тој стапил во брак без негова согласност и молчи (му прости)[311].

Роб во воена служба со знаење на својот господар, се ослободува[312].

Тој што ќе извести за убиство (замислено на) својот господар, треба да добие слобода како награда[313].

На казна подлежи ослободеник кој не ги почитува децата на својот патрон, а тој што навредил повторно се поробува од него како неблагодарен[314].

Ослободеникот е должен да се грижи за осиромашениот патрон[315].

## ГЛАВА 19

### *За даровите*

*Закон*: Секој дар, направен конечен, не се враќа, освен за неблагодарност.

Ако, тој што го добил дарот се покаже неблагодарен во однос на тој што му го подарил, правејќи му нему груба навреда (со зборови), рака на него крене со дејство или причини поголема штета или злонамисли на животот, или сето во дарбениот акт што е напишано или ненапишано не

309 Новела на Лав, IX, 10 и 11.
310 Επαναγ. XXXVII, глава, 1, 2, 3.
311 Επαναγ. XX, 5.
312 Επαναγ. На истото место, гл. 8.
313 Επαναγ. На исто место, гл. 10 и 11 и 44; Βασ. LVII, 43 и 1. Βασ. XLVIII, 18.
314 Βασ. XLVIII, 26.
315 V. Βασ. XXXIV, 6.

го исполни, тогаш, ако една од овие причини јавно на дело биде откриена во судница, направените дарови треба да бидат вратени[316].

Ниту малолетните, ниту безумните можат да даруваат, бидејќи ниту во еден нив нема волја.

Ако малолетник подари на кој било свој предмет(имот) тогаш тој може по навршувањето на 25 год. (возраст) во продолжение на четири години, да направи побарување и да си го добие назат предметот[317].

Ако кој било направил во корист на едно или неколку од децата дар без определена мерка, тогаш неопходно е да го раздели наследството така што секое од децата да го задржи таквиот законски дел како што бил пред таткото да го направи подарувањето во корист на децата, таквиот начин е чесен[318].

316 Βασ. XLVII, 2 и Προχ. Νόμος. XIII, 3.

317 Προχ. Νόμος. XXXIII, 8.

318 Προχ. Νόμος. XXXII, 4.

## ОДРЕДБИ ОД -Е- СОСТАВ

### ГЛАВА 1

***За гаранцијата (јемството)***

*Апостолско 20-то*: 20-то правило на св. Апостоли не прави никаква разлика за гаранцијата, без исклучок, заповеда да се исфрли тој клирик што ќе даде гаранција. Гаранцијата се дава или за себе или за друг. Ако свештеник приведен во судница, по барање даде гаранција за тоа, на пр. дека тој нема да избега (од судот), во таков случај тој не треба да претрпи никаква штета во однос на своето достоинство.

*IV Вселенски собор, 30-то: За оние што учествувале на четвртото заседание-собор*

Бидејќи на IV Вселенски собор божествените отци како што сведочи 30-то правило на тој собор и тие што биле со нив претставници на Сенатот побарале од епископските епископи, молејќи за одлагање, гаранција или за тие што недостасуваат клетвена потврда за тоа дека ќе останат во градот и од тоа нема да има никој никаква штета. Бидејќи 13 епископски архиереи не сакале со потписи да ги потврдат соборните одлуки, иако заедно со другите ги предале на анатема истомислениците Диоскор и Евтихиј, затоа што се откажале, не затоа што не се согласувале со дејанијата (на Соборот), туку затоа што имаат обичај, како што велеле, никакво црковно дело да не прават без согласност на својот патријарх, т.с. Александрискиот, чијшто престол тогаш бил празен (вдовствен), затоа и молеле да им биде дадено одлагање додека да биде поставен во Александрија епископ (патријарх). Божествените отци на Соборот се сомневале дека тоа одлагање-предлог, сакале да го насочат против нивно исфрлање, но претставниците на Сенатот сметале дека тие треба да останат во своите чинови, ако дадат гаранција за тоа дека нема да заминат или за тие што недостасуваат да дат заклетва, коешто мислење се допаднало и на Соборот на отците. Клетвеното ветување се состои во тоа што покрај 5 вида клетви, кои се содржат во законите, да се заколнат во главата на императорот или во сопственото спасение, и тоа така се случило овде.

*Види*: А ако кој било даде гаранција за друг, ако притоа (тоа го сторил за) срамна корист, тоа сето е забрането и со божествените правила и законите и се гледа од 123-та Јустинијанова новела, којашто наредува така.

*Закон:* Но, ниту собирачите на народните даноци, ниту даночниците, ниту откупувачите на даноците или туѓи имоти, ниту управниците на домот, ниту заштитник во судот, ниту сведокот (гарантот) во сите тие дела не дозволува да биде епископ или економ, или друг свештеник од каков чин и да бил, или монах од сопствен имот, или од имот на црквата или манастирот, за да под тој изговор нема штета на светите домови и да не биде пропрека за божествените служења, како што вели Новелата[319].

*Знамение:* Ако подбудувачка причина (за гаранцијата) биде љубовта,

319 Јустинијанова Новела, 123, гл. 6.

според која нам ни е заповедано и душата наша да ја положиме за браќата наши, ако на пр. за кој било приведен во судот, и од кого се бара гаранција за тоа, дека тој ќе се јави, и во случај на неможност да даде таква (гаранција) го стават во затвор, кој било од свештениците, сожалувајќи се даде гаранција, тој несамо што не заслужува исфрлање, туку треба да биде, по мое, удостоен со почесни награди од справедливите судии, како исполнител на евангелската заповед.

*Закон:* Законот предвидува обвинетите (судените) свештеници да даваат за себе гаранција[320].

А наведената Јустинијанова Новела заповеда: дека обвинетите свештеници да не даваат гаранција, туку давале ветување со залог (капар) без клетва, а обвинетите (судените) епископи да не даваат ниту гаранција ниту ветување (исповед да прават).

## ГЛАВА 2

### *За непишаните црковни обичаи*

*Василиј кон Диодор, Послание:* Василиј Велики во Посланието до Диодор вели, дека непишаните обичаи имаат сила на закон, затоа што се утврдени и ни се предадени (нам) од светите мажи.

*Истиот, кон Амфилохиј Послание:*Во 27-та глава за Светиот Дух кон блажениот Амфилохиј вели: Од сочуваните во црквата догми и проповеди, некои ние ги имаме наследено во писмена форма, а некои сме ги примиле од Апостолските преданија, во континуитет во тајните и едните и другите имаат единствена и иста сила за благочестието. На тоа никој не приговара (противречи), макар малку податоци сведочат во духовните одредби: бидејќи ако прифатиме да ги одрекуваме ненапишаните обичаи, ако немаат голема сила, тогаш неприметно ќе го повредиме Евангелието во главните предмети, или пак ќе ја скратиме проповедта во едно име без секакви предмети. На пример, означувањето на ликот (формата) на крстот, кој го учел тоа според писанијата? Или кон исток да се свртуваме во молитвите? Бидејќи малку знаеме дека преку тоа го бараме древното отечество-рајот, којшто го поставил Бог во Едем на Исток.

*Знамение:* Исто така, ако правам молитви во една од саботите, но причините за тоа не сите ги знаеме. Затоа што не сосема, ако совоскреснеме со Христа мораме да бидеме горе, но и затоа што тоа го правиме, ако тој ден е единствен и кругообразуван и осми ми се чини да биде на некој начин е подарок на векот, тие што се наоѓаат во оној ден на молитва неизбежно да го прават тоа стоејќи, за да при честото спомнување за бескрајноста на животот ние да не останеме во очекување на упатства (напатствија) за она претставување.

*За светата педесетница (*Περί τῆς ̔αγίας Πεντηκοστῆς)

(Но) и целата Педесетница е напоменување на воскресението, очекувано во идните векови. Бидејќи единствено тој и првиот ден, бидејќи сед-

320 XXXVII и XXXVIII Βασ. II. 1. Јустинијанова Новела 123, гл. 21, 22.

мократно уседмеричен, прават седум недели на светата Педесетница.

Поради сето тоа Василиј Велики очистувачките молитви за пристигнувањето на Светиот Дух и заповедувајќи му на народот ропски да ги превиткуваат колената при повикувањата нивни во црква и со тоа го утврдуваат достоинството на божеството со присутниот Дух, добро просудил дека не треба да ги чита во третиот час на именуваниот Господов и педесетиот од Пасха ден,- во кој час и денот  Светиот Дух се спуштил на Апостолите; бидејќи би било несообразно со здравиот разум, дека толкувачот на таинството на Светиот Дух и законодавачот на Црквата им го наруши предимството на Господовиот ден и заедно со Педесетница поврзани со великите таинства.

*Гледај*:(Види): Затоа и читањето на тие (молитви) е одложено за вечерта на тој ден кога господарката на денот и Педесетница завршуваат и се става почетокот на вториот ден, затоа што времето од седмиот час природно се смета почеток на следниот ден и таквото сметање на времето не го држи само Црквата, туку и граѓанските закони и тие кои се занимаваат со астрологија. Иако читањето молитви навечер довело многумина во заблуда, според кое симнувањето (доаѓањето) на Светиот Дух се препишувало на вториот ден, којшто е по празничен, како и останатите денови од таа седмица[321].  И пак вели (св. Отец) При секое клекнување (превиткување на колената) и станување ние фактички го кажуваме и тоа дека гревовите паднале на земјата и тоа дека човекољубимиот Создавач пак ќе ги издигне на небото.

А зборовите за повикување при кршењето на леб за Евхаристија (панагија) и чашата на благословението, кој од светите нам ни ги оставил писмено? Бидејќи ние не се задоволуваме со тие „слова" (зборови), за кои споменувале Апостолите и Евангелието, но, и пред и после нив кажуваме и други, како да имаат велика слава во таинството, прифаќајќи ги од непишаното учење. Исто така благословувањето на водата за крштевање и маслото (уљето) за помазување, кон сето тоа и самото крштевање и самото тоа масло за помазание и друго што се случува при крштевањето, да се одречеме од сатаната и неговиот ангел, од какво писание е земено? Не од тоа ли необнародено и неизречено учење, кое отците наши го сочувале во недостапно љубопитство и разумно молчење, биле здраво научени со молчење да ја зачуваат светоста на таинството? Бидејќи какво било пристојно писание (писмо) да подучува учење за тоа, за што непосветените во таинство и гледиштето не дозволуваат, таа вина е предадена без писание, за кон  многукратното изучување на познавањето на догмите да не загубат длабока почит многу обичаи по навика.  Бидејќи едно е предание (догма), а друго проповед. Преданијата (догмите) се премолчуваат, проповедите се обнародуваат. Родот (видот) пак, замолчува е и нејасност

321 Слегувањето на Светиот Дух било во тој ист ден, во кој ден древниот закон (а во тој ден била Педесетница) и со тоа се покажува дека законоположник на Стариот и Новиот Завет е еден и ист. Сп. Рускиот текст, 127.

која ја употребува Писанието, недобро набљудување и правењето разум на преданието, заради полза на читателите. Според мене, е и апостолско и тоа да се држиме до непишаните преданија.

Во второто послание кон Солуњаните вели Апостолот: Добро, браќа, рече, стојте и држете предание, од нив ќе се научите или со слово или со нашите поколенија.

*Златоуст:* Тоа пак го толкува (го објаснува) божествениот Златоуст, велејќи: одовде се гледа дека не се́ предале Апостолите преку предание, но многу е и ненапишано, но и тоа и другото е исто доставерно, поради што и црковното предание се почитува за доставерно, тоа предание и ништо повеќе не гледај.

## ГЛАВА 3

### *За Елинските обичаи*

*VI Собор, 62-ро:* 62-рото правило на VI Собор- верниците да внимаваат на елинските обичаи да го сметаат тоа дело за штетно, бидејќи споменуваат за Календи, Воти, Врумалии и за други слични празници во кои кај Елините природно се вршеле обреди. Празникот Календа секоја година се одржувал во првиот ден на Јануари месец за тоа што тогаш се обновува месечината и оттука се поставува нејзиното празнување, мислам дека во радост да ја поминат целата година. Деновите во месецот Римјаните ги делат на три дела: едни ги нарекуваат Календи, други-Нони, трети Иди; а нив ги посветуваат на Пан (Пан е бог елински), како што вели басната, како надгледувач на Вотите (стадата) или овците; а Врумалии и Русалии и други после светата Пасха се одржуваат кај селските жители, како што тоа секој може да го види, тие празнувања ги правеле некогаш Елините во чест на Дионисиј; затоа што кај нив Врумалиј-негов прекар (Дионис). А правилото сака да го уништи и празникот што се одржувал во првиот ден на март (елински бил и тој)-за благорастворување на времето и воздухот. Забранува (правилото) и сенародните женски игри (танцувања) како предизвикувачки за невоздржување; а исто и машки да облекуваат женска облека или жените-облека својствена за мажите, како што тоа го правеле на празникот во чест на Дионис. Забранува исто така да се ставаат комични маски кои се употребувале за исмејување или трагични, употребувани за предизвикување на сострастанија и тага или сатирички, употребувани во чест на Дионис сатири и баханалии (оргии). А да се изговара при точењето името на Дионис и да се предизвикува кикотење (смеа) при влевањето вино во бочвите, не е ли тоа јавно нечестие? Така правилото заповеда тие што прават што било такво свесно - посветените се исфрлаат, а мирјаните се одлачуваат.

*Исто, 65-то*: 65-то (правило на VI-Собор) и палењето огнови за нова месечина на улица (на пат) и нивно прескокнување, како обичај кој содржи елинско нечестие, заповеда целосно да се отстрани, а тој кој ќе биде виден дека го прави тоа, ако е свештеник се исфрла, а мирјанин се одлачува. И од четвртата книга Царство (правилото) вели: излегува

доказ за тоа дека тоа било забрането со древните закони, каде се вели: и создаде Манасиј олтар на сите сили небесни и го проведе синот свој преку огин и вражаше и магии правеше и создаде гатачи на утробата (на внатрешноста) и волшебниците ги намножи и направил итрина пред очите на Господ, исто така него го прогонува.

Кај Јудеите и Елините имало обичај новомесечието да се празнува и да се клањаат, за цел месец да го поминат среќно за нив и Бог негде реколо преку пророкот: новомесечијата ваши и саботата не ја мразат душата моја-меѓутоа, како сега по благодетта Божја верниот народ прави смилувачки молитви кон Бога и црковните осветувања и ние се закрепнуваме од благословената вода; а палењето на огнови и скокањето преку нив, мислам може да биде како претходно нечестие, како шти со горењето би исчезнале и потоа би се појавувиле среќни моменти.

А под сила небесна, треба да се разберат ѕвездите.

И овие божествени отци-словото: Го преведуваше преку оган, го разбирале заедно: запрете ги децата да прескокнуваат, а свети Кирил (Александриски) толкувајќи го пророкот Исаија, протолкувал: Направи целосно изгорување на своите демони. Вражањето е претскажување според некои знаци, кога кој било сака да ја дознае својата судбина; волхование (гатање според птиците) се состои во тоа кога се набљудува и полетувањето на птиците и крикот што и кај Елините се нарекувало птицегатање; гатачи на утробата и волшебници се нарекуваат вдахновените од сатаната кои ја претскажуваат неизвесноста (непознатото), како атинганските жени и гатачите со посредство на јачмен.

Така, ако од прифаќањето на законот помалку совршено, тоа се покажало лошо и го побудило гневот Господов, тогаш не ли е поголемо и поприлично на секој начин да се отфрли како неправилното и нечестивото од нас, прифаќајќи го законот посовршено и подуховно.

*Исто, 71*: 71-вото (правило од VI Собор) ги подложува на одлачување и зачестените граѓански закони, ако тие, употребуваат елински обичаи, се облекуваат во облека, посебно при почетокот на учењето и посебно при крајот, и одат на претстави и покрај тоа прават таканаречени „клистри“ (валања=тркалања) какви и да биле. Сето тоа по молитвите кон Бога искажани сите законоположници го премолчуваат.

## ГЛАВА 4
### *За градските обичаи*

*Закон*: За нив (градските обичаи) не е напишан закон, треба да се спазуваат обичаите и навиките, а ако нема и такво, тогаш треба да се следи тоа што повеќе се доближува и приоѓа до исконското, ако пак нема ни тоа, тогаш треба да има сила мислењето на поразумните и притоа мнозинството.Тогаш се држиме (ги употребуваме) обичаите на градот или епархијата, кога таквите се утврдени со меѓусебно истражување, исто така и утврдените долговремени обичаи спазувани во продолжение на многу

години природно имаат сила не помала од пишаните закони[322].

**ГЛАВА 5**

***За мирните (мировните) грамоти***

Види 9-та глава во -А- состав

**ГЛАВА 6**

***За светите икони***

*VIСобор 82-ро:* 82-то (правило) на VI Собор: Да се пишува со боја на иконите, кога веќе се направени е бессмислено и излишно. Затоа наредува: ни јагнето, со чија крв великиот во древноста Мојсеј ги намачкал праговите на домовите, ги направил живеалиштата недостапни за погубниот демон, ниту Крстителот покажувајќи го него со прстот и извикал на луѓето: Тоа е јагнето Божјо,- да не се живописува, туку заповеда ликовите (претставите) да се опишуваат, а на иконите да се претставува човечката природа Бог Слово; бидејќи, гледајќи на него и поклонувајќи му се, ние според возможноста, доведуваме на спомен неизречената благонаклоност и недостижното за умот смирение и животот негов во телото, страданијата, смртта ја моли за животот и сите што се спасени, бидејќи, дури поштените ликови (претстави), но многу повеќе треба да се почитува вистината, што се вселила во нас. Оттука се гледа дека не доликува да се пуштаат гулаби во црква наместо Св. Дух, или наместо ѕвезди да се гори восочна свеќа или наместо неизреченото рождение, да се претставува младенецот и леглото.

*Патријархот Фотиј и Теодор Студит*

Икона доаѓа од зборот (словото) „биди подобен“ (сличен), кое што претставува друго лице, друга природна претстава и поинакво имитирање; тоа има разлика во однесувањето кон виновникот неприродно, туку лично како синот во однос на таткото, бидејќи во нив е една природа, а две лица, а тоа, напротив има однос во однесувањето кон првообразот (првата претстава) не лично, туку природно, како претставата Христа во однос на Христос, бидејќи во сите лица е едно, а две природи, затоа што поинаква природа е живописот, а поинаква- Христос како човек, според кое (Тој) се претставува и постанува првобитна претстава.

Кога правиме поклонение на иконата на Христос, се оддава поклон на Христос, на кого што (иконата) е слична (подобие), а не предмет, кој што примал претстава (лик) во огледало, бидејќи се прилагодува кон таа (претстава), ние не бакнуваме предмет, туку претстава, и кога претставата која сме ја обожувале (сме ѝ направиле поклонение) станала невидлива,- предметот останува необожаван (без поклонение), како нешто што нема ништо општо со претставата, да и печатот на прстенот, се разликува од материјата од мислата (на неговото изразување), нема со него ништо општо иако на него е претставен печат.

322 XXIII и XLI. Βασ. II 10; Επαναγ. II. гл. 10.

Сето тоа што се се претставува имитирачки, претставува не природа туку лице, и затоа, првообразуваното соодветствува на претставата негова не природа, туку лице, т.е. имитира лице. Светите икони ние ги поставуваме за тоа што гледајќи ги нив, ние си претставуваме дека ги гледаме нивните првообразувани, и дека тие побудуваат во нас мисли и желби кон нивните првообразованија, бидејќи колку често гледаме икони, толку повеќе кај тие што ги гледаат нив побудуваат спомен и стремеж кон првобитното.

Служењето во Духот и вистината од православните се оддава на блажената Троица, а светите икони (се оддава) никако во служење, туку поклонение, целивање и чест бидејќи честа на иконите преминува на првообразот исто така служењето што доликува само на единствената блажена Троица, а не на чесните икони, за ние да не се сметаме за служители на „твари“ (суштества) и предмети. Светиот Дух,, една природа во Тројца, во што и се состои тројното поклонување и служење, а на иконата Христова поклонувањето е релативно и еднолично, бидејќи поклонувајќи се на неа не се поклонуваме на Отецот и Синот (жит. Светиот Дух), но само на Христос, претставен на неа, по причина на уочување во телесниот Негов вид, таквото поклонување и е релативно и лично.

Христос се гледа во својата икона, а иконата соодветствува (одговара) на Него како сенка на телото од којашто (сенка) невозможно е да се оддели, иако таа секаде и не е видлива, но како сенка се покажува при светлото на Сонцето, така и иконата Христова-преку претставата на предметот.

Ние не им се поклонуваме на иконите ниту како на Бога, ниту полагаме во нив надеж за спасение, ниту им оддаваме божествена чест, како елинските деца, но само го покажуваме преку таквото поклонување расположението и љубовта на нашата душа, коишто ги имаме кон првопретставата (образот=ликот); бидејќи со уништувањето на претставата на некогашната икона, бидејќи дрвото нема значење, го гориме.

*За крстот:*

Ние го составуваме ликот на крстот од две дрва, кога кој било од неверниците стане и нé укори нас за тоа дека се поклонуваме на дрво, можеме да ги разделиме двете дрва и да го уништиме ликот на крстот, сметајќи ги нив за дрва кои немаат значење и на неверниот да му ја затвориме устата со тоа што ние не го почитуваме дрвото, туку формата на крстот.

Со страв и искреност треба да пристапиме и да се поклонуваме на светите икони и да веруваме дека божествената благодет доаѓа на нив и им дава осветување.

*Разликата на божествените икони од идолите*

Чесните икони се разликуваат од гнасните идоли, по тоа што прототипот на идолите е лажен, бидејќи таканаречените претстави на богови се (претстави) не на богови, туку демони (бесови) како што вели пророкот, дека сите богови се нарекуваат бесови, а прототипот на чесните икони е

вистински, бидејќи (прототипот) е еден-Христос, друг-Богородица, трет-Преттеча, и секој кој било од нив е свет, зашто прототиповите се лажни, претстави на тоа неправедно се нарекуваат ниту икони, ниту идоли, туку просто суетни и непотребни дела на раката човечка и глуви предмети на земјата, и во иконите се јавуваат ликови на прототип (протообраз), а во идолите-никако не. Бидејќи прототип на идолот на Зевс-етер, Гер (Ир)-воздух; Посејдон-вода, Деметра-земја, Аполон-сонце, Артемида-месечина, Арест -машкост (лутина), Дионис-пијанството, Афродита-сладострастието (блудот), слично и за другите и посебно за 12-те древни. Идолите на сите се човекообразни (човеколики), а така наречените прототипи на тие идоли-едни имаат друг вид, на пр. стихија, а други сосема немаат вид, на пр. страст, сето тоа воопшто е безживотно и нечувствително.

## ГЛАВА 7

### *За палежите*

*Закон:* Ако некој сака да го запали стрништето во својата нива, запали оган, а огинот се прошири и подалеку (надвор од неговата нива) и изгори туѓа нива или туѓо лозје, во тој случај судијата треба да изврши истрага, и ако тоа се случило по небрежност (невнимание) или неискуство на тој што го запалил огнот, или тој не заштитил со сета сила, за да пламенот не се прошири подалеку, тогаш таквиот како невнимателен и мрзелив се осудува; а ако тој ги презел сите мерки на претпазливост, а изненадно ветерот го пренел пламенот на огнот на повреденото, тогаш тој што го запалил огнот останува невиновен[323].

Ако случајно се запали чиј било дом (куќа) и огинот оттука излезе и ги изгори тие што лежат во соседство, во таков случај на ништо не подлежи тој каде што започнал пожарот. Бидејќи случајниот пожар се простува[324].

Кој потпалува зграда (племна) или амбар (стог пченица) по првобитната телесна казна, да се запали[325].

Тој што ќе запали чиј било дом од непријателство, подлежи на смртна казна.

Ако кој било во случај на пожар, за да го спаси својот дом, го разруши домот на својот сосед, во таков случај не важи Аквилеј, т.с. законот за надомест на штетата, без разлика дали го зафатил огнот (неговиот дом), или пак бил изгасен претходно[326].

## ГЛАВА 8

### *За давањето на имот во аренда*

Види во 16-та глава на овој состав, правило 12-то од VII собор.

323 ᾿Εκλογή, XVII, 41 и Προχ. Νομως, XXXIX, 75.
324 ᾿Εκλογή, XVII; Προχ. Νομως, XXXIX, 76.
325 Προχ. Νομως, XXXIX, 18.
326 II, Βασ. 60, 20.

*Закон:* 120-та Јустинијанова Новела (вели): Забранувам, на економите, управителите и хартуларите на благочестивите домови, исто така, нивните родители и деца или поинаку по родство (кон нив) блиски да прават аренда, или наем, или залог (хипотека), на недвижниот имот, којшто припаѓа на тие благочестиви храмови, како самите лично, или преку претпоставените лица, затоа заповедам, таквата зделка да биде неважечка, и дека тој што зел во аренда или под наем се лишува од земениот во аренда имот, а исто така ја губи и дадената за него цена, и дека економите коишто допуштиле такво арендување, да платат глоба во корист на храмот во размер на истата загуба што ја претрпел и тој што зел во аренда од внесената цена. Ако пак следува давање на имот во аренда по устен договор, во таков случај заповедам, арендаторот да го плати условеното (договореното), по силата на постојниот договор за аренда[327].

Имотот на благочестивите храмови може да биде даван под аренда и под наем, кога сите монаси или свештеници ќе се согласат на заклучување договор и со тоа покажат дека тоа е корисно дело[328].

Арендатор и наемател на храм или млин (воденица) и во продолжение на две или три години злонамерно се однесува (е неисправен) во однос на годишната плата или прави уште и штетни работи, треба да биде лишен од арендата, без да има право да ги обработува нивите, но не се лишува од неа, доколку ја дава определената според договорот плата (наемнина), макар да го арендувал имотот од државната благајна (од царината)[329].

Тој што дал во аренда имот, не може да го оддалечи арендаторот против волјата, затоа што друг понудил поголема од него аренда (закупнина) од поранешната, т.с. за определеното време, и ако тој е исправен во однос на уплатата на договорената арендна плата[330].

## ГЛАВА 9

### *За облеката прикладна за свештениците*

*VI Собор, 27-мо*: 27-то правило на VI Собор: Никој од припадниците на клирот, вели, не треба да се облекува во недолични облеки (алишта), ниту кога престојува во град, ниту кога се наоѓа на пат, туку треба да ја употребува таа облека, која времето и обичаите ја признале за соодветна на свештеничкиот чин, а тој што не ги почитува обичаите во однос на пристојниот надворешен изглед треба да биде одлачен на една седмица.

*VII Собор, 16-то*: Седмиот собор, пак, 16-то (правило): Не е пристојно свештен маж да употребува скапи облеки, бидејќи, секоја, вели, раскош и украсување на телото се туѓи на свештеничкиот чин и положба. Така, треба епископите и свештениците, коишто се украсуваат себеси со обоени облеки, да се исправаат самите себе, а ако ги употребуваат во зло,

327 Јустинијанова Новела, 120, глава 5; -IX Βασ. V, 2.
328 Јустинијанова Новела, 120, глава 2; VII Βασ. V, 2.
329 Јустинијанова Новела, 120, глава 8 , - X Βασ. V. 2.
330 83, Βασ. XX, 1.

подложат на епитимии, токму така и употребата на мирото за помазување, кон тоа и тие што се потсмеваат на оние што носат прости и скромни облеки (треба) да подлежат на епитимии. Бидејќи од древни времиња секој свештен маж се задоволувал со нераскошни и скромни облеки, затоа сето што не е за потребно, туку за украсување, подлежи на обвинение за суетност, како што рекол Василиј Велики.

Поради сето тоа ниту во народните облеки се облекувале, исткаени и украсени со свилени ткаенини, ниту на крајот им пришивале различни оптоки (од различна боја) на кошулите, бидејќи слушале од Богогласниот јазик, ако се облекуваш во меки алишта во домот царски си (Матеј, 11,8).

Види и 24 глава од -Г- состав

*Лаодикејско 22-ро и 23-то*: Слично пак во Лаодикејскиот собор 22-то и 23-то (правило): Не треба, вели, службеникот да речеме подѓаконот да облекува орар, туку да стои на црковните врати, за да подучуваните и тие што се наоѓаат во покајание да ги воведува и изведува, затоа што и ним им се пее: како на верни, - стојте, за да ја видите жртвата на светата тајна, а ненаучените излезете; нетреба да се облекуваат во него (орар) и четците и певците и така да читаат и да пеат, бидејќи на тие последните им е определено само да пеат, а четците да го читаат божественото Писание за општо слушање, иако секогаш тоа кај нив бива сосема ретко, затоа што многу од древните обичаи се промениле во друг чин. Бидејќи единствено само на ѓаконите им е дадено правото да ставаат орар на левото рамо, а е наречен орар од тоа што: зру и бљуду и назирам; орор по елински јазик е зроу по словенски се нарекува; се обесува на рамото на ѓаконите коишто свештенодејствуваат и ги набљудуваат молитвите за свештените жртви, орарот му дава до знаење на ѓаконот којшто стои на амвонот времето кога треба да бидат повикани за прилежна молитва и тие од подучените и тие од верните.

### ГЛАВА 10

***За залогот:*** Види втора глава од -Д- состав

### ГЛАВА 11

***За привилегиите и предноста кои ги имаат црквите и епископите***

*Апостолско, 34-то*: 34-то правило на светите Апостоли на епископот на секој народ заповеда да ги прави(врши) само работите потчинети на нивната Црква и на околните места, а при појавата на вонреден проблем (којшто се појавува многу ретко за да нè вознемирува), којшто се однесува на општата состојба на Црквата, ако има потреба, на пример, да се разгледуваат догмите, или да се ракоположи архиерej таму каде што порано немало, или да се исправи општа заблуда или што било слично, во таков случај епископите треба да го знаат првенствениот (врховниот=главниот) кај нив митрополит и да го почитуваат него како глава на телото на Црквите и собирајќи се заедно, да расудуваат за предметите

што се надлежни (им припаѓаат) и да донесат мислење (суд) за сето она што го признале за корисно (подобро). Не е добро и митрополитот нетреба по злоупотреба на должноста насилно да го спроведува она во превласт и без општа согласност на своите сослужители, да прави било што од кажаното погоре, туку (треба) за да судат за општите дела (работи), да бидат поврзани од исто мислење (едногласно) и љубов, бидејќи на таков начин (на дејствување) тие ќе бидат општ пример за потчинетиот им народ и ќе го прославуваат Бог преку Синот во Светиот Дух: Бидејќи Синот го соопштил (го јавил) името на Отецот и на луѓето им го утврдил законот за љубовта, а Духот преку Апостолите ги просветлил (јазиците) - народите.

*Антиохиско 9-то*: Со ова правило во сé е согласно, иако не во словата, туку во мислите и 9-то правило на соборот во Антиохија.

Види и Петта глава од -Д- состав, правило 18 од Првиот Собор.

*Од судот кои од Црквите биле удостоени со посебно старешинство*

*Прв Собор, правило 6-то:* 6-то правило на Првиот Собор заповеда дека треба да се почитува древниот устав (древната одредба) на отците, кои што му ги одделиле на Александискиот епископ областите Египет, Либија и Пентаполија, на Антиохијаскиот-областите Сирија и Келесирија, двете Киликии и Месопотамија, на Римскиот, пак, според древниот закон му е дадена власт над западните области и дека без дозвола (без согласност) на назначените епископи, епископите потчинети ним не правеле никакво црковно назначување, од кои главно е избирањето на епископи. Бидејќи и правилото заповеда на патријархот да му се повинуваат (потчинуваат) потчинетите на него митрополити и сите епископи во својата област. Така, ако без волја (согласност) на митрополитот биде поставен епископ, правилото заповеда, дека таквиот не може да биде епископ, макар имало во древноста случај кога избраниот епископ го назначувало Собранието на градските жители, но и тогаш тој се удостојувал од ракополагање, кога, избраниот од другите го одобрувал митрополитот. А кога, вели правилото, бил направен изборот како што заповедаат црковните одредби, и кога мнозинството се согласило, а двајца или тројца по расправата (дискусијата) противречат, во таков случај треба да има сила избраниот со мнозинство.

*Исто, 7-мо*: Седмото правило на истиот Собор, определува Елијскиот епископ да има првенство пред градовите на Палестина, Арабија и Феникија, но за ништо да не загуби во однос на своите привилегии и предности митрополијата во Кесарија Палестинска, којашто уште се нарекува Стратонова, бидејќи таа на Елија никогаш не била потчинета, а со тек на времето била одделена, таа е почитувана поради (деловите=моштите) што се зачувани во неа и честа што се прави во неа на спасителните Христови страданија и од старо (древно) време и до денес Елија и сета околина се нарекува Палестина, а градот во древноста се нарекувал Салим и Евус (Иевус), а од времето кога Соломон го издигнал знаменитиот храм и старозаветната свештена литургија од Стариот

Завет во него била внесена (старо заветната жртва?!) тој го добил името Ерусалим, а по разрушувањето од Римјаните цар Адријан (тој и Елиј се нарекуваше) го издигнал (изградил) него повторно, го нарекол Елиеја по своето име.

*II Собор, 2-ро правило*: Второто правило од Вториот собор определува дека: Александрискиот епископ да управува со областите што се наоѓаат во Египет, а епископите на другите епархии да се ракополагаат според древниот обичај од своите собори, овие пак последни одредби божественото правило целосно ги укина.

*Исто така 3-то, за старешинството на црквата во Константиновиот град (*може да се преведе и*: Предноста на Константинополската црква)*

Третото правило (од Вториот Собор) вели: Епископот на Константиновиот град да има примат во хиерархијата (части) по римскиот епископ, затоа што оној град е Нови Рим. Затоа што Византион (Византија) бил стар (древен) град и имал самостојна управа; но во времето на Север - римскиот цар, во продолжение на три години бил опседнуван од Римјаните и на крајот бил освоен (преземен), од причини на недостаток од најнеопходното за затворените во него; ѕидините (тврдината) негови биле разрушени, граѓанските права одземени (укинати) и тој бил потчинет на Пиринфијан. А Пиринф (Пиринд?) е Ираклија.

*Зошто Ираклијскиот патријарх(епископ) хиротонисува*

Токму поради тоа (горното) и на Ираклијскиот епископ му е оставено (дозволено) да хиротонисува патријарх, бидејќи тој го ракополагал епископот на Византион. А Константин Велики, изградувајќи го целиот тој град, којшто лежел во најубавиот дел на светот со достојна великолепност и убавина (со величество и доброта богатство да има), го издигна и му го подари своето име и го нарече Нови Рим.

*IV Собор 28-мо правило:* 28-то правило од IV Собор, тоа истото и ние го определуваме, рече, тоа што е определено во третото правило на II Собор, и утврдуваме (судиме) дека престолот на Светата Црква Константинополска да има старешинство (привилегии) исти со древниот Рим, како (град) кој добил чест да биде град на царот и Синклитот, а во црковната хиерархија да се претпочита пред сите други (цркви), но да биде втор по Него (по Рим), бидејќи невозможно е, за да тој биде удостоен со исти права во секој однос, дури некои предлог (дело) понудува-сосема насилно (неказниво) и невешто толкување, а уште повеќе неискусно и необразовано (ненаучно) објаснува, го разбираат не во смисла на понижение и омаловажување (негирање), туку во смисла на укажување на време, - затоа што е неопходно, при изнесувањето на имињата, едниот да биде кажан пред другиот, а тоа може да се случи и во катедрите (седиштата) и во потписите.

*На Латините*

Зарем некој некаде кажал, вели валеразумниот Зонара, дека божествените отци, разгледувајќи ја иднината како сегашноста, дека Римската

црква, вовлекувајќи се во неправославно учење, бидејќи отсечена од тлото на православието и исклучена од соборот на верните, прво ја спомenале неа, (ја признале за прва) и на тој начин ја удостоиле со предност , да зазема прво место меѓу сите како што предначел некогаш. За старешинството на црквата од Константиновиот град (Константинополската црква) доволно кажува правилото и за областите потчинети на неа, вели дека тоа се областите: Азија, Понт и Тракија и азиските области кои што се простираат (се расположени) до Таворските предели, Понтијските, се тие кои се расположени близу Евксинскиот Понт до Трапезунт и понатаму внатре во земјата, а Тракиските (Драчките) се простираат до самиот Драч.

*Зошто Солунскиот епископ бил папски легат*

Како уште во древноста Солунскиот и останатите западни епископи, велам Атинскиот, Коринтскиот, Патарскиот (епископот на Патра) и Равенскиот, папата имал легати како би од свое лице и така поелинскиот и словенскиот јазик (народ) се јавуваат таму кај што секогаш ќе има потреба да присуствува кој било од страна на папата на општите собранија, тие го заземале неговото место, но тие припаѓале кон нашето стадо, бидејќи надвор од своите предели тој немал толку епископи под своја власт, така што тие биле и ракополагани од него, како што некои мислат, но тоа и било обмислено од причини на далечниот пат, за да прекуморските епископи, испратени оттаму кон нас, не се бавеле (не доцнеле, или не загинеле) и јасно е од тоа, дека не секогаш едни и исти (епископи) се праќале од името на папата, но понекогаш и други, кои повремено ги избирал римскиот папа.

*За избраните и поставените епископи*

Така, правилото му дава право на Константинополскиот патријарх да ракополага некои митрополити од тие области и не тој кој он сам ќе посака по своја власт (волја), туку оној којшто согласно ќе биде избран од надлежниот нему Синод. После, на тој начин предложениот (објавениот) од него за избран, му дава право да го ракоположи оној, кој тој ќе избере од определените (предложените) тројца. Не е допуштено на патријархот да присуствува при изборот на митрополитите, ниту митрополитот при изборот на епископите; а пред оваа правило митрополитите не ги ракополагале патријарсите, туку епископите од секоја област. На Константинополскиот патријарх правилото му дозволува да ги ракополага епископите и на варварските народи (туѓите народи) што граничат со определената негова област, како што се Аланите и Русите. Едните припаѓаат кон Понтијската, а другите кон Тракијската земја (област), а на секој митрополит му наредува да ги ракополага нему потчинетите епископи, кога епископите на областа правилно го спровеле изборот, како што е пропишано, говори божественото правило на светите отци, коишто биле пред нас[331].

331 Во рускиот превод има додаток: Аланите и Русите биле вброени (потчине-

*VI Собор, 36-то:* Истото тоа го кажува и 36-то правило на VI Собор за старешинството (приматот) на Црквата од Константиновиот град, определува согласно вториот Собор (правило 2-ро); а исто и со IV Собор (прав. 28-мо) и ги употребува зборовите дека престолот Константинополски се користи (се ползува) со рамно (еднакво) старешинство со древниот Рим, бивајќи втор по него; после него се набројуваат престолот Александриски, потоа престолот Антиохиски и после него престолот Ерусалимски.

*Зошто патријархот праќа ставропигии во митрополитските енории (предели)*

*(Валсамон):* И бидејќи помеѓу петте патријарси биле разделени пределите од четирите страни на вселената, освен малите цркви, и им било дозволено да ракополагаат митрополити во определената за нив област, да ги судат нив, да ги исправуваат според божествените правила и да имаат право на спомнување на своето име од сите кои се наоѓаат во митрополитската област, токму затоа тие и праќаат ставропигии во нивните предели и земаат од нив свештеници, коишто ќе посакаат; но на никого од нив не му се дозволува да праќа ставропигија во предел (област) која е потчинета на друг патријарх, ниту да земаат од неа свештеник, за да нема мешање на правата во Црквата.

*За Охридскиот, уште наречен и Бугарски; Кипарскиот и Иверскиот*

Непотчинети на никој патријарх се црквите: наречената Охридска, која ја почитувал (ја почестил) цар Јустинијан, како што тоа ќе се види од неговите Новели, кои ќе бидат наведени подолу; Кипарската, нејзе ја почестиле Третиот Собор и Шестиот, како што помалку ќе биде кажано; Иверската, којашто била почестена (почитана) од одлуката на Антиохискиот собор, на кого што претходно била потчинета, сите нивни архиереи природно од своите епископи се хиротонисуваат.

*Трет Собор, правило 8:* Осмото правило на Третиот Собор не дозволува на Антиохискиот епископ да ја презема кон себе хиротонијата на Кипарските епископи под изговор дека во минатото војводата (тамошниот воен командант) се испраќал од дуксот на Антиохија, туку (одредува) дека, според древниот обичај, хиротониите што се случувале на островот Кипар, ги правеле тамошните епископи и дека никој друг од боголубезните епископи не ги (ја) посетувал епархиите (епархијата) што не му припаѓала нему предтоа и од почеток; а ако некој си потчини на себе насилно тој е должен да ја врати неа, за да не бидат прекршени (пречекорени) правилата на Отците и под изговор на свештенодејствие не се вовлече надменоста на мирската власт и ние не ја загубиме малку по малку,

ти) на Константинополскиот патријарх во времето на Лав Мудри. Илински упатува на: „Сделаное императором Лъвом Мудрым распределение того, какой порядок должны иметъ церкви, подчиненные К-пол. Патриарху, у Леунклавия, в его Jure Graeco-Roman. Том 1, p. 89. Русија зазема 61-во, а Аланија 62-ро место во редот на катедрите потчинети на цариградската катедра.

неприметно, таа слобода којашто Христос ни ја дарувал нам со својата крв. А ако некој се спротивстави на сето погоре напишано и утврдено, донесувајќи т.н. императорска повелба (πρόσταγμα), правилото предвидува тоа да се смета за сосема невалидно (да се отфрли).

*VI Собор, 39-то правило*: 39-то правило од IV Собор, Кипарската црква ја именува како Нов Јустинијанопол (Јустинијанов град) и допушта над неа да има право Константинополската црква и да ги ракополага епископите Хелеспонтски и Кизичкиот, а доколку наведеното правило биде спроведено во дело, тешко ќе се реши делото.

*Картагинско, 19-то*: А 19-то Картагинско правило, забранува на епископот на првиот престол да се нарекува егзарх на свештениците, или глава, или што било слично, туку само епископ, да го уништува, по можност, како што мислам, соединувањето со честа и сопствената надменост и проповеда смирение и умереност, поради сето тоа патријарсите и останатите архиереи во своите потписи многупати себеси се нарекуваат (именуваат=титулираат) смирени и бедни (скудни).

*Знамение*: А IV Вселенски Собор, не ја прифатил како што се покажува, таа определба (наредба) и некогаш многу подоцна, ги нарекува митрополитите егзарси на областите во 9-то свое правило; исто така види во 9-та глава на -Д- состав. Исто така ги именуваат и другите Собори. Види во 9-та глава 4-то правило, во Сердика 20-то правило и во 9-та глава на -А- состав истото правило во Картагина, 55-то.

*Закони*: А 130-та Јустинијанова Новела (фактички е 131-ва): Решив, вели, согласно со одредбите на Светите Собори дека светлиот папа на древниот Рим да биде прв од сите свештеници (хиереи), а блаженствениот епископ на Константинопол, Новиот Рим да зазема втор чин и да има предимство (примат) во почестите пред сите останати и дека блаженствениот архиепископ на Прва Јустинијана, нашата татковина (нашето отечество=родно место) да ги има директно потчинети на себе епископите на областите: Дакија Медитеранеа и Дакија Рипенсис, Трибалија, Дарданија и Горна Мизија, и дека тие се ракополагале од него, а самиот тој се ракополагал од својот Собор и дека во тие потчинети на него области самиот тој го зазема постолскиот престол, согласно со тоа што го определил свети Вигилиј.

Тоа исто право ние му го дадовме и на епископот на Картагина Африкански од тоа исто време кога Бог ни го вратил него нам.

Појавените канонски сомневања во целиот Илирик не треба да се разрешуваат без согласност со Константинополскиот архиепископ и неговиот Синод, којшто ја има предноста на древниот Рим.

Види и 8-ма глава од -П- состав.

*Определби на Константин Велики*

Но, овде станува збор за тоа, можеме ли да ги премолчиме одредбите на Константин Велики? И на кој начин јас да не се подложам на укор за неискуство и необразованост, кога и самиот признавам еднаква апсурдност, и соопштувам за непотребно и ги предавам на молчење до-

брите дела? Затоа што никој нема да види, како што мислам јас, дела ни поблагочестиви, ниту подостојни од јавното прогласување, отколку оваа одредба: Затоа што тоа, целосно се согласува и соодветствува на сето тоа што натприродно е направено од тој император, од дамно време покажува и топлата љубов на тој маж како добродетел и подобро од секој споменик говори за тоа, какви почасти му следувале на царот, не пренебрегнувајќи го благочестието, да ја дарува (направи) Христовата Црква. Тој цар немаше недостаток во никоја добродетел во однос на благочестивиот Бог, а во однос на луѓето бил справедлив, така што внатрешната убавина на неговата душа се одразуваше во неговиот надворешен изглед: тој имал многу пофално величие на телото, како што сведочи за него историјата, многу блажена убавина, уште позачудувачка скромност, која што се отчитувала на неговото чело, така што склоноста на телото тој природно ја сообразувал со душевните стремежи; а посебно ревносно се грижел за благочестието, тој со делата покажувал на сите како со искрена љубов целосно бил проникнат во Христа; но бидејќи не бил во состојба со достоен образ да го почитува љубимиот, бидејќи можеби и целото богатство што припаѓа на луѓето, тој да го собере во едно, за тоа, да го почитува Него, така и тогаш не би ли погрешил во однос на достоинството, тој посветил внимание на тоа, што имало второстепено значење, -Невестата Негова-Црквата, која Он (Тој) ја искупил со својата крв, тој се грижел да ја украси по мерка со средства, се претставил самиот себе си за сите прекрасен пример на благочестие[332].

Тој рече: Определувам заедно со сите велможи (управници, сатрапи) и Синклитот (Сенатот) на нашето царство, дека римскиот епископ и наследник на врховниот Апостол и Господ мој Петар да има поголема власт од царската по целата вселена, и од сите да биде почитуван и уважуван многу повеќе отколку царот, да биде глава на четирите патријаршиски престоли, за да ги суди и да ги решава делата (предметите) што се однесуваат на православната вера; му дарувам на Отецот мој блажениот Силвестер и неговиот наследник нашата палата, на главата дијадема (венец), украсена со скапоцени камења и бисери, свилена хламида, црвена риза (кошула) и сите царски одежди (облеки) како и царската коњичка опрема, скиптарот и останатите знаци на царското достоинство и целата слава на нашата власт, исто така и вброените (членовите) на клирот на светата римска црква одредувам да се украсуваат со такви облеки какви што се усвоени и од нашиот Синклит (Сенат); да јаваат на коњи, покриени со бели плаштеници и да имаат обувки направени од плаштеница (бело платно), и ако некој од нашиот Синклит посака да биде свештеник, на таков од никого да нема препрека. Бидејќи светлиот мој отец Силвестер според своето смирение се одрече од златен венец, заради тоа со свои

332 Из II книга Евсевия Памфила, „О жизни блаж. Царя Константина“, гл. 10. „О том что повествование о Константине нужно и полезно“, в рус. Пер. С. Петерб. 1850 г. стр. 61-62; см. Также гл. 4. 9 и 11.

раце му ставив на светата глава негова пресвет ремен[333] (колан), кој што го означува светото Воскресение, самите ние ја извршивме должноста коњушар (стратор) и земајќи ги уздите на неговиот коњ, го изведовме него од дворот на неговиот свештен дом, секогаш проникнати од страв и благопочит кон мојот Господ светиот седржител Петар. Потребното дело како полезно и богољубезно ние го признаваме и се оддалечивме од градот Рим и сите западни земји и градови од светлиот папа ја пренесовме државата = на нашето царство во источните предели (области) и преминавме во најдобриот по местоположба во целата вселена град Византион и во него утврдивме царска власт, така што го признаваме за неправедливо земниот цар да има власт токму каде за нас е поставено почетокот (началото) на Христијанското благочестие (вера) од небесниот цар (премина на нас). Сето ова го напишав со своја рака и го ставив (положив) на моштите (на мртвото тело) на мојот Господ Петар, ние го потврдуваме со клетва не само дека нема да нарушиме (прекршиме) ништо од тоа, но и идните наши наследници (тие што по нас ќе ја наследат државата) во државата заповедуваме да го чуваат ненарушено сето она што се однесува (што е завештано) на нашиот Отец папата и неговите наследници[334].

## ГЛАВА 12

### *За црковниѿе зїради и нивноѿо освеѿување*

*VII Собор, 7-мо ѿравило*: Седмото правило на Седмиот Собор, тој што осветува црква без свети мошти се лишува од свештенство (се расчинува). Исто така и оние, вели (правилото), заедно со другото зло, што некогаш го правеле иконоборците и ги обвинувале христијаните дека поклонувањето пред чесните икони кај христијаните тие го нарекувале идолослужение. Осветувањето на храмот природно се прави така: првин преку молитва и крстоводружење на локалниот (месниот) епископ се утврдува неговото основање, а по завршувањето на неговата изградба бидува осветување и обновување и утврдување (поставување) на престол (трон) и поставување (положување) на антиминс[335] (седиште) на светата трпеза (олтарот).

*За анѿиминсиѿе:* А антиминси се нарекуваат (така) затоа што претставуваат лице и образ на многу такви маси (столови), кои ја сочинуваат светата трпеза Господова, потоа храмот и сите таму се помазуваат со свето миро и на таков начин под светата трпеза се положуваат моштите на

333 Пресвет ремен или Лоран; врска, лента, која што древните цареви ја носеле на главата. Види: Du Cang, Glosasar. Sub. Verb: Новая Скриж. Вениам. 4, II, гл. 19, С.П.Б, 1870, стр. 168.

334 Во целос текстот е печатен во словенски превод во руската Крмчија, во вид на добавки. Сп.- Илински, руски текст, стр. 138-139 и белешката таму.

335 Антиминс претставува четвороаголно платно на светата Трпеза со слика на положувањето на телото Христово во гробот и зашиени свети мошти. Речник црковно-словенски, стр. 4; Белешки од Валсамон, Том 137, р. 912.

светите маченици.

*Истиот Собор, 17-то*: 17-то правило (од тој Собор) оние од монасите, кои од страст кон почетната љубов го отфрлиле јаремот и послушноста и започнат да градат молитвен дом, ако немаат доволно средства за да го довршат, се забранува со него да владее месниот епископ, тоа треба да се разгледа во меѓусебен однос на свештениците и мирјаните (верниците), а ако имаат доволно средства да го завршат, тогаш нивната намера заповедаме да се спроведе во дело и до крај.

*Картагинско, 83-то*: 83-то правило од Картагинскиот Собор, предвидува (заповеда) дека молитвените домови изградени на нивите - по селата по сновидение (сонување), или според прорекнување, или откровение, да бидат разурнати од тамошниот епископ освен ако во нив се положени тела на маченици, или какви било нивни остатоци, или таму имало изграден Олтар од древни времиња - за народот (толпата) да не се собира таму и не прави спомен на маченикот.

*Знамение: За таканаречените „ветрушки“*[336] *:* Поради сето, и жените што дејствуваат побеснето (налудничаво) или опфатени од демони, или ја прорекуваат иднината или мажи, кои се преправаат дека се бесни (опфатени од бесота) и слично на дрдорковци, треба сите да се прогонат и да им се затвори устата. (Грчкиот текст упатува на втора глава од -А- состав, правило 34, Лаодикејски Собор, 23-то).

*Закон*: Тој што сака да изгради молитвен дом или црква, треба детално да поразговара за тоа со епископот во тој град и да подари (приложи) сѐ што е потребно за осветување на храмот и за одржување на свештената литургија и за приличната содржина на местото и за потребите за тие што ќе служат во храмот и тогаш епископот ќе ги извести жителите за сето (да го запознае со сите детали народот) и треба јавно да дојде таму со молитви да го утврди крстот и тогаш да почне делото-да се гради предложеното здание[337], и тој што почне да гради нова или да обновува стара (градба) се принудува од своите наследници од економот и од епископот и од кнезот -да го заврши тоа што го започнал и потоа да го даде тоа што го ветил на храмот во дар (да ги даде даровите што ги ветил на храмот).

Ниедно дело што припаѓа на чесниот дом, ни лично, ниту по залог не може да биде одземено по истекот на 40 години[338].

## ГЛАВА 13

***За тие што прибегнуваат во црквата (за тие што се засолнуваат во црквата)***

*Закон:* Наредуваме дека на никого не му е дозволено да изгони од

336 Под тој израз се подразбираат: лекоумни, бесни-побеснети, оние што се преправаат за ретардирани, обземени од лош демон, малоумни.
337 Јустинијанова Новела 67, глава 1 и 2 (извадок). Corpus Juris civilis, vol. II, Imper. Just. Aug., nov. const. p. 148.
338 XVI . Βασ. V, 2.

црквата прибегнат (кон неа) по каков било несреќен случај, а тој што ќе се дрзне да го направи тоа ќе биде обвинет за светотатство[339].

Кој самоволно изгонува прибегнат во Црквата, по тепање (по телесна казна) да се остриже и да се прогони.

Бегалците треба да бидат безбедни во црковниот предел до Народниот плоштад[340], внатре во бањите или овоштарниците или живеалиштата (домовите), или припратите, или тремови и дворови, и да им се забранува да спијат внатре во црквата или да јадат, со оружје да не се заштитуваат себе си, туку тоа да го остават кај епископот[341].

Роб, којшто прибегнал со оружје, треба да биде веднаш изгонет, а ако се спротивстави, треба да се принуди со поголема сила, а доколку заштитувајќи се биде убиен (умре), тогаш господарот што го нападнал него и го убил да се смета за невин[342].

Ниту на човекоубијци, ниту на прељубници, ниту на грабнувачи на девојки не им се укажува (пружа) заштита од светилиштата, туку се извлекуваат оттаму и се подложуваат на казна. Не приличи, така огрешен да се поштедува, туку изнасилените, за да тие не претрпат што било такво од дрските луѓе; впрочем, сигурноста (заштитата) од светилиштето се дава не на тие што се огрешиле од законот, туку на тие што трпат, така што би било невозможно и на едниот и на другиот да му се дозволува сигурност од светите места и на тој што прави прекршаок и на оштетениот[343].

Никој не треба насилно да извлекува прибегнат во црквата, туку е должен да ја каже вината на бегалецот на свештеникот и од него безбедно да го земе бегалецот за да биде направено законско истражување и донесено решението во однос на неговото дело.

Ако некој се обиде на рака да отргне бегалец од црквата, таков да прими 12 удари со жезло и тогаш да се истражува, како што следува, делото на бегалецот.

Бегалците треба да се судат пред поставените за тоа судови (судии), а нивните противници не треба да го обжалуваат тоа со приговор (пред црквата).

Богољубезниот епископ или бранителот (адвокат) треба внимателно да ги запишаат имињата и вината на пребеганите и да ги дадат на цивилниот (световниот) управник, а тој е должен правилно да ги суди, бидејќи незапишаните не се бегалци.

(Грчкиот текст упатува на 7-ма глава од -П-состав, преведувачот на старословенски не го дава тоа).

339 XIV. Βασ. V, 1.

340 Може да се преведе и како трг, во грчкиот текст стои: δημοσίας ἀγορᾶς.

341 XI. Βασ. V, 1.

342 XIII. Βασ. V, 1.

343 XII, Βασ. V, 1

## ГЛАВА 14

***За тоа дека еден свештеник не треба да биде во цркви на два града***

*IV Собор, 10-то правило:* Десеттото правило на IV Собор, исто така и 20-то, наредува, дека еден свештеник не треба да надгледува цркви во два града, т.е. во тој во кој првобитно бил хиротонисан (ракоположен) и во тој кон кој подоцна преминал. Уште повеќе, од желбата за суетна слава, од епископ на пример во митрополит или од митрополија во патријаршија,- но таквиот се враќа таму кај што првин ја примал хиротонијата.

*Знамение*: Ако пак некој, вели (правилото) успеал да се премести пред (издавањето) на ова правило, тогаш нетреба да се меша во работата на таа црква од којашто преминал, а оној што ќе го направи тоа му се одредува казна расчинување од својот чин (степен). Но, ова правило не забранува свештеник да биде определен за две цркви во еден град.

*VII Собор, 15-то правило*: И 15-то (правило) на VII Собор забранува во познатите (големите) градови еден свештеник да се распоредува во две цркви, поради ниските користи и дозволува тоа да постои само во надворешните области, поради недостиг на луѓе во нив, бидејќи ако, вели за удопството на неговиот живот не му се доволни приходите од една црква, тогаш да се дозволи да се задоволи и себе си и другите со приходи од некои други служби. Бидејќи Апостолот рекол: Потребите мои и правдата послужете ја од овие раце[344]. Но со текот на времето и условите го измениле сето тоа.

## ГЛАВА 15

***Како не треба внатре во црквата да се прават таканаречени вечери на љубовта или гозби или прослави или внатре во свештените придворија (огради) да има крчма, или што било да се нуди за трговија или животни без потреба да се воведуваат или на кој било со жена да прилегнува (да спие)***

Види трета глава од -А- состав.

*VI Собор, 76-то правило*: 76-тото правило од VI Собор внатре во црковната ограда, ако има крчма, или да се нуди јадење за продажба или било што за трговија, се смета за крајно беззаконие, тие што го прават тоа, подлежат на одлачување, не кажало (правилото): внатре во црквата, бидејќи никој од благочестивите и од разумните (со здрав разум), не можат ниту да го замислат тоа, туку, внатре во свештените огради, се подразбира целата околина на црквата и преддворието и местата околу храмот. Бидејќи и Господ негодувал на сите, ги изгонил со камшик богопродавачите од храмот и ги расфрлал парите на менувачите, т.е. на оние што продавале ситни златни и сребрени монети.

*Исто, 88-мо*: 88-то (правило од тој Собор) Без потреба тој што воведува внатре во црквата какво било животно, - свештеник се расчинува, а верник се одлачува. Ако некој, вели (правилото) патува, на пример,

344 Делата на Апостолите, XX, 34; Вальсамона, Том 137, р. 965-968.

зиме и нема засолниште (пристаниште), влезе во црква и животното го вовел со себе, тоа не заслужува негодување, бидејќи тоа не го направил по волја, туку од неопходност, плашејќи се дека може да угине животното и самиот тој од студот, можеби тој и да мислел дека би ја избегнал во тоа време смртта од измрзнување, не изложувајќи се на опасност, немал можност без него (без животното) да го продолжи патот. Бидејќи сабота е, вели, заради човекот е, за да се успокои робот твој и потчинетиот. На тој начин, успокојувањето (одмарањето) на животното е предвидено со закон не поради самото себе, туку заради човекот, за после одмарањето, тој да го има потоа помоќно (по брзо), како што вели и великиот Павле: За волјата ли се грижи Бог, и од птиците не е прикладно да се внесуваат, за да со нивниот измет не ја осквернават светињата.

*Исто, 97-мо*: 97-то (правило) тие што живеат со жена, ни во ништо немаат страв од Бога и во црквата се дрзнат и се населат во светите места околу црквата и не прават разлика помеѓу светото и нечестието, - наредува да се изгонат од сите места и од таканаречените места за „оглашените“ (чукнатите; будалите; подучените), анепокорните (на таа наредба) заповеда правилото - свештениците да се расчинат, а верниците да се одлачат.

*Закон* (Νόμος): Погоре кажаниот закон не дозволува на бегалците внатре во црквата да спијат и да јадат, а исто така и 73-та новела на царот Лав Мудри, заповеда да се казнуваат тие кои дозволуваат на други да се населат во места предвидени за „оглашените“ (умствено нездравите, може да значи и „подучените“).

## ГЛАВА 16

### *За тоа дека црковниот имот не треба да се разнесува и како прилега епископот да го управува*

*Апостолско, 38-мо*: 38-то правило на светите Апостоли заповеда епископот да се грижи за целиот црковен имот и да го управува тоа како сведок пред Бога; но не му се дозволува на него да присвојува што било од тоа или на свои роднини да дава тоа што му припаѓа на Бога, а ако тие се сиромаси, тогаш да им дава исто како на останатите бедни, но, под форма (изговор), раздавање на бедните (сиромавите), да не продава тоа што ѝ припаѓа на црквата, туку од приходите да се задоволи и себе си и нив, затоа што да се оутѓува тоа што е посветено на Бога е недозволено.

*VII Собор, 12-то*: Овие зборови (од 38-то Апостолско правило) од збор до збор ги наведува 12-то правило на VII Собор и додава: Епископ или игумен ако продаде што било поради алчност, што припаѓа на епископијата или манастирот и го подари на кнезот (управникот) или на било кој друг, тогаш подарокот да биде невалиден, ако сака тоа да го направи под изговор дека селото (нивата) причинува повеќе загуба отколку што носи приход и во таков случај е должен да ја даде не на кнезот, туку на монасите или земјоделците (селените), ако примени итрина (измама) и кнезот повторно ја купи земјата (нивата) од свештениците (монасите)

или од селаните (земјоделците), тогаш и во таков случај треба зделката да биде невалидна, ако има договор или продажба и нивата да биде вратена на епископијата или манастирот, а епископот или игуменот што го допуштил тоа треба да бидат исфрлени, епископот од епископијата, а игуменот од манастирот, бидејќи злобно го трошеле тоа што не го собрале, а под изгонување се подразбира, конечно и расчинување.

*Картагинско, 26-то*: Согласно со ова правило определува и 26-то од Картагина и пресудува дека црковниот имот е неотуѓив, макар и воопшто да не носи приход, а доколку се наложи каква било голема потреба, тогаш (епископот треба) да достави (да извести) за тоа определение 12 епископи, и пред нив (врховниот) главниот (првенствениот) од нив, ако тоа не е возможно, поради неодложната потреба, во таков случај треба да има сведоштво од соседниот епископ, од претпазливост, за Соборот да не остане во недоумица (незнаење) за настанатата состојба на неговата црква, ако не се погрижи да го направи тоа, тогаш, како потчинет пред Бога и Соборот, треба да биде лишен од својот чин и да се оддалечи (од црквата).

*Исто, 33-то*: 33-то (правило од истиот Собор) забранува на презвитерот и останатите свештеници да продаваат што било од подвижниот и неподвижниот црковен имот =(црковни предмети), ако немаат дозвола од епископот, но и на епископот не му се дозволува да го прави тоа без знаење на Соборот, на којшто тој припаѓа, а исто така и потчинетите негови презвитери, бидејќи во управувањето со црковниот имот треба да има доверливи сведоци, за да не се појави обвинување против него. Продавањето на подвижни, на пример, свештени садови, е сосема забрането, но да се спречува и укорува епископот и без согласност на клирот да продава тоа што се однесува за храна, како на пример пченица или друг вид на семе не е потребно.

*Анкирско, 15-то*: Истото тоа го вели и 15-то правило на Анкирскиот Собор и додава: ако се случи, да на свештениците биде продадено што било од тоа што ѝ припаѓа на црквата, - вдовствена без епископ, во таков случај тој што потоа ќе биде поставен за епископ, треба да го побара продаденото и на неговиот суд да остави да одлучи (реши) потребно ли е да му се вратат парите (цената) на купувачот или не? затоа што може да се случи при добри приноси на нивата тој да добил повеќе од платената цена.

*(Кирил)*: Великиот Кирил во втората глава на посланието до Домнин, предвидува (заповеда), садовите и предметите црковни да ги чува црквата неотуѓиви, а со распределбата (трошоците) што се случуваат за расходите да управува божественото свештенство, бидејќи барањето отчет (извештај) од епископот за направените расходи кај нив, дали се од приходите на црквата или се нечии подароци, сите ги огорчува, како крајно неправедно за сите богољубезни епископи по целата земја, бидејќи секој од нас во свое време ќе даде отчет пред праведниот судија.

*Закони:* Знаеме од искуство дека давањето, или да речеме разнесу-

вањето на имотот којшто припаѓа на свештените храмови (домови) се случува на целосна штета и за конечно разрушување (уништување) на црквите Божји, бидејќи лишувајќи се од целиот свој имот тие се доведуваат во неможност за понатамошно постоење, дотолку повеќе, - никогаш не се дозволува да се прави тоа, освен кога има неодложна потреба.

Арендаторите или наемателите, или купувачите, или на каков било начин што примиле во владение недвижен имот од благочестивите манастири или едноставно цркви, должни се да водат повеќе грижа за тоа што се добива од нив да се расходува (да се троши) за неопходни потреби на црквата или на прибирање на дадените на заем други имоти (предмети), потребни на црквата. Ако внесеното од нив биде употребено, не според кажаниот начин, туку продавајќи го недвижниот имот, или на друг начин го дале на употреба, можеби за други какви било свои потреби или едноставно-надвор од користа на чесните храмови, тогаш тие се лишуваат од дадената цена: погоре кажаните благочестиви домови и цркви прават (можат да направат) побарување во рок од 40 години, бесплатно го добиваат своето, а тие што не приложиле (не направиле; воделе) доволно грижа во однос на добиеното од нив од благочестивите храмови на никој начин, како што е кажано погоре, не добиваат (ништо), затоа што, доволно е за нив и тоа што содејствувале да дојде до разорување на црквите Божји, колку тоа зависело од нивното неработење (нивната негрижа). Впрочем, против (за) потрошената добиена цена за својот обичен начин на живот или едноставно за помала полза за благочестивите свештени домови, тие можат да покренат барање[345].

Ако се направи каква било зделка во еден од благочестивите домови во однос на различни имоти, како подвижен, така и недвижен, и покрај нашата забрана, - во таков случај се враќа во таа црква тој имот, со кој што се случило што било слично, со приходот за изминатото време, притоа треба да остане во Црквата цената, или даденото заедно со дарот или замената или даденото по каква било причина. Ако црковниот имот е даден во дар, тогаш и тоа треба да се врати на светата црква заедно со приходите за изминатото време. А ако (имотот) биде даден во залог и покрај оваа наредба, тогаш заемодавачот треба да го загуби (да се лиши) од даденото на заем, а самиот имот да се врати на благочестивиот дом, а писарот (номикот)=табуларот, - што напишал договор покрај овој наш закон треба да биде осуден на заточение и се прогонува[346].

Озаконувајќи го ова 120-та Јустинијанова новела предвидува (заповеда) дека не само недоходовните, туку многупати и тие што носат добар приход недвижни имоти на црквите или манастирите и на самата Велика Црква (се мисли на св. Софија) се отуѓуваат и се продаваат (издаваат), од причини, внатре кажани, исто така и светите садови во потребно време се отуѓуваат или се заложуваат, на продажба (откуп), на пример нема

345 Новела 120, гл. VI.
346 Новела 120, гл. 11.

никаква потреба за употребата, а се случи што некој од благочестивите домови да биде обременет од повеќе долгови и нема друг подвижен имот, којшто може да го дадат за долгот, во таков случај треба да се даде слобода, по завршувањето на законската продажба (епископ отуѓува во присуство на својот митрополит, а митрополит во присуство на својот патријарх), - вишокот предмети (садови) од кои имаат потреба други благочестиви домови да ги продадат или ги претопуваат и ги продаваат и нивната вредност ја даваат за долгот, за да не отуѓуваат нивни недвижен имот[347].

Свештените домови кои немаат можност да ја платат казната (данокот=царината) од други извори, законски продаваат движен имот во присуство на митрополитот, епископот и свештениците што се наоѓаат под него, а недвижниот црковен имот се отуѓува тогаш кога веќе нема подвижен имот[348].

Според законот отуѓено се нарекува во сопствена смисла пренесување на владението, т. е. дарување, продажба, давање во аренда, размена и слично, а издавањето - нарачано од кој било на определено време, а обично и давањето (издавањето) се нарекува отуѓување и отуѓувањето враќање (издавање).

Кој противзаконски разменува, тој нема право да бара да му се врати назад даденото.

## ГЛАВА 17

### *За епископите*

Види седма глава од -Д- состав, 58 правило на св. Апостоли.

*Закони:* (Νόμον): Епископот е надгледувач и грижник за душите на сите што припаѓаат кон црквите што се наоѓаат во неговата епархија, има сила да поставува презвитери и ѓакони, подѓакони, четци, певци и монаси[349].

Својствено за епископот е да се однесува смирено, презирајќи ги преголемите пофалби, и со разговор горделивите да ги насочи кон смирение со делото и словото, подложувајќи се себе си во опасност за паството и нивните маки да ги смета како свои[350].

На епископот му е заповедано да го известува старешината на областа за неправдите на онеправданите (онеправдувачите), навредите на навредувачите.

Епископот е должен да ги посетува тие што се наоѓаат во затвор (темница) без разлика дали се робови или слободни, и должен е да го подбудува кнезот за непокорниот кнез да го извести царот[351].

347 Новела на Јустинијан 120, гл. X. - XII. Βασ. V, 2.
348 Новела 120, гл. 6.
349 Επαναγ. VII, глава 1.
350 Επαναγ. VII, глава, VI, 2.
351 Cod. I, 4.

Епископите се должни да ги насочуваат (подбудуваат) кнезовите да ги изведат по истекот на 20 дена врзаните во затвор робови, ако во текот на 20 дена не се јави нивниот господар за да ги ослободи нив.

Види и осма глава од -П- состав.

### ГЛАВА 18

***За тоа дека епископот треба да се раздели од својата жена***

Види 17 глава од -Г- состав

### ГЛАВА 19

***За епископите, кои добиле цркви со помош на властелата (кнезови; началници; управници)***

*Апостолско 30-то*: 30-то правило на светите Апостоли вели така: Ако некој епископ употреби мирски властелин за преку него да добие епископска власт во Црквата, да биде исфрлен (расчинет) и одлачен и сите што соучествувале со него, а спомнувањето на името на епископот, правилото под тоа подразбира и потчинетите нему свештеници , уште во 25 -то правило (Апостолско), коешто оди во 10-та глава на -Д- состав, и е речено дека не прилега да се казнува двапати за едно, но, од причини на преголема злоба и грев од очигледна мрзеливост, налага (правилото) двојна казна, - со исфрлање и одлачување, како на овие, така и на тие кои што не се плашат да ракополагаат за пари.

*VI Собор, 3-то правило*: За тоа правило буквално споменува и 3-то правило на VI Собор и заповеда: Секој избор во епископ, или презвитер или ѓакон, направен со помош на цивилниот управник, да биде невалиден. Во однос на епископите правилото вели за изборот кој произлегол по наредба на управникот (началникот), а во однос на презвитерот и ѓаконот словото „избран" се употребува во несопствена смисла, наместо „ракоположен", а заповеда правилото дека ракополагањето на епископот се врши според 4-то правило на Првиот Собор, коешто оди во прва глава на -Х-состав.

### ГЛАВА 20

***За епископот хиротонисан и не сакал да отиде во назначената за него црква (жребие), или отишол и не ја прифатил, или немал можност да отиде од причина што црквата била заземена од јазичници***

*Апостолско, 35-то:*36-то правило на светите Апостоли - хиротонисан (ракоположен) епископ кој не сака да отиде во доделената на него област и да ја прими на себе грижата за народот, заповеда да биде одлачен додека не ја прими. Ако, пак, отидениот, не ја примал не по своја волја, туку по злоба на народот, во таков случај на тој епископ му се остава титулата (заповеда правилото), а клирот на тој град се одлачува, бидејќи тој не го учи убаво народот.

*Антиохиско 17 и 18-то*: Истото тоа го вели и 17-то (правило) на Антиохискиот Собор, а исто така и 18-то, но на непокорниот заповеда

(правилото) да ги очекува наредбите од свиканиот собор, затоа што тој може да ја претстави добрата (разумната) причина, а на неприемениот од народот му се дозволува честа и службата, но никако да не се меша во делата (работата) на таа Црква во која тој престојува (живее), не му е дозволено нему ниту да поучува, ниту да служи или хиротонисува во туѓа област, ако не му биде дозволено од месниот епископ, така не се дозволува да присвојува што било од црковниот имот, туку и на овој епископ (заповеда правилото) да ги очекува одлуките на одржаниот Собор.

*VIСобор, 37-мо:* Шестиот Собор-37-то правило, хиротонисаниот во црква потчинета (поробена) од варварите, се разочарал (очајал) да пристигне таму од страв од претпоставената опасност, не се лишува, поради тоа од ниедна од предностите (привилегиите) што припаѓаат на архиереите, за поробувањето од јазичниците да нема толку сила, за да наштети на правата на свештенството и варварскиот притисок да не ја ограничи светоста на неограниченото. Впрочем му се дозволува на него да ракополага какви било свештеници и да се користи од честа (достоинството) што му претстои во својата област и сѐ што тој прави канонско, треба да биде цврсто, како и во случај ако тој се наоѓа во назначената за него црква. (Во грчкиот текст има додаток: Види гл. 8, на -Д- состав, правило 16-то, т.н. Прво-Втор Собор).

*Закон*: Приснопаметниот цар Алексиј Комнин со напишан указ наредува да чествува приемениот хиротонија во каква било епископска црква на Исток, којашто се наоѓа уште под власта на варварите, со поголеми прилози и дарови, исто така утврдува за нив и престол во манастирите и потребното за секојдневни потреби (оброци) и друго слично.

## ГЛАВА 21

### ***За епископите унапредени во митрополити и за тоа дека во една област не треба да има двајца митрополити***

*IV Собор 12-то правило*: 12-то правило од IV Собор се заканува со страшни казни на тој од епископите кој со посредство на царска грамота се обидува да раздели една епархија на две и својата епископија да ја именува, врз основа на прагматичката грамота, нова митрополија. Таква прагматичка грамота некогаш била дарувана на Великиот отец Василиј, кога била разделена Кападокиската епархија заради новата Тианска митрополија, а тие што ќе се дрзнат да прават понатаму што било слично се оддалечуваат од свештенството. А тие од епископите, коишто со царски грамоти покрај сѐ, поштено (чесно) биле именувани за митрополити, правилото заповеда да се ползуваат само од честа и привилегиите од нивното именување за митрополити, - и толку, а за постојаните митрополии никако не помалку да се зачуваат непроменети нивните претходни права.

*Знамение*: Но, секако, не сите одредби од оваа правило се почитуваат (спазуваат), впрочем, ние гледаме дека кај нас многу епископи, врз основа на царски укази се воведуваат во чин (степен) митрополит.

*Истиот собор, 17-то:* 17-то (правило на истиот Собор) вели: Ако од

царската власт одново биде изграден град или издигнат од темел, или од порано бил изграден и воздигнат и биде почестен со царска јавна грамота (Устав) т.е. пишана наредба, му се дарува нему граѓански привилегии, или чест на епископија или митрополија, во таков случај прилега и црковните села и имоти да бидат подарени со царска грамота и самиот град треба да биде вброен кон епископиите, или митрополиите, во врска со тоа отците го велат следното, бидејќи ние намаме можност да му се спротивставиме на царот, тогаш нека и неговите одредби (наредби) да го следат црковниот поредок.

*За императорските привилегии (Новела)*

На царот му се дозволува да наредува во однос на црковните епархии и да ги одзема на некои привилегиите и епископии да ги издигнува во достоинство на митрополии, и да наредува (одлучува) во однос на поставување игумени и да прави што било слично[352].

*VI Собор, 38-мо:* Истото тоа го кажува и 38-то правило на VI Собор употребувајќи ги истите зборови и мисли (на 17-то правило од IV Собор).

*Закони*: Царот Алексиј Комнин од една страна ја зачувува потребата од правилото, а од друга - сакајќи да почести некоја од Црквите, со хрисовула (златопечатена грамота) наредува не инаку да се издига епископија во повисок престол, освен ако царот во тоа време по сопствена побуда без посредство на неблаговидно човечко угодување посака да им даде нејзе повисоко достоинство, затоа што се наоѓа во поголем град, или побудила верба во светата Црква, или ја почитувала добродетелта на нејзиниот поглавар. Ако по таква благовидна причина царот дарува почесно место на каква било Црква, и патријархот е должен на архиерејот на таквата епископија, унапредениот, т.с. во чин митрополит или архиепископ, да му даде соодветен чин од потчинетиот на него Синод.

## ГЛАВА 22

***За тоа дека епископите се должни да ја возобновуваат (унапредуваат) епископијата и манастирите, ако тие биле направени обични, т.н. мирски живеалишта***

*VII Сабор, 13-то*: 13-то правило од VII Сабор: Тие што претвориле во обично живеалиште каква било црква, или епископија или манастир, заповеда да ги возобноват, за тие одново да добијат претходниот вид (изглед), а ако не сакаат, свештениците се расчинуваат; верниците (мирјаните) се одлачуваат и се предаваат на бессмртните цареви и на вечниот огин, затоа што го направиле (претвориле) домот Божји во трговски дом (продавница). Тие што претвориле епископија во световно (мирско) живеалиште не можат да се повикуваат на застареност (на поминато време) затоа што поминатото време не го попречува барањето за нивно возобновување, а што се однесува до манастирите, тие по истекот на 40 години, не е лесно да се возобнови барањето за нивно обновување, макар

352 Βαλσαμών ка καν. 17, -Д- состав.

што тие преминале кон тие и по негрижа на претходните нивни владетели (сопственици).

*За тоа дека на световни лица (мирски луѓе) не им се забранува да присвојуваат (примаат) манастири*

Така, ова правило не им забранува (попречува) на световни луѓе  да примаат манастир, ако кај нив има желба да го доведат манастирот во подобра состојба и да ги зголемат неговите доходи, впрочем тоа го дозволува и наредбата на патријархот Сергеј, но тие што претвараат манастир во световно (цивилно) живеалиште, правилото ги оддалечува (отстранува) од нивното владение.

Види за тоа правило и четврта глава од -Д- состав.

## ГЛАВА 23

***За сопствениот имот на епископот и како треба да го унапредува црковниот имот***

*Апостолско, 40-то*: 41-вото правило на св. Апостоли, заповеда на епископот којшто поседува имот (до неговото ракополагање) да го направи тоа јавно и да не го смешува со тоа што припаѓа на црквата, за, кога ќе умре, да има власт да го остави тој имот на кој сака и како ќе посака, впрочем, само на православни христијани, и за под изговор црковно, да не биде разграбен имотот на епископот, кој што имал некогаш жена и деца или роднини, или робови. Затоа што праведно е пред Бога и човекот, за и црквата да не претрпи некаква штета, заради непознатиот имот на епископот и за епископот или неговите роднини да не претрпат штета под изговор дека (тоа) припаѓа на црквата, од долговите што можеби лежат на тој имот и што тие би паднале во долгови, за да не се растури после неговата смрт. А ако не го направи јавно (познато; не го обелодени) својот имот, што го имал до ракополагањето, а исто така и поминатиот кон него од благоволни причини после ракополагањето, тогаш ракоположениот после него го задржува целиот негов имот, примајќи ја на себе и уплатата на долговите.

Види го тоа правило, буквално исто во 4-та глава од -Д- состав.

*Исто, 41-во*: 41-то (апостолско) правило заповеда епископот да има власт над црковниот имот и да располага со него по своја волја, користејќи се со свештениците и ѓаконите што се одликувале со добродетел и со добра репутација (доверливи). Бидејќи ако му е заповедано (на епископот) да управува со драгоцените и бессмртни души, тогаш уште повеќе треба да му биде доверено (материјалното и минливото), за да им го дава онаа потребното на браќата патници и да испраќа на нив апостоли, но не за предмети за раскош и украс и на излишни и безрасудни посакувања. Бидејќи и законот утврдил, дека тие што служат на олтарот од олтарот се хранат (издржуваат), како и војникот што никогаш нема да посака да го предаде оружјето на својот непријател за своја издршка (потреба=прехрана).

*Антиохиско, 24-то и 25-то*: Претходните две апостолски правила

во целост ги следат 24-то и 25-то (правило) од Антиохискиот Собор и додаваат: ако епископ не сака да ги задоволува потребите за живот и не само без знаење на тие што се наоѓаат во клирот (свештенството) добива црковни приходи и прави милостиња, туку, поставил роднина да го раководи сето тоа, и употребува поголем дел од приходите за сопствени потреби, од што при небрежно свртување произлезе (се појави) замешување (збрка) во сметките на црковниот имот, во таков случај тој е должен да поднесе извештај (отчет) до обласниот Собор дека сметководителот е непоткуплив. Ако пак на епископот и на тие што се наоѓаат кај него презвитери има поплаки (жалба), дека тие трошат црковен имот на самите себе и не на потребното, со притискање на сиромашните не го добиваат потребното за нивните потреби, со причинување на срамна хула на јасноста за имотот и на неговото распределување, тогаш тие треба да подлежат на реално исправување по разгледувањето на светиот собор.

Види и 4-та глава од -Д- состав.

## ГЛАВА 24

***За тоа дека епископот треба да има и економ за црковниот имот***

*IV Собор, 26-то правило*: 26-то правило од IV Собор: Епископот кој што добил црква, треба да ја управува и да има економ, кроток по природа и туѓ за секоја корист и приграбување, од клирот да е, а не од мирјаните и не од блиските до него, за да по негова волја управува како што треба со приходите на таа црква и да не ги растура (раскрчмува) подароците (даровите) од благодет, бидејќи ако му се дава на епископот власт над сè, но управувањето со црковниот имот треба да биде не без каков било сведок, за да нема какво било сомневање за напразно (залудно) и штетно трошење на тоа што им припаѓа на бедните, со правење оттука и навреда на свештенството, дека божем епископот незаконски се користи со нив, а тој што не постапува така, подлежи на епитимии според божествените правила.

*VII Собор, 11-то правило*: Тоа истото го заповеда и 11-то правило од VII Собор и додава, дека ако кој било од митрополитите сам посебе несака да постави економ над имотот од клирот, во таков случај Константинополскиот патријарх во потчинетата негова митрополија, по примањето на власта, должен е да назначи економ за неа; тоа истото се дозволува да го прават и митрополитите во однос на потчинетите нивни епископи, тоа истото треба да се почитува и по манастирите.

*Теофил, 9-то*: Теофил Александриски во 9-то и 10-то свое правило заповеда, дека економот на епископијата треба да биде определен по избор од целото свештенство, ако биде согласен и епископот со изборот, затоа што црковниот имот бил негова грижа и да биде расходован на што треба, а имено, одделено било за вдовиците, сиромашните и странците (туѓинците), и дека ништо од имотот не присвоил за себе. Затоа што служителот Божји треба да биде несребројубец и економот туѓ на тоа што му е доверено. Види и Закон во 8-ма глава на -Е- состав.

*Закон*: 53-та Јустинијанова Новела: Доликува на светлиот патријарх од тоа време и длабокопочитуваниот економ да прават расходи од црковните приходи за дела благочестиви и на Бога угодни и да даваат на тие што навистина имаат потреба и немаат други средства за опстанок, бидејќи тоа е угодно и на Господ Бог, но не на луѓето кои имаат доволно средства за да не се лишат преку тоа од неопходното сиромасите, бидејќи благољубезните економи треба да знаат дека ако тие постапуваат спротивно на оваа наредба, тогаш ќе бидат казнети од Бога и должни се од својот имот да го надоместат на црквата-потрошеното.

*Знамение*: Затоа што и милостињата братска и другите помагања, направени на луѓето, коишто имаат доволно средства и се моќни (богати), немаат законска сила, а помошта на тие што имаат потреба, во секој случај е цврста=(законска)[353].

## ГЛАВА 25

***За тоа што не треба епископ да гради манастир на штета на имотот на својата црква***

*Прв-Втор Собор, 7-мо правило*: Седмото правило на Прво-Второт Собор: Да не биде дозволено на ниеден од епископите да изгради лично за себе манастир на штета на својата епископија. Ако се најде некој да се дрзне на тоа, таквиот да се подложи на прикладна епитимија, (а неговата нова градба)=создадениот од него манастир, како должник да биде сопственост на епископијата, да биде додаден кон неа како што било и пред почетокот на манастирот, затоа што противзаконските дела не треба да служат за разорување на тоа што се прави во согласност со правилата. Ако одново изграденото се наоѓа во пределите на самата епископија, тогаш нема ниту збор, а ако биде надвор од пределите во таков случај сопственик (владетелка) на манастирот и тоа што му припаѓа нему, треба да биде таа епископија, а месниот епископ треба да има само архиерејски права. Ако пак средства на епископијата не се потрошени, или ако било кој подигне манастир од темел или возобнови некој којшто со тек на време запустел-станал трошен, во таков случај тој е достоен повеќе за пофалби отколку за укорување.

## ГЛАВА 26

***За тоа што доликува епископот од црковниот имот да дава за потребите на монасите***

*Апостолско, 59-то*: 59-то правило на светите Апостоли: Кој епископ или презвитер нема да даде од црковниот имот на осиромашен монах (калуѓер) туку презирајќи го за сиромаштијата го мачи, заповеда да се одлачи, а тој што ќе остане таков - го расчинува, како убиец на брат, доколку тоа од него зависело, макар и побожествената Промисла и да го добил тоа потребното за преживување од друго какво било место.

353 Новела III, гл. III.

## ГЛАВА 27

***За тоа што по смртта на епископот, неговиот имот не треба да биде разграбен од калуѓерите или митрополитот, туку треба да биде зачуван за тој што ќе биде хиротонисан после него***

*VI Собор, 35-то*: 35-то правило од VI Собор: Да не биде дозволено никому од митрополитите по смртта на потчинет нему епископ да го одзема или присвојува за себе неговиот имот или неговата црква, тука, тоа треба да биде зачувано или за црковниот клир на тој епископ или при недостиг на свештеници во таа црква митрополитот е должен да го зачува оној имот (богатство) за оној кој ќе биде хиротонисан за епископ, за да го предаде сето во целост.

*IV Собор, 22-ро*: Истото тоа го заповеда и 22-то правило на IV Собор: Не му дозволува ниту на калуѓер (поп) по смртта на својот епископ да ги разграбува предметите што му припаѓаат, ниту да ги прима нив, туку да ги зачува нив без секаква загуба за оној што ќе биде хиротонисан, а тој што ќе присвои за себе што било од нив, подлежи на опасност да биде симнат од својот чин (да биде деградиран во чинот).

*Закон*: Ова правило и богочестивиот цар Мануил го потврдил со издавање на царски закон, да не се одзема од народните управници епископскиот приход од тие што во смрт од животот ќе преминат. Види уште и 3-та глава од -Х- состав.

## ГЛАВА 28

***За тоа како не треба епископ да се симнува во чин на презвитер***

*IV Собор, 29-то правило*: 29-то правило од IV Собор: Нетреба епископ во презвитерски чин да се сведува, затоа што вели, сето тоа е свештенотатство, затоа што како би се крадело (одземало) свештенство од тој што неправедно е лишен од него. Тој, кој отворено попаднал во престап, одземеното од него свештенство не треба да биде давано ни местото свештеник, а слободниот од престап (невиниот) не треба да биде лишуван ниту од епископството, ниту од свештенството, бидејќи едното следува по другото.

*Кирил за одречените епископи*

Согласно со таа одредба и свети Кирил во третата глава на своето послание до Домнин-затоа што, вели, со црковните правила не е согласно свештенодејствувачки да се одрече од својата црква; бидејќи достојно есвештено активните не треба да се одрекуваат, а ако се недостојни, тогаш треба да заминат не по одрекување, туку по обнародување на прекршокот (престапувањето).

*Зри (Внимание):* Ако пак се случи кој било да се одрече од епископијата и го остави довереното паство, тоа е неправедно, затоа што тој да држи богослужба е неразумно и тешко е да се допушти, дека тој што се покажал мрзлив во однос на грижата за душите од очекувањата, т.е. од учителството и усовршувањето на народот и ако со сила му се забранува неговиот стремеж кон подобро, се одрекол, а тоа што претставува чест и

уживање, го задржал и го присвоил за себе.

*Прв-Втор Собор, правило 16:* И од 16-то правило на т.н. Прв-Втор Собор се смета за крајно неразумно решението дека може архиереј кој се одрекол од епископијата, да го задржи свештенството и потоа, затоа што тоа правило (вели) поминатиот во одлачување (надвор) од својата епископија повеќе од шест месеци и не бил задржан од каква било оправдана причина заповеда да се лиши и од епископијата и свештенството, а ако помалку згрешените така се осудуваат, тогаш на каков начин целосно одречениот од епископијата и пренебрегнувајќи во текот на целиот живот да работи (да се грижи) за стадото не само не се подложува на поголема казна некој кој го оставил (напуштил), доколку од него зависело, на волците довереното на него од првиот Пастир Христос свештено стадо, туку уште на таквиот можат да му бидат оставени привилегиите на свештенството, како награда, зошто зборува и 10-то правило на светиот Дионисиј: Бидејќи, ако од почетокот повиканите за грижа над народот во случај на нивно непочитување, правилото заповеда да се одлачат, тогаш кој од тие што имаат ум (кој разумен) без страв (опасност) може да прими одречение на веќе поставените, а да не ги подложи нив, ако би имал можност, на крајна казна? Кон тоа самото и името епископ го означува (неговото) дело и дејност, а со прекинувањето доброволно на дејноста се лишува очигледно и од титулата, а на тој што му е несвојствено да се нарекува епископ, тој како може да биде член на свештенството? Како може да се нарекува хиерарх (архиереј) тој што нема потчинет на себе клир и да не началствува над посветените? А на тој што не му припаѓа името хиерархија (архиерејство) уште повеќе не му припаѓа на него дејството, што се однесува до неа, бидејќи тој што не учествува во името уште повеќе не учествува во делата. Така, не треба да се прифаќа просто одречението (отказот) зар кој сам себе си се признае за недостоен за свештенство, а по откривањето на тоа се одрече, заедно со одрекувањето да биде лишен и од секакво свештеничко достоинство.

*Послание на III Собор до епископот на Памфилија:* Но, и од посланието до Памфилијскиот епископ од светиот III Вселенски Собор за некој Евстатиј, за тие што разбираат правилно, станува јасно дека одречените од црквата се лишуваат заедно и од тоа и од другото, и од епископијата и свештенството, кон тоа пак и тоа, што целосно одречените архиереи од епископијата не се сметаат за невини: Затоа што Евстатиј, епископот на Памфилија, притиснат од сиромаштија и се одрекол заради малодушност и неактивност (од епископијата), доставил писмена оставка од епископијата и макар таму бил ракоположен друг (на негово место), но, тој после сето со солзи дошол кај свештениот Собор и не барал свое враќање во црквата и не водел спор со тој што ја добил, туку барал само да го користи името и честа на епископ. Отците на Соборот, трогнати од солзите и длабоката страст на Евстатиј и стравувајќи дека од прекумерна жалост со него нешто не се случи, признале за праведно, дека тој може да го носи името епископ и честа и општењето, така што можел да влегува внатре

во Олтарот и се приближува, но дека сам не може да свештенодејствува и да не хиротонисува, ако не му биде дозволено од месниот епископ. А одлуката била донесена од овие свети Отци не врз база на црковните правила, туку според благоразумноста и необичното оправдание, како што тоа јасно може да се најде со внимателно читање на Посланието.

## ГЛАВА 29

***За тоа што епископ-потстрижен за монах се лишува од свештенството***

*Фотиј, 2-ро*[354]:Второто правило на соборот со кој раководел патријархот Фотиј (соборот се одржал во св. Софија) не дозволува на архиереј којшто примал монашка облека, да си присвојува за себе и понатаму правото на архиерејство, затоа што монашкиот живот е завет за покајание и постојана жалост. Така, на каков начин и во што тој што ја заменил големината (височата) на архиерејското достоинство во споредба со смирениот монашки живот, а одлучил да го предпочита чинот на покајник и ученик во споредба со учителското достоинство - да биде повторно (директно) вратен кон тоа што го оставиле од себе самото дело? Но, нетреба архиереј, кој што облекол монашка облека, потоа примил велики и ангелски лик (образ) да присвојува за себе право и свештенство бидејќи ако е мал ликот (образот) кој е залог за совршениот лик (образ) може да лиши од архиерејство, тогаш уште повеќе совршеното потстрижување. Но, тоа нетреба да биде пречка за свештениците (поповите), бидејќи тие немаат место на учители и затоа ним и после потстрижувањето не им се забранува да свештенодејствуваат, така што правилото во однос на нив нема место[355].

## ГЛАВА 30

***За тоа дека не треба да има епископ во мал град или село***

*Сардикиско, 6-то*: Шестото правило од соборот во Сердика заповеда дека не треба да се поставува (ракополага) епископ во село или град сосема мал, за којшто е доволно да има и еден презвитер, за епископското достоинство од многумина да не биде сметано за некакво ниско дело и достојно за презир (потценување) туку да се хиротонисува само таму каде што имало древен обичај да има епископ. Ако пак кој било од градовите, претходно бил со немногубројни жители, подоцна има многу жители (стане многу населен) и биде признаен за достоен за епископ, во таков случај тој треба да добие епископ во согласност само од Соборот, според Апостолското правило (34-то) коешто вели дека без волја на Соборот епископот не треба да врши (прави) ништо важно, за тоа види и 11-та глава на овој состав. Што се однесува до избраниот епископ од народот на градот и хиротонисан од обласниот епископ, за што е кажано и во други

354 Во грчкиот текст стои: Συνόδον ἁγίας Σοφιάς в.

355 Види коментар во руското издание, стр. 153.

различни правила, тогаш сето тоа е кажано и во други различни правила, тогаш сето тоа нема важност (дејство), затоа што ракополагањето на епископот и изборот негов произлегол преку областниот епископ.

*Лаодикејско, 57-мо*: Тоа истото го заповеда и 57-то правило на Лаодикејскиот Собор, дека во малите градови и села не треба да се поставуваат епископи, туку обиколен, којшто ние ги нарекуваме и егзарси, затоа што тие ги обиколуваат и подучуваат верниците, а своја катедра немаат. Ако некои, вели правилото, се поставени тука  епископи пред ова правило, тогаш тие не треба ништо да прават без волја на градскиот епископ, преку кого што биле удостоени со таков чин, исто така и презвитерите (не треба ништо да прават без волја на епископот-б.м.).

*Картагинско, 58-мо и 98-мо*: Согласно со тоа (правило) заповеда и 58-то и 98-то правило од Соборот во Картагина, дека не треба да има епископ во сиромашни со приходи и малку населени (места). А ако се случи да има, тогаш воопшто не без волја на епископот, којшто владее со нив, а поставениот во нив треба да се задоволни само со нив и да не се простира подалеку од него и да не  се стреми кон присвојување на други приходи, небаре нему му припаѓаат, зачувувањето на пределите на епископијата да се запазат непроменети и понатаму, според целата строгост на правилата.

*Знамение*: А да се основа нова епископија во приходите, потчинети на други епископии, не било обичај, освен ако тоа го дозволила царска грамота, бидејќи великиот Собор не дозволува основање нова епископија без царски указ.

## ГЛАВА 31

### *За селските (областните=хорепископи) епископи*

*Знамение:*  Така, бидејќи божествените отци не дозволиле да се поставува епископ во сиромашен и мал град, а просудиле, дека треба да се поставува во такви селски (хорепископи), тоа мислам, не на неопределено, да биде за кратко, како би на минување, да се каже овде и за нив, иако е заповедано да се молчи за тој степен.

*Неокесариско, 14-то:* 14-то Неокесарејско правило вели: Селските епископи, носат лик на 70 Апостоли, како и епископите-лик на 12, на кои Господ, дувнувајќи на нив им рекол: примате го Духот Свети, и така ослободете се од гревовите ослободете се од него и  следното (другото); тие добиле благодет (власт) да го раздаваат Светиот Дух на други, но таа власт не била дадена на седумдесетте (70) како што се гледа од тоа што сведочи книгата Дејанија за Филип, еден од седумте ѓакони што отишол во Самарија и многу таму што се наоѓале покрстил, но светиот Дух не им бил соопштен, поради што од Апостолите биле испратени Петар и Јован, коишто ги ставиле рацете на крстените и им ја предале благодетта на Светиот Дух, затоа што Тој уште не слегол на нив. Така, селските епископи, исполнувајќи го ликот (образот) на 70-те апостоли, не хиротонисувале ниту презвитери, ниту ѓакони, бидејќи не можеле да им

ја предадат благодетта на Духот. А поштените (селски епископи) вели правилото само можат да принесуваат божествени дарови, заради грижата за распределување на бедните што се собираат во црквата.

*За свештениците духовници*

Така, ако селските епископи, кои имаат поголема предност во споредба со презвитерите, не можат да даваат ослободување од гревовите, ниту (благодет) на Светиот Дух, тогаш, уште повеќе презвитерите не можат ниту да помислат, ниту да решат и да го преземат гревот, ако не ја добијат својата власт од епископот на таа област.

*Антиохиско, 10-то*: 10-то правило на Антиохискиот собор заповеда, дека селските епископи хиротонисани од градскиот епископ во село потчинето на него и што од нив не се хиротонисувале ниту презвитери, ни ѓакони, освен само четци, подѓакони и заколнувачи, а тие што ќе го прекршат тоа правило се лишуваат од свештенството.

*Анкирско, 13-то:* Истото тоа го вели и 13-то правило од Анкирскиот собор, дека селски епископи не хиротонисуваат презвитери и ѓакони. А ако им биде дозволено со писмена потврда (повелба) во таков случај тие можат да хиротонисуваат презвитери и во друг град.

*Василиј:* А Василиј Велики пропишува (во правило 89) потчинетите на него селски епископи да не хиротонисуваат без негова волја служители, т.е. подѓакони, така што тие без искушување ставале рака на многу и од недостојните. Инаку знајте, вели, примениот во црковно служење без моја дозвола ќе биде мирјанин. А кој е во состојба според достоинството да посака и друго, што се содржи во посланието?

## ГЛАВА 32

### *За престапување на клетвата (клетвопрестапување=нарушување на клетвата)*

*Апостолско 25-то:*25-то правило на светите Апостоли, епископ, или презвитер или ѓакон ако биде откриен во клетвопрестапување или во блуд или во татба (кражба), заповеда да се изопшти (исфрли), но не да се одлачи, бидејќи не е својствено нам да казнуваме двапати за едно (за еден прекршок).

*Василиј, 10-то*: Десеттото правило на Василиј Велики-заколнат, вели, да не прима хиротонија, не треба да биде принудуван да ја наруши клетвата. Иако можеби, ќе речете дека постои правило коешто дозволува повторно ослободување себе си од заветот којшто неразумно (непромислено) сме го наложиле на самите себе, но од искуство знаеме дека таквите не се благоволни на Бога. Впрочем, потребно е да се разгледа и видот на клетвата и зборовите (да не е) од малодушност (со кои тие) се заколнале и ситните додавки во зборовите, не ли е од малодушност, на пример, а не според цврста волја биле принудени да дадат клетва, а кога не се покажува никакво оправдување треба да се остават таквите. А понатаму го вели следното: кај некој Лонгин имале село (поле=нива) наречено Миндала (Миндана) потчинето на Мистијската епископија.

Некој Севир, епископ Мисадски, хиротонисал во храмот што се наоѓал во тоа село за презвитер некој Кириак, кој што имал дадено клетва да живее (престојува) во храмот и да биде потчинет на неговата епископија. Епископот, пак, на таа област му забранил на Кириак како хиротонисан од друг (епископ) да свештенодејствува во црква што му припаѓа нему, а потоа Кириак ја напуштил неа, заминал, а навредениот Лонгин се заканувал дека ќе го испразни храмот и ќе го разори до темел. Така, светиот (отец) бил прашан дозволува ли селото, во кое бил хиротонисан Кириак да го потчини на Масадската епископија, иако тоа припаѓало кон друга област, а Кириак повторно да се врати тука, бидејќи на таков начин, вели светиот отец и ние не сме принудени да правиме нешто против правилата благонаклоно на Кириак, и тој не ја нарушува клетвата, така што и клетвата не била приложена, дека тој да не го остава селото на кратко време и Лонгин да не го испразнува храмот и не прави штета на својата душа. Гледај на каков начин светиот од истаражувањето на зборовите видел таква смисла, што тој што дал клетва не претставувал нарушувач на неа. Што се однесува до Севир, обвинет за тоа што хиротонисал (презвитер) надвор од својата област и го испратил на заборав, тоа го оставаме, вели светиот, да го казни Бог, тој што ја знае и истражува (испитува) тајната. Ние самите без сомнение да го примиме него, давајќи простување и заборав - општочовечката немоќ, затоа што ние не судиме според срцето, туку судиме според тоа што слушаме, иако тој причинил многуразлична штета на Црквата, со тоа што хиротонисал не според правилата, надвор од својата област, сврзал клетва покрај Евангелието, преместувањето на презвитерот ја научил клетвопрестапноста, а другите ги лаже со привидно заборавање.

*Истиот, 17-то*: Во 17-то правило (на истиот светец) ова е разјаснето: Некој неверен добивајќи ја управата (власта) над Антиохијците, заплашувајќи ги со закани некои од тамошните свештеници, со насилство и принуда ги довел до тоа што тие дале клетва да го остават свештенството, еден од нив, некој по име Вианур, се преселил во Иконија, за него Василиј Велики, на прашањето од божествениот Амфилохиј и зборува, дека јас ја изложив општата определба и правило за сите презвитери, што дале клетва во Антиохија, за тие да се отстранат од општите собранија, но на чесен начин да го исполнуваат својственото за презвитерите, за да не направат виновници од соблазна за тие коишто би ги виделе да свештенодејствуваат после клетвата. А на овој Вианур уште повеќе му се остава правото на служење, затоа што тој е најден да свештенодејствува не во Антиохија, туку во Иконија. Така тој може да биде прифатен: Токму твоето благочестие да побара од него покајување за искористување на клетвата, којашто тој ја дал на неверниот човек, неможејќи да го поднесе вознемирувањето од она мало страдање.

*Истиот, 64-то и 82-ро*: Но, во 64-то правило, клетвопрекршителот од верниците (мирјаните) неопределено го оддалечува од Светите Тајни на 10 години, а во 82-то употребува разделување на тие коишто по

принуда и насилие ја нарушиле клетвата и определува (св. Отец) да се примаат после шет годишен срок, а тие кои без принуда ја промениле (се откажале од) својата вера, бидејќи прекршувањето на клетвата е одрекување од Бога, после 11 години се удостојуваат со божествената Причеста, ако покажат достојно покајување. Но, на такви епитимии подлежат тие кои доброволно со посредство на исповед свечено го откриле гревот и побарале избавување, но, не и тие кои се покажале прекршители на клетвата по откривање на други. Овие последните, освен паричната казна, подлежат и на поголема казна и од Црквата, бидејќи се откриени, како што многупати е кажано, тоа ја удвојува тежината на гревот, слично како и покајувањето што ја омекнува строгоста на казната. Гревот прекршување на клетвата е многукратен (различен), па затоа не е лесно да се исцели, затоа што многу се исцелува тој што се заколнал од лекомисленост и ја нарушил клетвата, поинаку, тој (што се заколнал) од принуда, поинаку отколку тој што се покајал, поинаку тој што се заколнал за да избегне каква било опасност, а каде ќе го ставиш ти, тој кој го направил тоа по заговор? А каде треба да биде сместен тој што ја нарушил клетвата, направена за што било на шега или од глупост? А некој нарушил телесна клетва[356], а некој писмена, што треба да очекувам во однос на овие? Затоа треба внимателно да се истражуваат слични случаи и според тежината да се исцелуваат (решаваат).

*Истиот Василиј, 29-то*: Во 29-то правило - тие од управниците (владетелите) коишто се колнат дека ќе ги подложат на притисок (затвор, измачување) некои од потчинетите, св. Василиј Велики заповеда да се исцелуваат на два начина: од една страна да ги учат дека нетреба да се колнат набрзина, а од друга, за да не ја спроведуваат во исполнување злата (лошата) и бесчовечна намера, туку да донесат покајание за безрасудноста на клетвата и предлог за страхопочит кон клетвата да не се утврдуваат себе во злоба, затоа што ни Ирод не успеал да биде добар во клетвата, бидејќи почитувајќи ја клетвата, бил вовлечен во убиство, предавајќи го на меч најдостојниот во целиот свет Пророк. Воопшто е забранета секоја клетва, а толку повеќе, без сомнение, таа која е дадена на зло (штета) на кој било. Токму затоа заколнатиот (тој што дал клетва) треба да се покае, а не да се премислува да ја спроведе во исполнување незаконската намера. Бидејќи, ако кој било се заколне да му ги извади очите на некого, или го убие, или да наруши што било од заповедта, тогаш треба да се разгледа, што е подобро, да се прекрши клетвата, или да го реализира злото и ја наруши заповедта? Се заколнав рече Давид и решив да не направам грев, туку да ја зачувам судбината на правдата Твоја. Како што доликува заповедта да се утврдува целоста на намерата, така сечиј грев треба да се оневозможи. Но, и тој што ја нарушил без потреба законската клетва, подобро да се казни, отколку да претрпи насилство, ако пак

356 Телесна клетва се нарекува таа кога некој се колне во својата глава, очи, здравјето и сл.

клетвата е незаконска и е дадена со таква цел, за да направи на кој било зло, или го лиши од што било добро, или пак, ако кој било се заколнал во таков предмет, кој што е недостоен да се употреби во клетвата, тогаш нарушувањето на клетвата не подлежи на казна, а добива (нарушувачот) умерена епитимија од епископот. Но, бидејќи клетвопрестапниците се казнуваат, а тие кои држат до клетвата се ослободуваат од казни и значи - да се дава клетва се дозволува, тогаш може некој да рече: а што ние ќе правиме со Евангелската заповед, која предвидува: не колнете се во секој (Матеј, 5,34).Но, според мое мислење, бидејќи Евангелието се занимава за искоренување на правото, тогаш ја забранило и клетвата, како врата на клетвопрекршување, а инаку истото тоа би било и со тие што го достигнале совршенството, затоа што тие, според заветот на Спасителот треба да го предадат својот имот и да го разделат на сиромасите, бидејќи ако сите се обврзани да продаваат, тогаш кој ќе купува? Таква е и втората Евангелска заповед, дека удирајќи по едната шака (рака) да не ја штедиме и другата и доколку некој сака да ви ја земе наметката, дајте му ја и кошулата, и другите Евангелски заповеди, коишто не се задолжителни за тие на кои им заповедуваат, а се предлагаат на произволност и на тие што не ги спазуваат, не им прават никаква штета, а законската Евангелска клетва не се отфрла, затоа што царевите облечени во порфирно благочестие, дозволиле употреба на законска клетва, а противзаконските и нерасудните целосно ги забраниле.

А кога некој од благородните луѓе дал клетва насекаде да се воздржува од месо во третиот ден од седмицата (во вторник), мислејќи со тоа да го почитува чесниот Претеча, и кога било предложено на разгледување од Соборот, треба ли нему и во празникот Рождество Христово, ако се случи во вторник да ја почитува клетвата за пост, тогаш светлиот оној патријарх Лука со потчинетиот нему Синод одговорил, дека иако е убаво дело постот и во секое време, но не треба да се претпочита таква клетва за Господовиот празник: бидејќи ако Апостолите го казнуваат тој што пости или клекнува на колена во сабота или во денот Господов, тогаш како може да простиме претпочитување на чесната и самоволна клетва за пост на Господовиот празник и духовната веселба?

Види и 9-та глава од -В- состав, правило 28-мо на овој светец и во Прва глава на -А- состав, правило 81.

*VI Собор, правило 94*: 94-то правило на Шестиот Собор споменувајќи за ова, вели: доколку заколнувачите се колнат со елински клетви (клетви на паганите), како на пр. се колнам во сонцето или во што било друго, 81-то правило на Василиј Велики ги подложува на епитимии, така и ние за таквите определуваме-одлачување.

*Закони:* За епископите и свештениците до четци е забрането да се колнат. Писмената исповед за нив ја заменува клетвата[357].

Епископ, кој се откажал од својот потпис на изборот на архиереи и

357 D. 25. Cod. I. 3.

само во тој случај - се исфрла (отстранува), а во други случаи не се исфрла, но се подложува на казни според законот.

72-та Новела на царот Лав Мудри вели: Секој запис на кој со раката на составувачот е нацртан лик (претстава) на чесниот и живототворен крст, треба да има сила и непроменетост, макар и да не е обезбедено со парична казна.

Никој, којшто се заколнал во Бога да не се подложува на казна, затоа што Бог е праведен казнувач за (лажна) клетва, а тој што се заколнал во Царот по некаква ревност (преданост) (во однос на неприкосновеноста на царот) му се простува, впрочем, заколнатиот во царот дека ќе го плати долгот, а потоа ја прекрши клетвата дава казна (пенали), се лишува од своето дело и се лишува од граѓанската чест[358].

Во сомнителни случаи судијата обично предлага клетва и на таков начин го решава делото[359].

Јас имам право да ти предложам тебе да се заколнеш во твоето спасение, а исто тоа, кога некој се заколнал во својата вероисповест, а клетва, дадена по вероисповед не е призната по законот, не се почитува[360].

Тој што ќе даде заклетва во црквата под светото Евангелие по судско решение или по барање на противникот, и се открие после тоа дека ја прекршил, треба да биде казнет со отсекување на јазикот, тоа истото се однесува и на сведоците[361].

Клетвата е збор (слово), кој сам по себе ја потврдува вистината.

## ГЛАВА 33

### *За старателите и туторите*

*IV Собор, 3-то (правило)*: Третото правило од IV Собор забранува на свештеници или монаси да земаат на откуп туѓи имоти заради гнасна корист (придобивка), што имено и значи да ги уредуваат мирските дела со негрижа за божественото служење, - освен ако според законот биде повикан кој било за неизбежно старателство над неполнолетните.

*За младите =(малолетните) и недораснатите (неполнолетни)*

Малолетните се даваат на старатели, а неполнолетните на тутори. Малолетни се нарекуваат машките кои не достигнале 14 години и женските што не достигнале 12 години, а неполнолетни се нарекуваат оние што ја преминале таа возраст, но недостигнале уште 25 години, без разлика дали се машки или женски. Може и градскиот епископ да им нареди на наведените лица да имаат туторство за црковните работи или за сиромашните и безпомошни вдовици, и посебно за тие за кои е потребно да им се даде црковна помош, заради страв од Господа, како што е пос-

358 44 Βασ. XXII, 5 и 45 Βασ. XI, 2. Во руското издание се упатува и на: cap. 44, tit. V, XXII lib. Basilic. “quodam calore”; Tom 11, p.566.

359 31 Βασ. XXII. 5.

360 Βασ. XXII. 5.

361 Προχ. Νομ. XXXIX, гл. 46.

ведочено (прикажано) во Дејанијата на Апостолите дека Апостолите ракоположиле 7 (седум) ѓакони, да не бидат презвитери во секојдневното служење на вдовици, но не дозволуваат на такви лица да се вмешуваат во распределувањето заради корист или слава. А тие што имаат потреба од црковна помош се прибегнатите кон црквата за да го избегнат притисокот од посилните луѓе или тие што направиле каква било (постапка) или неправедно биле вовлечени во ропство и бараат застапништво, за коишто и постојат едикти (закони), а тие што ќе ги прекршат овие одредби правилото ги подложува на парични казни. Така, сите попови (свештеници) и монаси по наредба на својот епископ можат да ги уредат не само црковните, туку и граѓанските дела и исто така да прифатат на себе старателство и туторство, а на епископите и монасите без внатрешна наредба не им се дозволува да прифаќаат на себе ниту старателство, ниту туторство, макар тие да се повикуваат на законите, свештениците пак, кога тие се повикуваат на законите, не им се забранува да прифаќаат на себе и едното и другото, освен ако воопшто не се забранува да ги уредуваат црковните дела без дозвола на епископот.

*Закони:* На богољубезните епископи или монаси никаков закон не дозволува да бидат старатели и тутори на какво било лице, да управуваат со тоа што треба да биде раздадено за помен на душата, кога тоа е порачано (заветено) со оваа наредба, не забранувам, бидејќи предноста на архиереите е својствена да го умилостуваат (Бога) за гревовите[362].

На презвитери, ѓакони и подѓакони им дозволувам да прифатат на себе старателство или туторство само тогаш, кога тие се повикани за таа служба по прво родство[363].

А да бидат под туторство, според граѓанските закони, се слободни лица, коишто според својата возраст не можат да се заштитат самите себе[364].

Туѓ роб не треба во завет да се остава на тутор[365].

Не бидува за старател и тутор тој што има повеќе од 70 години, ниту тој што нема 25 години возраст, затоа што како може да биде старател или тутор тој што самиот има потреба од туѓа грижа[366].

Блудните (развратните) и бесните (лудите), иако се полнолетни треба да бидат надгледувани од свои роднини[367].

На никого не му се препорачува повеќе од три (3) туторства[368].

На синовите на пленетиот (заробениот) не им се дава тутор, туку се назначува управител (управник) над имотот, бидејќи по враќањето на

362 I Βασ. III, 1. Новела на Лав Мудри-68-ма.

363 Βασ , на истото место.

364 Προχ. Νομ, XXXVI, 1.

365 XXXVII Βασ. XXXVII, 2.

366 κηδεμονίας, IX Βασ. XXXVII, 4.

367 XVIII, Βασ. XXXVIII, 10.

368 87 Βασ. XXXVIII, 10.

таткото тие се под негова власт, како тој никогаш да не бил во ропство[369].

На тој што има управник (тутор) болен или стар човек од кнезот му се назначува тутор[370].

Ако управниците (туторите) украдат предмети (имот) на неполнолетни, тогаш секој од нив да плати двојно.

Се претпочитаат пред женскиот пол - машките, ако се на совршена возраст, жена не може да биде старател, и не може да прими служење кое се однесува кон туторство, освен ако таа е мајка или баба[371].

Управник (тутор) може да биде близок роднина, а ако повеќе роднини имаат ист степен на сродство, тогаш сите тие се управници[372].

Види и глава 15 од -М- состав.

## ГЛАВА 34

***За скопците (евнусите)***

*Апостолско, 21-во:* 21-вото свето апостолско правило вели: Евнух, дали од човечко насилство таков е направен, или во гонење од машките полови органи е лишен, или пак е роден, и ако неговиот живот биде чесен и непорочен, треба да биде произведен во свештеник.

*Исто, 22-ро:* 22-то пак вели: Којшто сам себе си ги отсекол крајните (срамните) уди, да не биде примен во свештенство, затоа што самиот себе се направил самоубиец, од причини што опасноста од тоа дело можела да му нанесе смрт на самиот себе и отворен непријател на Божествените твари (творенија).

*23-то*, пак вели: Којшто, свештеник (поп) сам себе си ги одреже удите, да биде исфрлен, како очигледен самоубиец.

*24-то*, пак: Мирјанин (верник) кој самиот себе се скопел (кастрирал), на три години треба да биде одлачен од светите тајни, како заканувач на сопствениот живот, покрај тоа (него), тогаш кога Бог ги создал нив со машка природа, тие сами себе се преместиле на друга природна страна (друга непозната природа), така што не се мажи, бидејќи го уништиле местото за семето и способноста да родат слични на себе, а не се ни жени, затоа што не можат по својата природа да раѓаат.

*I Собор, прво правило:* Тоа истото го определува и првото правило од I Собор, дека тој, кај кого лекарите по невнимание (за време на болест) или варварите го лишиле од детеродните делови, не се одлачува од клирот, оној којшто бил здрав, намерно се скопел самиот себе, таквиот да не се прима во клирот, туку да се изгони, па макар и да бил член на клирот, а тие што се од варварите или од Господ (Владиката) скопени се допуштаат во клирот, ако и според животот бидат соодветни за свештенство.

369 VI Βασ. XXXVII, 1.

370 X Βασ., на истото место.

371 Προχ. Νομ. XXXII, гл. 8.

372 Προχ. Νομ, на истото место.

*I и II Собор (Прво-Втор), правило 8:* Така наречениот Прво-Втор Собор, правило 8, тие што скопаваат други, на своја рака или со дозвола, како осквернувачи на Божјите созданија, свештениците заповеда да се исфрлат, а да биде скопен заради лекување, затоа не треба да се обвинува ниту свештеникот што наредил болниот да се скопе, ниту верникот, тој што на своја рака го прави (врши) скопавањето, доколку тоа го докаже дека е за лекување на болниот, а не од злоупотреба против тварите или за осуда на творечкото дејство, е невиновен.

Види и 19-та глава од составот -Г- и правило 5 од Шестиот Собор.

*Закони:* Никој од Ромеите да не се скопава, исто така и надвор од Ромејската земја, и никој да не купува скопен Ромеј, но и скопениот и тој што го купил и во книга што го запишал, условите и царината што ја дал, и тој што за тоа добил потоа, - заповедам да се казнат. А скопените надвор од ромејската земја варварски заробеници, им се дозволува на сите трговци да ги купуваат и продаваат. Ако некој роб биде скопен кај нас, тогаш нему веднаш му се дава слобода, макар да бил скопен по причина на болест[373].

Тој што ќе скопе кој било за задоволство или за трговија, ако е благородник (богат) се казнува со одземање на неговиот имот и предавање во државната благајна, а ако е од сиромашко потекло, тогаш се предава на меч и на ѕверовите.

Новелата, пак, на царот Лав Мудри,- евнухот којшто соживеал законски со жена, заповеда да се подложи на казна за блуд, а свештеникот, што незаконски ги сврзал (во брак) се лишува од свештеничкото достоинство, но се дозволува на евнусите да посинуваат кого тие сакаат[374].

## ГЛАВА 35

### *За благочестивите молитви*

*VI Собор, 75-то:*75-то правило од VI Собор заповеда, тие што се молат во црквата и тие што пеат а не испуштаат (издаваат) напади и напрегнати звуци, туку со огорченост во срцето=(жалост во срцето) и смирено расположение на духот и со внимание да прават молитви и псалмопеења, за и со внатрешното расположение на духот и надворешниот изглед ја да привлечат милоста Божја кон грешните. Бидејќи страхопочитта, вели книгата на Левит, ќе ве направи синови Израилеви. Правилото исто така забранува да се употребуваат остри и непристојни мелодии, измешана помпезност и игривост на песнопенијата, што повеќе наликува на театрални песни, отколку на црквата Божја. А тоа повеќепати било забранувано од многу патријарси со решителни забрани, заповедано било да се употребуваат прости и непомпезни псалмопеења и во целоноќните и во погребните обреди за да се држи древниот и богољубезен обичај и ништо повеќе немало.

373 85 Βασ. XIX, 1; Јустинијанова Новела 142, гл. 2.

374 Новела на Лав, 26.

*За Трисветата песна*

81-вото (правило на истиот Собор) и тие, кои не се срамат да ги смешаат =(придодадат) кон Трисветата песна зборовите на Петар Бјалилник (Кнафеј) кон зборовите „Свети Бесмртни“ ги додаваат зборовите: „Распни се за нас, помилуј нас“, - ги подложуваат на погубно осудување, - анатема, бидејќи таквото додавање или воведува четврто лице и го поставува настрана (одделно) Синот Божји, на страна на составната сила на Отецот, и одделно распнатиот Христос, како било поинаку, одделно од Крепкаго, или ја допушта мислата за страданијата на Троица и за сораспетие со Синот и Отецот и Светиот Дух. А ние знаеме од црковната историја, дека кога во Константинопол, за време на архиепископот Прокол, народот огорчен од некакво страдање испратено од Бога, направиле молебствие, занесено било на воздух дете (момче) и таинствено бил научен на самата таа песна и спуштајќи се ги известил присутните на таинственоста што му била откриена нему, и кога народот ја запеал песната без додавање, несреќата испратена од Бога престанала.

Но, и светиот и Вселенски IV Собор утврдил да се пее Трисветата песна на тој начин, како темниот и коварен (неверен) род на Ерменците не останува и до денес до тоа мрско заблудување. - Види и во 11 глава на -В- состав, правило 15 од Лаодикејскиот Собор.

*Лаодикејско, 16-то*: 16-то правило на истиот тој Собор (Лаодикејски) заповеда: во сабота со другите Писанија да се чита и Евангелие. Бидејќ и порано постојниот сега чин во молитвите и песнопеењата во сабота се состоеле само од молитви и на тој начин свештениците принесувале бескрвна жртва; Евангелие или какво било друго Послание не се читало во црквите, така што врз основа на правилото природно празнувале, но не постеле и не коленичеле во сабота.

*Истото, 17-то*: 17-то (правило на истиот собор) со загриженост заповеда, (дека) седилните Давидови Псалми да се разделат на заседанијата и меѓу нив да има читања, за народот да ужива заморувајќи се во непрекинатоста на псалмопеењата не се оддалечи од црквата.

*18-то*: пак (правило на истиот Собор) предвидува, преданите молитви да се кажуваат на време и на вечерна и повечерна и да не составува кој сака сопствена молитва и да не ја кажува на Собранијата.

*Картагинско, 103-то*: Согласно со овие правила определува и 103-то правило од Картагинскиот Собор, дека, во молибствијата на секоја литургија да се читаат само тие молитви кои ги составиле просветените (разумните) - мажи, и утврдени на Собори, и првобитните, т.е. произнесените до божественото Евангелие, и молитвите предложени од подучувачите (учителите) во кои свештениците ги предлагаат нив на Бога, и молитвите при положените раце на хиротонисуваните и тие што се наоѓаат во покајание, а да не се допуштаат нови молитви, воведени од некои; затоа што не се испитани од Отците - сомнителни и предизвикуваат страв, дека е примешано нешто несоодветно на вистинската вера.

*Лаодикејско, 19-то*: 19-то правило од Лаодикејскиот собор вели, дека

првин треба да бидат молитвите од учените (поучувачите) и тие кои се наоѓаат во покајание, а потоа молитвите за верниците, потоа определува правилото, единствено само на свештениците им е дозволено да влегуваат во олтарот и да се причестуваат. Види и во 9-та глава на -В- состав, правила 5 и 20 од соборот во Гангра.

*Картагинско 114-то*: 114-то правило на истиот во Картагина Собор на анатема ги предава тие што мислат дека Апостол Јован нé наговара нас кога вели: ако речам, грев нема, себе си се лажам и вистината не е во нас. (1. Јован, 1, -8). Од зборовите во тоа послание се покажува разбирливо мислата на апостолот кога наведува: ако пак го исповедаме гревот наш верен е и праведен, ако ги оставиме гревовите наши и се очистиме од секаква неправда. (1. Јован, 1,9).

*Истиот (Собор), 115-то и 116-то*: 115-то и 116-то правило од тој Собор, кој мисли дека светите, кога произнесуваат слова (молитви Господови): и прости ни ги нам долговите наши и самите себе се сметаат за ослободени од долговите, изговараат тие за оние што грешат во народот, бидејќи самите они и покрај сé немаат потреба од тоа проштение, ги подложи на анатема. А дека кај светите некогаш имало не само еден вид молитви и не лицемерно смирение, но вистинска болка (тага) во срцето, тоа го покажува великиот Јаков, велејќи: многу грешиме сите, и Давид (вели): не влегувај во суд со робот твој, ако не се оправда пред тебе секој жив, и Соломон во молитвите (вели): нема човек, којшто не згрешил и Јов: да ја познае секој човек немоќта своја, и Данаил: згрешивме, беззаконуваме, и другите, бидејќи кој би стрепел од преправањето на тие, кои што мислат спротивно од своите слова, - коишто, т.с. со устата бараат простување на гревовите, а во срцето се надеваат дека тие се далеку од нив и на тој начин лажат не пред народот, туку пред Самиот Бог?

Види уште во 37-ма глава на -К- состав, правило 90 од VI Собор.

*Закон:* Заповедуваме на сите епископи и презвитери да ги извршуваат божествените принесувања (молитви) и молитвите при светото крштевање, не со молчење, туку на глас да ги чуе верниот народ, затоа што тоа ги возбудува душите на слушателите кон поголемо умиление и славење на Господ Бог.

## ГЛАВА 36

### *За поучувачите (законувачите)*

*Лаодикејско, 26-то*: 26-то правило од Лаодикејскиот собор вели дека не прилега некој да подучува или да речеме да учи, ако не добил хиротонија (ракополагање) од епископот.

*Антиохиско, 10-то*: Антиохиското 10-то правило дозволува и на селските (хор)епископи да хиротонисуваат подучувачи. Види уште во 31-ва глава на -Е- состав.

# ОДРЕДБИ ОД -З- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За топлата вода што се става во Божествените тајни***

Види во 8-ма глава на -К- состав, правило 32-ро од VI Собор.

## ГЛАВА 2

***За зографисувањето, што прави штета на душата со посредство на нечистото задоволство***

*VI Собор, 100-то правило*: Стотото правило од VI Собор нацртаните на ѕидовите непристојни живописи, коишто ги возбудуваат набљудувачите кон неубави задоволства, целосно се забрануваат, така што внатрешните чувства очигледно со посредство на нив, како и чуеното, удобно се впуштаат и се таложат во душата на тие, коишто не го концентрираат вниманието. Токму затоа и говори Премудроста: твоите очи право да гледаат и сѐ што гледаш е храна за твоето срце.

## ГЛАВА 3

***За скотоложинциите и глувите***

Види за тоа глава 5 од -А- состав

# ОДРДБИ ОД -И- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За игумените***

Види 6-та глава од -А- состав.

## ГЛАВА 2

***За возраста за ракополагање на свештеници (клерици)***

Види во 5-та глава од -Д- состав, правила: VI Собор 14-то и 15-то и IV Собор 15-то и Картагинскиот собор 15-то, коишто заповедаат да се ракополагаат во презвитери на 30 години, ѓакони на 25, ѓакониси-40 и подѓакони на 20 години. А кажаните правила на VI Собор заповедаат да се исфрлат тие, коишто хиротонисуваат такви што не ја достигнале определената возраст.

*Неокесариско, 11-то*: Тоа истото го вели за возраста на презвитерите и 11-то правило на Неокесариjскиот Собор, кое буквално го изложува и кажаното 14-то правило на Шестиот Собор.

*Закон*: 123-та Јустинијанова Новела вели: не дозволувам да биде ниту презвитер кој има помалку од 30 години, ниту ѓакон, кој има помалку од 25 години, ниту подѓакон-помалку од 20 години, ниту четец - помалку од 18 години, а во ѓакониса не треба да биде хиротонисана таа којашто има помалку од 40 години, или која стапила во втор брак[375].

## ГЛАВА 3

***За дневното растојание (за должината на денот)***

*Закон*: Ден се определува времето од седмиот час на ноќта до шестиот час следната ноќ, и направеното во кој било од овие 24 часа се смета за направено во тој ден.

375 123 nov. Just. C. b. Corp. jur. Vol. II. p.251; Est. III lib. Basilicor. Tit. I, c. 25, tom 1, p. 99-100 est Nomocan. Photii, tit. 1, 28, Synt. Rhalli. Tom, 1, p. 66. Види ги коментарите во руското издание, стр. 164.

## ОДРЕДБИ ОД -Õ- (во руското издание е обележано со Q, овде условно го означуваме со Љ)

### ГЛАВА 1

***За претставите и различните глумечки (театарски) игри***

*Лаодикејско 54-то*: 54-то правило на Лаодикејскиот собор на свештениците или поповите, угостени на брачни или на други презентации, заповеда дека тие таму да не се враќаат и да не внимаваат (гледаат) на вообичаено направените при такви случаи смешни претстави, туку да се оддалечат пред да дојдат таму глумците.

VI *Собор, 24-то правило:* Согласно со тоа и 24-то правило на VI-Собор забранува на свештеници и монаси да одат на коњски трки (на хиподромот) и да присуствуваат на театарски претстави (игри), притоа го изложува и кажаното правило на отците што биле во Лаодикеја, а откриените во тоа да се убедуваат или да престанат или упорните (заповеда) да се исфрлат. Види уште во 7-ма глава од -Г- состав.

VI *Собор, 51-во (правило)*: 51-вото правило на тој Шести собор, така наречените имитатори, т.н. мимичари (глумци) и сите нивни претстави и ловни сцени и играњето на сцена (бина) наредува совршено (целосно) да се забранат, според законот. Затоа што строгоста на евангелскиот живот бара верниците да живеат нераспуштено и го допушта не тоа што го раслабува настроението на душата, туку тоа што им доликува на светите. Мимичари (скомрахи)=засмејувачи, правилото ги нарекува тие, коишто имитираат звуци и претстави на лицето и обичаите и предизвикуваат незадржлива смеа кај присутните. А ловните претстави (ѕверни борби=борби на животни) правилото ги нарекува не ловењето со кучиња или како било поинаку, бидејќи тоа е дело (вештина), а не претстава; но (правилото овде има предвид тоа што ) во поголемите градови хранеле (гоеле) ѕверови, лавови и мечки, кои што ги изведувале по некое време на сцена и ги пуштале во борба или со бикови или со заробеници, или со осудени на нивно растргнување за задоволство на гледачите што претставува поголема жестокост на тие, кои што го претвараат нечестието (несреќата) на другите во свое задоволство и се насладуваат на крвта на луѓето, со кои имаат иста природа. А сцената (претставата) е прикриено лицемерие, затоа што и луѓето лицемерно се претставуваат себе си де робови, потоа господари, де војсководачи и началници (архонти), се нарекуваат глумци=сценски. Така правилото забранува танцување на сцената на мажи и жени, бесрамно вртејќи се и правејќи испади ги предизвикуваат гледачите кон невоздржување, а исто така и ударите по образите и вревата, тие кои се оддаваат на што било од сето ова подлежат: свештениците се исфрлаат, верниците се одлачуваат. Види и 62-ро и 65-то правило на тој собор во третата глава на -Е- состав.

*Картагинско, 15-то*: 15-то правило од Картагинскиот Собор им забранува на децата на свештениците да организираат приредби (претстави), бидејќи кај некои од граѓаните, коишто раководеле со театарски

претстави, одгледувале коњи, дресирани за натпревари и ѕверови за ѕверски борби. Затоа, правилото заповеда децата на свештениците не само да не го прават тоа, но и да не гледаат на тие, коишто доаѓаат тука, затоа што треба да ги воспитуваат нив во поуките и казните Господови, како што вели Великиот Павле и во посланието кон Тито за презвитерите: доколку некој има верни чеда, не вкоренети во блуд или непокорност, и во посланието кон Тимотеј: тој што посакува епископство прилега да има послушни чеда во секоја чистота, а тие што посетуваат претстави не можат да ги избегнат сомнежите во лицемерство. Да, и на сите христијани им е заповедано целосно да се воздржуваат од сето тоа и да се одвраќаат од оние кои допуштаат хулење и употребуваат нескромни зборови и дела.

*Исто, 60-то*: 60-то правило на Картагинскиот Собор забранува да има забави во денот за спомен на светите маченици и непристојни танцувања на нив; затоа што се случува и пристојни жени поради тоа да не доаѓаат во црквата, за на нив да не падне блудна и бесрамна похотливост.

*61-во*: 61-вото правило на истиот Собор забранува да има театарски претстави и коњски натпревари во неделните и другите празнични денови, или во пасхалната седмица, за христијаните, предавајќи се на тие забави да не ги запоставуваат црковните собирања, а заповеда правилото никој да не се принудува да оди на претстави.

VI *Собор, 66-то*: 66-тото правило на VI Собор бара верниците целата Пасхална седмица да ја поминат во црквите, да се развеселат себе си со псалмите и пеењата, а претставите и коњските трки во тоа време ги забранува. Тоа види и во 7-та глава на -П- состав.

Види и 9-та глава на -Д- состав, правило 129 од Картагинскиот Собор.

*Закон:* Законот ги смета за бесчесни сите тие, коишто стапуваат во бој заради корист и истапуваат на сцената заради частољубие; тој што се најмил на сцената за претставување на игра и не покаже искуство (вештина) - не се смета за бесчесен, а тој што се најмил за бој со ѕверови, макар и не стапил во бој со нив, е бесчесен, како некој што си го продал својот живот за бесрамна корист[376].

## ГЛАВА 2
### *За богословијата и православната вера*

Види за православната вера главата во почетокот на книгата.

## ГЛАВА 3
### *За светото Богојавление*

Види во 37-ма глава на -К- состав, правилото на Теофил Александриски.

376 II Βασ. XXII, 2, 3.

## ГЛАВА 4

***За свештениците, кои поставуваат Олтар против волјата на своите епископи***

Види 20-та глава од -Е- состав

## ГЛАВА 5

***За тоа дека во светиот Олтар слободно можат да влегуваат само свештениците, дека влегуваат исто и царевите кога сакаат да принесат дар кон божествената трпеза и дека на верниците и жените да влегуваат во Олтарот им е забрането***

Види 6-та глава од -В- состав и -Г- состав, 22-ра глава; и во 35 глава од -Е- состав, правило 19 на Лаодикејскиот Собор.

## ОДРЕДБИ ОД -Ј- СОСТАВ

### ГЛАВА 1

***За Свештените садови и свештенотатство***

*Апостолско, 72-ро:* 72-рото правило на светите Апостоли и исто така 73-то, кој краде (зема) од црквата восок (свеќи) или масло (улје), а исто така и кој присвојува за себе (за своја потреба) осветени садови, направени од злато или сребро, или завеса, според законот подлежи на казна за беззаконие, ако не е светотатство, подлежи на одлачување. Ахар, земајќи го тоа кое уште не било принесено на Бога и не било осветено, а само било ветено, бил подложен на жестока казна, да биде убиен со камења со целиот род.

*Прв и Втор Собор, 10-то*: 10-то правило од таканареченион Прв и Втор Собор, јасно ја толкува смислата на сите овие правила велејќи: тој што присвојува садови или облеки, што се наоѓаат внатре во Олтарот, кои што се посветени за украсување на храмот, светилници на пример, или завеси и ги претвара за неосветена употреба за себе или за други, Апостолското правило го одлачува и ние заедно го одлачуваме, а тие кои света чаша или дискос или лажица, или чесниот (достоинствениот) покрив=(чаршав) на трпезата, или осветениот воздух или што било од она што се наоѓа во светиот Олтар свештени и свети садови или облеки, ги земе за сопствена корист, или ги претвори за несвештена употреба (бидејќи едното од нив е осквернување на светињата, а другото е светотатство), се подложува на целосно исфрлање, како некој што направил нечестиво дело.

*Ниски, 8-мо*: Велики Григориј Ниски во 8-то правило вели: Светотатство, во старозаветните и божествените Писанија го признаваат како достојно за не помало осудување, како убиство. Впрочем, и откриениот во убиство и тој што украл посветено на Бога е исто и подлежи на убиство со каменување. А црковните обичаи, допуштаат, незнам како, оправдание, прифатил полесно очистување на таа болест, бидејќи светотатците ги подложува на епитимии не помалку време отколку прељубниците, а прељубниците се одлачуваат од општење на 18 години.

Види и 16-та глава на -Е- состав, правило второ на свети Кирил и Четврта глава на Законот што е изложен таму.

*Закон*: Кое било светотатско прегрешување е слично (соодветно) на царско неверство.

Законот во однос на светотатство се простира на тој, кој одзел од свештеничкото имање, или го употребил за своја потреба, или содејствувал во заговорот, за да се случи што било од тоа.

Тој што краде уште непосветено на Бога се обвинува како крадец, бидејќи да се земе од храмот приватно имање (предмет) не е светотатство, туку кражба, а тој што краде посветено на Бога, макар да украде и од приватно место, се суди како светотатец. А бидејќи некои свештени предмети не се посветени на Бога, како на пример икона, што лично нам

ни припаѓа и не е посветена ниту на црква ниту на манастир, тогаш за тоа законот вели дека местото се одредува (определува), дека е направена кражба или светотатство, бидејќи тој што краде икона којашто се наоѓа во нашата ќелија, не е светотатец, туку крадец. Во спротивен случај ние би рекле дека и крадецот на монети на кои има претстави (лик) на Христос или Богородица се суди (обвинува) како светотатец, е недобро и неправедно.

Светотатец (крадец на посветени предмети), ако ноќе влегува во Олтарот и осквернавува или краде (зема) свештени предмети посветени на Бога, треба да биде казнет со меч, а тој што краде преку ден малку, било што од црквата од сиромаштија, треба да биде телесно казнет и потоа протеран[377].

## ГЛАВА 2

***За тоа дека внатре во светилишната ограда не треба да се прават таканаречените вечери на љубовта, ниту да има крчми или што било да се нуди за трговија, или без потреба да се воведува стока (животни), ниту да се дозволува на кој било да прилегне со жена***

Види 15-та глава од -Е- состав

## ГЛАВА 3

***З а божественото свештенодејствие***

Види 5-та глава од -Т- состав

## ГЛАВА 4

***За Јудеите и за тоа дека никако не треба да има општење со нив***

Види во Втора глава од -А- состав, правило 64-то на светите Апостоли.

*Апостолско, 70-то*: 70-то (Апостолско правило), тој што пости со Јудеите, или празнува заедно, или прима од нив празнични дарови, или пресница (азимии), или што било такво (слично), свештеник се исфрла (се расчинува), а верник се одлачува. Иако таквиот не се утврдува како истомисленик со нив, ако постапува така, но на многумина дава повод за соблазна и сомнеж против себе, било да оддава чест на јудејските обреди, од кои како што се покажува, Бог се гнасел уште пред убиството на Христос (Христовото убиство) велејќи: постот и празнувањето и вашите празници ги мрази душата Моја. Но, правилото ги подложува на казна не тие коишто живеат по Јудејски, туку тие, кои не обрнуваат внимание, живеат безгрижно и не се оддалечуваат од општењата со Јудеите.

*За пресницата на Латините*: Оттука може да се види (разбере), дека немал прекршок прават тие што вршат таинствена служба со пресница, ако некој само јаде од пресницата на јудејски празник, правилото го подложува на исфрлање и одлачување, ако пак, кој било со нив (прес-

377 XII. Βασ. 60, 45.

ниците) се причестува како Господово тело и така ја извршува Пасхата, кое што пристојно е негирано, бидејќи правилото забранува не само да се јаде пресница, туку да се празнува со пресница по јудејски обичај. А кој е поголем празник од бескрвната жртва, којшто Господ нам ни го дал (предал) пред празникот Пасха, пред да замине на спасителна смрт? А дека на божествените отци во ум не им доаѓало дека ние ќе празнуваме со пресница, тоа се гледа од тоа што тие се занимавале и за тоа, јудејските празници да бидат уништени и дека со граѓанските закони било заповедано спротивно на јудејските обичаи, исто така и од тоа што они дозволувале да се пости и празнува во сабота, кон сето тоа и тој пост што го прават во спомен Нинивитјаните и друго за што зборува одделно, но сега не е време.

*Апостолско, 71-во*: 71-вото (апостолско правило) и тој христијанин што принесува масло (улје) во паганско светилиште или во Јудејска синагога, или пали свеќа (кандило), судот го предава на одлачување, бидејќи од тоа треба да се заклучи дека тој ги почитува нивните богослужби.

*Лаодикејско, 37-мо; 38-мо и 39-то*: Да се оддалечува од сето тоа заповедаат и правилата на Соборот во Лаодикеја, 37-мо; 38-мо и 39-то, споменувајќи ги двете апостолски правила (70-то и 71-во) со истите зборови и имиња.

*VI Собор, 11-то*: 11-то (правило) на VI Собор - Тој што не се откажува да вкусува (да јаде) јудејска пресница, или не се гнаси од дружењето со нив, или ги повикува (кани) за врачање (лекување), или во бања заедно со нив се мие, подложен е, свештеник на исфрлање, а верник на одлачување. (Грчкиот текст упатува уште на 4-та глава од -В- состав).

*Лаодикејско, 29-то*: 29-то правило на соборот во Лаодикеја вели: Не прилега христијанин кој го прифатил Евангелскиот закон и по совршен, ги подржува Јудеите, следејќи го уште несовршениот закон, и чествува слично на нив во сабота, определува слобода во тој ден од секаква работа, но, должен е да работи во тој ден, а денот Недела претежно да го празнува, ако можат како христијаните, да ја оставаат работата, да присуствуваат во црквата, доколку некој од сиромаштија или по каква било друга неопходност работи неодложни работи и во денот Недела, тој како неразумен не добива простување, а тие кои не се одрекуваат од јудејските обичаи, правилото јавно ги подложува на анатема.

*Закон*: Јудеите во Сабота и во други свои празници не се праќаат на телесна служба, ниту што било да работат, ниту за народните, ниту за државните потреби, ниту да се приведуваат на суд , ниту по јавно, ниту по приватно дело, ниту да се приведуваат во суд од христијани[378].

Ако Јудеј Христијанин или поучен роб го врзе и го обрезе (според јудејскиот закон), или се дрзне да развратничи во која било христијанска мисла, тој треба да биде казнет[379].

378 I Cod. X, IX.

379 51 Βασ. XXX, 1.

# ОДРЕДБИ ОД -К- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За исфрлените епископи и свештеници и од колку епископи тие се исфрлаат***

Види во 9-та глава од -Д- состав, за законското исфрлање, исто така 12-то и 15-то правило од Картагинскиот Собор, коешто наредува дека епископот треба да биде исфрлан од 12 епископи, презвитер од 6 и ѓакон од 3; види уште во 18-та глава на -А- состав, правило 11-то на светите Апостоли и во 9-та глава на истиот состав, правило 27 на Василиј Велики.

*VI Собор, 21-во*: 21-то правило од VI Собор буквално вели вака: Свештеник, кој ќе се покаже виновен во прекршок и за тоа е подложен на целосно и моментално исфрлање од својот чин, и во положба на мирјанин се изгонува, ако доброволно пристапи на покајание, се ослободува од гревот за кој се лишил од благодет и од она целосно да се отстрани себеси, да го потстрижат по примерот на клирот. Ако пак, самоволно не го посака тоа, да му расте косата слично на мирјаните, како претпочитувач на преобратување во светот на вечниот живот (небесниот живот). Затоа што правилото се однесува човекољубиво кон тие, кои се искористиле од вистинското покајување, бидејќи исфрлените за какви било јавни прекршоци, прељуба - на пример, или попаднале во светотатство, се изгонуваат во својство на мирјани (верници) и ним не им се дозволува да прават ништо од тоа што е својствено за свештениците, а тие што склучиле втор брак им се простува заради бракот и ним не им се забранува да пристапуваат на служба во олтарот, како што определува и 79-та Новела на царот Лав, исто така види и во 4-та глава од -Г- состав. Види уште и 16-та глава од -П- состав, правилата од Неокесарискиот Собор 9-то и 10-то и во 7-та глава на истата буква правило прво од Антиохискиот Собор.

## ГЛАВА 2

***За обновените од царот цркви и градови***

Види 25-та глава од -Е- состав

## ГЛАВА 3

***За новите градби (постројки)***

*Закони:* Ново дело прави тој кој или ѕида, или разурнува што било и му го променува претходниот изглед[380].

Кој обновува стар храм (куќа), да не отстапува од претходниот лик и не треба да го покрива прозорецот или светлината на соседот, само да се врши работата според согласноста, условите и договорот, ако му допуштаат или му дозволуваат нему да го променува стариот лик, како што сака.

Ако негде два храма (две куќи) стојат еден спроти друг - потребно

380 Προχ. Νομ. XXXVIII, 1.

е меѓу нив да има растојание од 12 чекори, почнувајќи од основата (темелот) до целата висина од секој, при почитувањето на тоа растојание се дозволува на секого да го ѕида својот дом до неограничена висина и да прави во него двери (врати).

Нов дом (живеалиште) кога се ѕида да не го лишува соседот од погледот во далечина, ако он стои или седи во својот дом, гледа директно на морето и не треба да го принудува да се поместува на страна за да го види морето.

Ако меѓу две куќи има растојание од 100 чекори, дозволено е на тој што сака без пречки да гради (ѕида) и да го лиши соседот од погледот на море, ако има согласност која му дозволува на кој било да гради, тогаш согласноста да биде на сила, макар да му причинува непријатност на соседот во однос на погледот на море, бидејќи не треба да се лишува кој било од личните права и од општите закони[381].

Ако било кој ѕида куќа покрај улица или пат (плоштад), во таков случај, макар оддалеченоста од улицата или патот да биде повеќе од 12 чекори, тој нема право да го одзема вишокот и да го додава кон својот дом, бидејќи законот определил 12 чекори не на штета на народот, туку дека воздушното растојание меѓу две куќи да не биде помало од 12 чекори, тогаш никој не треба да одзема од него туку е должен да ја зачува на градот неговата сопственост.

Ако растојанието е 10 чекори и не помалку во таков случај тој што гради (ѕида) не треба да прави големи прозорци ниско, ако нив ги немало порано, а треба да направи мали прозорци на растојание од 6 чекори од тротоарот[382].

Да наложи работа на заеднички дом еден од соучесниците - не може без согласност на другиот, ниту заедничкиот ѕид да го разрушува, ниту да обновува без согласност на соучесникот, доколку тој не е единствен владетел=(сопственик)[383].

Во однос на дрва или овошна градина правото на поглед не се почитува[384].

Ако дрво на соседот стои покрај дворот и распространи големи корења, коишто го оштетуваат темелот на мојата куќа, во таков случај соседот треба да биде принуден од властите да го отсече[385].

Неправедно е да му се забранува на соседот да отвори на улицата врата, направена под заштита на неговиот кров, од што не се прави никаква пречка на минувачите (не се попречува минувањето)[386].

Ако во извор од кој, кој било вади (црпе) вода, пресуши на некое

381 Προχ. Νομ. XXXVIII, 4.
382 Προχ. Νομ. XXXVIII, 9. 10.
383 Προχ. Νομ. На истото место.
384 Προχ. Νομ. XXXVIII, 8.
385 Προχ. Νομ. XXXVIII , 20.
386 Προχ. Νομ. На истото место, 15.

време, потоа пак ги отвори своите жили, тогаш се обновува црпењето на водата како и порано[387].

Ниту фурна, ниту оџак=(кујна) во заеднички ѕид не може никој да прави[388].

Тој што гради фурна, тие што живеат во повисоките катови, на кои им прави штета димот, можат да му забранат, можеби имал право да го спроведе таму димот, а пак, на тие што живеат на погорните катови им се забранува да пролеваат вода или да фрлаат ѓубре и да прават штета на тие што живеат на пониските спратови; затоа што и во своето место е дозволено на секого да прави само тоа што не причинува штета на друг[389].

Ако ѕидот на твојата куќа се накривил половина чекор кон мојот дом, тогаш јас те принудувам тебе да го исправиш [390].

Никој не може да фрла ѓубре (гној) близу до туѓ ѕид, ако нема на тоа посебно право (сервитута)[391].

Кој без царска дозвола (указ) ја стесни градската улица со својот дом, тој неспорно е должен да го врати на градот претходното право[392].

Според законот ширината на патот во право треба да биде 8 чекори, а во кривина 16.

## ГЛАВА 4

***За календиѿе и за баењеѿо***

Види 13-та глава од -В- состав и 3-та глава од -Е- состав.

## ГЛАВА 5

***За црковниѿе ӣравила и колку ӣравила ѿреба да се ӣочиѿуваат***

*IV Собор, Прво ӣравило*: Првото правило на IV Собор вели: Од светите отци на секој Собор-Вселенски, т.е. и помесен, до денес изложените правила и коишто имаат за цел точно определување на догмите и устројството на црквата, да се почитуваат, ние го признаваме за праведно.

*VI Собор, Вѿоро (ӣравило)*: Второто (правило) од VI Собор во детали ги набројува божествените отци кои ги составиле свештените и божествени правила, како општи, така и посебни и предвидува  за да бидат и да останат важечки искажувањата по вдахновение на Светиот Дух и тие што пред нас светите отци ги прифатиле и утврдиле и нам ни ги предале за исцелување  на душата и кон лекување на страстите - 85-то правило на светите Апостоли, т.с. освен завештанието, преку Климент предадено, бидејќи тие  примиле на себе многу (фалсификувања) слични на плевел, од различно мислениците, заповеда, за да имаат цврстина и тие правила,

387 Προχ. Νομ. XXXVIII, 16.
388 Προχ. Νομ. XXXVIII, 17.
389 Προχ. Νομ. XXXVIII, 14.
390 Προχ. Νομ. XXXVIII, 28.
391 Προχ. Νομ. XXXVIII, 19.
392 Προχ. Νομ. XXXVIII, 22.

кои ги прогласиле Никејските 318 отци, исто така тие кои ги изложиле Вториот и Вселенски  Собор-150 отци, кои што се собрале во царствувачкиот град. И тие третиот Собор во Ефес (што ги изложил), на кој се собрале 200 отци. И четвртиот Собор во Халкедон, на кој се собрале 630 отци. И тие кои заповедал Соборот во Анкира, исто така и во Неокесарија, во Гангра, во Антиохија Сириска, во Лаодикеја Фригиска, во Сердика и во Картагина. Треба да бидат исто така прифатени и правилата напишани за време на Нектариј и Генадиј, патријарси на Константинопол и уште кон нив правилата на Дионисиј и Петар - свештеномаченици, Атанасие Велики и Кирил, Тимотеј и Теофил, кои биле патријарси во градот Александрија, исто така правилата на Григориј Неокесариски Чудотворец, Василиј Велики - Кесарискиот, Григориј Ниски, Григориј Богослов и Амфилохиј Иконијски; а исто така и правилото издадено од архиепископот на Африканската земја свештеномаченикот Кипријан и соборите што во негово време се одржале, сочувано (запазено) било во тие земји, и толку. Ако некој се дрзне од сите тие правила да прецртува или преправа, или изменува, или брише или применува други, лажно составени од други некои луѓе, кои се дрзнале да ја изопачуваат вистината, таквиот вели правилото да биде анатемисан и туѓ на христијанскиот список.

*VII Собор, Прво (правило)*:  Првото правило на VII Собор вели: Божествените правила, се работи (дела) кои се почитуваат со сета страст, се примаат со сласт и љубов. Тоа се правила што ги составиле шесте Вселенски Собори и помесните, а исто така и тие коишто лично ги изложиле некои од тие што се одликуваат со благочестие и добродетелност мудри отци, и определуваме целокупните и непоколебливи нивни одредби да се зачуваат како раководство кон вечното блаженство; бидејќи сите тие се од еден и ист Дух биле просветлени во умот, напишале, издале канонски одредби кои треба да се почитуваат со секоја страхопочит како сведоштва и раководства, затоа што тие ги исправуваме, а за грешинците (престапниците), тие им пропишуваат дека ги очекува неизбежна мака (казна). Покрај тоа, го позајмува кажувањето на Боговидецот Мојсеј, кој што им рекол: не прилега кон нив да  придодавате и од нив не прилега да одземате, и искажувањето на Апостолите ако ангелот (пак) вам ве благовести (ве повика) пред сé натприродно, анатема да биде. Затоа и ние изрекуваме анатема на тие кои биле предадени на анатема според божествените правила ги исфрламе исфрлените, ги одлачуваме одлачените и подложените на епитимии им ја определуваме истата таа епитимија.

*Томот (свитокот) на обединување*: А томот на обединувањето вели: Тие што ги избегнуваат (пренебрегнуваат) свештените и божествени правила на нашите блажени отци, коишто ја утврдуваат (уредуваат) светата црква и ги украсуваат сите христијански исполненија коишто водат кон божествена страхопочит, анатема.

*Закони*:  131-вата Јустинијанова Новела вели: Наредуваме да имаат сила на закон светите и црковни правила, изложени или утврдени на

светите седум собори, - т.с. Никејскиот-318 отци, на кој Ариј безумниот бил предаден на анатема, Константинополскиот-150 отци, на кој бил изобличен духоборецот Македониј, Ефескиот на кој бил осуден Несторие и Халкедонскиот на кој бил предаден на анатема Евтихиј со Диоскор,- покрај овие, Вториот Константинополски, на кој Ориген со своите дела и некои други нечестиви биле посрамени, исто така Третиот Константинополски, којшто победил над различни ереси, ги утврдил божествените догми пред сé некогашните свети Собори, и пред сѐ Вториот Никејски, на којшто тие што хулеле на светите икони, заедно со претходните еретици биле отфрлени од правоверната Божја црква, бидејќи догмите прифатени на светите Собори ги прифаќаме како божествени писанија и правилата ги почитуваме како закони.

*Знамение:* А што Новелата подразбира и сите други свети Собори, што се случиле после Јустинијан, за тоа додал императоротот, очистувајќи ги законите. Неопходно е да признаеме дека канoните имаат поголема сила од законите; бидејќи законите се составени од еден цар, а наследниците (негови) ги потврдувале, а каноните се напишани и утврдени од светите отци по волјата, усрдието и судот на тогашните цареви, впрочем и благочестивите закони придаваат поголемо значење на божествените правила, делумно се согласуваат со нив, делумно го исполнуваат тоа што е во нив допуштено.

**ГЛАВА 6**

***За законскаѿа царина***

Види го законот изложен во 28-ма глава на -Х- состав.

**ГЛАВА 7**

***За ѿоа дека свешѿеник не ѿреба да влеѓува во крчма***

*Аѿосѿолско, 54-ѿо*: 54-то правило на светите Апостоли: Свештеник виден да седи и јаде во крчма, со исклучок во случај кога според нужда (потреба) во гостилница (хотел) се запира, заповеда да се одлачи; затоа што свештениците служат како пример за скромен живот за верниците, треба да бидат во сѐ беспрекорни, за поради нив да не се хули името Божјо. А тој што го поминува (проведува) со задоволство времето во крчмите не може да биде туѓ на порочноста на тие што престојуваат таму и што водат нескромен живот мажи и жени.

*Карѿаѓинско, 40-ѿо и 9-ѿо ѿравило од VI Собор*:

Тоа истото го заповеда и картагинското правило 40-то.

Деветтото пак од VI Собор вели: На ниеден свештеник не прилега да држи крчма. Затоа што, ако не е дозволено на таков да влегува во крчма, тогаш како пак да служи во онаа другата и да го прави тоа што не му доликува. Ако пак некој нешто такво прави, или да престане, или да биде исфрлен, и несвојствено би било свештеник да управува со крчма и самиот да ги прима тие што влегуваат во неа. Но, ако некој свештеник владее со слична работа (слично претпријатие, работилница), и ја даде под наем

на друг, тогаш не подлежи на казна според правилото, затоа што тоа секогаш се прави и во манастирите и црквите.

*Лаодикејско, 24-то*: 24-то (правило) од Лаодикејскиот собор за презвитер, ѓакон, служител (подѓакон) четец, певец, заколнувач, вратар и тие кои припаѓаат кон монашкиот чин, влегувањето во крчма се смета за недозволено и сосема непримерно за сите.

*Закони*: 133-та Јустинијанова Новела заповеда: монах кој свратува (наминува) во крчма, да биде поучен од епархот и игуменот и да се изгони од манастирот, како посрамувач на животот на ангелскиот чин.

## ГЛАВА 8

### *За принесување на плодови во божествените храмови*

*Апостолско, 3-то*: Третото апостолско правило, а и четвртото заповедаат да се употребува за бескрвна жртва само вино и леб и тие што носат плодови во црквата да го принесуваат само тоа и уште миро (свето масло) за да се пали за светлина на Вистинската Светлина, и темјан за време на светото принесување, а никако не мед, ни млеко, не, место вино, приготвен од што било друго напиток, којшто има својство да предизвика опијанување (пијанство) како и виното, - не кокошки или други животни, или сочива (варива), а свештеник кој постапува спротивно од тоа веднаш го исфрла (правилото). А ако пак во почетокот на летото плодовите се принесуваат во прикладно време зрели плодови т.с. созреано грозје и нови класови (семиња), погодни од овошјата за употреба во прослави и секакви други созреани плодови (правилото наредува) да се праќаат во домот на епископот и презвитерот, а тие што го примиле тоа, должни се да не го претвараат тоа само за своја употреба, туку да го раздадат на сите од свештенството(клирот).

*VI Собор, 28-мо*: 28-то (правило) на VI Собор го исфрла оној свештеник којшто во Олтарот ќе прими грозје и ќе го соедини со бескрвната жртва и така соединети, ќе ги раздава на верниците (народот), туку заповеда направеното за оправдување на гревовите животворно принесување лично да го раздаваат мирјаните (луѓето). А грозјето со благослов лично да се раздава, како основа за тие што го примиле да се заблагодарат на Дарителот на летните (годишните) плодови, кои според Божјата определба за нашите тела по потреба растат. А тој што постапува спротивно на заповеданото, ако е свештеник се исфрла.

*Гангарско, 7-мо и 8-мо*: Седмото, пак на оној во Гангра собор правило и осмото: тој што дава од себе или тој што примал принесените во црква плодови за дар, без волја (согласност) на епископот или економот, како нивни запоставувач се предава на анатема.

*Картагинско 37-мо*: 37-мото Картагинско (правило) заповеда: ништо повеќе, освен леб и вино да не се принесува во светилиштето: леб - во вид на телото Господово, а вино - крв; затоа што Господ кога им дал леб на своите ученици рекол: тоа е тело Мое, и пак, подавајќи им чаша, рекол: пијте од неа сите, тоа е крв Моја (Мат. 26, 26-28; Марко 14, 22-24; Лука

22,19). А бидејќи од ребрата Господови, прободени на крстот со копје истекла не само крв но и вода, тоа е неопходно озаконето во црквата - во светите тајни да се меша и вода со виното. Принесувањето на мед и млеко како таен знак на младенецот, е забрането на VI Собор.

57-то правило на тој собор вели: не прилега (не треба) да се принесува кон Олтарот мед и млеко.

Но и 32-то (правило) од тој VI Собор, опишува две сосема спротивни ереси, кои се казнуваат исто како болест на нечестието.

*За хидропарастатите(водопарастати) и Ерменците*

Тие што употребуваат за свештенодејство во светата чаша единствено само вода - според дејството се нарекуваат водопарастатели (хидропарастатели), и пак Ерменците, кои вршат свештенодејство единствено само преку вино - затоа самото (правило) заповеда да се применува (додава) кон виното вода и на таков начин да се принесува бескрвната жртва. Ереста хидропарастати била стара, а за ереста на Ерменците како повод послужиле зборовите на Златоуст.

Овој велик Отец ја оспорува споменатата ерес водопарастати (хидропарастати) во толкувањето на Матеј, толкувајќи го достојно кажувањето нему од Духот: нема да пијам од лозовиот плод, вели: поради што не пиел вода воскреснатиот (Господ), туку вино, поради тоа од корен да се истреби поинаку нечестивата ерес. Затоа што некој во таинството употребил вода заради тоа укажуваат дека вино употребил и тогаш кога го предавал таинството и по воскреснувањето, кога предлагал проста трпеза, без таинство и укажува на овие зборови: виното го примеша од лозовиот плод, а лозата вино, а не вода раѓа. Тоа и послужило како повод за заблуда на Ерменците, дека (божем) великиот (отец) го негира присоединувањето на водата во принесувањето на свештената жртва. Така, одразувајќи ја оваа ерес правилото вели: братот Господов, великиот Јаков, којшто прв го украсувал престолот на Ерусалимската црква, архиепископот Кесариски Василиј Велики, чијашто слава протекла насекаде под сонцето, кон тоа и Златната уста на Црквата, писмено нам ни го предадоа таинството на свештенодејствието, утврдиле од вода и вино да се составува светата чаша и на своите цркви, над кои им било доверено пастирското управување, ги оставиле, како некое одозгора принесено наследство.

Правилото го споменува и веќе кажаното 37-мо правило на Картагинскиот собор. Така, вели правилото, кој не прави така, како некој кој несовршено таинство исповеда и ги разрешува преданијата (наследството) со новововедување, треба да биде лишен од свештенството.

*За ставањето на топла вода во божествените тајни: Знамение*

Не треба (не прилега) Латините да нè обвинуваат ако кон крајот на свештенодејствувањето ние налееме топла вода во чашата, бидејќи тоа не го променува соединувањето на виното и водата во чашата, затоа што е истата природа и пред налевањето на водата, а само нé уверува во величието на чудото, така што и вкусот не убедува нас дека не од мртвото, туку од живото тело истекла крвта и водата; бидејќи од мртво

природно не истекува испарувачка крв (крв што пушта пареа), туку од телото Господово, како живо и животворештo истекло животворна, т.с. крв и вода. Не се налева топла вода во почетокот на соединувањето за (тоа што) да соединението не дојде во претходната положба и се олади за време на причеста.

Иверите иако се сметаат за совршено православни, не налеваат топла вода во светата чаша, кај нив имало обичај, како што велат, да не пијат вино со топла вода, но, по толкувањето на силата на таинството, и ним им било наредено да го прават тоа.

*Истиот VI Собор, 99-то*: 99-то (правило) од VI Собор негира и поинакво некое нечестие, коешто постоело во Ерменската земја: имено сварените внатре во Олтарот делови од жртвеното животно, делови од нив раздавале по јудејски обичај, на свештениците, од нив одделени и назначени, на пример, глава или каков било друг дел, го одделуваат од телото, што некогаш имало место кај Јудеите при излегувањето од Египет. Правилото го забранува тоа, а дозволува да им се дава што и колку сакаат дарителите надвор од црквата, допуштено е оправдание по одржаниот кај нив обичај, а тие што го прават тоа уште наредува (правилото) да се одлачат.

***За породувањето на Пресвета Богородица*** (Περὶ τῆς λοχείας τῆς ὑπεραγίας Θεοτὸκου)

*Истиот собор, 79-то*: 79-то (правило на VI Собор) забранува пченица да се вари и еден на друг да си раздаваат во деновите што доаѓаат после празникот Рождество Христово во чест на породувањето на Пречиста Дева Мајка, како што природно се прави за родилките, свештеник кој го прави тоа се исфрла, а верник (мирјанин) се одлачува, безболно било, велат, породувањето на светата Дева, затоа што и зачнувањето било безсемено. Болно (лекарско) Раѓање се нарекува раѓањето на дете со болки проследено со истекување на крв, на што, како што мислам, впрочем и цврсто верувам, Богородица на такво нешто не била подложена; бидејќи тоа произлегува од природното породување кај природно зачнатите, а кај Дева, бидејќи зачнала од Светиот Дух и натприродно, и породувањето без сомнение било со натприродни својства. Така, за Богородица би било навреда, а не чест да го прифатиме Нејзиното неискажано породување дека било така, како што природно бива и со другите жени-родилки.

*Теофил, 7-мо*: Теофил Александриски -7-мо: Принесеното за бескрвна жртва, по употребеното потребно според законот за таинството, заповеда свештениците да го разделат меѓусебе и да го јадат остатокот и да пијат, исто така да одделат од тоа и за верните браќа, а за оглашените -никому.

Види и закон во 18-та глава на -А- состав.

## ГЛАВА 9

***За обвинување на епископ и свештеник и на кој му се допушта да обвинува, а на кој не се допушта***

Види во 9-та глава на -Д- состав, за сведоците во судницата.

*Закон*: Ако татко обвини кој било за убиство на својот син, а потоа се докаже дека обвинението го направил по клевета, тој се лишува од граѓанската чест. Брат на брат не може да покрене обвинение за голем престап, така што не само што нема да биде ислушан, но и ќе биде предаден на истрага =(предаден на властите)[393].

## ГЛАВА 10

***За оглашените[394](поучените=учениците)***

Види во Прва глава на -А- состав.

*Неокесариско, 5-то*: Петтото Неокесариско (правило) вели: Од совршените, кој оглашеник згреши, и престане да греши, со слушачите да стои, ако пак биде од слушателите и не го остави гревот, во таков случај треба да биде изгонет од црквата во одделот за тие што плачат. Во древноста оглашените се делеле на два чина: на тие што ја примиле верата веќе посовршено, но го одлагале крштевањето, кои останувале во црквата до молитвата на оглашените и кога таа таинствено се произнесувала, ги превиткувале колената, а кога било извикано: доколку сте оглашени-излезете, излегувале, - и на тие новопристигнатите надвор им се придружувале, кои како несовршени, после слушањето на божествените Евангелија излегувале.

Види во Прва глава од -В- состав, правила на Василиј Велики-20-то; Теофил-4-то и Кирил-4-то.

## ГЛАВА 11

***Кој треба да ја наследува сопственоста на епископот***

Види 4-та глава од -Д- состав

## ГЛАВА 12

***За наследувањето и лишувањето од наследство на синовите или родителите***

*Закони*: Надолни (роднини), било да се машки или женски се претпочитаат пред нагорните и страничните[395].

Ако дедото умре при синовите или внуците од друго дете (друг син), внуците го застапуваат лицето на својот татко и заедно со синот, т.с. со својот чичко го наследуваат имотот на дедото, го добиваат тоа што би

393 Προχ. Νομ. XXXIX, 47.

394 Терминот различно се толкува, може да значи поучени или ученици, а може да значи и будали, луди, затоа овде го оставам непреведен. Но, според содржината на текстот се гледа дека станува збор за подучени во верата.

395 Προχ. Νομ. I. 2.

го добиле, ако би бил жив нивниот татко, биле тоа машки или женски, потчинети или самостојни[396].

Ако надолни роднини нема, тогаш се повикуваат за наследство нагорните, коишто ги претпочитаат сите странични роднини, покрај родените од тие исти родители - браќа и деца на браќата, а од нагорните се претпочитаат блиските по степен, исто така и во однос на страничните, ако пак сите се наоѓаат во еден и ист степен (на родство) тогаш заедно се повикуваат кон наследството[397].

Ако кај тој што е умрен има нагорни роднини (дедо, баба, прадедо, прабаба) и родени браќа и деца на браќата по една страна (по мајка или по татко) пред него (пред умрениот) во таков случај сите се повикуваат за добивање на неговото наследство, било да се тоа машки или женски, бидејќи децата на браќата го застапуваат лицето на својот татко, и го добиваат тоа што би го добил, ако бил жив нивниот татко[398].

Браќа, родени од едни и исти родители, заземаат прв степен во наследувањето на својот брат. Исто така и децата на умрениот брат, без разлика дали се од еден татко и една мајка, туку и од различни, ако нема браќа или деца од браќа, тогаш умрениот брат го наследуваат браќата родени од различни родители[399].

Ако некој умре при брат кој потекнува од различни родители или при синовите на истокрвниот и истоутробен брат, во таков случај децата на братот се претпочитаат пред братот (од различни родители) во наследството на умрениот[400].

Мајката учествува во наследството со своите деца во случај на смрт на нејзино дете, а браќата (на умреното чедо) добиваат дел на еден брат[401].

Прилега, маж кој не се оженил повторно да добие од миразот на својата жена, дел на едно дете во неограничено владеење[402].

Ако (умрениот) нема брат или деца од брат, тогаш се повикуваат останатите роднини по странична линија, поблиски по степен и ако се најдат многу (роднини) од ист степен, тие наследуваат подеднакво[403].

Децата од различни наложници не наследуваат кога има родени деца, или сопруга, или други нивни наследници[404].

Незаконородни деца и потоа озаконети, стануваат блиски (роднини) само во однос на таткото, но оттука не и кон надолните или кон нагорните, или кон страничните роднини на таткото, и тој (таткото) не ги

396 Προχ. Νομ. На истото место.
397 Προχ. Νομ. I, 5.
398 Προχ. Νομ. I, 7.
399 Προχ. Νομ. I, 8.
400 Προχ. Νομ. I, 9.
401 Προχ. Νομ. VI, 1.
402 Προχ. Νομ. VI, 1.
403 Προχ. Νομ. VI, 10.
404 Σύνοψ. XXXII. 2.

наследува нив, ниту тие го наследуваат него без завештание[405].

Ако таткото дава мираз за својата ќерка, и се договорил дека таа треба да биде задоволна од даденото за нејзин мираз и да нема дел од неговото наследство, тогаш таквиот договор да нема сила, не се забранува ќерката да го наследува таткото, ако умре без завештание, кога таа го внесува миразот останува потчинета на своите браќа, но треба да го внесе и предбрачниот дар, како и миразот, кога давајќи го него умре без завештание, било мајка, или татко или кој било од нагорните (роднини) или по татко или по мајка[406].

Кога умре маж или жена без завештание и ниту еден од нагорните или надолните или странични (роднини) законски или природни наследници нема, во таков случај мажот треба да биде повикан за целосно наследување на имотот на жената и жената треба да го наследи мажот[407].

Ако маж се согласи со својата жена, за да ја наследи неа после нејзината смрт, тој договор е бескорисен (невалиден)[408].

Види и 17-та глава од -П- состав. Види исто така и 5-та глава од -У- состав.

*Нови решенија*

Решение на светлиот патријарх Атанасиј и потчинетиот на него Собор, кој штобил по наредба на приснопаметниот (блаженопаметниот) цар Андроник Палеолог. Наредувам, вели: бездетниот овдовел маж или жена да не се допушти да го расфрла (да троши) имотот - ниту од народната царина (од тој што ја води благајната), ниту од соседите, туку една третина добива владата, една третина се употребува за спомнување (помен) на умрениот и останатиот дел го добива живата половина. Ако умре и половината, сето тоа го наследуваат нејзините блиски роднини - според законот, ако пак нема никаков роднина на умрениот, во таков случај половина (од имотот) влегува во државната каса (царина), а половина на помен за умрениот.

Наредуваме исто така, да нема сила законот кој определил овдовели маж и жена при деца, во случај да останат по нивната смрт и деца, живата половина да го наследува сиот татковски и мајчински имот на децата, и родителите на умрениот, и покрај загубата на детето, сосема неправедно ги лишуваат од имотот, туку треба да се зачува третина од миразот за помен на умрениот, третина - за родителите и третина се остава на живата половина (младоженецот или невестата)[409].

Ако има завештание на дел од имотот, тогаш наследникот има право на избор или да го даде делот од имотот, или да ја плати неговата цена, но, ја плаќа цената на сето неделиво и неудобно деливо.

405 Αρμ. V, 8, 67.
406 Προχ. Νομ. XXX, 11, 12.
407 Προχ. Νομ. XXX, 19.
408 Επαναγ. XXXIV, 23.
409 Συνταγμα, Том V, стр. 124.

*Уште за лишување од наследство на синовите*

Утврдуваме, заради која вина синот може да биде лишен од наследство на татковиот имот[410].

1. Ако крене рака на своите родители;

2. Ако им нанесе тешка и дрска навреда;

3. Ако ги обвинат за криминален престап, кое не е извршено (не е спроведено) против царот или власта (државата).

4. Ако со волшебници (маѓесници) како волшебник се врти (или ако со волшебници врти средства како волшебник).

5. Ако се обиде да злонамисли на живот на своите родители преку отров или каков било друг начин.

6. Ако се смеша (полово општи) со својата маќеа или со љубовницата (наложницата) на својот татко.

7. Ако биде поткажувач на своите родители и со своето поткажување ги доведе да претрпат тешка штета.

8. Ако ја пренебрегнуваат (запоставуваат) грижата за нив, кога тие лежат во долгогодишна немоќ или дошле (достигнале) до старост и немоќ и биде повикан од родителите, не посака да ги удостои со грижа.

9. Ако децата од машки пол не сакаат да гарантираат, доколку имаат моќ, за своите родители, да ја прифатат одговорноста за долгот.

10. Ако се открие дека кој било од децата забранувал на родителите да напишаат завештание (тестамент), во таков случај, ако они после тоа имаат можност да го направат тоа, имаат право таквиот син да го лишат од наследство.

11. Ако без дозвола (волја) на родителите се внесе во редот на глумците (мимичарите) и остане во тој занает.

12. Ако кој било од родителите побесни (се разболи од беснило) децата или тие што имаат право на неговото наследство без завештание не сакаат да го удостојат со грижа; бидејќи се ослободил од беснилото, тој има право да ги лиши од наследството, ако пак (во болеста) остане болен до смртта, некој туѓ се смилува и преземе грижа на свој трошок и писмено го прогласи за наследник, а они (децата) не посакаат да приjдат и да пружат грижа за болниот, во таков случај тој треба да има право да настапи во негово наследство со уништување на нивната предност (нивното претпочитување).

13. Ако некој од родителите биде заробен, а децата не се ангажираат за негово ослободување, по ослободувањето од заробеништво, слободно може да ги лиши од наследството. А ако пак умре во заробеништво поради немарноста на децата или на повиканите кон неговото наследство без завештание, тогаш (во таков случај) на сите тие не им се дозволува да стапат во негови наследници, туку имотот се дава на црквата на тој град каде што се родил и се употребува не за друга потреба, туку за откуп на заробеници. Ако пак пред заробувањето, составил завештание, тој ги

410 Проχ. Νομ. XXXIII, 1 и 4; Новела на Јустинијан, 115, гл. 4.

напишал нив за наследници, во таков случај целосно се уништува таквото завештание. Оваа казна се определува за тие кои достигнале 18 години возраст.

14. Ако родителите се православни, а дознаат дека некое од децата се придржува до еретичките догми. Ако пак детето се вразуми и повторно се врати кон Православната црква, во таков случај својот дел (жреб) го добива, а плодовите во меѓувреме да не ги бара.

Така, ако една од кажаните вини на кое било од децата родителите ја напишат во своето завештание и напишаното наследниците го покажат дека тоа е вистинито, наредуваме-завештанието да ја има својата сила.

*За лишување од наследство на родителите*

1. Утврдуваме пак да не се дозволи на децата да ги лишат своите родители од наследство во своите завештанија, освен кога ќе ги напишаат (наведат) нив во долу наведените вини[411].

2. Ако родителите го дадат своето дете на погубување без вина за неверство против величеството (царот).

3. Ако биде откриено дека со труење или магии, или друго било какво зло намислиле на синот.

4. Ако таткото се смеша (полово општи) со својата снаа или со љубовницата на синот.

5. Исто така и за забранување на заветот

6. Исто така и во однос на болест и заробеништво и завера, треба да биде спазено и овде сé, како што утврдивме во однос на лишување од наследство на синовите.

7. Но, и тие што имаат роднина глув, или нем или безумен, или болен, ако не го заштитува грижливо нивниот имот, не може да ги наследува.

8. Тоа истото и во однос на заробените.

## ГЛАВА 13

***За тоа дека треба да стапуваат во редот на свештеници и тие што не потекнуваат од свештенички род, ако бидат достојни***

*VI Собор, 33-то*:33-то правило на VI Собор вели: кај Јудеите едно колено Левиино го наследувало свештенството и од него се избирале свештеници. (Во грчкиот текст стои: и се именувале свештеници затоа што во Второзаконие е напишано: да нема Левит имот кај синовите Израелови, Господ да им биде чест и нивен имот, - тоа не е преведено во старословенскиот текст). Ние не треба достоен по определбите на божествените правила, да допуштиме да се прими во свештенство без разлика дали тој имал претци свештеници или не.

*За четците*

Од амвонот никој да не чита божествени книги ако не добил пострижување со благослов од својот епископ, а тој што постапува спротивно на

411 Προχ. Νομ. XXXIII, 19 и .д.(4); Novella 115 гл .4.

тоа да биде одлачен.

**ГЛАВА 14**

***За тоа дека не треба свештеник да се преместува***

Види во 9-та глава на -А- состав, правило 4 од IV Собор и други.

**ГЛАВА 15**

***За тоа дека за потребите на свештениците треба да се дава од црковниот имот***

Види глава 26 од -Е- состав.

**ГЛАВА 16**

***За тоа дека не треба свештеници да го разграбуваат имотот на умрен епископ***

Види 27-ма глава од -Е- состав.

**ГЛАВА 17**

***За тоа дека не треба еден свештеник да биде во два града, или во еден град да служи во две цркви***

Види 14-та глава од -Е- состав.

**ГЛАВА 18**

***За тоа дека свештеници не треба да дадат што било без согласност на својот епископ***

*Апостолско, 39-то*: 39-то правило на светите Апостоли наредува - не се дозволува на презвитери и ѓакони без волја (согласност) на епископот да даваат тоа што припаѓа (што е оставено) единствено на него самиот, ако кој било прифати прво место меѓу луѓето и слово за нивната душа дава и вината ја зема, додава велејќи дека ќе го реши и преземе гревот или ја скратува или ја продолжува епитимијата (забраната).

**ГЛАВА 19**

***За тоа дека за свештеници не се хиротонисуваат тие што се откажале (што се разрешени)***

*IV Собор, 6-то*: Шестото правило од Шестиот Собор заповеда, дека не треба ниту свештеници, ниту ѓакони ниту други од членовите на клирот да бидат хиротонисувани слободно, така што би можело да одат каде што ќе сакаат и да вршат какво било свештеничко дејство, туку имено кон градската црква или селската, или кон определен маченички храм, или кон манастир, бидејќи и епископите се ракополагаат кон определена црква; хиротонисувањето кое не е така направено се смета за невалидно (неважечко).

*Знамение:* Но сега тоа е оставено (напуштено).

**ГЛАВА 20**

***За тоа дека свештениците во црквите и манастирите треба да бидат под власта на епископот***

*IV Собор, 8-мо*: Осмото правило на IV Собор заповеда свештениците (што се наоѓаат) при старечките домови, манастирите и црквите (храмовите) на мачениците да бидат во потчинетост на градскиот епископ, - името (именувањето) старечки домови, згради определени за надгледување на сиромашните и грижата за нив, т.с. домови за надгледување на престарените и сиромашните, а храмови (цркви) на маченици - тоа се храмови, подигнати во име на маченик, а тие монаси и свештеници кои според дрскоста се одделуваат од потчинетоста на епископот и верниците кои им внушуваат дрскост, (правилото) ги оутѓува од општењето со верниците.

**ГЛАВА 21**

***За тоа дека свештеник за прегрешение, ако попадне во него се исфрла, но не се подложува и на одлачување (заедно со исфрлањето)***

Види 10-та глава од -Д- состав.

**ГЛАВА 22**

***За тоа дека свештеник, кој не се покорува да земе повисок чин, се лишува и од тој кој што го зазема (има)***

*Картагинско, 31-во*: Триесет и првото правило од Картагинскиот Собор,- свештеник, зачленет кон кој било црковен степен, и од својот епископ биде повикан да го унапреди (назначи) на повисок степен, не се покори и одбегнува, можеби од трудот поврзан со него (со чинот) заповеда да се лиши и од тој степен којшто тој не сакал да го остави.

**ГЛАВА 23**

***За татбата (кражбата)***

Види во 32-ра глава на -Е- состав, правило 25 на светите Апостоли.

*Василиј, 61-во*: 61-вото правило на Василиј Велики вели: Тој што украл, ако сам по себе се покае и го изнесе (објави) гревот, на една година треба да биде оддалечен од причеста на светите Тајни, ако биде откриен, тогаш на две години. Сето тоа време треба да биде дозволено за него метанија и стоење со верниците, но тој не треба да биде и со тие што плачат или слушателите.

*Ниски, 6-то*: Шестото (правило) на Великиот Григориј Ниски вели: Тој што однел тајно туѓо, ако не се вооружил со меч за да може да го убие оној што му се спротивставува, и ќе го објасни преку исповед својот грев, треба да ја лекува болеста со милостиња, ако пак нема ништо, освен телото, тогаш е должен да ја лекува страста со труд (работа), како што велат Апостолите: крадец никому да не краде, туку да се труди да работи со сопствени раце, и да дава на тој што има потреба.

*Григориј Чудотворец, 11-то*: Свети Григориј Чудотворец во 11-то

правило вели: Тој што ќе најде каков било предмет (облеки) на нива или во својот дом, туѓи, фрлени од непријатели, ако по обвинение бидат откриени да бидат (дадени, вратени) на сопствениците, исповедувајќи се самите себе можат и да се молат со верниците, и да ја исполнуваат оваа наредба без секакво сквернавење (нарушување) и сосема да не бараат одмазда ниту за пронаоѓачот (посочувачот) ниту за тој што ги зачувал (предметите) или како и да се нарекува тоа.

*Закони*: Оној кој краде во кој било град, слободен, но сиромашен, ако еднаш го направил тоа треба да биде телесно казнет (да биде тепан), а ако има доволно средства (е богат) тогаш за отплата на украденото треба да даде двојно количество (од украденото) на тој што претрпел кражба (на ограбениот); а ако двапати го направил тоа да се изгони, а ако трипати биде фатен во тоа, тогаш на него треба да му бидат отсечени рацете[412].

Непромислено земеното или бессрамно украдено, ако биде продадено, се одзема без да се врати (плати) дадената за него цена[413].

Тој што ќе врати украдено, нема право да бара да му се врати дадената цена за него.

Кој ќе земе туѓ фрлен предмет со цел да го присвои, макар и да не знаел чиј е тој (предмет) ако сопственикот без промисленост го оставил тоа, тогаш кој крадец да го зел него, не подлежи на споменатото обвинување, бидејќи (предметот) престанал да биде сопственост на стопанот (сопственикот), бидејќи не е кражба кога некој не претрпел кражба, а ако некој сметал оставеното без грижа дека не било оставено без внимание, тој не е крадец, ако пак го зел тоа, со цел да го даде на сопственикот, тогаш не подлежи на обвинение за кражба, макар и да зел награда за тоа што го нашол[414].

Тој што краде во војна (во логорот), ако е оружје да биде тепан, ако пак е коњ да му се отсечат рацете[415].

Сопственик (господар) на роб-крадец, ако сака да го има за слуга, должен е да ја надомести направената кражба, а ако не сака, тогаш е должен да го даде него во целосна сопственост на тој што претрпел кражба[416].

Тој што прогонува (растерува) туѓи стада, ако го направил тоа еднаш треба да биде тепан, втор пат да биде протеран, а ако пак и во трет пат биде фатен во тоа, тогаш нему треба да му се отсечат рацете, со враќање на целото протерано стадо на неговиот сопственик[417].

*За разбојниците*

Познатите разбојници да се казнат со распнување во тие места во кои

412 Προχ. Νομ. XXXIX, 54.
413 102 . Βασ. 15, 1.
414 43 Βασ. 60, 12.
415 Προχ. Νομ. XXXIX, 53.
416 Προχ. Νομ. XXXIX, 55.
417 Προχ. Νομ. XXXIX, 56.

го направиле престапот, за со таа глетка да ги заплашат тие што ќе се решат на тоа и да бидат утеха за роднините на убиените[418].

Тие што сечат дрва (овошки) и посебно лозја се казнуваат како разбојници, па макар и само едно дрво да отсекле или многу, секој од нив е должен да го плати целото дрво, ако не се дознае-двојната негова цена, а ако се дознае само неговата вредност[419].

Откриениот дека прима украдени предмети и соучесникот во кражбата подлежат на еднаква казна како и крадецот.

Ајдук (Крадец) - е тој кој прави престап (прекршок) тајно и без оружје, таков не се подложува на отсекување на удот, ниту на смртна казна, а тој што прави прекршок насилно со оружје во какво и да било место, подлежи на казна според законите.

Види ги и другите закони во 12-та глава на -А- состав.

## ГЛАВА 24

***За тоа дека не треба да се општи со одлачените од општење***

*Антиохиско, 2-ро*: Второто правило на Антиохискиот собор ни заповеда на сите нас да се одлачуваме (да ги избегнуваме) од општење со одлачените од општење и да не учествуваме со нив во молитвите ниту во домовите, ниту во црквите, макар тие да припаѓаат кон друга епархија, бидејќи, по местото сме разделени, но не се разликуваме едни од други по верата - ние сме христијани по целата земја и сите се нарекуваме и сме една Соборна (Православна) црква. И кој општи со одлачени од општење, тој самиот треба да биде надвор од црковното општење како предизвикувач на збрка во црковниот чин.

Види уште 18-та глава од -А- состав, и во 2-та глава на истата таа буква, правила на св. Апостоли, 45; 46 и 64; Лаодикејски собор, 33-то; и Тимотеј Александриски, 9-то и во 15-та глава на -П- состав, правило Прво на св. Григориј Чудотворец.

## ГЛАВА 25

***За тие кои немаат општење со верниците при изведувањето на свештената литургија или го одлагаат општењето на три неделни дена (три седмици)***

*Апостолско, 8-мо и 9-то:* 8-то и 9-то правило на св. Апостоли, посакува, дека сите и секаде да бидат подготвени и достојни да се причестуваат со божествените Тајни, епископот, или презвитерот, или ѓаконот, при вршењето на свештенодејствието на божествените тајни, на тој што не се причествува, заповеда да ја каже (изнесе) причината, и ако биде добро позната да го оправдаат (извинат), а ако не, да го одлачат, затоа што дава повод за соблазна и сомнеж на народот кон свештениците, тој што принел бескрвна жртва, ако тие знаат за него каква било препрека

418 На истото место.

419 2 и 6 Βασ. 60, 16.

(причина) за свештенослужење, и верниците да влегуваат и светото писмо да го слушаат, но тие што не присуствуваат на молитвите и светата Причеста до крајот, (правилото) заповеда да се одлачат како престапници.

*Антиохиско, 2-ро*: Согласно со тоа заповеда (определува) и второто правило на антиохискиот собор, сите што влегуваат во црквата и ги слушаат светите писанија, но не учествуваат во молитвите заедно со народот, или одбегнуваат од причеста на светата Евхаристија, од гордост, можеби или од отстапување од поредокот, или по невнимание, заповеда да се одлачат од Црквата, додека преку исповед не ги покажат плодовите од покајанието и не добијат опростување. А некои велат дека овие правила се поставени во однос на свештениците што свештенодејствуваат во тоа време во Олтарот и мирјаните кои не присуствувале дотогаш (до тој момент) додека не настапи времето на причестување на верниците: бидејќи сосема е оптоварувачки и насилствено да се принесуваат сите секој ден да се причестуваат, во спротивен случај - се одлачуваат, бидејќи како може оној што се враќа во средината и ги осквернува мирските предмети секогаш да има чиста душа за примање на духовниот мир? Бидејќи доволно е, ако некој, презрел и одложил сѐ друго и си задал само една цел, на друг никаква лоша помисла не направил, може потоа, со Божја помош да го удостои тој, но јас мислам дека во древните времиња верници на малку дела биле заборавени и живееле правилно, како што и правилно верувале, поради тоа многумина од прогласувањето на тој канон се претставуваат поинаку, отколку сега, бидејќи и мрзеливоста и неправилноста на животот така нас не настроиле, што впрочем и не верувале, дали достигнал некој од верниците таква висока добродетел.

*Зри: (Внимание)*: Мислам дека без сомнение од причина од таа закана на божествените правила е измислено раздавањето на нафора за да тие коишто не можат да се причестат со животворните Тајни, да ја имаат сета неопходност да го очекуваат крајот на божественото свештенодејство, за да од рацете на свештеникот добијат негово осветување.

Види уште во 7-ма глава на -П- состав, правило 66-то од VI Собор.

*VI Собор, 80-то праавило*: 80-то пак (правило) на тој (VI) Собор: Тие што престојуваат во градот епископи и презвитери и на три свети недели, во продолжение на три седмици ја оставиле својата црква без настојчиви потреби, а исто така и граѓаните (народот), не приоѓа со верниците во црквата и немаат општење во молитвите, туку во текот на три недели ги лишуваат и нивните свештеници ги исфрлаат, а мирјаните ги одлачуваат.

Види уште во 9-та глава на -А- состав, правило на Сардикискиот собор, 11-то и 12-то.

## ГЛАВА 26

***За тоа дека не треба да се дава причеста на телото на умрените***

*VI Собор, правило 83-то*: 83-то правило на VI Собор: не треба да се дава Евхаристија на телата на умрените, бидејќи вели напишаното: при-

мате, јадете! А мртвите тела ниту примаат, ниту можат да јадат. Види уште во Прва глава на буквата -В-, Правило 18 од Картагинскиот Собор.

**ГЛАВА 27**

***За тоа што тој што мисли да се причести не треба да пристапува кон својата жена***

Види 18-та глава од -Г- состав.

**ГЛАВА 28**

***За тоа, кога се причестува осквернавен во сон***

*Дионисиј, 4-то*:Во четвртото правило свети Дионисиј Александриски за тие (тој) кај кои се случило ноќе несвесно истекување на семето (спермата), го изнесува тоа дело пред судот нелицемерно по сопствена совест, доколку истекувањето на семето се случило несвесно, без да претходи какво било страсно возбудување, кога природата го одделила него како вишок, тогаш тој што го доживеал (претрпел) тоа без пречки да пристапи кон божествената причесна, а ако претходела каква било страсна помисла, која што утврдувајќи го воображението предизвикала ноќно видение и после тоа следувало исфрлање на семето, или ако се случило тоа како последица на пијанство и јадење, таквиот не е чист не од причини на исфрлање на семето, бидејќи семето не е нечисто, како и телото од коешто тоа е вишок, туку од причини на глупавото посакување кое ја осквернавило мислата. Затоа, оној што се сомнева во својата совест лишен од дрзнување, како ќе пристапи кон Бога настроен на таков начин, затоа според великиот Павле: ако некој е сомничав се осудува.

*Анастасиј*: Тоа истото со посредство на сосема многу додатоци го изложува и Великиот Атанасиј во посланието до некој си Амон, докажувајќи дека ништо што е создадено од Бога не е нечисто по својата природа, а дело на Неговата рака е и човекот, којшто подлежи на природно истекување, затоа што на животните е даден излез за со посредство на секој орган да се оддели вишокот. Така вишокот на главата-косата, течностите се изделуваат со посредство на ноздрите (носот) и устата се исфрлаат и цревата-исфрлаат вишок, целото тело-пот, семените садови семе. Тие исфрлања и испразнувања му носат корист на животното, а кога се задржуваат природно причинуваат штета, и за доброразумните нема ништо нечисто по својата природа, а за осквернавените нема ништо чисто, бидејќи тие си го осквернавиле умот и совеста и на крај, грев е и тоа што не мислат за тоа како што треба. Да и лекарите знаат дека природата го исфрла семето како вишок, не е никаков грев кога се испразнува вишокот.

*Василиј Велики*: Василиј Велики во своите подвижнички дела бил прашан: смее ли да пристапи кон причестување осквернавен во сон, одговора: да пристапи кој било во нечистотија кон светите тајни-тоа е такво дело, страшниот суд за кој ние знаеме од Стариот Завет, а ако овде се повеќе светињи тогаш очигледно на уште поголем страв не учи

Апостолот, велејќи: јадењето и пиењето се недостојни за суд-јади и пиј; а нечистотија го нарекол светиот Апостол не исфрлањето на семето од што, мислам, никој совршено не може да избегне, освен ако биде сосема бесчувствителен, а скверната желба, за која Господ рекол: секој кој гледа на жена и сл. сила којашто и го прави гревот во мислите преку страсно посакување и на тој начин се случува мисловно собирање во сон и исфрлање на семето.

*За малакијата*[420] *(ракоблудието, мастурбацијата)*

А ако така нареченото исфрлање на семето, произлегло од страстна желба преку ноќни мечти, тогаш за тоа на построги епитимии треба да се подложат тие што го предизвикале исфрлањето на семето со помош на рака, бидејќи тоа се случило не во сон и не од мечта.

*Јован Постник*

За тоа Јован Постник вели: Свештеник, којшто подлегнал на страста на мастурбирање (ракобљудство, онанија) пред да го прими свештенството и не се дрзнал да го прими свештенството, можеби поради сознанието, дека за тоа нему му е забрането (свештенството), после претходните доволни епитимии да се удостои со свештенство, ако пак после примањето на свештенството попадне во таа страст, тогаш по едногодишно оддалечување од свештенството, воспитувајќи (поучувајќи) се од обичните епитимии, да пристапи кон свештенството, а ако по создавањето на гревот, двапати или трипати го направил тоа, тогаш по лишувањето од свештенството треба да стапи во чин четец. А обичен верник кој направил срамна страст на мастурбација, на 40 дена се одлачува од општење, јадејќи во нив само сува храна (сув леб) и да прави на секој ден по 49 метанија(поклонувања). А мастурбацијата што произлегла од смешување на еден со друг, прави особено зло, бидејќи осквернавува две души и затоа за тие што ја прават неа се предвидува двојна епитимија, се оддалечува на 80 дена од општењето и мерката метание се протега до 100 со соодветен пост.

*Знамение*: (Поука): Но за тоа толку. А исфрлањето на семето, предизвикано од болест на бубрег или камена болест(камен на бубрег), сосема не подлежи на обвинување (осуда). Иако според Мојсиевиот закон семеточивите (на тие што им истекува семето) биле признавани за нечисти, но тој сликовито преку телесните страсти ги покажувал душевните болести и преку неволните (гревови) ги истражувал (осудувал) волните; бидејќи ако природно се сметаат за нечисти, тогаш уште повеќе похотноста по сознанието (по волјата) е блуд, бидејќи синовскиот закон за телесните предмети (дела) кој што ги поучувал Јудеите како деца, за да ги направат нив способни за восприемање на духовните и посовршените заповеди, но нé научува преку тоа и нас, за и ние избегнуваме општење со таквите, за да не го оскверниме со нечистотија Словото, што излегува од нивните усти. А тоа се тие коишто ја засилуваат сопствената страст за да ја рас-

420 Се однесува на оние што со помош на раката го исфрлаат семето од половиот орган.

пространат на сите слично на заразна болест и да имаат многу слични на нив, за во општеството злите даги избегнуваат, како што мислат, прекорно разоткривање. Но нашиот закон и нив ги допушта не помалку отколку здравите и тогаш кога болните од лепра кај нив ги изгонувале од куќата (домот) како нечисти, со нас учествуваат во црковните собранија и молитви, не среќавајќи никој од болните никаква пречка кон тоа.

*Тимоѿеј, 12-ѿо*: Дванаесеттото правило на Тимотеј Александриски вели: дека ако во тој кој имал нечисто сновидение, пред тоа се јавила похотлива помисла, која се утврдила во неговата мисла и предизвикала исфрлање на семето, тогаш причеста треба да биде одложена бидејќи предрасположението ја осквернавило помислата, а ако ништо такво не претходело, тогаш јасно се гледа дека тоа е искушение на ѓаволот, надитрувајќи го да го оддалечи од божествената причеста: таков, во ништо не сомневај се, да пристапи кон причеста, затоа што ако му се допушти (укаже) на лукавиот да го достигне, дека тој после тоа не учествува во таинството, тогаш тој нема да престане со лошите намисли секој пат кога ќе дознае дека тој се подготвува за Божествената Причеста.

## ГЛАВА 29

***За ѿоа дека за божесѿвенаѿа ӣричесѿ неѿреба да се ӣрима(зема) шѿо било:*** *VI собор, 23-ѿо*

23-то правило на VI Собор целосно забранува на тие кои даваат на верниците пречиста Пречест, да бараат од приемачите пари или било што друго, бидејќи вели, благодетта не се продава. Токму затоа осветувањето треба да биде давано не за пари туку како достоен дар. Ако пак кој било од посветените во свештенство биде откриен да бара што било од тие коишто ја даваат пречистата Причест да биде исфрлен, како ревнител на Симеоновата заблуда и заговор, бидејќи тој сакал за пари да ја купи благодетта на Духот[421].

## ГЛАВА 30

***За ѿие шѿо се сомневааѿ да се ӣричесѿуваaѿ од женеѿ ӣрезвиѿер***

Види во 9-та глава на -В- состав, правило 4-то од соборот во Гангра.

## ГЛАВА 31

***За ӣобожносѿа (блаѓочинсѿвоѿо) во ӣричесѿвувањеѿо на ӣрезвиѿериѿе и верницнѿе***

*VI Собор, 58-мо:* 58-то правило од Шестиот Собор не дозволува на верник самиот себе да си дава Божествено Таинство, кога присуствува епископот, или презвитер, или ѓакон, а тој што постапува спротивно, вели да се одлачи на една седмица, за да се научи на смирение и се стреми за тоа што е над него.

*Исѿо, 101-во:* 101-вото (правило на истиот Собор) решително не одо-

421 Спореди: Дејанија, 8, 18-20.

брува на тие, кои можеби од длабока почит (страхопочит) и почитување кон божествените дарови, ги примаат божествените дарови со посредство на садови направени од злато или сребро или друг скапоцен материјал, и на таков начин се причестуваат, туку (заповеда) да ги стават рацете во форма на крст и со нив да го примаат божествениот дар, да се причестат, бидејќи многу повеќе (далечни) се претпочитаат создадената од чувствителната рака Божја, човечка рака, почитуваниот божји лик и нареченото тело на Христа и храмот Божји, според словото на божествените Апостоли, и така секој да прима оптштење на благодатта, вели (правилото) со рака, затоа што никој навистина не е достоен за божественото причествување, но сите се удостојуваат со него по благодет (милост Божја), како благодет ние сме и спасени, како што негде вели Апостолот (Ефес. 2, 5); а тие што претпочитаат да се причестуваат со посредство на бездушните предмети во лик Божји и се обидуваат да се приопштат со посредство на такви садови, (правилото) определува да се одлачат.

Види и 5-та глава од -Д- состав, 18-то правило од Првиот Собор и 4-та глава од -ν- (во нашиот превод условно ќе биде означено со -S- состав).

## ГЛАВА 32

***За тоа дека не треба да се прима мирска заштита или туторство за свештеник, ниту за монах, освен по царска наредба***

*Апостолско 6-то:* Шестото правило на светите Апостоли заповеда: епископ, презвитер или ѓакон заштита за себе од мирјанин да не примаат, во спротивно да се исфрлат, затоа што правилото сака горенаброените (свештеници) да бидат(да се држат) надвор од народната власт и народното бранување и слободно да одат на божественото служење.

*Исто, 81-во:* 81-вото (Апостолско правило) многу вешто (умно) го објаснува тоа и вели: ако не се покори и да се откаже од мирската заштита тогаш треба да биде исфрлен, а ако се откаже така што повеќе нема да се вмешува во народната управа, тогаш за претходното треба да добие прошка (опростување).

*Исто, 83-то*: 83-то пак (Апостолско правило) вели: Епископ, или презвитер или ѓакон, облечен во свештеничка облека и извршува војнички работи, т.е. во распоредување на воените предмети, правилото овде подразбира да не дејствува со оружје, подлежи на исфрлање, бидејќи никој не може на двајца господари да работи по Словото Божјо.

*IV Собор 7-мо* правило заповеда дека: еднаш зачленетиот во свештенство или монаштво да не стапува во воена служба, ниту во цивилен (световен) чин, симнувајќи ја од себе свештеничката облека и преоблекувајќи се по нивни обичај, инаку тој што ќе се дрзне на тоа и нема да се покае и не ја прифати пак својствената животна свештена облека, која што претходно ја избрал ради Бога, заповеда да се предаде на анатема, бидејќи тој што се дрзнал на што било такво, веќе не се подложува на исфрлање, така што кон сето тоа тој самиот себе си приговорил пред осудување, соблекувајќи ја од себе свештеничката облека и правејќи се

мирјанин.

Види уште и 33-та глава на -Е- состав.

*Прво-Втор С*обор, 11-то: Наречениот двоен Собор (Прво-Втор) Собор правилото 11-то ги потврдува кажаните правила и напоменува на нивната содржина и додава дека ако некој од свештениците или ѓаконите, или воопшто од зачленетите во клирот стапи во световно (цивилно) началство-командна должност или тутор или прими чин управител, таков да се изгони од својот клир, бидејќи невозможно е како што кажавме, да се служи на двајца господари.

*Картагинско, 16-то*: 16-то правило од Соборот во Картагина заповеда дека епископ, презвитер и ѓакон да не бидат откупувачи на туѓ имот ниту раководители, односно тутори (старатели) и управители, ниту да добиваат продукти (за исхрана) од срамни и бесчесни занаети, бидејќи никој веќе, (вели) не бидува воин ако е обземен од купување на животни намирници и слично. Така, срамен занает би било да се издржува блудница, а нечесен занает да се раководи со крчма.

*Патријарх Лука:* Светиот пак патријарх Лука им забранил на свештениците да раководат и со работилници за производство на миро или бањите, затоа што тие служат како средство за бесрамна корист и даваат повод за измама.

*За врачевите (лекарите)*

Тој не дозволува и ѓаконите да се занимаваат со лекување (лекарства) - да бидат раководители на болници, вели, дека не доликува на оној во стихарија (редицата) што извршува свето таинство да се облекува во цивилни облеки и со мирски луѓе т.с. со лекари да врши процесии. Било исто така определба од тој ист патријарх, дека се подложуваат на исфрлање тие свештеници, коишто се занимаваат со мирски (цивилни) и општонародни дела, и друга определба на патријархот Јован, кој не дозволува на ѓакони или други свештеници да бидат заштитници на суд, а исто така определба на патријархот Михаил Анхил, којшто заповеда дека свештеници да не примаат на себе цивилни должности, ниту даночни собирачи ниту чин на управник.

*Знамение (Обичај)*: А бидејќи 4-то правило на IV Собор, а исто така 4-то (правило на Прво-Вториот Собор) коишто влегле во 15-та глава на составот -М- не забрануваат епископите да наложат понекогаш на потчинетите ним монаси да управуваат не само со црковни работи, туку и со цивилни, т.с. граѓански, тогаш тоа подобро треба да биде препуштено на царевите, коишто по обичајот прават измени во свештените правила, конечно со благочестиви и благољубезни намери, затоа што тогаш како што правилата дозволуваат изборот на епископите за епископ на областа, без учество на цивилниот началник (властелинот), царевите освен избраниот епископ назначуваат и патријарси и епископи. Токму затоа, веројатно за време на царот Михаил Дука познатиот митрополит Сидски се занимавал со државни работи, и (митрополитот) Неокесариски пишувал граѓански закони, и кај нас митрополитот на Кизик Нифон извршу-

вал должност на секретар секакви народни служби.

*Закон:* 86-тата новела на царот Лав заповеда дека: ниту епископ и никој од клирот да не се занимава ниту со заштита на суд, ниту откуп, ниту со заветување; тој што прави такво нешто, наредува на некое време да се одлачи, а тој што останува во тоа се исфрла[422]. А под заштитник на новелата подразбира организирање и водење во граѓански судови, тие што добиваат царска плата што се состои во водење на стари и утврдување (во должноста) на цивилни(мирски) и тие што се наоѓаат под власта на примикирот (цивилниот управник), кон нив да се присоединуваат свештениците - се забранува, а да заштитуваат другари (пријатели) или воопшто своите епископи и свештеници, по сопствена согласност, не треба да биде забрането.

123-та Јустинијанова новела вели: Никој да не го остава своето свештенство и да не станува мирјанин, затоа што таков треба да биде лишен и од претходното негово достоинство или воена служба и треба да биде предаден во распоредување (на располагање) во своето граѓанско началство (да се предаде на градот).

Седмата и осмата новела на царот Лав наредуваат дека: свештениците и монасите, коишто ја промениле облеката и станале мирјани (цивили) да бидат облечени во претходната одежда и против нивната волја.

## ГЛАВА 33

***За старателите (туторите)***

Види 33-та глава од -Е- состав.

## ГЛАВА 34

***За судовите каде треба да бидат судени свештениците и монасите и за избраните судии***

Види 9-та глава од -Д- состав.

## ГЛАВА 35

***За тие кои се оддаваат на игри и пијанство***

*Апостолско, 42-ро:* 42-то и 43-то правило на светите Апостоли, а исто така и 50-то на VI Собор, заповедаат: епископот, или презвитерот, или ѓаконот, кој се предал на игри и пијанство, или да престане, или да се подложи на исфрлање, а подѓакон или певец, или четец или мирјанин, ако прави нешто слично подлежи на одлачување; затоа што припадникот на клирот служи за народот како пример на секаква добродетел не само со учењето и казната туку најмногу со беспрекорниот начин на живот, должни се да го повикуваат него кон подвизи на добродетел, а не да го подбуцнуваат кон гревот на небрежниот живот, и мирјаните се должни

422 Суштината и содржината на новелата на Лав во целост е печатена во In jure Graeco-Roman. Zachariae. Tom, III, p. 182-183; Спореди: Зак. Гос. Российск. Том IX, стр. 381.

да го слушаат словото на Писанијата, кое заповеда да не се пие вино до пијанство и да не се опиваат, во тоа е блудот.

Различни правила кои влегле во 7-та глава на овој состав, забраниле на свештениците да влегуваат во крчмите или да раководат со нив.

*Закон:* 123-та Јустинијанова новела вели: епископ или свештеник кој се оддал на игри или има општење со тие што играат или седи или гледа, при негово присуство или присуствува на сцената или во хајка (гонење) на ѕверови, се одлачува од секакво свештенослужење на три години и се затвара во манастир, а тој што ќе покаже достојно покајание му се дозволува на свештеникот да му го намали времето на епитимија. Прочитај уште 83-та (и 87-ма) новела на императорот Лав Мудриот.

## ГЛАВА 36

***За тоа дека во Недела претежно епископот треба да го учи народот***

Види во 11-та глава од -В- состав, правило 19 од VI Собор; во 9-та глава на истиот (В) состав, правило на св. Апостоли-53-то и во 18-та глава на -Г- состав правило 5-то на Тимотеј.

## ГЛАВА 37

***За тоа дека во Недела, не треба да се пости, ниту метанија да се прават, ниту да се работи, ниту приредби да се прават***

*Апостолско, 66-то:* 66-тото правило на светите Апостоли, тој што пости и во Недела или Сабота, освен Великата,- свештеник се лишува од свештенството, а мирјанин се предава на одлачување, а тие коишто заради подвиг се воздржуваат да јадат во определени денови, во десеттиот на пример, или осмиот,- сосема не подлежат на обвинение, бидејќи сосема многу по благодет Божја бројот на деновите на пост ги простирале до 40. А во една, само Велика Сабота заповеда да се пости затоа што животворното Господово тело лежело тогаш без дишење во гробот.

*VI Собор, 55-то*: 55-то правило од VI Собор го наведува тоа самото Апостолско правило и заповеда тие што живеат во градот Рим да не го престапуваат (правилото) и да не постат во саботата на светата Четириесетница од причини што се случува (се прави) за сите свети принесувања во секоја Сабота, иако тие толку не обрнувале внимание на тоа правило, туку напротив, уште понатаму го простираат злото, не откажувајќи се да постат во Сабота преку целата година.

*Ганагрско, 17-то*: 17-то правило на Гангарскиот Собор ги предава на анатема тие кои заради привидно подвижништво постат во Недела. Затоа што тогаш треба да бидат особено весели и радосни од причина на воскреснувањето Господово и човековата природа да ги оправда гревовите, а не да се огорчуваат себе од пост и тагување.

*Петрово, 15-то*: 15-то правило на Петар Александриски, во среда ние прифативме, вели, да постиме од причина на советот дека тој ден Господ бил предаден од Јуда, а во петок затоа што во тој ден Тој пострадал за

нас. Неделата е ден којшто го почитуваме како ден за радост. Во тој ден и колена ние прифативме да не преклонуваме(превиткуваме: метанија да правиме)[423].

*За светото Богојавление; Теофилово*

А Теофил Александриски во случај кога празникот свето Богојавление, во кој ние природно постиме до вечерта, ќе се совпадне со денот Недела, заповеда да се оддава на тоа прикладно, затоа што вели: и обичајот и долгот од нас бара да го почитуваме секој неделен ден и да ги празнуваме оние, бидејќи во тој ден Господ наш Исус Христос нам ни појавил воскреснување од мртвите. Токму затоа и свештените писанија го нарекле тој ден прв, бидејќи за нас претставува почеток на животот и осми, бидејќи доаѓа по саботата јудејска. Но, кога се случи во тој ден да биде Богојавление и тој ден да биде посен, тогаш разумно треба да се применува во двата случаи и да се употребат неколку урми, ние не постапуваме според обичајот на ересите, не почитувајќи го денот Недела како Господов ден и должната почит ја оддаваме на посен ден, очекувајќи го вечерното собрание, кое завршува во тој ден во 9 часот.

*Прв Собор, 20-то правило[424]:* 20-то правило на Првиот Собор заповеда дека не треба да се преклонуваат колената ниту во денот Недела ниту во секој ден на Педесетница. Причините јасно ги разоткрива Василиј Велики во 32-та глава кон светиот Амфилохие послание, што и води во втората глава на -Е- состав.

*VI Собор, 90-то:* 90-то (правило) од VI Собор говори: Бидејќи од божествените отци нам ни е заповедано да не ги преклонуваме колената во денот Недела заради честа на воскресението Христово, тогаш, по вечерното влегување на свештенослужителите во олтарот, никој не треба да ги преклонува колената до вечерта на Неделата, кога пак бидува влез на свештенослужителите, затоа што со тоа време праќаме молитви кон Господа, преклонувајќи колена: Бидејќи ноќта по Саботата се прифаќа како претходница на воскресението на нашиот Спасител, испраќаме духовни посланија и песни и празникот од темнина во светлина го доведуваме, така што целата ноќ и ден прославуваме.

*За тоа дека во денот Недела не треба да се работи*

Види во 4-тата (во грчкиот текст стои-3-та) глава од -И- состав, правило 29-то од Лаодикејскиот Собор.

*Закони:* Неделата без работа бидува: затоа што во тој ден на никој не се прави опомена, ниту од никој не се бара долг, ниту државна казна, ниту приватен долг, никој не се подложува на суд, не се прават театарски претстави, ниту хајка на ѕверови, ниту коњски натпревари, ако пак и роденден

423 Грчкиот текст уште упатува на 9-та глава од -В-состав, 53-то правило на светите апостоли и на 18-та глава од -Г- состав правило 5 на Тимотеј. Преведувачот ова не го превел. Сето тоа се однесува на денот Господов-Недела.

424 Во грчкиот текст стои натпис: За тоа дека во Недела тие што се молат нетреба да ги преклонуваат колената,-нашиот преведувач не го превел тоа.

на царот се случи во недела, тогаш театарските претстави се одлагаат. А кој прави претстави во недела, тој се лишува од воена служба и неговиот имот се собира во касата (државната благајна). А да се договараат и склучуваат услови и да се раскинуваат се дозволува во Недела.

А на друго место законот бара неодложно да се прекине работата во Недела, со исклучок на земјоделец, бидејќи можеби нему при престојната работа е невозможно да се најде друг таков пригоден ден за неговата работа.

А 54-та новела на царот Лав Мудри предвидува дека и земјоделците треба да ја прекинат работата во Недела.

## ГЛАВА 38

***За кодикелите***

*Закони:* Кодикел (κωδικελλός) е дополнување на завештание во кое недоволно (нецелосно) е изразена волјата на завештателот и писмено изложена последната волја во однос на какво било лице и писмени документи, коишто се споменати во завештанието, или за тие што можат да бидат споменати освен наследниците и наследството[425].

Завештанието се разликува од кодикелот по тоа што во завештанието можат да се пишуваат и наследниците и лишените од наследството и даровите и ослободувањата, и утврдениот (законскиот) наследник и подзаконскиот(лажниот), а во кодикелите ништо такво (не се пишува)[426].

Утврден (законски) е првата распределба на наследството, т.с. првиот степен на наследници[427].

Лажни (лажен) е назначување за наследник друг, во случај кога тој не го добил него како прв наследник, на пр. ако кој било каже: дај нека биде мој наследник тој и тој, а ако не тогаш тој и таа[428].

Во кодикелот се пишува чесно и веродостојно[429].

Кодикелите се составуваат пред пет (5) сведоци[430].

425 Προχ. Νομ. XXIX, 1.

426 2 на истото место Προχ. Νομ. 2.

427 3 на истото место Προχ. Νομ.

428 4 на истото место Προχ. Νομ.

429 22 Βασ. XXXVI, 1.

430 24 на истото место.

# НАЧЕЛА (ОДРЕДБИ) ОД -Л- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За епископите, прогласени (избрани) од цивилните луѓе***

*Апостолско, 80-то:*80-то правило на св. Апостоли вели: Од многубожците или од порочниот начин на живот кој ќе пријде кон верата не треба во истиот час да се ракополага за епископ, затоа што би било неправедно да се поставува за учител на другите тој кој уште не дал докази дека има цврста вера и беспрекорен начин на живот, освен само благодетта, според божественото откровение јавно да му го предаде епископството, како што и на мудриот Ананиј му открила во однос на великиот Павле, известувајќи го него дека како сад е избран тој (Дејанија, 9, 15).

*Прв Собор, 2-ро:* Тоа истото го заповеда и второто правило од Првиот Собор, дека нововерниот многубожец не треба да се доведува брзо кон духовната бања, ниту да се поставува во истиот час по крштевањето на епископско или презвитерско достоинство, бидејќи и на поучениот му е потребно време и по крштевањето понатаму да се испитува(тестира); бидејќи и божествениот Павле во посланието кон Тимотеј, испраќа и потпишува слово тој што треба да биде избран за епископ и вели: не новокрстен, за да не се возгордее и во грев да попадне и во мрежата на ѓаволот, подразбирал новопросветениот во верата, а не млад по возраст, впрочем не треба да бидат отфрлени и тие кои според настанатата потреба биле од таквите (т.с. допуштени за крштевањето во епископско или презвитерско достоинство). Ако, со текот на времето, вели правилото, биде откриен (разобличен) со двајца или тројца сведоци во душевен грев, таквиот да се исклучи од свештенството. А тој што постапува спротивно од тоа се подложува себе на опасност од лишување од својот степен (чин).

*Прв и Втор Собор, 17-то*:  17-то правило од т.н. Прво-Втор Собор предвидува дека, не треба мирјанин (обичен човек) или монах наеднаш (одненадеж) да се избере во епископско достоинство, ако тој предтоа не ги помине свештеничките степени и да го помине во секој (степен) предвиденото време, не се покаже беспрекорен во секој однос; иако некои изберени (во епископско достоинство) не по таков ред, и се докажале (просјаеле) со добродетелство и ја просветлиле потчинетата им Црква, но ретко се случува, вели (правилото), ние не поставуваме во законот за црквата. Конечно, и монах, повикан во црковен чин, по ништо не се разликува од мирјанин.

*Сардикијско, 10-то:* Десеттото правило на Сардикискиот Собор заповеда дека: тој што се занимава со световна служба и тој што потекнува од народната  маса (толпа), макар тој да е богат, макар учен, т.с. да се занимава со наука, не одеднаш да биде ракоположен (во епископ), ако во секој од свештеничките степени не ислужи доволно време и не ја докаже вистинската своја вера, кроткост на карактерот и постојаност во убедувањето, бидејќи тогаш според справедливоста од степен на потчинетост ќе се искачи на повисока позиција (претседателство).

*Лаодикејско, 3-то*: Третото (правило) на Лаодикејскиот Собор вели: неодамна крстените неприлега брзо да бидат произведени во свештенички чин. Впрочем, оној велики светилник Нектариј, едвај бил одделен од стадото на поучените и измиен во божествената бања од скверниот живот, чист веќе бил облечен во чинот на архиерејство во тоа исто време бил направен епископ на царувачкиот град и егзарх на светиот Вселенски Втор Собор.

*Закони*: 123-та Јустинијанова Новела заповеда: дека не треба било кој од мирјаните во истиот час да се хиротонисува за епископ, туку првин да биде поп (свештеник) и да помине три месеци во изучување на светото Писмо и божествените правила, а поставениот за епископ не по таков начин се изгонува од епископството и тој што го хиротонисал на една година се оддалечува од свештенослужење; бидејќи е срамно вели и сосема неразумно, тој што треба да поучува - се учи кај други после хиротонијата. Впрочем, ако биде учител, макар да се вбројува и во мирски чин и нема недостаток во ништо што служи за корист и усовршување на другите, во таков случај во однос на сето тоа, искуството дава основа да не се спазува предвиденото време.

### ГЛАВА 2

***За тие што преминуваат во мирски чин епископи или свештеници или монаси***

Види 32-ра глава од -К- состав.

### ГЛАВА 3

***За тоа дека мирјани да подучуваат во црква не е потребно***

Види 7-ма глава од -Д- состав, правило 64 од VI Собор.

### ГЛАВА 4

***За божествената литургија***

Види 5-та глава од -Т- состав

### ГЛАВА 5[431]

***За разбојниците што се покајале*** (тоа е во грчкиот текст гл. 6)

*Ниски, 6-то*: Великиот Григориј Ниски во 6-то правило заповеда разбојник којшто се покајал и преку покајание прибегнал кон црквата, подлежи на суд за убиство на човек, доколку разбојник за достигнување

431 Пред оваа глава како глава 5 во грчкото издание има одредба: За Латините, а тоа е во оваа издание глава 6. Нашиот преведувач ниту ги превел ниту било што назначил за нив, исфрлајќи ја таа глава целосно и од книгата и од броењето. Грчкиот текст во таа глава само упатува на 37-ма глава од -К- состав канон 53, VI Собор; на 12-та глава од -Е- состав, канон 15 од Прв и Втор Собор; на 5-та глава од -Т- состав, канон 56 од VI Собор и на 11-та глава на -Е- состав канон 3 од Вториот Собор и на 4-та глава од -И- состав на канон 70 од светите Апостоли.

на својата намера вели светиот отец, употребува и човекоубиство, и кон сето тоа се користи со оружје, и со многу раце (со толпа) слични на себе и прикладно за тоа место.

## ГЛАВА 6

***За тие што убиваат разбојници***

*Василиј, 55-то*: 55-то правило на Василиј Велики, тие што убиваат разбојници, ако е мирјанин се одлачува од општење на три години, како и тие што убиваат во војна, а ако е свештеник се исфрла, затоа што секој што применува нож, од нож загинува, вели правилото, нож и смрт со исфрлање се нарекува и лишување од свештенство, бидејќи за благомислителите тоа прави (претставува) смртна казна.

Но, на некои им се причинило тешко и недиректно правото на судот, дека наместо награда, која следувало да ја добие тој што се подложил на опасност себе си за спасување на други и направил грижа да го очисти местото од разбојници, да подлежи на тие епитимии, а правилото ги подвргнува на епитимии не само нив, туку и тие кои се спротивставуваат на разбојниците при нивните напади, за да не бидат убиени, бидејќи изреката: секој кој применува нож (меч) не се однесува само на разбојниците, туку и на тие кои што ги убиваат нив.

*Знамение:* За време на патријархот Константин Хиларин било разгледувано за тоа и Соборот определил, дека ако некој има можност да ја избегне разбојничката зла намисла, тој од тоа не биде задоволен, туку намерно нападне на него (на разбојникот) го убие, треба да биде подложен на казна како убиец, и многу повеќе отколку како што се заповеда по следното (55-то на Василиј Велики) правило, бидејќи ако разбојникот би останел жив, тогаш можеби, би се покајал и да го остави разбојништвото, би се свртел кон Господа, а ако разбојникот прв кренел меч на тој што го убил него, во таков случај треба да има место за одредбата од ова правило. А ако некој по голема молба, за општа полза направи напор да го истисне (избрка) разбојникот, го најде него и го убие, тој и по граѓанските и по црковните закони не само што не подлежи на казна, туку треба да биде удостоен и награден, како спасител од смрт на своите едноплеменици и ја направил областа безопасна. Но, заради поголема безбедност угодно било на соборот и тие да се подложат на тригодишни епитимии, како и тие што убиле во војна. Свештениците пак, кои направиле какво било убиство во истиот момент се исфрлаат, така што за нив во тој случај не се прави никаква разлика меѓу непријателот или разбојникот, или кој било друг, како што тоа јасно се гледа од одредбите на овој патријарх.

*Закони*: Тој што ќе убие разбојник (што го нападнал) кога се плашел за својот живот, е невиновен, затоа што во опасни случаи секој е должен да се заштити самиот себе и да не очекува помош од законите[432].

432 14 Βασ. LX, 39.

Разбојник кој напаѓа безбедно можете да го убиете[433].

Архиерéј пак, ако убие Агарјанин, кој кренал меч на него во време на војна, да биде исфрлен од Соборот.

Види уште и во 23-та глава од -К- состав (граѓански закон).

**ГЛАВА 7**

***За тие што разбојнички грабаат туѓа сопственост***

Види 12-та глава од -А- состав.

**ГЛАВА 8**

***Како не треба да се бањаат заедно мажи и жени***

Види 20-та глава од -Г- состав.

**ГЛАВА 9**

***За раѓањето на Пречиста (небрачна) Богородица***

Види во 8-ма глава од -К- состав 79-то правило од VI Собор.

**ГЛАВА 10**

***За раскинување на бракот***

Види 13-та глава од -Г- состав.

433 На истото место, 15

## ОДРЕДБИ ОД -М- СОСТАВ

### ГЛАВА 1

***За маѓионичарите, гатачите на бројки и волшебниците, а исто така и за астролозите, за бајачите, маѓесниците и кон тоа исто за тие што вражаат, трујачите и амулетите***

*Апостолско, 61-во:* 61-то правило на светите Апостоли, тој што се оддал на волшебништво, или вражање, или таканаречените „стоначалници“ (сьтникомь) , или водачи на мечки или други животни за потсмев и на штета на простите (обичните луѓе) или прогонувачи на облаци или гатачи или тие кои даваат заштитни талисмани, или тие кои ја соединуваат лагата=(измамата) со безумието, прават гатање за среќа, за судбината, за родословие и други слични толкувања, и велат дека еден е роден во несреќен ден, а друг напротив под среќна ѕвезда, - сите овие внимателно се осудуваат на 6 годишен рок, а тие што упорно остануваат во тоа зло целосно се одлачуваат од црквата, т.с. мирјаните, а кај посветените нема никакво оправдување за тоа, да не бидат исфрлени, затоа што како што е речено од Апостолите какво е изедначувањето на црквата Божја со идолите и слично?

Вльхвы =*Маѓионичари*: се нарекуваат оние коишто се предале себе на демоните, преку неколку знаци од демонското учење се обидуваат да ја видат (претскажат) иднината.

***С***ътници = *Стоначалници:* се нарекуваат тие коишто многу пати помудро расудуваат за одделни предмети и затоа се сметаат себе си за предводници.

***Мечководци*** *(Водачи на мечки)* се тие кои приврзуваат кон мечките црвеница (порфир) и обесуваат садови со течности и отсекуваат влакна од нив, даваат и од едното и од другото (влакната и течноста) на жените, како нешто што има сила да ја прогони болеста и зависта, имајќи својство против урокливост.

*Маѓесници*: Други пак носат во пазувите змеј (змија), прават магија со негова помош.

*Прогонувачи на облаци:* Облакогоначи - се тие кои претскажуваат што било според надворешниот вид на облакот.

*Волшебници,* се тие коишто пеат Давидови псалми и споменуваат маченички имиња и исто Самата Пресвета Богородица и кон тоа примешуваат (преплетуваат) демонски магии.

*Изработувачи на заштита,* А други врзуваат на вратот на децата сложени хартии испишани со какви што им дошле (случајно) таблички, ги преврзуваат нив со црвени ленти (или конци) за да одбијат секаква штета, коишто се нарекуваат и талисмани или амулет =(заштитници).

На Соборот биле исфрлени и многу свештеници, коишто давале на некои да јадат леб на Велики Четврток за ако имаат нешто украдено да им се прости, ако наскоро украденото не било побарано од оној (од сопственикот). Неодложно бил исфрлен и друг свештеник кој правел праша-

ња за некои делови од Псалмите Давидови, со Евангелието-приврзано за стап и го вртел во круг. Такви се и оние што седат во црквата или до светите икони жени, обидувајќи се од нив да дознаат нешто за иднината, слично што имал во древноста духот на Пифон.

*Златоуст:* За сето тоа божествениот Златоуст вели дека, иако во такви случаи се изговара (произнесува) името на Света Троица, иако бидуваат повикувани светци, иако се прави знакот на крстот, треба да се избегнува такво и да се одвраќа. Покрај тоа, во 21-та беседа за статутите и Словото против Андриандина (Јудеите), рече строго се разобличува тоа.

*Анкирско, 24-то*: 24-тото (правило) од Анкирскиот собор ги одлачува на 5 години тие коишто безрасудно ги следат паганските обичаи за уништување било магија и волшебство, воведуваат во својот дом волшебници, коишто им ветуваат дека ќе го очистат домот од таквото осквернување, така што одржуваат болно сомневање дека од тоа тие се подложиле на продолжителна болест или како моќни да најдат што било од загубеното. На такви епитимии се подложуваат и тие кои прибегнуваат кон вражање и гатање на јачмен.

*Василиј Велики, 83-то*: Тоа исто правило се наведува буквално и во 83-то правило на Василиј Велики, само што тоа правило тие што се користат со такво зло епитимиите им ги простира до 6 години, доколку еднаш попаднатите во заблуда и потоа отстапиле од злото, треба да бидат подложени на помали епитимии.

*Лаодикејско, 36-то*: А 36-то правило на Лаодикејскиот Собор предвидува целосно да се изгонат од црквата свештениците, кои станале волшебници и бајачи, или математичари=(гатачи на бројки-нумеролози) или астролози или подготвувачи на таканаречените талисмани.

Волшебници - тоа се оние коишто повикуваат благотворни божем демони за правење на какво било добро, сите тие се човекоубијци, самоволни и злоказниви.

А бајачите (маѓесниците) се тие кои со посредство на пеење привлекуваат демони во својата желба и врзуваат ѕверови и ги повредуваат животните за тоа дека тие не го направиле тоа туку животното, кое што се наоѓа каде било во дворот. А други разговараат со змии ги земаат во рака и остануваат некаснати од нив и неповредени.

Математичари (нумеролози) се тие кои што мислат дека небесните тела имаат власт над сé и дека нашите дела се направени согласно со нивното движење.

Ѕвездословците, пак со посредство на демони ги маѓепсуваат ѕвездите и тоа го прикажуваат како божји знак.

*За математичарите*

Постојат четири книги така наречени математички: аритметика, музика, геометрија и астрономија. Правилото забранува да се читаат тие книги, а особено грижливо да се занимавате со нив и да им верувате, дека заедно со движењето на небеските тела се вртат и нашите тела, и мислат

дека е можно да се претскаже иднината, коешто би се случило според причините на познато движење на ѕвездите.

*Закон:* Токму затоа и законот вели: геометријата (земјомер) се изучува отворено (јавно), а математиката се осудува како забранета[434].

*Василиј, 7-мо*: Василиј Велики во 7-то правило отровувачите =(трујачите-фармацевтите) и идолопоклониците и убијците ги осудува на 20 години, а прељубниците, мажелошците=(хомосексуалците), скотоложниците (тие што имаат секс со животни) на 15 години, идолопоклоници ги нарекува не отворено нечестивите, туку тие коишто после крштевањето се занимаваат со волшепство и прорекување, бидејќи и тие на некој начин ѝм служат на идолите, се крстат со повикување на демоните и бараат од нив помош, затоа што тие што претходно биле идолопоклоници и потоа се покајале и примиле крштевање од тој момент се допуштаат кон божествената Причест, а идоложртвувачите после крштевањето подлежат на покајание целиот живот и само при крајот на животот добиваат божествен дар.

*Истиот, 65-то*: Исто така и во 65-то правило тој што се покајал (исповедал) од волшепство или труење се подложува на казна за намерно убиство, на 20 години таквиот се оддалечува од општење и сосема праведливо, затоа што волшепството содржи повикувања на злотворни демони со посредство на заколнување на гробови, за да кој било ослабне (изнемошти), на пример удот (половиот орган) или да предизвика малаксаност на целиот живот и животот да го направи за него тежок, токму затоа волшепството и го добило своето неименување од заколнувањата и риданијата на робовите. А отровувачите или ги усмртуваат или ги лишуваат од расудување и прават (предизвикуваат) смрт за страдалникот, кога тој ќе си дојде при себе или за блиските кон тој човек, или прават нешто друго за тој, за да го маѓепсаат (кој било), предизвикуваат умствено пореметување.

*Василиј, 72-ро:* Во 72-то (правило) тој што се предал себе си на маѓесништво или „нешто слично“ и што дели мудрувања (св. Василиј) заповеда да се направи во продолжение на времето назначеното за убијците, затоа што, иако претскажувањето и прорекувањето на лажните богови се прекратило со овоплотувањето на Господа, но, понекогаш се прават и со нивно посредство маѓепсувања и дејство на демоните, макар што во многу нешта се покажале во поголем дел лажни.

Што се однесува до тие што отворено (јавно) повикуваат демони, таквите праведно се подложуваат на казни за убијци, а тие што ја прикриваат светоста и добродетелта заради корист, според мое мислење, треба да бидат казнети поумерено, а не исто со нив.

*Ниски, 2-ро:* Великиот Григориј Ниски во 2-то свое правило буквално го вели следното: Тој кој прибегнува кон магија или кон такви што ветуваат дека преку демони ќе направат некакво очистување или из-

434 23 Βασ. LX, 39.

бегнување на штета, подробно да се распрашуваат, дали остануваат во верата во Христа, дека некаква потреба ги вовлекла кон таквиот грев, според насоката (правецот) дадена за која било несреќа, или неподносливо лишување или сосема го презреле исповедувањето, доверено од нас, прибегнале кон помош од демоните. Ако пак тоа го направиле со откажување од верата и со тоа што не верувале дека на Бог му се поклонуваат христијаните, да бидат подложени на судот (казната) за доброволно одречените (тие што доброволно се одрекле од верата). А каква е казната за нив овој светец ја утврдил во првото свое правило, кое е влезено во првата глава од -А- состав. Доколку, пак, вели, неподнослива потреба ја завладеала нивната слаба душа и ги довела до тоа, тогаш и овде треба да се согледа мерката на прегрешението во љубодејанијата, којашто се протега на 9 години. Види и 13-та глава од -Е- состав[435].

*Закони:*

Тој што гата со посредство на жртва треба да биде казнет со меч; а тој што ќе го побуди него кон таква засилена молба или награда треба да подлежи на заточение и имотот да се предаде во државната благајна[436].

Фармацевтите=(бајачи, трујачи), ако се богати (познати) луѓе се праќаат во заточение, а останатите подлежат на смртна казна[437].

Тие што прават магии, привлечени од страсно посакување на нивната помисла, или злонамисла против спасението на луѓето се казнуваат со одземање на имотот во државната благајна и протерување=(депортација)[438].

Никој да не прашува некој што себе си се смета за видовит, бидејќи волшебниците подлежат на смртна казна[439].

Тие што повикуваат демони на штета на луѓето треба да бидат казнети со меч[440].

Исто е ако се учи забранетото и ако други учат[441].

Добропознат маж, ако ја открие својата жена дека е маѓесничка, се дозволува развод на бракот, исто така и жена мажот[442].

Тој што ќе даде отров наместо лекарство на роб подлежи на истата казна како предизвикувач на смртта, исто и тој кој од невнимание дал отровен напиток[443].

Тој што прави каква било отровна напивка, виновен е според законот

435 Во грчкиот текст стои 3-та глава! Нашиот преведувач ставил 13-та.
436 24. Βασ. LX, 39.
437 34. Βασ.LX, 51.
438 25. Βασ. LX, 39.
439 26. Βασ. LX, 39.
440 27, на истото место.
441 29, на истото место.
442 8 § 3. Κωδ. 5, 17.
443 3. Βασ. LX, 39.

за навреда[444].

Ако некој, макар и не со зла намера достави на жена средство за зачнување на плод и земајќи го него умре, во таков случај доставувачот се казнува со прогонство[445].

Ако некој, слободен или роб, под каков било предлог даде напиток било на маж, било на жена, било на робинка, било на госпоѓа, и примателот од тоа се разболи, умре, тогаш тој што го дал треба да биде казнет со меч[446].

Тој што дава така наречени талисмани, под изговор корист за луѓето, треба да биде, по одземањето на имотот во благајната, прогонет[447].

65-та Новела на царот Лав вели: Ако некој целосно биде откриен во тоа дека се занимава со магија, под изговор за телесно излекување, или за одбивање на штетата од плодоносните дрва, тој треба да биде подложен на тешка казна како престапник.

**ГЛАВА 2**

***За малакијата( ракобљудието)***

Види во 28-ма глава од -К- состав.

**ГЛАВА 3**

***За тие што се опиваат***

Види во 35-та глава од -К- состав.

**ГЛАВА 4**

***За преместувањето и преминувањето на епископите или свештениците***

Види во 9-та глава од -А- состав.

**ГЛАВА 5**

***Како тие што се покајале не треба да се отфрлаат=(не треба да се одрекуваме од нив)***

*Апостолско, 52-ро:* 52-то правило на св. Апостоли вели: Ако епископ или презвитер оној кој од грев се преобратува не го прими, туку гнасејќи се го одбива, слично древниот, оној, Нажатиј, да биде исфрлен од свештеничкиот чин како осквернавувач на Христа којшто рекол: радост бидува на небесата единствено за грешинците што се покајале. Којшто за спасение на грешинците слегол, преклонувајќи ја небесата и кој рекол: не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците на покајување, и човекољубието негово не надминува ниту еден од нашите гревови, за тоа пак и преку пророкот изјавил: кажи ги ти твоите направени гревови за да

444 14. Βασ. LX, 39.
445 На истото место.
446 Προχ. Νομ. 39. 77.
447 Προχ. Νομ. 39. 77.

се оправдаш (Исаија 43,26).

Види овде напред во овој состав глава 7 правило 46 од Картагинскиот собор.

*Лаодикејско, 2-ро:* Второто правило на Лаодикејскиот собор, тие што се разобличени (откриени) во различни гревови и преку исповедување и соодветно за злото покајување се покажале во понатамошниот живот дијаметрално спротивни, како што велат, претходно, заповеда да се удостојат со божествена причеста, не од причини за нивно усрдие, туку заради милосрдието Божјо и неизречената благост.

## ГЛАВА 6

### *За месшаша за покајување*

Покајниците=(тие што се покајуваат) се разделуваат во четири степени: на тие што плачат, на тие што слушаат, на оние што прават метанија(што припаѓаат) и на оние што стојат.

Тие што плачат (Плачевници) се оние кои стојат пред вратата на молитвениот храм и од верниците што влегуваат и излегуваат бараат молитви и простување на гревовите.

Тие што слушаат (Слушачите) - се оние коишто стојат внатре до вратата во т.н. притвора (припрата) ги слушаат Божествените Писанија и општо учењата и потоа излегуваат со поучените=(подготвените за крштевање).

Тие што припаѓаат (Припаѓачите) - се оние кои стојат внатре во црквата позади амвонот и излегуваат со поучените=(оглашените), кога ѓаконот ќе извика: сите поучени излезете! Тие што стојат заедно - се оние кои учествуваат со верниците за време на молитвите и псалмопеењата, но се воздржуваат од причестување (со св. Тајни) додека не помине законскиот рок, после тоа добиваат божествено општење[448].

## ГЛАВА 7

### *За шоа дека епископош има право да го скраши или продолжи времешо на епишимиише на покајникош*

*Прв Собор, 12-шо:*12-то правило на Првиот Собор - епископот донесува благоразумен суд или да ги намали епитимиите и да направи нешто човекољубиво во однос на тие кои се каат со искрено покајување, прилежно се учат за стравот Божји, го умилостуваат Него со солзи, благодушно ги трпат казните поврзани со епитимиите, извршуваат добри дела, го делат тоа што го имаат со оние што имаат потреба за тоа и со делата и со ликот покажуваат преобратување, - или пак, да не дозволи намалување, ако увиди епископот дека тој што се наоѓа под епитимии се однесува кон казната рамнодушно и небрежно и се задоволува само

448 За степенот на покајување да се види: Св. Василиј Велики, правила: 56; 85; 57; 58; 59; 77; 80; 82; 81; Св. Григориј Ниски-посланието кон Летоју; Schol. Harmenop. In epitome canon, can. 58 и сл.

со привидното влегување во црквата и не жали и не скрби за тоа што е одлачен од верниците и со поучените има општење, стоење и излегување од црквата.

*Анкирско, 2-ро:*Истото тоа го предвидува и Второто Анкирско правило, епископите имаат власт да гледаат според трудот, смирението и кроткоста на покајниците и или да им ги зголемат или да им ги скратат епитимиите.

*Исто, 5-то и 7-мо:* Исто така и 5-то и 7-то правило на епископите им дава власт или да ги намалат или да ги зголемат епитимиите, т.е. тие кои што покажуваат топло покајување и притоа посветуваат внимание на претходниот начин на живот и на сегашниот, безгрешно ли живеат тие или невнимателно и мрзеливо и на таков начин да го сразмерат човекољубието.

*VI Собор, 102-ро:* 102-рото правило од VI Собор вели: Тој што примил од Бога власт да решава и да одговара, треба да ја разгледа природата на гревовите и расположението на грешникот кон преобратувањето (покајанието), дали тој се стреми кон здравје или напротив, со својот карактер ја зголемува својата болест и така да употреби долично лекарство за болеста, да не се држи до мерките во едниот и другиот случај, да не го загуби спасението на невиност; бидејќи многувидна е и различна болеста на гревот. Во Бога и кај тој што примал пастирско водство сета грижа е за тоа, да би заблудената овца ја врати и каснатата од змија да ја излекува. Не треба никого да прогонува по стрмнината на очајот, надолу да пушта бразда за раслабување на животот и кон небрежност, туку должен е на кој било начин, или со посредство на сурови и важечки, или со посредство на помеки и полесни лекарски средства да противдејствува на болеста и кон лекување на раните да се подвизува; и плодовите од покајувањето да се истражуваат (испитуваат) и мудро да се управува со човекот, повикувајќи го кон повисоко просветување. Доликува добро и едното и другото да се знае и раководи, и тој што прилично ревносно се кае и обичната потреба или сострадањето и во однос на тие што не примиле совршенство на покајание да се употреби начин на сострадание, како што учи свештениот и Велики Василиј.

*Василиј, 3-то:* Во третото свое правило по тоа (прашање) - (св. Василиј Велики) вели: воопшто вистинското лекување на гревовите се состои во оддалечувањето од гревовите, во воздржание и злострадание телото да поработи и во потчинение на духот, затоа што на таков начин тој што се покајува ќе ни претстави нам совршени докази за своето излекување. А на тој на кој му е препорачано лекување на душата треба да го знае и едното и другото - и тоа што припаѓа кон совршено покајание, и прифатеното во обичајот. И ако тој што се исповеда го примени тоа што го бара совршеното покајание и се користи согласно со тоа; а ако се лути, во таков случај следува обичајната благонаклоност.

*Исто така и 74-то*: Во 74-то правило (Вас. Велики) тој што добил од Бога власт да врзува и решава (разврзува) да не биде осудуван за тоа,

ако за благорасудување им го намали определеното време на епитимиите на тие кои се исповедуваат и покажуваат заложба=(усрдие) и топло покајание, затоа што историските Писанија нам ни сведочат дека тие кои се исповедуваат со поголеми подвизи, побргу добиваат Божјо милосрдие.

*Синодално дејание*: Во времето на светлиот Патријарх Лука, некој војник направил свесно убиство, еден епископ, после сосема кратко време дал писмено ослободување и бил обвинет од Соборот, повикувајќи се на претстојното правило (на св. Василиј Велики), но слушнал дека на архиерејот му е дадено правото да ја зголемува или намалува епитимијата според правилото, а не да дозволува произволно и прекумерно оправдување со благонаклонетост. Затоа и војникот Соборот го подложил на епитимија според правилото, а од архиерејот како казна побарал да се воздржи на определено време од свештенослужење.

*Григориј Ниски 3-то:* Великиот Григориј Ниски во 3-то правило вели: За тие што поминуваат ревносно покајание и со својот начин на живот покажуваат враќање кон доброто, дозволиво е правејќи полезно да се скрати времето и рокот до допуштањето до причестување, сеобразно со тоа, откако тој ја дознае состојбата на лекуваниот. Бидејќи, како што е забрането да се фрла бисер пред свиња, исто така бессмислено би било да се лишува од скапоцениот бисер оној којшто преку оддалечувањето од гревовите и очистувањето веќе станал човек; бидејќи во секој вид на грев пред сé следува да се посвети внимание на тоа какво е расположението на тој што се лекува и времето да не се смета како доволно за излекување (бидејќи какво лекување може да биде од времето?) туку своеволното лекување себе си со посредство на преобратување.

Да биде така- вели (св. Отец), некаква разлика во начинот на покајување, а имено: Тој што се подбудил самиот себе кон исповед на гревот откако веќе започнал лекување на својата болест со тоа што самиот решил по сопствена побуда да биде одлачен од светите тајни, да биде под епитимии за поголема благонаклонетост, а уловениот во зло или по некакво сомневање, или обвинение, неволно откриен (разобличен) се подложува на продолжително исправување, за со строгостите да биде очистен, на таков начин да биде примен кон општење со светите тајни.

Види уште во 32-ра глава од -Е- состав, правило на Василиј Велики 82-ро; во 23 глава од -К- состав, правило на истиот тој, 61-во; во 8-ма глава од -С- состав, правило негово 71-во и во 23 -та глава од -К- состав правило 11-то на Григориј Чудотворец.

*Златоуст*: Божествениот пак Златоуст во второто слово за свештенството вели: Потребно е да се одредува казната не просто според мерката на прегрешението, туку да се истражува намерата на прекршителот, за зашивајќи го скинатото да не направиме уште поголеми дупки и подигнувајќи го паднатиот не предизвикаме уште поголемо паѓање. Слабите, расеаните и послушно предадените на задоволствата на светот, притоа пак гордеејќи се со потеклото и моќта, - да се одвраќаат од гревот постепено и малку по малку, можат ако не целосно, по крајна мера, делумно да се ос-

лободат од пороците што ги опфатиле; но ако некој преземе моментално казнување, - ги лиши нив и од молитвите за подобрување (исправување). Душата еднаш доведена до срам, паѓа во бесчуствителност и веќе не ги слуша добрите слова, не ги одбегнува опасностите, не се трогнуваат од благодејанијата, туку прават многу полошо за тој град, за кој пророкот со прорекување рекол: Лице на жена блудница ќе бидеш, ако не сакаш да се засрамиш од тоа (Еремија 3,3). Затоа пастирот треба да има голема мудрост и многу очи, за да ја набљудува од сите страни состојбата на душите. Бидејќи многумина пак во болест остануваат во очајување за свето спасение, затоа што не можат да ги поднесат горчливите лекарства, така други пак недобивајќи казна, за истиот грев, попаѓаат во неказнетост, прават многу поголеми штети и уште повеќе грешат. Пастирот ништо не треба да остави неистражено, туку по внимателно испитување тој е должен со сé соодветно да се користи, за неговата грижа да не остане напразна.

*Василиј Велики, 84-то*: Василиј Велики во 84-то правило: сето ова го пишувам, вели, заради тоа да се испитуваат плодовите на покајанието. Затоа што ние не судиме во исто време за тоа, туку гледаме на начинот на покајание. Ако пак некој непремостливо се држи до својот карактер и повеќе сака да ѝ служи на телесните задоволства отколку на Господовите, и не го прифаќа животот според евангелието, тогаш ние немаме ништо општо со него. Бидејќи ние, во народот непокорните и кавгаџиите ги научивме да го слушаат ова: спаси се, спаси ја твојата душа! (Битие, 19, 17).

*Истиот, 85-то:* Во 85-то правило истиот, порачува на архиереите и сите коишто имаат власт да казнат и решат, да не сочувствуваат со грешникот и да не ги држат во општење тие, кои живеат во грев, за во таков случај да не загинат заедно со нив, туку и дење и ноќе општонародно и поединечно да им ја посведочуваат вистината, да не бидат вовлечени во нивните беззаконија и да се молат за да ги преобратат нив и ги извлечат од мрежата на Лукавиот (ѓаволот). Ако пак тоа не е возможно, вели (светиот), во крајна мера својата душа да ја спасиме од вечно осудување.

*Картагинско, 46-то:* Слично пак во Картагинското 46-то (правило) - глумците и имитаторите и сите што живеат безгрижно и за другите служат како причина за расфрлан живот, како на пример, тие што прават чуда (чудодејци); танчари, а исто така и отстапници, т.с. оние што се одрекле од христијанството, ако се вратат=(преобратат) кон Бога со покајание, заповеда да не се одбиваат, туку да им се даде благодет, т.с. опростување на гревовите и благодетно спасение како што рече великиот Павле и помирување, т.с. ослободување од епитимиите.

## ГЛАВА 8

***За тоа што покајник - при настапување на смрт треба да биде удостоен со божествена Причест, а во случај на оздравување должен е повторно да се воздржи од него***

*Прв Собор, 13-то*: 13-то правило од Првиот Собор - Тој што се наоѓа

под епитимија на покајување и падне во тешка болест, го загрозува, доколку е можно да се види негово заминување од животот, наредува да не се лишува од последното и потребно напатствие, т.с. причестување со светите тајни, туку со истражување (испитување) на епископот, при последното издивнување (издишување) да се удостои со тоа; а ако добие олеснување (се извлече) од болеста, ако така се случи и се врати кон здравите, се оддалечува од божественото општење и пак стојат на место претходните епитимии, додека не се исполни законското за нив време.

*Анкирско-6-то*: Истото тоа го предвидува и 6-то Анкирско правило, дека, ако тој што се наоѓа под епитимија се приближи до опасност и близу до смртта од болест или од која било друга причина, во таков случај тој треба да биде примен во општење, но со ограничување, бидејќи тој што ќе ја избегне смртта не треба да има општење, додека не помине определеното време на епитимиите.

*Григориј Ниски, 5-то*: Петтото (правило) на великиот Григориј Ниски, Ако пак некој, вели, не го исполни времето на покајание, определено од правилата, замине од животот; тогаш човекољубивите отци заповедаат да се причести со светите тајни и да не биде без упатства отпуштен во она последното долго патување. Но, ако пак причестениот со светите тајни, пак се врати во живот, да го очекува исполнувањето на определеното време, наоѓајќи се на тој степен на кој бил пред да му се даде на него по потреба приопштение.

Овој отец сака човекољубиво расудување, дека во случај на приближување на смртта кон очистување со лекарствата на покајание и очекување на настапување на последниот ден, на презвитерите им било дозволено да даваат на таков причест за никој да не замине од овој свет(живот) сврзан од нив, во случај пак на оздравување и неисполнување на определеното време (за епитимии) - повторно се подложува на претходните епитимии и од презвитерот очекува скратување на времето за покајување, по уништување на скверниот грев.

***За тоа што тој што сака да започне покајување и да се дозволи во согласност со гревовите да ги изнесе пред епископите, а со нивна дозвола и пред презвитерите***

*Картагинско, 6-то:* Шестото правило од Картагинскиот собор: Ако некој прави помазание, т.н. миро прави за потребите на црквата за осветување, според некаков древен обичај и помирување на покајник кој се наоѓа во состојба на објавување на помислата и лекување на душевните рани со посредство на епитимијата за покајување и свртување кон подобро, бидејќи на таков начин човек се помирува со Бога.

*Знамение:* Сето тоа е забрането да го прават презвитерите, бидејќи одредбите тоа го предоставиле на архиереите, како моќни да пресудат и да разрешат и носејќи лик на Апостоли, на коишто сета власт им ја дал Христос. Затоа многу лошо прават оние посветени монаси коишто примаат цивилни помисли без епископска дозвола, бидејќи немаат власт ниту да судат ниту да ослободуваат, а уште повеќе непосветени монаси,

бидејќи од никаде е недопустливо да им се дозволи воопшто да примаат цивилни (мирски) мисли и да судат.

*Исто, 7-мо*: И седмото (правило) на тој Собор заповеда, дека не треба презвитери без дозвола на епископ да вршат помирување на покајниците и во случај на опасност по нивниот живот.

*Исто, 43-то*: И 43-то (правило) го заповеда истото велејќи: а ако епископот отсуствува и покајникот биде во опасност, во таков случај треба да го примири него со црквата и презвитер.

Види уште и: 20 галава од -К- состав и во 31-ва глава од -Е- состав, правило 14 од Неокесарискиот собор.

*За тоа дека и со граѓанските закони е утврдено да се употребуваат казни почовекољубиво*

*Закони:* Во така наречениот „Очистен закон“ е утврдено почовекољубив суд отколку што било пред тоа, според старите закони, бидејќи тој го укинува брзото умртвување на тие коишто се откриени во големи престапи. Бидејќи царот (Василиј I-б.м.)преземајќи го самото тоа „очистување“, не применил ниту една нечовечна казна предвидена во Дигестите и Институциите; затоа што не наредил ниту да се отсече глава, ниту да се убие со камења=(каменување), ниту да се спали, ниту да се казни со бесење; забранил исто така потопување (давење) во морските длабочини, ако пак некогаш и наредил да се заплашат злосторниците со казна, тогаш под тоа не се подразбира смртна казна, туку протерување или затвор (заклучување во затвор), вадење око, отсекување на рака и правење на некоја друга штета на телото, за со текот на времето да му овозможи на казнетиот можност на свртување и покајување за прекршокот.

На овој начин се покажува дека со сите нови закони се истиснуваат претходните закони и пресудите се донесуваат по новите-почовекољубиво.

Ако пак на таков начин применуваат човекољубие граѓанските закони, тогаш уште повеќе црковните правила, бидејќи ние на еретиците и виновните за тешки гревови ги отсекуваме од христијанското тело, но не ги подложуваме на телесни казни, а упорните ги предаваме на граѓанските закони така што решенијата против нив ги донесува кнезот (граѓанскиот управник).

## ГЛАВА 10

### *За тие што јадат осквернавено*

*Григориј Чудотворец* во првото правило вели: направил голема повреда (штета) ако тој што се наоѓа во плен кај варвари вкусил забранeто или пак јадел од идоложртва, по неопходност и телесна потреба, затоа што природата барала хранење, впрочем Самиот Спасител рекол: не тоа што влегува во устата го скврнави човекот, туку тоа што излегува (Матеј 15, 11). Така, за скверно јадење, огорчува игото на ропството, ако тие се приклониле (прифатиле) кон забранетите јадења поради недостиг на дозволените јадења, треба да бидат подложени на помали епитимии,

а доколку заради раскош и преситеност не се воздржале од осквернавените јадења, тогаш тие се неопростиво виновни и затоа треба да бидат подложени на построги епитимии. Види уште во прва глава од -А- состав, правило 7 од Анкирскиот собор.

## ГЛАВА 11

### *За имитаторите (хумористите) и глумците*

*Картагинско 63-то*: 63-то правило на Картагинскиот Собор - имитаторите (хумористите) и глумците, преобратени од многубожко служење и се крстиле заповеда да не се принудуваат повторно да ги вршат претходните зли дејства пред народот, макар и дури како некоја служба и задолжителната обврзаност ги терала нив да прават претстави и против својата волја, според некој старински обичај, особено во поголемите градови, каде што веќе имало театри. Оние од хумористите и глумците, т.с. имитаторите и тие што претскажуваат различни лица (бидејќи позориште се нарекува и претстава), кои го прикажуваат (прават) тоа пред лицето на Царот, граѓанските закони ги имаат за чесни, а тие, кои во свечени собранија и други народни собири побудуваат кај гледачите смеа со удирање по образите и испуштаат крикови, канoните ги сметаат за нечесни. Види и 9-та (во грчкиот текст 8-ма) глава од -Д- состав 129-то Картагинско правило и во Прва глава од - Љ-(Õ) состав, 51-во правило од VI Собор.

## ГЛАВА 12

### *За наемот (за данокот)*

Ако некој зел под наем нива и без причина го раскине (договорот) пред истекот на рокот, го дава договорениот наем (арендата) за целото време[449].

Тој што најмил коњ за да пренесе што било и му товари на него поголема тежина и предизвика повреда на него, виновен е и да плати за повредата[450].

Ако некој побара (земе) од некого коњ до определено место, а го поведе или испрати него подалеку од тоа место, и самиот од продолжувањето види дека со тоа причинил штета на коњот или смрт, во таков случај должен е да му го надомести коњот на сопственикот[451].

Тој што дал под наем не може да го оддалечи наемувачот пред определеното време против неговата волја, макар друг да нудел поголем отколку него-наем (аренда) и ако тој доброволно го платил договорениот наем[452].

449 54 Βασ. XX, 1.
450 30 Βασ. XX, 1.
451 Προχ. Νομ. XXXIX, 50.
452 83 Βασ. XX, 1 - Epit. VII, 26.

## ГЛАВА 13

***За обручението (свршувачката)= веридбата***

Види во 15-та глава на -Г- состав

*Закон:* Ако некој ја обесчести својата вереница пред навршување на полнолетството, т.с. 13 годишна возраст, ако родителите на девицата не сакаат да ја раскинат таквата свршувачка треба да се очекува времето за брак, а ако од причини на силување (обесчестување) посакаат да ја раскинат, во таков случај таквата свршувачка треба без пречки да биде раскината и обесчестувачот треба да даде една третина од својот имот на страната на девојката[453].

## ГЛАВА 14

***За прељубата***

*Григориј Ниски 14-то*[454]

Григориј Ниски во третото правило: Би било угодно (добро) вели, некои од детаљните истражувачи и благорасудиле и гревот за блуд го именувале како прељуба; затоа што еден е законскиот сојуз на жена со маж и маж со жена. И затоа, сето незаконско е веќе противзаконско, и тој што зел нешто несопствено, очигледно зел туѓо, бидејќи на човекот му е дадено од Бога една помошничка, и над жената е поставена единствена глава. Така, ако некој си присвоил нешто за себе, според зборовите на божествениот апостол Павле, го направил свој сопствен сад: на таков природниот закон му дозволува праведно да го употребува (предметот). Но, ако некој се обрати не кон сопственото, таков без сомнение на туѓо се восхитува. За секого туѓото е тоа што не е негово сопствено, макар и да не било наизглед на стопанот она присвоеното. Токму затоа строгоста на истражувачите на тој предмет се претставувал блудот не многу различен од гревот на прељубата, бидејќи божественото Писание вели: не биди многу кон туѓото. Но доколку за немоќните е допуштено од отците некое благо т.с. намалување и оправдување, тогаш е ставено во тој грев општа таква разлика, блуд се нарекува исполнување на страста (похотата), направено со кој било без оштета (навреда) на другиот, а прељуба-заседа (правење завера) и навреда на туѓ сојуз. И воопшто лекувањето на тој грев преку покајание од страстната лутина кон таквото телесно угодување. Доколку пак осквернавениот од блуд не е поврзан со гревот на навреда; заради тоа особено времето на покајание е определено за тие кои се осквернавиле себе со прељубата; бидејќи во самиот случај гревот се смета за поврзан, еден се состои во недозволено сластољубие, а другиот во навреда на друг. Така, доколку осквернавениот од блуд по истекот на 9 години се удостојува со општење, тогаш и беззаконието, направено со прељуба, се лекува со зголемување на времето во тек на 18 години. А според расположение-

453 Прох. Νομ. XXXIX, 65.

454 Овде стои 14-то правило, а во самиот текст: трето. Не е јасно од каде кај преведувачот ваква грешка.

то на осквернавениот или порано или подоцна му се дава причеста. Види уште во Првото правило во Прва глава од -А- состав.

А Василиј Велики во 58-то правило прељубниците ги одлачува од општење на 15 години.

*Анкирско, 20-то*: 20-то правило на Анкирскиот собор ги скратува епитимиите на прељубникот и прељубниците до 7 (седум) години, ги удостојува по истекот на тоа време со добивање на совршено општење (совршени тајни).

*Апостолско, 61-во*: 61-вото правило на светите Апостоли јавно фатениот= (откриениот) во прељуба или во љубовно дејство, или во какво и да било забрането дејство решително не се дозволува да се допушти не само до свештенство, туку и во клирот.

*Неокесариско, 8-мо*: Осмото, пак, од соборот во Нова Кесарија вели: ако маж на жена направи прељуба, да не му се дозволи да стапи во служење на каков било степен, а на посветен, ако неговата жена направи прељуба, заповеда да се разведе од неа, или, ако не сака да ја отпушти неа, да се лиши од свештенството, бидејќи општењето на осквернавен со осквернител е неправедно, би било како нечист да се доближи кон чистите и свети таинства, доколку мажот мисли дека е безбедно да прими жена што извршила прељуба и им ги прости гревовите - е дозволено, но на посветените тоа не им е дозволено по 18-то Апостолско правило, кое што заповеда: тој што е посветен да нема сожителство со жена отфрлена од сопружништво. Тоа види и во 4-та глава од -Г- состав.

*Василиј, 34-то*: Василиј Велики во 34-то правило вели: За жените, кои направиле прељуба и од благочестие и страв на идниот суд го исповедаат гревот, или на каков било начин се разоткријат, бременост - на пример, или пак раѓање на дете во отсуство на својот маж, отците рекле дека тоа не треба да се прави со јавно принудување да поминува по местата за епитимии, т.с. определени за тие што плачат за слушателите и тие што припаѓаат (што прават метанија) за да не се даде причина за смрт на откриените. Затоа што на маж на таква жена кога ќе ја види дека излегува од црквата заедно со тие што стојат во епитимии не му треба поголем јавен доказ за растурање на бракот, тој час да ја убие неа; затоа што според Соломон, го исполнила со љубоморна љутина него, токму затоа, и заповедале (отците) таквите да стојат заедно со верниците и да учествуваат со нив во молитвите без причестување, додека не го исполнат времето за покајување.

*Исто, 37-мо*: Во 37-то правило, пак (Василиј Велики), Тој што направил прељуба со туѓа жена или со свршеница за друг и по нејзиното одземање стапи во сожителство со законска жена, за првото треба да биде обвинет за прељуба, а за второто да биде невин, ако таа била ослободена=(разведена) од мажот.

*Таму, 39-то*: Во 39-то пак: Тој што живее со прељубник е прељубник (т.с. прави прељуба со кој било и по смртта на законскиот маж ќе се соедини со прељубник во законски брак) бидејќи на таков не му се дозволува

да живее со прељубник ниту по црковните, ниту по граѓанските закони и ако не се откаже од него, тогаш нејзиниот грев не се простува, макар и да го исполни времето за епитимии. Види уште 5-та глава од -Г- состав, а исто и 16-та во истиот состав.

*Закон*: Обвинет за прељуба со жена не може да ја земе неа за законска жена[455].

Сите тие коишто знаат дека нивните жени вршат прељуба и не ги отпуштаат (не се разведуваат) од нив, заповедам да се подложат на казна, (бидејќи) тој којшто не ја отпуштил својата жена попадната во прељуба, е подведувач =(сводник)[456].

Но, сега и после осудувањето мажот може да ја земе од манастир својата жена, која што направила прељуба, според 117-та (во грчкиот текст стои 134-та) Јустинијанова новела, којашто заповеда: наредувам жена која направила прељуба да се подложи на прилична казна, да се испрати во манастир и ако во текот на две години мажот ѝ посака да ја прими неа, му давам нему власт=(право) да го направи тоа и да живее заедно со неа без секаква опасност, бидејќи бракот не трпи штета од тоа што се случува во неговото продолжување, ако горе кажаното време помине, или мажот пред да ја земе жената од манастир умре, во таков случај наредувам жената да биде потстрижена и да прими монашки образ[457]. Ако маж ја обвини својата жена за прељуба, ја разобличи нејзе =(го докаже тоа), тогаш по направениот развод заповедам мажот да ги задржи предбрачните дарови, а исто така и миразот и освен тоа, ако немаат деца, да земе од другиот женин имот толку колку што претставува една третина од нејзините подароци, така што во сопственост на мажот се наоѓаат и подароците (миразот) и определената од нас казна, а ако тој има деца од својата животна сопатничка, во таков случај миразот и останатиот имот на жената (заповедам) да се зачуваат за децата, на тој начин (заповедам) да се подложи на казна и прељубникот, законски разобличен, заедно со жената (што стапила со него во престапен сојуз), и ако прељубникот има законска жена, во таков случај миразот и предбрачните дарови (заповедам) да се зачуваат во нејзина полза, а останатиот имот на мажот го добиваат нагорните и надолните роднини до трет степен, ако има такви, ако пак нема, имотот се предава во државната благајна (во царина)[458].

Прељубниците да бидат тепани и да се острижат, треба да бидат казнети и со отсекување на носот, а тие што биле посредници и помошници на таквото нечестие, по телесната казна (тепањето и стрижењето) треба да бидат испратени во заточение[459].

32-та новела на царот Лав определува прикладни казни за прељуб-

455 Βασ.6, 19. (да ја доведе во брак).
456 Βασ. LX, 38.
457 Новела на Јустинијан I, 134-глава 10.
458 Βασ. XXVIII, 7.
459 Προχ. Νομ. XXXIX, 45.

никот и прељубницата.

38-та пак ги накажува прељубниците со отсекување на носот и определува мажот на жената што извршила прељуба да си го земе за себе нејзиниот мираз, а таа да биде заклучена во манастир, но против нејзината волја да не биде потстрижена, а останатиот имот освен миразот, треба да биде разделен меѓу нејзините деца и манастирот, или пак ако таа (жената) нема деца, меѓу нејзините родители или други блиски роднини.

Престапот прељуба се простира не само на обесчестување (силување) на законска жена, туку и на незаконски брак и на брак којшто нема законска сила и на свршеница и на конкубина[460].

Тој што ќе го затекне прељубникот во својот дом со својата жена, ако се случи да го убие него (прељубникот) не подлежи на казна како човекоубиец, бидејќи, маж само во сопствениот дом може да убие прељубник затечен во самиот акт (чин) на престапот и притоа ако тој биде глумец или друг што нема чест. Но, на мажите не им е дадено правото да ги убиваат своите жени фатени во прељуба[461].

Различни закони наредуваат (одредуваат) дека жена поинаку да не се обвинува за прељуба, туку само со посредство на јавни докази, т.с. со посредство на 5 (пет) сведоци, под заклетва да покажат дека тие ја виделе во самото дејствие на вршење прељуба. Затоа што и не сите можат да покренат обвинување за прељуба, туку 5 (пет) лица и тоа: мажот, нејзиниот татко, брат ѝ, чичко ѝ, и вујко ѝ, бидејќи на таков начин бива поверодостоен предлогот за истражување. Ако, обвинувачите се од страна (не се роднини) и ако докажат тогаш прељубниците се казнуваат со отсекување на носот, ако пак се покаже дека тие покренале обвинение од непријателство, во таков случај самите да добијат таква казна. Но, самата жена, за која ќе се дознае дека извршила прељуба, не се осудува, што е многу чудно[462].

Тој што има две жени треба да биде казнет со тепање, а приведената (втората) жена да ја изгони заедно со родените од неа деца.

Кој ќе се обиде да има две жени не според законот, туку според развратничката волја, подлежи на осудување за прељуба, ако се соедини со слободна жена, при животот на својата жена (при жива своја жена) се осудува како блудник, а тој кој довел втора жена во брачното оппштење, се казнува како прељубник[463].

Треба да се знае дека има лица кои прегрешиле (направиле прељуба), но не се подложени на казна (за прељуба); тој што направил прељуба макар и со мажена, но разведена жена не подлежи на осуда како прељубник, а жена не се подложува на казна (за прељуба), кога таа е силувана против нејзината волја, иако она, срамејќи се не каже за тоа што се случило на

460 72 Βασ. LX, 37.

461 Προχ. Νομ. XXXIX, 42.

462 καινόν, 68, Βασ. LX, 37.

463 84.Bas. LX, 37.

својот маж[464].

**ГЛАВА 15**

***За манастирите и монасите***

*Прво-втор Собор, 1-во правило*: Таканарečениот Прво-Втор собор, првото правило заповеда: не се дозволува на никого да ѕида (изгради) манастир без дозвола на епископот, којшто претходно ја врши вообичаената молитва (за такви случаи), а самиот манастир и сè што е посветено на него од ктиторот, заповеда да се запише во бревно (типик) и бревното треба да биде ставено во епископијата за на крај градителот да не може пак да присвојува за себе што било од посветениот имот, бидејќи на каков начин посветувајќи преку манастирот на Бога, може како сопственик да располага, а уште повеќе да го продава на други тоа што тој го отуѓил од своја власт? Исто така правилото оттука нему не му дозволува да поставува игумен на манастирот без согласност на епископот, ниту да поставува друг место себе, бидејќи ако подареното на луѓето не треба подарувачот да го зема назад без благословна причина, дотолку повеќе не може посветувачот да го присвои господството над тоа што е посветено на Бога, бидејќи тоа би значело да посветувате само со зборови, а не на дело, предметите да не се одземаат од Бога.

*IV Собор, 24-то и VI Собор, 49-то:* 24-то пак од IV собор, а исто така и 49-то од VI Собор заповедаат: Еднаш осветен манастир во согласност на епископот којшто природно претходно направил молитва за изградбата на манастирот, за тоа основание (таа градба) да биде ненарушена (цврста) да престојуваат насекаде манастирите и да биде зачувано неотуѓивата припадност на нивните имоти, и тие веќе да не можат да бидат мирски живеалишта, а тие што нема да го почитуваат тоа - се казнуваат според правилата т.с. посветените се исфрлаат, а мирјаните се одлачуваат. Види уште и 12-та глава од -Е- состав, правило 17-то од VII Собор.

*VII Собор, правило 20*: Истиот Седми собор, 20-то правило заповеда дека отсега нетреба да има двојни (мешани) манастири и монасите не треба да живеат сосема блиску со монахињите, бидејќи поради тоа се случува скандал (соблазна) и озборување за многумина, а кои посакале да се одречат од животот со роднините, должни се, вели правилото, да стапат во манастири, мажите во машки, а жените во женски; постојните досега двојни (мешани) манастири треба да бидат управувани според уставот на божествениот наш отец Василиј, како што тој заповеда, а монасите не треба да живеат заедно со монахињите и да се обраќаат кон нив (да се среќаваат со нив), затоа што тоа е лошо (штетно) и недозволиво, ниту да ги предизвикуваат, ниту да разговараат, ниту да јадат заедно со нив, а монахињите што принесуваат предмети на мажите, потребни за животот, треба да ги прима игуменијата пред вратата на манастирот со друга постара монахиња, а ако кој било од монасите се доведе во неопходност да

464 39, 40, 62. Βασ. LX, 37.

ја види својата роднина, во таков случај треба да води со неа разговор во присуство на игуманијата во не многу и кратки слова (реченици) и брзо да се оддалечи од неа.

*IV Собор, 4-шо правило*: Четвртото правило од Четвртиот Собор го смета за незаконско делото да се гради манастир или молитвен храм без дозвола на епископот на градот. Оние од монасите кои искрено и не само привидно го поминуваат монашкиот живот заповеда искрено да го почитуваат молчењето, а прилежно (трудољубиво) само постат и се молат и решително живеат (престојуваат) во тие места, во коишто они се одрекле од светот, затоа тие што живеат на таков начин справедливо, треба да се користат од предноста на честа пред другите монаси, впрочем и тие според законот за свештеници заповеда да бидат потчинети на месниот епископ и ништо свештеничко да не прават (вршат), да одат во друга епархија без отпусна или претставителна епископска грамота, а тие коишто ги оставаат своите манастири и расеани и безработно одат по градот и прават пречки во црковните и во граѓанските работи, не дозволувајќи ни божествените, ниту човечките работи да се извршуваат според соодветниот чин, т.с. дека цивилните работи ги вршеле мирјаните, а посветените на Бога-монасите и свештениците, таквите, заповеда и против нивната волја да се заклучат во манастир, освен ако на него од нив е наредено неопходно да управува со граѓанските работи од епископот на градот, како способни да ги уредуваат подобро од постојните во тоа време свештеници и мирјани.

Правилото исто така заповеда дека управниците на манастирот да не примаат во монаштво никаков роб без согласност на неговиот господар, да не се хули името Божјо, а кој ја нарушува таа одредба, тој да биде без општење, а епископот на градот се обврзува да има задолжителна грижа за манастирите, за од галамата (вревата) до нив што се создава, да не биде нарушена тишината на монасите. Види и 22-ра глава и 25-та глава од -Е- состав.

*VI Собор 23-шо*[465]( Во грчкиот текст има натпис: За тоа како треба да се примаат оние што сакаат да се потстрижат, замонашат[466] )

23-то пак од Шестиот собор правило: не е забрането, вели, на секој христијанин, макар и многу грешен, да стапи во монашки живот, кое што на нагледен начин ни го опишува нам покајничкиот живот, за тоа што како што некој споменик, тоа со надворешниот изглед и животот и обичаите претставува нам покајанието и побудува секогаш да паметиме за нас, затоа ниту монаштвото, ниту тежината на несреќите не треба да не доведат нас во разочарување (очај) и никаков претходен начин на животот ниту за никого не треба да биде препрека кон исполнување на

465 Во грчкиот текст стои 24-то, преведувачот го превел како 23-то- ние го следиме старословенскиот текст.

466 Тој дел не е преведен на старословенски, но го вметнуваме овде за поголема прегледност.

таа благољубезна намера, затоа што Спасителот нам ни рекол: тој што доаѓа (приоѓа) кон мене не излегува надвор ( Јован, 6, 37).

*Истиот, 40-то*: 40-то (правило) на истиот Собор вели: Макар и тие што праведно се одрекле од претходните животни дела и се доближиле до Бога стануваат наследници на неговото блаженство, но не треба сето тоа да се прави без испитанија (проба), според тоа на управникот на манастирот му се наредува дека не треба да прифаќа секој што го избрал монашкиот живот порано од предвидената возраст.

*Знамение*: Впрочем, при јавно распространување на благочестието и содејствието на благодатта Божја и десетгодишник не треба да биде одбиен, ако само има карактер, којшто соодветствува на монашкиот завет и не само десетгодишник, туку и тој кој уште не навршил 10 години.

*I и II Собор, 5-то*: Петтото правило од таканаречениот Прво-Втор собор заповеда: тој што пристапува кон монашки живот да биде искушуван во манастирот во тек на три години, да биде облечен во цивилна (мирска) облека, а тој што ќе покаже во тоа време расположение кон монашкиот живот, се смета за праведно да се облече во монашки лик, бидејќи, како што е познато, одрекувањето од светот без расудување и искушение, му штети на монашкото благочестие, бидејќи тие коишто непромислено се подложуваат себе си на монашки живот и набрзо потоа се одречат од трудот за подвижништво, повторно се враќаат кон телесните задоволства и цивилниот (мирскиот) живот.

Ако пак некој особено многу се потрудил во подвизите на благочестие и добродетелство, така што неговиот претходен живот може да служи како гаранција за идниот живот, за таков доволно е и шестмесечен рок. Но, за тие што се наоѓаат во искушение, коишто паднале во тешка болест, замонашувањето да не се одлага. Тие што постапуваат спротивно од тоа правило, т.с. игумен на манастирот и отците што воведуваат во монашкото братство, определува: првиот (игуменот) да се лиши од раководството на манастирот и да се доведе во послушност, а вториот да се одведе во друг манастир, не допуштајќи ни во што намалување на строгостите во однос на монашкиот устав.

*Знамение*: Ако некој во текот на три години се облече и без молитви во монашка облека, тој се подложува на поголеми казни во тој случај, ако посака да ја соблече неа, како јавно исмевајќи го неисмејувањето, таков, макар и против неговата волја треба да биде принуден да се облече во монашка облека.

*За тие кои без молитви се облекле во монашка облека*

*Истото, 2-ро*: Второто правило на истиот тој собор заповеда никој да не се потстрижува, ниту да се облекува во монашки лик, ако при тоа не биде присутен тој којшто треба да го има него во послушание и ќе се грижи за неговото душевно спасение, т.с. тој којшто предтоа сам со дела добро е научен на добродетелта и може да воведува кон неа и свои потчинети.

*Знамение*: Тие, коишто се потстрижуваат поради болест или жалост

само за да ја придобијат со тоа славата на благочестието и пак остануваат во своите домови, никако не се грижат за подвизничкиот труд и подвизи, таквите правилото ги праќа на послушност во манастир, за кој ќе благорасуди епископот, а тој што го потстрижал безрасудно него, се исфрла како престапник на божествените правила и нарушувач на монашкото благочестие, бидејќи преку такви нерасудни и погрешни потстрижувања се причинува навреда на монашкиот живот и се дава повод за хулење на Бога.

*За тие што се потстрижуваат поради болест или жалост или од непромисленост (пребрзаност)*

Потстрижувањето според монашкиот обичај при последното дишење (пред смрт), кога единствено само според дишењето може да се суди дека човекот не умрел, и воопшто не сознаваме што со него се случило не треба да биде дозволено, затоа што може да ја соблече монашката облека и пак да ја облече мирската (граѓанската) или да живее во светот, ако не сака да се подложи на стегите на епитимиите. Не треба да биде исто така дадено тоа право и на тие кои се облекле во монашки лик по пребрзаност (од непромисленост).

*VII Собор, 19-то*: 19-то правило од Седмиот Собор, целосно забранува да се одвива монашки живот во манастир под изговор дека стапувањето во него или во кој било друг свештенички чин било направено за пари, бидејќи невозможно е за Бога да работат богатите и да се богатат и според Василиј Велики непотребно е сето тоа чијшто почеток е нечист, а епископот или игуменот којшто го прави тоа заповеда или да престане или да биде исфрлен, а ако игуменот нема директен однос кон свештенството, бидејќи понекогаш се поставуваат за игумени и такви, правилото заповеда да се исфрлат од манастирот и да се оддадат на послушност во друг манастир. Таа иста казна треба да ја понесе и игуманијата што се дрзнала на такво нешто.

А ако родители одделуваат за манастирот од наследството на своите деца, тогаш недозволиво е да го земаат назад, бидејќи тоа е посветено на Бога, доколку се случи подарувачот на тоа за манастирот да излезе, во тој случај се исклучува, бидејќи причината за неговото оддалечување ќе биде игуменот.

*I и II Собор, првило 6-то*: Шестото правило од таканаречениот Прв и Втор Собор, монасите, вели, не треба да имаат ништо свое како умрени за свет поради живот скриен во Христа, бидејќи на таков начин го претставува пред нас својот лик на монашко општежитие блажениот Лука, којшто вели дека ниту еден од тие што тврдо веруваат дека од својот имот велеше свое ќе биде, туку им беше сето општо (заедничко). Затоа, тие што сакаат да стапат во монаштво им се дозволува претходно да направат завештание (тестамент) во однос на своето богатство и да го предадат на оние лица, на кои ќе посакаат, само не на тие кои не треба да бидат отфрлени по законот, имено, еретици или незаконородени деца, бидејќи по нивното стапување во манастирот има власт (право) над сиот

нивни имот и ним не им е дозволено да располагаат со ништо сопствено, ниту да заветуваат. Доколку пак се покаже дека кој било присвоил за себе каков било имот, тогаш игуменот на манастирот или обласниот епископ да го земе тоа и да го продаде во присуство на многу сведоци (за да се исклучи можноста да произлезат оттука озборувања), должен е да го раздели на сиромашните и немоќните коишто имаат потреба, а тој, кој ставил во срцето свое, по примерот на оној Анание, да го скрие тоа богатство, да се вразуми со прилични епитимии. На сето тоа треба да биде потчинета и монашката заедница на жените.

*VI Собор, 41-во*: 41-вото (правило) од Шестиот Собор блазнено пресметало за сосема несигурно за оние што неодамна се оддалечиле од мирскиот живот и во истиот час се затвориле себе си во едно тесно живеалиште и самите на себе си биле раководители во монашкиот живот, бидејќи потребно е (задолжително е) првин во манастир со многубројните браќа во тек на три години да покаже послушност, потоа да помине уште една година каде што ќе му изберат место за затвор, кога ќе се открие неприлежноста на нивните намери дека тие избрале таков начин на живот не заради суетната слава, туку од стремеж кон добродетел, - со дозвола на месниот епископ да престојуваат (живеат) во затворот и веќе воопшто да не излегуваат од живеалиштето, доколку само не бидат принудени од каква било неопходност, т.с. заради општа полза на народот или од причина на болест, која им се заканува со смрт. Но и во таков случај тие можат да излезат само со дозвола на епископот. Бидејќи ако посакаат да излезат поинаку, треба и против нивна волја да се заклучат во нивното живеалиште и цврсто да ги затворат, за да не им биде удобно да излезат. При тоа исто треба да се подложат на пост и мачење со строгости, за на таков начин да ја излекуваат промената на нивната намера затоа што никој вели Спасителот, што ја ставил раката на ралото и се свртува назад, насочен е во Царството Небесно (Лука, 9, 62).

*За пустиниците*

*Истиот Собор, 42-ро*: 42-то (правило) на истиот Собор, таканаречените пустиници, коишто се облекуваат во црни алишта (облеки), пуштаат долги коси и се движат меѓу мажи и жени и го навредуваат својот завет, заповеда или да ја отстранат косата и да примат монашки лик и да се придружат на монасите во манастирот, или, ако не сакаат да се избркаат од градовите и да се протераат во пустините, од коишто лажно го составиле своето именување.

*Истиот, 47-мо*: 47-то (правило на истиот Собор) забранува да не спијат ниту жени во машки манастир, ниту мажи во женски, затоа што верниците, а посебно монасите треба да бидат над секаква соблазна и оговарање, и да го уредуваат и управуваат животот свој сообразно со благоприличност и благопристапност кон Господ (1 Кор. 7, 35), а свештениците и мирјаните коишто дошле до таква дрскост-и едните и другите се казнуваат (според правилото) на одлачување.

*VII Собор, 22-ро*: 22-то правило од VII Собор, посветените и тие чиј-

што живот е едноличен забранува да јадат заедно со жени насамо макар тие да се нивни роднини. Ако пак ги натера потребата да ги примаат нив во општење на трпезата, тоа да не биде поинаку, туку во присуство на богобојазните мажи или чесни и со длабока почит жени, за и самото дружење со леб и сол да послужи за душевна полза, бидејќи (Апостол Павле) вели: дали јадете, дали пиете, дали пак нешто правите, сето тоа во слава Божја го правите; и уште: сите мои години се, но не се сите на полза. Ние сме должни впрочем да ги очистиме и самите помисли, т.с. да ги измиеме, или уништиме, т.с. отфрлиме и не дозволиме да завладеат со нас. Но, ако некој од нив се најде на пат (патешествие) и не знае каде да се засолни, во таков случај да не се забранува да отседне во гостилница (крчма) кога нуждата го тера него, само непорочно и со стравопочит. А тие коишто сожителствуваат со жени (живеат со жените) и децата и живеат во мир, не им се забранува да јадат заедно со жените, бидејќи тоа не се одрекува, ако се прави со благодарност кон Бога и не со театрални измислици, сатански песни и блуднички напеви (оговарања) на кои се однесуваат сите пророчески укорувања(клевети), тагаш со глумење и со гусле вино да пијат и слично (Исаиа, 5, 12).

*Картагинско 38-мо*: Ниту 38-то (правило) од Картагинскиот Собор не допушта на монаси или свештеници слободно да влегуваат кај девојки или кај вдовици коишто се посветиле себеси на Бога, ако не го дозволи тоа епископот, или при негово отсуство презвитер, но тогаш тие може да се среќаваат не насамо, туку во присуство или на други свештеници или поштени и исполнети со страхопочит христијани за да се отфрли секакво сомневање, бидејќи (Апостолот) вели: без пречки (без камен на сопнување) бидете и Јудеи и Елини и Црквата Божја, бидејќи нам ни е заповедано да ги избегнуваме лукавите сомневања (подозренија), макар тие да биле лажни.

*За преминот на калуѓерите од манастир во манастир*

*VII Собор 21-во*: 21-то (правило) од VII Собор не дозволува на монах или монахиња да го остави својот манастир и да замине во друг, ако пак се случи така, тогаш да се ползуваат со гостопримство, исто и од сето неопходно, да се почитува делото како пофално, за да не бидат принудени да се присоединат кон обичните луѓе (кон мирските луѓе) и тие што водат безгрижен живот, а да бидат примани без согласност на нивните игумени не е дозволено.

*I и II Собор, 3-то правило*: Третото правило од таканаречениот Прв и Втор Собор го подложува на одлачување игуменот, ако тој не ги повика грижливо одбегнатите од неговото стадо монаси и не ги врати во свештената заедница (обител), лекувајќи ги соодветно болните со лекарства заболените овци, бидејќи ако пастирот на неразумните животни, неодговорно се однесува кон стадото, неопходно е да претрпи и казна, тоа на каков начин не се подложуваат на неизбежна казна неработниците, поради својата леност, за спасение на Христовите овци? А монах, повикан да се врати таму пак, од каде што тој и заминал, ако не се покори треба да

биде одлачен од епископот.

*Исто, 4-то*: Четвртото пак (правило од истиот Собор), избеганиот од својот манастир монах и преминал во друг манастир, или бесчесно се вселил во мирско живеалиште, како самиот тој, така и тој што го примал, заповеда да бидат одлачени додека не се вратат во манастирот од којшто срамно избегал. Впрочем, ако месниот епископ, некој од монасите што го чувствува за благочестие, го земе од неговиот манастир и го определи за управување во друго (место), кога тие два манастира се наоѓаат под негова власт, или ги назначи за надзорници (надгледувачи) и за мирските живеалишта, тогаш за тоа не се обвинуваат ниту тие од монасите, ниту тие што ги примиле.

*Картагинско 80-то*: 80-то (правило) од Соборрот во Картагина заповеда да се подложи на казна оној епископ, кој прима туѓ монах и го поставува него во степен на свештеник или пак во игуменство на својот манастир без ослободувачка грамота од неговиот епископ и да му овозможи на епископот општење со својот народ и толку, другите забранува да имаат општење со него, а монахот испаѓа од свештенството или од игуменството. Види и 6-та глава од -А- состав, и 9-та глава на истиот состав, правило 23 од IV Собор, и во 19-та глава од -Г- состав правило 18 од VII Собор, и во 29-та глава на -Е- состав, а исто така и 33-та и 20-та глава од -К- состав. И во 32-ра глава од истиот состав, правило 7-мо од IV Собор.

*Гангарски Собор, 13-то*: 13-то правило од Соборот во Гангра фрла анатема на тие кои имаат деца и под изговор за подвижништво ги напуштаат нив и не ги учат за богопочитување и останатите добродетели, макар и да им доставуваат ним потребното за живот, божем тие високо го ценат благочестието и подвижништвото и божем им е неопходно да добијат спасение во светот. Затоа великиот Павле вели: ако некој за своите, или пак за блиските не размислува, од верата се откажал и полош е од неверниот, и на старициите им заповеда да ги учат младите да бидат маж што е особено ужасно, тоа е тоа што меѓу нив како ѕверови своите деца ги хранат и заштитуваат и за нив се подложуваат на смртни опасности, луѓето и во тоа ја надминуваат свирепоста на ѕверовите.

*Знамение*: Но, тој што веќе се потстригол, не му е дозволено заради грижите за децата да го остава манастирот и да живее со нив во мир, бидејќи грижата ќе биде на Бог, Отец на сираците и Судија на вдовиците, да се грижи за нив.

*Исто, 14-то*: 14-то пак (правило) ги подложува на анатема и оние деца, кои под изговор за подвижништво не покажуваат почит кон своите родители и не сакаат да ги хранат (да се грижат за) нив во старост, - се оставаат ли без надгледување верници (родители) или пак неверни. Впрочем, благочестието вели (правилото) во секој случај треба да биде спазувано и претпочитувано во тоа, т.с. и во случај, кога неверните родители се обидуваат да ги привлечат своите деца кон своето нечестие.

*Исто, 19-то*: 19-тото (правило) од истиот Собор вели: Доколку некој од девствените заради Господа биде премногу издигнуван (фален) се

ожени, да биде под клетва (анатема).

*За монахињите*

*VI Собор, 45-то*: 45-то правило од Шестиот Собор забранува на тие што треба да се потстрижат жени да ги доведуваат до олтарот со украсени целите со светли облеки и таму да им се симнува таа суетност и да се облекуваат во монашка облека, бидејќи тоа побудува збрка (немир) во душите, како да се разделува со мирските задоволства.

*Исто, 46-то*: 46-то правило на истиот Собор бара, тие што избрале подвижнички живот безизлезно да престојуваат во манастирите, а ако (кон излегување) ги принудува неодложна потреба, да излегуваат со благослов и дозвола на настојничката (управничката), впрочем и тогаш треба да излегуваат не сами, туку во придружба со старица или со првата во манастирот монахиња и посебно ако тие имаат млада возраст којашто за невнимателните очи е мрежа којашто тешко поминува, да и тие самите, при природната непостојаност на женските мисли, младоста во поголем дел и ги тера во зло, но да поминат ноќ надвор од манастирот (правилото) воопшто не им дозволува. Монасите пак во случај на неопходна потреба не им се забранува со благослов на игуменот и самите по себе да излегуваат (од манастирот), а исто така, понекогаш и да преноќат надвор од манастирот. Кажаното е за сомнежите поради својата младост, но не и за тие кои не се сомнителни по својата старост и добродетел.

*Картагинско, 44-то*: 44-то правило од Картагинскиот Собор заповеда за девојките посветени на Бога, по разделувањето од своите татковци да ги чуваат нив во безопасност, грижата на епископот или при негово отсуство, презвитерот доверени биле во сожителство со чесните жени, или сите млади девојки да живеат заедно и за одејќи овде-онде, да не им наштетувале на добрата слава и благоустројството на Црквата. Но, заедничкиот (општожителскиот) начин на живот како млади мажи (меѓусебе) сега кај нас е презрителен, а кај латините уште се сочувал (се спазува).

*Исто, 126-то*: 126-то правило на истиот тој Собор заповеда, единствено само на епископот му дозволува да облече девојка во монашка облека, но не пред 25-та година, освен по потреба (нужда). Но и тоа е изменето од горекажаното 40-то правило на VI Собор коешто одрекува да се потстрижуваат и деветгодишници од машки и женски пол.

*Гангарско 15-то*: 15-то правило на Гангарскиот Собор, оние од жените коишто заради привидно богопочитување ја стрижат својата коса, како уништувачи на знакот за потчинување, подлежат на анатема, бидејќи Апостолот вели дека жената е должна да има коса на главата, т.с. знак на потчинување на мажот, имено косата, и пак срамота е жени да се стрижат, или бричат да се покриваат и уште доколку на жена косата им расте, нејзина е славата, затоа што растењето на коса заедно со облекувањето и било дадено нејзе. Затоа и природата ја признава косата за својствена за жените, и не предизвикува кај нив ќелавост. Впрочем, таа што ќе избере монашки начин на живот треба да биде потстрижена и против волјата на нејзиниот маж.

*За монасите и монахињитњ што отпаѓаат*

*Анкирско 19-то*: 19-то (правило) на Соборот во Анкира, тие што дале завет за девство и машки и женски, а впрочем носеле и понатаму мирска облека, не се откажале од светот и не примиле монашка облека, таквите, ако тие го нарушат заветот и се приклонат кон законски брак, определува да се подложат на временска епитимија за двобрачните (двоженците).

*Василиј Велики, 6-то*: Василиј Велики во 6-то правило вели: Блудните дејства на свештеници и монаси и подвизничките (испосничките) од женски род, да не се претвараат во брак. Бидејќи граѓанскиот закон којшто вели дека тој што излегол на слобода, да не прави за себе доход од своето тело, веројатно се однесува, да ја има неа не како наложница (љубовница), туку сопруга, не треба да има сила кај нас, но на секој начин да се растури нивната заедница (нивниот сојуз), макар тие и да посакале да се наслaдуваат на задоволствата, бидејќи веќе се лишиле од честа. А пак тоа и за црквата е полезно така што и останатите се воздржуваат од тоа и од дрзнувања на такво дело и на еретиците не им дава повод да нѐ прекоруваат доколку би привлекле кон себе некој којшто припаѓа кон друга религија со опростување на гревовите и да им дозволиме да живеат во грев и да не ги забраниме недозволените бракови.

*Василиј 18-то*: Во 18-то правило пак, дури и Анкирските отци, рече (В. Велики), девојките, коишто отпаднале после заветот да го чуваат девството, расудиле да се подложат на епитимиите за двобрачност, но доколку благодетието на Божјата црква зајакне, тогаш посправедливо е таквите да се казнуваат како прељубници, потврдувајќи ја својата положба со различни докази. Овде ги подразбира тие кои достигнале 16 или 17 годишна возраст, доброволно се заветиле (зарекле) на безбрачност откажувајќи се од бракот, а не тие кои ги довеле родителите или други роднини, правејќи преку тоа нешто за себе житијско, немајќи на пример можност да дадат за нив мираз, таквите не добивајќи сопствен стремеж кон безбрачност не треба да се прифаќаат лесно, додека не го дознаеме јасно нивното сопствено расположение. Но, во однос на монахињите и подвижничките сето ова природно не бидува, бидејќи иако тие во малку определениот (ограничен) свет на отците и самата нежна возраст ги одложиле мирските коси, заветот нивни треба да биде цврст за идното време и по нивното исповедување.

*Таму, 19-то*: Во 19-то правило пак (Василиј Велики) вели: Заветот на мажите не знаеме друго, освен како тие себе си се вброиле кон чинот на монасите, коишто преку молчење покажуваат дека го прифаќаат безбрачието, исто така и тие треба да бидат испрашувани и задолжително јасно да ветат безбрачност, за ако се покажат лажливци во својот завет, би можеле да бидат подложени на епитимии како да направиле блуд. Впрочем и тие што не дале таков завет монаси, а само го облекле расото, не можат да ја променат облеката и да стапат во брак.

*Исто, 60-то*: 60-то правило, тие што дале завет за девство и го нарушиле заветот, заповеда (Василиј Велики) да го исполнат времето за

казнување, определено за гревот прељуба, т.с. 15 години. Тоа пак, вели, треба да биде и во однос на монасите-мажи.

*VI Собор, 44-шо*: 44-то правило од VI Собор, Монах кој попаднал во блуд и потоа се покајал и се исповедал, заповеда да се казни построго отколку што блудниците. Така јас мислам дека тоа правило треба да има поголема сила, отколку другите подоцнежни.

Види и 11-та глава од -Г- состав, и во 12-та глава на -Д- состав правило 4 од IV Собор. И во 12-та глава на -Е- состав правило 17-то од VII Собор.

*Закони*: Манастир да не се продава, со тоа што свештениот (негов) вид би бил променет во обично (природно) живеалиште, така што епископот има власт да го врати (него) и да го доведе во претходниот вид[467].

*За шийиципе*

Од 131-та Јустинијанова Новела ти можеш да увидиш (да дознаеш) дека постојните во манастирите типици од ктиторите треба да се почитуваат, ако тие не противречат на правилата, затоа што не е дозволиво тие (ктиторите) да ги лишат месните епископи од нивните канонски права во создадените од нив манастири, не можат исто така и архиереите кои што подигнале манастири ниту да ги условуваат (уценуваат) под закана на забрана, своите наследници, т.с. во однос на манастирот ниту да имаат во нив какво било право, затоа што неразумното одлачување се свртува на нивните глави[468].

*Гледај како го йосшавува игуменош еийскойош*

Епископот е должен да назначи (произведе) за Татко (Башта), или за архимандрит на кој било манастир не кој било по чин, туку оној кој ќе го изберат сите монаси или богоугодниците потврдувајќи пред Евангелието дека го избрале него не заради пријателство и подароци, туку затоа што го знаат него како православен, невин и достоен за управа и моќен да ја зачува монашката дисциплина и состојбата во манастирот. Тоа истото да биде и во однос на женските манастири и скитови[469].

*(*Νεαρ£*) Новела*

123-та пак новела на Јустинијан вели: Заповеда во сите манастири коишто се нарекуваат општежителства (заеднички дом), согласно со монашките правила (картагинско 53-то) сите да живеат во еден дом и да имаат заедничка храна и дека сите одделно во еден дом да спијат, така што заемно би можеле да дадат еден на друг сведоштво за невиното поведение, а сето тоа треба да се спазува и во женските манастири[470].

15-та глава од таа пак Новела (треба да се чита 133-та) вели: Да не оди ниту жена во машки манастир, ниту маж во женски, ниту под изговор за помен на некој умрен, макар и да лежел таму, ниту по каква било друга причина, ниту пак во таков случај, ако некој има во манастирот, на

467 Новела 120, 20. - Βασ. Ε, 2.

468 Новела 131, 10.

469 Новела 123, 34. - Βασ. Δ. 1.

470 Новела 123, глава 36, - 4 Βασ. Δ. 1.

пример, брат или сестра, или каков било роднина бидејќи кај монасите, коишто се грижат за небесниот живот, на земјата нема родство, и да не се дозволи, мажи да се закопуваат (погребуваат) во гробови на женски манастир ниту пак жени да се погребуваат во машки манастир, за со тоа да не се даде природно достап кон самиот себе, т.с. кон недозволиви дела, насладување и забави и кон посрамување на божествените дела[471].

Ако пак во женски манастир сака да се погребе жена, наредуваме, да влегуваат за тоа единствено само тие што го носат ковчегот и тие што го копаат гробот, а монахињите да останат внатре во своето живеалиште, а при извршувањето на погребот може да присуствува само вратарката и игуманијата, ако сакаат, и дека тие треба брзо да завршат со сé што се однесува до погребот и во истиот час да си заминат, без да видат ниту една од монахињите и да не бидат забележани од нив. А обредите според обичајот по смртта, третина (третаче) и деветница и потоа четириесетница и останатите адети при времените помени, во женски манастир сето тоа треба да го прават жени, а во машки мажи[472].

Во манастир треба да има не многу влегувања, туку едно или две, а на вратата треба да стојат постари мажи и невини, кои нема да дозволуваат ниту на монасите да излегуваат од манастирот без дозвола на игуменот, ниту на надворешните (тие од страна) слободно да влегуваат во манастирот ноќе и преку ден[473].

Кој пристапува во монашки живот, тој, ако е познат, дека со него немало никаков посебен случај, игуменот, по испитувањето, треба (должен е) да го облече во монашки лик, а ако тој не е познат, тогаш игуменот задолжително да го искушува него во текот на три години, и ако се покаже достоен, да го потстриже него без опасност дека ќе претрпи било што ужасно, макар после сето да се случила некаква несреќа. Види го и законот во 12-та глава од -Д- состав[474].

Епископот треба да се грижи за тоа, монахињите и монасите да не одат по градот, туку својот одговор да го даваат преку апоклисари (пратеници) коишто престојуваат во манастирот. Види уште во 7-ма глава од -К- состав[475].

Ако некој од монасите го напушти манастирот и се врати во мирски живот, тој да биде првин лишен од месниот епископ и од граѓанската власт на воена служба и чест, ако таква имал, потоа со имотот којшто го стекнал треба да биде вратен во манастирот и против својата волја[476].

Тие што избрале монашки живот не можат да бидат тутори и старатели, ниту да водат судски дела за други, ниту во тој случај, кога би

471 Новела 133, 3. - 19 Βασ. на истото место како погоре.

472 Новела 133, 3; 20 Βασ. на исто место.

473 Новела 133, 1. - 17 Βασ. Δ, 1.

474 Новела 123, 35. - 3 Βασ. на истото место.

475 Новела 123, 42. - 13 Βασ. на истото место.

476 Новела 123, 42. - 19 Βασ. на истото место.

имале спор со нивни роднини, освен само за својата обител, но и во таков случај, со дозвола на игуменот[477].

Ако монах го остави својот манастир и замине во друг, во таков случај, ако се покаже дека тој имал каков било имот во тоа време во кое го напуштил манастирот, наредувам таквиот (имот) да припадне на првиот манастир во кој тој стапил[478].

Забранувам родители да ги одвлекуваат своите деца, кои го избрале монашкиот живот, од своите манастири, или да ги лишуваат нив од своето наследство, макар и да имало каква било причина (за тоа) пред нивниот монашки живот[479].

Тој што сака да стапи во манастир должен е пред своето стапување да направи тестамент во однос на својот имот, така што сиот негов имот, иако тој тоа не го кажал јасно дека го принесува него со себе, го утврдуваме за манастирот и тој веќе на никаков начин не може да биде господар на тоа[480].

Ако некој има деца и стане монах, може и после примањето на монаштвото да го раздели својот имот на своите деца оставајќи за себе еден негов дел, кој што е прикладен за манастирот[481].

Ако монах умре без да остави тестамент во таков случај неговите деца треба да го добијат наследството без тестамент по традицијата (по фалкидија), а останатиот имот да се даде на манастирот[482].

Новелата, пак на царот Лав дозволува и десетогодишно момче да стапи во манастир, според кажаното правило (т.с. 40-то) од Шестиот Собор, и да прими монашки лик, но да прави тестамент во однос на својот имот не дозволува до навршувањето на 16 или 17 годишна возраст, бидејќи, мислам, вели дека од таа причина и великиот Василиј во својата книга за подвижништвото ја определил токму таа возраст, така што во време на таа возраст не претставува никаква пречка за распоредување во однос на сопственоста[483].

Кај монахот треба да има двојако дело или занимавање со божествените Писанија и нивно постојано поучување во нив, или занимавањето со ракотворби долични за монасите, бидејќи празна мисла не раѓа ништо[484].

Мирјанин, а посебно глумец (тој што служи на сцената) употребувајќи или правејќи монашки емитации и на светиот лик, се подложува на телесна казна и протерување од епископот и граѓанскиот управник, исто така и тој што решил да исмејува каква било црковна уредба. Види уште

477 Новела 123, 5 и 6. - 11 Βασ. .Γ. 1.
478 Новела 123, 42. - 13 Βασ. на истото место.
479 Новела 123, 41. - 17 Βασ. на истото место.
480 Новела V, 5. Προχ. Νομ. XXIV, 2.
481 Новела 123, 38. Προχ. Νομ. На истото место. 3.
482 На истото место.
483 Новела, 6.
484 Новела 123, 6. - 24 Βασ. Δ. 1..

и 33-та глава од -Е- состав. И во 13-та глава на истиот состав[485].

## ГЛАВА 16

### ***За светото миро***

Види во 9-та глава на овој состав правило 6-то на тие од Картагина, и во прва глава од -В- состав, правило 48-мо, на тие од Соборот во Лаодикеја.

485 Новела 123, 44. - 16 Βασ. на истото место.

# НАЧЕЛА ОД -Н- СОСТАВ

## ГЛАВА 1
***За изградбата и осветувањето на црквите***

Види 12-та глава од -Е- состав

## ГЛАВА 2
***За тоа дека внатре во црковната ограда не треба да има прослави, ниту крчми, ниту да се нуди што било на продажба, ниту да се воведуваат животни без потреба, ниту да се остава кој било со жена да прилегне***

Види 15-та глава од -Е- состав

## ГЛАВА 3
***За напуштените деца или сомнителните, дали тие се крстени***

Види 29-та глава од -Г- состав, и Втората глава на -В- состав

## ГЛАВА 4
***За постот***

*Апостолско 69-то:* 69-то правило на светите Апостоли заповеда дека верниците четириесетдневниот период на времето пред светата Пасха да го поминуваат без секакво опуштање во прилежност (усрдие), пост и воздржување, ги наведувам за спомен тие денови во кои Господ, со пост го затврдил човештвото, го победил нашиот непријател, а исто така и секоја среда и петок во секоја друга седмица во годината заедно со деновите на Четириесетница (заповеда правилото) да се проведува во пост и суво јадење (сув леб- б.м.), а тие што нема да го почитуваат постот во сите тие денови (правилото) ги подложува: свештениците на исфрлање, а мирјаните на одлачување, освен тие, вели правилото, коишто претрпеле телесна слабост да не го почитуваат постот, бидејќи постот е измислен за скротување на телесната каприцност, а кога таа е огорчена од болест, нема голема неопходност да ја укротувате неа со пост. Токму затоа неразумно би било да не се удостојат со оправдување немоќните и да им се допушти да употребуваат риби за храна. Употребувањето пак на месо воопшто не се разликува од нечестието, макар некој да се наоѓа при последното издишување, мислел да се поткрепи себе си со негова употреба (со употреба на месо), а во саботата и неделата на Чериесетница се дозволува да се употребува храна во доволни количества, по 66-то Апостолско правило, коешто влегло во 37-та глава на -К- состав. Всушност озаконет е еден 40-ет дневен пост, пред светата Пасха, бидејќи ако би имало и други пости, тогаш би споменало правилото и за нив. Впрочем мислев дека никој од благоразумните нема да биде обвинет ако пости и во други пости, т.с. во постот на светите Апостоли, Успение на Пресвета Богородица и Рождество Христово.

Види уште во 37-та глава од -К- состав 15-тото правило на св. Петар Александриски.

*Тимотеј 10-то*: Десеттото правило на Тимотеј Александриски, истоштениот од болест да употребува вино и зејтин во посните денови пред Пасха се смета за исправно дело и (заповеда) да се држи до законската сува храна (суво јадење) не според мерките на другите, туку колку може да поднесе, или да му се дозволува на секој ден или преку ден, според расудувањето на тој на кој тој му го оставил уредувањето на своите помисли.

Види уште 25-та глава од -Г- состав.

*Гангарско 18-то*: Слично пак во Гангарското 18-то правило се вели: Доколку некој од подвижинците, без телесна потреба се издигнува и ослободува од пости, се предава на општо разгледување од чуварите на црквата, коишто престојуваат во целосен разум, да биде анатема.

*Картагинско 40-то*: 40-то (правило) од Картагинскиот собор заповеда: дека ѓаконите и свештениците коишто ја вршат тајната во Олтарот, треба да бидат гладни (да не јадат) со исклучок на оној ден во годината во кој се прави (извршува) Господовата Вечера, т.с. Велики Четврток, затоа што свештенодејствието на духовна храна, тие, како што вели, го вршеле после телесната храна, покрај тоа кога умира некој во вечерно време, ако тие што го извршуваат погребот не бидат јадени (бидат гладни-б.м.) вели правилото, тогаш треба да го извршат погребувањето само со молитви. А ништо од тоа не се прави од таа причина што тоа го забрануваат следните две правила коишто го осудуваат тоа.

*Лаодикејско 50-то*: 50-то правило од Лаодикејскиот собор вели: Не треба во светата Четириесетница на последната седмица да се одобрува пост во четврток, употребувајќи, т.с. поголемо побарување на јадење и со тоа да се обесчести целата Четириесетница, туку (треба) целата Четириесетница да се помине во пост и суво јадење покрај, конечно, саботните и неделните денови во неа.

*VI Собор, 29-то*: 29-то правило од VI Собор го кажува буквално тоа истото и додава дека божествените отци направиле таков распоред, можеби од причини на полезност во тогашно време, а кај нас нема неопходност да се менува Апостолската и отеческата традиција - подразбира кажаното 69-то Апостолско правило и претстојното правило на Лаодикејскиот собор.

**ГЛАВА 5**

***За тоа дека не треба да се пости во Сабота и Недела***

Оди во 37-ма глава од -К- состав

**ГЛАВА 6**

***За тоа дека тие што постат треба да се воздржуваат од храна не поради гнасење од јадењето***

Оди во 9-та глава од -В- состав и во 22-ра глава на -Е- состав 23-то

правило на Василиј Велики.

## ГЛАВА 7
### *За законите*

Законот е општа наредба, од мудри мажи установен, волни и неволни гревови да исправа или да ги пресече, општа заложба на градот, тој е исто така божествена измислица. Благодејанието (Добродетелта) на законот е во тоа што тој наредува, забранува, дозволува и казнува[486].

Законот се донесува не во однос на единичен случај, туку општо. Законот го добил своето име од правда (вистина) бидејќи тој е ars boni et aequi - (тој е итрост, за добро и еднаквост)[487].

Законите треба да се донесуваат поради многукратни, а не ретки и не единечни случаи, бидејќи законодавачите не обраќаат внимание на тоа што се случило еднаш или двапати[488].

Претходните закони се пренесуваат во наредните закони, а подоцнежните одредби имаат поголема сила од претходните[489].

За тоа што нема пишан закон, во однос на тоа старите обичаи, искуствата во продолжение на многу години, имаат сила на Закон и го заземаат неговото место[490].

Лошо судење или воображение, ниту законот, ниту времето, ниту обичаите не го прават цврсто тоа[491].

## ГЛАВА 8
### *За владението (поседувањето)*

За тоа дека 10 годишната или 12 годишната старост не помага на тој кој владее незаконско освен само 30 годишна застареност и притоа ако тој владеел непрекинато, не владеел неправилно и не претрпел никаква непријатност во судот[492].

Види уште во 9-та глава од -Д- состав.

Секоја работа и секое побарување за тие кои не се користеле од владение во текот на извесно време, губи секакво право на владение и користење, имено, за тие, кои се наоѓаат на местото на владение, по истекот на 10 годишниот, а за отсутните по истекот на 20 годишниот рок, се ослободуваат[493].

Тој што има право да ја пои и храни стоката на твојата нива (ливада) може да добие право да изгради на неа куќа (штала)[494].

486 13; 14 и 18 Βασ. II, 1.
487 19 и 1 на наведеното место.
488 15, 16 на наведеното место.
489 36 на истото место и 5 Βασ. II, 6.
490 42 Βασ. II, 1.
491 47 на истото место.
492 3 Βασ. L, 10.
493 10 Βασ. LVIII, 7.
494 5 Βασ. LVIII, 3.

Кој спроведува вода преку туѓа нива со знаење на сопственикот на нивата, тој добива (стекнува) право да ја користи нивата во тек на законскиот трогодишен рок без препреки од страна на сопственикот на нивата[495].

Движниот имот, кој се наоѓа во неспорно владение во текот на три години, преминува во сопственост на владетелот[496].

495 2 Βασ. LVIII, 7.

496 4. Βασ. L, 10.

# ОДРЕДБИ ОД БУКВАТА S[497]

## ГЛАВА 1

***За истребување на идолите***

*Картагински 58-мо и 84-то:* Картагинскиот собор, правило 58-мо, а исто така и 84-то, заповедаат сите идоли да се уништат и нивните остатоци да се искоренат.

## ГЛАВА 2

***За тоа дека туѓите свештеници треба да се примаат***

Види 9-та глава од -А- состав.

497 Во грчкиот текст овие одредби се под буквата ξ , бидејќи таа буква не постои во нашата азбука условно одредбите ги означуваме со буквата s.

# ОДРЕДБИ ОД -О- СОСТАВ

**ГЛАВА 1**
***За тоа дека епископот и игуменот треба да имаат економ***
Види во 24-та глава на -Е- состав

**ГЛАВА 2**
***За гатачите на птици (тие што гатаат според птиците)***
Види во 3-та глава на -Е- состав

**ГЛАВА 3**
***За осквернавените во сон***
Види 28-ма глава од -К- состав

**ГЛАВА 4**
***За клеветите***
Види во 32-ра глава од -Е- состав

## ОДРЕДБИ ОД -П- СОСТАВ

### ГЛАВА 1
***За игрите на сцена (театарски игри)***

Иди во Прва глава на -Љ- состав и во 15-та глава на -М- состав правило 22 од VII Собор и 7-ма глава од -Г- состав.

### ГЛАВА 2
***За свештениците што јадат во гостилници***

Види во 7-ма глава на -К- состав

### ГЛАВА 3
***За одрекување на епископ***

Види во 28-ма глава на -Е- состав.

### ГЛАВА 4
***За жените што избрале девство***

Види во 15-та глава од -М- состав

### ГЛАВА 5
***За тие што постат во петок***

Види во 4-та глава на -Н- состав

### ГЛАВА 6
***За полномошната (за доверувањето)***

*Закони*: Доверување е ако му дадете на кој било што било на чување[498].

Ако тој што примал на чување предмети ги загубил нив поради напад на разбојници, тогаш не одговара за нивната загуба пред наследниците, бидејќи тој што примал на чување се гони (испитува) само за завера, негрижа и невнимание, ако јасно не било условено и било што[499].

### ГЛАВА 7
***За Светата Пасха***

*Знамение:* Презедов според мерата на својот разум и сила да ги изложам различните предмети коишто ги истражува ова дело (Синтагмата -б.м.), за да не испуштиме ништо, она што е според нашата сила и што ни дава малку мудрување да ни биде област, зарем да ја оставиме без внимание Светата Пасха, во којашто се направило главната грижа Господова (домостроение на нашето спасение) зошто да не ги објасниме, за тие што не знаат, одредбите што се однесуваат за неа и нивните причини? Така, пред да ги изложиме црковните одредби за Пасхата, мене ми се укажува нужност да влезам во некои претходни расудувања за тој пред-

498 Προχ. Νομ. XVIII, 1.

499 На истото место, 11.

мет. Притоа ние оттука нема да ја изгубиме од вид Пасхата според Стариот Завет (Старозаветната Пасха). Уметноста не треба да биде во тоа што го постигнал законот туку треба да доведе до тоа да се разбере тоа како се остварила вистината.

Според законот на Мојсеј било утврдено Пасха да се празнува по 14-тиот ден на првиот лунарен месец. Тој прв месец се нарекува: кај Египјаните-Фаменоф; кај Грците Дистрос, кај Евреите-Нисан, а од Римјаните се именува Март. Во тој месец сонцето аеродинамично (свртува) на спротивната страна од нашиот дел од вселената, започнува да влегува во првиот дванаесетоделен зодијачки круг, пределот на движењето на планетите, којшто круг љубителите на таа наука го нарекуваат рамнодневница, почетокот на месецот, главниот круг, пределот на движење на планетите, претходниот месец пак се нарекува последен, конечниот дванаесетти дел, крајот на вртењето на планетите. И ние веруваме дека Март е првиот месец, затоа што како што рекол Мојсиј, во тоа време заповедал Бог да растат дрвата, цветовите и тревата, гледаме и на дело дека не по друго, туку затоа што со поредокот во природата се исполнува повелението Божјо.

*За рамнодневницаѿа:*

Речениот месец (Март) како и сите останати се разликуваат и според името и бројот на деновите кај секој од гореспоменатите народи. Освен тоа, периодот на настанувањето на рамнодневницата секоја година е во едно и исто време, затоа што годишното време секаде и само по себе е рамно и еднакво, а меѓу таа пресметка на деновите и месеците, како и кај останатите народи, така и кај Римјаните, коешто (сметање на времето) е и кај нас во употреба, не допушта да биде рамнодневницата ниту во тој ист час, ниту во тој ист ден. Затоа што, како што е прифатено потполноста (целоста) на годишното време прима 365 дена и уште скоро четврти дел од денот, т.с. ако во претстојната година рамнодневницата би била околу половина на денот (пладне), во следната година таа ќе биде околу зајдисонце и во следната околу полноќ и така натаму. Но, така што пак вишокот на крајот од 365-от ден содржи не цела четвртина од денот, туку без тристоти (дел, доли) како што тоа ќе го покажеме подолу, а меѓу тоа сметањето на деновите и месеците според Римскиот обичај, ние додаваме во секоја четврта година кон 365-те дена по цел ден, така што е неопходно после 300 години рамнодневницата да биде еден ден порано. На пример, во престојната година (т.с. во 1335 година) рамнодневницата се паѓа кај нас на 18 Март, после 300 години таа ќе биде на 17-ти; после други 300 години на 16-ти и т.н. Во времето на Набонасар[500]рамнодневницата била околу крајот на вечерта на 25-ти Март, во времето на Филип Аридеј, тоа

500 Ерата на Набонасар се смета од 26 Февруари 347 година пред Христа. Aera Nabonassavi- означува воведување на новиот календар во Вавилон, со кој постојната лунарна година била заменета со сончева.-Сп. Алфавитна Синтагма, 224.

било околу полуденот-24-тиот број (час)[501]. Кога Христос ја примал за нас спасителната смрт, рамнодневницата била околу полноќ -23-ти број од тој месец, а во претстојната година, како што е објаснето во 18-от ден на тој ист месец.

*Види (Зри) час и ден во кои некоїаш за нас се ӣаѓа рамнодневницаӣа*[502]

Зошто учените од Евреите, посебно тие коишто живееле во Јудеја, како што биле Јосиф и Филон, мажи кои во науката достигнале совршенство, мислеле дека Пасха според законот (законски) не треба да се врши пред рамнодневницата. Тие мислеле дека пасхалните жртви, треба да се заколат сите во едно време, после есенската рамнодневница, околу средината на првиот месец[503]. Но, необразованите од Евреите, коишто живееле раселени по вселената, од неразбирање го сметале за прв месец тој, во кој се случувала есенската рамнодневница, никако не мислеле за тоа, дали пред или после неа изгрева месечината со целиот свој облик (полна месечина), ниту за тоа дали целосно сонцето влегло во знакот на рамнодневницата или не. Затоа многумина невнимателно ја празнувале Пасхата пред рамнодневницата.

*Аӣосӣолско 7-мо*: Токму за нив (за тие спомнатите погоре) ни кажува и определува 7-то правило на божествените Апостоли заплашувајќи ги со исфрлање од чинот ако некој од свештениците го празнува светиот ден Пасха заедно со Јудеите пред пролетната рамнодневница, имено, правилото наредува така да се казнуваат не просто тие што ја празнуваат Пасха со Јудеите, туку додава: Тие што празнуваат со Јудеите пред пролетната рамнодневница. Се случува да во петтиот лунарен (месечев) круг, којшто по неопходност соодветствува по основните 28 (така природно се нарекува вишокот на денови после 12-то кружно свртување на месечината, кога месечината точно почнува да станува полна), околу 17-иот ден на Март, Јудеите сосема безрасудно и непромислено (стрмоглаво) во тоа време го празнуваат празникот. Ние гледаме дека и сега го прават тоа Јудеите, коишто живеат во нашите градови. Но, ние за своја сопствена безбедност ги оставивме Јудеите, што постапуваат неблагочестиво, преминуваме кон следниот лунарен месец чиишто денови се бројат во Април. Во тоа време нашата Пасха природно се одделува од јудејската на поголемо дневно растојание. Така светите отци сосема јасно и грижливо ги набљудувале законските одредби на божествените Апостоли, сѐ повеќе грижејќи се да поставаат цврста преграда во однос на тоа, за кога Јудеите ја празнуваат Пасха после пролетната рамнодневница, да не празнуваат

501 Тој Филип Аридеј живеел 300 години пред Христа, бил син на Филип II, полубрат и полководец на Александар Велики и по неговата смрт требало да го наследи на престолот, но во 319 година бил убиен. Сп. Алфавитна синтагма, 224.
502 Грчкиот текст го нема овој натпис-изгледа преведувачот сам го вметнал.
503 Од “прехожу”- жртва на преминот, т.с. Пасха, бидејќи на еврејски “Пасха” значи премин (прехождение).

заедно со нив. Тоа го забранува и Првото правило на Антиохискиот собор, грижливо, како што се вели објаснувајќи ја силата на Апостолското правило, затоа што тоа поставува две ограничувања во однос на Пасхата: да не се празнува заедно со Јудеите и да се чека пролетната рамнодневница. После овие пак, неопходно следуваат две други ограничувања: да се празнува празникот во првата полна месечина после рамнодневницата, исто така и после рамнодневницата не во било кој ден, туку во првиот ден после седмицата на полна месечина. Таквите ограничувачки одредби се спазуваат цврсто и до денес, но денот Недела после полната месечина кај нас честопати се пренесува на следната седмица од таа причина што ние секоја година додаваме кон старозаветната Пасха два дена и после нив доаѓаме до денот недела (воскресниот ден). Тоа се случило не од незнаење и не од неискуство на отците, кои поставиле таков закон за Пасха, туку причината за таквиот предлог ден лежи во самото движење на месечината, бидејќи годишното движење се извршува во 365 дена и скоро речиси четвртина ден, како што беше речено погоре, средното пак кружно движење на месечината во период од 19 години, пресметано со додавање во секоја четврта година уште по еден ден, се утврдува не во точност (прецизност), а без 3 лепт (**стѣχъ**), на шеесет и првиот и без 37-миот од шеесет и вториот лепт еден ден, од таа причина, 304-година исто така пак е неточна, туку без 57-ми лепт од шеесет и првиот и без 52-та од шеесет и вториот ден, што веќе е многу близу до скоро цел ден, се прави кажаната погоре одредба. Токму затоа при определувањето на старозаветната Пасха, правилно се додаваат после полната месечина два дена, поради тоа што во 304 години се губи, како што беше речено, скоро цел ден. На ваков начин времето определено за Пасха и движењето на месечината го направиле објаснувањето (разјаснувањето) уште понесообразно (безсмислено). Впрочем тоа воопшто не вреди благочестие, туку и сосема придонесува за него, затоа што од него уште појасно се изразува растојанието за празнување меѓу старата Пасха и нашата, затоа што малото растојание меѓу нив претставува веќе не еден ден, како претходно, туку 3 дена.

Токму затоа конечно отците го пренеле денот Пасха во Недела, тие сметале за справедливо да се отклонат од спротивниот на бога и без свечености празник на Јудеите, и според можноста на подолго растојание да ја поместиме нашата Пасха од нивната Пасха. Тоа ние опширно ќе го објасниме понатаму, каде што ќе бидат и законите за рамнодневницата, исто така и полната месечина во детали. Таму ќе покажеме во кои години јасно се откриваат различните совпаѓања (соединувања).

*Зошто Пасхата треба да биде после рамнодневницата?*

Но, убаво е да се истражи: зошто е наредено на нас да ја празнуваме Пасха после пролетната рамнодневница? Кога Бог го приведувал светот од Небитие во Битие, тогаш од првиот ден па сè до седмиот било точно рамноденство, ниту денот, ниту ноќта не надминувале еден друг, ниту на миг, бидејќи дури уште во четвртиот ден новосоздадените светла

го осветлиле светот, подеднакво ним не им било наредено да пристапат во движење напред како што тоа се случува сега во вселената. Сонцето, тргнало во првиот рамнодневен оддел на Зодијакот, стоело на првиот степен на Овен, а Месечината стоела на дијаметрално спротивната страна, спроти есенската рамнодневница, во знакот на Вага, сосема не се затрчала кон Сонцето, како што природно она се движи сега, бидејќи инаку во неа не би се сочувало целосното светло (потполното светење). Меѓутоа, Бог не сакал да ни покаже нам во почетокот ништо несовршено во сето тоа што Тој го створил, и месечината била свртена кон Сонцето со својата површина видлива за нас, тогаш била целосно осветлена, иако потоа со различните свои движења нам ни ги покажува различните видови на своите форми.

Така двете светла светеле со полна светлина и останувале во еднаков соодност едно кон друго, движејќи се така низ целата вселена, и преку тоа како да го очекувале крајот на создавањето на сето суштествено. Во шестиот ден раката Божја го создала човекот, во такво време кога рамнодневието останувало во полна сила и месечината стоела директно спроти Сонцето, со обилието на својата светлина скоро се рамнела со него. И неприлично би било првиот човек да биде создаден пред рамнодневието, кога сето сè уште било покриено со мрак. Човекот, кој што според големото сродство со светот не без основа се нарекува свет, впрочем и од тие кои се отуѓиле од светот на благочестието, ниту светлата ја намалиле приличната убавина, но во тој момент кога тие биле должни да го испратат (спроведат) тој што требало да биде цар на створенијата (творбите), покрај тоа и самото време кое одовде го примило својот почеток, требало да почнат и денот и ноќта, само што создаденото равенство, затоа што равенството по природа поправо е неравенство, како положба на првите негирања (одрекувања), битие-лишување. И Бог самиот научил (разбрал) дека ние сме ставиле закон на равенство, на коешто се утврдени сите добродетели, повеќе од секаков вишок (непотребно) и неравенство. Кога после седмиот ден, светилата, како пуштени од затвор го почнале своето движење и тоа со нерамномерна брзина на движење, во тој час се појавило и отклонување. Но, како што Господ благоволително определил да го исправи човекот после неговото паѓање во грев, тогаш доликувало (било прилично) да се направи неговото создавање во тоа исто време кога тој бил првобитно создаден, т.с. во време на рамнодневницата. И така после тоа светот на благочестието требало да нараснува, а темнината на нечестието да се намалува. Така не без основа се врши (се празнува) спасителната Пасха после рамнодневието, кога светлината на денот се засилува, а мракот на ноќта се намалува.

*Зошто не бидува Пасха на ист ден секоја година*

Исто така не секогаш Пасха бидува во тој исти ден, кога Господ го направил спасението наше, затоа што за тоа треба да се слеат многу вредности во едно, а имено, не само полната месечина, која обично се случува во 14-тиот лунарен ден, треба да се слеат (поклопат) со рамнодневница-

та, но се бара тој ден да биде 6-ти во седмицата и 23-тиот ден од Марта, кога бил создаден првиот Адам и кога од тој пак Адам бил создаден вториот Адам. Но тоа ретко може да се совпадне. Така што и високосните месеци воведени за порамнување на времето, предизвикуваат неравенство во однос на времето за Пасха. За времето на спасителното страдање на Господа, нам претежно ни е потребно како што кажавме, дека 14-тиот ден лунарен да биде после рамнодневието, бидејќи ако полната месечина, макар за малку не го достигне означениот ден, тогаш црковниот закон наредува целосно (сосема) да се остави таквиот месец и да се премине кон 14-тиот лунарен ден во следниот месец и покрај сето, да се извршува Пасха во Недела, и уште да не се празнува заедно со Јудеите. Затоа, ако се случи и Јудејската Пасха во Недела, ние својата ја пренесуваме на следната Недела, за да биде чиста и слободна од јудејското празнување. Така, од тие причини нееднаквоста на времето во однос на денот Пасха ние најголем дел несовпаѓаме на точниот ден со Господовата Пасха. Господ го претрпел спасителното страдање по настапувањето на 5539-та година од создавањето на светот[504], кога сонцето поминувало низ 23-тиот круг, а месечината низ 10-иот. Јудеите во таа година ја имале Пасха во последниот ден од седмицата, како што велат Евангелистите, нарекувајќи го тој ден велики ден Сабота, што било 24-ти Март, во следниот ден (Недела) кој што посебно се одделува за сонцето и паѓа на 25-ти Март, вечното Сонце (Христос) навистина изгреало од гробот. Така, бидејќи Јудејската Пасха се вршела како што рековме во 14-от лунарен ден после рамнодневието што природно се простира од 21 Март до 18 Април, нашата Пасха се става во следниот потоа ден-Недела, а управник на деновите и седмиците е Сонцето. Тоа го пресметува и сводот на тој круг и на другото светло, потребниот за нас ден се отсликува сосема удобно. За месечината е поставено 19 кругови, а за Сонцето 28. Месечевите кругови, според законот на природата започнуваат од Јануари исто така како и основањето на Месечината. Сончевите кругови почнуваат со почетокот на месец Октомври. Непотребно е мислам, да се истражуваат причините за таквиот поредок.

*Зошто се 19 лунарни кругови?*

Месечевите (Лунарните) кругови се искачуваат до 19. Лунарниот месец во заокружен број се пресметува на 29 дена со половина, 12 лунарни месеци во годината сочинуваат 354 дена. Затоа во однос на Сончевата година којашто се состои од 365 дена и четвртина, во Лунарната недостасуваат во годината 11 дена и едена четвртина од денот. Деветнаесет пати

504 Ние ги пресметуваме годините од создавањето на светот до Раѓањето на Христа. Животот на Христос на земјата се состои од 30 години приватен живот и триипол години општествено служење, запечатено со смртта на крстот. Така според нашата пресметка смртта на Исус Христа би требало да биде во 5543 година. Властара или целиот живот на Христа го сведува на 30 години, или од создавањето на светот пресметува 5505 години. Сп.. - Алфавитна синтагма, 227.

свртена (помината) сончева година сочинува 6939 дена и три четврти од денот, лунарни месеци во 19 години ќе бидат 228, коишто сочинуваат 6726 дена. Но, кон тоа треба да се додадат вишокот денови во секоја сончева година во однос на лунарната, т.с. 11 дена и четврт (ден), кои во 19 години прават уште 7 Лунарни месеци, кои пак сочинуваат 206 дена со половина (половина ден). Исто така и затоа што од Сончевата година остануваат 7 дена со четвртина, тие денови се вклучуваат самите себе во целото 19-то летие, како што ќе биде покажано.

Според пресметувањата на Птоломеј[505] лунарниот месец се состои не од 29 дена и 30 први лепти само, или половина ден, туку уште од една лепта и половина, и третина, т.с. од една прва лепта и 50 втори лепти[506]. И тоа се докажува со посредство на броењето на времето од загуба до загуба на целите месеци. Токму затоа, велам, една лепта, половина и третина, во кажаните погоре 235 кружни свртувања на месечината, кога ќе ги сложиме заедно прават 430 први лепти и 50 втори, а сите тие разделени според редот на 60 даваат: а) 420 лепти прават 7 дена; б) останатите пак 10 лепти први и 50 втори, не прават една четвртина ден, затоа што кон тоа недостасуваат четири први лепти и 10 втори. Но така треба и да биде, затоа што како што докажал Птоломеј во секои 19 години недостасуваат 3 први и 37 втори лепти (или 1 час 26 минути и 8 секунди). Но бидејќи и после ова за составување на полна четвртина од денот недостасуваат уште една прва лепта и 27 втори, тогаш и ова е не без причина, (затоа што полниот годишен сончев круг довршува не полна четвртина на денот, а без тристоти дел од денот, како што кажавме на друго место). Така лунарниот круг по неопходност се дознава само во 19 години, затоа што само во 19 години вишокот во секоја година од 12 лунарни кружни свртувања се извршуваат потполно целосно и во точен период и сите горепокажани 235 месечини во тој круг се извршуваат совршено полни, без секаков недостаток и без загуба. А тоа е и целта на тој круг. Изминувањето на тоа време се нарекува периодично, затоа што тоа ги сведува различностите во движењата на двете светила кон еден првобитен излезен почеток.

*Зошто се 28 сончеви кругови?*

Движењето (текот) на сонцето се враќа кон претходниот пункт после

505 Клавдиј Птоломеј знаменит географичар, математичар и астроном, современик на Антониј Пиј. До нас дошле меѓу другите, следните негови дела: 1) 8 книги -математичка географија; 2) 13 книги главни астрономски негови трудови, кои го опфаќаат учењето за движењето на ѕвездите и сиот небесен свод; 3) Опис на изгревањето и заоѓањето на ѕвездите со метеоролошки набљудувања -кои меѓу останатото се смета од некои за фалсификат; 4) За сончевите часовници. Сп. Словаръ класс. Древност. по Любкеру, стр. 1127-1128 и Алфавитна синтагма, 227.

506 Лепти Птоломееви кои овде ги применува Властара се состојат според нашето пресметување: Прва лепта или лепта № 1-ви =24 минути; Втора лепта или лепта № 2-ри=24 секунди. Види: Правосл. Собес. 1859 г. ч. II, стр 178, Примечение; Алфавитна синтагма, 227.

28 кругови (по следниот редослед): 365 дена и четвртина ден, сочинуваат сончева година, тие даваат 52 седмици и 1 (еден) ден, а во четвртата година уште 1 (еден) ден. Затоа сакајќи според движењето на Сонцето да најдеме ден Недела, ние во секој круг на сонцето додаваме 1 ден, а во четвртата година како високошна и уште ден, и на таков начин во дадената година го наоѓаме саканиот ден. Вишокот на тие денови во годината не можат да состават полна седмица, така што со завршувањето на годината да се заврши и седмицата-никогаш, а токму во 28-от круг на сонцето, затоа што 28 дена сочинуваат 4 седмици и 28 четвртини од денот сочинуваат седмица, а тоа се случува само во 28-от круг на Сонцето, или во двапати по 28 или трипати по 28 и така натаму. Ако посакаме да го продолжиме пресметувањето (броењето) понатаму (подалеку) од 19 лунарни кругови или 28 сончеви кругови, тогаш бараното ќе биде најдено во тие далечни кругови на таков начин како што се наоѓа во првиот круг, вториот, третиот итн.

*Зошто од Јануари започнуваат лунарните кругови и создавањето (основањето)?*

Кругот на месечината и создавањето почнуваат да се бројат (пресметуваат) од Јануари, бидејќи, Создавачот сонцето и месечината во Битие се преведени во четвртиот ден од седмицата, во 15-от ден на Марта (лунарниот), тие за прв пат огреале (засветеле) и месечината се покажала во тој час (миг) 15 дневно и совршена, инаку Бог не сакал во почетокот да создаде ништо несовршено така што после заоѓањето на Сонцето, од утрото изгреано и му бил даден под власт (потчинет) целиот ден да го осветлува, и Месечината ја осветлувала целата потчинета на неа ноќ. Од 15 Март до декември (вклучително и декември) се избројуваат 9 и половина сончеви месеци, коишто имаат нееднаков број на денови, но и лунарни месеци коишто секогаш имаат по 29 и половина дена, во тоа време толку (пак) и со вклучувањето на вишокот од 11 дена, затоа што Јануари и Февруари, земени заедно, сочинуваат точно два лунарни месеци. Така, како кон 1 ден од Јануари јасно се ослободуваат вишокот од 11 дневен број, равен (еднаков) и полн круг на месечината се завршува совршено, тогаш и неопходно е од Јануари да започне нејзиниот круг и броењето на вишокот денови коишто и го сочинуваат (составуваат) и се нарекуваат Создавање (Основање), денови за следниот нејзин круг.

*Зошто Сончевиот круг започнува во Октомври?*

Велиме дека периодот на сончевите кругови започнува од Октомври од следните причини: од 15 Март, кога за првпат засветело (засјаело) Сонцето до Октомври деновите на месеците одат наизменично и несогласно со деновите на седмиците, во првиот датум (првиот број) од Октомври се покажува и тој самиот (истиот) ден на седмицата, со кој го започнуваме броењето (сметањето) на првиот месец. Бидејќи ниту во никој друг месец, освен Октомври не се совпаѓа првиот датум од месецот со првиот ден од седмицата на првиот сончев период. Затоа оттука започнува сметањето (броењето) и од секој месец се оставаат по 28 дена, коишто

сочинуваат полни седмици, ние додаваме во збирот само останатите потоа денови во збирот (по 28-от) до тоа време додека не дојдеме до тој ден којшто го наоѓаме (бараме). А што конкретно се случило во првиот создаден круг од Сонцето, тоа може лесно да се пресмета: од 15 Март, кога добило битие Сонцето, до Септември вклучително, заедно со трите дена на светот што биле пред Сонцето, се избројуваат 203 дена. Тие денови сочинуваат 29 седмици, затоа што 29 помножено со 7 дава 203, затоа што 29 седмици прават 140 и 9 седмици 63, затоа Први Октомври е првиот ден во седмицата.

*Како се наоѓа лунарниот (месечевиот) круг?*

Кога сакаш да го најдеш Лунарниот круг, тогаш земи ја во пресметката и дадената година. Дај, на пример, денес да биде тековна 6843 година, како бројот 19 се остава од збирот на лунарните кругови, сразмерно со 190 и 1900, тогаш од бројот 6843 се исклучува најнапред трипати по 1900, остануваат 1143 од нив одземаме шест пати по 190, ќе имаме во остаток 3, кој што број е и лунарниот круг.

Инаку: Ако сакаш можеш да земеш помал збир на години, т.с. 43. Додај кон нив 17 коишто останале од 1100, што составува 60, раздели го на 19, остатокот 3 јасно го покажува лунарниот круг (кругот на месечината).

*Како се наоѓа основањето (создавањето) на месечината?*

Основањето (Создавањето) на Месечината ќе го имаш точно, ако дадениот круг на месечината го помножиш со 11 и додадеш на 30 бројот на остатокот после делењето ти го дава тебе Основањето. Три дена се додаваат затоа што во 19 години, како што е кажано погоре, не се прави кружно движење на месечината со точност, туку без три (шеесет и први делови) од денот и без 37 шеесет и втори, така што во 304 година кругот на Месечината се смалува за скоро од 1 ден. До 5929 година од светот (421 по Христа) не се додавало ниту еден ден (при множењето на месечевиот круг со 11), но од тоа време во 6233 (т.с. 725 г. по Христа) година е додаден 1 ден, во 6537 година (во 1029 по Христа) 2 дена, во 6841 година ( 1333 по Христа) 3 дена. Потоа понатаму во покажаното погоре пространство на времето (во 304 година) ќе бидат додадени 4 дена. Впрочем и во претстојното време кон 17; 18 и 19 круг на Месечината треба по множењето со 11 да се додадат 4 дена и така хип месечев може да го најде лунарниот месец.

Следното, го нема кај Властара, но покажува пример како се пресметува. Тоа може да се види од следната пресметка: кон 29 и половина ден на лунарниот месец, по пресметките на Властара, потребно е да се додаде 1 лепта №1-ви и 50 лепти № 2-ри, заради тоа ќе биде:

| Месечеви кругови | лепти<br>№ 1 | додадени<br>№ 2 |
|---|---|---|
| 1 | 1 | 50 |
| 2 | 3 | 40 |
| 3 | 5 | 30 |
| 4 | 7 | 20 |
| 5 | 9 | 10 |
| 6 | 11 | --- |
| 7 | 12 | 50 |
| 8 | 14 | 40 |
| 9 | 16 | 30 |
| 10 | 18 | 20 |
| 11 | 20 | 10 |
| 12 | 22 | --- |
| 13 | 23 | 50 |
| 14 | 25 | 40 |
| 15 | 27 | 30 |
| 16 | 29 | 20 |
| 17 | 31 | 10 |
| 18 | 33 | --- |
| 19 | 34 | 50 |

Спореди: Прав. Собес. 1859 г. кн. 2 стр. 291. Примечание. Со оваа помош можеш да го најдеш датумот (бројот) на денот на Основањето за даден лунарен круг.

*Како се наоѓа кругот на Сонцето ?*

На ист начин го наоѓаме и кругот на Сонцето: Земи на пример, тековната 6843 година, така што бројот 28 спореди го со 280 и 2800, тоа исклучи (извади) го од 6843 првин двапати 2800, остануваат 1243, од нив извади четири пати по 280, така ќе ти останат 123, од тоа одземи четири пати по 28, неспорно остануваат 11, тој број е фактички бројот на сончевиот круг.

Поинаку: Или вака: Земи помала година од претстојното столетие, да речеме 43, додај (приложи) кон неа 24, што останала од илјадалетие и столетие и вкупно добиваш 67, тоа подели го на 28 и остатокот е 11, а тоа е бројот на сончевиот круг.

Но не го занемарувај и другиот начин (метод) со кој можеш многу лесно да го најдеш бараниот круг и соодносот на двете светла: 19 лунарни кругови и 28 соларни (сончеви) кругови помножи ги еден со друг, даваат број 532. Тој број се нарекува alfa=аζь, затоа што во бројчаната вредност на буквите во тој збор (буквите преведени во бројки) го даваат тој број, т.с. 532 (а=1; L=30, f=500, а=1 =532).

Во тој број целосно се завршуваат сите 19 лунарни кругови и сите 28 сончеви кругови во сите нивни соодноси[507]. Така раздели ја годината од

507 Тоа временско пространство е наречено периодично (период) затоа што тоа востановува нерамномерно движење на двете светла кон еден почеток. Сп. Алфавитна синтагма, 230.

создавањето на светот на 532, имено 12 помножено со 500 дава 6000, помножено со 30 дава 360, помножено со 2 дава 24, сето тоа соберено заедно дава 6384. Кон престојната 6845 година, овде недостасуваат 461. Сега, ако сакаш да го најдеш кругот на месечината тогаш подели го 461 на 19-така: 20 помножено со 10 дава 200, 20 помножено со 9=180, 4 помножено со 10 дава 40, 4 х 9 дава 36, сето тоа соберено заедно сочинува 456, недостатокот од 5 го претставува лунарниот круг.

Кругот пак на Сонцето ќе го најдеш вака: 10 х 20 дава 200, 10 х 8=80, уште 6 х 20=120, 6 х 8 = 48, а сето заедно дава 448. Недостатокот од 13 го покажува кругот на Сонцето.

*Како се наоѓа индиктот ?*

Во однос на Индиктот постапи вака: Подели ја годината од создавањето на светот на 15, или пак земи ги последните мали броеви од годината, додај кон нив 5 и пак подели на 15. Иако тоа е Елинска мудрост (наука), Римјаните ја презеле таа пресметка на индиктот за собирање (пресметка) на даноците од таа причина што во толку години јавно се променува возраста на луѓето, а тие не знаеле дека со тоа ја подржуваат вистината и се согласуваат со времето од создавањето на светот, опишано од Мојсеј.

*Како се наоѓа законската Пасха ?*

Но, и на пронаоѓањето (пресметувањето) на законската (Јудејската) Пасха преминуваме. Помножи го тековниот круг на месечината со 11, додај кон тоа 6 дена (коишто се составуваат ) а) од покажаните погоре лепти-една, половина и третина кои ги има како што покажавме погоре вишок лунарниот месец покрај 29 дена и половина, и кои сочинуваат 3 дена; б) од другите 3 дена,- следуваат во дополнение кон 50; од 17-от пак до 19-от круг на месечината додај 7 дена, затоа што во тие кругови се бара поголем број на денови. Потоа собери го сето заедно, раздели го на 30 и остатокот, којшто треба да биде помал од 30 задржи го. Кон тој остаток додај од март месец толку денови за да се добие 50. Ако пак и сиот број на денови од Март не прави 50, земи од Април, тогаш бројот што дополнува до 50 ти го покажува денот на законската Пасха.

Поинаку: Ако ти е угодно, пресметувај поинаку: Додај кон најденото 1-ви Јануари создавање на Месечината 3 епакти* (види речник), (од 17-от до 19-от круг на месечината додај 4 епакти). Ако бројот биде поголем од 30 исклучи (одземи) 30, кон останатото додавај ги броевите од 1-ви Март додека не го добиеш бројот 50. Ако сите денови од Март не се доволни да го добиеш бројот 50 додавај од Април и тогаш знај дека бројот што дополнува до 50 е денот на законската Пасха.

Поинаку: Ако сакаш, пресметувај и вака: Земи го (задржи го) најденото 1-ви Јануари за основање на лунарниот месец, додај кон него од Март толку денови за да добиеш 47, ако пак недостасуваат деновите од Март, дополни од Април (само од 17-от до 19-от лунарен круг рачунај (сметај) 48 дена), денот што дополнува до 47 го пакажува денот на законската Пасха. Но, ако основата биде поголема од 26 дена, тогаш од Март земи само еден ден, останатите пак до 47 дополни ги од Април.

Треба да се знае и тоа дека полната месечина за законската Пасха се простира само на пространство од 45 дена, затоа што од тој број на денови се сочинува еден и пол лунарен месец. На ист начин и по покажаните погоре два метода на пресметување, месечината започнува да намалува (да се нагризува) на пространство не од 50 дена, туку од 47 или 48. Неравенството нејзино (нееднаквоста нејзина) пак, како што кажавме бара да се додадат уште два или три дена. Затоа, последниот начин за пресметка на законската Пасха дава 47 или 48 дена, а двата први-50.

*Како се наоѓа денот на христијанската Пасха ?*

Ако тебе ти е неопходно да дознаеш во кој ден од седмицата се паѓа Пасха, затоа појди од овде кон Недела и забележи кој датум ќе биде во месецот, тогаш ќе го дознаеш денот на христијанската Пасха.

*Како се наоѓа денот ?*

Земи го кругот на Сонцето, додај кон него таканаречените епакти, т.е. еден ден повеќе после секои 4 години, наречен високостие (високошен). Потоа земи 11 дена од четиримесечието, т.е. од Октомври до Јануари, од месеците што имаат по 30 дена (Ноември) земи 2 дена, а од тие што имаат по 31 ден (Октомври и Јануари) земи по 3 (од Февруари не земај, затоа што тој има полни 4 седмици), а и законската (Јудејската) Пасха не бидува порано од Март. Од Март земи само толку денови колку што треба за до Пасха. Ако пак Пасха биде во Април, тогаш земи од Март само 3 дена и од први Април толку денови колку што ќе бидат до јудејската Пасха. Собери го тоа заедно и раздели на 7. Ако во остатокот биде 1 ден, значи дека тоа е Недела, ако е 2-понеделник, ако е 3-вторник и така натаму до 7. Од секој од овие денови оди кон Неделата и тој ден во месецот во кој ќе биде Недела се смета за ден на христијанската Пасха.

*Како се наоѓа месопустот ?*

После тоа, откако најдеш во кој ден ќе биде христијанската Пасха, додај кон тој број уште 3 дена, а ако е високостна година-4 и собери ги заедно, ќе биде месопуст на истиот датум во Јануари, ако Пасхата биде во Март, а ако Пасха биде во Април месопуст оди на истиот датум во Февруари. Може да се пресмета и вака: земи го престојното основање на месечината и продолжи до 50 од 1-ви Јануари натаму. Датумот на месецот на кој се завршува збирот 50 каков и да биде тој ден во седмицата, ќе покаже дека во наредната Недела слободно може да се заврши месопустот. Исто така, ако основањето дојде до 26 или повеќе, тогаш од Јануари земи само 1 ден, а останатите земи ги од Февруари. Дозна кога ќе биде месопуст, потоа можеш да дознаеш кога ќе биде Пасха (мислам христијанска). Ако месопустот е во Јануари, тогаш Пасха сигурно ќе биде во Март, а ако месопустот биде во Февруари, тогаш Пасха ќе биде во Април. Само овде потребно е да се отфрлат деновите коишто ти ги додаде, т.с. 3 дена ако е годината проста, а ако е високошна -4, но и законската овде Пасха е тогаш, затоа што таа секогаш паѓа на истиот ден во седмицата на кој што паѓа бројот 50 (збирот до 50) којшто го покажува месопустот, само со одземање на 3 дена, ако годината е проста и 4 ако е високосна.

# П Р А В И Л Н И Ц А

**Која покажува во која година од Законската Пасха се паѓа Полна месечина со која се поклопува и „хип“ (циклусот) на месецот и во кој дел од полуденот завршува во првата или во втората лепта (дьне дробное) = (ситни делови од денот)**

| Лунарни кругови | Година | Законска Пасха | Година | Законска Пасха | Година | Законска Пасха |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 6233 (723-н.е) | Апр. 2<br>7 47 | 6737 (1229 н.е) | Апр. 1<br>9 51 | 6841 (1333 н.е.) | Март 31<br>12 3 |
| 2 | 6231 | Март 22<br>29 41 | 6738 | Март 21<br>31 57 | 6842 | Март 20<br>34 5 |
| 3 | 6235 | Апр. 10<br>23 40 | 6739 | Апр. 9<br>25 48 | 6843 | Апр. 50<br>27 56 |
| 4 | 6236 | Март 29<br>45 41 | 6740 | Март 28<br>47 50 | 6844 | Март 27<br>49 58 |
| 5 | 6237 | Апр. 17<br>39 34 | 6741 | Апр. 16<br>41 42 | 6845 | Апр. 15<br>43 50 |
| 6 | 6238 | Апр. 7<br>1 36 | 6742 | Апр. 6<br>3 44 | 6846 | Апр. 5<br>2 52 |
| 7 | 6239 | Март 27<br>23 38 | 6743 | Март 26<br>25 46 | 6847 | Март 25<br>26 54 |
| 8 | 6240 | Апр. 14<br>17 29 | 6744 | Апр. 13<br>19 37 | 6848 | Апр. 12<br>20 46 |
| 9 | 6241 | Апр. 3<br>39 31 | 6745 | Апр. 2<br>41 39 | 6849 | Апр. 1<br>43 47 |
| 10 | 6242 | Март 24<br>1 34 | 6746 | Март 23<br>3 41 | 6850 | Март 22<br>5 49 |
| 11 | 6243 | Апр. 11<br>55 25 | 6747 | Апр. 10<br>57 33 | 6851 | Апр. 9<br>59 41 |
| 12 | 6244 | Март 31<br>17 27 | 6748 | Март 30<br>19 35 | 6852 | Март 29<br>21 43 |
| 13 | 6245 | Март 20<br>39 29 | 6749 | Март 19<br>51 17 | 6853 | Март 18<br>43 45 |
| 14 | 6246 | Апр. 50<br>33 21 | 6750 | Апр. 7<br>35 29 | 6854 | Апр. 6<br>37 37 |
| 15 | 6247 | Март 28<br>55 23 | 6751 | Март 57<br>57 31 | 6855 | Март 26<br>59 39 |
| 16 | 6248 | Апр. 15<br>49 15 | 6752 | Апр. 14<br>51 23 | 6856 | Апр. 13<br>53 31 |
| 17 | 6249 | Апр. 5<br>11 17 | 6753 | Апр. 4<br>13 25 | 6857 | Апр. 3<br>15 33 |
| 18 | 6250 | Март 25<br>33 19 | 6754 | Март 24<br>35 27 | 6858 | Март 23<br>37 35 |
| 19 | 6251 | Апр. 13<br>27 11 | 6755 | Апр. 12<br>29 19 | 6859 (1351 н.е.) | Апр. 11<br>31 27 |

Матеј знаеше сето ова да го состави

## СОНЧЕВ КРУГ

| Основање на месечината | Кругови на месечината | месеци | Законска Пасха | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | 1 | 2 | 3 | 27 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | 7 | 24 | 8 | 9 | 10 | 11 | 23 |
| | | | | 12 | 13 | 14 | 15 | 17 | 6 | 17 |
| | | | | 18 | 19 | 25 | 20 | 21 | 22 | 28 |
| | | | | Христова пасха | Христова пасха | Христова пасха | Христова пасха | Христова пасха | Христова пасха | Христова пасха |
| 14 | 7 | 1 | Апр.2 | Ап.7. | Ап.6.4 | Ап.5.5 | Ап.4.6 | Ап.3.7 | Ап.9.1 | Ап.8.2 |
| 25 | 52 | | Мр.22 | 3Мр.24.6 | Мр.23.7 | Мр.29.1 | Мр.28.2 | Мр.27.3 | Мр.26.4 | Мр.25.5 |
| 7 | 8 | 3 | Ап.10 | Ап.14.4 | Ап.13.5 | Ап.12.6 | Ап.14.7 | Ап.17.1 | Ап.16.2 | Ап.15.3 |
| 17 | 6 | 4 | Мр.30 | Мр.31.7 | Ап.8.1 | Ап.5.2 | Ап.4.3 | Ап.3.4 | Ап.2.5 | Ап.1.6 |
| 28 | 9 | 5 | Ап.18 | Ап.21.5 | Мр.23.6 | Ап.12.3 | Ап.11.4 | Ап.10.5 | Ап.9.6 | Ап.8.7 |
| 9 | 7 | 6 | Ап.7 | Ап.14.1 | Ап.13.2 | Ап.19.7 | Ап.25.1 | Ап.24.2 | Ап.23.3 | Ап.22.4 |
| 20 | 6 | 7 | Мр.27 | Мр.21.4 | Ап.6.5 | Мр.29.6 | Мр.28.7 | Ап.3.1 | Ап.2.2 | Ап.1.3 |
| 1 | 8 | 8 | Ап.15 | Ап.21.2 | Ап.20.3 | Ап.19.4 | Ап.18.5 | Ап.17.6 | Ап.16.7 | Ап.22.1 |
| 12 | 7 | 9 | Ап.4 | Ап.7.5 | Ап.13.6 | Ап. 5.7 | Ап.11.1 | Ап.10.2 | Ап.9.3 | Ап.8.4 |
| 23 | 6 | 10 | Мр.24 | Мр.31.1 | Мр.30.2 | Мр.29.3 | Мр.28.4 | Мр.27.5 | Мр.26.6 | Мр.25.7 |
| 4 | 8 | 11 | Ап.12 | Ап.14.6 | Ап.20.7 | Ап.19.1 | Ап.18.2 | Ап.17.3 | Ап.16.4 | Ап.15.5 |
| 15 | 7 | 12 | Ап.1 | Ап.7.2 | Ап. 6.3 | Ап.5.4 | Ап.4.5 | Ап.3.6 | Ап.2.7 | Ап.8.2 |
| 26 | 5 | 13 | Мр.21 | Мр.24.5 | Мр.23.6 | Мр.22.7 | Мр.18.7 | Мр.17.2 | Мр.26.3 | Мр.25.4 |
| 7 | 8 | 14 | Ап.9 | Ап.14.3 | Ап.13.4 | Ап.12.5 | Ап.11.6 | Ап.10.7 | Ап.16.1 | Ап.15.2 |
| 18 | 6 | 15 | Мр.29 | Мр.31.7 | Мр.30.7 | Ап.5.1 | Ап.4.2 | Ап.3.3 | Ап.2.4 | Ап.1.5 |
| 29 | 9 | 16 | Ап.17 | Ап.21.4 | Ап.20.5 | Ап.19.6 | Ап.18.7 | Ап.24.1 | Ап.23.2 | Ап.22.3 |
| 1 | 7 | 17 | Ап.5 | Ап.7.6 | Ап.6.7 | Ап.12.1 | Ап.11.2 | Ап.10.3 | Ап.9.4 | Ап.8.5 |
| 22 | 16 | 18 | Мр.25 | Мр.31.2 | Мр.30.3 | Мр.29.4 | Мр.28.5 | Мр.27.6 | Мр.26.7 | Ап.1.1 |
| 4 | 8 | 19 | Ап.13 | Ап.14.7 | Ап.20.1 | Ап.19.2 | Ап.18.3 | Ап.17.4 | Ап.16.5 | Ап.15.6 |

Црвените бројки се заменети со поситни и го кажуваат денот во кој се паѓа законската Пасха.

*За Јудејската Пасха и за разногласијата по однос на полната месечина*[508]

Познато им е на сите и исто така сега никој не може да се сомнева во квалитетот на таблицата зад која застанале 100 божествени отци и од нив била направена. Во таблицата се претставени круговите на двете светла, Сонцето и Месечината. Во круговите на месечината е покажана скоро во точност законската (старозаветната) Пасха, а во круговите на Сонцето-христијанската Пасха, на истата права линија каде што е ставена и Законската Пасха. Не претставуваат ли тие светла јасен лик на предмети? Не ја проповедаат ли јасно разликата на двата Завети? Бидејќи Месечи-

508 Овој наслов е преземен од грчкиот текст, во старословенскиот текст го нема (не е преведен)

ната го претставува Мојсиевиот закон, нејасно осветлувајќи ги во ноќта заблудите на многубоштвената вистина за богопознанието, таинство за најголем дел од луѓето недокажано-непознато, и како би во мракот го сокрива совршениот свет на Троинственото Божество,- не без причина ја покажува законската (старозаветната) Пасха. Напротив, Сонцето е пријатно за сите за гледање, претставува светла благодат на осветлување, распространувајќи јасна и отворена светлина на вистината, бидејќи во подден Сонцето ја претставува вистината којашто откривајќи го за сите познанието на Троица-праведно ја покажува вистинската христијанска Пасха. Но, бидејќи законот природно го именува месецот на целосното (полното) месечево свртување и заповеда да се празнува Пасха во 15-от ден во првиот таков месец, меѓутоа ние ги броиме месеците според Римското сметање, тогаш многу корисно е претставен (изложен) специјален канон-таблица, којашто покажува на кој датум во месецот, според римското сметање се случува полна месечина во првиот месец и при тоа во кој имено ден од седмицата, за да ние, тргувајќи одовде кон првиот ден во седмицата и знаејќи притоа на кој датум од месецот ќе биде тој ден, со основано би можеле да ја празнуваме нашата Пасха.

*Затоа дека за Пасха се поставени четири ограничувања*[509]

Четири ограничувања се поставени за нашата Пасха, коишто се неопходно потребни. Две од нив озаконило Апостолското (7-мо) правило, коешто влегло во -П- состав и две добиле одредби од непишаните преданија. Првото, ние треба да ја празнуваме Пасха после пролетната рамнодневница. Второто, да се празнува Пасха не во ист ден со Јудеите; трето, не просто (едноставно) после рамнодневницата, туку после првата полна месечина, што треба да биде после рамнодневницата и четврто, - после полната месечина не поинаку, туку во првиот ден во седмицата според јудејското сметање. Затоа, за тие четири ограничувања да се спазуваат(почитуваат) подеднакво и од мудрите и од простите, и за христијаните по целата вселена да ја празнуваат Пасха во исто време, за да нема никаде неудобност во особините на астрономските пресметки, отците составиле канон (устав) и го предале на црквата, без нарушување на кажаните ограничувања. Составениот од нив канон е овој: Почнувајќи од 6233 година (т.с. од 725 г.н.е.) до 6251 година од создавањето на светот тие зеле 19 години и ја пресметале во секоја од нив првата полна месечина после пролетната рамнодневница. Направената лично кај нас таблица покажува јасно дека кога отците ја правеле таа пресметка, сонцето стоело во знакот на рамнодневницата 21-ви Март. (Отците) исто така означиле во кој ден на Март или Април би се случувала секоја полна месечина. Составената од нив на ваков начин пресметка на годините и полната месечина во текот на 19 години, тие ја ставиле на една таблица, којашто имала два столба. Потоа, отците забележале дека во текот на

509 Овој наслов е преземен од грчкиот текст-во старословенскиот не е преведен.

300 години, деновите на полна месечина, првиот после рамнодневницата месец, се совпаѓа со тие исти денови, за сите следни 19 години на лунарното кружно движење, го предале на нас за употреба тој составен од нив канон (устав). Исто така по истекот на 300 години, канонот (правилото) единствено од причини на нерамномерното движење на месечината ќе ни ја покаже законската Пасха во полната месечина на првиот месец (по рамнодневницата) ама спушта 1 ден, а после други 300 години, спушта 2 дена. Од тоа би требало да се случи што четирите ограничувања во однос на Пасхата секогаш да не се спазуваат (почитуваат), т.с. кога по додавањето на 2 дена вишок, се случи полна месечина во недела и кога поради тоа Неделата биде потребно да се одмине и да се назначи (определи) тоа за Цветната Недела, Спасителната Пасха треба да биде во следната Недела. Тоа неодамна нам ни се случи и ги довело многумина во заблуда од тоа, божем била нарушена некаква ненарушлива догма, коешто нетреба да се пренебрегнува. Истото пак се случило и претходно затоа што, така требало да биде и сегашната мала погрешка е безопасна, како што сега ќе биде кажано.

Бидејќи не им се поткраднало тоа од древните знаменити отци и е допуштено не од незнаење на астрономската уметност (ѕвездонабљудувањето), туку од нееднаквото движење на светилата како што е кажано. А како се случило тоа, сега ќе кажам: годишното движење се завршува во 365 дена скоро и една четвртина од денот. Но, средното кружно движење на месечината нецелосно се реализира во текот на цели 19 години, сметајќи со додавање на една четвртина од денот, туку без 3 лепти 60 -први, и без 37 втори од целиот ден. И потоа во текот на 304 години и пак не полни, туку намалени за 57 лепти-први и на 52-втори од денот, т.с. скоро на цел ден помалку се завршува кажаното востановено кружно движење. (Да) земеме 17 деветнаесет години, т.с. тоа кое почнало после 304 години од таа година, од која го започнале своето пресметување отците, и кое започнува од 6537 година, и почнеме да ја пресметуваме полната месечина после пролетната рамнодневница наоѓаме дека секоја полна месечина од овој период била порано еден ден во однос на претходниот период од 19 години, како што е изложено во издадената од нас таблица (види погоре)[510]. На ист начин, ако го започнеме и следното 16-то кратната 19-годишнина, почнувајќи од еднакво растојание на годината, т.с. од 6841 година, пак ќе најдеме дека полната месечина ќе се случува уште еден ден порано од претходните соодветни кругови на месечината. И во следните по тие години, отстапувајќи секој пат на такво исто растојание, ќе наоѓаме во секоја 16-кратно 19-годишна разлика во пресметката скоро за еден ден.

Од сите тие причини покажани сега, дека при наоѓањето на законската Пасха се додаваат 2 дена после полната месечина: тоа е затоа што после секои 304 години полната месечина не може да падне на определе-

510 Спореди кај Бевергия и во Афинской Синтагме. Rhalli et Potli, m.VI.

ниот од отците ден во месецот, туку отстапува секој пат скоро за еден ден. Така, еве што значи погрешноста што ја прави времето во однос на пасхалното правило.

*За пролетната рамнодневница*

Но, и рамнодневницата не бидува секогаш во ист ден. Сопственото движење по еклиптиката, по знаците на Зодијакот, Сонцето го прави полека, така што еден негов круг сочинува цела година, но во кругот на вселената тоа се движи така брзо што еден круг (едно свртување) прави скоро ноќ-ден (денонокие). Бидејќи кога Тоа (Сонцето) ќе биде на заемното пресекување на паралелите т.с. својата сопствена и надолжната (екваторот), тогаш по неопходност при своето еднакво кружење го прави денот еднаков со ноќта. Бидејќи надолжниот паралелен круг има еднакви делови како над Земјата, така и под Земјата, тогаш кога Сонцето се движи над тој круг по неопходност употребува еднакво време како под земјата така и над земјата, токму затоа што рамномерното движење во еднакво време поминува и еднакво растојание. Така, од причини на таквото равенство на ноќта со денот на тој круг го нарекуваме тој круг рамнодневница, општите знаци и на овој круг и Зодијакот во кој што се случува ноќнодневната еднаквост е рамнодневен, а рамнодневен се нарекува во тој час во кој центарот на Сонцето ќе биде на општиот пресек на кажаните два круга, а рамнодневни знаци се два: есенски, кој се наоѓа во почетокот на Вага, во кој Сонцето од северниот дел на земјата преминува на јужниот и пролетен, го гледаме во почетокот на Овен, кога центарот на Сонцето движејќи се од југ на север, поминува на тој пункт. И токму тој час од времето се нарекува рамнодневие, после кое црковниот закон наредува да се извршува Пасха. Во расудувањето на природата на таа суштина рамнодневието секогаш бидува во исто време од причини на сегашното равенство на протекување на небесните тела во однос на Земјата во различни години во моментот на рамнодневието и од мерењето на деновите и месеците според римското сметање, коешто ние го употребуваме, произлегува дека рамнодневието не треба да се доведува да бидува секогаш во ист час и во ист ден.

Бидејќи годишниот круг е составен од 365 дена со една четвртина, тогаш ако рамнодневието во претстојната година би било околу пладне, во следната година тоа ќе биде околу заодот на Сонцето, а уште во понаредната тоа ќе биде околу полноќ и така натаму. Од таа причина на секои 4 години се додава денот високост. Но, бидејќи вишокот покрај 365 дена не сочинува цела четвртина од денот, туку без тристотини делови, меѓутоа ние, го употребуваме римското сметање на деновите и месеците, според кое се прифаќа нараснувањето во годината еднакво на една четвртина од денот, а затоа во четвртата година додаваме кон 365 дена цел ден, тогаш неопходно произлегува дека после 300 години рамнодневието ќе биде веќе еден ден порано. На пример, во наше време (тековното на Властара, околу 1335 година) рамнодневието е на 18 Март, после 300 години ќе биде на 17-ти, уште после 300 години -16-ти и така натаму. Во

4156 година од создавањето на светот[511], поред нашата пресметка рамнодневието ќе биде на 27 Март, околу пладне според Александрискиот меридијан, потоа после секои 300 години рамнодневието би требало да биде еден ден порано како што е дадено во долната табела.

Ако сакаш да знаеш јасно во познати времиња, тогаш еве точни податоци: во времето на Набонасар рамнодневието било на 25 Март околу пладне, во времето на Филип Аридеј околу пладне на 24-ти датум, во тој пак ден кога Христос својата смрт со смрт ја победил рамнодневието било на 23-ти, при неговото окончување, околу полноќ, а кога отците го составувале пасхалното правило рамнодневието било на 21-ви, сега пак[512] (1348 година) кај нас рамнодневието воопшто е на 18-ти Март.

ПРИЛОГ ТАБЛИЦА

| Година од создавањето на светот | Рамнодневие во Март |
|---|---|
| 4156 | 27 |
| 4456 | 26 |
| 4756 | 25 |
| 5056 | 24 |
| 5356 | 23 |
| 5656 | 22 |
| 5956 | 21 |
| 6256 | 20 |
| 6556 | 19 |
| 6856 | 18 |

Таквата нееднаквост раѓа мал кусок на време (тристоти дел од денот) во движењето на Светилата, наведувајќи по не многу, коешто и го предизвикува тоа што светилата како да се движат наназад. Впрочем од таа причина не прилега да се променува канонот (правилото) на отците, да и не може да се состави друго, кое би го покажало така појасно кажаното погоре ограничување во однос на Пасхата. Дури ако ние и би посакале да го направиме тоа, како што некои мислат, да намалиме од правилото два дена и тоа да почнува од 6841 година (1332 г.н.е.), тогаш би било неможно да се преубедат сите христијани во вселената за тие да го прифатат новото правило (новиот канон). Притоа, така што после секои 304 години секој пат пак ќе се повторува таа грешка, заради која секој пат повторно има потреба да се променува правилото, во тој случај најдобро е да не се презема такво ново воведување, затоа што тоа, покрај тоа што

511 Веројатно Властара под таа година го подразбира првото празнување на Пасха од Мојсеј и Израилтјаните во Египет, на крајот на нивното излегување од него.

512 Најверојатно се однесува на 1348 година кога е преведена Синтагмата, или евентуално на 1335 година кога била составена.

не може како што рековме да не попадне повторно во таа иста погрешка може да биде уште еден повод кон важна збрка во Црквата. Освен тоа, сега, при почитувањето на правилото на отците, главното (најважното) е што треба да се почитува во однос на Пасха, да се почитува, а имено тоа е Пасха да се празнува после рамнодневието и после рамнодневната полна месечина, за сите во исто време и во ист ден, без забуна.

Треба да се напомене и тоа, дека, ако новото периодично правило и би било правилно по сè, нам ќе ни се случи често да ја празнуваме Пасха во тој час по (јудејската), во следниот ден (Како што би било, на пример и во 1887 година). Сега нашата Пасха се празнува во најмала мера после три дена по јудејската Пасха. А тоа уште повеќе се согласува со Апостолското правило, коешто заповеда (определува) да не се празнува Пасха заедно со Јудеите. На тој начин навлезената во однос на Пасха погрешка како намерно да го наложува тоа, претстојниот закон уште повеќе да се почитува. Но не бесконечно, мислам, да споменам веќе и за законитостите што се однесуваат овде.

*Антиохискиот собор, 1-во*: Првото правило од Антиохискиот собор вели дека првиот Никејски Собор пред лицето на благочестивиот цар Константин донесе одредба (закон) да не се празнува Пасха (христијанската-б.а.) заедно со Јудеите, затоа што одделувајќи ги од нив законите и начинот на мислење, прилега да се оддели од нив и денот на празникот. Затоа, кој од свештениците се дрзне и го наруши тоа правило и ако го учи народот на тоа, Соборот го казнува со лишување од свештенството. А тој, кој ќе се дрзне да има општење со него после исфрлањето, правилото го казнува не само со забрана на свештенослужење, туку го лишува и од секоја почест внатре во Олтарот, на пример, седење на катедрата и во друго. Бидејќи лишувањето од свештенство за какво било не големо прегрешување не казнува со внатрешна чест.

*VI Собор, 66-то*: 66-то правило на VI Собор заповеда: од денот Недела до новата Недела верниците да празнуваат со псалми и пеење на духовни песни, да се откажат од коњските натпревари и народните приредби и почесто да доаѓаат на свештенослужење (на служба во црквата), затоа што ние се ослободуваме од ропството на ѓаволот. Вистинскиот христијанин треба да биде скоро секогаш подготвен да ги прими божествените Тајни, бидејќи на таков начин ние ќе го совоскреснеме Христос од животот долен и земен и ќе го вознесеме кон примерен и духовен живот. Види и прва глава од -Љ- состав правило 61 од Картагинскиот собор.

*VI Собор 89-то:* 89-то правило од VI Собор заповеда верниците да ги поминуваат деновите на страданијата на Спасителот во пост и молитва и со тажни срца, во средните часови на ноќта во Сабота да го прекратат постот, затоа што евангелистите Матеј и Лука рекле дека доцна во саботата и во длабокото утро, ја претставуваат нам доцната ноќ (**зѣлныи вечерь**). Така до шестиот час од саботната ноќ треба да се пости, но од седмиот час постот се остава затоа што веруваме дека тогаш Господ веќе воскреснал, а во денот Господов е забрането да се пости.

*Дионисиј Александриски*

Согласен со сето тоа е и свети Дионисиј Александриски, околу тоа во кој час да се прекрати постот од тие што постат до Пасха, од кои едни поминуваат без јадење цела седмица други два, три или четири дена. Тој вели: изразот „доцна во Сабота“, кажан од Матеј, означува не вечер, туку длабоко во ноќта, затоа што зборот „позде“ означува забавено и долго време, поради што и додал: денот што осамнува само во Сабота. Јован пак вели: утрина (заутро) тоа е уште темнина, а Лука, само во саботното длабоко утро, Марко пак: со почетокот на утрината само во саботата дојдоа жени на гробот осветлен од Сонцето. Но, „зело заутра“ значи тоа дека „утрото е длабоко“.

Уште[513] пред светата ноќ жените отишле на гробот и седеле на гробот до изгревот на сонцето, а почетокот на ноќта е неговото заоѓање. Но граѓанскиот закон и тие кои се занимаваат со набљудување на ѕвездите (астрономите) го ставаат почетокот на денот во 7-иот час на ноќта, а почетокот на ноќта во 7-от час од денот. Токму затоа и во светата ноќ на воскресението Христово, бидејќи тогаш била пролетната рамнодневница со изразите од евангелистите „длабоко утро“- „зело заутра“ кога изгрева сонцето... „уште беше темно“, „доцна во саботата“ ... „само во сабота“ - го претставуваат времето после шестиот час од ноќта, коешто е почеток на денот Недела (неделата осамнуваше).

Затоа воскресението Господово евангелистите го именуваат како тридневие, по неопходното Негово благовестие за тридневното воскресение. Затоа што Тој ја започнал живототворната смрт во петок, - тоа е првиот ден, вториот ден-сабота, но успението (заспивањето) Господово допрело до 7-от час во ноќта, а тоа веќе било почетокот на Неделата, како што беше речено погоре и така воскресението според пресметките е веќе во третиот ден.

*Златоуст*: Црковната Ограда (Украсувањето на Црквата), книга за разбирање на евангелската вистина, т.с. божествениот Златоуст вели: да воскресне порано нема причина да не се исполни (ветеното), но подоцна, тоа би предизвикало сомнение, да го отплатува долгот порано од определениот рок разумниот човек не би го прифатил. Божествените Евангелисти го опишале јасно доаѓањето на благочестивите жени и различните виденија коишто тие ги виделе во однос на воскреснувањето го опишале така што го зачувале во спомен за сите или подобро како што им го внушило тоа божественото вдахновение. Вистинскиот час на воскреснувањето, дали тоа бил седмиот или осмиот е познат само на Воскреснатиот Бог.

*Картагинско 34-то и 73-то*: Истото пак во Картагинскиот собор 34-то и 73-то (правило) заповедаат да се објавува кога ќе биде денот Пасха на годишниот собор, денот на (годишниот) Собор се определува пред десеттата Календа на Септември, т.с. 21 Август, затоа што Календи се нареку-

513 Во грчкиот текст има алинеја: За тридневното воскресение, во старословенскиот текст не е преведено.

ваат првите датуми од месецот. Ако од нив одземеме 10 дена, ќе остане 21-ви Август, затоа што тој месец има 31 ден.

*Лаодикејско 14-то*: 14-то правило на Лаодикејскиот собор го смета за недолично за време на Пасха да се раздаваат свети дарови, божем заради благословување од парохија во парохија. Тоа отците праведно го забраниле како обичај недоличен и непристоен.

*За Латините*: Но тоа и сега го прават Латините, за време на Пасха тие раздаваат пресница (назимии), по осветувањето во кругот на целиот народ.

*Закон*: Во првиот ден на Пасха, ако не е дадена царска наредба (за измена), треба да бидат ослободени од затвор сите, освен ако не се светотатци, прељубници, грабнувачи на девици, раскопувачи на гробови, маѓесници, трујачи, убијци, таткоубијци или ако се најде некој кој злонамислил против царот или градот.

## ГЛАВА 8

### *За патријарсите*

*Закон*: Патријархот е жив и одушевен лик Христов со делата и зборовите, во самиот себе ја отсликува вистината.

Патријархот е должен да се грижи, пред сè да ги зачува во благочестие и чесност оние кои тој ги примал од Бога, а потоа и сите еретици доколку е возможно за него, да ги обрати кон православието и да ги соедини со црквата, а еретици, според законите и каноните се нарекуваат и тие кои не присуствуваат на соборите и не општат со црквата, а исто така и неверниците со посредство на привлекување со светли и чудни свои дејанија да ги направи подржатели на верата, за и тие, гледајќи ги неговите дела, да ги направи служители на Пресветата и единосушна Троица, доколку за него тоа е возможно.

Целта на патријархот се состои во тоа да ги спаси душите на тие што му се доверени, да живее во Христа и да се растргнува за народот.

Својствено за патријархот е: да биде учител, кон сите да се однесува подеднакво, како кон богатите и кон смерените (ниските, сиромасите) да биде кроток во односот со оние што се занимаваат со учење, а во однос на непокорните да биде разоткривач, а за вистината и за заштита на догмите и за почитување на правдата и благочестието да не се срами да зборува и пред царот.

Животот и неопходните делови на власта, се составени, подобно на човекот од делови и честици- тоа се цар и патријарх, затоа светот и среќата на потчинетите и по душа и по тело се завршува во исто мислење и согласност во сета власт царска и патријаршиска.

Престолниот Константинов град (Константинопол) е украсен со царска власт, прогласен е за прв со соборните одредби[514] и од тоа следува,

514 II Вселенски собор, 3-то; IV Вселенски собор, 28-мо; VI Вселенски собор 36-то.

божествените закони наредуваат појавените во другите престоли сомневања да се доставуваат на разгледување на неговиот суд[515].

Грижата и покровителството за сите митрополии и епископи, манастири и цркви, а исто така и суд, и предавањето на суд и ослободувањето од суд припаѓа на месниот патријарх; а на Константинополскиот престол му е дозволено не само да испраќа ставропигии во епархиите и другите престоли, туку и да ги надгледува и исправува настанатите сомневања и да става судски крај, на ист начин самиот тој и единствено тој е поставен за посредник и судија за покајание и ослободување од гревовите и ересите.

## ГЛАВА 9

***За оиходницише (обиколувачише) или еѓзарсише***

Види во 40 глава на -Е- состав, Лаодикејско 57-мо правило.

## ГЛАВА 10

***За ӣравославнаша вера***

Види во онаа глава на почетокот пред -А- состав.

## ГЛАВА 11

***За лакомсшвошо и ӣрабежош***

Види во 12-та глава од -А- состав.

*Григориј Ниски, 6-шо*: Блажениот пак Григориј Ниски во 6-то правило вели: идолослужењето е вид (облик) којшто великиот Апостол го именувал како лакомство (любостяжание) Не знам како допуштиле нашите отци без да се укаже лекување, тоа сомнително зло да биде душевна болест во троен однос (да се исполнува во три страсти): разумот, грешка во просудувањето за доброто, мечтата, божем доброто се наоѓало во предметите и несогледувањето на непредметната убавина; страстната желба (похотата) се стреми надолу, отпаѓа од вистинската страст, и кавгаџиското и раздразливото расположение на душата многумина за себе се случува да го примаат тој грев. И воопшто може да се каже дека таквата болест соодветствува на Апостолското опишување на лакомоста. Затоа што божествените Апостоли го признале тоа не само како идолослужење туку и корен на сите зла. Но исто така овој вид на грев е оправдан без посебно разгледување и лекување; од што болеста се размножува во црквата и никој не ги испитува примените во клирот дали не се осквернавиле од тој вид на идолослужење. Впрочем доколку нашите отци не споменале за тоа, тогаш заповедаме доволно да се лекуваат тие, колку што е можно, со сенародни поучни зборови и болеста лакомство, и ако е можно да се излекуваат многумината лакоми од болеста и да се очистат.

515 Сите претходни членови се земени од Επαναγογα. Т. III, гл. 1, 2, 3, 4, 8, 9, 10 и 11.

## ГЛАВА 12

***За тоа како треба духовните отци да ги исправуваат оние што им се исповедаат***

Види во -М- состав, глава: 5, 6, 7, 8 и 9.

## ГЛАВА 13

***За тоа дека не треба да се јадат удавени животни***

*Апостолско 63-то*; *VI Собор 67-мо*: 63-то правило на светите Апостоли, кон тоа исто и 67-то од VI Собор го сметаат за жестоко и крајно безумно (бессмислено) да се доближува до месо на несловесните животни без да се допушти првин преку заколување да се испушти нивната крв, забрането е исто така да се јаде и зверојадина или мртвечина (лешина), а исто така заради лаком стомак, крвта од кое било животно, на каков било начин се приготвува за јадење (крвавица); иако после потопот Бог им дозволил на луѓето да употребуваат за јадење бесловесни животни исто како овошје, но да се јаде крваво месо на задушено животно им забранил, крвта ја одзема животната сила на бесловесните. Затоа и Апостолите во Дејанијата заповедале верниците да се воздржуваат, заедно со идоложртвувањето и блудот и од удавени (животни)[516]. А тие што ја пренебрегнале таа заповед, наредува (правилото) да се казнат: свештениците да се исфрлат (расчинат), а верници да се одлачат.

*На Латините*: А Латините, презирајќи го ова правило, без страв јадат удавина.

*Закон*: 57-та Новела на царот Лав наредува: тие кои продаваат или јадат во каков и да било вид соединето со крв, подлежат на телесна казна (да се распнат), да им се одземе имотот и да се подложат на бесчестие со посредство на острижување на косата и се осудуваат на доживотно прогонство, а кнезот, кој нема да ги прогони таквите, подлежи на казна од 10 литри злато.

## ГЛАВА 14

***За казните***

Види во 12-та глава од -С- состав, 5-то правило од Антиохискиот собор.

*Закони*: Ниедна жена казнета за паричен долг приватен (личен) или за каков било престап, не се дозволува да се стави во затвор, ниту да биде под стража од мажи, за како последица на такви причини да не претрпи бесчестие во однос на невиноста, а ако престапот за кој е обвинета биде развлечен (тежок), во таков случај треба да биде затворена во манастир или предадена на жени така што безопасно да биде надгледувана до тој момент додека делото не се раскрие (разреши)[517].

Ако царот определи казна на некого, осудениот не треба во тој час

516 Спореди: Дејанија, 15, 29.

517 7 Βασ. 6, 19.

да биде подложен на казнување, туку по определувањето на неговата казна треба да се почека 30 дена, затоа што можеби ќе добие помилување[518].

Ниту татковиот грев да причинува штета во ништо што не згрешиле децата, ниту престапот на децата, на родителите, бидејќи гревовите следуваат за глава[519].

Законот (Новелата) забранува да се отсекуваат двете раце или нозе[520].

Казната „руда“ се состои во тоа да се испрати во рудник оној кој бил осуден на работа во каменолом или да копа сулфур[521].

Види и во 9-та глава од -М- состав, и во 9-та глава од -Д- состав, правило 50 од Картагинскиот собор.

## ГЛАВА 15

### *За блудот*

Види во 14-та глава од -М- состав, правило 4 на великиот Григориј Ниски кој што наредува блудниците да се подложуваат на епитимии од 9 години.

*Василиј (Велики), 9-то (*во грчкиот текст стои: 59-то); Василиј Велики во 9-то правило на 7 години ги одлачува блудниците од општење иако во 22-то правило кое е влезено во 13-та глава од -А- состав, поочигледно, после 4 години се разрешуваат таквите епитимии, но, тој вовел не свое мислење, туку мислење на отците што биле пред него: седумгодишните пак епитимии како такви ги определил според свој суд, го казнува блудот построго отколку отците што биле пред него како и многу други страсти.

Во однос на маж кој живее со законска жена и блудничи, види во 16-та глава од -Г- состав, 21-во правило на Василиј Велики.

Во однос на тоа, кој насилно обесчестил жена-девица, види 30-та глава од -Г- состав.

*Василиј, 25-то* (грчкиот текст го нема овој натпис)

Василиј Велики во 25-то правило вели: тој што обесчестил девица, несвршена и после обесчестувањето живее со неа како со сопруга, треба да се подложи на епитимии за обесчестувањето, од жената пак, ако се согласила на заеднички живот со него, не треба да биде лишен (од неа), ако се согласат и родителите нејзини, кога таа е потчинета, а во случај на нивно несогласување обесчестувачот треба да биде казнет според граѓанскиот закон, којшто е влезен и во посочената 30-та глава од -Г- состав. Тој што направил обесчестување и обесчестената подложат на тригодишни епитимии според изложеното во 8-та глава од -Г- состав правило на тој свет отец.

*Апостолско, 68-мо (*во грчкото издание го нема тој натпис): Согласно со претходното е и 68-то Апостолско правило, кое (може да се види)

518 57 Βασ. Ξ, 51.
519 24 и 25 Βασ. Ξ, 51.
520 9 Βασ. VII, 19.
521 8, 9, 12 Βασ. Ξ, 51.

во таа иста 30-та глава од -Г- состав, и кое определува, дека обесчестената девица да се соедини со него на законски начин, бидејќи ако таа, можеби не се соедини со него, тогаш ќе остане обесчестена, така што никој нема да посака да ја земе неа во брак.

*Истиот Василиј, 26-то*: Во 26-то пак (правило) вели (В. Велики): блуд не е брак, и исто не е основа на брак, затоа тие што заживеале заедно со посредство на блуд подобро е да се разделат, доколку е возможно, затоа што основата на таквиот брак е гнила, порочна и противзаконска. Ако пак двајцата упорно се држат до сожителството (до бракот) тогаш треба да ги понесат епитимиите на блудот, но да им биде дозволено да живеат заедно, за да не се случи нешто лошо: впрочем или жената да отиде со друг и да се вовлече во прељуба, тајно да се состанува со првиот, или двајцата силно се љубат (сакаат) еден со друг и среќавајќи пречки за сожителство, се убијат себе си, неподнесувајќи, од причини на силна љубов да се разделат еден од друг.

Види и 80-то правило на овој свет Отец во 4-та глава на -Г- состав.

*Закони:* Законот наредува да се принуди тој што има наложница (љубовница) невина жена да ја земе неа во законски брак, а таа којашто се среќава (се спојува) и со други лица, а не е задоволна од едно лице, да се изгони од домот на блудникот.

***За жените кои од принуда влегуваат во блуд и за заробеничките***

*Василиј, 49-то*: За жените кои од принуда влегуваат во блуд Василиј Велики зборува во 49-то правило: Обесчестувањето кое се случило насилно да не подлежи на обвинување. Оттука и робинка, ако е силувана од својот господар треба да биде невиновна, исто како и силувана со посредство на грабнување или заробена од непријателите и од нив претрпела обесчестување, таквите заради обесчестувањето не треба да се подложуваат на епитимии, а ако тоа биде ѓакониса, таа треба да ја остави (напушти) ѓаконската служба. Но тоа што претрпела обесчестување од такви или од кој било друг, не треба да склучи брак со тој што сака да стане свештеник (со тој што има примено посвета).

*Григориј Чудотворец, 1-во*: Првото правило на св. Григориј Чудотворец вели: ако во претходниот живот жена која претрпела силување од варварите, била зазорна (бесрамна) така што нејзиното љубовно (сексуално) расположение не е без сомнително и за време на заробеништвото, тогаш таквите не треба бргу да се допуштаат кон општење во молитвите. Ако пак некоја, живеејќи во совршена невиност и покажала дека претходниот живот е чист од секаков сомнеж, сега по сила и принуда попаднала на исмејување, тогаш поправедно е на таквата да ѝ се укаже сострадание отколку да ја обвинуваме, по примерот во книгата Второзаконие за девојката, која човек ја грабнал на поле и ја силувал: девојката вели законот, ништо да не прави, не е на девојката смртен грев, како што е кога некој би станал (се побунил) на својот ближен и го убие него, такво е неговото дело: возопи (остави) девојката и не ѝ полагај нејзе. Впрочем и тие треба да бидат подложени на умерени епитимии, како и тие кои

вкусиле од принуда од забранетото јадење.

*За свештениците*[522], *Неокесариско, 1-во*: Западнатите во блуд свештеници правилата ова го содржат: Соединетиот (тој што ќе стапи) во законски брак по примањето на свештенството, се лишува од свештенство, а тој што ќе направи блуд или прељуба целосно се оддалечува од црквата и се става во одделот на покајниците. Но, спазувањето на такви епитимии за свештеник не предвидува ниту Апостолското (25-то) ниту правилата на отците (Картагинско 36, Василиј Велики 32; 3-то) коишто се влезени во 10-та глава на -Д- состав.

*Василиј, 3-то*: Третото правило на Василиј Велики, го лишува од ѓаконство ѓаконот кој направил блуд и го симнува во редот на мирјаните, но не го одлачува од приопштување до Тајните, во првото, вели (св. Отец) врз основа на стар закон, којшто вели: да не се казнува двапати за иста грешка, а во второто, затоа што нема веќе надеж за враќање во претходниот степен, бидејќи симнатите (деградираните) мирјани по истекот на утврдениот рок за покајание, се враќаат на тоа место од каде биле лишени, а овие се подложуваат на казна исфрлање еднаш - за секогаш, а доколку вистинскиот лек за таков и подготвување за причестие со светите Тајни е оддалечување од гревот, со тажно срце и депримирана страст, но, ако тој не престане да блудствува, треба да биде оддалечен не само од приопштувањето, туку и од учеството во молитвите со верниците и треба да биде подложен на епитимии како и мирјаните.

*Истиот, 44-то*: 44-то пак, жена ѓакониса ако направи блуд со Елин (паганин) се лишува од достоинството, но општење во стоење и молитвите со мирјаните не им се забранува, приближување (приопштување) пак со Светите Тајни заповеда да се удостои во седмата година, ако би живеела во чистота и невиност, а Елинот (паганинот) којшто се преобратил кон верата и посака да ја земе неа во брак, не се дозволува таа да се даде почитувајќи го тоа очигледно за светотатство, да се претвара во страсна употреба тело еднаш посветено на Бога. За здраворазумните, оттука, е очигледно дека не е дозволиво и свештеник, откако ќе прими чин или монах, да склучува брак со жена, ниту жена свештеник, којашто се направила едно тело со него (мажот) преку брак да стапи во втор брак.

Види и 20-та глава од -Х- состав. И во 4-та глава од -Г- состав правилата на светите Апостоли 17; 18 и 61 во 14-та глава од -М- состав и во 9-та глава од -Г- состав правило 27- на Василиј Велики. И VI собор 26-то, и во 15-та глава од истиот состав правило 69 на Василиј Велики.

*За монасите:* За монасите, што направиле блуд види во 51-ва глава од -М- состав.

522 Овој наслов го нема во грчкиот текст, во рускиот превод стои: За свештениците кои попаднале во блуд во правилата се содржи следното:

## ГЛАВА 16

***За тоа, кој посакал да направи блуд, но не ја реализирал желбата на дело***

*Знамение:* Според древниот обичај злото на страста не наеднаш и не со првиот напад завладува со нас, туку со неколку обиди и лукави итрини малку по малку копаат под нас погибелна провалија, затоа кон помислата, кротко настроеното зло незабележливо замешува пред сè таканаречениот "прилог" (интрига) привлечната претстава на појавениот лик подмолно замислува да го обесчести и нè убедува без страв да го прифатиме почетокот на задоволството, како прости мисли и не имаат во себе никаква штета (лошотија), затоа што злото ја прикрива грешната јадица приближувајќи ја неа го ранува него и потоа, земајќи ги нив (помислите) во свое расположение, се користи со нив како со слуги. Но, ако ти не ги земеш за сојузници против својата душа оние на кои им е порачано (наредено) да ја управуваат (неа) и да ја штитат, бидејќи ако злото што беснее против нас биде лишено од помошта од помислата, тогаш попусти ќе бидат неговите сплетки и завери тоа самото по себе не може да образува страст и да ја спроведе во дело, тоа е воден меур кој што го снемува и се уништува веднаш после својата појава, просто речено, нешто мртво и непостоечко во стварноста, но позајмувајќи го своето битие и животот од нашите помисли, тоа ги умртвува (нив) давајќи му на него живот, бидејќи така започнуваат злите страсти.

Затоа самата интрига, како малку покрај сè зависна од нашата своеволност, не може да ни биде поставена за наша вина.

Како второ следува „соединувањето" (допирањето), кое тивко и постепено природно се раѓа од честото повторување на прилогот (интригата), кога страсно или макар и бесстрастно помислата разговара (беседуе) со прилепеното (со ликот што ни се допаѓа). Кој може да утврди дека во тоа нема штета за разумната душа, кога нејзината помисла таквите активности ги става повисоко од размислувањата за Бог?

Трето настапува „благоволието" кое сведочи за склоноста на душата кон пријатните страсти, за благоволието има значење како тајна потврда, следува во тој момент по петтиот, во четврто „пленение" (восхит) којшто ја расипува самата наша состојба, победувајќи го веќе и срцето и не убедува да го срушиме привлечниот плод на имагинацијата (фантазијата), ако таа расипаност влезе и во време на молитвите, тогаш од последните (од молитвите) нема никаква корист и посебно за тие, кои навикнале да се навраќаат на лукавите помисли. Така, свестувајќи се дека ние се предаваме на злото, да се погрижиме преку борба да го победиме тоа што се обидува да не (попратъ) уништи, опфати нас, и - едно од двете, или силното воодоошевување (силната фантазија), со божја помош да излеземе победници, или ослабувајќи и свртувајќи го грбот (тилот) да бидеме заробени, на таков начин духовите на злобата престојувајќи долго време во душата и претварајќи ја неа во свое владение, накрај како трофеј или споменик ја задржуваат во срцето таканаречената страст, која

што бидејќи го храни умот и ги зачувува навиките ја подготвува душата да се воздржи да прави секаква гнасотија и да се стреми кон совршенство.

*Неокесариско, 4-то*: Затоа и четвртото правило од Неокесарискиот собор утврдува дека тој што посакал жена и решил да спие со неа, кога неговата намера не е реализирана, е избавен од благодетта, би било добро и тоа да се очисти со умерена епитимија.

*Василиј, 70-то:* Според 70-то правило на Василиј Велики стои: ѓакон, ако се осквернави и се исповеда дека тој згрешил само страсно бакнал, треба да се воздржи извесно време од свештенослужење но причеста со Светите Тајни со ѓаконите да добива. Исто така и презвитер. Доколку пак што повеќе во тоа прегрешување било, кој биде виден, тогаш во кој степен и да бил да биде исфрлен.

*Неокесариско, 9-то*: Со тоа правило се согласуваат и 9-то и 10-то правило на истиот Неокесариски собор, коишто велат: дека гревовите што претходеле на блудот пројавени во допирање и бакнување и слично на тоа, се разрешуваат како што многумина велат, за хиротонисаните, ако презвитер или ѓакон попаднал во блуд до хиротонијата и укорувајќи ја својата свест го исповеда направениот грев до хиротонијата, во таков случај нему треба да му биде забрането свештенодејство, ако тој е поставен на добродетелство (ако тој е добродетел), тој не треба да биде лишен, ако пак сам не се исповеда и јавно не се открие, тогаш треба нему да му се даде власт или да престане (да служи), ако згрешил, или да дејствува, ако ништо не се дознае за него. А ако биде откриен со пет сведоци, кои ќе го потврдат со клетва своето обвинение, во таков случај заедно со исфрлањето треба да биде лишен и од привилегиите на свештенството и да биде оддалечен на местото на мирјаните.

*Теофил, 5-то*: Теофил Александриски во 5-то правило вели: четец обвинет за блуд, ако по грижливо истражување биде јавно изобличен, трба да биде исфрлен од клирот, а ако не биде откриен, тогаш треба да остане во клирот, затоа што не треба да се обраќа внимание на суетните клевети.

*Закон*: Законот вели: Подобро да се оставаат гревовите неказнети, отколку без вина да се казнува - било кој.

## ГЛАВА 17

### *За тие што чуваат блудници*

*VI Собор, 86-то*: 86-то правило од VI Собор (вели), тие кои на штета на душата ќеприберат и ќе чуваат блудница, свештениците се исфрлаат и кон тоа истото заповеда и да се одлачат, им наложува двојна казна, а мирјаните се одлачуваат.

*Закони*: Тој што знае дека неговата жена блудничи и молчи, - сводник е (макро е)[523].

Родените од блуд ја наследуваат не само мајката, туку и роднините по

523 θέμ, 2 и 9 προοίμ. Πανδ. XLVIII, V

мајка, а сите (потомци) ги наследуваат нив. Жена од богат род (од богато потекло) ако има законски деца и родени од блуд, ништо неможе да даде на тие што се родени од блуд, ни додека е жива, ниту после смртта[524].

Родените од блуд не треба да ги наследуваат роднините по татко, бидејќи природно велат дека тој нема татко, туку својата мајка и родените браќа (едноутробни браќа). Граѓанските закони за бракот и црковните правила признаваат родство и од блуд, и родените од блуд кои ќе склучат меѓусебен брак, како попаднати во крвно мешање, ги подложува на казна[525].

Конкубинатот се смета за дозволен, затоа што тој што има конкубина чесна жена и го прави тоа отворено, привидно имајќи ја неа како жена, а во спротивен случај греши во однос на неа со блуд[526].

## ГЛАВА 18

***За привилегиите и предностите кои ги имаат архиереите и црквите и за нивните области (општини)***

Види во 11-та глава од -Е- состав.

## ГЛАВА 19

***За правата што ги имаат презвитерите***

Види 9-та глава од -М- состав

## ГЛАВА 20

***За миразот*** (од имот)

*Закони:* Проценетиот мираз се дава на грижа на мажот, ако изумрат животните и ако жената ги земе (изнесе) облеките, тој ја дава нивната вредност (ја одредува цената), а зголемувањето и намалувањето на миразот, - неоценето, се однесува на жената. Таа ги добива поколенијата на своите робови, а плодовите од приплодот на стоката (овците) ги добива мажот[527].

Ветеното во миразот, ако не се даде во тек на две години, се оптоварува со камата од една третина од прирастот (т.с. по 4%)[528].

Кога мажот ќе се покаже неспособен во склучениот брак, жената може да го задржи неговиот имот во свој мираз, претпочитајќи пред секакви заемодавци и тие кои имаат залог. Но, не може да го отуѓува тоа што го владее, затоа што е должна од тоа да се прехранува себе си самата, мажот и своите деца[529].

Жената се врзува со обврски за мажот, макар и да се довери (вери)

524 9 и 13 Βασ. XLV, 2 и 42. Βασ. XLV, 1.
525 9 Βασ. XLV, 2 и 2 Βασ. XXVIII, 5.
526 Συν. XXVIII, лист 273. - 2 Βασ. 60, 37.
527 Προχ. Νομ. VIII, 1, 2.
528 ᾽Αρμ. IV, 10, 22.
529 I 17 Βασ. XXIX, 1.

за него; имотот на жената не се зема во благајната и во таков случај кога мажот се лишува од вистинската состојба, и останатото нејзино имање (тоа кое таа може да го има) покрај миразот, не подлежи за задоволување на државните давачки на мажот[530].

Мажот, макар тој и да е сиромав, одговара за целоста на сиот мираз[531].

Тестот (Дедото, таткото на жената) и жена, ако го одземат од мажот миразот назад се осудуваат според мерката на нивниот имот[532].

Ако мажот склучи договор со жена во случај на нејзина смрт да го наследи нејзиниот имот, договорот да нема сила (да не важи), а ако има од почеток склучен договор дека ако умре пред жената миразот нејзин останува кај мажот, па макар миразот да бил даден од татко им, - договорот има сила и таткото се отстранува (од наследството на ќерката)[533].

Ако таткото станал порочен (расипник) при што има опасност да го потроши (расипе) миразот, во таков случај тој се лишува од правото на располагање со него и како за него, така и за ќерката надлежност (грижа) има судијата[534].

Ако останатиот (вдовец) после смртта на својата сопруга има деца и посака да не стапи во друг брак се оддели од сожителството со своите деца, во таков случај, покрај сето свое имање, нему му следува да земе и дел еднаков на делот на едно дете, сообразно од бројот на децата, како заради воспитувањето на децата, така и заради сочуваното во него уважување кон првиот брак и заради честа[535].

Затоа што мажот бил истоштен од издржувањето на својата болна жена, по нејзината смрт не може да побарува од својот тест (дедо) на кого што е должен да го врати миразот на неговата ќерка, туку е должен да го остави на него во располагање, а тоа што потрошил за погребот, - да го даде таткото, на кого му се враќа миразот[536].

Таткото, ако потчинетиот син го ожени принудно, го храни и него и неговата жена, бидејќи на него лежи товарот (бремето) на бракот на неговиот син[537].

Види и втора глава од -Д- состав.

## ГЛАВА 21

***За предавниците (предателите)*** (Περί Προδοτῶν)

*Григориј Чудотворец, 9-то*: Деветтото правило на свети Григориј Чудотворец вели: Сите тие кои биле заробени од варварите и повлечени од нивното злочестие станале (се направиле) нивни соучесници, што исто

530 1, 2, 3 Βασ. XXIV, 4 и Συν. VII, лист 54.
531 Προχ. Νομ. IX, 2.
532 Προχ. Νομ. IX, 4.
533 На истото место, 9.
534 71 Βασ. XXVIII, 8.
535 9. Εκλογ. II, 7.
536 28, Πανδ. XIV. 7.
537 20. Θέμ. Πανδ. I, 2.

заборавиле дека тие се христијани исто така им ги покажувале на необразованите варвари патиштата или домовите, таквите треба да бидат исфрлени и од редот на слушателите, додека дозволат (допуштат) врз нив да слезат светите отци и пред сè Светиот Дух.

*Закони*: Тој што ги подбудува непријателите или ги предава на непријателите православните (Римјаните) се казнува со смртна казна. А тој што се занимава со грабеж заедно со разбојници (гусари) на копно или на море, тој се казнува построго отколку отворените (јавните) непријатели, затоа што тајната зла намера е попрестапна од отворената војна[538].

Тие од православните (од Ромеите) кои пребегнуваат кон непријателите, следува слободно да се убиваат како непријатели[539].

Тие што замислуваат зло или се обидуваат да посегнат по животот на царот или против благосостојбата на државата се убиваат и нивниот имот се конфискува за државната благајна[540].

Тие кои пребегнуваат кон непријателот и му ги предаваат нашите планови за воените дејства, се казнуваат со бесење[541].

Види и во 11 -та глава од -С- состав.

538 3 Βασ. 60, 37.
539 Προχ. Νομος. XXXIX, 3.
540 На истото место, 10.
541 Προχ. Νομος. XXIX, 17.

# ОДРЕДБИ ОД -Р- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За мажите и жените, што се наоѓаат во несвесно истекување***

Види во 16-та глава од -А- состав; и 28-ма од -К- состав.

# ОДРЕДБИ ОД -С- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За тоа дека во Сабота не треба да се пости***

Види 37-ма глава од -К- состав 66-то правило на светите Апостоли и 55-то од VI Собор. И во 35-та глава од -Е- состав 16-то правило од Лаодикејскиот собор. И во 5-та глава од -Т- состав 55-то правило од VI Собор.

## ГЛАВА 2

***За глумците (скомрахите)***

Види прва глава од -Љ- состав, правило 51-во од VI Собор, и во 7-ма глава од -М- состав правило 46 од Картагинскиот Собор. Види и 11-та глава од -М- состав.

## ГЛАВА 3

***За тоа дека крст на земја нетреба да се црта (прави), а направените крстови треба да се растурат***

*VI Собор, 73-то*: 73-то правило од VI Собор не само што забранило да се пишува на земјата претстава (лик) на чесниот крст туку и напишаните веќе претстави заповеда без секакво сомневање да се прецртаат и разрушуваат, за допирајќи (доаѓајќи во контакт) со тие што одат да не биде оскрбен знакот (симболот) на нашата победа, со сите мисли почитувано, со слова претежно прославувано и со чувства поклонувано.

*Закон*: На земја на подот или на мермер кој лежи на земјата или на поден камен (воденичен камен) никој да не црта крст, а ако веќе се нацртани, треба да бидат уништени. Кој го прекршува тој закон, треба да биде подложен на тешка казна[542].

## ГЛАВА 4

***За книгите во кои се запишани одредбите т.н. номоканони и условите***

*Закони*: Губењето на договорот не ја уништува зделката во случај кога вистината може да биде докажана поинаку[543].

Условите склучени без итрина и ако не противречат на законите, - имаат сила.

## ГЛАВА 5

***За прославите со вино или пиењето во крчма***

*Лаодикејско, 55-то*: 55-то правило на Лаодикејскиот собор: свештеници или мирјани да организираат прослава од дарови и од доброволни прилози е забрането, затоа што во сето тоа нема ништо добро, напротив

542 11, Βασ. Ι, 1.

543 60 Βασ. XXII, 1.

тоа е полно со безобразие (скверназост)[544].

*На истото, 27-мо:* 27-то правило од истиот собор им забранило на свештениците, коишто биле на љубовни вечери (вечери на љубовта), да земаат делови (ставени за јадење) и да ги носат дома, затоа што тоа се изобличува како ненаситност на тие што постапуваат на таков начин и лоша навика, затоа што со тоа се причинува оскрбување (повреда) на црковните правила.

Види уште и 3-та глава од -А- состав.

**ГЛАВА 6**

***За тие што се гнасат од свештените собори***

Види во 9-та глава од -В- состав Апостолско 51-во правило и на соборот во Гангра 5-то и 6-то правило.

**ГЛАВА 7**

***За свештениците кои имаат приведено (доведено) жени***

Види 19-та глава од -Г- состав.

**ГЛАВА 8**

***За свештениците што попаднале во грев и не го исповедале***

*Василиј 71-во*: 71-вото правило Василиј Велики вели: Тој што се допрел (има допир) до каков било грев и не се исповедал, а потоа бил откриен, да биде под епитимија толку време, на колку се подложуваат сторителите на злото. На светиот отец не му била намерата да го подложува на епитимија тој кој само има информации (податоци) и не може да се спротивстави на тоа (не може да го спречи тоа) туку тој којшто содејствувал и дал совет и можел да се воздржи (да го спречи) гревот ако би посакал, бидејќи и пророкот (Давид-б.м.) вели да се казнува не тој кој само видел тат (кражба) или прељуба, туку тој којшто бил во тек со крадецот и спомагал и зел учество во гревот со прељуба. Исповедувањето пред сé ја намалува казната, а откривањето ја зголемува тежината на казната.

Види уште во 9-та глава од -Г- состав 25-то правило од Анкирскиот собор.

*Закон*: Раководител ако прими кој било обвинет за престап, подлежи на иста казна со него, а тој што ќе прими разбојници и не ги приведе нив во судницата се лишува од имотот или се подложува на телесна казна, согласно со одлуката на судот[545].

544 7 Βασ. XIV, 1.

545 Во грчкиот текст стои: богатите се казнуваат со одземање на нивниот имот за државната каса, а сиромав се подложува на телесна казна, -тоа не е преведено од преведувачот. Сп. Schol. Ad cap. 3 tit. XXVII, LX lib. Βασ. Tom V, p. 658.

**ГЛАВА 9**

***За соборите, секоја година што се одржуваат***

*Апостолско 37-мо*: 37-то Апостолско правило заповеда епископите од секоја област двапати во годината да се собираат на собор со својот митрополит, првпат во четвртата недела од педесетница, а во вториот пат во есенско време, во 12-от ден од Октомври месец, при што (заповеда) да се разрешаваат секакви сомневања за догмите, писмените барања и црковните предмети, а исто така ако има некој несогласување меѓу двајца (еден со друг), да суди и да спори.

*Антиохиско 20-то*: Со тоа (правило) скоро буквално се поклопува и 20-то правило од Антиохискиот Собор, но тоа додава дека на никого да не му биде дозволено да свикува собор самиот по себе, без присуство на него на митрополитите од областа, затоа што совршен собор бидува кога заедно со останатите присуствува и митрополитот.

*I Собор, 5-то*: И 5-то правило од I Собор заповеда дека еден од соборите да се свикува околу есенското време, во Октомври, а другиот да се одржува не во време на педесетница, туку пред четириесетница за по прекратувањето на секое непријателство и незадоволство, чисти да принесат дар со чиста природа.

*IV Собор, 19-то*: 19-то (правило) од IV Собор го смета за убаво дело, ако епископите двапати во годината свикуваат собори, каде што назначуваат митрополит за исправување на некои црковни работи, а тие (тој) од епископите кои нема да дојдат на соборот, ако биле здрави и се наоѓале во своите градови, кога нема пречки од никакво неопходно дело, братољубно да изјават прошка (проштение), - по пр. 8-мо од VI собор.

*VI Собор, 8-мо*: 8-то правило од VI Собор буквално го наведува тоа правило и озаконува дека соборот треба да биде еднаш. А не двапати во годината и определува време од Пасха до крајот на Октомври, имено, тоа е од причини на варварските напади и други слични причини, коишто им прават на епископите тешкотии за чести патувања.

*VII Собор, 6-то*: Истото тоа го потврдува и 6-то (правило) од VII Собор и вели да се одлачи ако се најде некој властелин (управник) светски (цивилен) да забранува на кој било од епископите да отиде на собор, а пред собраните епископи главен предмет е грижата, вели (правилото) треба да има разгледување (истрага, опсудување) како да се научат потчинетите да ги почитуваат Евангелските заповеди и запишаните правила.

*Гледај*: А ако биде откриено дека од кој било од собраните епископи против неговата волја митрополитот барал стока (животни) или други предмети, тогаш е должен да врати четворострукo.

*Лаодикејско 40-то*: И 40-то (правило) од Лаодикејскиот собор го почитува делот каде што стои големата грижа за соборите во секоја област да се одржуваат секоја година. Токму затоа тоа и заповеда дека епископите повикани на соборите да не се спречуваат (отклонуваат) туку задолжително да заминат на нив за или мудрите да ги учат на тоа што знаат, или простите да се учат на тоа што не го знаат, затоа што на таков

начин се уредува и утврдува црквата во вистинските догми на верата и во управувањето на животните заповеди (заповедите на животот), а тие што ги запоставуваат (пренебрегнуваат), а потоа се подложуваат на епитимии да му се даде самиот да се обвини, ако (кај него) немало причини ниту од телесна болест, ниту од обврска.

*Картагинско 19-то*: И 19-то правило од Картагинскиот собор заповеда епископите секоја година да свикуваат собор.

*Исто и 73-то:* А исто така и 73-то на истиот тој собор; Види и во 7-та глава на -П- состав.

*Исто, 76-то*: Согласно со тие правила заповеда и 76-то правило од истиот собор, наведувајќи ги самите причини, коишто се изложени во кажаните правила, а тој којшто не се покорува, заповеда да се воздржи од општење со другите (епископи) и да се задоволи со општење само во својата црква.

*Исто, 97-мо*: Но, во 97-то правило (од истиот собор) не ја признава неопходноста, дека секоја година треба да има собори во Картагина, за да не бидат вознемирувани браќата, но ако се појави некое општо прашање, на пример за догмите, тогаш епископите се повикуваат со грамоти (писма) и кога ќе се соберат на општ собор недоразбирањата се разрешуваат, а ако пак прашањата бидат приватни, тогаш тие добиваат разрешување во секоја област.

*Закон*: 137-та Јустинијанова Новела бара дека еднаш или двапати во годината во Јуни или во Септември да има средби (собори) митрополитот кај патријархот, епископите кај митрополитите и да бидат разгледувани прашања коишто ги имаат меѓусебе епископите, поповите и монасите за верата, правилата и црковните предмети и да бидат исправани грешките против правилата, а кнезовите (управниците) да не ги присилуваат (подбуцнуваат) митрополитите и епископите коишто одложуваат да свикуваат собори, или тие што не се покоруваат и не го известуваат царот, - заповеда да се подложат на строги казни.

*Знамение*: Во сегашно време тие собори сосема не се свикуваат.

## ГЛАВА 10

***За претставителните грамоти (за составените писма)***

Види во 9-та глава од -А- состав

## ГЛАВА 11

***За тие коишто подготвуваат заговори или толпа (протест) или востанија***

*IV Собор, 18-то*: 18-то правило од IV Собор и 34-то од VI Собор вели: ако во граѓанските закони од кои најголем дел ги составиле надворешни мудреци целосно забрануваат дрско организирање на заговор или здружување за протест, тогаш, конечно, уште повеќе треба да биде забрането во црквата Божја, доколку некој од монасите или свештениците (поповите) попадне во таков престап или се покаже дека организирал заговор про-

тив епископите или свештениците, тој треба да биде расчинет.

Што е смислен заговор (созаклетие): Смислен (организиран) заговор се нарекува тоа кога неколку лица се советуваат против кој било и заемно се обврзуваат со клетва да не отстапат од својата дејност, макар тоа да биде исполнето, како што е посведочено кај божествениот Лука во едно место во Дејанијата, дека направиле некои од Јудеите совет, се заколнале, велејќи дека нема да јадат ниту да пијат сè додека не го убијат Павле.

Што е здружување? (протест): Маса, толпа (протест, здружување) е заеднички сојуз на роднини или поинаку соединети меѓусебе лица, каде што има злонамерно советување и согласност на какво било зло дело. Заговорот пак е многу жестоко и подмолно направен за да се казни некој, исто така се поттикнува нивното меко срце и заедно се разжестуваат.

*Закони:* Тие што прават заговор против државата (власта) или намислуваат зло против војската, или ја предаваат неа на непријателите, или по заговор ги спречуваат христијаните (Ромеите) да го победат непријателот, или им укажуваат (на непријателите) помош со народ или оружје или пари или на друг каков било начин, подлежат на вина за светотатство[546].

Исто така и тие што го собираат народот без царска наредба според законите се достојни за строги казни. Види и 21-ва глава од -П- состав.

Новелата на царот Константин Порфирогенит со знаење на патријархот Алексеј и синодот ги подложуваат на анатема оние, кои организираат или заговори или нереди (метежи), а исто така и оние кои содејствуваат и земаат учество во нивните востанија и оние кои даваат совети и потстрег на такво нешто, и тие кои земаат учество во вооружено востание , кога кај нив немало намера да го прекинат востанието. Види за тоа Новела во напишаното правило од Гангарскиот собор, веќе во почетокот на книгата. Види за таа Новела во гл. 7 од -А- состав.

## ГЛАВА 12

### *За расколниците, наречени црковни раздорници*

Види во втората глава од -А- состав правило 1 од Василиј Велики, којшто мудро определува и ги разделува расколите од ересите и нивните својства.

*Апостолско 31-во*: Триесет и првото правило на светите Апостоли вели: ако некој презвитер не го разоткрие ни во што било судот на својот епископ, не погрешувајќи ниту против благочестието, ниту постапува неправедно, туку е благочестив во однос на Бога и справедлив во однос на луѓето, страстен кон желбата за власт (начелолюбиа) кон својот завет, одделно си создаде свој олтар и прави противзаконски собори, свештенодејствува на нив и после првото и второто и третото советување (опоменување) и повик да се врати кон претходното единомислие, оста-

546 4 и 18 Βασ. LX, 36.

нува непокорен, таквиот како „љубоначален“ (лаком) за власт и пројавувајќи го на дело сопственото грабање за власт, треба да биде исфрлен, а тие што се одделиле заедно со него и што правеле црковни собранија, ако тоа се свештеници треба да бидат исфрлени, а ако се мирјани треба да бидат подложени на одлачување.

***Знамение***: *Поради што треба од својот епископ да се одделува?*

Од сето тоа јасно се заклучува дека свештениците можат да се оддселат од своите епископи не по која било друга причина, освен ако нив ги разоткрие судот како нечестиви или неправедни. На друг (пак) начин, доколку на епископот или на презвитерот бидат искажани обвинувања за тешки престапи, неправедно е да се отстапува од општење со нив пред судот по детаљното испитување не го симне него, бидејќи благодатта не е од луѓето, туку од Светиот Дух, којшто и преку недостојните ја дава неа на тие коишто пристапуваат со топла вера, бидејќи не сите Бог ги ракополага, но преку сите дејствува.

*Антиохиско 5-то*: Истото тоа го вели и 5-то правило на Антиохискиот собор, додавајќи дека, ако после исфрлањето (свештеник) живее упорно, вознемирувајќи ја црквата и се бунтува против неа, таквиот треба да биде вразумен со внатрешната граѓанска власт, за да се насочи кон покајување, бидејќи на епископите им е дозволено да вразумуваат допуштајќи само паѓање на епитимиите, но не да подложуваат и на телесни казни, а непокорните треба да се предадат на световните власти (на кнезовите). Види и 31-во правило и 59-то од VI Собор во првата глава од -Е- состав (во грчкиот состав е -В-).

*Прво-Втор Собор, 12-то*: 12-то пак правило од таканаречениот Прво-Втор Собор, според 31-то правило од VI Собор вели: Заповедаме дека свештениците, коишто литургуваат во молитвените храмови, што се наоѓаат внатре во домовите да бидат усогласени (препорачани) и назначувани од месниот епископ. А доколку некој покрај тоа, без дозвола на епископот влегува во домот и се дрзне да се допре до извршување на литургијата, таквиот (заповедаме) да се исфрли, а тие што имаат општење со него, - да се одлачат.

*Исто, 13-то*: Тринаесеттото пак (правило) вели: како што семето на еретичкиот плевел со мечот на Духот го пресекуваме во самиот корен, така и безумните расколници, обидувајќи се да го расечат телото Христово, ние наредуваме дека, ако некој презвитер или ѓакон по некои обвинувања што се однесуваат на телесните страсти, го обвини својот епископ дека води живот туѓ на секакво нечестие и неправедност, како што е кажано во апостолското и божественото (31-во) правило, се дрзне да отстапи од општење со него пред соборното истражување и не го произнесува неговото име при вршење на божественото свештенодејствие, таквиот наредуваме да се подложи на исфрлање и лишување од секаква свештеничка чест, бидејќи престапно се восхитува на судот пред доставениот од митрополитот суд и самиот по себе го осудува својот отец и епископ, исто така и следбениците на таквиот, свештениците, подлежат

на иста таква казна, а монасите и мирјаните не само што се одлачуваат од свештеното општење, туку сосема се одлачуваат од црквата додека не го отфрлат соопштението на расколниците и не се вратат кон својот епископ.

*Истиот собор, 14-то*: 14-то (правило на истиот собор) го подложува на исфрлање и епископот, ако тој се оддели од општење со својот митрополит и не сака да го произнесува неговото име во свештените дејства.

*Истиот, 15-то*: 15-то (правило на истиот собор) ги пресудува истите тие казни и за митрополитите коишто се оделиле од својот патријарх. А ако, на пример, патријарх или митрополит или епископ биде сенародно и така да се каже, отворено проповеда каква да било ерес, осудена од божествените отци, тогаш тие што се одделиле од општење со него и се оградиле себе си, не само што не треба да бидат казнети, туку треба да бидат удостоени со чест подобна за православните, бидејќи тие осудиле не епископ туку лажен епископ и лажен учител, и не со раскол го пресекле единството на црквата, туку се обиделе да ја одбранат (зачуваат) црквата од раскол и разделување, колку што тоа од нив зависело. Затоа добро постапуваме и ние, откажувајќи се од општење со древниот Рим, пред соборното разгледување и суд.

*На Латините*[547]*. Гангарско, 6-то*: Шестото правило на Гангарскиот собор, тој кој ја пренебрегнува црквата и одделно свикува собранија и свештенодејствува без волја на својот епископ, вели да се подложи на потешки казни, впрочем што може да биде потешко и пострашно од анатема? А црковните правила не го нарекуваат храм, туку собрание на верници, затоа што храм според Словото на свети Исидор Пелусиотски, всушност треба да биде наречено местото на црковното собрание, како на пр. темјан-кадилница и жртва-жртвеник и собор-собрание.

*Картагинско 10-то*: Исто така и 10-то правило од Картагинскиот собор: тој што примал свештенство го подложува на казна одлачување, ако тој по надменост изгради нов олтар и врши одделно свештенослужење на Бога, го предава на анатема, како разрушувач на верата и благоустројството на црквата и како давач на повод да се глуми над него непријател на вистината. Впрочем тие што предизвикуваат разделување пред сé треба да се повикаат да се вратат кон едномислието, а ако не послушаат, се исфрлаат или одлачуваат. А ако и после тоа остануваат во надменост и ја вознемируваат црквата, во таков случај таквите се подложуваат на анатема и се отсекуваат од црквата како гнили делови од здравото тело.

*Исто, 11-то*: Истото тоа го искажува и 11-то (правило од истиот тој собор), дека презвитер, осуден од својот епископ за тоа дека неубаво живее, треба да го извести соседниот епископ, за преку него тој да се помири со својот епископ и посака самостојно да свештенодејствува, таквиот не само што го губи својот чин, туку се подложува на анатема. Притоа, вели, треба да се разгледа дали неправедно свештеникот го об-

547 Во грчкиот текст ова го нема.

винува својот епископ, увидувајќи дека тој прави или јавна несправедливост или се противи на вистинската догма и не по уважувачки причини се одделува од општење со него.

Види и во втора глава од -А- состав, правило 33-то од Лаодикејскиот собор и 20-та глава од -К- состав.

*Златоуст*: Многуустата Труба Црковна, божествениот и блажениот Златоуст, во толкувањата на посланието до Ефесјаните (тие од Ефес) во 11-то свое Слово на своето толкување, расудува за тие што предизвикуваат разделба, велејќи: Еден свет маж рекол дека таквиот грев не може да се испегла (испере) ниту со маченичката крв.

*Истиот*: Аво 65-та глава од истото толкување докажува дека , да предизвикуваш разделба во црквата не е помало зло од тоа да попаднеш во ерес. Ништо не нé спречува нас да го изложиме овде и познатото послание на Дионисие Александриски и маченикот кој тој го испратил до Нават-презвитер Римски.

*Дионисиј до Нават*[548]*:*Дионисиј, брате Навату, радувај се (ти посакувам здравје). Ако како што велиш ти си се одделил од црквата неволно, тоа можеш да го докажеш враќајќи се во црквата по своја волја. Подобро би било за тебе сé да истрпиш, само да не ја расечеш Црквата Божја. Не помала слава би ти донело тебе мачеништвото за нејзината целост, како и мачеништвото за одрекување од идолите, според мене, уште повеќе затоа што во последниот случај секој прифаќа мачеништво за една сопствена душа, а во првиот за целата црква. Ако пак ти сега ги убедиш и ги натераш браќата да се вратат кон единството, тогаш твојата доблест би била посилна од твоето зло. Последното тогаш не би те променило тебе, а првото би заслужило пофалба. Но, кога веќе ти не си во состојба да ги натераш на послушност браќата, тогаш во крајна мерка на секој начин спаси ја сопствената душа. Ти посакувам тебе сила за мир О Господе и се молам.

548 Во грчкиот текст стои: Ἐπιστολη, а потоа: Ῥώμης πρεσβύτερον.

# ОДРЕДБИ ОД -Т- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***За чинот свештеник***

Види петта глава од -Д- состав.

*Лаодикејско 56-то*: А 56-то правило од Лаодикејскиот собор наредува, да не се дозволува на презвитерите, кога епископот прави влез во олтарот да влегуваат пред него и да седат, и да го остават сам епископот, затоа што тоа служи како знак не само на бесчинство, туку и пренебрегнување на архиерејот, туку заповеда да влегуваат заедно со него, освен ако некој е немоќен и сосема не може да го поднесе стоењето.

## ГЛАВА 2

***За погребението***

*Закони:* Не е дозволено да се погребува во оние места каде што лежи телото на мачени[549].

Никој не треба да пренесува од гроб каков било предмет или друга градба (градежен материјал, б.м.)[550].

Никој не треба без дозвола (и знаење) на царот да пренесува човечко тело во друго место[551].

Види и 15-та глава од -М- состав.

## ГЛАВА 3

***За тоа дека не е дозволено умрените да се кртеваат, ниту да се дава причеста на нивните тела***

Види во 26-та глава од -К- состав.

## ГЛАВА 4

***За децата на свештениците***

*Картагинско 35-то*: 35-то правило од Картагинскиот собор наредува дека не треба епископите и свештениците да им даваат брзо слобода на своите деца, ако со возраста и добиените особини не дадат доказ за тоа дека можат на соодветен начин и разумно да управуваат со своите дела, а во спротивен случај и самите ќе бидат учесници во нивните гревови.

*Закони:* Законот наредува, дека самостојноста на децата се дава не само од таткото, - без разлика дали е свештеник или мирјанин, туку ако така одлучи и судското истражување, впрочем вели не простата согласност на таткото го ослободува синот од власта на таткото, туку законскиот акт[552].

Почестените со чин (управничка должност) деца на епископите по законот се сметаат за самостојни и нивните татковци не подлежат за

549 2 Βασ. V, 1.
550 14 Βασ. 1. X, 23.
551 14 Βασ. LIX, 3.
552 2 Βασ. XXXI, 3.

нивните одговорности, бидејќи 81-вата Јустинијанова новела вели дека сите лица, почестени со достоинства, и началнички должности, чиновници или службеници треба да бидат самостојни, макар тие и да не ја достигнале возраста за ослободување од под татковските раце[553].

Татковците подлежат на одговорност за душевните прегрешувања на нивните потчинети деца, но оттука не и за гревовите, затоа што татковците не се казнуваат (мачат) за децата, бидејќи законот вели: Гревовите следуваат за глава[554].

## ГЛАВА 5

***За свеШаШа чеШириесеШница и за йочиШување на обичаиШе во неа*** (според грчкиот текст), според старословенскиот: *За свеШаШа 40-ница и Шие шШо ѓи йрекршувааШ обичаиШе*

Види во 4-та глава од -Н- состав.

*VI Собор, 55-Шо*: 55-то правило од VI Собор, тие што живеат во Стариот Рим, заповеда да не постат во саботата на светата четириесетница, освен единствено само на Велика Сабота.

*За ЛаШиниШе*: Но, овие горделиви останале неисправни необраќајќи се ниту на следењето на Апостолските правила ( 64-то; 53-то и 51-во), ниту ова правило, ниту посветените лица не се плашат од исфрлање, ниту мирјаните - од одлачување, впрочем прават уште полошо, затоа што не само во таа, туку и во другите саботи од годината противзаконски постат, а што е уште повеќе противзаконско - тоа е, што дозволуваат постот од сабота да се пренесе на среда и петок, а постот определен за тие денови го пренеле на саботата, извршувајќи на таков начин дело, кое што ги извртува сите свештени закани.

*ИсШиоШ, 56-Шо*: 56-то (правило на истиот собор) ја исправа целосно спротивната заблуда на Ерменците, заповеда, дека и тие треба да се воздржуваат од сирење и јајца во саботните и неделните денови од светата Четириесетница, како што бара законот, спазуван во црквата Божја, којшто постои по целата вселена. Впрочем, како ние се воздржуваме од секакви заколени животни, така прилега ние да не употребуваме за храна и сето она што претставува нивен плод. Тоа треба да се почитува и во среда и петок во целата година; а тие што ја нарушуваат оваа наредба ги подложува (правилото) на исфрлање или одлачување, т.с. во случајот свештеници или мирјани.

*За ЛаШиниШе*: Но, и во тоа Латините, како што можеш да видиш дошле до крајно беззаконие, намерно ги нарушуваат божествените правила, впрочем во саботните и неделните денови од Четириесетницата не само што јадат сирење и јајца, туку и месо и не само мирјаните, туку и монасите, затоа што биле болни.

Види во првата глава од -В- состав, 45-то правило од Лаодикејскиот

553 Новела 81, глава 1 и 3.
554 Βασ. XXXIV, 5.

собор и во седмата глава од -П- состав, 89-то правило од VI собор.

*52-то правило од VI Собор*, во сите други денови на светата четириесетница, во кои е наредено да плачат и постат и да го умилостуваат Бог на секого од оние што проведуваат недобар живот, заповеда да се врши литургија, пред да се осветат даровите, а во саботните и неделните денови на Четириесетница и во светиот ден Благовештение, доколку во тие денови се пости незаконски, да се принесува и жртва и да се врши литургија, бидејќи ние го почитуваме (го сметаме) денот Благовештение како почеток и главен за нашето спасение, да се празнува во него со дневен пост. Така, четириесетдневниот пост е еден, доколку би признале правилата и друг, тогаш тоа би било определено и во тој пост не се врши целосна литургија, туку само предосветувачка.

*Зошто божествената литургија се врши во најголем дел во третиот час од денот, а понекогаш, во Великите празници-навечер?*

*Знамение*: *Знамение*: Овде треба да истражиме поради што во сите други денови од годината е озаконето да се извршува божественото таинство околу третиот час наутро (9 часот-б.м.), а свештенодејствието на неколку светли празници ние го пренесуваме навечер, мислат за да ги почитуваме на посебен начин и го правиме тоа во тој час (миг) после вечерните песнопеења.

*Решение; дозвола*: Овој последен обичај претежно и посебно се почитува во светиот и велики Четврток, во светата, велика и чесна Сабота, а исто така во пресветиот ден Рождество Христово и Богојавление Господово, ако тие празници не се случат во такви денови кои заради нив не може да им се укаже почест, кон тие празници се присоединуваат, ако сакате и чесниот ден Благовештение.

Така, главната причина за да се врши литургијата во третиот час од денот е таа што во тоа време од денот, во третиот час, Утешителот се јавил на Апостолите и им го покажал Тројствениот и совршен свет, а преку тоа и нас не научил дека на часот на едноимениeто со Божествената Троица (Трети), треба да му се посвети вршење на свештенодејство во чест на Триипостаснотно Божество. Иако, вршењето на божественото свештенослужење претставува неизречено таинство на Словото, но ништо помалку ние знаеме и за благодетта, по благоволение на Беспочетниот Негов Отец и при содејство на Живототворниот Дух. А во сите погоре кажани знаменити празници е темно и како на планови (цртежи) се откриваат и се претставуваат некои други таинства, сокриени во длабочините на премудроста Божја, надминувајќи го нашето познание, така впрочем, што од таквото почетно (начално) откровение што ни е дадено, колку што е возможно за нас, да се вознесеме и извишиме (издигнеме) кон божествената љубов. Но, бидејќи брзо се јавил совршениот и полн свет на земјата со луѓе што било навечер, т.с. во крајот на векот, тогаш како што велат, течењето на законскиот век завршило, а добило свој почеток светењето (сјаењето) на Новиот Завет и започнало да ги разгонува мрачните темнини на многубоштвото коешто

законот требало да го трпи (да го поднесува) доста долго време. Зошто Спасителот го соопштил онаа таинство (причеста) на учениците кои што во тоа време имале пристап (допир), а потоа да го прават онаа, не во ден, туку во длабоката  вечер на Велики Четврток, подбуцнувајќи ги нив кон свештени подвизи, подеднакво советувајќи ги нив да се оддалечуваат од пороците со совршено спокојство на духот и со цврста намера во длабочините на срцето, а не пред очите на другите, бидејќи во новоблагодатната црква требало да бидат подобри дела, отколку што биле по Стариот Завет. Оваа чаша нова, рече, црпи од Заветот, тие што бараат од неа ги предзаштитува, објавува чашата, не е убаво на некои да им биде лошо и на напаст подмолна да одолее и на крајот сето да го победи, исто така да биде знак на престојната тогашна темнина.

Покрај тоа, макар во останатите денови од годината се врши божествено свештено дејство, и колку што нам ни дозволуваат знаењата, во третиот час на денот (деветтиот после полноќ), истото се покажува и во знаменитите празници,  според утврдувањето на светите отци се сочувало вечерното време. Впрочем Светите Отци се обиделе таа почест да го подметнат служењето на божественото свештенодејство, за со посредство на таквото разнообразие  благонаклоно да ни откријат непостигнување на таинство и на чудни начини да ни го покажат патот кон единственото, неизречено и врховно познание[555].

*Лаодикејско 49-то*: И 49-то (правило) од Лаодикејскиот собор, заповеда дека не е подобно во Четириесетница да се принесува свет леб, т.с. да се прави целосно (совршено) свештенослужење освен само во саботните и неделните денови.

*Истиот, 51-во*: 51-вото (правило на истиот Собор) заповеда ниту во деновите за памет (сеќавање; помен), ниту во роденденот на маченици во целата Четириесетница да не се прави прослава (свеченост) со посредство на жртва, ако не се случи во саботен или неделен ден.

*Знамение*: А ако е недозволено во посен ден да се прави спомен на маченик, тогаш уште повеќе не треба да се врши помен, освен ако некој умре, освен во сабота и толку.

*Истиот 52-ро*: 52-то пак (правило од истиот собор) не дозволува во

555 Рајловото издание на грчкиот текст има дополнување, кое го нема во другите грчки текстови, па ниту во нашиот превод. Дополнувањето гласи: Впрочем и историски  е познато дека Пресветата Дева во ноќта го родила Господ, како што дознаваме од Словата на Евангелистите: и пастирите беа организирале стража во ноќта (Лука, 2, 8). Исто така во време на ноќта и се крстил Господ од Јован, за да Духот Божји слегувајќи на Него во вид на гулаб, ја осветлил ноќта со доволна светлина и ги победил луѓето со необична глетка, ги склонил кон познание на Бога Спасителот посведочувајќи го Своето слегување (постоење). Покрај тоа во ноќта Господ ја предал (одржал) Тајната Вечера со учениците, во ноќта се извршило спасителното негово Воскресение, во ноќта пак, на крај и Пресвета Дева Марија примила дивен поздрав од Архангел Гаврил. Спореди: Ст. Новаковић, Синтагмат, 488, бел. 1.

Четириесетница ниту да се склучуваат бракови, ниту да се празнува роденден.

*Зошто Четириесетницата се нарекува десеток за целата година и од кои причини се прави сето тоа што во неа се прави?*

*Знамение*: Убаво би било овде да ги објасниме, колку што е можно, причините и тоа за непознатите, бидејќи неразумно е од нивна страна да им завидуваат на тие кои се стремат кон длабочините на знаењето, од што многумина се лишени поради својата неработливост.

Сите стари закони природно со посредство на видливото нé учат за состојбата на невидливото и со посредство на телесното се занимаваат со исправување на духовното. Така, меѓу останатото, со древните (закони) било наредено да се посветува на Бога десетина и од имотот, но тоа што според нив се извршувало сликовито (вообичаено) од нас е прифатено како таинство. Затоа божествената убавина, Апостолите сакајќи да не го нарушат законот, туку да ги пополнат неговите недостатоци и во тој однос, определиле (9-то правило) да се посветува на Бога десетина не од временски предмети, туку денови од нашиот живот во секоја измината година, за да преку усрдието и потоплото покајание во тие денови ние можеме, со Божја помош, да ја излекуваме душевната немоќ во целата година.

Тие посни денови ние и ги нарекуваме десетти дел од годината, бидејќи 7 негови седмици, со исклучок на саботните и неделните денови прават 35 дена, а ако се додаде кон нив и Велика Сабота и половина светла и световидната ноќ, тогаш ќе бидат 36 дена со половина, што во точност претставува десети дел од 365-те дена во годината, затоа што десети дел од 300 е 30, од 60 е 6 и 5-ти половина.

Покрај тоа, тој број 36 содржи во себе и некоја друга таинствена смисла, бидејќи искусните во таа наука велат дека тој број е триаголен, преминува во форма на квадрат и круг, впрочем единствено само бројот 6 е совршен меѓу единиците, затоа што помножен самиот со себе го дава тој сам број (36). Така преку триаголникот се означува Триипостасното (Троделното) Богоначалие, преку квадратот - правата и цврста (тврда) вера во Него, затоа што квадратната фигура е стабилна и секогаш стои еднакво, потпирајќи се на рамномерните агли на ребрата, а кругот ја означува добродетелта која се радува околу себе и го опкружува. Бидејќ и близината на Бога нè прави нас толку правилно да го сфатиме Бог и да ги зачуваме (спазуваме) заповедите, тогаш тој број тебе те научува да бидеш и тврд и непоколеблив во верата кон Света Троица и да не го омаловажуваш кругот на благодетта, туку и едното и другото како почеток на сé да го принесуваш на Бога секоја година, посебно во времето на постот.

Така, од искона раководејќи со спасението нашиот непријател и противник наш, гледајќи дека ние при постоењето на многу видови на зла повеќе ја цениме добродетелта и се стремиме да ги исфрлиме неговите предмети што се наоѓаат во нас, како зараза на душата, зема оружје про-

тив нас со горди подготовки и се стреми да ги врати како бегалци и да ги лови како избегани, заповеда да му се покорат нему, не го отфрлаат од себе неговото иго, не се откажуваат од лукавите навики, туку се враќаат во истите тие страсти, кон кои ние сме привикнале, бидејќи на тие што настојуваат да се ослободат од лукавите страсти природно сака да ги наоѓа со поголема лутина и да го разгорува посилно пламенот на страстите, тој противдејствува со сите сили за со изобилните искушенија да ја преодолее мажественоста на душата.

Бог го допушта тоа за да тие што ќе го издржат искушението станат општопознати, за борбата да ги покаже похрабри и за ние да се научиме на смиреномудрие (кроткост), да не бидеме вообразени и совршено да го согледаме злото, јасно сознавајќи колку е тоа погубно, заводливо и мрско (подло; никакво).

Јасен лик (Јасна претстава) на мрачната злоба на Лукавиот (Ѓаволот) претставува древниот Фараон, којшто го држел во потчинетост Израел. Бидејќи на сличен начин и тој, со озогласеното продолжително ропство на Израел, кој посакувал слобода, започнал тогаш посилно да ги притиска (Израелците) со потешки работи и направил, за да тој огорчен од правењето на тули, кое служело како надворешен израз на ропството, слично на Лукавиот кој што нé побудува нас со алчност да гледаме на Земјата и земното, сето внимание, сите чувства, надворешни и внатрешни, да ги прикове кон тоа и целосно да не приклониме кон најчувствителното, и Фараонот го имал во поданство Египет, којшто во толкувањата значи „темнина“ (тема), Лукавиот исто така го нарекува кнезот (управникот) духовна темнина. Фараонот се занимавал со истребување (убивање) на децата од машки пол, а Лукавиот се занимавал со растурање (рушење) на крепките помисли. Токму затоа и нашиот цар Исус Христос нè раководи во борбата со него и одредува подвиг, нé вооружува со пост, молитви и тажни срца бидејќи спротивното на тоа има својство да ја разгорува против нас лутината на демоните не помалку отколку маслото во огнот и на таков начин заповеда цврсто да настапиме на непријателите, Самиот нèпредводи, Самиот се бори за нас, заштитувајќи не војувајќи напред, сам ги победува противниците, а наградата нам ни ја дарува. Каква бездна на судот Твој и дела, коишто ги надминуваат нашето воодоошевување, поголеми отколку за нас да се зачудиш за делата Судијо Господи!

*За претходните свештенства и зошто навечер се извршуваат?*

Така, како воините поминувајќи го денот во битки и само кон вечерта се разотидуваат, спомнуваат за храна, наскоро прават трпеза од претходно зготвените јадења, за сосема да не ослабат во силата, затоа што и следниот ден тие пак треба да настапуваат против непријателите, бидејќи да се колат волови или да се заколат воинствени животни е недозволиво, тоа е својствено за тие што без страв прославуваат, така и ние новата Жртва ја принесуваме во Сабота и во ден Недела, кога од напрегнувањата на големиот подвиг ние ослабнуваме, од тие претходни прилози и претходно осветени плодови вкусуваме пред вечерата за подржување

само на животот, како што тоа е својствено за жалосните и заедно што војуваат или подобро, се причестуваат со онаа Свето Тело, ние се поткрепуваме за тоа, за со нови сили да настапиме на непријателите бидејќи кај духовниот воин духовната храна е имено, тврдоста, токму затоа литургијата за претходно осветените (Домови) нам ни е наредено да ја извршуваме во вид на поголемо таинствено значење пред вечера.

*Зошто помен на умрените не се прави во текот на Четириесетница, освен во саботен ден?*

(На) Борците за време на војна, плашејќи се за својата душа и избегнувајќи да ја загрозат неа од опасности, се забранува на соодветен начин во тој момент да ги чествуваат паднатите од меч, макар тие да биле од почитуваните лица и нивните најсакани, кога е поважна страста (грижата), за предметите отколку грижата за собирање на мртвите, имено тоа што за време на грижата за убиениот во самиот разгор на војната и при загрозувачките опасности и самите тие да не претрпат смртен пораз и да не легнат заедно со мртвиот, соодветен пак начин ние на духовниот браник против страстите што не умртвуваат, неопходно е да се грижиме да ги погребеме (т.с. страстите), а не да правиме помен на одделувањето со своите тела, според Господовата заповед (Матеј, 8, 22). Тие што престанале да се борат и пристапиле кон собирање на убиените и извршуваат законско погребување, така и ние, ослабувајќи од напрегнувањата на постот во подобра светлина од денот, правиме помен на умрените.

*Зошто браковите и некои други такви свечености не се прават во Четириесетница?*

Тие што војуваат имаат ли грижа за браковите и свадбените песни? Или им се дозволува ли да празнуваат и прославуваат? Тоа никако. Следствено и нам за време на борбата против демоните не ни доликува да имаме грижи за такви дела.

*За чудата на пченицата на Св. Теодор*[556]

Ако би било во тоа време соодветно (прилично) да се слави помен на маченици, тогаш најмногу од сите доликува во првиот ден од постот да се прави помен на славниот и светлиот од мачениците Теодор Тирон, којшто направил големо чудо, откривајќи ја тајната зла намера на (Јулијан) Отстапникот којшто сакал верниците во посните денови да ги осквернави со скверно брашно, но заповедал (Теодор б.м.), на тогашниот архиереј (Евдоксиј-б.м) оттаму да не купуваат леб, којшто се продавал на пазарот, туку дома да сварат пченица и со тоа да ја задоволат својата природна потреба. Правејќи го тоа, верниците се избавиле од несреќата и злобата не се пофалила над добродетелта, и благочестието не било победено од нечестието. Но, како посното тагување и светлоста на празникот меѓусебе не се совпаѓаат тогаш со наредба (устав) на отците е наредено тоа благотворение (на Теодор Тирон-б.м.) да се почести со свеченост во пр-

556 Во грчкиот текст стои: За чудата со посредство на коливото направено од свети Теодор (Тирон).

вата сабота (од великиот пост- б.м.).

*Види зошто пред Четириесетница ние правиме помен на сите што умреле за верата и светите отци?*

Поради сето тоа пред влезот во почетокот на постите пред месопусната сабота сенародно се посветува помен на сите од вековите упокоени, а потоа, помен на светите отци, од тие причини што тоа е ако може така да се изразиме, заклучок за празнување во нивна чест, затоа што стапувајќи на духовните подвизи, ние веќе нема да имаме слободно време да се занимаваме со празнување.

*Зошто пак после Педесетница се прави помен на сите умрени свет-ти?*

Војниците (Борците) природно после победата над варварите ги земаат победоносните знаци, го носат на царот пленот и потоа одат на погреб на убиените. На таков ист начин доликува и ние, после духовната битка во време на постот и после победата на воскресението, да го принесеме победничкиот знак во време на Педесетница и да ја испееме победничката песна на Христос - Којшто победил и така претстојниот долг кон сите упокоени да го оддадеме по завршување на Педесетницата.

*Зошто пак после Педесетница и сите свети*

*Знамение*: (Но, потоа, по завршувањето на Педесетница, долично е да го оддадеме последниот долг и на упокоените). И по завршувањето на седмиот ден го славиме празникот на сите Свети, како почеток на следните празници и поменувања. Но во Господските празници не е благочестиво да се поменуваат умрените и не е убаво да се прави помен на маченици. Бидејќи кога се прославува царската победа, тогаш според обичајот (законот) не треба да се плаче за паднатите во војната и кон свеченоста (прославата) на царот да се додава и доблеста на робовите. Сосема реално и праведно е кон прославата на робовите да се присоедини и доблеста на владиката (владетелот), којшто го наградува победникот за подвизите, но да се соединува со прославата во чест на владетелот и свеченоста во чест на робот, - е безумно и дрско. Ако тоа и се прави во помен на светите, тогаш тоа е за особено високите нивни подвизи и добродетелност.

*За Четириесетница-пак*

Уште и на друг начин може да се суди за утврдувањето (озаконувањето) на тој пост (св. Четириесетница). Нам ни е наредено да вршиме пост 48 дена. 40 по примерот на Господовиот пост, којшто Тој, затврдувајќи се според човековата природа го победил нашиот непријател. Следните потоа 8 (осум) дена, - од длабока почит кон Неговото Спасително страдание. Бидејќи воздржанието во тие денови го разгорува нашиот дух и не насочува нас кон осмиот, необјаснив (непостигнат) ден, кој што нѐ прави нас синови на светот, покажувајќи љубов кон Бога, како долични чеда. А 40 дена нѐ пројавуваат нас како победители на страста, не одвлекуваат од телата и од земните страстни желби, го искоренуваат тој ропски страв, кој слично на мачител, ја растргнува нашата совест, престанува да ги споменува гревовите и достојните за нив казни, како што е речено:

Стравот од Господа го отклонува секого од зло. Но, доколку Четириесетницата се состои од четирите десетки, тогаш и треба да се разгледа и тој број четири, како тој се покажува како меѓу единиците, така и меѓу десетките. Во Светото Писмо тој број природно се употребува во случај на разлутеност и казнување, а понекогаш означува завршување на божествените дела.

1-Деновите во Четириесетницата и ноќите се еднакви на дождот испратен од Бога[557] голема поплава дојде на Земјата (Битие, 7, 4, и 12), угледувајќи се на тој пример и поминуваме во жалост еднаков со тоа број на денови и ние лееме потоци од солзи и преку тоа ја уништуваме греовната скверна (нечистотија).

2-Авраам го известил Бога (Битие, 15, 13) дека неговиот род во текот на 400 години ќе биде поробен од Египјаните и во огорченост и ќе претрпува безбројни страдања што се и исполнило на дело.

(Во текот на 40 дена великиот Мојсеј го поразил Египет со оние од Бога испратени казни ги ослободил Израелците од ропството на Фараонот)[558].

3-Добивајќи безбројни доброчинства (од Бога) во пустината и безброј пати покажувајќи ја својата неблагодарност родот (еврејски) во текот на 40 години сиот бил таму истребен за својата упорност бидејќи преситувајќи се од египетското множество тој на крај се кренал и против својот благодетел - Бог.

4-Великиот Мојсеј во Второзаконието (25,2, 3) заповеда да се нанесуваат на тој што прегрешил не повеќе од 40 удари, бидејќи додавањето на удари се менувало во додавањето на навредите на тој што се казнува поради што и од Јудеите било прифатено да се нанесува тој број на удари без еден, за да сакајќи да го исполнат бројот 40 и да нанесат, поради стремежот на рацете, вишок удар, и против волјата да не се причини бесчестие на казнуваниот, за што споменува и великиот Павле, кога вели дека (од Јудеите-б.м) петпати во четириесет (рани) освен една примаат[559].

5-А што ти ќе кажеш за жените, коишто според законот на природата по телесното страстно задоволство зачнуваат во стомакот и го донесуваат на свет зачнатиот во утробата плод? Освен помалку од на 40 дена таа да се одлачи од општење со верниците и од светите Тајни? Никако, бидејќи Мојсиевиот Закон заповеда таа (родилката-б.м) во текот на толкаво количество на денови да се очисти и од прародителскиот грев и од претходното слабострастие.

557 Во грчкиот текст стои малку поинаква формулација: После четириесетдневниот дожд испратен од Бога, голема вода ја покрила земјата.

558 Текстот во заградата го нема во старословенскиот превод-даден е според грчкиот текст. Сп. Новаковић Ст., Синтагмат, 494 бел. 3.

559 2 Кор. 11, 24. После оваа во грчкиот текст доаѓаат уште две алинеи коишто не се преведени во старословенскиот јазик. За нив види: Новаковић Ст., Синтагмат, 495 бел. 1.

6-Но, заборавил ли за тој број овој велики Мојсеј во тоа време кога случајот го навел него на тоа (кога тој бил повикан на планината за да ги прими Заповедите од Господа)? Никако не! бидејќи во текот на 40 дена телото свое го направил тенко, како некаков облак, тој му доставил на својот ум способност слободно да го прими божјото откровение и многу повеќе, камените плочи, кои тој во праведен гнев ги разбил не многу спуштајќи се по нивното добивање од Бога, туку затоа побарал и втор закон и се грижел да го избави народот свој од гневот Божји, тој постел не помал број на денови отколку претходно. Така и ние, повредени од лукавството на гревот го затвораме срцето, кога ги отфрливме законските заповеди, да се обидеме да се направиме повторно чисти и да го напишаме на нив (на срцата) законот Божји, со посредство на четириесетдневното злострадание.

7- Мислам дека тоа не стои далеку од примерот што го претставува тој маж. Бидејќи тој велики Мојсеј провел три години Четириесетница. Првата Четириесетница ја поминал во Египет во злостраданија и прогони по добивањето на познанието. Втората Четириесетница тој ја поминал во големи напори за научно набљудување на природата во ликот на пастир, и на крај во последната Четириесетница, - во безбројни напори за управување на народот.

8- Што може да биде понеобично од постапката на пророкот од Тезвит бегајќи од Језавела[560]? Што друго им било признаено во такви околности освен надежта и целосно сообразна со достоинството на пророкот? Ненадежното (неуспешното) лекување со пост? Но, тој не мислел (сметал) за праведно да го остави без внимание самиот тој број и после 40 дена се удостоил со великото она видение, затоа што и нам ни прилега да избегаме од Језевила, како што се вели со двете нозе, (бидејќи таа во толкувањата означува „сила на скербта“) ни причинува силна жалост (скрб) и се заканува да не́ предаде нас на душевна смрт. На таков начин и објаснуваат во духовна смисла некои од историите да не биде казнет (унесреќен) во поучувањето во однос на тоа како треба да се уреди својот карактер. Спасителот многу се грижел (радувал) за тој број, затоа што тројно е нашето раѓање, првото е плотско (телесно); второто со посредство на крштевањето и третото со посредство на воскресението, и Самиот Тој, по сопствено организирање го примал секое од овие раѓања и завршил по поминувањето на 40 дена.

9-После неизреченото телесно раѓање во четириесеттиот ден бил донесен во светилиштето за осветување на нашето очистување, бидејќи

560 Језавела (Иезавели), била кнегиња од Сидон, се омажила за израелскиот цар Ахав 869-850 г. пр. н.е. Била идолопоклоник на Ваал и го одвратила царот и народот од почитувањето на вистинскиот Бог. Ги прогонувала пророците и многу од нив го загубиле животот при нејзините прогонства. Загинала 824 година пред нашата ера. Сп. и: Старословенско-македонски речник. Прилеп-Скопје 1999, стр. 146.

немал потреба во него Самиот го зел земниот грев на светот.

10-После крштевањето во текот на 40 дена вооружувајќи се со пост, ги победил противниците бидејќи Тој не сакал да го престапи разгледаното погоре времетраење на постот, кое било спазувано и од оние божествени мажи, за да не помислат дека Тој се преправа во човек.

11-После истиот тој број денови (40) по воскресението Тој се вознесол во небесното светилиште претставувајќи ја во Самиот Себе нашата природа пред чистиот Бог и Отец.

Но, и бегството во Египет, т.с. мисловното злострадание, како што би рекле премудрите, ветил дека Тој ќе се врати оттаму по 4 години по плот (по тело).

Општо речено, ако на сето тоа му придодадеме симболичка смисла дека Бог давајќи му на човекот господство на сè што е во вселената (под небесата) и над животните кои живеат во неа, не сакал, за и создадениот според ликот Негов (човек) да има само едно живеалиште достојно и за несловесните, поради што посебно се издигнува за него после сето Царскиот дворец би бил божествен рај, навистина место на сладоста (уживањето) и живеалиште, коешто доликува на боголубивите души, за човекот да живее во него, оттаму како некој Бог којшто се користи од своите потчинети, затоа тој е и составен од две сосема различни меѓусебе по природа суштества - разумно и неразумно, - за со разумот тој да го украсува земното, како што ангелските сили го украсуваат небесното. Но, бидејќи дадената заповед, наместо нејзино исполнување, била нарушена, а злото нараснало, токму затоа, изменувајќи се во природата и паѓајќи во казна и сиромашен скотски живот, тој добил општо со неуките (несловесните) живеалиште. По изгнанието од даруваниот на него светол дом (блажено живеалиште) така што недолично било да живеат заедно, неприфаќајќи казна, симнувајќи ја од себе световната (цивилната) облека неказнета - Тој по справедливост бил оддалечен во направениот од делови и сроден на него свет, од каде што претходно бил земен, кој што, како сроден на него, го направил додаток на својата расипаност, тој го потчинил на суетата и го направил место за маки и злоба, а овој последен свет, во својот ред го направил таков, справедливо да дава одмазда на првиот, причинувајќи со него распаѓање (мака) на човекот, поразувајќи го него со силниот камшик на загриженоста, со жалоста и тагата на животот (животната жалост и тага) впрочем? Како огин и црв и ’рѓа се појавува на светот, причинуваат штета на првото тоа што го произвело, така и злото, влегувајќи во светот, прво причинува штета на човекот, -виновникот за злото. Така разгледувајќи ги историите, претставуваат дека се состои од четири стихии правејќи се близок до нашето пропаѓање самиот овој свет (во сè е) сосема е непријателски на нас, дејствието го препишува на нас во текот на четири десетки денови злострадание, нè советува и озаконува (советувам и озаконувам), дека ние и против волјата би избегале од овој свет просто како животни (битија), а посебно душевната смрт, загрозувајќи ги тие коишто секогаш се поврзани кон

него и се стремеле да дојдат до вистинското наше отечество, т.с. рајот, којшто природно далеку отстојува од седмото небо, овој и расипан век и целосно соодветствува очекувајќи нè нас после оваа осмо блаженство, бидејќи тој (рајот) е насаден со дрва од  чудна природа, кои што даваат подобри плодови, отколку дрвата на првиот рај - поубави за гледање и уште поубави за јадење, затоа што добрината на нивниот вид и сладост е неизречена.

Адам, да живее овде меѓу овие дрва, како што би рекол јас, би бил благонадежен, кога би ја почувствувал заповедта до крај и кон добивање на наследството, приготвеното за него царство пред создавањето на светот, бидејќи рајот би бил како подготвен за него, но доколку на дадената на него заповед тој го претпочитал задоволството, подложувајќи го него на распаѓање (тлеење, тлѣнїе), тогаш не само што ќе се лишел од царството, туку би бил исфрлен од божествениот суд и од рајот. Затоа што преодот не го наследува непреодот и изгонетиот самиот во тоа (го имал седмиот ден на светот) кон седмиот и истоимениот бил заточен од овој свет. Исто така тој пак не се излажал целосно во својата надеж бидејќ и насладувањето со оние блага (онаа среќа) се почувствува во осмиот ден за луѓето што живеат богољубезно и невино, затоа и е составено од тие четири предмети нашето тело, неразумните посакувања коишто мисловната способност на душата бидува восхитена, нам и на сите суштества (твари) ни причинила штета, треба за секое од соединенијата во нас стихијата да ја примиме со посредство на животот, соединет со трудот, целосно очистување во текот на целиот број 10 дена и на таков начин да го отфрлиме тешкото бреме на гревовите, да си ја олесниме душата со слободна поворка (слободно одење) кон горниот, бидејќи и доколку надворешниот наш човек тлее дотолку внатрешниот се обновува, според словото на Апостолите: спротивно на тоа Ирод, којшто во толкување значи кожен, преку кој се изразува телесното мудрување, се гордеел со тетрархијата, т.с. со составот на нашето тело (нашата цврстина),- која што потоа ја разделил на своите синови, бидејќи не со сила го одзел во нас вистинското учење на догмите, не ги поштедил децата од машки пол, т.с. само првите, имено,  умот и благородните стремежи кон добродетел. Но, можеби неговиот тетрарх синот мислел да прави што било друго, а не тоа што би го покажало него соодветен на татко му и по карактер не помалку, отколку родот и титулата? Оттука, Не! бидејќи несомнено и тој ќе го заколе проповедникот на вистинското учење, ако му се укаже подобен случај. Впрочем и овој десеток го произведуваат тие четворица и самиот е четворен затоа што сложувајќи со следните броеви, таа произведува десеток, и затоа, мислам, и тој се прифаќа во значење на разбеснет (озлобен), затоа што на десеттиот род бил наведен светскиот потоп, исто така со 10 казни Мојсеј го поразил Египет.

Затоа Господ наш сакајќи да не создаде нас (да не рехабилитира) нас и урнувајќи ја разорната стихија од секаква природа во претходната состојба и одново со човекољубно го дарувал со бессмртност и употребувај-

ќи за тоа соодветен број за стихијата орудија, ја признал неопходноста, дека почетокот на лекувањето бил поставен од нас самите, преку кои скапаното дрво проникнало во целиот свет, затоа сметаме за корисно (полезно) најнапред да се утврдат четирите природни добродетели, тој во одговор на бездушните наши мисли ги спротивставил великите стихии за новото здание, т.с. четирите Евангелија. Освен последните иако се четири содржат едно и исто, догми, заповеди, ветувања, закони, за тие што веруваат во тие догми и тие што ги исполнуваат овие заповеди да им биде дарувано ветување блаженство на синоположение (положба на синови) и со нив сите твари (суштества) се изменети во светлост неразрушлива, а кај тие, кои го пренебрегнале (запоставиле) исполнувањето на заповедите после она страшно домостроителство и до крајот живееле во зло, им била одземена секоја надеж за второто восоздавање (втората реконструкција) и тие во тој час ги наследуваат оние мачења од коишто биле загрозени. Но, доколку постот, според словото на светиот Кирил, служи како средство за очистување на петте чувства, преку кои нашата душа се просветлила или осквернавила, а тоа очистување ветува очекуваното во осмиот ден блаженство, тогаш, по множењето на 5 со 8 се добива бројот 40. Од причини на сето тоа, како што е речено, нам ни е наредено на нашите души, осквернени со гревови, да го обновуваме четириесетдневниот пост во тоа време кога со посредство на промените на подобро и целиот свет секоја година се обновува.

*Закони*: Седум дена пред Пасха и толку после тој ден Пасха, денот Рождество Христово, денот свето Богојавление, денот на страданијата на Апостолите и денот Господов се неделни денови , и во нив не се приредуваат претстави и не се спроведува судска постапка[561].

Во текот на претходните на Пасха 40 дена се прекинува секоја истрага за злосторничко (кривично) дело[562].

## ГЛАВА 6

### *За тие што постат во Среда*

Види во 37-ма глава на -К- состав, правило 15 на свети Петар Александриски и во 4-та глава од -Н- состав 69-то Апостолско правило.

## ГЛАВА 7

### *За тоа дека да зема лихва е забрането за секој свештеник*

*Апостолско 44-то*: 44-то правило на светите Апостоли заповеда: доколку епископ или презвитер или ѓакон побарува (зема) лихва од должинците, или да престане или да биде подложен на исфрлање, затоа што овде тоа претставува посебна опасност, дека тој што дал завет да живее според Евангелието да не се подложува на исклучителни (на двојни) казни, станувајќи виновен за тоа што забранил и стариот закон, каде

561 22 Βασ. VII, 17.

562 21 Βασ. VII, 17.

што се вели: да не даваш на братот твој во лихва сребро, и Језекил (Езекил) го смета за големо зло земањето лихва и изнудата. Тагува (жали) и Исаија напразно лихва на лихва и ласкање на ласкање, и Псалмопечатот за градот којшто изобилувал со мноштво беззаконија не оскудева од неговиот пат лихва и ласкање, Господ пак вели, тој што сака од тебе да позајми не го одбивај (не го одвраќај) (Матеј, 5,42) и во заем дајте, од нив неочекувајте восприемање затоа што милува беден заем да даде на Бога, оти тоа е и дар и заем, дар по безнадежност го добива обратно (назад), - заем, според великодаровитоста на Владиката, Кој Самиот за него платил со богати и велики дејанија.

*I Собор, 17-то*: 17-то (правило) од I Собор, секој свештеник и тој што е вброен во списокот, а ја пренебрегнува свештената изрека: среброто свое не го давај во лихва, и тој што ги прогонува (преследува) на живо и бесрамната корист и побарува од должниците стотно (процент) или половина од приходот заповеда да се исфрли. Постојат многу видови на лихва, но од нив потешка од другите е стотната, т.с. таа која се состои од 20 за 100 златника, коишто лихварите ја побаруваат (изнудуваат) законски. Кај нас 1 (една) литра се смета за 72 номизми, а во минатото се сметале 100 номизми, а половичната лихва претставува половина од целиот раст (целата камата) од 12 монети тоа е 6, а не како што е обичај кај математичарите да ја одредуваат величината на бројот според нивните заемни односи, како на пример бројот 6 е половично од бројот 4, а бројот 4 претставува две третини од 6. Но, некои не го прават тоа отворено за да не бидат разобличени во беззаконие, измислуваат друго спротивно на тоа дело и даваат други пари (монети) согласувајќи се со тие што ги примаат, приходот да го делат по половина, а во загубата не учествуваат. Така откривајќи слични итроштини или измислуваат други какви било бесрамни приходи, правилото ги подложува на исфрлање и ги оддалечува од клирот. Впрочем би било почовекољубиво да се подложуваат на такви казни после советувањето по горенаведеното Апостолско правило.

*VI Собор, 10-то*: Исто така вели и 10-то правило на Шестиот собор и заповеда тие од свештениците кои се занимаваат со лихва или да престанат или да се подложат на исфрлање.

*Лаодикејско 4-то и Картагинско 5-то*: Оваа правило го следи и 4-то правило од Лаодикејскиот Собор. Истото го вели и 5-то (правило) од Картагинскиот Собор и додава: Никому не е непознато дека незаситноста е мајка на сите зла, затоа треба целосно (совршено) да се уништи и заради бессрамната корист да не се пречекоруваат татковските граници и да не се дозволи свештеник да зема камата од какви било предмети, затоа што се дава заем не само сребро, туку и леб и вино и масло, кога позајмувачите се согласуваат по истекот на определено време, да дадат било што за даденото на нив, бидејќи за тоа што го утврдиле божествените отци не личи да се измачува (истражува) или суди или советува, туку треба да се следи без секаква противречност или од пустото љубопитство, така, ако тоа навлекува укор и негирање за мирјаните, тогаш уште пове-

ќе за свештениците.

*Василиј, 14-то*: Василиј Велики во 14-то правило вели: Тој што зел лихва, ако посакувајќи неправедна корист ги истошти сиромашните и претходно од болната ненаситност се ослободил, може да биде примен во свештенство. На друго место вели: Земјоделецот го добива класот, но не го бара од коренот семето. Заемодавачот и плодот го бере и не го прострува тоа од што добива камата, без земја сее, не сее, а жнее. Затоа кога бакар и злато и друго неспособно за раѓање покрај природата, ги раѓа (земјата) по природа способна за раѓање, станува неплодна.

*Закони*: Иако од многумина законодавачи што биле (живееле) пред нас и́ била дозволена плата од процент (лихва), - можеби, според грубоста и жестокоста на заемодавачите, но бидејќи тоа е недостојно за нашиот христијански живот, ние го сметаме тоа дело за подло, како забрането од божествените законоположници. Затоа нашата скромност заповеда на никого и на никаков начин да не биде дозволено, ниту во никој случај да зема проценти, за мислејќи дека го почитува граѓанскиот закон, ние да не го нарушуваме Божјиот закон. А, ако некој колку тоа и да не било возможно - земе, - земеното треба да се запише во долг[563].

Древниот, пак закон определува извесно количество лихва (проценти) различни по квалитетот на лица што ги разменуваат: Заемодавачите заповеда да земаат од богатите лица и повеќе од една третина на каматната стапка (т.с. 4%) и толку, сребро продавачите и купувачите - до две третини од стотниот раст (т.с. 8%), а сите други - до половина од каматната стапка (т.с. 6%); а ако заемот биде за благочестив дом, тогаш до една четвртина од каматата (т.с. 3%), при заемите за бродови, каде што тие се занимаваат (со работа  со која) се подложуваат на опасности од морето, заемодавачот не зема повеќе од законската камата, а ако заемодавачот се подложува на опасноста од море, тогаш може да зема и повеќе од законската камата, а на тие што се занимаваат со плодови, на кои во минатото им се дозволувало да земаат поголема камата, поради неизвесноста на претстојниот род, сегашната одредба не дозволува да земаат поголема камата како добивка за дадените залози и судиите да не пресудуваат за уплата на поголема камата под изговор дека е таков месниот обичај, а ако кој било земе поголема камата, тогаш тоа треба да му биде запишано како уплата на капитал.

Стотна камата (стотен раст) се нарекува процентот којшто се состои од 12 монети, уплатувани за 100 секоја година, а т.н. наша литра-сразмерно со златото вклучува 8 монети, т.с. две третини (од стотната камата)[564].

Процентот (лихвата) треба да биде уплатуван сразмерно со количеството на земениот капитал, а ако се случи да се плати (процент) повеќе отколку што припаѓа на земениот капитал, во таков случај вишокот се

563 Προχ. Νομ. 16, 14.

564 70, 71. Βασ. XXIII. 3-15; 18. Βασ. LIII, 5.

запишува (префрла) во капитал[565].

Тие што одредуваат пролихва на лихвата (процент на процентот) се лишуваат од граѓанската чест, бидејќи никој нема право да бара процент на лихва, макар и помалку да се уплатувало[566].

## ГЛАВА 8

***За Трисветата песна***

Види во 35-та глава на -Е- состав, 81-во правило од VI Собор.

## ГЛАВА 9

***За тоа дека косата на глава не треба да се украсува***

*VI Собор, 96-то*: 96-то правило од VI Собор вели: Во Христа крстените олеснувајќи се дале завет да го имитираат (подражаваат) во тело и живот Него и да ја зачуваат секоја невиност и девственост, а не да потпаѓаат кон предметната суета и да не го украсуваат своето тело со непотребности и ситници. Но што може да биде понепотребно, ако не тоа за украсување на косата на главата и брадата и убавото нивно распоредување да имате грижа (работа, занимање), а украсувањата со секаква добродетел внатре во човекот да се пренебрегнуваат. Апостолите велат: Маж ако ја украсува косата, бесчестие на него е! и Мојсеј во Второзаконието (книгата на Левит) вели: не правете истрижан круг од коса на вашата глава, ниту да ја бричите вашата брада. Така правилото заповеда првин татковски да се казнуваат тие што прават што било такво, а упорните да се одлачуваат. На такво исто казнување подлежат и тие кои ја виткаат косата за да им биде кадрава, или ја украсуваат, или ја мачкаат со вода и ја сушат на сонце, за да им стане руса, или ја прават златна, или се обидуваат (грижат) за да им биде погуста, или додаваат туѓи плетенки, или ја бричат брадата, или ги горат врвовите на косата со усвитена керамида или со штипки (заби) умешно истргнуваат (кубат) некои влакна, правејќи го тоа за мало благоприличие (за малку подобар изглед), како би се рекло, дека кај нив едвај почнуваат да се пробиваат првите ситни влакна на брадата. Тоа сега посебно, како некоја зараза (епидемија) се распространува меѓу христијаните.

## ГЛАВА 10

***За гробораскопувачите***

*Василиј 66-то*: 66-то правило на Василиј Велики заповеда на 10 години да се одлачат од светата причеста раскопоувачите на гробови (т. с. тој) кој открива гроб и го краде тоа што е ставено со мртвиот.

*Ниски, 7-мо*: Великиот Григориј Ниски во 7-то правило вели: Гробораскопувањето се дели на простувачко и непростено. Ако некој штедејќи ја честа на мртвите и не го допира сокриеното во гробот тело, да не

565 26. Βασ. XXIV, 6.

566 75 и 78 Βασ. XXIII, 3.

се покаже пред сонцето неблагообразна природа, некои камења ставени на гробот ги употреби за каква било градба, тоа иако не е за пофалба, впрочем, по природата се направило простливо, кога оној предмет биде претворен во нешто поубаво и општо корисно. А тие што ги вадат остатоците од телото што се распаднало во земјата и ги подигнуваат коските во надеж дека ќе најдат некаков украс, закопан со умрениот, тие подлежат на таков ист суд како и простиот блуд, - т.с. 9 годишна епитимија, а ако лекуваниот покаже усрдно (прилежно) преобратување, тогаш тој што му го одредил лекувањето (покајувањето) на него може да го скрати времето на епитимиите, определено според правилата.

*Закони*: Тој што одзема предмети од гроб подлежи на грев за светотатство[567].

Ако некој од гроб зема камења, или столбови (колонади) или мермер или кој било друг предмет, да плати 20 литри злато во државната благајна (во царина)[568].

Ако некој раскопува гроб и ги подига остатоците од телото на умрениот или коските, ако е прост (сиромав) со оружје да се казни, а ако е богат, тогаш да се протера во заточение или да се испрати во рудник[569].

Тој што мртвите во гроб ги соблекува да му се отсечат рацете[570].

Тој што подига мошти или коски, ако е себар (сиромав) подлежи на крајна казна, ако е богат во затвор се става или се испраќа во рудник[571].

Не прилега моштите на умрениот да се допираат или соголуваат, а ако се положени на време се дозволува да се пренесуваат[572].

Никој без царска дозвола несмее да пренесува човечко тело во друго место (област)[573].

## ГЛАВА 11

### *За тоа да тепаат свештениците не е дозволено*

*Апостолско, 27-мо*: 27-то апостолско правило вели: Наредуваме епископ или презвитер или ѓакон, ако тепаат верници согрешуваат, или неверни навредуваат, и преку тоа  им се заканува да бидат исфрлени од свештеничкиот чин. Бидејќи Господ такво нешто не нé учел, спротивно на тоа, Самиот, кога бил удрен не нанесувал удари, тие што го укорувале не ги укорувал заемно, страдајќи не загрозувал (други) и не штедејќи го десниот образ заповедал да го сврти  и левиот. Бидејќи тој што причинува навреда треба да се демаскира (раскринкува) поинаку и на навредениот

567 15 Βασ. LX, 23.

568 Βασ. на истото место.

569 3 Θεμ 7. Βασ. LX, 23. Може да се толкува и вака: Ако некој раскопува гроб и го соблекува мртвото тело, ако е со оружје, главно се казнува, ако е без оружје се праќа во рудник.

570 Προχ. Νομ. 39, 57.

571 11. Βασ. на истото место.

572 14. Βασ. на истото место.

573 14. Βασ. LV, 3.

да му се укаже поголема  помош, како што се гледа од Посланието на великиот Павле, заповедувајќи му на великиот Тимотеј - тие што згрешиле пред сите да се демаскираат, за и останатите да имаат страв, а за себе да одмаздувате свештеник - се забранува. Впрочем, умерено треба да ги казнувате своите ученици кои згрешиле и после вразумувањето не се подобриле, дозволено е; затоа што Господ со удари со камшик ги истерал од храмот трговците, затоа што тие грешеле против божественото, а ако каков било учител, под влијание на гневот, удри со смртоносно орудие, - не треба да остане без казна.

*I и II Собор, 9-то*: 9-то правило на т.н. Прво-Втор собор, споменувајќи за ова Апостолско правило, определува казна за тие, кои што се обидуваат да го заобиколат тоа правило и мислат да ги обвинат само тие што тепаат своерачно, но, не и оние кои тепаат со посредство на наредбите, бидејќи е нерасудувачко, вели (правилото) и туѓо на апостолското правило - тој кој удрил трипати или четирипати (своерачно), да се  исфрли, а тој што тепал до смрт преку одредбите  (наредбите) да остане без казна. Затоа што на свештеникот Божји должноста му е оној со неблаг карактер да го вразуми со поучувања и совети, понекогаш пак и со црковни епитимии, а не да се насочува на човековото тело со камшик и удари и да не ги измачува нив. Ако пак некој е целосно непоправлив, таквиот никому не се забранува да го вразумува преку месниот граѓански управник (кнезот) како што одредува и петтото правило од Антиохискиот собор.

За тоа види и 12-та глава од -С- состав.

*Фотија, 3-то*: Третото правило на соборот со кој претседавал Фотиј, го подложува на анатема  оној, кој воопшто ќе се дрзне да тепа или заклучува во темница (затвор) кој било од епископите, или без вина, или под лажно обвинување, а ако има и целосна благословна вина, тогаш и во таков случај не може да одлучува за нејзино казнување, впрочем и тој кој има само поголема власт, туку треба да се достави до судот на Соборот, на којшто е само единствено и дозволено да суди и ги казнува епископите кои прегрешиле.

*Закони*: Законот забранува епископ да тепа со свои раце, а казна не определил, затоа што воопшто определува за секого, кој тепа или причинува навреда, давајќи право да покренуваат против нив самите за навреда - барање (тужба) и парична и кривична, и определува, која навреда е пожестока и која е полесна (поблага)[574].

Тој што ќе се дрзне да тепа свештеник во црква или на јавно место да биде протеран[575].

Ако биде повредено тело на слободен, тогаш се пресудува да се плати издршка за лекување и за пропуштената работа, но не за сакатење (тешка телесна повреда). А тој што ќе  повреди тело на роб, покрај кажаното, подлежи на одговорност и за намалување на неговата вредност (цена)[576].

574 25 Βασ. III, 1 и 1 Βασ. LX, 21.

575 43. Βασ. III, 1.

576 3 Βασ. LX. 2.

# ОДРЕДБИ ОД -У- СОСТАВ

## ГЛАВА 1
***За навредата***

Види 7-ма глава од -В- состав.

*Апостолско 55-то и 56-то*: 55-то правило на св. Апостоли, а исто така и 56-то, свештеник кој причинува навреда на својот епископ треба да биде исфрлен.

Кнезу! Твоите луѓе да не зборуваат зло, таа изрека го водела Мојсеј (Дејанија, 23. 5; Исх. 22. 28), а тој што ќе причини навреда (поп) на презвитер или ѓакон треба да биде одлачен, затоа што навредата причинета на поголемо лице заслужува и поголема казна, а навредата причинета на помало лице заслужува и помала казна, бидејќи епископот го зазема во црковното тело местото на глава, а презвитерите и ѓаконите - раце и другите службени органи.

*Апостолско 57-мо*: 57-то пак (Апостолско правило) вели: кој на крив (инвалид), или слеп или болен во нозете му се потсмева, да биде одлачен било да е свештеник или верник. Затоа што кон таквите треба да имаме сострадание и да им подаваме рака за помош, а не да правиме од нив предмет за посрамување и потсмев.

*Закони*: Жестока навреда се определува на лице, или предмет или место: на лице, кога ќе биде причинета на кнезот или патронот (ἄρχοντι ἢ πατρωνι); на место - кога е направена на приредба, на увид (пред очите) на сите; дело (предмет) - кога биде нанесена и рана или биде рането лице. Таквите, ако тие се знатни (угледни) или привремено се протеруваат или се подложуваат на некакво лишување; ако се слободни, но прости, тогаш се казнува со удари со стап, а ако се робови, тогаш се казнуваат со камшик и се предаваат на господинот (сопственикот)[577].

Ако некој за време на вршење на божествените таинства или други свети служби, влегувајќи во светата црква, причини што било навредливо на епископот, или попот, или други нижи службеници во црквата, заповедаме таквиот да се подложи на тешка казна и да се протера во заточение, а ако предизвикал неред (збрка) во вршењето и на самите божествени таинства и служби или забрани да се извршуваат тие, во таков случај подлежи на смртна казна. Тоа истото треба да се спазува и при општествените молитви, при кои се присутни и епископи или свештеници, за да, ако кој било причини само навреда, да биде подложен на казна и протеран, а ако ја прекине молитвата, да биде подложен на смртна казна[578].

## ГЛАВА 2
***За хидропарастатите - еретици***

Види во втора глава од -А- состав. И во 8-ма глава од -К- состав правило 32 од VI Собор.

577 7 θέμ. 8. Βασ. LX, 21.

578 47. Βασ. III. 1.

## ГЛАВА 3

***За посвојувањето (усвојувањето)***

Види во 8-ма глава од -В- состав.

Тој што посинува треба да биде по возраст постар од посинетиот 18 години, бидејќи посинувањето ја имитира природата[579].

## ГЛАВА 4

***За служителите или подѓаконите (хипоѓакони)***

*Лаодикејско 21-во*: 21-вото правило од Лаодикејскиот Собор вели: не треба подѓакони во таканаречените ѓаконии да се допираат до свештените садови со чие посредство се извршува свештенодејство над тоа што се принесува во жртва, бидејќи не им се дозволува да поминуваат ѓаконско служење. Да се допираат пак до празните свештени садови, да ги подготвуваат нив за свештенодејство и да ги прибираат после тоа и да ги ставаат во чесното место на подѓаконите им приличи повеќе од сé: бидејќи во тоа и се состои нивното служење.

*Исто, 25-то*: 25-то правило (од истиот собор) не дозволува на служител т.с. подѓакон, ниту да дава леб, ниту да благословува чаша.

*Исто, 43-то*: 43-то (правило на истиот Собор) заповеда подѓаконите да не се молат за народот за време на божествената Литургија, ниту да се допираат (доближуваат) кон божествените Тајни, затоа што тоа дело е единствено само за свештениците, туку да стојат на вратите на светите цркви и да не ги оставаат нив и на малку време, за да ги воведуваат и изведуваат поучените, тие што се наоѓаат во покајание и други. Тоа е еден од чиновите на црквата, т.е. чин служител и така наречените (терапевти), и подѓакон, тој е во толкава мера повисоко од мирјаните, колку што е понизок во олтарното служење.

Види и во 9-та глава од -А- состав, 25-то правило на Сардикијскиот собор. И во 9-та глава од -Е- состав правило 22 и 23 од Лаодикејскиот собор. Види исто така 31-ва глава од -Е- соста.

## ГЛАВА 5

***За подарувањата во случај на брак***

*Закон (*Νεαρα *= Новела)*: Новелата на Лав Мудри вели: миразот треба да има поголемо значење, отколку дар направен во случај на брак. Впрочем, во случај на смрт на мажот-бездетен, ако немало (посебни) услови, жената го добива и миразот и дарот, направени по случај на бракот и повеќе ништо. А ако смртта ја зафати жената, во таков случај нејзините наследници го добиваат миразот, а мажот треба да биде лишен од својот брачен дар[580].

579 50 Βασ. XXXIII, 1.

580 Новела на Лав Мудри-20-та.

## ОДРЕДБИ ОД -Ф- СОСТАВ

### ГЛАВА 1

***За фалкидија (наследниците, легаторите)***

Фалкидијата е закон којшто им одзема една третина на легаторите т.е. тие што добиваат дар од кој било според тестамент (завештание) од татковиот имот и го предаваат на неговиот наследник. Тој е установен заради децата, за природните наследници да имаат предност и се состои во следното: ако таткото има еден син или два или три и исто до четири, тогаш за одбивање (задржување) на првиот долг, потоа трошоците за погребувањето и тоа што се расходувало (потрошило) со благочестива цел, а исто така и цената за отпуштените на слобода робови, децата добиваат трети дел чист имот од својот татко, а ако таткото има 5 и повеќе деца, тогаш тие добиваат половина од татковиот имот, а останатото таткото го подарува на кого сака, или на едно од своите деца, или на неколку или на кој било туѓ (не е од неговиот род), ако пак таткото посака да го фрли, можеби во пропаст, тогаш и во таков случај никој не може да го подложи него на суд. А законот вели: Одредуваме дека даровите оставени по завештание (тестамент) со благочестива цел, да имаат предност (претпочитување) и пред фалкидиите[581].

### ГЛАВА 2

***За трујачите и магепсниците***

Види Прва глава од -М- состав.

### ГЛАВА 3

***За обесчестувањето (силувањето) на девица***

Види во 15-та глава од -М- состав, 18-то и 60-то правило на Василиј Велики; 13-та глава од -А- состав. И осма и 30-та глава од -Г- состав.

### ГЛАВА 4

***За сребролубието***

Види 11-та глава од -П- состав.

### ГЛАВА 5

***За убиствата, волни и неволни (намерни и ненамерни)***

*Апостолско, 65-то*: 65-то правило на светите Апостоли вели: кој во спор (кавга) удари кој било и го убие, макар и со еден удар, ако е свештеник да биде исфрлен за својата дрскост, а ако е мирјанин - да биде одлачен. Бидејќи за тоа и Господ заповеда не само да не се одмаздуваме на тој што нè навредува, туку да му го свртиме и другиот (десниот) образ на тој што не тепа (Матеј, 5. 39), бидејќи караницата понекогаш се завршува со убиство.

581 Συνοψ. Αταλ. XXXVII; Βασ. XLI, I, 4.; 13 Βασ. V. 3.

*Григориј Ниски, 4-то*: Великиот Григориј Ниски во 4-то правило вели: Престапот убиство се дели според начинот на убиство на волно (намерно, свесно) и неволно (ненамерно, несвесно).

*Кое е волно (намерно, свесно) убиство?*

Волно убиство, под прво е тоа, на кое намерно се дрзнал тој што се решил на него (на убиството); како второ, и тоа се става во намерните убиства, кога кој било во спротивставена борба (одбранбено дејство) и во кавга, тепа и биде тепан, нанесува со рака удар во некое опасно место. Така убиството направено од меѓусебната борба се препишува на самоволноста (намерата), а не на случајот.

*Кое е неволно (ненамерно, несвесно)?*

Неволното убиство има извесни признаци, кога некој има намера нешто друго и случајно направи тешко зло. Епитимијата за намерното убиство се простира на 25 (27) години, разделени на три деветтолетија, при што во првото деветтолетие забранетиот треба да биде во целосно одлачување, т.с. да стои надвор (пред) црквата и да плаче, а во останатите две деветтолетија тој е должен да стои заедно со слушачите, потоа со тие што прават метанија и после тоа да пристапи кон причестување со Тајните. А ако казнетиот со величината на обратувањето и топлината на покајанието ги надминува тие, кои во продолжение на времето помалку работат за да се очистат себе си, во таков случај треба да биде скратена за него должината на епитимијата, така што наместо на девет на секој степен на покајание да се одредат осум или седум или шест или само пет години, според судот што го организирала црквата.

Неволното убиство го признаваат за достојно за оправдување, но не и за пофалба, бидејќи осквернавениот со убиство, како некој што се направил нечист, правилото го признало за недостоен за свештеничката благодет. Какво време е одредено за очистување на простиот блуд (т.с. 9 години) такво исто за благорасудно да се одреди и за ненамерните убијци, притоа со разгледување и овде на расположението на тој што се кае, треба ли на него да се исполни целиот определен рок (на епитимија) или да биде скратен.

*Василиј, 8-мо:* Исто така убиствата ги дели на волни и неволни и Василиј Велики во 8-то правило и вели: Ненамерно убиство е тоа, кога некој фрли камен за да се заштити себе си од ѕверови или да собори од дрво плод неочекувано порази до смрт човек којшто поминува.

*Види уште кое е несакано (неволно) убиство*

Несакано (убиство) исто така е тоа, ако некој сакајќи некого да поправи (исправи) го удри со ремен или со жезло (железо) не тешко, и удрениот умре, затоа што овде се разгледува намерата, дека тој сакал да го поправи грешникот, а не да го умртви. На сличен начин кон несаканите убиства припаѓа и тоа, ако некој, заштитувајќи се себе во кавга (расправа), со дрво или рака бесмислено му нанесе удар на противникот во опасно место, имајќи намера да му предизвика болка, а не да го убие, но тоа веќе се доближува до намерното убиство, затоа што употребувајќи такво

орудие за заштита или бессмислено нанесувајќи удар, јасно е тоа дека не го поштедил човекот бидејќи бил опфатен (овладеан) од страстите.

Слично, тој што употребил за орудие тешко дрво или камен, поголем од човековата сила, се вбројува кон ненамерните убијци, затоа што имал друга (поинаква) намера, а друго направил, бидејќи тој во гнев нанел таков удар што го умртвил поразениот, иако можеби неговата намера била да го порази (победи), а не сосема да го умртви.

*Гледај кое е намерно убисӣво?*

Тој што употребил меч или што било такво, тој нема никакво оправдување, и посебно ако фрлил во кој било секира затоа што тој не го удрил него од рака, така што јачината на ударот зависела од него, но фрлил, така што ударот и тежината на железото и од неговата острина и од движењето низ поголемо пространство, по неопходност треба да биде смртоносно.

Целосно (совршено) исто така намерно и надвор од секакво сомневање е тоа што го прават разбојниците и во непријателските напади, бидејќи разбојниците убиваат заради пари (пљачка), избегнувајќи го разоткривањето на злосторството, а тие што се наоѓаат во војна одат на поразување на противникот со јасна намера, не да го заплашат, ниту да го вразумат, туку да ги истребат оние (непријателите).

Исто така, ако некој напои кој било со таен состав, макар тоа да било за друга некоја причина и го умртви, таквиот се признава за убиец со намера. Тоа често го прават жените, обидувајќи се со некаква магија (обајување) и восхитување да ги привлечат мажите за љубов кон себе, им даваат магични состави, коишто предизвикуваат помрачување на разумот (умот). Макар што таквите причиниле смрт, го направиле не тоа што го имале во намера. Исто така за волшепство и тие што се занимаваат со забранети дејности се вбројуваат кон намерни убијци.

Токму затоа и тие што даваат или примаат отрови за убивање на плодот во утробата за да предизвикаат исфрлање на зачнатиот плод, по ништо не се разликуваат од намерните убијци.

*Исӣо, 43-ӣо*: Во 43-то (правило Вас. Велики) вели: Тој што нанесува смртен удар на ближниот е убиец, без разлика дали прв го нанел ударот или возвраќал.

*Исӣо, 56-ӣо*: Во 56-тото (правило истиот св. Отец вели): Тој што извршил намерно убиство и потоа се покајал, треба да биде оддалечен од причеста со св. Тајни на 20 години. Во текот на 4 години тој треба да стои надвор пред црквата, да плаче и да го исповеда своето беззаконие да ги моли тие што влегуваат да прават молитва за него. Во текот на 5 години тој треба да влегува заедно со слушателите и пак во текот на 7 години треба да влегува заедно со тие што прават метанија, не останувајќи внатре до крајот. Во текот на останатите 4 години тој е должен да стои заедно со мирјаните и по исполнувањето на сето тоа да се причести со св. Тајни.

*57-мо*: Тој што извршил ненамерно убиство според 57-то правило (на

Вас. Велики) се оддалечува од причестувањето со св. Тајни на 10 години.

*54-шо*: Во 54-то свое правило (Вас. Велики) заповеда, да се разгледаат особеностите на случајот, за да се скратат или продолжат епитимиите на тој што извршил ненамерно убиство.

*11-шо*: Во 11-то правило (Вас. Велики) вели: доволна казна за тој што извршил ненамерно убиство е да нема општење во текот на 11 години, иако казната го надминува определеното со правилата време. А во однос на тие што се здобиле со рани ние сме должни да го почитуваме Мојсиевиот закон (Исх. 21, 18-19), и тој што легнал на постела од здобиените рани, но потоа пак проодил со помош на железа, не се смета за убиен, ако пак не станал после раната, бидејќи тој што го удрил не сакал да го умртви него, тогаш тоа е убиство, исто по намерата, неволно.

*Неокесариско 22-ро*[582]: Истото и во 22-то правило на Неокесарискиот собор вели: виновните за ненамерно убиство претходните одредби заповедаат на 7 (седум) години да се одлачат од целосно општење, новата одредба заповеда да се исполни петгодишно време на покајание.

*23-шо*: 23-то пак (од истиот собор) заповеда намерните убијци да се удостојат со причеста при крајот на животот.

*Знамение*: А ти покорувај се подобро на правилата на Василиј Велики.

## ГЛАВА 6

***За самоубијциите***

Види 12-та глава од -В- состав.

## ГЛАВА 7

***За убисшваша во војна и за шие кои убиваат разбојници***

*Ашанасие - еписшола (йослание)*: Атанасиј Велики во посланието до Амон вели: Не е дозволено да се убива, но во војна да се убива противникот е и законски и достојно за пофалба.

*Василиј, 13-шо*: Василиј Велики пак во 13-то правило вели: ако убијат во војна наши отци не им се препишува за убиство, оправдано е како што мислам јас, наместо да се обвинуваат, да се прогласат за поборници за невиност и благочестие. Но можеби би било добро да се советуваат зашто тие имајќи нечисти раце, три години треба да се воздржуваат од приближување (приопштување) до светите Тајни. На таков начин и овој божествен отец ги почитува достојни за пофалба тие што одат на противникот и го заштитуваат родот христијански, бидејќи што може да биде подостоинствено за пофалба отколку што би бил поборникот за невиност и благочестие? Но, доколку кај овој свет отец било намера - скверните, да ги следи понекогаш и со благите дејанија, да се очистат, тогаш тој ги подложува на умерени епитимии и оние, како што мислам, како што би направил и Атанасие Велики, ако ги споменал тие дела, а и

582 Во грчкиот текст стои: Анкирско 22 и 23.

за нив не споменал.

Но, некои не постигнуваат великомислие на законоположникот и не обраќаат внимание на блиската на човечките постапки кон зло, велат, може да доведе до тоа што самите најдобри војници, а особено тие чија што работа се состои во тоа што со меч и убиства на непријателите, да се одрази (рефлектира) на стремежите за целиот живот да бидат лишени од доброто на причеста, што за христијанин е неиздржлива казна (мака).

*Противречности*: Зошто велат нечисти раце на тие, за кои ти самиот сé најдобро гледаш, сведочиш дека тие војуваат за невиност и благочестие, бидејќи ако војниците не бидат ревносни, да стапат во битка со варварите и со гол меч ги покорат нив, оттука не од желба за туѓо, туку од опасност за своето, така нели ќе пропадне благочестието, кога варварите сè ќе потчинат на својата власт по целосна неактивност на противникот и ќе се грижат да ја утврдат сопствената религија? А кој ќе се подвизува во невиност, кога сите принудно ќе живеат според обичајот на тие коишто ги направиле нив самодржци? Еве што со детски, така да се рече, јазикот на дрскоста зборува против Многуустата Труба на Духот и Книгата на Евангелското искуство.

*Разрешување*: На таквите јас би им го рекол следното: после Адамовиот престап, како што ние знаеме во човечкиот род, кратко речено, влегол рој присутни во нас природни страсти, како што се општите болести, влегувајќи заедно со злото, од нив едни се соединети со нив по природа и неопходност, а другите зависат од природата и од самоволието (слободата). Првите имаат оправдување, бидејќи имаат доволно за себе оправдување во неразумната неопходност, што се однесува до тие страсти кон кои нé води произволноста која е својствена за разумната и слободна природа, ја убедува неа да се потчини на страстите на неразумната природа, при можноста под услови, такви желби да не им се дадат, макар би биле и простени, не можат да останат целосно без укорување, а според сé и бара да бидат очистени како последица на прародителскиот грев.

Затоа и бракот, иако е континуитет на родот наизглед, носи во себе некоја претстава на бесмртие, од коешто ние сме се лишиле, кога не би го имале за свој помошник законот и ако не би го очистиле исконскиот грев со извршување на свештениот обред (крштевањето), би бил почитуван (сметан) за најгрешно дело, далеку би биле од нашето општење, иако ние и веруваме дека тие природно се сметаат за дел од прародителскиот грев, а не од произволието, така што вината на своето битие ја имаат во плотските (телесните) посакувања, како што вели божествениот Давид: во беззаконие зачнат сум. Така, ако и војниците и тие што следат по нив убиства се одраз на престапите на произволните страсти, тогаш без сомнение е неопходно и тие што проведуваат живот во битки и ги обагруваат своите раце во крв на туѓинците, претходно се очистиле со лекарството -покајување и со огинот негов попаднале да се соединат со таква скверна дејност и на таков начин пристапиле кон таинството на новиот Адам.

*Како Евангелското законоположение ја забранува војната и убист-*

*вата во неа и Стариот Завет*

Сите основни Евангелски закони (Евангелско законоположение) нѐ доведуваат во првобитната состојба и повикувајќи нѐ кон духовниот и колку што е можно кон подобар живот, нигде не ги одобруваат војните и убиствата не ги дозволуваат, забрануваат распространување на злото, како што тоа било својствено за древното законоположение (законодавство), но бидејќи е целосно спротивно на ова последното, тоа и учи спротивно, бидејќи некогаш Господ, кога Неговите ученици се разгневиле на ревноста на Фесвитјаните, го прашале Него, ќе им дозволи ли Тој да симнат огин на Самарјаните, не примајќи ги нив, обраќајќи се кон нив им забранил и рекол: не знаете ли кој дух сте вие? (Лука 9, 55). Впрочем, ако внимателно се разгледаат и основните закони на Стариот Завет, ќе најдеш дека и тоа (законодавство) во однос на тоа мудрува согласно со Евангелието, иако различните карактери на човековата природа бараат и различност и во управувањето (насоките). Зошто Бог знаејќи дека божествениот Давид имал намера  да Му подигне храм, не му го дозволил тоа? Нели заради тоа што неговата десница била осквернавена со безброј убиства на туѓинци (иноплеменици), за да и во тој случај достојно му верувал на Јосиф? А зошто Бог, кога Тој со посредство на страшни знаменија од небото и тенкиот глас на ветерот на Хорив разговарал со тој ист гореспоменат Фесвитијан, велел дека во бурата и земјотресите нема Господ, а во духот на студот тенко е Тој (3 Цар. XIX, 11-12)? Нели јасно Тој покажал овде дека на Бога му е љубезно само долготo трпение (стрпливоста) и човекољубието, а сето друго, спротивно на тоа, се доближува до итрината на луѓето. Во што се состои великата заслуга на Мојсеј? Нели во тоа што тој се обидувал (се грижел) да го уништи нечестието што господарело над човечкиот живот, и ги уништувал сите јавно откриени во него целосно ненадежните во однос на промените кон подобро? Зошто тие, кои по Божја наредба (повеление) заедно со телата човечки некогаш подариле и нечестие, тој на определени денови забранил влез во логорот (Числ. XXXI, 19)? Бидејќи испратениот од него кон непријателскиот Валаам со вистински пророчества, целосно го опустошил потчинетиот нему град, беспоштедно истребувајќи ги сите, што се наоѓале во него, освен децата, умртвувајќи го дури и самиот цар го заклал маж којшто го замислил и го направил претходно големото зло на Јудеите, бидејќи тој претставувајќи ги бесрамните жени (блудниците) ги обесчестил со блуд телата, а со нечестие-душите ги осквернавил, -е така со тоа извојувал победа над противниците тој наредил до седмиот ден да престојуваат надвор од логорот, а на великиот жрец Елеазар заповедал да ги очисти нив, (Чис. XXXI, 21-22) покажувајќи како што мислам дека убивањето на непријателите е законско, но убивањето на човек, макар тој и справедливо да се одмаздувал (да возвраќал) и да го правел тоа од принуда и кон каква религија тој да припаѓал, се смета за порочно заради високото и општо родство, поради што и одредил да се очистат тие што ги убиле и тие кои биле далеку од нечестието, за ослободување од претпоставениот грев.

*Знамение*: За време на царот Никофор Фока тоа правило донело полза на црквата, бидејќи кога тој почнал да ја принудува црквата да донесе закон за паднатите во војна да бидат чествувани подеднакво со светите маченици и слично на нив да бидат восфалувани со песни и свечености, тогашните раководители на црквата, кога многу аргументи не го убедиле царот дека неговото барање е наблагочестиво, накрај со тоа правило велат: како е можно да се вбројат кон мачениците паднатите во војна, кога Василиј Велики нив ги одлачил на три години од таинствата бидејќи имале нечисти раце и на тој начин го одбиле насилието на царот.

*Зри (Види)*: Кога различни свештеници и епископи признале пред Соборот, дека тие учествувале во битки со непријателите и убиле многумина од нив, тогаш свештениот и божествен Собор, следејќи го престојното правило и 55-то на тој ист светец, коешто е влезено во шестата глава од -Л- состав, и собирајќи го сето што е кажано во однос на ова во божествените Писанија, им наредил да престанат да свештенодејствуваат, иако некои, особено од редот на војниците и не се согласувале со отците на овој собор. Види уште 6-та глава од -Л- состав.

## ГЛАВА 8

***За жените што со посредство на отров го убиваат зачнатиот во утробата плод***

Види 28-ма глава од -Г- состав, и во 9-та глава на истиот состав, правило 25 од Анкирскиот Собор.

*Уште за ненамерните убиства и за децата задушени при спиење до своите родители*

Меѓу ненамерните убиства се става и тоа кога некое дете (бебе) лежи (спие) ноќе меѓу родителите, а тие заспијат и од нивно невнимание или како последица на пијанство, или натежнат стомак од преситеност го налегнат детето и го задушат (удават). Тие, откако ќе почитуваат седумгодишно каење, со сува храна и со коленичење го умилостуваат Божеството, со плачот и по силата на милостињата го скратуваат определеното време за покајание, имаат оправдување за тоа што се подложиле на непоправлива беда (несреќа).

*Знамение*: Ако тоа се случило јавно како оптужба на непријателот, а родителите со ништо не згрешиле, тогаш, макар да се случи тоа што е достојно за смилување, сепак бара умерена епитимија, бидејќи може да се каже дека тоа е допуштено од Господа, којшто ги чува децата од причини на други какви било неопростени гревови. Затоа вели (Давид): „Нема да дозволи да ти се сплеткаат твоите нозе, затоа што твојот ангел чувар не спие“ (Пс. 120, 3).

Ако, пак, биде заспано дете, непросветлено (некрстено) во таков случај родителите заедно со продолжените епитимии треба да ја зголемат милостињата.

*Закони*: Убиството се разгледува според расположението, дали имал намера тој што го сторил убиството, да убие или не, оттука може да се

види дека и тој што само удрил, а не убил се казнува како убиец, и тој што убил, ако сакал само да удри, не се казнува како убиец. Намерата се дознава според орудието со кое е нанесен ударот. Казната за намерно убиство, ако е извршено убиството над богат (познат) е заточение, т.с. целосно лишување од имотот, а ако е сиромав (себар), се предава (убиецот) на меч и ѕверови, тој што извршил убиство по невнимание или небрежност, - пет години се протерува, а на ненамерните убијци им се дава прошка[583].

Законот за убиство на човек ја истражува злата умисла, а не големата небрежност, затоа што ако некој убил кој било фрлајќи се самиот од височина, или фрлајќи камен или гранка од дрво не подлежи на претстојниот закон[584].

Ниту дете т.е.- седумгодишник, ниту умоболен ако убие не подлежи на законот за човекоубиство[585].

Тој што наредил на било кој да изврши убиство му се суди како на убиец[586].

Во сите престапи треба да се истражува дали е намерно или случајно кој било да направил грев, и на таков начин да се одредува казната, или одредбите на законот, или полесно казнување (оправдание)[587].

Тој што убил нагорен или надолен роднина се предава на огин[588].

Тој што ќе убие напаѓач на него, кога бил подложен на опасност неговиот живот, не е виновен[589].

Ако некој убие крадец во ноќта, тогаш останува неказнет, затоа што не можел без опасност за себе да го поштеди него[590].

Види и во 5-та глава од -Л- состав, и во 29-та глава од -Г- состав.

Новелата на светлиот патријарх Атанасиј и приснопаметниот цар Андроник определува, дека откриените во убиство единствено само според законот да се казнуваат и дека неговите деца да не бидат лишени од имотот, бидејќи не учествувале во убиството. Да се раздели неговиот имот според бројот на неговите деца, Новелата одделува еден дел и за дел на убиениот, особено, ако тој живеел во сиромаштија и отишол (умрел) со жена и деца, а да се конфискува само еден дел од убиецот.

И тој што убил дете подлежи на казна за убиство[591].

*Види писание*: Види уште две новели на царот Константин Порфирогенит, коишто одредуваат според карактерот на убиството, различни казни.

583 Θέμ. 4, 2; Θέμ. 6 и 12; Βασ. LX, 39.
584 5. Βασ. 60, 39.
585 8 Βασ. на истото место; Προχ. Νομ. 39. 80.
586 11. Βασ. на истото место.
587 10. Βασ. LX, 39.
588 Προχ. Νομ. 39, 35.
589 На истото место. 39.
590 16 Βασ. LX, 39.
591 20 Βασ. LX, 39.

Ако некој од убијците пребегне во црквата, не треба да се исфрла и кои треба беспоштедно да се истераат, за тоа види и 13-та глава од -Е- состав.

## ГЛАВА 9

***За тоа дека не треба да се прават амајлии (заштитници)***

Види 11-та глава од -М- состав.

## ГЛАВА 10

***За осудените на затвор во темница***

Види во 11-та глава од -Т- состав, правило 3-то на Фотиј Константинополски и 17-та глава од -Е- состав.

*Закон*: Властелата (началниците, управниците) треба да ги посетуваат во неделите заклучените во затвор, да бараат стражарите човекољубиво да се однесуваат кон нив и да се грижат кај нив да нема недостиг на храна (јадење)[592].

592 39 Βασ. 6, 3.

# ОДРЕДБИ ОД -X- СОСТАВ

## ГЛАВА 1

***Како се спроведува хиротонисувањето на епископите и за постоењето на противречности***

*I Собор, 4-то*: Четвртото правило од Првиот Собор го вели буквално следното: Епископот треба да се поставува, најдобро, од сите во таа област епископи. Доколку тоа е неудобно, или според надлежните потреби, или поради долгите патувања, во крајна мера, тројца на едно место да се соберат, а отсутните да изјават согласност преку грамоти, и тогаш да се изврши хиротонија.

Утврдувањето на таквите дејства во секоја област припаѓа на митрополитот, бидејќи тој го утврдува избраниот, кога избира еден од предложените и го хиротонисува заедно со други двајца или тројца епископи, а ако во епархијата на митрополитот нема толкав број на епископи, во таков случај на изборот и хиротонијата се примаат епископи и од туѓа епархија.

*Картагинско, 13-то*: Тоа истото го одредува и 13-то правило од Картагинскиот Собор. Доколку пак некој, вели, постапи спротивно на својата согласност или потпис, тој самиот на себе си навлекува суд, се лишува себе си од честа што му припаѓа. Од правилото се потврдува дека незаконски е при изборот да присуствува митрополитот заедно со потчинетите на него епископи, а единствено само епископите.

*Лаодикејско, 5-то:* Петтото правило од Лаодикејскиот собор вели дека при изборот којшто треба да ја прими хиротонијата, нетреба да присуствува секој што ќе посака, бидејќи сред избирачите секогаш се јавуваат (подбуцнуваат) некои обвинувања, коишто можеби им ја забрануваат хиротонијата, и ако обвиненијата не останат тајни за толпата народ, тогаш обвинетиот ќе биде покриен со срам и ќе послужи за народот како предмет за потсмевање и заедно со сето тоа ќе послужи за заострувањето кон зло, затоа што од недоволно утврдените во верата Божја се хули, како што се прославува преку добродетелта.

*Антиохиско 19-то*: Тоа истото го определува 19-то правило на Антиохискиот собор, велејќи дека при изборот, тој што треба да ја прими хиротонијата пред сѐ треба да присуствува митрополитот на областа, не затоа, да учествува со епископите во изборот, туку за тоа за да дозволи, бидејќи без негова дозвола е невозможно да се изврши изборот. Потоа треба да бидат поканети сите епископи од областа преку посланија на митрополитот. Подобро е ако се соберат сите, а ако тоа не е удобно, тогаш задолжително треба да присуствуваат поголемиот дел од нив, а тие што не пристигнале од оправдани причини треба со посредство на грамоти да го потврдат направеното и на таков начин треба да се изврши поставувањето. Доколку, пак не биде така направено, тогаш хиротонијата е неважечка. Ако изборот биде направен канонски, како што ние рековме, тогаш кога некои од епископите, можеби од љубомора станат да противречат,

тоа не треба да го попречува изборот, но треба да има сила решението на мнозинството.

*Картагинско 49-то:* 49-то правило од Картагинскиот собор вели: кога изборот на епископот се извршува од тројца епископи и при изборот се појави некакво несогласување од страна на кој било од народот, истражувајќи било какви обвинувања, во таков случај кон бројот на тројцата треба да се присоединат уште други двајца, за сите заедно да го разгледаат обвинението против избраниот и да го прогласат него за чист.

Види уште во 11-та глава од -Е- состав, правило 6 од I Собор и 28-то од IV Собор.

*Закони*: 137-мата Јустинијанова новела заповеда дека во присуство на тројца епископи било извршен избор на свештеници и присутните граѓани од тој град во кој се избира епископот, со заклетва на тие или другите пред божественото Евенгелие, дека го избираат него не за давање или ветување на злато, ниту поради пријателство, ниту од каква било друга пристрастност, туку затоа што го знаат него како прв во верата и чесен по животот и дека, ако тој имал жена, тоа било само една и не вдовица и не разведена и дека не држел наложица, и од тројцата да се избере најдобриот и да се хиротониса, според изборот и судот за хиротонисуваниот, бара Новелата дека таков живот треба да имаат и христијанските свештеници.

*Знамение*: Но многу од овие обичаи постоеле покрај свештените правила, коишто налагаат дека не треба да даваат клетва избирачите пред божественото Евангелие и дека изборот треба да биде организиран (извршен) не од свештениците или првите граѓани, туку единствено само од епископите коишто за тоа треба да дадат отчет на општиот Судија.

(Νομος) *Закон*: Кога против тој што треба да прими хиротонија за епископ или свештеник се покрене обвинение од кој било за каква било вина, хиротонијата треба да биде одложена и треба да биде внимателно истражувано во тек на три месеци и ако тој што треба да прими хиротонија се покаже виновен, хиротонијата треба да биде забранета, а ако се покаже не виновен треба да биде хиротонисан, а обвинителот, неможејќ и да го докаже обвинението, ако тој е свештеник, треба да биде лишен од својот чин, а ако е мирјанин, треба да биде вразумен на подобен начин. А ако некој хиротониса таков пред истрагата, треба да биде исфрлен заедно со хиротонисаниот.

Кој противречи на својот сопствен потпис за избраниот, велејќи, дека после тоа тој дознал нешто такво што го попречува избраниот да биде хиротонисан, тој не поинаку треба да биде исфрлен, освен ако се покаже беден (сиромашен) во однос на доказите.

## ГЛАВА 2

***За тоа дека хиротонисаните не треба да бидат назначувани ниту од кнезот ниту од народот***

Види 9-та глава од -Е- состав.

*Лаодикејско 12-то и 13-то*: 12-то и 13-то правило од Лаодикејски-

от Собор не дозволува народот или епископите или свештениците да ги избира, туку судот митрополитов и епископите од неговата епархија, а избраниот треба да биде од дамнешно време докажан во зборови и дела. Во Слова за да биде силен да ги воспитува во здравата вера потчинетите на него и да ги разобличува оние што се противат на вистинските догми, а во начинот на живот, за да може тој да ги привлекува кон подражавање на добродетелта тие што се огледаат на него, како справедлив човек и беспрекорен во поведението.

## ГЛАВА 3

***За рокот (времето) во текот на кое треба да се хиротониса епископот***

*IV Собор 25*: 25-то правило од Четвртиот Собор заповеда, дека хиротонисувањето на епископот да се изврши во текот на три месеци од тој на кого што му припаѓа правото да го хиротониса, затоа што не треба долго (време) да се остави народната црква без пастирска грижа и да се надгледува што се случува, освен од неодложна причина да се продолжи рокот и да се одложи хиротонијата, во случај, на пример завладување на градот од варварите. Тој што нема да го исполни ова, правилото заповеда да се подложи на црковни епитимии. Меѓутоа, правилото заповеда дека доходите од овдовелата црква, какви и да биле во текот на тримесечниот или подолг рок, со законот на таа црква биле зачувани во целост за тој којшто треба да биде хиротонисан.

Види и 27-ма глава од -Е- состав.

## ГЛАВА 4

***Какви треба да бидат тие што се хиротонисуваат за епископи и што пред сѐ треба да знаат***

*VII Собор 2-ро*: Второто правило од VII Собор тој што треба да биде хиротонисан и да стапи на епископскиот степен му се препишува како главна должност, подобро од сите да го знае Псалтирот и да го учи народот свој претежно според него, пред другите книги, да пее и да поучува од неа. Исто така заповедува (правилото) внимателно да го испитува него месниот митрополит, дали има заложба за толкување, а не бегло читање на свештените правила и светото Евангелие, и книгите на божествените Апостоли и сите други божествени Писанија, внимателно да ја извлекува смислата и да постапува по божествените заповеди и другите да ги насочува кон точното нивно исполнување, да биде подготвен за одговор на секој што го прашува за значењето на нашата тврда надеж и потчинетите да ги прави способни кон тоа истото, затоа што суштината и основата на нашата хиерархија се состојат од богопреданијата за значењето, како изреката на великиот Дионисиј. Така, ако даде ветување да го прави тоа со љубов, тогаш да прими хиротонија, а ако се колеба и се откажува, тогаш се испраќа без хиротонија. Затоа што Бог вели преку Пророкот: ти си го отфрлил познанието ќе те отфрлам и Јас тебе, да не ми свештенослужиш

мене, бидејќи ако секој верник во псалмопеењата се ветува на Бога, во оправданијата Твои ќе се поучам да не ги заборавам зборовите Твои, тоа треба да се прави облечен во свештеничка облека.

*Картагинско 18-то и 19-то*: 18-то и 19-то (правило) од Картагинскиот Собор заповедаат, да му се напоменува на хиротонисаниот да ги почитува границите на отците, коишто тие ги озакониле во однос на догмите и во однос на свештените правила, за во случај на нарушување на нивните граници да не се кае напрасно (залудно) потоа, или да се подложи на исфрлање во претстојниот живот, или да трпи неизбежни казни во идниот живот.

## ГЛАВА 5

***Колку епископи го хиротонисуваат епископот и останатите свештеници?***

*Апостолско прво:* Првото правило на светите Апостоли заповеда двајца епископи да го ракополагаат епископот којшто се посветува со посредство на повикувањето на името на Светиот Дух и свештено извршување на молитвите.

*Исто, 2-ро*: Второто правило заповеда дека хиротонисувањето за презвитер и ѓакон и други свештеници да се врши од еден епископ.

*Картагинско, 48-мо*: Слично пак во Картагинското 48-мо правило, предвидува дека за поставување на епископ се доволни тројца епископи, за во случај на барање на поголем број тоа да послужи како пречка (штетна) корист и потреба на црквата. Не е неопходно исто така, тие три епископи да припаѓаат кон таа иста епархија, но, ако митрополитот нема толку епископи и земе двајца од друга епархија, тогаш и на таков начин се хиротонисува избраниот.

## ГЛАВА 6

***За тоа дека тој што треба да биде хиротонисан за епископ претходно треба да се раздели од својата жена***

Види во 17-та глава од -Г- состав.

## ГЛАВА 7

***За возраста на тој што се хиротонисува***

Види во втора глава од -В- состав.

## ГЛАВА 8

***За тоа што епископот на умирање не треба да хиротонисува друг епископ на свое место***

*Апостолско 76-то*: 76-то правило на Светите Апостоли вели: не треба епископот, по каков и да било начин ослободен од управувањето со добиената црква, да поставува кој било од роднините или друг на престолот на таа црква за нивно угодување. Затоа што е неправедно или роднини да се прават наследници на епископството, или на други да им се дава во

дар сопственоста Божја, според човековата пристрасност. Ако се случи такво нешто, тогаш и поставениот останува без дејство и тој што го хиротонисал се одлачува, бидејќи е утврдено дека епископот го поставува Соборот, а не секој наместо себе да поставува кого ќе посака.

*Знамение*: Тоа, се вели дека било забрането и од Израилтјаните (Израелците) бидејќи и на божествениот Мојсеј му префрлале за тоа што тој својот брат Арон и неговиот син ги произвел (поставил) во свештенство и ако Бог не утврдил за нив свештенска служба, тогаш и тие би биле лишени од тоа.

*Антиохиско 23-то*: 23-то правило од Антиохискиот собор наредува, не се дозволува на епископ, по своја желба да поставува кој тој ќе посака за свој наследник, макар тој да бил при крајот на животот, во спротивен случај пак поставувањето е нефункционално. Според црковните одредби, по смртта за епископ се поставува достојниот според судот (мислењето) на епископите од епархијата.

## ГЛАВА 9

***За тоа дека не треба да се хиротонисува некој за епископ или презвитер или ѓакон, ако првин не ги направи сите христијани во својот дом***

*Картагинско 36-то*: 36-то правило од Картагинскиот Собор заповеда да не се хиротонисува ниту за епископ, ниту за презвитер, ниту за ѓакон, ако претходно првин не ги направи христијани сите домашни. Бидејќи кој е неспособен да ги обрати кон благочестие своите домашни, како таквиот ќе биде способен да учи други, како што вели великиот Павле, ако некој својот дом не умее да го уреди како црквата Божја ќе може да ја уредува.

## ГЛАВА 10

***За тоа дека не треба наеднаш да се хиротонисува за епископ мирјанин, ниту новопросветлен и по кои причини свештеник се лишува од свештенството***

Види прва глава од -Е- состав.

## ГЛАВА 11

***Кога евнух или поинаку повреден во телото се хиротонисува за епископ или свештеник***

Види 34-та глава од -Е- состав.

*Апостолско 77-мо и 78-мо*: 77-мото и 78-то правило на светите Апостоли не го оддалечува од свештенство еднооккиот или кривиот, бидејќи телесниот недостаток, вели (правилото) не може да го осквернави него, туку душевната скверна. Тоа имено било спазувано како основен закон, кој што барал цело тело, природно видлив за научување на духовното. Впрочем и после добивањето на свештенството тој што подлегнал на каква било повреда бил одлачен од свештенството. А кај нас и целос-

но лишен од вид (слеп) или подложен на друга неизлечива болест не се лишува од свештенство. Затоа што, кој, вели (правилото), се лишил од двете очи, или не слуша со ушите, или не ја контролира десната рака, или се лишил од кое било друго од сетилата, кога таа повреда му попречувала да свештенодејствува, таквиот не треба да биде назначен (произведен) во свештенство, не од причина на повредување на органите, туку од неможноста да свештенодејствува. А тој којшто подлегнал на такви недостатоци после добивањето на свештенството, тоа не му се одзема.

**ГЛАВА 12**

***За тоа дека не треба да се хиротонисува епископ во црква во која уште е жив епископот***

Види во 9-та глава од -Д- состав правило 16-то од таканаречениот Прво-Втор собор.

**ГЛАВА 13**

***За тоа дека не треба да се хиротонисува епископ во мал град или во село***

Види во 30-та глава од -Е- состав.

**ГЛАВА 14**

***За хиротонисувањето на селски епископ (хор-епископ, обласен епископ)***

Види во 31-ва глава од -Е- состав.

**ГЛАВА 15**

***За хиротонисаниот епископ кој по хиротонисувањето не сака да отиде во назначената за него црква***

Види 20-та глава од -Е- состав.

**ГЛАВА 16**

***За тоа дека епископ не треба да врши хиротонија во епархија што не му е потчинета***

*Апостолско 35-то*: 35-то правило на светите Апостоли определува: Епископ да не се дрзне надвор од границите на својата епархија да врши хиротонија во градовите и селата што не му се потчинети. Доколку пак биде откриен кој било дека го направил тоа без согласност од оној што ја има во потчинетост таа област, да биде исфрлен и тој и хиротонисаниот од него. И на самиот митрополит на епархијата не му се дозволува да доаѓа во пределите на кој било од потчинетите на него епископи и да врши какво било својствено за архиереј дејство, без согласност на епископот.

Види и 9-та глава од -А- состав, Антиохиски собор, правило 13-то и 22-ро и Вториот собор, 2-ро правило.

## ГЛАВА 17

***За тоа дека на епископ не му се дозволува да хиротонисува свештеници во друга енорија***

*Картагинско 54-то*: 54-то правило од Картагинскиот собор, епископ, кој прима туѓ свештеник и го хиротонисува во потчинетата му црква, се одлачува од општење со останатите (епископи).

Синодалната одредба, која била во времето на патријархот Михаил, наречен уште и глава на филозофите, вели: Им се дозволува на архиереите да го предаваат словото за верата на сите некрстени и да ги поучуваат и да ги крстат, од каде тие и да бидат, а исто така да им ги предаваат божествените Тајни на верниците од секоја енорија, а да удостојуваат со хиротонија архиереи е дозволено само на тие што припаѓаат кон сопствената негова енорија, како што определуваат божествените правила, а оттука не сите што доаѓаат од каде и да било. Впрочем, жестоко и сурово ги казнува (синодалната одредба), тие што го направиле тоа пред оваа одредба, епископите се одлачуваат, а хиротонисаните се лишуваат од свештенство, освен кога после првото и второто укажување не посакале да се покорат и во таков случај е определено: епископот да биде под забрана на определено време, а хиротонисаниот да свештенодејствува во таа енорија во која е ракоположен. Синодалната одредба заповеда исто така дека епископските чиновници и хартофилаксот на хиротонисаните им го даваат тоа што е утврдено со древните обичаи. За тоа види и во 28-ма глава од овој состав.

## ГЛАВА 18

***На кој од епископите му е дадено право да прима туѓи свештеници и да ги хиротонисува во потчинетата им црква***

Види во 9-та глава од -А- состав, правило 55-то од Картагинскиот собор.

## ГЛАВА 19

***За тоа дека се хиротонисува за свештеник и тој што не потекнува од свештенички род***

Види 13-та глава од -К- состав.

## ГЛАВА 20

***Кога се хиротонисуваат робови***

Види 12-та глава од -Д- состав.

## ГЛАВА 21

***За хиротонијата на четците***

Види шеста глава од -А- состав.

*Закони:* Четец да се поставува откако ќе наврши таква возраст, во која тој може и умее да чита. А ако тој земе втора жена, или макар и прва, но вдовица или разведена од мажот или таква којашто е забрането да ја

земе или со законите или по свештените правила, тогаш таквиот, оттука, не треба да биде воведен во друг црковен степен.

**ГЛАВА 22**

***За тоа дека за свештеници не се хиротонисуваат откажани***

Види 19-то правило од -К- состав.

**ГЛАВА 23**

***За тоа дека се хиротонисува и тој кој се наоѓа во положба на поучување, а пред крштевањето идоложртвувал***

Види во Прва глава од -А- состав, правило 12 од Анкирскиот собор.

**ГЛАВА 24**

***За тоа што хиротонисување, да речеме второ хиротонисување не треба да има***

*Апостолско 68-мо*: 68-мо правило на светите Апостоли, епископ или свештеник, којшто примал од кој-било втора хиротонија, заповеда да се исфрли како тој самиот, така и тој што го хиротонисал, ако го направил тоа знаејќи, со исклучок на тој случај, ако тој што примал (втора) хиротонија, првата ја добил од еретици, бидејќи ние го одрекуваме како крштението, така и хиротонијата на таквите, затоа што веруваме дека ним им се соопштува не осветување туку осквернување. А тој што се обидува да прими втора негова хиротонија, или затоа што се надева да добие поголема благодет од втората, или затоа што можеби оставајќи го свештенството мисли дека се хиротониса отпочеток, што е противзаконско.

*Картагинско 50-то*: 50-то правило од Картагинскиот собор, определува да не се прекрстува (повторно крштева) ниту да прима кој било втора хиротонија. А под втора хиротонија подразбира правилото оставање од кој било на својата епископија и навлегување во друга, таквиот ако после кроткото напоменување не посака да се врати во својата епископија, треба да биде предаден на власта на кнезот (или на световната власт).

**ГЛАВА 25**

***За тоа, кој е обвинет за гревови и е хиротонисан***

*Прв Собор, 9-то*: 9-то правило од Првиот собор, без истражување ракоположениот за презвитер или при испитување исповедувајќи се пред хиротонијата дека тој попаднал, на пример, во блуд, но хиротонисан покрај правилата, заповеда дека таквиот немал никаква полза од незаконската хиротонија, бидејќи свештенството не го ослободува од направените претходно гревови, слично на божественото крштевање, кое е направено на крстен човек повторно, како што мислат некои, ова правило не прифаќа, бидејќи црквата во сè бара непорочност и ако не најде, подложува на казнување.

*Теофил 5-то*: Петтото правило на Теофил Александриски не само што таквите ги лишува од свештенство, туку и го изгонува од црквата, а тој што го хиротонисал него по незнаење му дава прошка[593].

## ГЛАВА 26

***За тоа дека не треба да се хиротонисува тој што е крстен во болест***

Види во прва глава на -В- состав, правило 12 на тие од Неокесарискиот собор.

## ГЛАВА 27

***За тие што даваат клетва не примаат хиротонија***

Види во 32-ра глава од -Е- состав, правило 10, на Василиј Велики.

## ГЛАВА 28

***За хиротонисаните за пари (за имот)***

*Апостолско, 29-то*: 29-то Апостолско правило буквално го содржи следното: Доколку некој епископ или презвитер или ѓакон, за пари (имот) го добил тоа достоинство, да биде исфрлен и тој и тој што го хиротонисал и од општење целосно да се отсече како што Симон маѓесникот мислел за Петар.

Види уште 30-то правило 19-та глава од -Е- состав и исто така овде двете правила што се кажани.

*IV Собор, 2-ро*: Второто правило од IV собор вели: ако некој епископ ја доведе на продажба непродаваната благодат на Светиот Дух, т.с. бесценоста и што не подлежи на продажба, затоа што таа е над природна и над секоја цена и за пари хиротониса епископ или селски (хор) епископ или презвитер или ѓакон или подѓакон, затоа што тие се ракополагаат, или кој било од тие што се вбројуваат во клирот го назначи (произведе) во економ или дикеј или придворник затоа што тие се назначуваат и поставуваат исто така, како и четците и певците, или воопшто во друга која било црковна должност,  таквиот, посегнувајќи на тоа заради гнасна своја добивка и откриен во тоа треба да биде подложен на лишување од својот степен, и хиротонисаниот од тука да не се ползува со купената хиротонија, или назначувањето, туку да биде туѓ на достоинството или должноста, којашто ја добил за пари (имот). Доколку се појави некој кој посредувал во такво гнасно и беззаконо поткуплива работа, тогаш и тој, ако е од свештенството да биде исфрлен од својот степен, ако пак е мирјанин или монах, да биде предаден на анатема.

*Знамение*:  Овде би било умесно со срдечна тага да се запрашаме: Ако

593 Грчкиот текст упатува на 16-та глава од -П- состав и Неокесариски собор 9-то и 10-то правило. Под линијата пак упатува на 9-та глава од -Г- состав, на 20-то правило на св. Василиј и на 14-та глава од -М- состав, апостолско правило 61 и Никифор патријарх Цариградски гл. 35, III.

набеззакониeто погледнеш Господи, Господи, што постои, доколку некој прима управување на чесниот дом, или каква било служба во црквата, или станува свештеник, или добива манастир на управување без некакво давање?

А ако сите тие, и тие што даваат и тие што примаат незаконско, свештените правила ги подложуваат на крајни казни, тогаш каква е надежта за нашето спасение, ако не отстапуваме од општењето со нив?

*VI собор 22-ро*: 22-рото правило од VI собор: За епископи или во било кој и да било степен од свештенството, поставениот за пари, а не според испитувањето и изборот, за добродетелниот живот, заповеда да се исфрлат, исто така и тие, коишто нив ги хиротонисале.

*VII собор, 5-шо*: Петтото правило на Седмиот собор, ги повторува кажаните правила и заповеда дека тие се дадени за добрата чест на црквата и определува тоа да се разгледува пред суд.

*Василиј ейисшола*: Василиј Велики во своето послание до потчинетите нему епископи кога пишува за тоа дека не треба да се ракополага за пари (имот) меѓу останатото го вели и следното: мислам некои дека не грешат кога земаат не при хиротонијата, туку после: земањето пак, кога тоа и да било е земање! Затоа, ве молам, оставете го тој доход, или поинаку влез во пеколот, и не се правете себе си недостојни да вршите свештени таинства, осквернувајќи ги своите раце со такво лошо имање (таков лош имот).

*Ейисшола на Генадиј:* Соборното (Окружното) послание на Генадиј, патријарх Константинополски, меѓу другото го содржи и следното: Значи да биде и е отфрлен и од секакво свештено достоинство и за служење туѓ и подложен на анатема, како тој што поседува свештенство за пари, така и тој што ветува за пари да го продаде тоа, било тоа да било на клирик или мирјанин, ако биде откриен (разобличен) или не откриен во тоа дело. Бидејќи не може да се соедини што било заедно со несоединувачкото и Мамоните (имање; материјално богатство) да се согласат со Бога, или тие што им служат ним, да му служат на Бога. Господова е и оваа непорочна изрека: неможат за Бога да работат и Мамони. (Матеј, 6, 24)

*Тарасиј*: Посланието на светиот Тарасиј, патријарх Константинополски кон Адријан, папа Римски вели: Многу попростливо е Македониј и следбениците на неговата нечестива ерес, духоборците, отколку тие што се дрзнале да ја продаваат благодатта Светиот Дух, бидејќи тие празнозборуваат, ако е Духот Свети творение и роб на Бога и Отца, а тие како што си мислат го прават него свој роб. Затоа што тој што продава било што го продава како господар на продаваното, а тој што купува, сакајќи да биде господар на сопственото, за цената на среброто го добива тоа. Посланието додава дека нивниот грев е сличен на гревот на Јуда - предавникот, расудувајќи на таков начин: ако Духот е единосушен на Синот и рамночесен на Него, а Јуда предавајќи го за сребро Синот, се осудува, тогаш неопходно е и тие што го продаваат Духот да претрпат не помала казна од Јуда.

*Златоуст*: Но, пријде Сирената на Црквата, Лира, којашто ја наследува со пеење (музика) целата вселена, подобро од секој лекар знаејќи и мудро растварајќи го духовното лекарство, божествениот, така наречен Златоуст, да не научи нас и тоа, дека строгоста на божествените правила понекогаш бара да се ослободат, да се растворат со сострадание. Затоа што ние знаеме дека тој што купил со злато хиротонија тој се лишил од свештенство, а златото велел да се земе назад од наследниците на хиротонисаниот, доколку самиот тој веќе не бил меѓу живите, оној Антонин, неплашејќи се да го предложи на продажба дарот Светиот Дух, бил Ефески првопрестолник. Обрни (Посвети) при тоа внимание на големото сострадание на светиот: затоа што тие од почетокот долго време со клетва утврдувале дека тоа никогаш нема да го прават, но биле посрамени со јавното разобличување, кога им го спомenале местото и времето и количеството на злато, тие потоа сознале (се свестиле) дека така било и велеле дека тие биле вовлечени во тоа дело не од развратноста на карактерот, туку од неискуство во таква претпоставка, дека постои таков обичај, дека се ослободуваат од световен суд пред којшто биле обвинети. За казна на нив Небесната онаа Душа и Извонредниот Толкувач на штедростите Божји , не ги присоединил кон исфрлање и одлачување, како што судат божествените правила, не ги изгонил од црквата, бидејќи при доброволното признание секогаш се намалува тежината на казната, а при откривањето, казната се зголемува, туку строгоста на правилата ја ублажил (растворил) со кроткоста, им дозволил да се причествуваат со Тајните внатре во Олтарот, мислејќи со тоа во доволна мера да им ги утеши нивните души, тагувајќи за лишувањето од свештенството.

Во книгата Дејанија е напишано следното: Гледајќи пак, Симон, како со полагање на рацете Апостолски се дава Светиот Дух, им донесе сребро и рече: дајте ми и мене таа власт да на него пак ако положам раце, да го прими Светиот Дух. Петар пак рече кон него: среброто твое со тебе нека биде во погубување (пропаст), затоа што Дар Божји си мислел со сребро да го придобиеш и понатаму.

Третата книга Царство вели: И не се одврати Иеровоам (Јеровим) од својата злоба и се врати и направи од честа на луѓето високи свештеници, затоа што сакаше да ги наполни рацете свои. И се зборуваше за тоа прегрешение во домот на Иеровиам и на целата несреќа и на исчезнувањето од лицето на земјата.

Кој не го знае древниот Геиза, којшто бил слуга кај пророкот Елисеј, како што сведочи четвртата книга Царство, и како пострадал од тоа што го направил: по зла своја постапка тој е познат скоро на сите не помалку, отколку по добродетелта на неговиот учител. Кога Неман од усрдие (благодарност) бил готов да му даде на пророкот пари за тоа што преку него тој оздравел од лепра, а тој (пророкот) дарот не го примал, Геиза, стасувајќи го заминатиот Неман и страста за лакомост лажно ја прикрил, дека божем учителот му рекол нему да го земе кај него (дарот) и на тој начин добивајќи од него не малку, во тој момент според клетвеното слово на

пророкот станал наследник на лепрата од којашто овој се ослободил.

*Василиј Велики*: Василиј Велики во своето толкување на пророкот Исаија вели: Законот го дал Бог за помош, да речат: не зборовите, како овие за кои не може да се дадат дарови, така како гатачите на утробата прорекнуваат за сребро. Тоа е достојно за потсмев како замааните (заведените) им плаќаат и сребро како награда за лагата. Зборот пак на законот не е таков, за да за онаа се даваат дарови, бидејќи никој не продава благодет. Беспари, вели си зел беспари дај (Матеј 10, 8). Гледаш како негодувал Петар на Симеон, кога донел сребро за благодетта Дух (благодетта на Духот). Среброто твое, вели тој , со тебе да биде во пропаст, затоа што си сакал тој дар Божји со сребро да го добиеш. (Дејанија, 8, 20). Така, Евангелското слово не приличи да се продава како гатачите на утроба. Бидејќи што кој дал достојна замена за тоа: слушај го Давид, недвоумејќи се и велејќи: дека ќе го дадам Господи за сите, ако ми го дадете (Псал. 115, 3); затоа не е можно да се даде за тоа дарови, достојни за дадената благодет. Еден дар е достоен, да се зачува подареното. Давајќи ти тебе ризница бара не цена за даденото, туку достојно чување на даденото.

*Закони*: Ако некој преку давање злато стане епископ или свештеник, или управител на дом за прием на странци, или прибежиште, или болница (болничар) или каков и да било тоа благочестив дом, или одговорен (управник) на каква било друга црковна служба, тогаш и тој што дал и тој што зел и тој што бил посредник треба да бидат лишени од свештенството или клирот или од довереното управување[594].

А ако некој од епископите или свештениците пред хиротонијата или после неа посака да даде од својот имот што било на таа црква во којашто е определен, тоа не само што не го забрануваме, туку го почитуваме како достојно за секаква пофалба[595].

*За канониконот[596] и за тоа што се дава за хиротонија*

Свештеник треба да биде хиротонисан од истото село (место) во кое е и црквата, да се гледа по местата, по судот на епископот и треба да го знае својот глава (надлежен) и тоа што по природа се дава за хиротонија. Хрисовулот на приснопаметниот император Исак Комнин одредува меѓу останатото и ова: во однос на хиротонијата на свештеници и во однос на таксата мојата царска власт заповеда да има сила претходната одредба и дека епископот што ги хиротонисува, за хиротонија да не зема ништо повеќе освен само 7(седум) златни монети, т.с. една кога го прави него четец, три кога го ракополагаат во ѓакон и други три кога го поставуваат во свештеник. Тоа истото го утврдува и синодалната одредба, што била за време на патријархот Михаил, која и влегла во 17-та глава на претстојниот состав.

Исто така и во однос на таксата од продукти (плодови) што се дава од мирјаните на свештениците утврдено е со новелата на Исак Комнин

594 9 Βασ. III, 1.

595 На истото место.

596 Вид на црковен данок, може да значи и царина или такса.

од село кое има 30 куќи да се дава една златна монета, две сребрени, еден овен, 6 кабли јачмен, 6 мери вино, 6 кабли брашно и 30 кокошки. За време на патријархот Никола имало и друга Синодална одредба, дека по истиот хрисовул била давана одредена такса и од плодови и за хиротонија.

**ГЛАВА 29**

***За вдовиците - жени***

Види 11-та глава од -Г- состав.

**ГЛАВА 30**

***За тие што се потсмеваат на оние што имаат недостаток на телото***

Види прва глава од -У- состав.

**ГЛАВА 31**

***За светото миро (помазание) и за тоа кои се помазуваат од еретиците кои приоѓаат кон црквата***

Види во 9-та глава од -М- состав правило 6 од Картагинскиот собор. И во прва глава од -В- состав правило 48 од Лаодикејскиот собор, и во втора глава од -А- состав, правило 7 од Вториот Собор.

**ГЛАВА 32**

***За христијанството***

*Картагинско 108-мо*: 108-мото правило од Картагинскиот собор утврдило дека тој што прима подвиг на христијанство, да пристапува кон верата по слободна и доброволна определба, а не по насилство и не по принуда, затоа што таквото не е цврсто и не е постојано. Добродетелта треба да биде доброволна, а не принудна или неволна.

А за подвигот христијанство правилото вели во таа смисла, дека христијанинот е должен да се вежба во секоја добродетел, воздржан, невин и пред сè, љубов кон сите, така што кој не живее така, тој по име само е христијанин, а не по самото дело.

*Василиј 45-то*: Василиј Велики во 45-то правило вели дека тој што го примал името христијанин и ја прекршил заповедта оскрбувајќи го Христа нема никаква полза од самото именување, расудувам во таков случај еднакво со великиот Јаков, којшто вели: која полза браќа мои, ако вера вели кој има, а дела пак нема, секогаш верата може да го спаси него. (Јак. 2, 14) Бидејќи како светливиот што свети во нас блесокот на добродетелта го просветлува Бог, по слова да се просветли светот ваш пред луѓето и сл. (Мат. 5, 16), така и опфатениот нас мрак на страстите хули Бога од јазичниците (паганите).

**ГЛАВА 33**

***За селските епископи (хор епископите)***

Види 31-ва глава од -Е- состав.

## ОДРЕДБИ ОД -Ч- СОСТАВ

### ГЛАВА 1

***Како треба да се пее и да се моли***

Види 35-та глава од -Е- состав.

### ГЛАВА 2

***За певците и четците***

Види во 9-та глава на -Е- состав правило 33-то од Лаодикејскиот собор.

### ГЛАВА 3

***За тоа дека кон лажен еретички маченик не треба да се оди***

Види во втора глава од -А- состав, Лаодикејски собор, 9-то и 34-то (правило)

### ГЛАВА 4

***Како се врши изборот на тој што треба да прими хиротонија***

Види -Х- состав, глава прва и втора.

## ОДРЕДБИ ОД - Ш - СОСТАВ

***Кој т̄реба да носи орар***

Види во 9-та глава од -Е- состав правило 22 и 23-то од Лаодикејскиот собор.

## КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА:


- Basilicorum libri LX. Series a volume I. Textus librorum I-LX H.J. Scheltema, N. Van Der Wal, J. B. Wolters. Groningen, Djakarta, Martinus Nijhoff. Gravenhage 1955, 1956, 1960, 1962, 1967, 1969, 1974 i 1988.

- Властарь Матфей. Алфавитная синтагма Матфея Властаря. Москва, 1892. Пер. Н.Ильинского. Репринт (с перенабором): Москва, 1996. Перевод с греческого свящ. Николая Ильинского.

- *Деяния вселенских соборов*, I–IV, Санкт Петербург 1996.

- *Эклога. Визаптийский законодательный свод VIII века*, вступительная статья, перевод, комментарии Е. Э. Липшиц, Москва 1965.

- Заозерский, Н. А., Качанов, *А. С.*, *Номоканон Иоанна Постника*, Москва 1902.

- Карташов В. А., Васељенски Сабори. Превод и поговор Мира Лалић. Београд 2009.

- Малаш Н., О каноничним зборницима Православне цркве.- Зборник правила. Нови Сад 1886.

- Милаш, Н., *Правила православне цркве са тумачењима*, књ. 1, Београд – Шибеник, 2004 (фототипско издање).

- Милаш, Н., *Правила православне цркве са тумачењима*, књ. 2, Београд – Шибеник, 2004 (фототипско издање).

- Милаш, Н., *Црквено казнено право*, Београд – Шибеник, 2005 (фототипско издање).

- Мирковић, Л., *Православна литургика. Први опшити део*, Београд 1982.

- Mošin, V., *Vlastareva Sintagma i Dušanov zakonik u Studeničkom Otečniku i Studenički palimpsest,* Starine 42 (1949) 39–93.

- Петковић, С., *Опис рукописа манастира Крушедола*, Сремски Карловци 1914.

- Поповић, Ј., *Догматика православне цркве. Књига друга. Богочовек и његово дело*
(*Христологија и сотериологија*), Београд 1980.

Г. А. Ράλλης, Μ. Πότλης, *Ματθαίου τοῦ Βλασταρέως Σύνταγμα κατὰ στοιχεῖον*, Ἐν Ἀθήναις 1859(фототипско издание: Атина 1966).

- Суботин-Голубовић, Т., *Српско словески превод Синтагме Матије Властара*, Средњовековно право у огледалу историјских извора, САНУ, Одељење друштвених наука, Извор и српског права XVI, Београд 2009, 9–20.

- *Синтагмат Матија Властара*, Превео, Ст. Новаковић, Београд 1907.

- Тарановски, Т., *Политичке и правне идејеу Синтагмату Властара*, Летопис Матицесрпске 317 (1928) 160–170.

- Histoir de l'Eglise publiée sous la direction de A. Fliche et V. Martin, t. IV p.231, Paris, 1948.

- Θεοχαριδης, Γ., Ὁ *Ματθαῖος Βλάσταρις καὶ ἣμονὴ τοῦ κὺρ Ἰσαὰκέν*

*Θεσσαλονίκη*, Byzan tion 40 (1970) 437–459.

- Флоринскога Т., Памятники законодательной дѣятельности Душана. Кїевъ 1888.

# СОДРЖИНА

ВОВЕД.....................................................................................3
АЗБУЧЕН ПОКАЗАЛЕЦ.......................................................8
ЗА ПРАВОСЛАВНАТА ВЕРА...........................................22
НАЧЕЛА (ОДРЕДБИ) ОД -А- СОСТАВ..............................24
НАЧЕЛА СО БОГ - В- СОСТАВ ........................................69
ОДРЕДБИ ОД -Г-СОСТАВ....................................................98
ОДРЕДБИ ОД -Д- СОСТАВ................................................133
ОДРЕДБИ ОД -Е- СОСТАВ................................................159
ОДРЕДБИ ОД -З- СОСТАВ................................................203
ОДРДБИ ОД -И- СОСТАВ..................................................204
ОДРЕДБИ ОД -Ȭ- (во руското издание е обележано со Q, овде условно го означуваме со Љ) ...............................................205
ОДРЕДБИ ОД -J- СОСТАВ................................................208
ОДРЕДБИ ОД -К- СОСТАВ................................................211
НАЧЕЛА (ОДРЕДБИ) ОД -Л- СОСТАВ............................238
ОДРЕДБИ ОД -М- СОСТАВ...............................................242
НАЧЕЛА ОД -Н- СОСТАВ ................................................271
ОДРЕДБИ ОД БУКВАТА S................................................275
ОДРЕДБИ ОД -О- СОСТАВ...............................................276
ОДРЕДБИ ОД -П- СОСТАВ...............................................277
ПРАВИЛНИЦА......................................................................289
ОДРЕДБИ ОД -Р- СОСТАВ................................................308
ОДРЕДБИ ОД -С- СОСТАВ................................................309
ОДРЕДБИ ОД -Т- СОСТАВ................................................317
ОДРЕДБИ ОД -У- СОСТАВ................................................335
ОДРЕДБИ ОД -Ф- СОСТАВ................................................337
ОДРЕДБИ ОД -Х- СОСТАВ................................................346
ОДРЕДБИ ОД -Ч- СОСТАВ................................................359
КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА......................................361